**ВЛАДА**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**МИНИСТЕРСТВО**
**ЗА КУЛТУРА**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**МИНИСТЕРСТВО**
**ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# КАТАЛОГ

## КАПИТАЛНИ КНИГОИЗДАТЕЛСКИ ПРОЕКТИ

Скопје, 2015

*Издавач*
Министерство за култура на Република Македонија

*За издавачот*
Д-р Елизабета Канческа–Милевска, министер за култура на Република Македонија

Редакција
*Уредник*
Билјана Ќулавковска

*Ликовно уредување*
Кочо Фиданоски

*Компјутерска реализација*
Бане Галиќ

*Јазична редакција и коректура*
Здравко Ќорвезироски
Даниела Бишковска

Печат
Европа 92 - Кочани
2015 година

Тираж
500 примероци

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

018:354.34(497.7)“2008/15“

КАТАЛОГ : капитални книгоиздателски проекти. - Скопје :
Министерство за култура на Република Македонија, 2015. - 456 стр. : илустр. ; 22 см

ISBN 978-608-4544-41-8 (Т. 6)

а) Книги поддржани од државата - 2008-2015 - Каталози
COBISS.MK-ID 98819082

**„Каталогот на капитални книгоиздавачки проекти“** претставува резултат на цврстата определба и посветеност на Владата на Република Македонија за претставување на сето она што се создава во областа на книжевноста кај нас во изминатиов период. Овој информативен каталог на сите љубители на пишаниот збор ќе им овозможи увид во значајните проекти од областа на литературата, кои во изминатиов период ги реализираа Министерството за култура и Министерството за образование. Преку реализацијата на овие крупни зафати, македонската литература и култура се збогатени со дела кои ја позиционираат Република Македонија меѓу земјите кои достојно го негуваат сопственото, но и наследеното европско и светско културно и книжевно богатство. Целта на Каталогот е да ги информира граѓаните каде може да ги најдат делата од овие едиции, кои веќе се составен дел од библиотеките, научните и образовните установи во Република Македонија, но и во светот. Делата од некои едиции може да се купат и во петте национални библиотеки: „Св. Климент Охридски“ – Скопје, „Св. Климент Охридски“ – Битола, „Григор Прличев“ – Охрид, „Кочо Рацин“ – Тетово и „Гоце Делчев“ – Штип.

Министерството за култура во изминатиов период ги реализира следниве капитални проекти од областа на издаваштвото:

- „135 тома македонска книжевност“, едиција која ја прикажува богатата и слоевита слика на високите и неоспорни книжевни вредности на писатели од македонската, албанската и од турската книжевност. Во едицијата се застапени дела од сите жанрови и од сите генерации книжевни творци, кои сведочат за развојните процеси на македонската литературна, културна и национална мисла;
- капиталната едиција „135 тома македонска книжевност“ е преведена на англиски јазик и е дистрибуирана до повеќе од 300 библиотеки и научно-образовни институции во светот. Во антологиски приказ, пак, дела од оваа едиција се преведуваат на шест странски јазици (француски, шпански, руски, германски, арапски и кинески јазик). Едицијата опфаќа седум антологии во 8 тома – македонска поезија, македонски расказ и македонска драма, избор од македонската литература за деца и од македонската критика и есеистика и двотомен преглед на македонскиот роман;
- „Превод на литературни дела на добитници на Нобелова награда за литература“ е проект со кој македонската култура го збогати својот трезор со ремек-делата на авторите кои ја одбележаа книжевната историја во последниве сто години и кои ги трасираа развојните процеси на сите светски литератури;
- „Ѕвезди на светската книжевност“е едиција која опфаќа 560 дела од светската литература, со што се афирмираа заложбите сето она што е етаблирано во светски рамки да се донесе до македонските читатели, доближувајќи им ги врвните дела кои се создавани во светот на литературата во изминатите години и векови;
- капиталната едиција „Македонски искушенија“ со ЦД-изданија на документарните филмови емитувани на МТВ го воздигнува заборавеното и ненапишано минато на

македонскиот народ, нудејќи научно верифицирани факти, аргументи и толкувања, кои говорат за долгата историја на македонската борба за државност и самостојност;

- проектот „Врвови на светската филозофија, историја и психологија со психоанализа“ претставува сеопфатен, темелен и критички избор на преводи на капитални дела од овие области. Делата ги сублимираат најзначајните сознанија на општествената и хуманистичката мисла од антиката до денес и се особено значајна литература која се употребува на најреномираните британски, американски и германски универзитети.

**Министерството за култура е посветено и на** реализацијата на нови проекти од областа на издавачката дејност кои се во тек:

- „Антологија на светската поезија“ преведена на македонски јазик во неколку тома;
- „Антологија на македонската литература за деца и младинци“;
- „Превод на најзначајните дела од светската архитектура, сликарство, скулптура, внатрешен дизајн и орнаментика на македонски јазик“;
- „Превод на 150 книги од најзначајни светски дела од областа на спортот, од областа на здравиот живот и исхраната“;
- „Превод на македонски јазик на 150 книги на биографии и автобиографии, мемоари и монографии на светски познати личности од областа на економијата, бизнисот, политиката, инженерството, уметноста, медицината, науката, спортот, како и на личности од светската историја (војсководци, државници, политичари) и од светската филозофија“.

Како дел од капиталните проекти од областа на издавачката дејност, Министерството за образование го реализира проектот„Превод на 1000 стручни, научни книги и учебници од кои се учи на врвните, најдобрите и најреномираните универзитети во САД и Англија, а од областа на правото во Франција и Германија“. Реализацијата на проектот претставува значајна инвестиција во насока на создавање современ и конкурентен образовен систем. Илјадници страници светска стручна и научна литература се обезбедени и достапни за секој наш професор, асистент, студент и за секој поединец кој има потреба и сака да го надгради своето знаење во која било област од негов интерес. Во рамките на проектот, на македонски јазик беа објавени 22 книги од осум области на културата, и тоа од: ликовната, музичката, театарската и филмската уметност, како и од сферата на археологијата, етнографијата, музеологијата и библиотекарството. Сиве овие книги се напишани од еминентни, врвни универзитетски професори и експерти од соодветните стручни подрачја.

Сите изданија што се преведени преку овој проект, освен во читалницата „1000 книги“ во Скопје, се дистрибуирани и во 32 универзитетски и народни библиотеки низ земјава, а дел од нив може да се купат и во книжарниците и е-продавниците на издавачките куќи. Насловите може да се погледнат и на специјализираната интернет-страница: www.1000knigi.com.mk.

# СОДРЖИНА

**Каталогот на капитални книгоиздавачки проекти ...** (Вовед) ... 3

**Македонска книжевност** ... 7

**Macedonian Literature** ... 7

**Нобелова награда за литература** ... 55

**Ѕвезди на светската книжевност** ... 81

**Македонски искушенија** ... 157

**Врвови на светската филозофија, историја и психологија со психоанализа** ... 165

**1000 Научно-стручни книги и учебници** ... 185

- Архитектура ... 187
- Градежништво ... 193
- Механика, електроника и инженерство ... 201
- Информатички науки, компјутерско инженерство и комуникациски системи ... 209
- Математика ... 225
- Физика ... 231
- Хемија ... 235
- Биологија ... 241
- Медицина ... 245
- Стоматологија и Фармација ... 267
- Ветеринарна медицина ... 271
- Географија ... 275
- Енергетика и природни ресурси ... 279
- Земјоделство, шумарство и екологија ... 285
- Транспорт ... 305
- Економија, банкарство и финансии ... 309
- Менаџмент, маркетинг и претприемништво ... 321
- Право ... 335
- Политички науки и дипломатија ... 353
- Одбрана, безбедност, криминологија и разузнавање ... 369
- Социјална политика ... 381
- Образование и спорт ... 387
- Култура и уметност ... 391
- Историја и археологија ... 399
- Филозофија и антропологија ... 403

**Најпознати битки** ... 413

**Спортот, здравиот живот и исхраната** ... 417

**Најпознатите личности во светот** ... 425

**Светските дострели во архитектурата, ликовната и применетата уметност** ... 433

МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА

ЕДИЦИЈА

# МАКЕДОНСКА КНИЖЕВНОСТ

Избрани дела – 135 тома

# MACEDONIAN LITERATURE

Selected works – 135 volume

## МАКЕДОНСКА КНИЖЕВНОСТ: IX-XVIII век

## MACEDONIAN LITERATURE: 9-18 CENTURY




Приредувачот на ова издание се определил за методологија која ги премостува вековите и со завидна акрибија, достигнува до резултати со кои се спротивставува на тезите за дисконтинуитет на македонското книжевно творештво. Според Велев, македонското книжевно творештво во минатото не трпело само туѓи влијанија туку и соодветно партиципирало во соседните литератури. Особено се обрнува внимание на културната функција на книжевното дело, која учествува во градењето на општествената и, со тоа, во општоцивилизациската свест. Застапени се примери од средновековната книжевност почнувајќи од фрагментите кои му се припишуваат на св. Константин-Кирил, преку дела на св. Климент Охридски, Презвитер Козма, Григориј Акиндин, Арсениј Солунски, па сè до помалку познатите автори од периодот XVI-XVIII век.



Приредил: **Илија Велев**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 978-9989-55-154-3

Selection: **Ilija Velev**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-9989-652-83-7

## ПРОСВЕТИТЕЛСТВОТО ВО МАКЕДОНИЈА

## THE ENLIGHTENMENT IN MACEDONIA




Појавата на просветителството во Европа, макар и со поскромен интензитет, рефлектира и на териториите на источните империи: австро-унгарската и отоманската. Тоа ги дава благопријатните плодови и за помалите етноси. Постепено се создаваат услови за да се конституираат народните говори во книжевни јазици на идните суверени нации. За развојот на македонската народносна мисла, особени заслуги имаат книжевните творби на Јоаким Крчовски, Кирил Пејчиновиќ и Теодосија Синаитски. Авторот приложува аргументација за просветителската дејност на овие книжевници, осврнувајќи се и анализирајќи одделни текстови. Книгата е комлетирана со оригинални и транслитерирани текстови на застапените македонски просветители од XIX век.



Приредил: **Георги Сталев**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 978-9989-55-101-7

Selection: **Georgi Stalev**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-059-5

## МАКЕДОНСКИ НАРОДНИ УМОТВОРБИ

## MACEDONIAN FOLKLORE




Делото содржи опсежен предговор на приредувачот Марко Китевски во кој се обрнува еднакво внимание како на талентот на анонимниот народен певец и раскажувач така и на оформеното народно искуство. Уште Константин Миладинов егзалтирано запишал: „Народот наш во најголемата простота развил во себеси божествена умствена дарба", а собирачот на народните умотворби Марко Цепенков, во својот карактеристичен, афористичен манир, утврдил: „Малите приказни голем ум даваат". Исказите на овие преродбеници го добиваат својот заокружен облик со запишаното од основоположникот на модерниот авторски книжевен исказ на македонски јазик, Кочо Рацин: „Песната на Македонија е нејзината молитва, огледало на нејзината душа и нејзина воздишка". Делото содржи богат избор на македонски умотворби: македонски народни песни, приказни, пословици, поговорки, клетви, благослови, баења и гатанки.




Приредил: **Марко Китевски**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 978-9989-55-150-5

Selection: **Marko Kitevski**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-014-4

## КНИЖЕВНАТА ПРЕРОДБА — MACEDONIAN REBIRTH




Книгата содржи панорама на народна и уметничка поезија од XIX век. Претставени се македонски преродбеници кои пишувале на македонски, бугарски, грчки, српски и аромански јазик. Застапени се автори од трите дела на Македонија. Овој избор претставува целовит и јасен приказ на поетската ситуација во Македонија во текот на предминатиот век. Амбицијата на приредувачот била на едно место да го собере она што е најилустративно и најкарактеристично како поетска фактографија. Вклучени се сите творци на македонската поетска уметност, чии творби ѝ даваат на нашата литература статус на специфична автономија на духот.




Приредил: **Гане Тодоровски**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 978-9989-55-158-1

Selection: **Gane Todorovski**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-100-4

## МАКЕДОНСКИ ЛИТЕРАТУРНИ ПОЈАВИ — MACEDONIAN LITERARY MANIFESTATIONS




Претставен е илустративен фонд на книжевни творби, кој на фондот на народното творештво го оживотворува континуитетот на македонскиот збор во литературата и се прелева во творештвото на македонското културно-национално движење. Најголемо внимание е посветено на творците кои произлегуваат од „лозарското движење", собрани околу списанието „Лоза" издавано во Софија, како и на оние што се членови на македонското научно-литературно другарство во Санкт Петербург, на почетокот од XX век. Имено, застапен е дел од книжевното творештво на Ѓорѓија Пулевски, Марко Цепенков, Петар Поп Арсов, Војдан Чернодрински, Димитрија Чуповски и К. П. Мисирков.




Приредил: **Блаже Ристовски**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 978-608-4721-40-6

Selection: **Blazhe Ristovski**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-127-1

## МАКЕДОНСКА БИТОВА ДРАМА — MACEDONIAN PLAYS FROM FOLK LIFE BETWEEN THE TWO WORLD WARS




Приредувачот на овој зборник, Јелена Лужина, ја истражува, толкува и ја вреднува исклучителната историска мисија што битовата драма ја исполни функционално во однос на македонската културно-национална преродба. Наедно, тоа е мисија која, во одреден чувствителен историски и геополитички миг, битно придонесувала како за развојот на урбани културни стандарди така и за дооформувањето на културниот идентитет на македонскиот народ. Во овој избор, од најраното драмско творештво, застапени се со по една избрана драма четворица амблематични македонски автори: Никола Киров Мајски, Антон Панов, Васил Иљоски и Ристо Крле.



Приредил: **Јелена Лужина**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 978-9989-55-107-9

Selection: **Jelena Luzina**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-060-1

## МАКЕДОНСКИ ДВОДОМНИ ПИСАТЕЛИ — MACEDONIAN BIPARTITE WRITERS




Извонредно интересен избор, со ретка фактографија, комплетиран со фрагменти или комплетни книжевни творби од македонски дводомни и тродомни писатели. Приредувачот обрнува внимание на културно-историската и политичка ситуација во регионот, која ќе резултира со адекватно творечко поведение на застапените македонски книжевници. Прифаќајќи ги јазичните стандарди на средината во која се изградувале како творци, македонските творци со својот специфичен творечки темперамент, и тематски биле нераскинливо сврзани со Македонија. Нивното творештво, освен што ја збогатувало културната ризница на Бугарија, Србија, Грција, САД и др., е неодминлив културно-историски факт кој си има свое значајно место и во македонската култура. Во овој избор се застапени: Анѓелко Крстиќ, Атанас Раздолов, Лазар Поп Трајков, Петар Манџуков, Коста Абрашевиќ, Љубомир Весов, Стојан Христов, Димитар Талев, Никола Вапцаров, Антон Попов, Воислав Илиќ и др.




Приредил: **Томислав Тодоровски**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 978-9989-55-078-2

Selection: **Tomislav Todorovski**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-051-9

## ОСНОВОПОЛОЖНИЦИ НА СОВРЕМЕНАТА МАКЕДОНСКА ПОЕЗИЈА — FOUNDERS OF MODERN MACEDONIAN POETRY




Во овој релевантен избор од седуммина основоположници на современиот култивиран македонски стих, застапени се песни од: Кочо Рацин, Коле Неделковски, Венко Марковски, Славко Јаневски, Блаже Конески, Ацо Шопов и Гого Ивановски. Приредувачот, академик Георги Старделов, нагласува дека нашите први современи поети инстиктивно знаеја дека е природно да се надоврзат на народната песна. Затоа нивните први збирки беа натопени со тој народен мелос, но, сепак, достигнаа своевидни уметнички вертикали. Отпечаток на епохата во која создаваа овие лирски родоначалници е, исто, и социјалниот реализам, најубедливо пројавен кај оној што со право се смета и за најталентиран – Кочо Рацин. Кон овие две специфики, приредувачот посочува и на трета, стожерна специфика - мотивот на Земјата македонска, поетски сублимиран како автохтоно поетско и егзистенцијално искуство.




Приредил: **Георги Старделов**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 978-9989-55-125-3

Selection: **Georgi Stardelov**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-085-4



## КАЛЕШ АНЃА — SWARTHY ANGJA




И покрај тоа што Стале Попов се појави во македонската литература во поодминати години и релативно кусо живееше на таа сцена, сепак оствари респектабилен прозен опус. Делото на Стале Попов претставува афирмација на позитивните животни принципи: моралноста, чесноста, трудољубивоста, оптимизмот, слободарските народни стремежи и на праведната борба за слобода. Повеста „Калеш Анѓа" е пример како се сакаат верата и слободата и како се гине за нив. Оваа новела е за масовната народна побуна, за одбрана на слободата. Возбудлив расказ за храброста на една жена која не си ја менува верата и по долги притисоци и малтретирања, пример како на жестокото насилство може да му се спротивстави невидена херојка.




Автор: **Стале Попов**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 978-9989-55-060-7

Author: **Stale Popov**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-9989-652-84-4

## ПУСТИНА — DESERT




Со својата опсесивна посветеност на историската тематика, авторот на романот „Пустина“ е родоначалник на македонската историска проза. Ѓорѓи Абаџиев, заедно со Стале Попов, ги одредува појдовните насоки во позиционирањето на македонската уметничка проза кон официјалните историографии и историски интерпретации. Во овој роман е тематизирана таканаречената „задолжителна жртва“ во случајот со анархистичката група позната како „гемиџии“. Хероизацијата е постигната на идеолошко ниво, но тоа е природно надоврзано на христијанската традиција за заштита на слабите и немоќните, но и неповредување на недолжните. На тој начин писателот го афирмирал моделот на „хуман терорист“, поставен на пидестал преку херојството и хуманоста.



Автор: **Ѓорѓи Абаџиев**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 978-9989-55-153-6

Author: **Gjorgji Abadziev**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-9989-652-85-1

## ОНА ШТО БЕШЕ НЕБО — REMNANTS OF A SKY




Книжевното творештво на Владо Малески се издвојува како едно од најсамобитните и најзанимливи во македонската литература. Романот ја инкарнира моќната катарзична сила на револуцијата, нејзиното ослободувачко дејство. Нејзината едноставна, но сепронижувачка логика ги истиснува мрачните сили кои го сковале духот на младиот човек. Така прочистен од заблуди и колебливости, ликот на револуционерот го зазема своето трајно место во колективната меморија и служи како светол пример за идните генерации.






Автор: **Владо Малески**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 978-9989-55-168-0

Author: **Vlado Maleski**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-9989-652-94-3

## ТВРДОГЛАВИ — THE UNRELENTING




Во овој том од едицијата „Македонска книжевност“ е застапен дел од прозното творештво (преку новелата „Тврдоглави“) и дел од поетското творештво на Славко Јаневски, преку стихозбирките „Евангелие по Итар Пејо“ и „Каинавелија“. Романот „Тврдоглави“ е опис за долгиот и недоловлив историски пат на народот до себеси, до својата суштественост. Во него не се изразува некоја индивидуална свест, туку, што е вообичаено за Јаневски, се истакнува и самонаметнува колективната свест на родот. Затоа немаме класична романескна концепција во која ликовите се следат и развиваат, кои поседуваат сопствена логика и волја. Тоа е роман на комплексни симболични ткаења во кои се резимира и детерминира автохтоноста на народното егзистенцијално и историско искуство. Ова што е кажано за романот, во голема мера, се однесува и на стиховите на Јаневски застапени меѓу кориците на овој том.




Автор: **Славко Јаневски**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 978-9989-55-131-4

Author: **Slavko Janevski**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-101-1

## СОЛУНСКИТЕ АТЕНТАТОРИ / THE SALONIKA BOMBERS




Проследувачите на делото на Бошковски констатирале дека во случајот со неговиот роман „Солунските атентатори“ се работи за акционо-реалистичен роман во чија тематска подлога е историски познатата дејност на група млади Македонци кои беа активни пред Илинденското востание, а се нарекуваа „гемиџии“. Таа тема на своевиден начин е транспонирана и во романот „Пустина“ на Абаџиев, но во романот на Бошковски темата е разгрната од друг, покомплексен и своевиден агол. Ова се должи на тоа што авторот се определува за оптимално реалистична репродукција на засегнатите историски собитија. Имено, Бошковски се впушта во белетризирањето на гемиџиите за време на самото дејствување, во времето на извршувањето на терористичките акции. А за тоа е нужна поголема интелектуална и творечка смелост, која, во случајов, авторот ја пројавил на неповторлив начин.



Автор: **Јован Бошковски**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 978-9989-55-120-8

Author: **Jovan Boshkovski**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-9989-652-95-0

## ЧИТАНО ОТПОСЛЕ / SO IT IS (IF YOU THINK SO)




Коле Чашуле се вбројува меѓу неколкуте основоположници на македонската современа литература. Од обемното прозно и драмско творештво, во овој том се застапени пиесата „Вејка на ветрот“ и романот „Така е (ако ви се чини)“. Со пиесата „Вејка на ветрот“ се поврзува почетокот на модерната македонска драма. Тоа е драма врз печалбарски мотив. Всушност, тоа е мотив за откорнатоста од автентичниот роднокраен свет. Незаобиколна, опсесивна тема на творештвото на Чашуле присутна и во застапената пиеса е конфликтот, располовеноста на бидувањето меѓу стварниот и измислениот (изрежиран) свет. Тема на застапениот роман „Така е (ако ви се чини)“ е неможноста за достигнување на вистината и, со тоа, вкоренување во реалноста. Романот е реконструкција на една истражна постапка и на судскиот процес во врска со убиството на еден ученик од прилепската српска гимназија. Тоа, како и обидот за потпалување на гимназијата, се историски факти врз основа на што се темели уметничката романескна надградба. Притоа е постигната завидна перфекција во предавањето на карактерите и поведението на ликовите.



Автор: **Коле Чашуле**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 978-9989-55-167-3

Author: **Kole Chashule**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-015-1

## ПОСЛАНИЕ / THE EPISTLE




Растежот на македонската литература, и пошироко, растежот на сета наша култура најнепосредно се поврзани за името на Блаже Конески. Во неговите книги поезија се застапени најчесто мотивите на интимата и љубовта, поблиското и подалечното минато, зрачењето на народната песна и приказна, митските и легендарните посланија, како и егзистенцијалните и филозофски возбуди на човекот и светот. Тоа е една поезија на здржана длабока болка, потисната длабоко во себе, згусната во судбинска кристализација во која се идентификуваат човекот, колективот и универзумот. Во нејзината модерна поетска проекција е нагласена свеста за возвишеноста и одговорноста на поетскиот чин, со стремеж за целосна усогласеност на пеењето и мислењето. Таа поезија е строга кон зборот и штедра кон неговото значење, таа е чудесно природна и комуникативна по линијата на чистотата, префинетоста и прецизноста. Неа ѝ се туѓи како проземноста така и барокната декоративност и артефициелност. Поезијата на Конески ги отвораше и продолжува да ги отвора патиштата на нашата лирика и литература. Тие патишта и денес отвораат нови предели за духовни возбуди и творечки авантури на сета наша лирика.



Автор: **Блаже Конески**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 978-9989-55-126-0

Author: **Blaže Koneski**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-111-0

## РАЃАЊЕТО НА ЗБОРОТ / THE WORD'S NATIVITY




Уште во раната поезија на Шопов, која беше во дослух со колективистички интонираниот глас на времето, пробива еден високо сензибилизиран и личен јазичен допир со светот на интимното. Затоа, по првиот револуционерен занес, во поезијата на Шопов животот и смртта, бид납ата и небиднинат, стануваат препознатлива тематика која го формира неговиот клучен поетски топос. Во неговите стихови се забележува сенката на демнечката смрт, раѓањето сфатено како умирање, а животот како соочување со неповратното. Во последните свои книги, Шопов го преминува прагот на интимната лирика со трагична нотка и се свртува кон феноменот на убавината манифестиран многустрано: женското тело, природата, јазикот и духот. На крај, лирски го транспонира и феноменот на тишината како единство на чувственото и естетското, на емотивното и сетилното. Тој ја опева својата меланхолија дури и во мигови на просветлување и радост. И тогаш од некаде сирка неговото „црно сонце“.



Автор: **Ацо Шопов**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 978-9989-55-092-8

Author: **Aco Šopov**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-072-4

## БУДАЛЕТИНКИ / COUSINS




Раскажувачката постапка на Јовановски е многусложна и нијансирана. Во краткиот роман „Будалетинки“ тој ни ги предочува згодите и незгодите на двајца млади луѓе во виорот на Првата голема војна некаде на западниот дел од македонскиот фронт. Така, од бугарската војска, во која имаат статус на полузаробеници и полувојници („трудоваци“), овие ликови, префрлувајќи ја линијата на фронтот, ќе се довлечкаат кон родното село и таму ќе завршат како заробеници на француската војска. Овој дел од нивното опасно движење, меѓу куршумите, одбележува една невротична историска епоха, ги одразува апсурдноста и трагичноста на таа војна и изгубеноста на индивидуите во неа.





Автор: **Мето Јовановски**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 978-9989-55-096-6

Author: **Meto Jovanovski**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-9989-652-86-8

## ПОСЕГАЊЕ ПО ЧУДЕСНОТО / REACHING FOR THE MAGIC




Лириката на Србо Ивановски е спој на длабоко интимни доживувања и на едно елементарно социјално чувство. Личното и социјалното дејствуваат со една и иста емотивна сила. За овој поет, уште со неговата појава, позитивно се искажала македонската критика. За него е речено дека има самобитно и оригинално место во нашата поезија. Својата ретка и препознатлива природа на чист, автентичен лиричар, Ивановски ја реализира во она што се нарекува исповедна лирика. Во деведесеттите години на минатиот век поетот се сосредоточува со егзистенцијалните состојби на современиот човек, кон неговите дилеми и искушенија. Во последните свои книги поезија, со дел од песните застапени во овој избор, Србо Ивановски го освојува читателот со својата едноставност и длабочина.



Автор: **Србо Ивановски**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 978-9989-55-095-9

Author: **Srbo Ivanovski**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-058-8

## ПРОГОНЕТИ ОД РАЈОТ — BANISHED FROM PARADISE




Во првите книги на Матевски беа доминантни благата носталгија и лесната меланхолија. Како што се појавуваат новите стихозбирки во седумдесеттите години, емотивната клима на оваа поезија станува сѐ позгусната, стигнувајќи до тешки и горчливи сознанија и претворајќи се во една поетско-филозофска визија на судбината на човековото суштествување. Во текот на многу творечки години таа визија и соодветните лирски пораки оформија еден доследно спроведен поетско-мисловен став. Сите нешта видени со окото на поетот водат кон средишната линија на оваа поезија: светот ни се открива како поле на бескрајни судири меѓу вербата во идеалите и разочарувањето во нив. Која е крајната цел на човековите дејства? На што се сведува надежта? Можеме ли да му се спротивставиме на злото? Овие прашања, како и многу судбински прашања, бликнуваат пред нас додека ги читаме стиховите на овој поет.



Автор: **Матеја Матевски**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 978-9989-55-104-8

Author: **Mateja Matevski**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-080-9

## ЖИВЕЈ ПЕСНО! — LIVE POEM!




Гане Тодоровски е поет на татковинското, на македонството. Тој, во најголем дел од својата поезија, е искрено загрижен за колективните премрежиња, поревања, падови и воздигнувања. Тој е еднакво поет на колективната трагика, но и на народниот вознес. Антиципатор е на идните загрози, кој низ поетските пораки нуди нивно судбинско превозмогнување. Таа негова обземеност со колективната судбина е очигледна и надвор од лирскиот творечки ангажман и затоа може да се рече дека не е само поетска туку и научна, уметничка, културолошка и патриотска мисија. Тоа што понекогаш се согледува една навидум хумористична, донекаде и цинична нишка низ певот всушност, од заднина, ги води металогичните поигрувања, а тие се највисоката скала на интелектуалната моќ, која води кон есенцијата на поетската порака. Тоа се и најгустите сфери во оваа поезија при што естетската информација има толкувачки и разбиструвачки влог прикажувајќи се како блескаво оформена филозофема.




Автор: **Гане Тодоровски**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 978-9989-55-069-0

Author: **Gane Todorovski**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-099-1

## БЕЛАТА ДОЛИНА — THE WHITE VALLEY




Дејството на овој амблематичен роман, амблематичен според времето кога е објавен и според тематско-прозодиската реализација, е темпирано по големата војна, во интервалот на големиот социјален инженеринг – колективизацијата. Настапува момент на драмски судир – единката (главната личност, Змејко) се самоисфрла од колективот, определувајќи се за самопрогонство и изолација. За нештата да станат неспоредливо драматични, тоа се случува во време на страшна зима, во суров планински предел, при што на проверка е ставена оправданоста и целисходноста на ова ризично индивидуално решение. За Змејко настапуваат мигови на искушение, колебање, борба со самиот себе. Во исто време, зимската виулица и студот, опасноста да се смрзне, како да се сојузиле против фанатичното решение за самоизолација. Се трупаат дилемите, а се трупа и снегот и се слуша завивањето на волците. Змејко ѝ се предава на белината и потонува во други светови. Го будат, сепак, оние од кои побегнал.




Автор: **Симон Дракул**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 978-9989-55-077-5

Author: **Simon Drakul**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-9989-652-87-5

## КРАТКАТА ПРОЛЕТ НА МОНО САМОНИКОВ / THE SHORT SPRING OF MONO SELFSPROUT




Солев е еден од првите и најгласните застапници на новото и модерното. Како што зрееше, неговото прозно творештво сè повеќе се приклонуваше кон реализмот и, така, тоа во неговата зрела фаза се лоцира меѓу нагласените модернистички техники и реалистичниот дух. Романот „Кратката пролет на Моно Самоников" е наративизирана историја на сомнежот, чувството на вина на новинарот, младиот интелектуалец Моно Самоников, за еден настан од војната, кој, преку натрапливите сеќавања, треба да си го најде своето вистинско толкување.



Автор: **Димитар Солев**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 978-9989-55-137-6

Author: **Dimitar Solev**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-016-8

## ПРОВИДЕНИЈА / PREMONISSIONS




Поповски со својата лирика високо ги издигнува естетските мерила и воспоставува нови димензии во македонскиот лирски простор. За неговото творештво многупати е посочено дека е едно од највисоките книжевно-естетски придонеси. Преведувани на многу европски и светски јазици, неговите стихови ја етаблираа македонската поезија како незаобиколен духовен феномен. Неговата креативност е неделива од вербата во можностите на македонскиот јазик и неговото неисцрпно лексичко и изразно богатство. Во центарот на поетската оптика на Поповски е татковинското чувство, татковинската призма на воспримање на смислата на постоењето на единката и колективот. Но тоа е проникнато на нему својствени лиризам, мекост, топлина на медитирање и рефлексија што тлеат и зрачат од трпкоста и горчината на неговиот говор и нему својствените поетски спреги.




Автор: **Анте Поповски**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 978-9989-55-070-6

Author: **Ante Popovski**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-102-8

## ВОДА • ЗАРЕК / WATER




Влогот на овој македонски писател во ризницата на македонската прозна белетристика е евидентен. Со право е наречен хроничар на струшко-дримколскиот крај. Тематски, неговата проза е заситена со топосите на куќата, коренот, земјата, битот, обичајот, традицијата, жилавата опстојба. Во овој том се застапени две новели на Стрезовски. Во првата, „Вода", е засегната драмата која се одвива околу судирот меѓу две села при распределбата на водата за наводнување. Судир со многу страсти при кој се пројавуваат карактерите на вклучените актери. Драматиката во втората новела „Зарек" се плете околу судбината на раселувањето на македонскиот човек, кое како тажна последица ги има запустените села со изнемоштени старци. Тие во својот животен залез чекаат абер од Недојдија, каде што се нивните потомци.




Автор: **Јован Стрезовски**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 978-9989-55-068-3

Author: **Jovan Strezovski**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-9989-652-88-2

## КОРАБИ / SAILING SHIPS




Авторот на овој том, кој содржи околу четириесет кратки раскази, Благоја Иванов, е еден од најрелевантните и најсуптилни македонски прозаисти. Читајќи ги расказите, читателот веднаш ја воочува парадигматската насоченост на авторот кон едноставноста и секојдневноста. Но токму низ тие, навидум не многу ветувачки „секојдневни“ ситуации, Иванов полека нè воведува во заплетот на префинетото раскажувачко предало. Најголем дел од наративите на авторот се алоцирани во Скопје, неговиот роден град, и токму затоа се така живо и сугестивно предадени.



Автор: **Благоја Иванов**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 978-9989-55-139-0

Author: **Blagoja Ivanov**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-017-5

## ОД ПРЕМУДРАТА ТИШИНА / FROM THE SILENCE THAT IS TOO WISE




Целокупното поетско творештво на Љубен Ташковски е една богата естетска биографија, разгранета, со впечатлива поетска метафорика. Поетскиот сензибилитет и профил на овој автор најприродно се вклопува во оној контекст на современата македонска поезија што оствари високи поетски дострели, ставајќи го акцентот врз татковинското чувство. Ова чувство на Ташковски е проникнато од прокобата, меланхолијата и носталгијата за македонскиот, егејски југ, кон неговите незаборавни морски миризми и прелести. Ташковски остварува една поширока синтеза на интимното и универзалното, на љубовта кон татковината и љубовта кон светот. Пред нас се стихови кои идат од премудрата тишина, а од нив извира мудроста на тишината и копнежот.



Автор: **Љубен Ташковски**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 978-9989-55-114-7

Author: **Ljuben Taškovski**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-092-2

## СВАДБАТА НА МАРА / MARA'S WEDDING




Во своето обемно прозно дело Костов прави опширен и неповторлив летопис за множество историски и несекојдневни збиднувања на просторот на својот роден град. Благодарејќи на неговата белетристичка дарба, отргнати се од заборав неодминливи настани со конкретни датуми, и на многу личности од реалниот живот им е втиснат автентичен белег. За романот „Свадбата на Мара“, кој доживеа и театарска презентација, искажани се многу пофалби од страна на критиката. За него е речено дека е високосензибилен роман, кој се буни против сè што го привнесува злото во нашите животи. И против она што претставува наследено зло, но и против она што, незабележано, никнува во темните агли на нашите души и продолжува долго време да опстојува и покрај сознанието за неговата сеопшта штетност. Во романот е истакната идејата за издигнувањето на колективната свест и за едно универзално братство и хармонија со природата.



Автор: **Владимир Костов**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 978-9989-55-064-5

Author: **Vladimir Kostov**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-9989-652-89-9

## ГОЛЕМИТЕ СКИТАЧИ — THE GREAT WANDERERS




Методија Фотев своите дела ги ситуира во рурален амбиент, но тие, сепак, се наметнуваат со еден сосем нов и модерен стилски белег. И тоа како од психолошко-мотивациска гледна точка при оцртувањето и карактерологизацијата на хероите, така и во експресивно-стилската специфика на своето книжевно писмо. Романот „Големите скитачи" е роман за печалбарството. Можеби не примордијално, но, сепак, во основата на прикажаната се провлекува гурбетлиската јанѕа. Јанѕата на големите скитачи-печалбари. Тоа е роман за печалбарството видено и почувствувано од оваа наша, тукашна, домашна перспектива. Од душата на нашиот човек, особено на нашата жена и дете, кои останале да чекаат, да чемреат и да окапуваат.



Автор: **Методија Фотев**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 978-9989-55-100-0

Author: **Metodija Fotev**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-075-5

## ЦРНОБОРЈЕ — BLACKWOODS




Како раскажувач и романсиер со богата творечка имагинација, Ширилов го застапува и го афирмира креативниот реализам. Тој творечки метод му овозможува да ги дофати и да ги изрази најсуптилните треперења во душата на неговите јунаци. Ширилов, заедно со Ташко Георгиевски, ја воведе, на голема врата, т.н. егејска тема во современата македонска литература. Неговото прозно творештво претставува возвишена ода за неуништливоста на македонските вековни слободарски стремежи. Сепак, Ширилов успева да се издигне до универзални и општочовечки широчини, ставајќи се на страната на обесправените - желни за слобода, разбирање и спокоен помин на земната човекова судбина.



Автор: **Петар Ширилов**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-084-0

Author: **Petar Shirilov**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-9989-652-90-5

## ДЕНИЦИЈА • ПИРЕЈ — PIREY




Поетот и раскажувач Петре М. Андреевски во овој том е претставен со стихозбирката „Деницијa" и романот „Пиреј". И поезијата и прозата на овој автор доживеаја топол прием кај читателската публика, но и ласкави оцени од критиката. Анреевски на еден маестрален начин ги презентира архаичните форми на родното творештво, но осветлени и обележани од неговата творечка индивидуалност.  Стихозбирката „Деницијa" е посветена на љубената жена, но и на љубовта воопшто како основен агенс на самиот живот.  Романот „Пиреј" е првиот роман на Андреевски, веќе афирмиран поет, но се наметна како извонредно зрело и сугестивно дело. Романот ја обработува темата на балканските војни и испреплетоноста на човечките судбини низ балканските жаришта и ветромети.



Автор: **Петре М. Андреевски**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 978-9989-55-134-5

Author: **Petre M. Andreevski**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN ISBN 978-9989-652-96-7

## СОНЧЕВА БЕЛЕГИЈА / NECKLACE MADE OF SUNSHINE




Поезијата на Котески сведочи за чудата што можат да бидат и награда и утеха, но и надеж дека има излез од кругот во кој сме затворени. Станува збор за поезија која деноноќно води грижа за тоа секаде и секогаш да биде поезија, всушност поезија во што е можно поцелосна мера. Магијата на јазикот и чудото на потегот се сферите што го насочуваат основниот трагачки поход во оваа своевидна антологија на лирски возвишенија и авторско преиспитување на смислата на сѐ што ни се случува под небесната капа.



Автор: **Јован Котески**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-046-8

Author: **Jovan Koteski**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-076-2

## ПОСЛЕДНИОТ ЛЕТ НА ПТИЦАТА СЕЛИЦА / THE LAST FLIGHT




Романот на Бранко Варошлија е одлично дело напишано според највисоките стандарди на модернистичкото писмо, книга блиска до книгите на апсурдот, а во својот поттекст ги крие одговорите на прашањата што ги поставува текстот. Според поставеноста на односот меѓу текстот и поттекстот, романот се рангира во самиот врв на македонскиот романескен опус. Притоа треба да се има предвид дека мотивацискиот систем е скриен не во постапките на ликот и односите со другите ликови, туку во симболиката на макетата – кафезот со потполошка која служи за ловење други потполошки.



Автор: **Бранко Варошлија**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-098-0

Author: **Branko Varoshlija**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-9989-652-91-2

## ПОТКОВИЦА НА СМРТТА И НАДЕЖТА / HORSESHOE OF DEATH AND HOPE




За овој роман се вели дека е „археологија на митската надеж“, книга-плетенка од „веројатното, можното и неизбежното“. Имено, опстојувањето на семејството Акиноски, еден познат и вековен род, судбински поврзан со просторството на потковицата од ридови за смрт и надеж, ја вселува во нашата свест идејата за неискоренливоста на еден слој од родната почва натопувана со лековити води, но и со пролеаната крв на закланите предци. Преку запомнатите спомени, за кои се тврди дека се запишани во тефтерот на Акиновци, создадена е атмосфера на мистичност, а таа, од своја страна, е основната храна на верата во божјото благородство. Затоа романот можеби треба да се спореди со некаква барокна музичка творба, како некаков ораториум чии разгранети полифони мелодии продолжено ѕунат во нашата свест и трајно се вгнездуваат во нашето сеќавање.



Автор: **Миле Неделкоски**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-080-8

Author: **Mile Nedelkoski**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-9989-652-92-9

## ПАСКВЕЛИЈА / PASKVELIA




„Пасквелија“ е збирка раскази кои се потпираат врз реалистична концепција која секогаш функционира во корелација со моралните и политичките структури. Соодветно на содржината на расказите кои обликуваат еден свет именуван како Пасквелија, се наметнува сознанието за тоа дека општеството може да се „менува“ и „поправа“ соодветно на идеолошката концепција застапувана од партијата победник, партијата носител на раволуционерните промени, а тоа е и страната која истовремено наметнува и систем на мислење и живеење. Во такви сурови околности на градење на еден нов свет по Втората светска војна, Пасквелија, земјата на Живко Чинго, всушност, е земја на оние што страдаат затоа што се откажуваат од својот длабоко потиснат внатрешен свет, принудени да веруваат во свет изведен од утопијата како замена за некогашниот заборавен свет на библискиот рај.




Автор: **Живко Чинго**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-159-6

Author: **Zhivko Chingo**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-9989-652-97-4

## АЛЕКСАНДАР И СМРТТА / ALEXANDER AND DEATH




Ниту една личност во човековата историја не го надживеала посланво своето време од Александар Македонски. Романот на Слободан Мицковиќ го отвора прашањето за постоењето и исчезнувањето преку описот на процесот на мумифицирање на телото на славниот император. Многу непознати нешта за историскиот Александар ја стимулираат фантазијата на авторот да го изгради својот роман врз фикциски добро изведениот процес на погребно приготвување на владетелот доверен на човек кој ја раскажува приказната. Прашањето за односот на историјата и книжевноста ја отвора дилемата за тоа дали историската вистина може да се изедначи со состојбата на нејзиното обликување преку формата на романот или не? Секој знае дека дури и за настаните на кои сме биле сведоци можат да се изнесат различни спротивставени толкувања, да се сплетат одделни митови кои подоцна ќе послужат како основа за градење стереотипи и предрасуди. Од нив може да се излезе само ако внимателно се следи тенкиот зрак на неверувањето.



Автор: **Слободан Мицковиќ**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-116-2

Author: **Slobodan Mickovic**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-9989-652-98-1

## ЦРВЕНИОТ КОЊ / THE RED HORSE




Овој роман на Ташко Георгиевски е уникатно прозно дело кое, сепак, треба да се разгледува во контекст на целокупниот творечки опус на овој писател бидејќи станува збор за една своевидна сага со темелни ликови, судбини и размисли за човекот во светот и светот во човекот. Црвениот коњ е една од средишните алки во тој опус. Коњот што го купува Борис Тушев, главниот лик на романот, враќајќи се од Русија во своето родно место во Егејска Македонија, сосем спонтано станува симбол на делото. На крајот од трагичната приказна, раскажана збито и монолитно, умираат и Борис и коњот, еден до друг, во длабока тага: коњот поради смртта на кобилата на Сабрија, а Борис поради длабоката пукнатина во душата и осаменоста во светот од кој останува докрај неразбран. Црвениот коњ природно го симболизира црвениот пламен на вечно оптимистичната енергија на постоењето, но истовремено, во контекст на идеалот за кој се борел Борис, го симболизира и црвениот идеал на комунизмот, значи и на црвена Русија од која се враќа дома за да умре во самопрекор и самопокајание поради срамното парче хартија за самооткажување од себеси што морал да го потпише за да се врати во своето родно село.



Автор: **Ташко Георгиевски**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-042-5

Author: **Tashko Georgievski**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-9989-652-99-8

## НЕКОЈ МЕ УМИ | SOMEONE'S THINKING OF ME




Светот живее врз своите антиномии, загрозен од самиот себе. Оттука извира онаа гротескна, црнохуморна слика на неговите манифестации низ кои тој го покажува своето невесело лице, длабоко избраздено од остриот засек на трагиката. Понирајќи во суштината на таа трагика, поетот, низ една сложена трнсмисија на доживувањето, успева темните и горчливи импулси на човечката егзистенција да ги согледа во нивните премини во спротивни состојби во кои јасно е видлив нуклеусот на неуништливата енергија за борба против злото. Виден во целина, поетскиот свет на Петар. Т. Бошковски е израз на моќта на кохерирање на обновениот колорит на фолклорните митски слики со универзалните слики на една современа митологија во кои е отсликана драматиката на човечките напори да истрае пред деструктивните сили што доаѓаат однадвор, но и пред оние подмолни сили што извираат од него и го туркаат во вителот на себеуништувањето.



Автор: **Петар Т. Бошковски**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-124-3

Author: **Petar T. Boškovski**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-050-2

## ХРАМ. МОЛИТВИ | TEMPLE. PRAYERS




Поезијата на Михаил Ренџов претставува едно од најзабележливите естетски возвишенија на македонската книжевна мапа. Врвните поетски достигнувања на овој автор произлегуваат од неговата внедреност во јазикот, моќната имагинација и идејно-мотивското богатство што се протега од непосредното опкружение и внатрешните длабочини до метафизичките сфери. Секое соочување со впечатливите и сложени остварувања на овој поет неизбежно е проследено со одушевување од нивната суштествена убавина.



Автор: **Михаил Ренџов**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-143-X

Author: **Mihail Rendžov**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-103-5

## ВЕЖБИ ЗА ИБН ПАЈКО | VARIATIONS FOR IBN PAJKO




Станува збор за троен роман во кој на многу интересен начин ни се предаваат три автентични ликови-двојки обединети во едно со посредство на верскиот контекст во кој се поставени. Сите ликови-двојки ѕидовите меѓу себе и околу себе ги градат со менување на верата и враќање во својата, христијанска вера, дури по своите умирачки. Тоа е обединувачкиот миг, нешто што овозможува текстот да биде роман. На патот кон приближувањето на трите индивидуализирани целини на делото, Оливера Николова мајсторски нè принудува да одговориме со „да“ на нејзиното клучно автореференцијално прашање: „Нели е убаво кога сè се меша едно со друго?“



Автор: **Оливера Николова**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-083-2

Author: **Olivera Nikolova**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-057-1

## ЗАШТИТНА ПОВЕЛБА — PROTECTIVE CHARTER




Во оваа возбудлива, пребогата со доживувања и високо емотивна поезија, која веќе педесет години е присутна во македонската литература, многумина толкувачи нашле еклатантен пример за долгозадржуваната енергија на македонскиот креативен дух, која, штом ја освоила слободата, ги покажала и докажала своите големи можности. Патиштата на песната на Радован Павловски се доживуваат, но не можат да се одгатнат. Станува збор за алхемија на творечкиот чин што ја знае само тој што ги има елементите од кои се раѓа песната, всушност за своевидна магија на творењето што завлекува, восхитува и зашеметува. Притоа еруптивно се излива моќта на зборот, неговата рационална и ирационална димензија. Зборот, кој во оваа поезија е преполн со громовна енергија, ослободен од сè што го поврзува со нискоземноста на сопствената основна смисла, со еднозначноста и плиткологичните димензии.



Автор: **Радован Павловски**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-044-1

Author: **Radovan Pavlovski**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-086-1

## САМО ПОНАТАМУ, ВО ВИСОЧИНИТЕ — ONWARDS, TOWARDS THE HEIGHTS




Стиховите на Јован Павловски отвораат нови можности за поетско обликување на стварноста, во голема мера ги иновираат тематиката и мотивиката, а не е мал бројот на иновациите и во јазичен, стилски, лексички и технички поглед. Вака концепираните и реализирани стихови го откриваат исклучителниот поетов креативен виталитет, одреден вид креативна експанзија, која повеќестрано го проширува радиусот на поетското, освојувајќи притоа нови поетски светови. Станува збор за поезија која наоѓа инспиративен материјал и во психологијата, религијата, митологијата, психоанализата, културологијата, економијата и друго. Според тоа, Павловски својот поетски збор го има втиснато на (пост)модернистичкиот палимпсест, кој може да заземе место во секоја библиотека.



Автор: **Јован Павловски**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-071-9

Author: **Jovan Pavlovski**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-079-3

## ЦРНИ СОКОЛИ, БЕЛИ МЕГЛЕНИ — BLACK HAWKS, WHITE MEGLENS




Во своето поетско творештво, Иван Чаповски впечатливо ја предочува сликата на отуѓениот родокрај, доловувајќи ја со младешка страст дескриптивно и баладично злата коб на човечкото раслојување и отуѓување од родната грутка. Внатрешниот поетов бунт против злото е во постојана потрага по говорот на иселеникот, по исчезнатата сенка на минатото, по вжештеното железо, по безимената река на животот. Притоа трагизмот се зема како појдовна точка зашто „капките ја бришат фреската на живото растение од изгореното небо над Егејска Македонија", а националното чувство е над сè и има приоритетен и првичен акцент. Во поезијата на Чаповски длабински е опфатена и отсликана човековата потрага по родното огниште, а во тој контекст безграничната верба на правото за слобода е вткаена во широки реалистични рамки.



Автор: **Иван Чаповски**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-045-X

Author: **Ivan Čapovski**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-049-6

## НЕПРЕДВИДЕНИ ПРОШЕТКИ | UNPREDICTED STROLLS




Влада Урошевиќ важи за поет на впечатливи слики со нагласена асоцијативна моќ, повеќезначност и вонредно нијансирано богатство. Потрагата по необични, динамични, парадоксални и чудесни глетки, умешноста за конкретизација на апстрактните поетски визии, како и диспарантноста и интензитетот на самите слики, недвосмислено ја водат поезијата на овој автор надвор од нејзините граници: кон симбиоза со ликовното. Оттука, имагинацијата на Урошевиќ се храни со фантастичното сликарство на Бош, Бројгел или Гоја, како и со „измислените светови" на многу надреалистични сликари, така што неговата поезија нуди едно визуелно читање „од слика до песна". Сепак, ониризмот е веројатно најпровокативниот сегмент за критиката од творештвото на Урошевиќ и тој најчесто се толкува од аспект на познатата Јунгова теорија на архетиповите.



Автор: **Влада Урошевиќ**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-106-5

Author: **Vlada Uroševiḱ**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-112-7

## ОСТРОВ НА КОПНО | AN ISLAND ON LAND




Пред педесет години, во напливот поезија инспирирана од фолкорниот идиом, како најзначајна традициска алка за македонската книжевност, поезијата на Ѓузел се сврти мошне префинето и каприциозно кон поетска комбинација на македонскиот епос со славната античка хомерска епика, како и со поетичките димензии на елиотовски сфатената епичност. Митот, легендата, имагинариумот на изминатите столетија испливуваат на површината во поезијата на Ѓузел во еден есхатолошки-космогониски динамизам во кој свирепите катастрофични слики се заменуваат со слики на обнова и повторно раѓање. Поезијата на овој автор речиси целосно е свртена кон културните и книжевни придобивки на европската цивилизација и претставува вистински полилог во кој одзвонуваат гласовите и се оцртуваат сликите на културната ризница на европскиот дух.



Автор: **Богомил Ѓузел**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-118-9

Author: **Bogomil Guzel**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-056-4

## БОСФОРСКО ЗАВЕШТАНИЕ | THE BOSPHORUS LEGACY




Влегувајќи во длабоките наслаги на сопствената запаметена и оформена врвица, во немирот на сопствената личност, овој поет, веднаш, со првите свои книги објавени во шеесеттите години на минатиот век, воведе обилно поетско промислување на светот и животот облагороден од исконската сила на пејзажот, од наслагите на најчистото чувствување на егзистенцијалните проблесоци на опстојувањето. Поетскиот говор на Петровски, главно во молски и елегиски тон и дикција, всушност ги откри трагиката и хероиката на чувтствувањето кое е приврзано и засилено од таканаречените примордијални сентименти. Подоцна поетот ја надгради дотогашната оформена топика на сопствената поетика и со својата непрекината поетска љубопитност, осведочена отвореност и блискост со доживувањето на величието на ориенталната култура и мисла.



Автор: **Трајан Петровски**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-047-6

Author: **Trajan Petrovski**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-104-2

## ЗОЈА

## ZOJA




Романот „Зоја“ на Паскал Гилевски, објавен во 1986 година, е прв роман на овој автор. Станува збор за реалистично- романтичарски напишано дело, но сосем различно од класичниот романтизам, дополнет и осовременет со денешната литературна стварност, полн со своевидна имигинарна егзотика испреплетена со реални слики од македонското поднебје од почетокот на дваесеттиот век. Дејството, временски е лоцирано во периодот од првите две децении на минатиот век, всушност до Балканските војни, а настаните се одвиваат реално, без лабилни фантазии во психологијата на личностите, при што видлив е писателскиот порив да ги одгатне спокојот и неспокојот, да ја одгатне вистината со сета своја суровост во догмите што владееле во тоа време: да се знае кој е роб а кој владетел, да се знае кој е муслиман а кој рисјанин, но и тоа дали душата и срцето признаваат такви бариери. Со својата бујност и архаичност, восхитувачки пленува и јазикот на делото – оригинален, автентичен, полн со стари архаични македонски зборови кои веќе се заборавени, како и турцизми што се употребувале во секојдневниот селски живот во тоа време.



Автор: **Паскал Гилевски**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-056-5

Author: **Paskal Gilevski**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-000-7

## ТИМОТЕЈ И ЛИДИЈА

## TIMOTHY AND LYDIA




Сижето на овој роман е, всушност, едноставен, топол и трогателен запис за љубовта, докрај поетизирана, но никако не и емфатично или сентиментално предозирана. Се работи за приказна за раѓањето, буежот и смртта на една љубов, какви што можат да се сретнат  низ улиците и плочниците на сите градови во светот, во овој грд, зол и себичен свет, полн со крв, омраза и чад. Тоа е приказна за љубовта и замрачувањето на сонцето, што ќе се случи во Скопје на петнаесетти февруари 1961 година, во 8 часот и 45 минути наутро, кога Икар, митскиот летач, ќе се обиде да го допре сонцето, но наместо светлина, ќе допре темнина, губејќи ја својата среќа и љубената. Секако, делото силно одзвонува  како одглас на една лирска душа што го открива светот преку љубовта, но читателот ќе биде фасциниран и од јазикот како едно од највисоките достоинства на романот.



Автор: **Ташко Ширилов**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-059-X

Author: **Tashko Shirilov**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-018-2

## ПОЕЗИЈА

## POETRY




Создавајќи го својот поетски говор во состојба на суптилно наслушнување на внатрешните бранувања, а истовремено настојувајќи не по аналитички пат, туку креативно да одреди некои нејзини недофатливи манифестации, Дабески тоа го прави со свесно прикривање на своите познавања на проблемите на модерната поезија во генерална смисла. Интелектуалец според широчината на погледите, придоњак и енергетичар по образование, но мислител и поет по дух, тој веројатно најдобро знае дека можните креативни опредметувања на неговите визии за светот, кои не ја признаваат временската димензија во вообичаена смисла, го откриваат како поет на XX век, ако не и на XXI век. Затоа тој е поет-демијург – ако не учествувач, тогаш секако сведетел при создавањето на тајните на поредокот врз кој почива светот. Истовремено, тој е и поет на човековата неможност да го сфати тој поредок, поет на човековата немоќ да менува нешто во него.



Автор: **Петко Дабески**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-109-X

Author: **Petko Dabeski**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-061-8

## НЕ БУДЕТЕ МЕ НОЌВА — DO NOT AWAKE ME TONIGHT




Ретки се поетите во македонската поезија кај кои е толку евидентна фасцинираноста од зборот, чија поетска вокација е толку нераскинливо сврзана со јазикот и само од негов аспект објаснива, како што е случајот со Чедо Јакимовски. Неговите класични стихови, кои се јавија во времето кога во македонската поезија се одеше кон разбивање на формата, покрај мотивите понудија и препознатлива музичка линија. Оваа хармонија, ова компонирање на зборовите е присутно речиси низ целата негова поезија. И кога пее за Нарциса и Евридика, и кога го опејува родниот кат и напуштањето на домот. Поетските ноти на Јакимовски ги има и во храброста и големината да погледнеш во црното, иако знаеш дека набргу „ќе пукне животниот конец", гледајќи во Хелеевата комета, која доаѓа само еднаш во животот, за да сфатиш дека „кругот и е вечен". Сето тоа зацрта едно непишано правило за поезијата на овој поет, а тоа е императивот дека песната е или исклучителна или воопшто не е песна.



Автор: **Чедо Јакимовски**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-115-4

Author: **Čedo Jakimovski**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-087-8

## БЕСКОНЕЧНОТО — THE INFINITE




Да се фати ефемерноста, да се претвори во трајност – тоа е, несомнено, една од главните цели на ваквата поезија. Восхитените сетила опфаќаат една од безбројните метаморфози низ кои минува еден предел, една градба или еден предмет, изложен на промените на светлината во текот на денот, на годишните времиња, на минувањето, и она што сака да го постигне поетот е да ги стави во зборови тие преобразби кои на познатите нешта им ги подаруваат обликот и видот во кои ни се откриваат како исклучителни, никогаш дотогаш видени и неповторливи. За својата емотивно-мисловна приврзаност кон вака сфатениот миг, поетот наоѓа оправдување во длабоката врска меѓу случувањата во надворешниот, видлив свет, и нашата внатрешна природа. Притоа, обележеноста со еден вид женски поетски сензибилитет не доаѓа тука од некаква однапред смислена програмска насоченост туку како природна потреба.



Автор: **Гордана Михаилова-Бошнакоска**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-133-2

Author: **Gordana Mihailova-Boshnakoska**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-019-9

## ВЕТРИШТА НАД РАВЕН — WINDS OVER RAVEN




Христо Крстевски е еден од оние автори што се одликуваат со потребата за досегање на стилистичката повеќеслојност, шармот и натопеноста на текстот со јазични досетки, а со тоа и за одржување на посебна ритмика на прозната реч. Меѓу омилените постапки на авторот е и дијалогот со таканаречена туѓа реч, значи со културни стереотипи, но и со колоквијални жаргони, а сè со цел да се долови оптималното дијалошко одзвонување на речта и на стиловите. Овој прозаист се провира низ реалитетот, низ метатекстовноста, се извишува преку сртовите на автоиронијата, собира сонорни пасажи на асоцијативност, а неговата диктаторска имагинација ве води низ крајните вртоци на сознанието.



Автор: **Христо Крстевски**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-041-7

Author: **Hristo Krstevski**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-001-4

## ТАТКОВИТЕ КНИГИ — MY FATHER'S BOOKS




Во романите од балканската сага, во која овој роман беше објавен прв во 1992 година, преку судбината на семејството, во кое централно место зазема ликот на таткото, всушност низ лавиринтите на Балканот, врви тоа заборавено, напати проколнато ќоше на Европа. Притоа авторот раскажува спокојно, би се рекло - господски отмено, но не и надмено, - добродушно и со фина иронија, а на страниците на неговите книги сепак чекаат тешките и жешки прашања на балканските распаќа и беспаќа, чека напорот на Homo Balcanicus машки да се соочи со предизвиците што во балканските градини и полиња растат погусто од розите и трњето. Враќањето во светот на татковите книги за авторот е чин на своевидно внатрешно проветрување – и лично, и општо. Оттука, овој роман, „Татковите книги", бара да се патува низ меморијата на човештвото за да се разбере подобро дека Вавилон конечно не претставува проклетство туку богатство.



Автор: **Луан Старова**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-050-6

Author: **Luan Starova**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-048-9

## НАПРАВИ ЕДНО ЧУДО — DO A MIRACLE




Станува збор за лирика со широко прифатлив и возбудлив пев, лирика во која, како во таен ковчег, се чува нешто свето, скапоцено и непроценливо духовно богатство. Значи, станува збор за скривница на сништа во кои се верува и врз чии недопрени убавини се опстојува со векови. Според едноставноста и внатрешниот порив, стиховите на оваа поетеса длабоко понираат во традицијата на македонската народна песна, легенда и загатка. Поезијата на Христова-Јоциќ пулсира со ретко автентичен, изворен и оригинален, богат и заумен поетски јазик како веднаш препознатлив белег на нејзината поетика, а стиховите подразбираат не само несогласување со готови шеми туку се и негација на однапред препознатливи уметнички светови и модели. Со чудесно спокојство во душата, оваа поезија го опева животот, се натпева со светците и ангелите, а во манастирската тишина и конаците ја наоѓа скриената смисла на зборовите.



Автор: **Светлана Христова-Јоциќ**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-048-4

Author: **Svetlana Hristova-Jocik**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-055-7

## АКВАМАРИН — AQUAMARINE




Овој роман е роман за едно патување. Патување во просторот и времето. Патување сфатено како оддалечување од сопствениот дом, како изблик на љубопитство, како нурнување во непознатото. Патувањето подразбира смелост, отвореност и подготвеност на духот и телото за нови и незнајни доживувања. Ако домот претставува симбол на безбедноста, на топлината и вообичаеноста на нашите животни навики, тогаш патувањето е неговата крајна спротивност. „Аквамарин" е роман на еден протагонист, Андреја Кузнецки, архитект и универзитетски професор од Скопје, кој заминува на едно необично патување на островот Крф како кон Итака во некаква современа Одисеја. Потрагата по тајната поради која Андреја тргнува од Скопје, што е и основа на приказната и патувањето, одлично се врамува во извонредно пластично доловениот остров Крф во романот, истакнувајќи го неговото крајбрежје, морето, како и примамливите морски специјалитети.



Автор: **Тања Урошевиќ**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-105-7

Author: **Tanja Uroshevic**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-020-5

## УТКИНИ СОСЕДИ — NEIGHBOURING THE OWL




„Уткини соседи“ е роман што демаскира, што ја симнува маската на еден хипокритски систем, претставен од официјалната власт како идеален за да ги покаже сите негови пукнатини и хуманистичка ерозија. Се работи за роман со одлично развиена и впечатливо избалансирана композиција, карактеристична за сите романескни дела на овој автор, која во овој случај е базирана врз контрастна основа на магистралните судбински текови на две семејства, од кои едното е на својот почеток а другото на својот крај. Едното е рожба на „новата клима“ и новите (анти)вредности, а другото е слика на традиционалните квалитети на времето што одминало: достоинството, благоста и чесноста. Писателот одлично ги води двата тека во приказната, покажувајќи го суровото лице на новата стварност во која врз урнатините на еден свет на традиционални вредности се крева еден нов свет на лицемерие, суровост, алчност и распаѓање на човечката душа и душевност.



Автор: **Божин Павловски**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-051-4

Author: **Bozhin Pavlovski**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-002-1

## СИВИТЕ ГРЕБЕНИ — GRAY RIDGES




Во мотивски поглед, оваа поезија го реконструира сеќавањето на трагичното минато на поетот, поврзано со детството, мајката, таткото, братот, сестрата, родното огниште и откорнатиштвото од него, за што во историјата и литературата има многу потресни сведоштва. Песните на Ристо Ѓ. Јачев се сведоштво, крик, протест, бунт, опомена. Според дел од критиката, пак, станува збор за „нагонски поет“, чие чувствување на животот и светот е романтичарско, екстатично, меланхолично. Во секој случај, тој е поет на рането детство, поет на обездоменоста, но истовремено и лирски јунак, сензибилен и елоквентен хроничар на лузните, сведок и обвинител. Значи, Јачев е и поет на лирска искреност, на уметничка самосвест и на свое творечко кредо, поет на чистиот изблик на срцето, на лирските високи тонови, на молскиот издив на измаглиците на животот. Притоа, речиси нема песна во опусот на овој поет „што не е допрена со сенката на смртта како потајна мисла“. Низ неговите стихови одекнуваат вокалите онака како што одѕвонувале низ падините, кориите, урвите и доловите на Егејска Македонија, а одвреме-навреме се слушаат и шепотите низ сокаците на родното Родево.



Автор: **Ристо Ѓ. Јачев**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-052-2

Author: **Risto Jačev**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-073-1

27

## АРИСТОТЕЛ ОД РЕСЕН — ARISTOTLE FROM RESEN




Во своите најдобри раскази, Зоран Ковачевски настапува како автор кој ги почитува законите на времето, кој одлично сфаќа дека човекот не е наполно слободен во својот избор, бидејќи секогаш постојат нови, макар и видоизменети идеолошки притисоци и закани, и дека задачата на писателот е да покаже како реагира обичниот човек на тие надворешни влијанија, на тие промени, кои се најчесто нешто противприродно и накалемено. Како ангажиран автор, тој не пропушта да го постави прашањето: како да опстанат вредносните системи и законитости кои постоеле од искони и кои сега доаѓаат во судир со новите идеологии, некогаш социјалистички, денес – постсоцијалистички.



Автор: **Зоран Ковачевски**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-163-4

Author: **Zoran Kovachevski**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-003-8

## ЧУВАР НА ПОЛЕТО — GUARDIAN OF THE FIELD




Својот богат творечки пат, својата лирска врвица поетот ја започна од Преспа, од тој македонски топол јужен предел, кој со својата раскошна природна убавина како да стои на границата меѓу стварноста и бајката, а водата, небото и планините непрекинато водат грижа да му ги полнат очите и душата на човекот со чудесии. Тоа е предел што во душата на восхитен и одушевен лиричар ја создава неспоредливата арабеска од зборови и чувства, објавени во десетина поетски книги на овој автор. И речиси во сите поетот води беспоштедна лирска војна со подмолниот поткопувач на вредности. И тоа не обична туку вистинска света војна во заштита на убавото и на светото, во заштита на светоста на убавината. Затоа испева и химна, цела книга химни во прослава на вертикалата, на извишеното и возвишеното, на храмот, на тој просветлувачки центар на духовното и на традицијата.



Автор: **Ристо Василевски**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-067-0

Author: **Risto Vasilevski**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-047-2

## БУНАР — THE WELL




Романескното творештво на Димитар Башевски го достигнува најголемиот успех во романот „Бунар", објавен во 2002 година, книга за која авторот ја доби престижната награда „Роман на годината" на „Утрински весник", а потоа беше и кандидат за меѓународната награда „Балканика". Всушност, ова дело е реперна точка на поетиката на овој автор. Приказната во романот е лоцирана во едно село на македонскиот југ каде што писателот-градител се обидува да открие вода таму каде што сите мислат дека тоа е само илузија. Романот, всушност, се отвора со сликата на писателот наведнат пред празниот лист-хартија, неспособен да ја претвори во зборови повеста што сака да ја напише. Потрагата е двојна: од една страна, за да ја исполни празнината на белиот лист-хартија, главниот лик, писателот Симон трага по „душата" на приказната во своето минато, но, од друга страна, паралелно истиот тој човек копа во сувата, испостена земја, градејќи бунар во кој повторно ќе ја открие одамна секнатата вода.



Автор: **Димитар Башевски**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-072-7

Author: **Dimitar Bashevski**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-004-5

## КОН ДРУГАТА ЗЕМЈА — TOWARDS THE OTHER LAND




Прв македонски енциклопедиски роман во кој се вткаени десетици и десетици книги од областа на историјата, етнологијата, лингвистиката. „Кон другата земја" е книжевна потрага по темелите што го држат овој кршлив човечки свет.



Автор: **Митко Маџунков**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-102-2

Author: **Mitko Madjunkov**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-021-2

## СИДАЊЕ СОН — BUILDING A DREAM



Поезија во која зборовите не се затвораат сами во себе, туку реферираат на сопственото постоење и се обидуваат да ја пробијат непосредната реалност и да се вивнат во метафизичките сфери. „Зидање сон" е поетска книга која се одликува со изразена мобилност на зборовното значење и на специфичната зборовна мелодија.



Автор: **Тодор Чаловски**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-119-7

Author: **Todor Calovski**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-095-3

## ИЗУЧУВАЊЕ НА МОЛКОТ — STUDYING THE SILENCE



„Изучување на молкот" е избор од богатото поетско творештво на Атанас Вангелов. Книгата е естетски и творечки показател за моќта на поетскиот јазик да се трансформира во слики и претстави и на тој начин да ги побара формата и начинот на кој се изразува вредноста на поетската свест.



Автор: **Атанас Вангелов**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-152-9

Author: **Atanas Vangelov**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-022-9

## АНГЕЛОТ ОД КУРБИНОВО — THE ANGEL FROM KURBINOVO



Поезија во која актуелниот лирски миг е во допир со претпотопските епохи, целиот космос е тивко и интимно гнездо на битието. Поезијата на Клетников е изградена од мигот, но и од вечноста, поставени како две огледала едно наспроти друго.



Автор: **Ефтим Клетников**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-103-0

Author: **Eftim Kletnikov**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-093-9

## НЕБЕСЕН ОГАН — CELESTIAL FIRE




Клучната точка во поезијата на Петре Бакевски е лирско-епската потрага по идентитетот, потрагата по смислата на постоењето, потрагата по најбезбедните и најбезболните патеки што животот го носат во иднината. „Небесен оган“ е поетска книга која со отворени очи гледа кон иднината.



Автор: **Петре Бакевски**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-061-1

Author: **Petre Bakevski**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-105-9

## НА НЕБОТО КНИГА — BOOK ON THE SKY




„На небото книга“ е избор од творештвото на македонскиот мајстор на расказот, Крсте Чачански. Неговите раскази се одликуваат со автономност, посебност и оригиналност. Логичноста и јасноста на стилот и пресметаната уметничка постапка се главни одлики на неговите раскази. Прозата на Чачански прилега на наивен напев на народна песна.



Автор: **Крсте Чачански**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-065-4

Author: **Krste Chachanski**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-005-2

## ШУПЛИВИ ОРЕВИ — HOLLOW WALLNUTS




Велат дека добрите писатели својата инспирација ја црпат од симболичната топографија на детството. Расказите на Васе Манчев се директна потврда на ваквата теза. Тие се лирски топоси во кои се вгнездени корените на обичниот човек и на неговата судбина.



Автор: **Васе Манчев**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-149-9

Author: **Vase Manchev**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-062-5

## ЖИВА РАНА — OPEN WOUNDS




Во процесот на поетско создавање кај поетот Ристо Лазаров се случуваат два стремежа и се реализираат два метода: класицистички и реалистички. Поезијата на Лазаров е модерна и постмодерна, но пред сè, таа е урбана поезија која е во целосна потрага по „изгубениот" градски човек.




Автор: **Ристо Лазаров**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-076-X

Author: **Risto Lazarov**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-054-0

## СИЛЈАН ПОВТОРНО ЛЕТА — SILYAN FLIES AGAIN




Користејќи ја прозната приказна на Цепенков за Силјан Штркот како книжевна подлога, Трајче Крстески во својот роман „Силјан повторно лета" го наметнува вечното прашање за смислата и за целта на човековиот живот. Ова е роман за човековата животна преобразба мотивирана, пред сè, од личното искуство.



Автор: **Трајче Крстески**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-054-9

Author: **Trajche Krsteski**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-023-6

## СНЕГОТ ВО КАЗАБЛАНКА — THE SNOW IN CASABLANCA




Романот „Снегот на Казабланка" го обработува проблемот на човековата миграција (просторна, но и духовна). Тоа е роман во кој е вградена судбината на прогонетите Македонци од Егејска Македонија, но и на нивните потомци. Романот на Колбе е роман за т.н. двојни бегалци, личности кај кои идентитетот е пред вистинско искушение.




Автор: **Кица Б. Колбе**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-097-2

Author: **Kica Bardzieva Kolbe**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-024-3

## ИЗБОР | SELECTION




Расказите на Драги Михајловски се одликуваат со изразена постмодернистичка креативна постапка. Моќни раскази со бескрајна чистота на текстот и јазикот. Расказите на Михајловски се доказ дека во расказот, како книжевен жанр, не постои место за „празен" збор.




Автор: **Драги Михајловски**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-049-2

Author: **Dragi Mihajlovski**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-071-7

## ЕРАТО | ERATO




Поезијата на Катица Ќулавкова се осврнува на сензуалноста, еротичноста, превртливоста на значенските контексти. Песните во „Ерато" се многукратен повик и предизвик во одредувањето на граничните можности на самиот себе, на оној другиот, но и на светот воопшто.



Автор: **Катица Ќулавкова**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55112-X

Author: **Katica Ќulavkova**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-096-0

## КАПКАТА ОЛОВНА ВОДА | THE LEAD WATERDROP




Избор од поетското творештво на Гликор Стојковски во кој се согледува еден изразен творечки континуитет. Поезијата на Стојковски изобилува со симболи со што се потврдува тезата дека симболите за поетот се исто што и речникот на еден говорник на јазик. Токму тие симболи го креираат приватниот идиолект на Глигор Стојковски.



Автор: **Глигор Стојковски**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-058-1

Author: **Gligor Stojkovski**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-094-6

## РАЗ-ГРАДБА

## DE-CONSTRUCTION




Главна специфика на поезијата на Милош Линдро е фактот што неговата поезија во голема мера претставува негова теориска елаборација на феномените на книжевното, а посебно на особините на поетското. Поезијата на Линдро бара внимателни читатели затоа што таа понудува една широка, богата и неомеѓена знаковност.




Автор: **Милош Линдро**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-055-7

Author: **Miloš Lindro**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-106-6

## ВИСОКО ВОДА

## HIGH WATER




Поезијата на Милован Стефановски се одликува со тивка сензибилност која не ги запоставува значенската и смисловната исполнетост и сугестивност на песната. Во песните на Стефановски е нагласена изразената кодна функција на поетското писмо.




Автор: **Милован Стефановски**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-160-X

Author: **Milovan Stefanovski**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-006-9

## МАРТИНКИ

## MARTINKI




Поетскиот избор„Мартинки" претставува поетски простор во кој се судираат повеќе аспекти во обидот да се открие идентитетот на песната на Весна Ацевска. Лирскиот субјект, поетското време и простор, лирскиот предмет, стилот и лирската слика на светот, се оние параметри што ќе го привлечат вниманието на секој вљубеник во поезијата.




Автор: **Весна Ацевска**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-040-9

Author: **Vesna Acevska**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-025-0

## СВЕТОТ, МОЈОТ БРАТ — BROTHER WORLD




Поезијата на Лилјана Дирјан се одликува со необични, оригинални, очудени поетски слики, во кои провејуваат фрагментарноста, различностите, жестокоста. Во нејзините песни се мешаат жанрови, вокабулари, се изместуваат граматичките правила, сè со цел да се создаде специфичен поетски свет и светоглед.



Автор: **Лилјана Дирјан**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-144-8

Author: **Liljana Dirjan**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-046-5

## ИЗБРАНИ ПЕСНИ — SELECTED POEMS




Поезијата на Зоран Анчевски е дело на лиричар кој не допушта меки тонови, разводнетост и кревки изјави и чувства. Тоа е поезија на иронија и самоиронија, со недвосмислено спротивставување на стереотипното и потрошеното.




Автор: **Зоран Анчевски**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-136-7

Author: **Zoran Ančevski**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-113-4

## ОТСУСТВОТО НА БЛАГИОТ II — THE ABSENCE OF THE MILD ONE




Овој поетски избор од творештвото на Вера Чејковска нуди можност потенцијалниот читател да биде своевиден поетски археолог, кој ги раскопува и бара длабоките зборовни звуци скриени во времето. Нивното откривање нуди можност да се почувствува нивната живост и ѕвонливост.




Автор: **Вера Чејковска**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-123-5

Author: **Vera Čejkovska**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-063-2

## КОБА




Песните на Јордан Даниловски се одликуваат со прецизна стилска дотераност, широк мотивски наплив кој произлегува од поетовиот интимен однос кон стварноста и кон човековата премиса за смислата на животот. Преку своите песни, Даниловски се потврдува како поет со докрај изградена имагинација и сензибилност.

Автор: **Јордан Даниловски**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-128-6

## ИЗБРАНИ РАСКАЗИ




Творештвото на Прокопиев може да се определи како експериментален жанр во кратката проза. Неговите раскази наликуваат на кратки филмски дела, без пробни снимања, со груба монтажа, со нагласен хумор, ведрина и самоиронија.

Автор: **Александар Прокопиев**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-157-X

## SELECTED SHORT STORIES




Author: **Aleksandar Prokopiev**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-007-6

## ПРИКАЗНИ ОД ДОЛНА ЗЕМЈА




Во романот „Приказни од Долна земја" од Младен Србиновски, доминираат мемоарски и дневнички елементи. Тоа е ангажиран, авангарден, драмски, историски, митски, мемоарски роман, роман на факти.

Автор: **Младен Србиновски**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 978-9989-55-057-7

## STORIES FROM LOWER LAND




Author: **Mladen Srbinovski**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-053-3

## ВОЛЈА ЗА МИСЛА
## WILL FOR THOUGHT




Во поетиката на Џепароски рамноправно и дијалектички егзистираат три клучни елементи: мисловноста (медитацијата, рационалното знаење, лектирата - филозофска и книжевна), сетилноста (личното, доживеаното искуство, емоцијата) и историјата (реалните настани, фактичката вистина).



Автор: **Иван Џепароски**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 978-9989-55-142-0

Author: **Ivan Džeparoski**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-045-8

## ПОЛЕ. БОЈНО ПОЛЕ?
## FIELD. BATTLE FIELD?




Поетот Славе Ѓорѓо Димоски е едно од маркантните имиња во современата македонска литература. Зад себе има над триесетгодишен поетски и есеистички опус, кој во духот на современото светско творештво, претставува значаен и неодминлив влог во нашата литературна и културна вертикала. Поезијата е преведувана на триесетина странски јазици и е застапувана во највлијателните светски поетски гласила во Европа и во САД, а критиката ги истакнува нејзините универзални филозофски пораки и вештината да го користи јазикот во неговиот филигрански израз.



Автор: **Славе Ѓорѓо Димоски**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 978-9989-55-108-6

Author: **Slave Gjorgo Dimoski**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-026-7

## ХАОС ПОД НЕБОТО
## CHAOS UNDER THE SKY




Спротивноста меѓу животот на земјата и животот во облаците ја следи како суштинска особина поезијата на Братислав Ташковски. Поетската опсервација и целата тематика во оваа книга се движат во неколку главни насоки: од историското и библиското до современото, од земното и профаното до светото и небесното.



Автор: **Братислав Ташковски**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 978-9989-55-066-9

Author: **Bratislav Tashkovski**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-081-6

## НИШАН — THE MARK




Во романот,,Нишан", Миневски покажува зрел модернистички, речиси Фокнеров раскошен стил, испресечен во низа дискурсни вкрстувања со интертекстот на она што обично го именуваме како „големи литературни дела": се цитираат или се повикуваат низ парафраза фрагменти од „Госпоѓа Бовари" (Флобер), „Ана Каренина" (Толстој), „Трите сестри" (Чехов); тие дискурсни вкрстувања ѝ даваат на актуелната приказна статус на фикција иако говори за еден целосно стварен и препознатлив контекст од нашето секојдневие: неодамнешната војна во Македонија.



Автор: **Блаже Миневски**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-053-0

Author: **Blazhe Minevski**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-008-3

## ЕГЗОТИЧНА КАНТАТА — EXOTIC CANTATA




Лафазановски мошне умешно посегнува по извесна жанровска постапка во хибридното ткаење на текстот, секогаш во функција на економијата на изразот, односно во функција на одбегнувањето на каузалноста во раскажувањето на случката. Особено досетливо ги одбегнува замките на вплеткувањето на раскажувањето во прозаичноста на катадневието и секогаш одново успева особено експресивно во некоја нова фантастична случка да ни го предочи токму општествениот тип или судирот, конфликтот на општествените судири. Хуморот и гротеската, притоа, постојано го придружуваат портретирањето на овие ликови, а духовитоста на раскажувањето е потсилена и со јазичните каламбури кои се одлика на раскажувачкиот стил на овој автор.



Автор: **Ермис Лафазановски**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 978-9989-55-127-7

Author: **Ermis Lafazanovski**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-009-0

## ПАПОКОТ НА СВЕТОТ — THE NAVEL OF THE WORLD




Романот „Папокот на светот" постави најрафинирано строги и врвни, речиси недостижни стандарди. Андоновски прави една ,,игра со времиња". Имено, дејството во првиот дел се случува во деветтиот век, а вториот во дваесеттиот. Од таа, почетна позиција во првиот дел, деветтиот век ни изгледа сосем блиску (бидејќи веќе сме ,,внатре", преку изработена стратегија: на ,,сугестија"), а дваесеттиот век ни изгледа – далеку.



Автор: **Венко Андоновски**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 978-9989-55-063-8

Author: **Venko Andonovski**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-011-3

## ИДЕАЛНА ТЕЖИНА




Песните на Лидија Димковска се песни на преживеана будност и остро искуство. Колекцијата „Идеална тежина" ги надминува стереотипните оди за поезија пишувана со крв- тоа е поезија на меѓу - идентитети и меѓу - припадност, поезија пишувана со папочна врвка која поврзува неколку идни светови и домови.

Автор: **Лидија Димковска**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 978-9989-55-129-1

## НАЧИН НА ПОСТОЕЊЕ — A WAY OF EXISTING




Поезијата на Никола Маџиров е сочинета од стихови во кои се говори за едно лично време и еден личен простор, притоа пронаоѓајќи го во таквата интимност патот до универзалното. Поетскиот субјект зазема активна улога кон времето и просторот, но не со обид да промени нешто во временскиот след ниту, пак, да влијае врз обликот или распоредот на она што го окружува. Неговата активна улога кон времето се согледува во препуштањето на сеќавањата за минатото и претчувствувањата за иднината, кои постојат рамноправно со сегашниот миг, а активната улога кон просторот – во начинот на кој поетскиот субјект ги доживува објектите, согледувајќи ја во нивното постоење пресликана сопствената егзистенција.



Автор: **Никола Маџиров**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 978-9989-55-062-1

Author: **Nikola Madzirov**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-010-6

## РАЗГОВОР СО СПИНОЗА — SPINOZA




Низ исклучителниот книжевен потфат на Гоце Смилевски, „холограмот" на Спиноза, вообичаено проектиран низ страниците на историско-филозофските студии, го добива својот соблазнителен двојник-човекот од крв и месо, кој својот самотен универзум парадоксално го споделува со сите нему слични, кои некогаш постоеле или ќе постојат. Спротивставеноста на овие два лика е една од суштествените димензии на судирот кој јачи низ целата структура на романот.



Автор: **Гоце Смилевски**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-043-3

Author: **Goce Smilevski**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-013-7

## СИНТАКСА НА СВЕТЛИНАТА / SYNTAX OF THE LIGHT




Јовица Тасевски - Етернијан е поет кај кого е нагласено присутна линијата на пеењето и мислењето како синтеза на творечка креација. Да се пее песната, но истовремено и да се промислува, да се поседува свест за неа како естетски феномен на јазикот и битието во заедничка спрега, тоа е темелниот императив на овој поет. Станува збор за поезија со свој идентитет и место во современата македонска поезија. Всушност, поетското писмо на Етернијан е адресирано до високата читателска аристократија.




Автор: **Јовица Тасевски - Етернијан**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 978-9989-55-147-5

Author: **Jovica Tasevski - Eternijan**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-098-4

## СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ПОЕЗИЈА / CONTEMPORARY MACEDONIAN POETRY




Содржината на оваа широка панорама го покажува богатството на творечки идеи и естетски проблесоци на многубројни автори кои егзистираат во нашата литература со свои препознатливи специфики. Овој избор треба да го покаже широкиот спектар на творечки тенденции и определби со што се разгранува богатството на современата македонска поезија на мотивско-тематски и стилско-изразен план. Вака конципирана, книгава претставува своевиден архипелаг од поетски светови. На читателите останува да го изберат својот пат низ тие светови, да ги откриваат убавините на уметноста на поетската реч.




Приредил: **Веле Смилевски**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 978-9989-55-155-0

Selection: **Vele Smilevski**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-088-5



## МАКЕДОНСКИ РАСКАЗИ / MACEDONIAN SHORT STORIES




Во книгата се презентирани најкарактеристичните раскажувачки остварувања во македонската литература во период од едно столетие. Со својата тематска и литературна разновидност, расказите претставуваат свет за себе. Како целина во книгава прават разновидно единство, полно со силни пораки за нашето минато, за историјата, за љубовта, за татковината и за секојдневниот живот.




Приредил: **Раде Силјан**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 978-9989-55-110-9

Selection: **Rade Siljan**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-074-8

## РОМАНИ ЗА ДЕЦА (I) CHILDREN'S NOVELS (I)




Романите, ,,Волшебното самарче" од Ванчо Николески, ,,Бојан" од Глигор Попоски, ,,Милосија" од Ката Мисиркова-Руменова, ,,Големата шума" од Видое Видичевски, и ,,Белото циганче" од Видое Подгорец се емотивно и духовно наследство на македонскиот народ, дела што имаат значајна улога во спојувањето на идеалот на минатото и сегашноста.



Приредил: **Светлана Христова-Јоциќ**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 978-9989-55-164-2

Selection: **Svetlana Hristova-Jocik**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-064-9

## РОМАНИ ЗА ДЕЦА (II) CHILDREN'S NOVELS (II)




Во романот„Разлетување", Александар Поповски вешто и духовито го следи она уште со насловот потенцирано: кон просторите на борбата, себесознавањето и слободата на малите херои. Детското палавство и смисла за правичност, меѓучовечкото комуницирање што не знае секогаш за респект на логиката, непоколебливиот оптимизам, се белези во романот„Големи и мали" од Бошко Смаќоски. Велко Неделковски во романот „Збунети години" пишува за детството, таа доба кога сме најсилни, непревидливи и непоправливи мечтатели. Романот на Горјан Петревски„Марта" е психолошка сказна за едно детско срце со премногу болка во својата душа, премногу мечти и тага. Срце во кое за секој има место, срце на кое не му е потребно ништо друго, освен татковска љубов за да биде цело. Вистинскиот приказ на животот можеме да го видиме токму во овој роман. Роман кој е огледало во кое секој од нас се гледа, се препознава. Јадранка Владова во романот„Девојчето со две имиња" како главна нишка ќе ја постави психата, а инспирацијата за ова дело ја нашла во комуникацијата со детската реалност, со настаните во семејството. Киро Донев во„Манастирски ѕвона" пишува за онаа„завојувачка сила" во минатото во нашата земја.



Приредил: **Светлана Христова-Јоциќ**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 978-9989-55-164-9

Selection: **Svetlana Hristova-Jocik**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-066-3



## СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ПОЕЗИЈА ЗА ДЕЦА CONTEMPORARY MACEDONIAN POETRY FOR CHILDREN




Современите македонски поети за деца, сестрано, но промислено, инвентивно и креативно го отклучија патот на естетското во поетската реч за деца, во поетскиот компас ги впрегнаа неисцрпните теми и мотиви од детскиот свет испреплетени со мозаиците на природата и растителниот свет. Импулсирани низ ведра поетска слика, хуморна стихуваност, нијансна лирска баладична треперливост, напати родољубива топлина и плима - поетските светови за деца во колоритот на македонските поети се вистинска наслада за децата.



Приредил: **Мито Спасевски**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 978-9989-55-151-2

Selection: **Mito Spasevski**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-065-6

## РАСКАЗИ ЗА ДЕЦА | CHILDREN'S SHORT STORIES




Македонската литература за деца, а во тие рамки и расказот, се издигнува до високо естетско рамниште, со свои специфични особености и со своја визија кон иднината. Таа ја освои котата на високите вредности и македонската литература, ја внесе во културната мисла на светските вредности на човештвото, кои остануваат трајна придобивка за генерациите. Преку овие раскази, истакнати се детските мечти како најдраг спомен од животот пренесувајќи го читателот низ недопрените предели на просторот и времето.



Приредил: **Петре Димовски**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 978-9989-55-140-0

Selection: **Petre Dimovski**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-027-4

## ПАРАДОКСОТ НА ДИОГЕН | PARADOX OF DIOGENES




„Парадоксот на Диоген" претставува највисокиот дострел на таканаречената македонска реалистична драматика/ драматургија, во која се проблематизира прашањето за моралната одговорност на еден млад и мошне талентиран инженер, кому – симболично, но и фактички – градбата за која одговара драматично му се урива.



Автор: **Томе Арсовски**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 978-9989-55-148-2

Author: **Tome Arsovski**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-012-0

## ОДБРАНИ ДРАМИ | SELECTED PLAYS




Првата драма на Горан Стефановски, „Јане Задрогаз" за своја основа има материјал од ризницата на народното творештво. Предмет на драмата „Диво месо" е неизвесната и трауматична состојба во Македонија непосредно пред Втората светска војна. Во драмата „Лет во место" е проектирана состојбата на македонскиот човек од втората половина на XIX век. Суштинскиот проблем во драмата „Hi-Fi" се содржи во прашањето на еден од главните протагонисти: „Може ли човекот да биде верен на себеси?" Основна теза во драмата „Дупло дно" е дека талогот од животот и животната вистина од дното не е оној вистинскиот без содржините на талогот од другото дно, што авторот го нарекува дупло дно. Творештвото на Горан Стефановски зафаќа важни прашања од политички, национален и социјален карактер.



Автор: **Горан Стефановски**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 978-9989-55-141-3

Author: **Goran Stefanovski**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-028-1

## ОДБРАНИ ДРАМИ — SELECTED PLAYS




Драматиката на Јордан Плевнеш може да ја замислиме како триаголник во чиј центар е Македонија. Страните на триаголникот се препознатливи и присутни во секоја негова драма: идентитетот на Македонецот, наметнатата потреба постојано и постојано тој идентитет да се потврдува и зајакнува, несомнено, е значаен дел од тој триаголник. Поврзана со идентитетот е и потрагата по дом, вдомување на поединецот, но и на нацијата. Конечно, силно нагласена во драматиката на овој автор е третата страна на нашиот триаголник: односот кон Европа.




Автор: **Јордан Плевнеш**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 978-9989-55-169-7

Author: **Jordan Plevnesh**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-029-8

## СОВРЕМЕНА МАКЕДОНСКА ДРАМА — MODERN MACEDONIAN DRAMA




Македонската современа драма презентирана во овој избор може да се дефинира како актуелна, репрезентативна, податлива за поставување на сцена и во корелација со светската театарска практика.




Приредил: **Ана Стојаноска**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 978-9989-55-113-0

Selection: **Ana Stojanoska**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-107-3

## КОДОТ НА МАКЕДОНСКАТА КНИЖЕВНА ИСТОРИЈА — THE CODE OF MACEDONIAN LITERARY HISTORY




Овој избор е насловен „Кодот на македонската книжевна историја" со цел да биде (интертекстуална) алузија на познатиот есеј на Митрев „Минато и литература" и да ја сугерира темелната заинтересираност на Митрев за македонската книжевна и културна историја и за македонското национално битие. Изборот „Кодот на македонската книжевна историја" е составен од два круга текстови, кои ги профилираат двете константни, критички практики и интелектуални интереси на Димитар Митрев. Првиот круг е наречен „Македонските сејачи", а вториот „Догмите на реализмот и илузиите за модернизмот".



Автор: **Димитар Митрев**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 978-9989-55-099-7

Author: **Dimitar Mitrev**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-052-6

## ПО ТРАГИТЕ НА СМИСЛАТА И УБАВИНАТА — FOLLOWING THE TRAIL OF MEANING AND BEAUTY




Појавата и негувањето на компаративниот приод во толкувањето на книжевните феномени, кај Милан Ѓурчинов се должат на неговата стручна и интелектуална надградба, што овозможува увид во пошироката констелација на светските книжевни искуства и оттука можност за проучување на националната книжевност во хоризонтот на општата книжевна традиција. Македонската книжевност, и целокупната македонска култура, е натопена со повеќестрани духовни влијанија, појави и особини што ги наметнал комплексниот историски развој во пресекот на разновидните цивилизациски струења. Ѓурчинов смета дека компаративизмот треба да нè доведе до подобро запознавање и објаснување на оригиналните вредности на националната книжевност, да ни обезбеди поцелосна слика за нејзе и да ни одговори до кој степен соодветните вредности ѝ се својствени токму неа, за разлика од другите литератури.



Автор: **Милан Ѓурчинов**


Издавач:
МИКЕНА, Битола
ISBN 978-9989-55-138-3


Author: **Milan Gjurchinov**


Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje
ISBN 978-608-232-030-4


## ХЕРМЕНЕВТИКА НА НОВАТА ... — HERMENEUTICS OF THE CONTEMPORARY ...




Метафорично опишана, со термини зајмени од неговото творештво, може да се каже дека книжевната херменевтика на Старделов, како херменевтика на суштноста, е херменевтика на душата на книжевноста, херменевтика на оној простор и време што не ги познава вообичаените граници на животот и на смртта, просторот на слободниот творечки дух, просторот во кој се меморира духот на народот, на јазикот и на неговиот културен хронотоп.



Автор: **Георги Старделов**


Издавач:
МИКЕНА, Битола
ISBN 978-9989-55-111-6


Author: **Georgi Stardelov**


Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje
ISBN 978-608-232-108-0


## МАКЕДОНСКАТА ЛИТЕРАТУРНА КРИТИКА — MACEDONIAN LITERARY CRITICISM




Литературната критика во Македонија своите вистински зачетоци во организирана форма ги има во првите години по ослободувањето, а позабрзан процес доживеа во годините кога се појавија значајни творечки остварувања во поезијата, прозата и драмата. Книгите со критичко-есеистички текстови одиграа значајна улога во приближувањето на нашата литература во процесот на образованието и во литературната надградба на македонските генерации.




Приредил: **Раде Силјан**


Издавач:
МИКЕНА, Битола
ISBN 978-9989-55-117-8


Selection: **Rade Siljan**


Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje
ISBN 978-608-232-031-1

## МАКЕДОНСКИОТ ЕСЕЈ

## MACEDONIAN ESSAY




Кога кон есејот се пристапува на мета - ниво во форма на говор за белезите и суштината на есејот, односно кога се пишува ,,обид за обидот", тогаш најмалку што треба да се стори е да се дефинира есејот, да се укаже на неговата историја, да се проследат неговите развојни фази и да се протолкуваат неговите филозофско-книжевни основи.




Приредил: **Иван Цепароски**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 978-9989-55-166-6

Selection: **Ivan Dzeparoski**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-109-7

## MËKATET E FALURA

## FORGIVEN SINS




„Простени гревови" е избор од поезијата на еден од најзначајните претставници на литературата на албански јазик во Македонија. Поезија во која поетскиот говор провејува во својата елементарна чистина и свежина. Поетска индивидуалност која длабоко се вткајува во културната средина.




Автор: **Murat Isaku**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-089-1

Author: **Murat Isaku**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-077-9

## SHQETËSIMI NË DJEP

## A WORRY IN THE CRADLE




Поезија во која се чувствува длабока поврзаност со родниорт крај. Во поетските слики доминира пределот на родното место, се слушаат метафоричните звуци од детството, длабоко се вдишуваат мирисите на едно време кое неповратно изминало.




Автор: **Abdylazis Islami**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-073-5

Author: **Abdylazis Aslami**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-032-8

## KOHA E DHIVE — THE TIME OF THE GOATS




Во Романот „Времето на козите“ полифонично е претставена балканската комплексност. Луан Старова е писател кој знае како да креира повеќе наративни текови, а со својата згусната нарација сведочи за трагични настани и сложени политички збиднувања.




Автор: **Luan Starova**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-088-3

Author: **Luan Starova**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-097-7

## HAMLETI ME PLIS TË ZI — HAMLET WITH THE BLACK CAP




Поезијата на Ресул Шабани се одликува со богата животна рефлексија. Овие песни изобилуваат со реминисцентни проблесоци насочени кон историјата, митологијата, но и кон сопствениот живот, сфатен, пред сѐ, како ограничен миг во бесконечноста.




Автор: **Resul Shabani**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-090-5

Author: **Resul Shabani**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-033-5

## PAHINTIKË NË ËNDËRR — PAHINTIKA IN A DREAM




Драмата „Pahintikë në ëndërr“ зазема значајно место во драмското творештво на албански јазик во Македонија. Специфичниот драмски текст вешто кокетира меѓу спротивставените светови на реалното и нереалното. Во ова драмско дело нивната кохабитација како да создава нова драмска „реалност“.




Автор: **Xhabir Ahmeti**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-094-8

Author: **Xhabir Ahmeti**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-034-2

## KLITHMA E IKARIT — THE CRY OF ICARUS




Адем Гајтани е поет во чие творештво се чувствува силна поврзаност со усната наративна традиција. Но сепак, поетот успева на своите песни да им наметне изразена модернистичка нишка. Поезија во која се забележува призвукот на најзначајните поетски тенденци на XX век.



Автор: **Adem Gajtani**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-145-1

Author: **Adem Gajtani**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-082-3

## DON KISHOTI TE SHQIPTARËT — DON QUIHOTE AMONG ALBANIANS




Есеите во „Дон Кихот меѓу Албанците" се наменети за вистинските вљубеници во книжевноста. Иако есејот не е „официјален" книжевен жанр, Али Алиу со својот специфичен приод кон проблемот, со јазикот кој понира во најситните пори на зафатениот предмет и со свежиот стил успева на есејот да му го наметне книжевниот плашт.



Автор: **Ali Aliu**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-075-1

Author: **Ali Aliu**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-089-2

## BOTA SILLET RRETH JUGUT — THE WORLD REVOLVES AROUND THE SOUTH




Во поезијата на Агим Винца се забележува посебен сензибилитет во кој доминира интимниот однос кон болката, стравот, очајот. Но тоа не е страв од животот и светот. Токму напротив, тоа е и храбро соочување со сите животни премрежија.



Автор: **Agim Vinca**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-074-3

Author: **Agim Vinca**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-035-9

## ALPINISTI

## THE ALPINIST




Романот „Алпинист“ се карактеризира со силна фабула, концентрирана во една точка – да ги открива внатрешните судири на личноста: надежта, соништата, стравот, револтот. Со ова, Баша како да сака да ни покаже дека ова се клучните карактеристики и на нашето време и на општествениот амбиент. Планинскиот врв е симбол на недопирливоста, но и на целта, без оглед на последиците.



Автор: **Eqrem Basha**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-081-6

Author: **Eqrem Basha**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-036-6

## ALGA E DALË NGA DETI

## THE ALGA OF THE SEA




„Alga e dalë nga deti“ е поетски живопис на Нехас Сопај. Во своите песни, Сопај ја третира положбата на индивидуата во светот што го опкружува. Тие личат на поетски проглас за свесното доживување на себеси и на сето она што пулсира наоколу.



Автор: **Nehas Sopaj**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-091-3

Author: **Nehas Sopaj**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-037-3

## VITET E URITHIT

## THE MOLE YEARS




Роман, литературна слика на една селска средина, еден затворен животен простор во кој сè е можно и ништо не е можно. Простор кој егзистира по сопствените закони, каде што вредностите и мерилото за доблест се изместени. Роман, алегориска слика, за силината и волјата на човекот да опстои и во неподносливи услови.



Автор: **Kim Mehmeti**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-082-4

Author: **Kim Mehmeti**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-038-0

## DROJA E KADIUT — THE FEAR OF KADIU




„Стравот на кадијата“ е роман кој се осврнува на еден сегмент од албанската историја, а тоа е XVII век и процесот на исламизација ва Албанците. Романот ги поседува сите карактеристики на сериозен историски роман. Роман кој обработува комплексна историска тема притоа не заборавајќи го местото на обичниот човек во историјата.



Автор: **Rexhep Zllatku**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-093-X

Author: **Rexhep Zllatku**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-039-7

## DRAMA — DRAMA




Во изборот се застапени драмите на Неџат Мустафа, Хаљиљ Зендељи и Авни Хаљими, албански драмски писатели од Македонија. Застапените автори се докажани мајстори на драмското творештво, кои целосно ја познаваат спецификата на драмскиот говор, како и комплексноста на драмската композиција.



Selection: **Shkëlzen Halimi**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-086-7

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-083-0

## POEZI (I) — POEMS I




Избор од творештвото на поети кои пишуваат на албански јазик во Република Македонија. Солиден антологиски преглед на состојбите, мотивската разновидност и односот кон поетскиот говор во нашата поезија напишана на албански јазик.



Selection: **Ali Aliu**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-161-8

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-040-3 (I)

## POEZI (II) — POEMS II




Избор од творештвото на поети кои пишуваат на албански јазик во Република Македонија. Приказ на една книжевна, пред сè, поетска, динамика и созревање. Потврда дека ништо повеќе не зближува и обединува повеќе од универзалноста на поетскиот говор.




Издавач:
МИКЕНА, Битола
ISBN 9989-55-161-6

Selection: **Ali Aliu**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje
ISBN 978-608-232-041-0

## TREGIME TE ZGJEDHURA — SELECTION OF THE SHORT STORIES




Книжевна панорама на краткото прозно творештво на албански јазик во Македонија. Избор кој ја покажува разновидноста на темите, постапките и стилот во расказите на писателите Албанци од Македонија. Застапените имиња се доказ за привлечноста на овој книжевен жанр во нашата средина.



Издавач:
МИКЕНА, Битола
ISBN 9989-55-130-8

Selection: **Halil Zendeli**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje
ISBN 978-608-232-090-8

## DALLGËT E JETËS — THE WAVES OF LIFE




Литературата за деца на албански јазик во Македонија својот врв го постигнува во краткото прозно творештво. Застапените автори се доказ за ваквата теза. Тие знаат дека децата се пребирлива читателска публика што треба искрено да се почувствува.




Издавач:
МИКЕНА, Битола
ISBN 9989-55-132-4

Selection: **Fejzi Bojku**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje
ISBN 978-608-232-084-7

## PAÇ DITËN E MBARË — HAVE A NICE DAY




Литературата треба да биде забавна, но и да поучува. Ова во целост е прифатено кај поетите за деца на албански јазик во Македонија. Авторите во овој избор знаат да навлезат во детскиот свет, да ја почувствуваат детската душа, да ја разберат тагата и да ги сопрат детските солзи.



Издавач:
МИКЕНА, Битола
ISBN 9989-55-132-9

Selection: **Fejzi Bojku**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje
ISBN 978-608-232-091-5

## KRITIKA LETRARE — LITERARY CRITICISM




„Литературна критика" претставува избор на книжевно-есеистички текстови на албански јазик. Во овој избор се застапени текстови кои акцентот го ставаат на историското место на конкретното дело или автор, но има и такви текстови кои делото го разгледуваат, пред сè, од аспект на поновата теориска мисла.



Издавач:
МИКЕНА, Битола
ISBN 9989-55-087-5

Selection: **Ali Aliu**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje
ISBN 978-608-232-43-4

## BIR DEMET ŞIIR — A BOUQUET OF POEMS




Поетски избор во кој се застапени претставниците на трите генерации поети, припадници на турската етничка заедница во Македонија. Овој избор е слика за развојот и креативните стремежи на поезијата на турски јазик на овие простори.



Издавач:
МИКЕНА, Битола
ISBN 9989-55-146-4

Selection: **Abdulkadir Hayber**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje
ISBN 978-608-232-070-0

## BIR TUTAM HIKAYE — A HANDFUL OF STORIES




Избор раскази од 13 писатели, припадници на турската етничка заедница во Македонија. Солиден приказ на развојот на кратката проза на турски јазик во нашата културна средина.



Selection: **Fahri Kaya**

Издавач:
МИКЕНА, Битола
ISBN 9989-55-122-7

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje
ISBN 978-608-232-067-0

## ÇOCUKLARA BIR DEMET ŞIIR — A BOUQUET OF POETRY FOR CHILDREN




Поетски избор во кој се застапени претставниците на трите генерации поети, припадници на турската етничка заедница во Македонија. Овој избор е слика за развојот и креативните стремежи на поезијата на турски јазик на овие простори.



Selection: **Abdulkadir Hayber**

Издавач:
МИКЕНА, Битола
ISBN 9989-55-079-4

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje
ISBN 978-608-232-042-7

## BIR TUTAM HIKAYE — A HANDFUL OF STORIES




Избор раскази од 13 писатели, припадници на турската етничка заедница во Македонија. Солиден приказ на развојот на кратката проза на турски јазик во нашата културна средина.



Selection: **Fahri Kaya**

Издавач:
МИКЕНА, Битола
ISBN 9989-55-122-7

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje
ISBN 978-608-232-067-0

## ELEŞTIRILER VE DENEMELER — CRITICISM AND ESSAYS




Избор од книжевната критика и есеистика од критичари и есеисти кои пишуваат на турски јазик во Република Македонија. Избраните текстови се осврнуваат на значајни дела и креативни моменти во развојот на литературата на турски јазик во Македонија.




Selection: **Shennur Suleyman Bashar**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-156-1

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-078-6

## BIR DESTE OYUN — A BUNCH OF PLAYS




Избор од драмското творештво на турски јазик во Република Македонија. Изборот започнува со првите драмски обиди на Хусеин Сулејман и Мустафа Карахасан, а завршува со драмските текстови на Ирхан Беѕур и Сабит Јусуф. Преглед на развојот на еден книжевен жанр, кој директно се однесува и на развојот на театарската сцена кај нас.




Selection: **Fahri Kaya**

Издавач:
МИКЕНА, Битола

ISBN 9989-55-085-9

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-068-7

## КРАЈНИТЕ ПОТЕЗИ — THE FINAL STROKES




Во лириката на овој поет е забележлива отвореноста кон несекојдневните теми, кои се проткаени со кристално јасни јазични форми. Неговото пеење е надвор од обичната заводливост и од вообичаените лексички шеми. Отвореноста кон битните мотиви придонесува за расчленување на ликовните димензии на изразното ниво, но и за ширење на семантичкиот слој. Поетскиот субјект се издвојува и, воспоставувајќи го своето специфично аксиолошко гледиште, станува алтернативен, односно ги негира општите својства на реалниот свет. Светот во ваквата поезија се трансформира, создавајќи мозаик од слики со кои се нарушува античката митска приказна, но и библиската митолошка семантика. Во поетовата душа живее свеста за промените и за разградувањето на основните морални вредности. Демаскирањето на стварноста прераснува во можност за пресликување на убавината на светот, па оттука љубовта станува возвишена категорија, иако навидум се загрозени духовниот и интелектуалниот интегритет на човекот. Поезијата на Санде Стојчевски е вистински бунт во јазикот, и бунт на јазикот, необична игра, невообичаена појава и сведоштво на длабоки промени.




Автор: **Санде Стојчевски**

Издавач:
КСЦ, Скопје

ISBN 978-608-4721-02-4

Author: **Sande Stojčevski**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-124-0

## ВЕК ЗА САМУВАЊЕ / A LIFETIME FOR SOLITARINESS




Веле Смилевски е поет на богата и рафинирана култура која во неговото поетско творештво ги има во себе, како свои водечки поетички начела, принципите на Спиноза „натура натуранс и натура натурата, односно поезијата е создадена, но таа трае како создавачки чин. Затоа, тој, имено, ја открива својата поезија низ поезијата истовремено осознавајќи ја неа, всушност рефлектирајќи ја и осмислувајќи ја нејзината сушност во самиот чин на нејзино создавање. Во оваа поезија се исполнуваат и проникнуваат поетското искуство и поетските идеи, но притоа поетот користи некои реторички фигури од античката реторика, издигнувајќи ги во свои базични поетички начела. Затоа оваа поезија врие од многубројни интелектуални, морални, поетски, семантички, синтаксички, фонолошки, јазични, филозофски и други парадокси. Оттука, на тој начин, поетската вистина не е еднозначна туку полизначна, а светот е отворен исто како и секоја книга пред таинственоста на животот.



Автор: **Веле Смилевски**

Издавач:
КСЦ, Скопје

ISBN 978-608-4721-03-1

Author: **Vele Smilevski**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-125-7

## ОГЛЕДАЛО НА ВЕКОВИТЕ / MIRROR OF THE CENTURIES




Критиката има нотирано дека кај поетот Раде Силјан мислата и емоцијата претставуваат неделива целост. Тој е модерен поет преку „традиционалното" и традиционален низ „модерното". Избраните стихови во овој том претставуваат завршеток на неговиот целосно обмислен и поетски реализиран проект. Силјан дава придонес внесувајќи уникатно и универзално значење и созвучје во секој свој збор и стих.



Автор: **Раде Силјан**

Издавач:
КСЦ, Скопје

ISBN 978-608-4721-01-7

Author: **Rade Siljan**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-126-4

## ОГАН ВО ОБРАЧИ / RINGS OF FIRE




Читајќи ја поезијата на Цветкоски застапена во овој избор го имаме чувството дека една света маја се крева од топлите роднокрајни ораници. Тоа значи дека неговите песни, темелно промислувани и длабоко проникнати со перфектно книжевно мајсторство, директно никнат од македонската почва. Песната на Цветкоски е упатена и мудра, отворена е за догрелите во нашата народна лирска традиција, но и за респектабилните светски искуства на познатите поетски мајстори.



Автор: **Бранко Цветкоски**

Издавач:
КСЦ, Скопје

ISBN 978-608-4721-04-8

Author: **Branko Cvetkoski**

Publisher:
St. Clement of Ohrid, NUL, Skopje

ISBN 978-608-232-123-3

МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА

ЕДИЦИЈА

# НОБЕЛОВА НАГРАДА ЗА ЛИТЕРАТУРА

Превод на македонски јазик

## **ОДБРАНИ ПЕСНИ**, поезија



Поет на класична убавина и истанчен психологизам, како и на романтичарската носталгија кон старината, исчезнатите нешта и спомените. Најчесто застапените мотиви во песните на овој поет се чистата убавина и просторот на душата, чувствата и меката меланхолија за светот кој исчезнува пред нашите очи.

Автор: **Сили Придом**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-9989-55-173-4 (кн.)

## **РИМСКА ИСТОРИЈА**, есеи



Во овој труд Момсен ги изнесува своите енциклопедиски знаења за древниот Рим. На високо научно ниво, историјата (наменета за обични читатели) му донела голема популарност. Овој фундаментален труд станува едно од најпопуларните историски дела. Тој нуди пет историски фази на кои мнозинство истражувачи и денес се потпираат.

Автор: **Теодор Момсен**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-9989-55-216-8

## **РАКАВИЦА**, драма



Норвешки поет, драмски писател, романсиер, новинар и општественик, автор на таканаречените проблемски пиеси - жанр кој добива силен развој во драматургијата на Хенрик Ибзен. Бјернсон, во оваа кратка драма ја засегнува темата за љубовта и неверството. Се работи за една млада девојка чиј свршеник ја изневерува пред самата свадба.

Автор: **Бјернстјерне Бјернсон**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-9989-55-214-4

## **ГОЛЕМИОТ СПЛЕТКАР**, драми



Хосе Ечегарај ја развива театарската традиција од епохата на ,,златниот век” на шпанската драма. Неговите пиеси се адекватен израз на вкусот на публиката кон мелодрамата, со романтична интерпретација на вечните теми: љубов, должност, чест. Подоцнежното творештво му е под влијание на францускиот натурализам и драматургијата на Хенрик Ибзен.

Автор: **Хосе Ечегарај**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-9989-55-258-8

## **ЗЛАТНИТЕ ОСТРОВИ**



Низ стихови, во „Златните острови“ провејува духот на Прованса. Песните во оваа книга се одликуваат со забележителна оригиналност која извира од духот на народот на Прованса. Поезија која силно се потпира врз интересот за старата народна традиција и врз богатството на народниот јазик.

Автор: **Фредерик Мистрал**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-9989-55-239-7 (13)

## **ИЗБРАНИ РАСКАЗИ**, проза



Првите повести и раскази на Сјенкјевич ги одразуваат идеите на позитивизмот, ја опишуваат со песимизам горчината на неправедноста на светот и мизеријата. Светски познат е неговиот историски роман „Кво вадис“ (1896 г.), посветен на животот во древниот Рим, во кој раскажува за прогонот на христијаните од страна на императорот Нерон. Исполнети со патриотизам, историските романи му се најдоброто постигнување во полската литература. Вештината на раскажувач што создава драмски дејства, блескави сцени и богати описи, како и совршенството на јазикот и стилот, му донесуваат светска популарност.

Автор: **Хенрик Сјенкјевич**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 9989-55-263-0

## QUO VADIS?



„Кво вадис?“ е историски роман, едно од најпознатите дела на Хенрик Сјенкјевич. Животот во Стариот Рим и прогонот на првите христијани од страна на императорот Нерон, се опишани низ блескаво креираните сцени, напнатото дејство и богатиот и длабок опис на ликовите.

Автор: **Хенрик Сјенкјевич**

Издавач: ТРИ / Арс ламина, Скопје
ISBN: 978-608-230-104-4

## ИЗБОР ПОЕЗИЈА, поезија



Поезијата на Џозуе Кардучи се карактеризира со свеж стил и лирска сила, обоена со критичко истражување и кретивна енергија. Во 1860 година ја објавува поемата „Кон сатаната“, едно од неговите најзначајни дела. Поетското творештво на Кардучи има силно емоционално влијание меѓу читателите, а со својот патриотски дух, авторот е една од највлијателните личности во италијанската литература во XIX век. Автор е и на монографии, критички есеи и литературни истражувања, собрани во 26 тома.

Автор: **Џозуе Кардучи**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN ISBN 9989-55-234-7

## КИМ, роман



Своите впечатоци и доброто познавање на англоиндиското општество ги користи во расказите што ги објавува во локалниот печат, а својата прва збирка поезија „Департмански песни“ ја објавува во 1886 година. Во 1889 година од Бомбај, Индија, заминува во Лондон, каде што е поздравен како литературен наследник на Чарлс Дикенс, но набрзо заедно со семејството заминува во САД, каде што објавува две од своите најзначајни дела: збирките раскази „Книга за џунглата“ и „Втора книга за џунглата“. Во 1896 година, по враќањето од Америка, го објавува својот роман „Ким“, сметан за најдобро дело на англиски јазик за животот во Индија.

Автор: **Раџард Киплинг**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 9989-55-235-5

## КНИГА ЗА ЏУНГЛАТА, роман



Раџард Киплинг е англиски поет и белетрист, добитник на Нобеловата награда за литература во 1907 година, за богатството на идеи и забележливиот раскажувачки талент. Индија ќе биде вечниот пламен на инспирација за овој контроверзен, необичен, сакан и негиран автор. Книгата е збирка со кратки прикази во кои е прикажана џунгла, во која животните можат да бидат вистински пријатели, пријатели какви што ретко стекнуваме во животот, оние што те сакаат безусловно.

Автор: **Раџард Киплинг**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-608-4694-33-5

## ОСНОВНИ НАСОКИ ВО СОВРЕМЕНАТА МИСЛА, есеи



Во оваа книга авторот го поврзува историскиот развој на филозофијата со сопствените погледи. Книгата предизвикува широк интерес меѓу интелектуалците во Европа.

Автор: **Рудолф Ојкен**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-9989-55-272-4 (кн.)

## САГА ЗА ЈОСТА БЕРЛИНГ, роман



Делата на Селма Легерлеф се одликуваат со висок идеализам, духовна возвишеност и благородност. По објавувањето на романот за Јоста Берлинг, таа станува исклучително популарна во својата татковина. Автор е и на познатиот роман за деца „Прекрасното патување на Нилс Холгерсон“, со кој дефинитивно се зацврстува меѓу водечките писатели во шведската литература од почетокот на минатиот век.

Автор: **Селма Лагерлеф**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 9989-55-236-3

## ИЗБОР ПОЕЗИЈА



Германски поет, романсиер и есеист. Доследен претставник на германскиот романтизам во поезијата. Никогаш не отстапува од својата преданост кон убавината на светот на чувствата и го отфрла настапувачкото натуралистичко сликање на мрачната стварност.

Автор: **Паул Хајзе**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-9989-55-264-9 ! (дбл.)

## СИНАТА ПТИЦА / СЛЕПЦИ, драми



Метерлинг е најзначајниот претставник на симболизмот во театарот и е еден од претходниците на театарот на апсурдот. Во своите драми категорично ја искажува бесперспективноста на тоталитаризмот.

Автор: **Морис Метерлинг**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-9989-55-231-1 (13)

## ИЗБРАНИ ДРАМИ



Хауптман е најголем германски драмски писател од крајот на XIX и почетокот на XX век и многу негови драми се поставени со успех во низа европски театри.

Автор: **Герхарт Хауптман**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-9989-55-208-3 (13)

## ИЗБОР ПОЕЗИЈА



Овој индиски поет, припадник на бенгалскиот народ, се стекнал со англиско образование и стекнал светска слава пишувајќи поезија, претежно на тема љубов.

Автор: **Рабиндранат Тагоре**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-9989-55-180-2 (кн.)

## КОЛА БРЕЊОН, роман



За време на Првата светска војна, Ромен Ролан го пишува својот најбрилијантен роман, ,,Кола Брењон", за кој Максим Горки напишал дека е ,,најубавата книга во нашите денови", и дека е ,,творба на галскиот гениј, воскресение на сјајните традиции на француската литература". Во овој роман е раскажана прекрасната и возбудлива приказна на еден занаетчија (дрводелец-уметник), од родното место на писателот.

Автор: **Ромен Ролан**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-9989-55-185-7

## ИЗБРАНИ СТИХОВИ, поезија



Книгите поезија на Хејденстам содржат низа национални и историски теми, но и егзотични искуства од патешествијата низ Ориентот. Во стиховите на овој автор има примеси од романтизам, индивидуализам и сензуализам.

Автор: **Вернер фон Хејденстам**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-9989-55-255-7 (13)

## **ПОЛАРНА МЕЧКА**, роман



Кратка приказна од данскиот добитник на Нобелова награда – Хенрик Понтопидан, во која се говори за Торкил Милер, изолиран и необразован свештеник кој ќе биде преместен во парохија на Гренланд. Милер брзо доаѓа до чувство на припадност и исполнување, живеејќи со Инуитите и останува интегриран во нивното номадско општество. Во неговата старост, сепак, Милер се враќа во родната Данска, каде наидува на големи конфронтации со Данска црква.

Автор: **Хенрик Понтопидан**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола

ISBN 978-9989-55-260-1

## **ПАТНИКОТ КАМАНИТА**, роман



Едно од најзначајните негови дела е драмата во стихови „Бринхилд“, посветена на композиторот Рихард Вагнер. Кон крајот на минатиот век, под влијание на идеите на Шопенхауер и на будизмот, ги пишува драмата „Свештени огнови“ и романите „Патникот Каманита“ и „Светските патешествија“.

Автор: **Карл Адолф Гелерут**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола

ISBN 9989- 55-277-0

## **ИМАГО**, автобиографска новела



Според многумина, неговото дело „Прометеј страдалникот“ е на исто ниво со „Така говореше Заратустра“ на Ниче, подвлекувајќи дека оваа алегорична проза подоцна влијаела и на теоријата на Јунг, особено во неговата книга за психолошките типови. Во првите пет години од минатиот век Шпителер го пишува своето ремек-дело, моќната алегориска епска поема „Олимписка пролет“ за која во 1919 година ја доби Нобеловата награда. Во поемата се испреплетени фантастичните, натуралистичките, религиозните и митолошките теми кои говорат за човечката загриженост пред универзумот.

Автор: **Карл Шпителер**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола

ISBN 9989- 55-286-X

## **ГЛАД**, роман



Во ова дело неговиот антијунак скита низ улиците на Осло, гладен, без работа и без дом, обидувајќи се да објави некое свое дело. Агонијата низ која минува е страшна, но интересно е дека овој исклучителен роман е проткаен со луцидност, со неверојатна смисла за хумор, па и покрај неговата херметичност и морничавост, изгледа свежо и достоинствено.

Автор: **Кнут Хамсун**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола

ISBN 978-9989-55-206-9

## **МИСТЕРИИ**, роман



Во 1877 година Хамсун го објавува својот прв роман „Туѓиот човек“, а по тринаесет години, својот втор роман „Глад“, кој предизвикува сензација во Скандинавија, но и го потврдува авторот како сериозен писател со големи романсиерски можности. Со овој роман Хамсун всушност го зазема местото на водечка фигура на неоромантичарската тенденција во скандинавската литература на XIX век, која го ослободува романот од крајностите на натурализмот. Ирационалните, неочекувани пресврти во делото, како и импресионистичкиот стил во пишувањето се оценуваат исклучително високо од веќе познатите и признати писатели, како Томас Ман и други.

Автор: **Кнут Хамсун**

Издавач: „МАГОР“, Скопје

ISBN 978-608-162-4

## **ЦРВЕНИОТ КРИН**



„Црвениот крин“ е еден од познајачните романи во раниот период од прозното творештво на Анатол Франс. Романот ги поседува најважните главни карактеристики на прозата на Франс: мајсторски претставениот детаљ и прецизната опсервација на просторот и на времето.

Автор: **Анатол Франс**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола

ISBN: 9989-55-289-4

## ТРИ ДРАМИ



Избор од обемното творештво на Хасинто Бенавенте, еден од најзначајните шпански современи драмски писатели. Избраните драми („Господарка“, „Грешна љубов“ и „Креирани интереси“) се одликуваат со конкретна драмска композиција, збиено дејство, психолошки докрај изградени ликови и јасен и остар драмски говор.

Автор: **Хасинто Бенавенте**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN: 9989-55-245-2

## ОДБРАНИ ПЕСНИ, поезија



Во 1889 година Јејтс ја издава својата прва збирка стихови „Скитањето на Оизин“ во чија основа е вткаена ирската митологија. Додека неговата почетна поезија е декоративна и симболистичка, поврзана со ирскиот фолклор, подоцнежните творби од „Кулата“ (1928 г.) и „Витата скала“ (1933 г.) се показ на неговата најзрела фаза. Во нив главна тема е напрегањето меѓу она што Јејтс го нарекува срце и душа, меѓу светот на телесниот и светот на духовниот стремеж. Во тие стихозбирки Јејтс го постигнува врвот на своето поетско мајсторство.

Автор: **Вилијам Батлер Јејтс**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 9989-55-237-1

## КОМЕДИЈАНТКА



„Комедијантка“ е типично реалистично прозно дело со изразени натуралистички елементи. Романот поседува и автобиографски елементи. Роман за младоста, соништата, желбите, бунтовноста, вербата во добрината и правдата, но и роман за разочарувањето, реалноста, изгубените животни битки и болката.

Автор: **Владислав Ст. Рејмонт**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 9989-55-210-x

## ИЗБОР ДРАМИ



Драмите на Шо се оригинални, со специфичен интелектуален патос. Тој пишува пиеси во кои судирот на идеите се открива во парадоксални ситуации, во кои мислата и дејството се преплетуваат со интелектуалната проникливост и со фината иронија.

Автор: **Џорџ Бернард Шо**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-9989-55-212-0 (13)

## ПЕПЕЛ



„Пепел“ е врвот во творештвото на Грација Деледа. Тоа е роман за постојаното човеково неспокојство, роман за непрекинатото бегство и вечната потрага по камчињата кои недостигаат во мозаикот на човековата душа. Деледа во „Пепел“ пробива длабоко во психата на книжевните јунаци. Во таа душевна длабочина открива простор во кој се одвива конфликтот меѓу доброто и злото.

Автор: **Грација Деледа**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-9989-55-250-2 (кн.)

## СМЕАТА: ЕСЕЈ ЗА ЗНАЧЕЊЕТО НА КОМИЧНОТО



Француски филозоф, претставник на интуицизмот и на филозофијата на животот. Добитник е на Нобеловата награда за литература за неговите богати и обновувачки идеи и за брилијантната вештина со која се претставени тие. Во својата филозофија Бергсон го утврдува животот како вистинска и основна реалност. Суштината на животот може да биде постигната само со помош на интуицијата која непосредно проникнува во предметот и се слева со неговата индивидуална природа.

Автор: **Анри Бергсон**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-9989-55-249-6 (13)

## МАТЕРИЈА И МЕМОРИЈА, проза



Оваа книга е патување низ дуализмот на една виртуозна мисла, прекрасна и скапоцена анализа на перцепцијата и меморијата, движењето и времето, материјата и умот, набиена со ерудиција и проникливост.

Автор: **Анри Бергсон**

Издавач: „МАГОР“, Скопје
ISBN 978-608-223-120-4

## ПРОЛЕТ, проза



Пројавува големо мајсторство во опишувањето на средновековната историја на скандинавските земји. Нејзиното творештво содржи автобиографски црти, како и проблеми поврзани со местото на жената во современото општество.

Автор: **Сигрид Ундсет**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-9989-55-251-9 (13)

## МАРИО И ВОЛШЕБНИКОТ... , роман



Темите во творештвото на Томас Ман се разработени со остроумност, иронија и длабока симпатија кон човечките слабости. Ги користи мотивите и алегориите и многу внимава на јазичниот израз. Новелата „Марио и волшебникот“ е политичка алегорија во која еден корумпиран хипнотизер ги симболизира тогашните лидери на националсоцијализмот и фашизмот. Со своите книжевни пораки, пренесени низ цела Европа, Томас Ман ја разобличува идеологијата на националсоцијализмот.

Автор: **Томас Ман**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-9989-55-215-1 (13)

## ЛОТА ВО ВАЈМАР, роман



Во „Лота во Вајмар“ авторот го воспева Гете. Нобеловата награда за литература ја добива за импресивното творештво и особено за романот „Буденброкови“ (1901 г.) како класично дело на современата светска литература. Ман го објавува својот филозофски роман „Волшебниот рид“, кој претставува длабока и точна анализа на животот и на европската култура пред Првата светска војна, со одлично драматизирани теми и судбини и со иронија, остроумност и длабока симпатија кон човечките слабости.

Автор: **Томас Ман**

Издавач: „МАГОР“, Скопје
ISBN 978-608-223-183-9

## БЕБИТ, роман



Кај овој американски писател, критиката ја воочила неговата способност да се изразува јасно и прецизно, како и способноста со духовитост и хумор да создава впечатливи психолошки профили. Низ прозата, во која е евидентна сатирата, Луис се изјаснува против предрасудите, ограниченоста и самозадоволството на обичниот Американец од малиот град, како и против надменоста на интелектуалците.

Автор: **Синклер Луис**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-9989-55-203-8 (13)

## АРОУСМИТ, роман



Романот ,,Ароусмит“ говори за животот на младиот, интелигентен и посветен на науката Мартин Ароусмит, за тоа како тој го пробива патот од малиот град од средниот запад, па сè до високите ешалони на научната заедница. Ароусмит е роден во Винемак, фиктивна држава која е препознатлив знак за авторот Синклер Луис и во други негови дела. Приказната достигнува кулминација кога доктор Ароусмит ќе го реши проблемот со новонастанатата чума која ќе згасне многу животи на еден измислен карипски остров.

Автор: **Синклер Луис**

Издавач: „К.С.Ц.“, Скопје
ISBN 978-608-4694-77-9

## ИЗБРАНИ СТИХОВИ, поезија



Поезијата на Карлфелт изобилува со судири на спротивности. Во неговиот опус има најсуптилни љубовни песни, но и стихови за големите егзистенцијални прашања. Овој автор е поет на младоста и копнежот, но пее и за сензибилноста на човекот кога е во поизминати години.

Автор: **Ерик Аксел Карлфелт**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-9989-55-280-9

## ОСТРОВОТ НА ФАРИСЕИТЕ, роман



Својата книжевна слава Голсворди ја стекнува со „Сага за Форсајтови“, за која ја добива Нобеловата награда за литература, една година пред смртта. Се разбира, претходно, пред наградата, веќе има постигнато добар успех меѓу читателите со романот „Островот на фарисеите“, како и со драмската трилогија „Современа комедија“, со која постигнува голема слава. Голсворди е првиот претседател на меѓународната организација ПЕН-клуб на која и ги завештава парите од Нобеловата награда.

Автор: **Џон Голсворди**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 9989-55-238-X

## СЕЛО



„Село“ ја потврдува констатацијата дека, помалку заборавениот, Иван Бунин е вистински следбеник на поетиката на руската класична реалистична прозна традиција. Со препознатливиот стил и креативната индивидуалност, како и со изборот на темата, Бунин свесно не се потчинува на наметнатите норми и клишеа во пишувањето.

Автор: **Иван Бунин**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 9989-55-278-9

## ЕДЕН, НИЕДЕН И СТО ИЛЈАДИ, драма



Структурата на неговото раскажување се темели на правилата за објективно претставување кое е во основата на веристичкиот метод. Авторот прави реконструкција на реалноста – природата, настаните, личностите, – по пат на еден ригорозен редослед на причини и последици, пројавувајќи посебно интересирање за средината и личностите кои ѝ припаѓаат на ситната буржоазија. Пирандело остава значајни траги како новелист, но и како поет, романсиер и драматичар, автор е на 44 драмски дела со што претставува еден од најплодните, но и најдобри автори во тој жанр во светот.

Автор: **Луиџи Пирандело**

Издавач: „МАГОР“, Скопје
ISBN 978-608-223-161-7

## ЗАД ХОРИЗОНТОТ, драми



О'Нил е најпознатиот американски драматург на XX век. Неговите драми се одликуваат со реализам и жестокост, која понекогаш преминува во бруталност. Неговите драми на сцената ги воведоа репликите употребувани во жаргонот на обичниот човек. Јунаците во неговите драми обично се маргиналци кои се борат за своите идеали, но најчесто завршуваат во разочарување и очај.

Автор: **Јуџин Гледстон О'Нил**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-9989-55-257-1 (13)

## ЖАН БАРОА, Роман



Романот „Жан Бароа“ на Роже ди Гар се зафаќа директно со општите проблеми на слободната мисла, на иднината, на вистината и на правдата. Неговите ликови илустрираат некои витални позиции меѓу кои треба да се направи избор. Авторот го насликува, исто така, и трагичното стареење на човекот, во неговото тело.

Автор: **Роже Мартен ди Гар**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-9989-55-271-1 (кн)

## ДОБРА ЗЕМЈА



Во романот се раскажува за борбата на едно кинеско семејство од село за да дојде до земја. Романот се одликува со едноставност на стилот. Напишан е во традицијата на кинеското народно творештво.

Автор: **Перл Бак**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-9989-55-195-6 (13)

## ЛУЃЕ ВО ЛЕТНА НОЌ, поезија



Главна карактеристика на неговата поезија е силата на поетската имагинација во комбинација со интелектуалната љубопитност и свежиот креативен стил. Романот „Луѓе во летната ноќ“, со кој стекнува меѓународен углед, посветен е на природата, животот и моралот во неговата земја, изнесени со интелектуална проникливост и со лирска мекост.

Автор: **Франс Емил Силанпе**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-9989-55-267-0 (кн.)

## ПАДОТ НА КРАЛОТ, роман



Тритомниот роман „Падот на кралот“ (1901 г.) е меѓу најзначајните дански историски романи. Дваесетина години подоцна, Јенсен го објавува својот шесттомен циклус романи „Долго патување“, во кој развива идеи во духот на теоријата за еволуција на Чарлс Дарвин. Тој, исто така е и автор на циклус прозни минијатури, односно есеистички новели во 11 тома, со заеднички наслов „Мит“, во кој на оригинален начин во есеистички стил ги изнесува своите погледи за развојот на човекот и на светот.

Автор: **Јоханес В. Јенсен**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 9989-55-287-8

## ИЗБОР ПОЕЗИЈА



Нејзината поезија е носител на богатата традиционална шпанска изразност и на автентична индивидуална лексика. Преку нејзините стихови ни ја открива многуслојноста на земјата и народот на Чиле и на хиспано-американскиот континент. Низ неа се разоткрива сета исконска слоевитост и убавина на природата како и на поврзаноста на народите, племињата и на индивидуата со неа.

Автор: **Габриела Мистрал**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-9989-55-268-7 (кн.)

## СИДАРТА, роман



Романот ,,Сидарта“ е ремек-дело на Хесе. Во оваа книга авторот ни ги открива вистината и смислата на постоењето – постоењето како постојана промена и обнова, преку која ги изразува своите основни погледи кон животот и светот. Тој зборува за доживувањата во Индија и за неговата покорност пред таинственоста на источните религии.

Автор: **Херман Хесе**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-9989-55-262-5

## ИГРАТА СО СТАКЛЕНИ МОНИСТА, роман



Фасцинантна приказна за сложеноста на модерниот живот и класично дело на модерната литература. Приказна за Јозеф Кнехт, кој е ангажиран да ја усоврши играта со стаклени мониста, која бара синтеза на уметностите и науката, на математиката, логиката, музиката и филозофијата.

Автор: **Херман Хесе**

Издавач: „МАГОР“, Скопје
ISBN 978-608-223-160-0

## КОВАЧИ НА ЛАЖНИ ПАРИ, роман



Жид ја поставува чувственоста над сè и прокламира откажување од секакви морални, социјални и фамилијарни догми и скрупули со провокативна смелост на човек кој ја признава фалшивоста на сопствената природа. Творештвото му е исполнето со противречности – од краен индивидуализам до ангажираност со социјална проблематика.

Автор: **Андре Жид**

Издавач: „МИКЕНА", Битола
ISBN 978-9989-55-223-6 (13)

## ИЗБОР ПОЕЗИЈА



Во изборот поезија се застапени песни од повеќе циклуси меѓу кои и најпознатата поема „Пуста земја". Оваа поезија изобилува со референци и алузии од различни области и поетски традиции што ја прави ерудистичка. Елиот во својата поезија ги внесува иронијата и иновативноста карактеристични за јакобинските поети и флексибилниот, колоквијалистички стих на јакобинските драматичари.

Автор: **Томас Елиот**

Издавач: „МИКЕНА", Битола
ISBN 9989-55-246-0

## ИЗБОР ЕСЕИ



Во овој избор е претставен дел од есеистичкото дело на Томас Елиот. Главно, станува збор за критички есеи во кои елаборира различни аспекти на книжевноста - аргументација за критиката како жанр, проследување на творештвото на автори од различни периоди и книжевни традиции.

Автор: **Томас Елиот**

Издавач: „К.С.Ц.", Скопје
ISBN 978-608-469-473-1

## НАТРАПНИК ВО ПРАВТА, роман



Вилијам Харисон Фокнер, американски писател, добитник на Нобеловата награда за литература во 1949 година за големиот и уникатен уметнички придонес во американскиот роман. Романот ,,Натрапник во правта" е едно од Фокнеровите најоптимистички дела во поглед на сфаќањето на човековата природа.

Автор: **Вилијам Фокнер**

Издавач: „МИКЕНА", Битола
ISBN 978-9989-55-240-3

## АВЕСАЛОМ, АВЕСАЛОМ, роман



Романот „Авесалом, Авесалом" е алегориска приказна за американскиот југ реализирана преку алузијата на Авесалом од Библијата, кој се бори против империјата на својот татко. Фокнер ја добил Нобеловата награда за литература за „големиот и уникатен уметнички придонес во американскиот роман". Работејќи во филмската индустрија во Холивуд, Фокнер ги создава романите „Кога умирав",„Храм",„Светлина во август", „Авесалом, Авесалом",„Непобедени" и „Селце". Пет години по Нобеловата награда, ја добива и Пулицеровата награда.

Автор: **Вилијам Фокнер**

Издавач: „К.С.Ц.", Скопје
ISBN 9989-55-106-5

## ОСВОЈУВАЊЕ НА СРЕЌАТА, есеи



Станува збор за дело што спаѓа во популарна филозофија и го содржи Раселовиот „лек за обичната секојдневна несреќа од која страдаат повеќето луѓе во цивилизираните земји". На исклучително проникли начин, ги анализира практичните и секојдневни дилеми на луѓето, укажувајќи дека среќата не е дадена, таа треба да се освои. Со таа цел, Расел повикува на постојано рационално соочување со неизбежните неволи и лоши околности, кои се шират во светот во кој живееме.

Автор: **Бертранд Расел**

Издавач: „МАГОР", Скопје
ISBN 978-608-223-119-8

## **ПАТИШТАТА ДО СЛОБОДАТА**, есеи



Додека бил адолесцент бил доста осамен и често размислувал за самоубиство, па во својата автобиографија наведува дека единственото нешто што успеало да го оттргне од идејата за самоубиство бил неговиот интерес за математиката. Расел е еден од највлијателните математичари, филозофи и логичари на модерното време, но и еден од најплодните автори кој ја популаризирал филозофијата, коментирајќи широк опсег теми, од најсериозни прашања до најсекојдневни проблеми.

Автор: **Бертранд Расел**

Издавач: „МИКЕНА", Битола
ISBN 9989-55-288-6

## **ВАРАВА**, роман



Со романот „Варава", најпознатото дело на Лагерквист, започнува низата негови романи кои се занимаваат со средбата на човекот со божественото и неговата потрага по разбирање и спасение. Нобеловата награда ја добил за неговата уметничка моќ и длабоко вкоренетата независност што ги манифестира во своето пишување и во барањето одговор на вечните прашања на човештвото.

Автор: **Пер Фабијан Лагерквист**

Издавач: „МИКЕНА", Битола
ISBN 978-9989-55-247-2 (13)

## **ЦРНИ АНГЕЛИ**



Романот „Црни ангели" претставува психолошко патување во земјата на срамот, на интригите, на подлостите и на измамите. Романот е потврда на големото раскажувачко мајсторство на Моријак, кој успева низ призмата на верата да ги анализира доброто и лошото во секој поединец, но и во светот воопшто.

Автор: **Франсоа Моријак**

Издавач: „МИКЕНА", Битола
ISBN 978-9989-55-211-3 (13)

## **ПУСТИНА НА ЉУБОВТА**



Романот „Пустина на љубовта" е потврда за книжевната големина на Моријак како прецизен и доследен аналитичар на човечката душа и остар критичар на малограѓанската средина и провинциската буржоазија. Роман во кој се чувствува духот на католоцизмот, но и ширината на слободарските сфаќања на Моријак.

Автор: **Франсоа Моријак**

Издавач: „МАГОР", Скопје
ISBN 978-608-223-180-8

## **ИЗБРАНИ ЕСЕИ**



Освен што е еден од најзначајните светски политичари на XX век, Черчил е талентиран публицист, а во своите мемоарски и историски трудови покажува и белетристичка дарба. Добитник е на Нобеловата награда за литература во 1953 година за значајните историски и биографски трудови.

Автор: **Винстон Черчил**

Издавач: „МИКЕНА", Битола
ISBN 978-9989-55-183-3 (13)

## **МОЈАТА МЛАДОСТ**, мемоари



Винстон Черчил е творец на многу статии и книги поврзани со неговите лични ставови за животот и случувањата. Сепак, тој е најзначаен како историчар и во своите дела дава увид за случувањата во неговото време, засилувајќи го сведоштвото со фактите што ги пласира, имајќи достапност до тајните архиви на британската влада. Негови најдобри дела се историските книги „Првата светска војна" (1923-31, во 6 дела) и „Втората светска војна" (1948-53, во 6 тома), дело за кое ја добива Нобеловата награда за литература. Освен што бил талентиран политичар и писател, Винстон Черчил бил и мошне надарен сликар, кој за своето сликарство добил многубројни награди.

Автор: **Винстон Черчил**

Издавач: ТРИ / Арс ламина, Скопје
ISBN 978-608-140-2

## СТАРЕЦОТ И МОРЕТО и ИЗБОР РАСКАЗИ



Хемингвеј е мајстор на пишуваниот збор кој во своите дела ликовите ги насочува кон преиспитување на сопствената совест. Тој смета, и во своите дела порачува, дека секоја единка, секоја општествена група има сопствен кодекс на однесување. Тој што ќе ги исполни барањата на кодот кој му е втиснат со раѓањето, тој ќе има исполнет и среќен живот, без разлика дали е уметник, коцкар, рибар, тореадор или проститутка. Неговите раскази се концентрирани околу оваа негова стожерна филозофија.

Автор: **Ернест Хемингвеј**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-9989-55-225-0 (13)

## РИБАТА МОЖЕ ДА ПЕЕ, роман



Дејството во романот „Рибата може да пее“ е поставено во почетокот на дваесеттиот век и се фокусира на сиракот Алфгримур, неговите посвојувачи и малата заедница, отпорна на отпадниците и настраните луѓе што се собираат околу нив во Брекукот, имот на периферијата на Рејкјавик.

Автор: **Халдор Лакснес**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-9989-55-291-6

## ИЗБОР ПОЕЗИЈА, песни



Хименес е еден од најголемите поети на шпански јазик на дваесеттиот век. Тој има извршено пресудно влијание на најзначајните шпански лиричари од првите децении на тој век. Затоа, со право е напишано дека „сите вредности, сите резултати со кои се гордее и се радува актуелната кастиљска поезија стигнаа преку Хуан Рамон Хименес, беа оспорувани од Хименес и беа пуштени во оптек од Хименес“, а истовремено „тој протега еден чудесен мост од светлини, бои, тонови над субверзивните движења“. Застапник на поетиката на чиста поезија, Хименес преминува кон една метафизичка поезија за смислата и убавината на постоењето.

Автор: **Хуан Рамон Хименес**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 9989-55-241-X

## СТРАНЕЦОТ, роман



„Странецот“ е роман на модерната литература - егзистенцијализам. Ками гради концепт на важни филозофски прашања. Главниот наратор во романот е Мерсо, млад човек кој покажува целосна незаинтересираност за светот во себе и светот околу себе. Поради таквиот свој однос, извршува убиство и без да е свесен за тоа. Преку овој лик, авторот укажува дека најстрашното во животот е кога човек станува рамнодушен и сугерира дека во животот е неопходна борбата, бунтот, кој му дава смисла на човековото постоење.

Автор: **Албер Ками**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-9989-55-172-7

## ДОКТОР ЖИВАГО



Пастернак ја добил Нобеловата награда за литература за извонредните дострели во современата лирска поезија и на полето на великата руска епска традиција. Започнал со филозофска лирика под влијание на симболизмот. Поезијата му се одликува со висока поетска култура.

Автор: **Борис Леонидович Пастернак**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-9989-55-219-9 (13)

## ИЗБОР ПОЕЗИЈА



Овој италијански поет и есеист на почетокот на своето творештво се пројавил како приврзаник на херметичката поезија наменета за тесен круг познавачи на модерната лирика. Во првите збирки поезија ја опевал Сицилија, нејзиното море и природата, кои ги доживеал и апсорбирал низ призмата на пантеизмот. По 1945 година се насочил кон социјалната проблематика. Развил стилска чистота и функционална едноставност на изразот.

Автор: **Салваторе Квазимодо**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-9989-55-232-8 (13)

## МОРЕКАЗИ, ПРОГОНСТВО, поезија



Застапените поеми се врв во поетското творештво на Сен-Џон Перс. „Морекази“ е поема за морето. Поетот, место на музите, му се обраќа на морето. Во поезијата на Перс се слави чинот на љубовта, која е изедначена со поетската креација.

Автор: **Сен-Џон Перс**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола

ISBN 978-9989-55-221-2 (13)

## АНАБАЗА, поезија



Свечена во тектониката на изразот, поезијата ги воспева природата и вдахновението на духот, вечните духовни богатства, потсетува на библиските псалми. Во неа е содржана егзалтацијата на покојот и враќањето кон вечните извори на животот.

Автор: **Сен-Џон Перс**

Издавач: „К.С.Ц.“, Скопје

ISBN 978-608-4694-75-5

## ТРАВНИЧКА ХРОНИКА



Добитник е на Нобеловата награда за литература за епската сила со која ги обработува и предава темите и ги слика човечките судбини од историјата на својата татковина. Романот „Травничка хроника“ ја изнесува сложената и трагична судбина на народот на Босна, исполнета со социјални, национални и религиозни противречности произлезени од етнокултурното и религиозно шаренило на тој простор.

Автор: **Иво Андриќ**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола

ISBN 978-9989-55-201-4 (13)

## МОСТОТ НА ДРИНА, роман



Како главен протагонист на овој роман се јавува ликот на мостот кој е стар, изграден некаде околу 1571 година, а го подигнал големиот везир Мехмед-паша Соколовиќ. Класичната критика го оценува овој роман како роман-хроника во кој го испитува колективното несвесно, ги десакрализира, но не ги негира митовите. Во овој роман не постојат изразито главни јунаци; главен јунак е мостот. Притоа нараторот го имитира колективниот, народниот глас, но имагинарниот раскажувач на моменти, сепак, коментира, со што го засилува дејството на приказната.

Автор: **Иво Андриќ**

Издавач: „МАГОР“, Скопје

ISBN 978-608-223-0

## ПЛОДОВИ НА ГНЕВОТ, роман



Штајнбек е добитник на Нобеловата награда за 1962 година, за реалистичките дела со богата сликовитост во кои лесниот хумор е поврзан со острото социјално чувство. Основната тема на неговото творештво се судбините на обичните луѓе вплетени во општествената структура на САД. Епскиот роман ја отсликува драмата на луѓето кои тргнале кон Калифорнија за да си ја побараат среќата таму.

Автор: **Џон Штајнбек**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола

ISBN 978-9989-55-222-9 (кн.)

## ГЛУВЦИ И ЛУЃЕ, роман



Основна тема во овој роман е судбината на обичните луѓе, вплетени во сложената општествена структура на САД. Споделувајќи ја судбината на двајца бездомни земјоделци, Стајнбек го поставува акцентот врз одговорноста на индивидуите, еден наспрема друг.

Автор: **Џон Штајнбек**

Издавач: „МАГОР“, Скопје

ISBN 978-608-223-116-7

## МИТСКА ИСТОРИЈА, поезија



Сеферис е поет кој во новогрчкиот говор го открил духот на модерната поезија. Тој успеал да ја соедини умешноста на современите европски поетски правци со грчката традиција, задржувајќи една подлабока последователност на логика и едно чувство на внатрешен ритам. Неговиот идеен свет е светот на алегориите на грчката традиција и слободата на индивидуата.

Автор: **Јоргос Сеферис**

Издавач: „МИКЕНА", Битола
ISBN 978-9989-55-275-4 (кн.)

## ЗРЕЛА ДОБА, роман



Прочуен француски филозоф, публицист и борец за човекови права во втората половина на XX век. Неговите белетристички дела се многу популарни, како во Франција така и во светот. Во своите книжевни дела внесува елементи од својата филозофија, егзистенцијализмот. Во нив, тој ја нагласува потребата на единката за извојување лична слобода и духовна независност.

Автор: **Жан Пол Сартр**

Издавач: „МИКЕНА", Битола
ISBN 978-9989-55-227-4 (13)

## МАЧНИНА, роман



Романот претставува една обемна анализа на психолошката состојба на главниот јунак, Рокантен, кој по долго патување низ Европа, Централна Африка и Далечниот Исток, стигнува во градот Бувил за да пишува книга за маркиз Ролбон. Градот Бувил за Рокантен претставува работилница составена од подлизурковци и суетни подлеци. Следејќи ја ваквата трага на дејството, Сартр го доведува чувството на мачнина до страв и агонија, па Рокантен ќе се обиде да побара спас во враќањето на својата некогашна љубов.

Автор: **Жан Пол Сартр**

Издавач: ТРИ / Арс ламина, Скопје
ISBN 978-608-230-130-3

## ДОНСКИ РАСКАЗИ



Добитник на Нобелова награда за 1965 година за артистичката сила на своите дела со која го слика епскиот живот на Дон и експресивно го опишува тој историски период на рускиот народ. Шолохов создава богатство од ликови и карактери, кои во целост го одразуваат социјалниот, моралниот и емоционалниот живот во бурните времиња на Првата светска војна и Октомвриската револуција.

Автор: **Михаил Шолохов**

Издавач: „МИКЕНА", Битола
ISBN 9989-55-270-3 (кн.)

## ВЕНЧАЛЕН БАЛДАХИН, проза



Агнон е еден од најистакнатите писатели на иврит литературата. Тој во своите дела се задржува на одредени психолошки и филозофски проблеми на своите современици, на тешкотиите со кои се соочуваат доселениците во својата нова татковина. Карактеристични за неговата проза се фолклорните елементи, фантазијата, мистичноста, како и поврзувањето на хуморот и иронијата со сочувството.

Автор: **Шмуел Јозеф Агнон**

Издавач: „МИКЕНА", Битола
ISBN 978-9989-55-273-8

## ИЗБОР ПОЕЗИЈА



Пишувани во слободен стих, песните на Нели Закс се исполнети со морбидни слики. Содржат елементи на мистицизам во современ контекст.

Автор: **Нели Закс**

Издавач: „МИКЕНА", Битола
ISBN 978-9989-55-224-3 (13)

## **ЗЕЛЕНИОТ ПАПА**, роман



Астуријас, заедно со Маркес, е поет и раскажувач на латиноамериканскиот магиски реализам. Тој е доста навлезен и во темата за староседелството, пишувајќи за селаните, жртви на колонијалниот јарем. Квалитетот и звучноста на неговата проза одвај можат да најдат споредба во литературата на шпански јазик од XX век.

Автор: **Мигел Анхел Астуријас**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-9989-55-228-1 (13)

## **ЛУЃЕ ОД ПЧЕНКА**, роман



„Луѓе од пченка“ е роман со митска тема, за многумина ремек-дело. Во него, тој ги опишува животот, обичаите и мистиката на изолираната индијанска заедница.

Автор: **Мигел Анхел Астуријас**

Издавач: „К.С.Ц.“, Скопје
ISBN 978-608-4694-66-3

## **ГЛАСОТ НА ПЛАНИНАТА**, роман



Поврзувајќи ги истенчениот импресионизам и способноста да создава исклучително живи ликови, Кавабата е определен од книжевната критика како сензуалист. Неговото творештво наоѓа рамнотежа меѓу јапонската и западната традиција.

Автор: **Јасунари Кавабата**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-9989-55-274-6 (кн.)

## **ИЗБОР ДРАМИ**



Ирски драмски писател, романсиер и поет кој, низ новите форми на романот и на драмата, мизеријата на човекот ја претвора во радост. Иако претходно имал објавено неколку романи, дури со драмата „Чекајќи го Годо“, поставена за прв пат во Париз во 1953 година, станува светски познат автор. Следните негови пиеси го зацврстуваат како водечка фигура во „театарот на апсурдот“, продолжувајќи да пишува за театарот, радиото и за телевизијата. Во 70-тите години на минатиот век Бекет пишува главно едночинки, а некои од нив самиот ги поставува во Лондон и во западна Германија.

Автор: **Семјуел Бекет**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 9989-55-233-9

## **ЧЕКАЈЌИ ГО ГОДО**, драма



„Чекајќи го Годо“ е драма во која многу прецизно се прикажани вечно неполнетите дупки во човековото општество, антидрама (театар на апсурдот), која претставува празнина, чекање, како празно дејство. Во неа има низа дејства и низа дијалози кои не претставуваат ништо - само празно губење време додека се чека нешто што нема да дојде. Апсурдот на човековата комуникација и егзистенција.

Автор: **Семјуел Бекет**

Издавач: „МАГОР“, Скопје
ISBN 978-608-223-174-7

## **ЕДЕН ДЕН НА ИВАН ДЕНИСОВИЧ**, роман



Во 1962 година, во списанието ,,Новиј мир", излегува повеста на Солженицин, ,,Еден ден на Иван Денисович", во која низ погледот на еден затвореник се раскажува за безмилосниот живот во прогонство.

Автор: **Александар Солженицин**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-9989-55-197-0

## **АРХИПЕЛАГОТ ГУЛАГ**, том 1, 2 и 3



Ремек-дело на дисидентот Александар Солженицин. Една од највлијателните книги на XX век, преведена на безброј светски јазици. Тритомен роман за ужасниот свет на сивите логори, опколени со бодлива жица и висок напон, во кои милиони недолжни луѓе ги губат своите животи за време на владеењето на Сталин со Советскиот Сојуз.

Автор: **Александар Солженицин**

Издавач: ТРИ / Арс ламина, Скопје
ISBN 978-608-230-106-8

## **ИЗБОР ПОЕЗИЈА**



Неруда е најзначаен поет на шпанска Америка, еден од најголемите поети на шпанскиот јазик воопшто, како и на светската поезија на XX век. Поет со исклучителна и неисцрпна дарба и огромен инспирациски заграб со богата и сеопфатна мотивика. Во својот зрел творечки период, Неруда го збогатува своето творештво со стихови со социјални мотиви и револуционерен бунт, со поезија на поетска и човечка солидарност.

Автор: **Пабло Неруда**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-9989-55-254-0 (13)

## **ЗАГУБЕНАТА ЧЕСТ НА КАТАРИНА БЛУМ**



Широкиот опфат на темите и сложената структура на делото кои Бел ги развива го определуваат новаторскиот дух на неговите творби. Во своите романи и раскази, пиеси и есеи, тој ги осудува фашизмот и општествениот ред во Германија, кои лично ги доживеал. Карактеристично за неговото творештво е што ги разоткрива и ги разобличува и национал-социјалистичкото минато на новите власти и влијанието на католицизмот во развојот на повоена Германија.

Автор: **Хајнрих Бел**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-9989-55-230-4 (13)

## **ПОГЛЕДИТЕ НА ЕДЕН КЛОВН**, роман



„Погледите на еден кловн“ е литературно ремек-дело на еден од најголемите повоени германски автори, Хајнрих Бел. Тоа е приказна за кловнот Ханс, кој по разделбата со својата љубена Мари, страда од меланхолија и очај. Ханс, како своевиден изрод во општеството, е совршен негов исмејувач – тој е кловн, кој не соодветствува со религиозните стандарди на повоената германска средна класа, која трудејќи се да создаде атмосфера на моралност, ред и толеранција е загубена во релативизмот на вредностите.

Автор: **Хајнрих Бел**

Издавач: ТРИ / Арс ламина, Скопје
ISBN 978-608-230-100-6

## **ПАТНИЦИ ВО КОЛЕСНИЦАТА**, роман



Во овој роман Вајт обработува универзална тема за врските на индивидуата со општеството и со природата. Четири животи испреплетени во австралиското предградие – секој има свои визии, но дали се тие благослов или клетва?

Автор: **Патрик Вајт**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-9989-55-259-5

## **ВРЕМЕТО НА НЕГОВАТА МИЛОСТ**, роман



Главниот квалитет на прозата на Јонсон е нараторска вештина и обработка на предели и времиња во полза на слободата. Со психолошка проникливост, авторот опишува човечки судбини на фонот на општествениот развој на Шведска.

Автор: **Ејвинд Јонсон**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-9989-55-276-2 (кн.)

## ИЗБРАНИ СТИХОВИ, поезија



Во својата поезија го нотира отуѓувањето како глобална противречност на епохата. Тоа е судирот меѓу природниот начин на живеење и индустриското општество кое ја создава отуѓеноста меѓу луѓето.

Автор: **Хари Мартинсон**

Издавач: „МИКЕНА", Битола
ISBN 978-9989-55-207-6 (13)

## ИЗБОР ПОЕЗИЈА



Во овој „Избор поезија" се застапени песни од неколку циклуси: Сипини коски, Пригоди, Луѓа и друго, Сатура, Дневник '71 – '72. Лирската поезија на Монтале содржи изразит медитерански сензибилитет, исполнет со мотиви и теми карактеристични за овој топос. Творештвото на Монтале е блиско до херметизмот во италијанската поезија.

Автор: **Еуџенио Монтале**

Издавач: „МИКЕНА", Битола
ISBN 9989-55-198-7

## КОСКИ ОД СЕПИЈА



„Коски од сепија" е првата поетска книга на Еуџенио Монтале, еден од најголемите италијански поети на XX век. Песните во оваа негова книга се одликуваат со изразена чувственост и притаен песимизам и како такви доаѓаат во директен судир со футуристичките концепти во италијанската книжевност.

Автор: **Еуџенио Монтале**

Издавач: „МАГОР", Скопје
ISBN 978-608-223-176-1

## ПОДАРОКОТ НА ХАМБОЛТ, роман



Основни теми во романите на Белоу се слободата на личноста и нејзината реализација, разгледувана во контекст на заемните односи меѓу индивидуата и општеството. Авторот го заштитува правото на човекот да го брани сопственото јас без да ги пренебрегнува принципите на хуманоста.

Автор: **Сол Белоу**

Издавач: „МИКЕНА", Битола
ISBN 978-9989-55-253-3 (кн.)

## ХЕРЦОГ, роман



За многумина критичари, трагично-комичниот роман „Херцог" е најдоброто дело на Белоу, со кое авторот го најавува својот пробив кон книжевните височини. Во неговата проза, описот честопати ја преминува границата на реалноста, а човековата отуѓеност е само производ на предрасудите, генерирани од страна на нездравата средина.

Автор: **Сол Белоу**

Издавач: „МАГОР", Скопје
ISBN 978-608-223-137-2

## СЕНКАТА НА РАЈОТ



Висенте Алеиксандре, еден од водечките поети на славната „Генерација на 1927-та", ја соединува во својата поезија народната книжевна традиција со модерните поетски тенденции. Овој поетски избор само го потврдува фактот дека Алеиксандре е еден од најголемите шпански поети на XX век; поет на сеопфатното и длабоко чувствување на природата и на вечниот поетски мотив на љубовта и смртта.

Автор: **Висенте Алеиксандре**

Издавач: „МИКЕНА", Битола
ISBN 978-9989-55-248-9 (13)

## **ИЗБОР РАСКАЗИ**



Сингеровата главна тема е традиционалниот полски живот во различни периоди од историјата, особено пред холокаустот. Ја истражувал улогата на еврејската судбина преку животот на своите ликови, кои се досадуваат со страсти, магии, аскетизам и религија. Во расказите често се присутни субприродното и гротеската, поврзани со иронија, остроумност и вера во добрата волја на човекот.

Автор: **Исак Башевис Сингер**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола

ISBN 978-9989-55-205-2

## **РОБ**, роман



Со издавањето на англиски јазик на романот „Сатана од Гораj“, авторот се здобива со светска слава и голема популарност. Талентот на роден раскажувач и стилист најсилно доаѓа до израз во неговите раскази во кои многу често се присутни субприродното и гротеската, поврзани со иронија, остроумност и верба во добрата волја на човекот.

Автор: **Исак Башевис Сингер**

Издавач: „К.С.Ц.“, Скопје

ISBN 978-608-469-434-2

## **ЗА ЕГЕЈСКОТО МОРЕ**, поезија



Во својата поезија, Одисеас Елитис се обидува да ги внесе сите можни поетски форми, почнувајќи од византиските химни, преку песните за ,,Клефтите”(борци против турското ропство), па сè до слободниот стих, до долгосложниот верзал, а во неколку интервали, црпи поетски искуства од народната проза.

Автор: **Одисеас Елитис**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола

ISBN 978-9989-55-284-3

## **РОДНАТА ЕВРОПА**, есеи



Потрагата по идентитетот и обидот да се одговори на прашањето кој сум се примарните импулси за оваа автобиографска книга.

Автор: **Чеслав Милош**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола

ISBN 9989-55-204-5

## **ЗАРОБЕНИОТ УМ**, есеи



Во 1953 година го пишува и го објавува своето најславно дело „Заробениот ум“, збирка на антисталинистички есеи во кои авторот зборува за феноменот „кетман“ - симбол за интелектуалецот од комунистичките земји, кој, иако свесен за погубноста на владејачката политика, се согласува во јавноста да го покаже своето второ лице. По објавувањето на оваа книга, нападите врз него стануваат сè поголеми, а идеолошкиот притисок на сталинизмот во Полска неиздржлив. Продолжува да пишува во самотија и изолација, кои ги смета за свои најмудри учители. Според него, да се биде интелектуален, е прашање на активна позиција, а не „кревање раце“ од стварноста и бегање во некаков интелектуален изолационизам.

Автор: **Чеслав Милош**

Издавач: ТРИ / Арс ламина, Скопје

ISBN 978-608-230-131-0

## **ЗАСЛЕПУВАЊЕ**, роман



Роман за исконската цивилизаторска спротивставеност меѓу разумот и насилството, меѓу човештината и варварството. Роман, кој од една страна маѓепсува со својата повеќезначност и длабочина, а од друга страна, роман кој се чита со леснотија. Роман-метафора за судирот на духот со реалноста и за лажниот гламур и бедата на човекот во современиот свет.

Автор: **Елијас Канети**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола

ISBN 9989-55-252-5

## СТО ГОДИНИ ОСАМЕНОСТ, роман



Романот го обработува животот на повеќе генерации од семејството Буендија во гратчето Макондо, основано од страна на патријархот на семејството, Хосе Аркадио Буендија. Приказната во стил на магичен реализам, се раскажува од повеќе временски точки, а доминантна тема е неможноста да се избегне од повторливата историја на просторот каде што минатото и времето ги контролираат луѓето. Судбината на Макондо е проколната и предодредена уште од самиот почеток. Фатализмот е метафора за улогата што ја одигра идеологијата во одржувањето историска независност, интерпретирајќи ја историјата на Макондо во фиксирани рамки кои не дозволуваат други алтернативи.

Автор: **Габриел Гарсија Маркес**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 9989-55-192-8

## ГОСПОДАРОТ НА МУВИТЕ, роман



Вилијам Голдинг ја претставува постојаната борба меѓу доброто и злото, рационалното и инстинктот, цивилизацијата и дивјаштвото, паганството и христијанството. Приказната, покрај другото, ја покажува историјата на цивилизацијата и потеклото на религиозните верувања кај луѓето базирани на стравот од непознатото, но и начинот на кој религијата и суеверието можат да се користат како инструменти на моќ.

Автор: **Вилијам Голдинг**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-9989-55-172-7

## ИЗБОР ПОЕЗИЈА



Чешки поет, добитник на Нобеловата награда за литература во 1984 година, за поезија која, полна со свежина и чувственост, создава еден либерализиран и доминирачки лик на непобедливиот дух и на разновидноста на човекот. Поезијата на Јарослав Сајферт е едноставна, сензуална, промислена, движечка и комична во некои наврати.

Автор: **Јарослав Сајферт**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-9989-55-209-0

## ПАТОТ ЗА ФЛАНДРИЈА



Роман напишан во духот на францускиот нов роман. Специфичниот неконвенционален наративен тек, кај читателот создава силно чувство на искуствено прозно патување на кое не се воочуваат ни почетокот, а ни крајот на патот. Роман со карактеристична перцепција на општеството, природата, семејството, љубовта.

Автор: **Клод Симон**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 9989-55-242-8

## ИНТЕРПРЕТАТОРИ, роман



Романот „Интерпретатори“ е првиот роман на Шојинка. Во него се изнесува разочарувањето на младата творечка интелигенција од стварноста и нејзиниот стремеж да ги протолкува процесите што се одвиваат во нигериското општество.

Автор: **Акинванде Олуволе Шојинка**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 9989-55-283-5

## ОДБРАНИ ПЕСНИ, поезија



Творештвото на Бродски е проткаено со интелектуалност и поетичност. Една од темите во пишувањето на Бродски е односот меѓу поетот и општеството, при што најчесто се нагласува позитивното влијание на литературата врз луѓето и начинот на кој таа помага во градењето на нивната култура. Поетот смета дека западната литературна традиција има овозможено надминување на модерните катастрофи од типот на нацизмот, комунизмот и светските војни. Освен поезија, Бродски пишувал есеи и драми, а во 1991 година, четири години по добивањето на Нобеловата награда, го доби и „Златниот венец“ на Струшките вечери на поезијата.

Автор: **Јосиф Бродски**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 9989-55-196-0

## ПОЧЕТОКОТ И КРАЈОТ, роман



„Почетокот и крајот“ е роман за животните премрежиња на едно семејство од средната класа во Каиро, во триесеттите години на XX век. Ова е роман, пред сè, за египетското општество, во време кога се коригира вредноста на традицијата. Во прозата на Махфуз се чувствува силна љубов кон Египет и кон египетскиот народ.

Автор: **Нагиб Махфуз**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 9989-55-244-4

## МАЗУРКА ЗА ДВАЈЦА МРТОВЦИ, роман



Камило Хосе Села претставува една од најголемите фигури во шпанската литература по Граѓанската војна, во која учествува како каплар во војската на Франко. Во текот на војната е сведок на многу насилства врз цивили, а подоцна ова искуство ќе го искористи во многу свои дела. Во романот „Мазурка за двајца мртовци“ дејството започнува со Шпанската граѓанска војна во 1936 година, на планините во областа Галиција – Шпанија.

Автор: **Камило Хосе Села**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-9989-55-261-8

## УЛИШТЕ, роман



Станува збор за роман со необична хронологија и повеќе од триста ликови. Романот на инвентивен начин говори за повоениот Мадрид следејќи ја главната линија преку таканаречениот колективен јунак. Реализмот на Села е саркастичен, а често и гротескен. Романот „Улиште“, како и некои други негови дела, прво се објавени во Аргентина затоа што Владата на Франко, поврзана со Римокатоличката црква, сите негови дела ги забранила поради неморалноста на содржината.

Автор: **Камило Хосе Села**

Издавач: „К.С.Ц.“, Скопје
ISBN 978-608-469-449-6

## ИЗБОР ПОЕЗИЈА, песни



Според овој мексикански поет, поезијата е „тајна религија на модерното време“, кралица на уметноста и на сите човекови дејности. Лириката на Паз е длабоко метафизичка лирика, а негови најзначајни книги се „Коренот на човекот“, „Меѓу каменот и сонцето“, „На крајот на светот“, „Источна падина“ и „Лавиринт на самотијата“. Мошне успешна е и неговата лирска проза собрана во книгата „Мајмунката Граматико“. На проблемите за естетиката, теоријата на литературата и уметноста, авторот им ги посветува своите трудови „Лак и лира“ и „Марсел Дишам или замок на чистотата“.

Автор: **Октавио Паз**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 9989-55-279-7



## ЛУЃЕТО НА ЏУЛАЈ, роман



Запознавајќи се со еден помалку или повеќе непознат и далечен свет, преку роман кој говори за суштината на живеењето и опстојувањето, тој ни станува едноставен, со логика и нам прифатлива, како да е дел од нас. Романот ,,Луѓето на Џулај“ ги задоволува најстрогите критериуми на современиот читател. Со актуализацијата на настаните и нивното доживување, со пулсот на животот и промените во него, со мигот на промените на одамна воспоставените односи и новото случување, а, пред сè, со раскажувачкиот стил на Гордимер.

Автор: **Надин Гордимер**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-9989-55-193-2

## ОМИР, поезија



Овој автор, роден и пораснат на Карибите, смело го уфрла својот креолски идиом во стандардниот англиски јазик, на тој начин предизвикувајќи восхит кај своите читатели. Така се добило подлабоко разбирање на внатрешната магија на англискиот јазик. Морскиот пејзаж, џагорот на рибарите, светлините и одблесоците на крајбрежните рибарски населби се во основата на поезијата на овој поет.

Автор: **Дерек Волкот**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-9989-55-200-7 (кн.)

## **ЉУБЕНА**, роман



Меморијата/сеќавањето е капиталната тема во романот низ чијашто призма најчесто се толкува романот. Романот „Љубена“ е говор за непроговореното, за она за кое се избегнува да се говори, и она што интенционално се брише од сеќавањето - животот и историјата на црнците во Америка.

Автор: **Тони Морисон**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-9989-55-194-9

## **ЏЕЗ**, роман



Романот „Џез“ е страсна, проникалива приказна за љубовта и опсесијата исткаена од жестоки емоции, силни надежи и длабоки стравови. Живата музика и животниот стил од дваесеттите години во Харлем, ритмички пулсираат на страниците на „Џез“. Слично како што џез-музиката е нескротена, слободна и хаотична, така и настаните во романот се претопуваат, временските и просторните нишки се вплетуваат една во друга, минатото и иднината се мешаат. Во романите на Морисон се преплетуваат реалниот живот и легендата, а се присутни и митови не само од афроамериканскиот туку и од светскиот фолклор и литература.

Автор: **Тони Морисон**

Издавач: „МАГОР“, Скопје
ISBN 978-608-223-178-5

## **ТИВКИОТ КРИК**, роман



Кензабуро Ое ја добил Нобеловата награда за литература за поетската моќ со која во своите дела создава еден имагинарен свет на возбудливи слики кои се проникнати од хумани пораки. Кога го заокружува своето животно дело, Кензабуро смета дека го затворил кругот во кој носечки мотивациски столбови се космологијата, историјата и народните преданија.

Автор: **Кензабуро Ое**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-9989-55-184-0 (13)

## **ИЗБОР ПЕСНИ**



Шејмас Хини, ирски поет, есеист и преведувач, добитник на Нобеловата награда за литература во 1995 година за творбите со лирска убавина и етичка длабочина, во кои се величаат секојдневните чуда и живото минато. Поезијата, како доминантна форма на изразувањето на Шејмас Хини, присутна е во неговото творештво од првите години. Хини ја брани творечката слобода на поезијата, но, истовремено, во своите песни ги чувствува потребата и одговорноста да проговори за поделеноста на нацијата како поет и граѓанин.

Автор: **Шејмас Хини**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-9989-55-172-7

## **ИЗБОР ПОЕЗИЈА**, песни



Во својата поезија Шимборска гиползува иронијата, парадоксот, контрадикцијата и недореченоста за да ги отслика филозофските теми и поетските пораки. Нејзината поезија е преполна со егзистенцијални прашања и рефлексии за луѓето како индивидуи и како членови на човечката заедница. Изразот во нејзиниот поетски логос е интроспективен и хумористичен. Шимборска се смета за најголемата полска поетеса, а заедно со Херберт и Руѓевич, го сочинува врвот на полската поезија. Нејзините песни се преведени на сите поголеми светски јазици. Објавила релативно мал број песни, сè на сè околу 250.

Автор: **Вислава Шимборска**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 9989-55-243- 6

## **ИЗБРАНИ ДРАМИ**



Дарио Фо во своите дела ги третира социјалните прашања, критички ги изнесува неправдите на власта, а особено критички е расположен кон црквата и кон фашистите.

Автор: **Дарио Фо**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-9989-55-256-4

## ЕВАНГЕЛИЕТО СПОРЕД ИСУС ХРИСТОС, роман



Роман, жестоко критикуван во многу конзервативни и католички земји. Официјален Ватикан го опишува делото како антиевангелие. Сепак, „Евангелието според Исус Христос“ е еден совршен роман за човечката љубов и за човечката жртва. Роман, во кој алегорично и провокативно се проговорува за долгото страдање на човековиот род.

Автор: **Жозе Сарамаго**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 9989-55-177-4

## СЛЕПИЛО, роман



Сметајќи дека ,,на човекот му е поважно да стигне до својот близок отколку до Месечината“, Сарамаго ја елаборира таа своја загриженост за човекот преку прашањето за суштината на човековата егзистенција што го поставува како централно во „Есејот за слепилото“, вообичаено познат под скратениот наслов „Слепило“. Што се случува зад култивираната фасада? Каква е состојбата, каков е односот меѓу доброто и злото?

Автор: **Жозе Сарамаго**

Издавач: ТРИ / Арс ламина, Скопје
ISBN 978-608-230-136-5

## КУЧЕШКИ ГОДИНИ, роман



Литературното дело на Гинтер Грас ја одбележа повоената епоха на Германија. Тој важи за еден од најконтроверзните личности на повоената историја и жесток критичар на германското општество. Тој е сепак писател кој, повеќе од кој било, успеа да ги расветли со својот изострен поглед подзатскриени агли на општественото милје.

Автор: **Гинтер Грас**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-9989-55-229-8 (13)

## ЛАМАРИНЕНИОТ БАРАБАН, роман



Без сомневање, најпознатото дело на Гинтер Грас. Роман за животот во Гдањск (Данцинг) во годините меѓу двете светски војни. Роман во кој настаните и ликовите се предадени низ очите и мислите на мало дете, кое врз себе го доживува светот оптоварен со аномалии и неправди.

Автор: **Гинтер Грас**

Издавач: ТРИ / Арс ламина, Скопје
ISBN

## РИБАРСКА ТРСКА ЗА ДЕДО МИ, роман



Гао Синѓан е кинески писател, драматург, преведувач, режисер и ликовен уметник. Тој во своите дела го истакнува значењето на ненатуралистичките трендови во западното драмско творештво. За неговото творештво е дадена оцената дека е со „универзална вредност, со горчливи прозренија и со лингвистичка инвентивност, кои откриваат нови простори пред кинескиот роман и драма“.

Автор: **Гао Синѓан**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-9989-55-226-7 (13)

## ПОЛОВИЧЕН ЖИВОТ, роман



Кога го вреднуваат делото на Најпол, книжевните критичари се едногласни: тоа е дело од највисок ранг и во него констатираат голема естетска резонанса. Во повеќето романи, и особено во романот „Половичен живот“, нагласен е проблемот на личноста откорната од родната почва на својата култура и цивилизациска средина.

Автор: **Видиадхар С. Најпол**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-9989-55-176-5 (кн.)

## КАДИШ ЗА НЕРОДЕНОТО ДЕТЕ, проза



Овој автор на многу дела со мемоарска содржина Нобеловата награда ја примил, меѓу другото, и за тоа што ги „опишувал кревките искуства на човекот спроти варварската арбитража на историјата“.

Автор: **Имре Кертес**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-9989-55-191-8 (13)

## МАЈСТОРОТ ОД ПЕТЕРБУРГ, роман



Пишува со едноставен лаконски стил, но не ја исклучува страста. Прозата му е изразито интелектуална, постмодернистичка, интертекстуална и метафизичка. Преку калта на суровоста и злото, Куци нè носи кон една нова естетика на душата и кон еден нов хуманизам.

Автор: **Џон Максвел Куци**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-9989-55-202-1 (13)

## ЧЕКАЈЌИ ГИ ВАРВАРИТЕ, роман



Романот го обработува дуалитетот варварин/цивилизиран човек, преиспитувајќи ја преку ефектни описи позицијата на цивилизираниот човек. Притоа, во морето од книжевни референци што ги нуди книгата, една од најважните можеби е онаа што води до истоимената песна на Константин Кавафи, а се провлекуваат и алузивни референци на Кафка, Дино Буцати, особено со „Татарска пустина“ и слично. Како и во песната, така и во книгата, се цели кон тоа дека цивилизираниот човек има потреба од антипод за да може неговата цивилизираност да излезе на виделина.

Автор: **Џон Максвел Куци**

Издавач: ТРИ / Арс ламина, Скопје
ISBN 978 -608-469- 4311

## ЖЕНИТЕ КАКО ЉУБОВНИЧКИ, роман



Во „Жените како љубовнички“, Јелинек ги опишува улогите на половите и местото на жената во општеството. Стилот е саркастичен и провокативен, но и фасцинантен и интелигентен со восхитувачка тематика. Брилијантно го опишува реалниот живот на две наивни девојки. Ликовите во романот се повеќе безлични, стереотипни, отколку претставени како суштества од крв и месо. Мажите се главни во семејствата, тие се егоцентрични, целиот свет се врти околу нив, не се емоционално развиени и не се способни за љубов и одговорност.

Автор: **Елфриде Јелинек**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-9989-55-213-7

## ДОМАРОТ / ЉУБОВНИКОТ, драми



Англиски драмски писател, сценарист, актер. Дејството во „Домарот“, трагикомедија, се случува во една институција. Во текот на претставата, институцијата е претставена како „старечки дом“, но и како „санаториум“ каде што „жителите“ или, пак, „пациентите“ се означени со броеви, а не со имиња. Само низ еден чин, Пинтер креира цел комплекс „излези“ од т.н. „удобно-здодевен брачен живот“. Дејството е лоцирано близу Виндзор, во една куќа, во навидум реален брачен амбиент. Евидентна е иронијата со која Пинтер редовно ги маркира драмските ситуации.

Автор: **Харолд Пинтер**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-9989-55-172-7

## ИСТАНБУЛ: СПОМЕНИТЕ И ГРАДОТ, проза



Во книгата „Истанбул“, авторот ги раскажува спомените до својата дваесет и двегодишна возраст. Во неа сместил и слики од својот личен албум. Колку што е книга на лични спомени, ова е и книга за градот во кој живее авторот.

Автор: **Орхан Памук**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-9989-55-220-5 (13)

## СЕ ВИКАМ ЦРВЕНА, роман



Автор: **Орхан Памук**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-608-223-117-4

Приказната се случува во Истанбул во времето кога Султанот се обидува да ја покаже супериорноста на Отоманското Царство, порачувајќи книга која ќе го слави неговото владеење. Книгата треба да биде насликана од најдобрите илуминатори, но, бидејќи фигуративната уметност се смета за скрвнавење и навреда на Исламот, ниту еден од сликарите не смее да ја види во целост. Сепак, во меѓувреме, еден од минијатуристите е убиен и оттука всушност почнува романот. Станува збор за постмодерен роман со криминалистичка тематика, која авторот Орхан Памук ја развил преку неколку приказни, кои во девет дена неколкумина ликови ја раскажуваат како низа вистини.

## ЗЛАТНИОТ БЕЛЕЖНИК



Автор: **Дорис Лесинг**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 9989-55-182-0

Романот „Златниот бележник“ претставува прв книжевен успех на Дорис Лесинг. Тогаш, младото феминистичко движење го прифаќа романот како пионерски труд во кој, низ книжевна призма, се разгледува комплексниот машко-женски соднос. Сложена наративна техника, потврда на книжевното мајсторство на Лесинг.

## ГРАД СО ЧЕТИРИ ПОРТИ I и II, роман



Автор: **Дорис Лесинг**

Издавач: „К.С.Ц.“, Скопје
ISBN 978-608-469-461-8

Според многумина, ова е најдоброто дело на Дорис Лесинг. Книжевна слика на Британија по Втората светска војна, но пошироко гледано, слика на целата планета. Во романот се среќаваат елементи на научна фантастика, кои се искористени за да се постигне фаталистички поглед на светот и иднината.

## ЗЛАТНА РИПКА, роман



Автор: **Жан Мари Ле Клезио**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-9989-55-285-4 (кн.)

„Златна рипка“ е роман за Слободата, но исто така тоа е роман и за Стравот. Прозата на Ле Клезио е блиска до поетиката на Новиот роман, но истовремено, естетски е блиска до егзистенцијализмот. Романот пробива длабоко во егзистенцијалните и социјалните сегменти на човековото суштествување и јасно посочува дека само со потиснувањето на стравот ќе се почувствува вистинската слобода.



## ЃАВОЛОТ СЕДИ ВО ОГЛЕДАЛО, роман



Автор: **Херта Милер**

Издавач: „МИКЕНА“, Битола
ISBN 978-9989-55-290-8

Оваа книга, како и другите дела на Милер, го опишува животот во малото село и репресијата со која се соочуваат неговите жители сликајќи го пејзажот на обесправените.

## ЖИВОТИНСКА ДУША, роман



Автор: **Херта Милер**

Издавач: ТРИ / Арс ламина, Скопје
ISBN 978-608-230-142-6

Романот „Животинска душа“, како и другата нејзина проза, пленува со „прекрасните описи на природата, проткаени со поезија и доживеана проза“. Нејзиното творештво претставува рефлексија на нејзините искуства од животот во Романија под диктатурата на Чаушеску. Во неколку понови остварувања, говори за животот во Романија во тој период, како и за корупцијата и репресијата во селото во кое живее германско малцинство во Романија.

## **РАЗГОВОР ВО КАТЕДРАЛАТА**, роман



Автор: **Марио Варгас Љоса**

Издавач: ТРИ / Арс ламина, Скопје
ISBN 978-608-230-143-3

Приказната се случува во Перу за време на диктатурата на Аморети. Низ сложена пајажина од тајни и историски факти, Љоса ги анализира психичките и моралните механизми што ја движат моќта и лугето зад неа. Овој роман е моќен глас што се осврнува на идентитетот и улогата на граѓанинот, на тоа како недостигот на лична слобода може да остави трајна лузна кај народот и државата. Творештвото на Љоса претставува значаен сегмент на латиноамериканска книжевна традиција. Тој е еден од најголемите современи светски писатели, чие книжевно творештво ќе остане како општоцивилизациско наследство.

## **ЦРВЕН СИРАК**, роман



Автор: **Мо Јен**

Издавач: „МАГОР", Скопје
ISBN 978-608-223-225-6

Романот „Црвен сирак" е дел од истоимениот циклус новели со кој авторот стекна светска слава, а според кој е снимен и филм што на фестивалот во Берлин во 1988 година ја доби наградата „Златна мечка". Во овие новели, користејќи митски елементи, авторот ја раскажува историјата на три генерации од едно семејство за време на јапонската окупација на Кина во триесеттите години на XX век. Основен мотив што се провлекува низ новелата е црвениот сирак, растение што се користи за храна и за подготвување ракија, што во времето во кое владее мир, служи како метафора за животот на село, во војната станува симбол на борбата за живот, а на крајот се претвора во метафора за промената и загубата.

## **ОДБРАНИ ПЕСНИ**, поезија



Автор: **Томас Транстромер**

Издавач: „К.С.Ц.", Скопје
ISBN 978-608-230-143-3

Евидентна е способноста на Транстромер на едноставен начин да соединува спротивности. Неговите песни се свртени кон сонот, митот и откровението, а истовремено црпат сила и смисла во конкретна ситуација како извор на инспирација. Досега Транстромер има објавено петнаесетина поетски книги, кои се релативно мали по обем, но според проследувачите и проучувачите на неговата позеија, зад секоја од нив стои повеќегодишна работа. За својата исклучителна поезија, Транстромер во 2003 година, осум години пред да ја добие Нобеловата награда, го доби „Златниот венец" на Струшките вечери на поезијата.

МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА

**ЕДИЦИЈА**

# ЅВЕЗДИ НА СВЕТСКАТА КНИЖЕВНОСТ

Превод на македонски јазик

## ИЛЈАДА И ЕДНА НОЌ – том I 8



Приказните ги раскажува убавата и умна Шехерезада. Таа се наоѓа во рацете на кралот Шахријар, кој се има заречено дека секоја ноќ ќе убие по една девица. За да се спаси, Шехерезада остроумно плете мрежа од приказни, секоја вечер оставајќи го кралот во неизвесност за тоа како ќе заврши приказната, на тој начин продолжувајќи си го животот за уште еден ден.

Автор: **Аноним**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-261-4

## ИЛЈАДА И ЕДНА НОЌ – том II 9



Приказните ги раскажува убавата и умна Шехерезада. Таа се наоѓа во рацете на кралот Шахријар, кој се има заречено дека секоја ноќ ќе убие по една девица. За да се спаси, Шехерезада остроумно плете мрежа од приказни, секоја вечер оставајќи го кралот во неизвесност за тоа како ќе заврши приказната, на тој начин продолжувајќи си го животот за уште еден ден.

Автор: **Аноним**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-292-8

## МАХАБХАРАТА 10



*Махабхарата* не само што претставува неповторлив документ за древната индиска цивилизација, за нејзината религиска и филозофска мисла, за обичаите и верувањата и за нивните трансформации во времето, туку и нејзиното влијание врз соседните култури е инкорпорирано и не може да се одвои од општите сознанија за комплексниот културен идентитет во еден мошне широк географски простор.

Автор: **Аноним**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-356-7

## ДРАМИ 19



Една од стожерните теми во драматургијата на Чикамацу е судирот меѓу должностите и чувствата на протагонистите. Од една страна, главните ликови настојуваат беспрекорно да ги почитуваат социјалните, општествените и семејните обичаи и норми (giri), кои неретко претавуваат и поставуваат непремостливи пречки за остварувањата на нивните чувства (*ninjō*).

Автор: **Чикамацу**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-348-2

## ЗЕН ПРИКАЗНИ 22



Преку мошне луцидните, необични, продлабочени, навидум едноставни приказни, елегантно се посочува на клучните доблести што се практикуваат и треба да се стекнат: бескомпромисна решителност, истрајност, скромност, едноставност, милосрдие, сосредоточеност и посветеност, самодоверба, храброст, остроумност, самоконтрола...

Автор: **Аноним**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-287-4

## МЕТАМОРФОЗИ 41



Овидиј е еден од ретките поети кому му успеало во епска песна да обедини толку многу приказни во едно ново раскажувачко единство одбирајќи го топосот на преобразбата како стожерна тематска матрица при селектирањето на митолошката граѓа. Древните митологии се неразделни од топосот на *Метаморфозите*, а творечката интуиција на Овидиј, несомнено, ги насетила огромните можности за поетска обработка на возбудливите приказни за метаморфозите на луѓето во други облици на постоење.

Автор: **Овидиј**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-4721-49-9

## ЕНЕИДА 42



*Енеида* е единствен облик во целост, самата себеси е една и цела козмологија, органска целина чие качество е – латинскиот јазик, општо, Вергилиевиот посебно.

*Енеида* е една од највозбудливите артефакти на антиката, па, иако е секогаш една единствена, исткаена на латинскиот Вергилиев јазик, таа секогаш привлекува да се разоткрива во превод, ако не според автентичниот естетички облик, тогаш според идејната и идеолошка димензија.

Автор: **Вергилиј**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-4721-51-2

## ДЕКАМЕРОН 59



Најпознатата збирка новели на сите времиња, *Декамерон*, со разновидноста на наративните ситуации и беспрекорната чистота на стилот, потврдува дека класикот на италијанскиот XIV век, Џовани Бокачо, сè до денес останува ненадминат мајстор на краткото раскажување.

Автор: **Џовани Бокачо**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-155-6

## Лафонтен **БАСНИ** 85



Целото животинско царство, преземајќи ги карактерите и гласот на луѓето, учествува во раскошната, многуслојна и чудесна човечка комедија на Лафонтен, составена од мали, но генијално обработени слики, сцени и и епизоди. Во басните не зборуваат само животните туку и растенијата, или, како што во еден стих ќе напише самиот автор: „Сè зборува во вселената“.

Автор: **Лафонтен**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-224-9

## РОБИНСОН КРУСО 89



*Робинсон Крусо* е еден од најпопуларните и најчитани романи на сите времиња. Најчесто се споменува како пионерско дело на модерниот реалистичен роман, книга со која се воспоставени стандардите на овој литературен жанр. Поради многуслојноста, *Робинсон Крусо* се вбројува меѓу големите, речиси архетипски дела на западната цивилизација, заедно со Фауст, Дон Жуан и Дон Кихот.

Автор: **Даниел Дефо**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-154-9

## МОЛ ФЛАНДЕРС 90



Романот на Дефо, кој се смета за еден од позначајните британски романи, ја следи Мол Фландерс од нејзиното раѓање во затворот, каде што мајка и ја издржувала казната, па сè до просперитетот што го достигнува на крајот. Оваа живописна сага за неодоливата и озлогласена хероина – нејзините престапи и прекршоци, нејзината разнолика кариера како проститутка, шармантна и верна сопруга, крадец и осуденик – денес опстојува како еден од најживите и најискрените записи за напредокот на една жена низ лавиринтите на општеството.

Автор: **Даниел Дефо**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-095-5

## ГУЛИВЕРОВИТЕ ПАТУВАЊА 91



*Гуливеровите патувања* се смета за една од најголемите сатири напишани на англиски јазик. Книгата ги опфаќа патувањата на Лемјуел Гуливер во четири чудесни кралства. Таа може да се чита на многубројни начини: како авантуристичка книга за деца со фантастична содржина, како вивисекција на вечните човечки слабости и негативни карактеристики, како урнебесна комедија со монтипајтоновски дух...

Автор: **Џонатан Свифт**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-147-1

## МЕМОАРИ 102



*Мемоари* се несекојдневно сведоштво за едно време, импресивна и забавна енциклопедија на векот на просветителството, но и приказна за трагачот по љубовниот апсолут, неуморниот еротски истражувач, човекот што сака да дојде до крајот на сексуалното задоволство.

Автор: **Џакомо Казанова**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-314-7

## Блејк **ИЗБРАНИ ДЕЛА** 104



Блејковата лирика е единствена и ненадмината, таа нема свои претходници како што долго време немаше ни свои последователи. Требаше да помине одредено време за во XX век вистински да се открие силината и искреноста на неговиот лиризам од Песните на невиноста и на искуството, како и да се проникне во скриените значења на неговите химнички, митотворечки и епски „пророчки" песни и книги, меѓу кои Венчавката на Рајот и Пеколот и Четирите Зои заземаат бележито место.

Автор: **Вилијам Блејк**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-277-5

## Крилов **БАСНИ** 105



Во богатата европска баснотворна традиција, посебно место му припаѓа на Русинот Иван Андреевич Крилов за кого Тургенев подвлекол: „Може одговорно да се каже, без страв од преувеличување, дека странецот кој ќе ги проучи басните на Крилов ќе има појасна претстава за рускиот национален карактер отколку да ги прочита сите можни дела што го разгледуваат тој предмет".

Автор: **Иван Андреевич Крилов**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-333-8

## Мопасан **РАСКАЗИ** 128



Мопасан се залага за девизата „помалку е повеќе" сметајќи дека колку е покус расказот, тој е толку подобар. Мопасан ги претпочита ненадејните и остри пресврти, краткотрајните но блескави сцени и ситуации. Неговите раскази можат да се читаат како еден вид мали студии на општеството и на поединецот, кој исклучително тешко се снаоѓа во него.

Автор: **Ги де Мопасан**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-258-4

## ТЕСА ОД Д' УБЕРВИЛОВИ 148



Романот ја раскажува приказната за Теса, сиромашна жена чии претходни љубовни врски и неуспеси доведуваат до тоа да биде оставена од нејзиниот маж на нивната венчална ноќ. Бидејќи се занимава со прашања поврзани со класата, религијата, половите и сексуалноста, во времето на своето појавување романот бил исклучително контроверзен.

Автор: **Томас Харди**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-307-9

## ОРКАНСКИ ВИСОЧИНИ 150



*Оркански височини* е драматична и страсна приказна за невозвратената љубов. Романот ја истражува поврзаноста меѓу доброто и злото, како и постојаното присуство на овие принципи во природата и во животот на луѓето. Таа двојност, заедно со удвојувањето на ликовите, на внатрешните конфликти што ги разоруваат интегритетот и самочувството на ликовите, го внесува духот на мрачниот романтизам што доминира со ова дело.

Автор: **Емили Бронте**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-142-6

## МИДЛМАРЧ – том I 151



*Мидлмарч* на Џорџ Елиот е еден од големите класици на англиската литература, голема нарација со многу ликови, многубројни на приказни и драматични ситуации. Сложениот главен заплет и многуте помали заплети се вртат околу младата жена Доротеа Брук и нејзиниот однос со тројца мажи. Книгата претставува комплексна комбинација на длабоки психолошки портрети и историски роман кој нуди пресек на англиското општество во една ера на реформи.

Автор: **Џорџ Елиот**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-305-5

## МИДЛМАРЧ – том II 152



*Мидлмарч* на Џорџ Елиот е еден од големите класици на англиската литература, голема нарација со многу ликови, многубројни на приказни и драматични ситуации. Сложениот главен заплет и многуте помали заплети се вртат околу младата жена Доротеа Брук и нејзиниот однос со тројца мажи. Книгата претставува комплексна комбинација на длабоки психолошки портрети и историски роман кој нуди пресек на англиското општество во една ера на реформи.

Автор: **Џорџ Елиот**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-306-2

## БЕЛКИНОВИТЕ РАСКАЗИ 157



*Капетановата ќерка* се смета за најдобро прозно дело на Пушкин. Станува збор за историски роман во кој седумнаесетгодишниот офицер Петар Гриењов е пратен во малата тврдина Белогорск за време на востанието на Пугачов, каде што се вљубува во Марија, ќерката на командантот на тврдината.

*Белкиновите раскази* е циклус од пет независни раскази, формално поврзани меѓу себе само преку нараторот Иван Петрович Белкин.

Автор: **Александар Сергеевич Пушкин**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-099-3

## Тјутчев **ПОЕЗИЈА** 158



Тјутчев е еден од најголемите руски филозофски лиричари, генијален мајстор на класичниот стих. Во неговата поезија извонредно се амалгамизирани мислата, музикалноста, сликата и емоцијата. Иако неговиот опус не е многу голем по обем, тој се смета за еден од најзначајните во ризницата на целокупната руска поезија.

Автор: **Фјодор Иванович Тјутчев**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-231-7

## Лермонтов **ИЗБРАНИ ДЕЛА** 162



Магнетизиран од силни страсти, лиризмот на Лермонтов е напнат до емоционална усвитеност, проткаена со продлабочена рефлексивност, која психолошката афективност ја пресоздава во осмислен литературно-филозофски систем. Херој на нашето време е интимно-психолошки роман, во кој главниот лик Печорин живее во постојан судир меѓу неговата незаситна жед за живот и скепсата кон смислата на животот.

Автор: **Михаил Лермонтов**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-308-6

## КОЗАЦИ 173



*Козаци* се смета за една од најпоетичните книги на Толстој. Тоа е величествена повест чии основни мотиви се поврзани со романтичарската традиција на љубовта и восхитот спрема жената што ги олицетворува убавината и моќта на природата недопрена од цивилизацијата.

*Хаџи-Мурат* е роман инспириран од историска фигура. Во средиштето на книгата се наоѓа воинот Хаџи-Мурат, чеченски бунтовник кој храбро и жестоко се бори против руската империја.

*Смртта на Иван Илич* е едно од врвните дела од доцната фаза на Лав Толстој. Во него авторот, преку сопствената филозофија на човекољубието, се пресметува со лажниот живот на луѓето од својот круг ...

Автор: **Лав. Николаевич Толстој**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-110-5

## Чехов **НОВЕЛИ** 181



Антон Павлович Чехов се смета за еден од најголемите раскажувачи во светската литература, кој има извршено револуција во формата на расказот. Духовите, но суптилни и на моменти лежерно остри, без големи воведи и одење во ширина, неговите новели нудат продлабочено сликање на рускиот живот и човечките судбини.

Автор: **Антон Павлович Чехов**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-293-5

## Андерсен **БАЈКИ** 187



Честопати базирани врз фолклорни мотиви, бајките на Андерсен го носат неговиот личен авторски печат. Тоа што недостигало во неговиот живот го преточил во приказни што ја содржат хармонијата на светот. Бидејќи потекнувал од сиромашно семејство, тешкиот живот многу рано му ги открива контрастите добро-лошо, убаво-грдо, богато-сиромашно, реално-фантастично. Овие контрасти, одејќи од една крајност во друга, се присутни и во неговите бајки.

Автор: **Ханс Кристијан Андерсен**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-229-4

## Прешерн **ПОЕЗИЈА** 194



Франце Прешерн е најзначајниот словенечки писател, кој во својата земја има статус на национален симбол. Иако творештвото му е мало по обем, тоа ги опфаќа сите класични форми – дистих, терцини, катрени, сонети, сонетен венец со магистрал итн., при што разновидноста е задржана и од аспект на содржината – оди, балади, романси, сатирични сонети, епиграми, епитафи...

Автор: **Франце Прешерн**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-266-9

## **ЕМАЈЛИ И КАМЕИ** 197



Во Емајли и камеи Готје сакал да создаде поетско дело кое својата убавина ќе и ја должи единствено на својата уметничка вредност и кое со помош на своите технички дарби и сили ќе се натпреварува со ремек-делата на сликарството, скулптурата, архитектурата или едноставно со творбите на граверите и цизелерите.

Автор: **Теофил Готје**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-339-0

## **ЦВЕЌИЊАТА НА ЗЛОТО** 198



*Цвеќињата на злото*, меѓу другото, е и побуна против граѓанското општество и воспоставените малограѓански норми. Побуна против редот, спокојството, благосостојбата и плитката среќа. Стиховите на оваа збирка им ги фрлаат в лице на читателите своите слики на внатрешните маки, на забранетата љубов, на бедата, распаѓањето и смртта. Бодлер е речиси сиот свртен кон темното, забранетото, отфрленото...

Автор: **Шарл Бодлер**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-096-2

## Верлен **ПОЕЗИЈА** 200



Верлен е поет на силни емоции и жестоки страсти со ненадминат талент за чистата музика на поезијата и иновативен пристап кон поетската техника. Тој суптилно ги чувствува и ги предава боите со поетски средства, во една цела жива оркестрација од пастелни и акварелни, проѕирни тонови, до густи пластови и треперливи нијанси, слично на импресионистите во сликарството.

Автор: **Пол Верлен**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-232-4

## Рембо **ПОЕЗИЈА** 201



Делото на овој поет е триумф на детството што ги разбива сите пречки, забрани и калапи поставени од возрасните и претходниците. Тоа е триумф на поетот што се изборил за слободата да го употреби јазикот во свои цели. Тоа е триумф на поетот и на детето во него, на нивното право да ја измислат птицата со пет крилја и да ја пуштат да лета.

Автор: **Артур Рембо**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-260-7

## Клодел **ПОЕЗИЈА** 212



Пол Клодел е модерен архетип за религиозен католички поет чии медитации се исполнети со екстаза и зачуденост додека ги прославува својата вера, надеж и љубов. Тој спаѓа во редот на оние поети што своето промислување на светот и на неговите феномени ги изведуваат од едно единствено средиште – Бог.

Автор: **Пол Клодел**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-316-1

## Валери **ПОЕЗИЈА** 213



Во овој избор од поезијата на Валери се застапени песни од сите негови поетски фази – од раната, маглива збирка Албум на стари стихови, преку фантастичната и загадочна Млада Парка до архитектонски совршената поезија од Волшепства.

Автор: **Пол Валери**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-304-8

## Аполинер **ПОЕЗИЈА** 215



Мешајќи ги носталгијата по минатото и возбудата пред новите времиња, Аполинер создава поетско дело кое не се ограничува на еден став, на еден поглед, туку ги содржи дилемите и двојностите на својот творец во една жива и мошне динамична состојба. Во неговите стихови се преплетуваат меланхолијата и иронијата, втонатоста во легендата и одушевувањето од науката, приврзаноста за интимното и склоноста кон јавното, чувството за возвишеното и вкусот за обичното.

Автор: **Гијом Аполинер**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-233-1

## Елијар **ПОЕЗИЈА** 218



Елијар е поет на љубовта, на екстази што се доживуваат пред женското тело, на една еротичност што е кревата на пиедесталот на спиритуалноста, но без притоа да биде лишена од телесноста. Тоа е една нова трубадурска поезија, мошне отворена во искажувањето на својот вознес, но истовремено воздржана и претпазлива во именувањето на нештата.

Автор: **Пол Елијар**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-268-3

## Шницлер **НОВЕЛИ** 224



Новелите вклучени во оваа книга (Потпоручникот Густ, Госпоѓица Елза и Новела за сонот) нудат одличен пресек на неговата раскажувачка умешност. Шницлер создава необични ситуации, незаборавни ликови, а со употребата на внатрешниот монолог и текот на свеста, ја истражува сложеноста на нивниот внатрешен живот. Резултат на тоа се психолошки убедливи приказни за љубовта, сексот и смртта.

Автор: **Артур Шницлер**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-273-7

## СОЕДИНУВАЊА 235



Сместен во интернат на воено училиште, *Незгодите на питомецот Терлес* е напрегната студија за психолошкиот развој на еден адолесцент и неговата борба со своите противречни емоции.

Во циклусот *Соединувања*, составен од два расказа („Совршенство на љубовта" и „Искушението на тивката Вероника"), авторот отстапува од каузално-хронолошката нарација заменувајќи ја со принципот на внатрешна мотивација.

Автор: **Роберт Музил**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-288-1

## ИГРАТА СО СТАКЛЕНИ МОНИСТА 247



Ова е фасцинантна приказна за сложеноста на модерниот живот и класично дело на модерната литература. Сместена во XXIII век, *Играта со стаклени мониста* е приказна за Јозеф Кнехт, кој пораснува во Касталија, место што е посебно избрано за живот и развој на интелектуалната елита. Од детството, Кнехт е ангажиран да ја усоврши играта со стаклени мониста, која бара синтеза на уметностите и науката, на математиката, музиката, логиката и филозофијата.

Автор: **Херман Хесе**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-351-2

## Брехт **ДРАМИ** 250



*Мајка Храброст* и нејзините деца е класично дело на западните театарски сцени. Оваа „хроника" на триесетгодишната војна го следи ликот на Мајка Храброст. Таа како ситен воен профитер, одејќи таму каде што се водат битките, негува илузија дека од војната можат да профитираат и малите луѓе како неа. Оваа илузија се урива кога едно по едно ги губи своите деца.

*Опера за три гроша* е типична драма на епскиот театар – авторот користи елементи од оперите, дејството е придружено со заводлива џез-музика, текстот е провокативен... Ликовите се обични питачи, крадци и проститутки. Но, критичката острица на Брехт не е насочена кон овој општествен слој туку Брехт го критикува материјалистичкото општеството.

Автор: **Бертолд Брехт**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-249-2

## СРЕЌНИОТ ПРИНЦ • СЛИКАТА НА ДОРИЈАН ГРЕЈ 260, 261



*Среќниот принц и други раскази* е објавена во 1888 година и содржи пет уметнички бајки. Авторот го презема најдоброто од жанрот бајка и го трансформира во книга привлечна за сите генерации. Чудесното доминира во текстовите, надградено со типичниот естетизам на Вајлд.

Сфаќајќи дека еден ден неговата убавина ќе избледи, Доријан Греј изразува желба да си ја продаде душата во замена за тоа да старее неговиот насликан портрет, а не тој. Желбата му се остварува - тој престанува да старее. Започнува да води распуштен живот, а ефектите од тоа се рефлектираат врз портретот, кој му служи како потсетник за сите зла што ги нанесува на сопствената душа.

Автор: **Оскар Вајлд**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-101-3

## СРЦЕТО НА ТЕМНИНАТА • ТАЈФУН 262



*Срцето на темнината* е новела што може да се чита како живописен приказ на нараторот Марлоу за неговата авантуристичка пловидба по реката Конго во потрага по трговскиот посредник Курц, кој, иако е еден од најревносните прибирачи на слонова коска, ги прекинува контактите со главната трговска станица и мистериозно исчезнува во срцето на темнината.

Во *Тајфун* дејството е сместено во едно денонокие кога бродот „Нан-Шан", полн со необичен товар од кинески печалбари кои се враќаат дома, се соочува со страшно невреме во Кинеското Море. *Тајфун* може да се чита како „билдунгз-роман" во неконвенционална смисла, ...

Автор: **Џозеф Конрад**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-149-5

## ЛОРД ЏИМ 263



Во центарот на настаните се наоѓа Лорд Џим, еден вид донкихотски лик, распнат меѓу замислената претстава за себеси и суровата реалност. Неговата трагична грешка е што не може да го премости јазот меѓу своите херојски идеали, кои се дел од неговата фантазија, и практичното дејствување што припаѓа на реалноста.

Автор: **Џозеф Конрад**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-157-0

## САГА ЗА ФОРСАЈТИТЕ – том I 267



Оваа монументална трилогија, чие дејство е сместено во периодот меѓу 1886 и 1920 година, го прикажува животот на три генерации од семејството Форсајт, припадници на високата средна класа, нивната опсесија со парите и угледот, како и нивните ограничени, снобовски и проблематични морални кодекси.

Автор: **Џон Голсворди**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-354-3

## Елиот **ПОЕЗИЈА** 284



Поезијата на Елиот ја следи модернистичката дијалектика меѓу музиката и монологот. Во неа е проткаена идејата за животот кој не е ограничен ниту од минатото ниту од сегашноста.

Автор: **Томас Стернс Елиот**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-264-5

## УБИСТВО ВО КАТЕДРАЛАТА 285



Поетската драма *Убиство во катедралата* е едно од најпознатите и најиграни драмски дела на Томас Стернз Елиот. Инспирирана е од убиството на Томас Бекет, архиепископот од Кентербери. Како и во својата поезија, Елиот и во оваа драма создава многубројни дуализми и парадокси, како што се: вечноста и минливоста, духот и телото, дејство низ страдање и страдањето низ дејство.

Автор: **Томас Стернз Елиот**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-094-8

## УБАВ НОВ СВЕТ 289



*Убав нов свет* на Олдос Хаксли е едно од најдобрите научнофантастични дела и една од најблескавите сатири на сите времиња. Дејството се случува во иднината каде што човечките суштества масовно се произведуваат и се одгледуваат за живот во ригиден кастински систем.

Автор: **Олдос Хаксли**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-102-0

## ТЕАТАРСКИ РОМАН 304



Авторот, поигрувајќи си одвреме-навреме, ставајќи си на лицето понекоја маска, заведувајќи нѐ понекогаш на погрешна трага, нѐ засмева со добродушна смеа, нѐ растажува, но ниту во еден миг не нѐ остава во недоумица во однос на вистинитоста, на убедливоста и на класичноста и на ова свое дело.

Автор: **Михаил Булгаков**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-358-1

## МОЈОТ ПУШКИН 305



Во овој избор, без строго придржување до жанровските ограничувања, вклучени се раскази, писма и литературни есеи на една од најголемите руски поетеси во втората половина на XX век. Тие, обединети на ваков начин, претставуваат целосна слика или единствена приказна која може да се чита континуирано и без здив од почетокот до крајот.

Автор: **Марина Цветаева**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-109-9

## ДАРБА 306



*Дарба* е ода на руската литература, дело што комуницира со творештвото на најдобрите руски класици. Главниот лик на романот, Фјодор Годунов-Чердинцев, е млад руски емигрант кој доаѓа во Берлин во почетокот на дваесеттите години, по завршувањето на студиите во Кембриџ. Тој е писател-почетник кој сонува за книгата што еден ден ќе ја напише, книга што многу наликува на *Дарба*.

Автор: **Владимир Набоков**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-109-9

## ЛОЛИТА 307



*Лолита*, најпознатиот и контроверзен роман на Владимир Набоков, е приказна за опсесивната и уништувачка страст на остарениот интелектуалец Хамберт Хамберт спрема дванаесетгодишната Долорес Хејз. Привлечноста на романот лежи во страсната комбинација на еротското со интелектуалното, на телесното со вербалното, на забранетото со развратното.

Автор: **Владимир Набоков**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-103-7

## СЕЌАВАЊА – том I 310



Главниот квалитет на *Сеќавања* што им обезбедува трајна вредност се состои во тоа што овие сведоштва, напишани со еден јадар јазик, мошне писмен и со несомнена литературна дарба, се сведоштва од прва рака. Надежда Мандељштам успева духовниот и интелектуалниот свет на поетот да го ситуира во амбиентот на неговото време. Со своите детални описи, таа како да сака да го спаси од исчезнување интегралниот, човечки и поетски лик на Осип Мандељштам.

Автор: **Надежда Мандељштам**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-152-5

## СЕЌАВАЊА – том II 311



Главниот квалитет на *Сеќавања* што им обезбедува трајна вредност се состои во тоа што овие сведоштва, напишани со еден јадар јазик, мошне писмен и со несомнена литературна дарба, се сведоштва од прва рака. Надежда Мандељштам успева духовниот и интелектуалниот свет на поетот да го ситуира во амбиентот на неговото време. Со своите детални описи, таа како да сака да го спаси од исчезнување интегралниот, човечки и поетски лик на Осип Мандељштам.

Автор: **Надежда Мандељштам**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-153-2

## СВЕСТА НА ЅЕНО 312



Сè започнува кога порочниот, опсесивен и невротичен Ѕено, по препорака на својот психијатар, почнува да ги пишува своите мемоари како еден вид психотерапија што треба да му го „олесни“ откажувањето од цигарите. Во низа елиптични епизоди, исполнети со многу хумор, шокови и заблуди, пред очите на читателот пололека се создава ѓаволски смешен портрет на човекот кој се обидува да внесе малку нормалност и смисла во својот живот, сè до последната цигара...

Автор: **Итало Звево**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-097-9

## Песоа **ПОЕЗИЈА** 317



Песоа создава голем број автори и авторски поетики пишувајќи под десетици други имиња. Секој од овие авторски „гласови“ е сосема различен во однос на темите, темпераментот и стилот. Во овој избор се застапени песни напишани под ортонимот Фернандо Песоа, како и хетеронимите Рикардо Рејс, Алваро де Кампош, Алберто Каеиро и Коељо Пачеко.

Автор: **Фернандо Песоа**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-290-4

## ЧАРНОЕВИЌ • ПЕСНИ 330



*Чарноевиќ* е еден од најинтригантните романи во српската книжевност на XX век. Тоа е роман за млад човек изгубен во виорот на Првата светска војна и неговото специфично лирско доживување на светот. Во вториот дел од книгата се вклучени најдобрите песни на Црњански, придружени со коментари, кои се мошне значајни од гледна точка на расветлување на поетиката на авторот.

Автор: **Милош Црњански**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-309-3

## ЗЕМЈАТА НА СНЕГОТ 340



Тој е богат, средовечен, женет човек од Токио, кој доаѓа во едно село во Земјата на снеговите, најснежниот дел од Јапонија. Таа е млада девојка која дошла во истото село и се обучува да биде гејша, само заради финансискиот аспект на „професијата“. За него таа е забава, а таа нему му се препушта со целото срце и душа.

Автор: **Јасунари Кавабата**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-230-0

## НЕШТО ЛИЧНО 314



Кензабуро Ое ја разработува темата на односот спрема ментално хендикепираното дете. Од почетокот па до крајот на оваа крајно интимна и потресна приказна, протагонистот Птица е соочен со „агонијата од страдања“. Под лупата на нарацијата се ставени токму проникнувањата во тегобните расположенија на Птица, кој едновремено го чувствува бремето од измешани чувства на срам, страв, сомнежи, себеизмама, себеизмачување, себеобвинување.

Автор: **Кензабуро Ое**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-104-4

## Превер **ПОЕЗИЈА** 343



Поезијата на Жак Превер е нарекувана понекогаш „poésie populaire“, што, се разбира, не можеме да го преведеме како „народна поезија“ туку како „поезија прифатена од народот“. Уште пред поетот да ги собере своите песни во првата збирка, тие, според многубројни сведоштва, биле препишувани на рака од љубителите што ги откриле на страниците од некое списание, пречукувани и ширени на еден неофицијален начин, учени наизуст и рецитирани.

Автор: **Жак Превер**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-335-2

## ЧОВЕКОВАТА СУДБИНА 345



Романот дава преглед на раните денови на Кинеската револуција, согледани од перспективата на личните човечки судбини. Малро нуди психолошки увид во духот на политичката револуција поставувајќи ги човечките дилеми врз фонот на големите општествени идеи. Од првата сцена, во која кинескиот терорист Чен се колеба дали да изврши атентат врз човек што спие, романот со кинематографска динамика ја комбинира суровата акција со филозофските размисли на ликовите.

Автор: **Андре Малро**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-146-4

## ХОМО ФАБЕР 355



*Хомо фабер*, човекот-творец, е инженерот Валтер Фабер во чиј свет постои само тактилното, мерливото, рационалното; нема судбина, туку единствено математичка веројатност. Неговиот свет го разнишуваат серија необични настани што започнуваат со принудното слетување во Мексико, а завршуваат во Грција, во ироничен пресврт што личи на модерен хибрид на митовите за Едип и за Електра.

Автор: **Макс Фриш**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-301-7

## ПОСЕТАТА НА СТАРАТА ДАМА 359



Автор: **Фридрих Диренмат**

*Посетата на старата дама* е дело во кое авторот преку црн хумор изразува критика на висококапиталистичкиот свет. Централна тема е односот на парите и моќта, од една страна, и човечката деградација во име на стекнување материјални добра, од друга страна.

Дејството на драмата *Физичари* е сместено во приватен санаториум за душевно болни лица, каде што се наоѓаат тројца физичари. Диренмат го користи конкретниот простор на душевната болница како парабола за светот на европската наука од поново време.

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-139-6

## Сандберг • Гинзберг • Хјуз • Плат **ПОЕЗИЈА** 365



Автор: **Сандберг • Гинзберг • Хјуз • Плат**

Антологијата, иако малку необична поради изборот на поетите вклучени во неа, претставува интересен, прегледен и обемен зафат што ни принесува на прочит поезија од американскиот протомодернизам (во случајот на Сандберг) и англоамериканскиот постмодернизам, при што тројцата автори (Гинзберг, Плат и Хјуз), кои се појавуваат по Втората светска војна, на најубав начин ни укажуваат на постмодерната полифоничност и изразената индивидуалност во сфаќањето на поетиката.

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-337-6

## ХЕРЦОГ 376



Автор: **Сол Белоу**

Збунетиот средовечен интелектуалец Мојсеј Е. Херцог одеднаш сфаќа дека по разводот со својата втора жена се наоѓа во емотивен и интелектуален хаос од кој се обидува да излезе со пишување писма до разни личности, живи или мртви: до своите пријатели, до психијатарот, до адвокатот за разводи, до претседателот на САД, Хајдегер, Шредингер, Ниче итн. Неговите писма се одраз на неговата внатрешна состојба. Тие се опсесивни, луди, остри, тажни, прецизни, луцидни, инспиративни...

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-143-3

## Пинтер **ДРАМИ** 383



Автор: **Харолд Пинтер**

Парадоксот на драматургијата на Пинтер се заснова врз исклучителната концентрација на реализмот, кој на моменти преминува во натурализам, и врз потребата да ја исклучи класичната композиција, да го отстрани заплетот со сите претходни елементи, како пролог и експозиција, и елементите што следуваат по кулминацијата во заплетот, перипетиите и расплетот. Паралелно со ова, тој го проблематизира идентитетот на ликовите исклучувајќи ги транспарентните дејства што ги откриваат мотивите и нивната психологија.

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-233-341-3

## СОЛОМОНОВАТА ПЕСНА 384



Автор: **Тони Морисон**

Третиот роман на Тони Морисон е приказна која го следи животот на едно црнечко семејство и на нивните пријатели во Мичиген. Во фокусот на романот се потрагата по идентитет и духовниот растеж на Макон Покоен III, со прекар Млекар.

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-151-8

## Стопард **ДРАМИ** 388



Автор: **Том Стопард**

Том Стопард е најчесто поврзуван со Театарот на апсурдот. Основните поими со кои се служи филозофијата на егзистенцијализмот, инаку крајно сложени, кај него се крајно поедноставени, како на пример анксиозноста, апсурдот, ништожество, (не)постоењето на слободна волја кај поединецот, неможноста поединецот да ја сфати смислата на своето постоење и да разликува добро од лошо – со други зборови, апсурдноста на човековата положба.

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-345-1

## ФЛОБЕРОВИОТ ПАПАГАЛ 390



На прв поглед, романот на Џулијан Барнс е приказна за еден англиски доктор кој е во потрага по интригантни детали од мистериозниот живот на авторот на ремек-делото Госпоѓа Бовари. Откако во еден музеј посветен на Флобер открива препариран папагал кој на славниот писател му послужил како инспирација за неговиот расказ „Кротко срце“, главниот лик се впушта во реконструкција на животот на Гистав Флобер преку некои малку познати детали за него.

Автор: **Џулијан Барнс**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-145-7

## РАСКАЗИ ОД КОЛИМА 394



Шаламов ја создаде најуверливата книжевна биографија на злогласните сталинистички логори. И, колку што одминува времето, колку што се зголемува дистанцата од периодот на тоталното безумие, толку поживи стануваат приказните што чудесниот Шаламов ги раскажува по, речиси, тридецениски талкања низ сибирскиот пекол. И според темата, и според начинот на кој се раскажани, расказите за логорите – чија најголема цел била уништување на човечката личност – уште долго време ќе ги привлекуваат љубопитните читатели.

*Раскази од Колима* на Шаламов е огромна книжевна пресуда на сталинизмот. Овие раскази, секако, се пресметка со едно од најголемите зла на XX век.

Автор: **Варлам Шаламов**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-4721-47-5

## ЧОЧАРА 404



*Чочара* е еден од најголемите италијански романи, детален, богато нијансиран и крајно потресен портрет на животот на обичните луѓе во хаосот на Втората светска војна. Но не станува збор за некое „блуткаво“ антивоено дело, туку за книга што успева да ги долови човековите судбини во сите остри, болни, глупави, а понекогаш и комични детали.

Автор: **Алберто Моравија**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-311-6

## НЕВИДЛИВИ ГРАДОВИ 406



Книгата *Невидливи градови* е составена од единаесет циклуси за единаесет видови градови, кои не постојат во ниеден атлас на светот. Сите тие носат по едно женско име, а авторот во описот им пристапува претпазливо, нежно и внимателно, како да тргнува во додворување и освојување на некое живо „женско“ суштество.

*Замокот на вкрстените судбини* е роман составен од кратки раскази обединети во два дела – „Замокот на вкрстените судбини“ и „Крчмата на вкрстените судбини“. Во основата на романот се наоѓаат две групи патници кои поминувајќи низ една шума ја загубиле моќта да зборуваат. Едната група ја поминува ноќта во крчмата, а другата во замокот. ...

Автор: **Итало Калвино**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-289-8

## АКО ЕДНА ЗИМСКА НОЌ 407



*Ако една зимска ноќ,* некој патник всушност, не е еден роман туку десет, секој со различен заплет, стил, атмосфера и автор, и секој прекинат во момент на неизвесност. Заедно формираат лавиринт од литература, позната и непозната, жива и изумрена, низ која двајцата читатели, маж и жена, ги следат приказните што ги интересираат.

Автор: **Итало Калвино**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-107-5

## СМРТТА НА АРТЕМИО КРУЗ 420



*Смртта на Артемио Круз* претставува портрет на имагинарниот револуционер и богат човек Артемио Круз. Лежејќи во претсмртна агонија, Круз се сеќава на сопствениот живот. Нишките од неговата животна приказна се преплетуваат со клучни настани од историјата на Мексико. Фуентес мајсторски комбинира многубројни животни судбини, манипулирајќи со калеидоскоп од слики, трупајќи слоеви врз слоеви, од херојските борби на Круз за време на Мексиканската револуција, преку неговото немилосрдно збогатување, до неговата смрт.

Автор: **Карлос Фуентес**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-144-0

## ДЕЦАТА НА ПОЛНОЌТА 438



Автор: **Салман Ружди**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-156-3

Салем Синај се раѓа на 15 август 1947 година, точно на полноќ, во мигот кога Индија ја стекнува својата независност. Поздравен со огномети, аплаузи на толпата, како и од премиерот Нехру, Салем расте откривајќи ги злокобните последици на ова совпаѓање. Секој чин од неговиот живот се огледува и се зголемува во настаните што го насочуваат развојот на неговата татковина; неговото здравје и благосостојба се поврзани со здравјето и благосостојбата на нацијата; неговиот живот е неразделен, на моменти споен со историјата на неговата земја. Можеби највпечатлива е телепатската моќ што Синај го поврзува со илјада други индиски „деца на полноќта", сите родени во тој почетен миг и надарени со магична моќ.

## СРАМОТА 444



Автор: **Џон Максвел Куци**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608223-294-2

Вознемирувачката приказна за тричлената банда што ја силува ќерката на посрамотениот професор и книжевник Дејвид Лури останува длабоко врежана во сеќавањето на читателот, речиси како физичка рана. Овој мајсторски приказ за приватното и јавното посрамотување и каење, претставено низ духовното и физичкото патешествие на контроверзниот протагонист Дејвид Лури, има и политички и интимен карактер.

## ДОКТОР ФАУСТУС 464



Автор: **Кристофер Марлоу**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-140-2

Трагичната повест за животот и смртта на д-р Фаустус е најзначајната пиеса на Кристофер Марлоу, базирана врз приказната за Фауст, човекот што си ја продава душата на ѓаволот за да добие моќ и знаење. Ќе му биде дозволен еден миговен поглед на рајската светлина на знаењето, платен со страшниот сјај на вечните огнови на пеколот.

## ЖИВОТОТ НА ЕДНА ВЉУБЕНА ЖЕНА 465



Автор: **Ихара Саикаку**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-106-8

*Животот на една вљубена жена* е родоначалник на еден автентичен жанр во јапонската литература наречен „укизоши" (или приказни за „лебдечкиот свет" на задоволствата), кој ги обработувал темите застапени во прирачниците за куртизани и во водичите за квартовите наменети за уживање. Во книгата е прикажан цел спектар на социјални слоеви од тогашното јапонско општество почнувајќи од високите аристократски кругови, преку свештенството, сè до богатите трговци, слугите, куртизаните и просјаците.

## ОПАСНИ ВРСКИ 474



Автор: **Шадерло де Лакло**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-148-8

Големиот роман на Шадерло де Лакло за моралната и емоционална изопаченост е вознемирувачки и осудувачки портрет на францускoто декадентно општество. Аристократите и поранешни љубовници, маркизата Де Мертеј и виконтот Де Валмон, се впуштаат во префинета игра на заведување и манипулација за да внесат возбуда во своите здодевни животи. Додека Мертеј го предизвикува Валмон да заведе една невина и наивна девојка, тој истовремено е обземен од освојувањето на срекно омажена жена.

## ФРАНКЕНШТАЈН 476



Автор: **Мери Шели**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-093-1

*Франкенштајн* ги спојува готскиот ужас и романсата во приказна којашто е светски позната и сè повеќе релевантна. Франкенштајн е млад студент на природна филозофија кој, откако ја открива тајната на оживувањето на материјата, создава живо суштество. Иако со нежно срце и благородна природа, чудовишното создание влева страв во луѓето околу него. Сè поосамено и поизолирано, чудовиштето станува огорчено и сурово, преземајќи грозна одмазда против својот создател. Во драматичен расплет на настаните, во кој Франкенштајн ја следи својата творба до Арктикот за да го уништи, Мери Шели ги разоткрива страшните последици од играњето бог.

## МАЈСТОРОТ 511



Сместен во Киев во 1911 година, за време на растечкиот антисемитизам, романот ја раскажува приказната за Јаков Бок, еврејски занаетчија обвинет за сурово убиство на младо руско момче. Фокусот на романот е насочен кон судбината на малиот голем човек, кој загубен како зрно песок во непознатите предели на вселената-судбина, сака да дознае зошто се наоѓа на земјата. Бок е мајсторот што до мигот на заминувањето од еврејското село поправа сè, а во затворот посакува да се поправи себеси. Таму, всушност, се спознава себеси и ги пронаоѓа слободата и смислата на својата егзистенција.

Автор: **Бернард Маламуд**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-141-9

## СРЦЕТО Е ОСАМЕН ЛОВЕЦ 514



Дејството на книгата е сместено во триесеттите години на минатиот век, а во средиштето се наоѓа глувонемиот Џон Сингер, кој станува човек од доверба на жителите на едно гратче во Џорџија. Поради продлабоченото чувство за духовната изолација и емпатичните проникнувања во внатрешните животи на ликовите, романот се смета за нејзино најдобро дело.

Автор: **Карсон МекКалерс**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-111-2

## ДА СЕ УБИЕ ПТИЦАТА ПОДБИВНИЦА 530



Сместен во јужниот град Мејкомб, Алабама, за време на големата депресија, романот *Да се убие птицата подбивница* следи три години од животот на осумгодишната Скаут Финч, нејзиниот брат Џем и нивниот татко Атикус. Во овој период клучен настан е апсењето и судењето на младиот црнец обвинет за силување на бела жена. Иако романот истражува големи теми, Харпер Ли избира приказната да ја раскаже преку очите на едно дете.

Автор: **Харпер Ли**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-259-1

## КАСАНДРА 532



Во романот преку формата на мошне впечатливиот внатрешен монолог и ретроспекција, претставено е ново видување на ликот на тројанската принцеза. Волф сосема го преобразува митот за Касандра, озлогласената наречница – предвесничка на пропаста, давајќи и поинаква женска естетика. Таа се вбројува во низата феминистички хероини на Волф.

Автор: **Криста Волф**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-105-1

## ЛАДНОКРВНО УБИСТВО 533



*Ладнокрвно убиство* е предвесник на популарниот жанр криминалистички роман заснован врз вистински случки од реалноста. Романот ги опишува настаните поврзани со убиството на четири члена од богатото фармерско семејство Клатер во Канзас, опфаќајќи го периодот од денот на нивното убиство до чинот на погубувањето на двајцата убијци.

Автор: **Труман Капоти**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-150-1

## ПИЈАНИСТКА 545



Сексуалноста и насилството се преплетуваат во оваа брилијантна, бескомпромисна книга. Описите се богати и набиени, вознемирувачки прецизни. Елфриде Јелинек пишува книга за амбисите на современиот човек, кој не можејќи да се соочи со своите најдлабоки страсти, се претвора во нивен роб. Студена и тажна, обележана со немоќта за човечка комуникација, книгата може да се чита и како осуда на современото општество во кое човекот често се сведува на предмет.

Автор: **Елфриде Јелинек**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-343-7

## АНГЛИСКА МУЗИКА 547



Дејството на овој исклучителен роман е сместено во Лондон, во дваесеттите и триесеттите години на XX век. Необичните таленти на Тимоти Харком се извор на инспирација за неговиот татко Клемент, спиритуалист кој лекува луѓе. *Англиска музика* е инвентивен и трогателен роман за сложените врски меѓу татковците и синовите, меѓу наследството и културата, меѓу нашето разбирање на минатото и желбата да ја опфатиме сегашноста...

Автор: **Питер Акројд**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-276-8

## ОКЕАН МОРЕ • СВИЛА 550, 551



*Свила* ја раскажува магичната приказна за Ерве Жонкур и неговите патувања во Јапонија, каде што оди да набави јајца од свилени буби за произведувачите на свила во јужна Франција. Книгата е суптилна мешавина од бајка, љубовна приказна и авантуристички роман.

Во гостилницата Алмаер, на работ од морето, се преплетуваат судбините на чудните ликови на овој необичен роман. Тука е еден научник, кој пишува Енциклопедија на граници, сликар кој го слика морето со морската вода, свештеник кој му пишува на Севишниот необични молитви во стихови...

Автор: **Алесандро Барико**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-098-6

## ЕГИПЕТСКА КНИГА НА МРТВИТЕ 2



Непроценлив извор на податоци за митологијата и за религијата на древниот Египет, кој обединува различни групи текстови: молитви и химни на богови, митолошки и религиски фигури и обрасци, и текстови што го отсликуваат „церемонијалниот" дел, односно упатства за патот кон вечното постоење, како и магиски формули и именувања. Сите тие се детално објаснети и протолкувани.

Автор: **Аноним**

Издавач: ТРИ, Скопје
ISBN: 978-608-230-205-8

## ТИБЕТСКАТА КНИГА НА МРТВИТЕ 20



Пишувано со конкретна намена – да биде применето при погребни обреди – ова дело е плод на тибетскиот светоглед и будизам. Текстот ги опишува искуствата на свеста по смртта, за време на интервалот меѓу смртта и следното раѓање.

Автор: **Аноним**

Издавач: ТРИ, Скопје
ISBN: 978-608-230-103-7

## ХАИКУ • ТЕСНА ПАТЕКА КОН ВНАТРЕШНОСТА 25



Највлијателен јапонски писател кој живеел во XVII век, хаику поет и патописец кој остави неизбришлива трага во јапонската и во светската култура и книжевност. Овој избор содржи хаику песни и еден од неговите пет патописи.

Автор: **Мацуо Башо**

Издавач: ТРИ, Скопје
ISBN: 978-608-230-186-0

## Аристофан КОМЕДИИ 35



Најзначајниот претставник на хеленската комедија кој го означува зенитот на првиот период од развојот на комедијата. Драмите одбрани во ова издание се репрезентативни во однос на темите, сложеноста и полисемичноста на комедиите и карактеристичната конкретизација на комичното на сите рамништа на драмскиот облик.

Автор: **Аристофан**

Издавач: ТРИ, Скопје
ISBN: 978-608-230-220-1

## САТИРИКОН 47



Едно од двете единствени зачувани дела од жанрот „римска новела“, ова дело е значајно и по тоа што е првиот пример на мешање на два жанра, зачетокот на жанрот роман, живиот увид во секојдневниот живот на антички Рим и, секако, неговата литературна вредност.

Автор: **Петрониј**

Издавач: ТРИ, Скопје
ISBN: 978-608-230-108-2

## КАНЦОНИЕР 58



Врвен претставник на италијанската ренесанса, ова негово историски, културолошки, книжевно и стилистички значајно дело, инспирирано од љубовниот копнеж кон Лаура, содржи вкупно 366 песни, од кои 317 сонети, 29 канцони, 9 секстини, 7 балади и 4 мадригала, поделен на два дела: „За животот на мадона Лаура“ и „По смртта на мадона Лаура“.

Автор: **Франческо Петрарка**

Издавач: ТРИ, Скопје
ISBN: 978-608-230-102-0

## ВЛАДЕТЕЛОТ • МАНДРАГОЛА 62



Во ова издание се сместени две дијаметрално спротивни дела на Макијавели – комедијата *Мандрагола* и неговата политичка расправа *Владетелот*. Иако различни, сепак се допираат во однос на присутноста на она што го нарекуваме макијавелистички ликови.

Автор: **Николо Макијавели**

Издавач: ТРИ, Скопје
ISBN: 978-608-230-212-6

## ПРИМЕРНИ НОВЕЛИ 74



Извонредна збирка од 12 подолги раскази. Надоврзувајќи се на традицијата на дидактичката книжевност, таа е создадена со цел да даде преглед на општествените, историските и политичките аспекти на своето време. И стилски, и жанровски, и содржински, сè е подредено на таа реалистичност и дидактичност.

Автор: **Мигел де Сервантес**

Издавач: ТРИ, Скопје
ISBN: 978-608-230-044-3

## ФУЕНТЕ ОВЕХУНА 76



Оваа драма во три чина, напишана во XVII век, е типичен пример за шпанскиот книжевен барок. Со карактеристичното мешање на трагичното со комичното, со типизираните ликови, стихот со разновидна метрика, како и со изразниот декор, оваа драма има универзална поетска и театарска вредност.

Автор: **Лопе де Вега**

Издавач: ТРИ, Скопје
ISBN: 978-608-230-225-5

## ЖИВОТОТ Е СОН 77



Најпознатата драма на авторот од времето на шпанскиот книжевен барок, суштински поетски театар, со лирски и стилизирани ликови или ликови со симболична вредност. Сè уште многу поставувана во светот, ова е драма која развива универзални човечки и идеолошки мотиви.

Автор: **Педро Калдерон де ла Барка**

Издавач: ТРИ, Скопје
ISBN: 978-608-230-083-2

## Молиер ДРАМИ 86



Избор комедии од еден од најголемите и најзначајни мајстори на комедијата, кој со своите дела успева да ја редефинира долгата традиција на овој жанр, на смешното и на безвременски изградените ликови и карактери.

Автор: Жан-Батист Поклен **Молиер**

Издавач: ТРИ, Скопје
ISBN: 978-608-230-081-8

## НЕБОТО И ПЕКОЛОТ 92



воевиден мистично-емпириски патопис, поделен во три дела (Небо, Светот на духовите и Пекол), мошне значаен за книжевно-научното изучување на задгробниот живот. Дело кое продолжува да живее не само преку своите преводи туку и преку влијанието врз цела плејада автори: Гете, Хајне, Иго, Пушкин, Балзак, Достоевски, Бернар Шо, Новалис, Шарл Бодлер, Вилијам Блејк, Пол Валери, Иван Бунин...

Автор: **Емануел Сведенборг**

Издавач: ТРИ, Скопје
ISBN: 978-608-230-219-5

## МИРАНДОЛИНА 100



Комедија во три чина, која може да се смести во „комедиите на карактери“, но и во „комедиите на амбиентот“. Класичен пример на италијанската комедиографија од XVIII век. Еден од најпреведуваните и најизведувани драмски текстови.

Автор: **Карло Голдони**

Издавач: ТРИ, Скопје
ISBN: 978-608-230-201-0

## БУВАР И ПЕКИШЕ 125



Еден од најзначајните прозаисти на XIX век, Флобер во ова свое дело, преку двата главни лика, го персонифицира целото човештво. Многу помалку роман, а многу повеќе филозофски расказ исполнет со тажна гротеска, тој е сатирична драма која го пародира самото дело на Флобер. Тоа го прави единствен на неговото време.

Автор: **Гистав Флобер**

Издавач: ТРИ, Скопје
ISBN: 978-608-230-084-9

## ПАНАЃУР НА СУЕТАТА 149



Овој „роман без херој“ е богата галерија на ликови, меѓусебни односи и животни судбини на луѓе од високите слоеви на англиското општество. Бесмртната слика на една средина, сатирата со која е проткаена таа слика, јазикот со кој е прикажана, го прават Текери еден од најзначајните претставници на реализмот во Англија.

Автор: **Вилијам Текери**

Издавач: ТРИ, Скопје
ISBN: 978-608-230-214-0

## ОБЛОМОВ 161



Еден од најпрецизните, школски примери на реалистично писмо, со блага нота на хумор и сатира, со перфекционистичко чувство за книжевен детаљ, со префинет стил и со мајсторски книжевно обликувани ликови, кои обединуваат и портрет, и карактер, и идеја. Дел од руската книжевна класика на XIX век, која и денес е своевидна културна икона.

Автор: **Иван Гончаров**

Издавач: ТРИ, Скопје
ISBN: 978-608-230-045-0

## СВРШЕНИЦИ 184



Основоположник на современата италијанска книжевност, романот *Свршеници* претставува дело од извонредна важност за формирањето на италијанската национална свест. Неговото значење не лежи само во книжевните квалитети туку и во улогата што ја одиграл во националниот идентитет и во развојот на модерниот италијански јазик.

Автор: **Алесандро Манцони**

Издавач: ТРИ, Скопје
ISBN: 978-608-230-198-3

## СЕМЕЈСТВОТО МАЛАВОЛЈА 186



Еден од најзначајните претставници на веризмот (XIX век), овој роман, освен со амбиентот и со општествената припадност на ликовите како обид поверно да се репродуцира општеството, се карактеризира со исклучително иновативен стил и со оригиналност изразена преку филтрирањето на нарацијата од страна на Верга низ мислите и искажувањата на селаните.

Автор: **Џовани Верга**

Издавач: ТРИ, Скопје
ISBN: 978-608-230-124-2

## БОГОВИТЕ СЕ ЖЕДНИ 203



Фикциска приказна сместена за време на Француската револуција, која се истакнува по перфекцијата на прозниот стил, со неговата миријада од суптилни иронии и прекрасниот баланс меѓу суптилна алегориска приказна и саркастичната свифтовска сатира.

Автор: **Анатол Франс**

Издавач: ТРИ, Скопје
ISBN: 978-608-230-043-6

## ПЕЕЊЕТО НА МАЛДОРОР 204



Со нелинеарен наративен стил и често надреален, оваа поема во 6 дела е врвно книжевно остварување. Со иконокластична сликовитост, типично насилен и нихилистички тон, кој во голема мера зајмува од готиката, ова дело било неисцрпна инспирација за голем дел од надреалистите. Неговото значење за светската книжевност не е намалено ни денес.

Автор: **Лотреамон (Исидор Дикас)**

Издавач: ТРИ, Скопје
ISBN: 978-608-230-025-2

## АВАНТУРИТЕ НА ХАКЛБЕРИ ФИН 255



Наречен „најамериканскиот“ роман на сите времиња, ова ремек-дело е икона на американската култура. Прв американски „вернакуларен“ роман кој и во стилско-јазичниот, и во тематско-мотивскиот, и во идејниот слој ги отсликува спецификите на американскиот поглед на светот, американскиот дух и менталитет, оддедувајќи се целосно од европските културни претходници.

Автор: **Марк Твен**

Издавач: ТРИ, Скопје
ISBN: 978-608-230-217-1

## ПРВАТА ЛЕДИ ЧЕТЕРЛИ 281



Контроверзен роман кој е класик на светската литература според темите што ги отвора, ликовите кои ги воведува и состојбите што ги опишува. Во своето време предизвикал бура од скандали, критики и отпор, а денес е дело со неоспорна книжевна вредност.

Автор: **Дејвид Херберт Лоренс**

Издавач: ТРИ, Скопје
ISBN: 978-608-230-105-1

## СИНОВИ И ЉУБОВНИЦИ 282



Комплексно ремек-дело кое може да се чита на неколку различни нивоа: како роман за љубовта и сексуалната привлечност меѓу половите и своевидна студија за Едиповиот комплекс, како психоаналитичка автобиографска сеанса, како реалистична анализа на општествената состојба, како одбрана на маргинализираните и поинаквите, како студија на карактери, како апологија на природноста и книжевен израз на пејзажната убавина, како психолошка семејна драма...

Автор: **Дејвид Херберт Лоренс**

Издавач: ТРИ, Скопје
ISBN: 978-608-230-082-5

## ПЕТРОГРАД 300



Едно од најголемите прозни ремек-дела на XX век. Се истакнува со лингвистичките рими, играта со зборови, симболистичките и суптилни политички теми, употребата на хумор, комплексните модели на рима... Ова се само дел од карактеристиките што го прават ова дело едно од најмаркантните.

Автор: **Андреј Бели**

Издавач: ТРИ, Скопје
ISBN: 978-608-230-109-9

## ТРАГИЧНО ЧУВСТВУВАЊЕ НА ЖИВОТОТ 313



Едно од најзначајните и најпознати филозофски дела во светската книжевност. Авторот гради една самостојна варијанта на егзистенцијалистичката филозофија, со што ова дело е на границите меѓу есејот, филозофскиот трактат и иманентно книжевниот дискурс.

Автор: **Мигуел де Унамуно**

Издавач: ТРИ, Скопје
ISBN: 978-608-230-187-7

## СЕЛЕСТИНА 461



Дело со кое завршува ерата на средновековната литература и почнува процутот на ренесансата во Шпанија. Тоа се одликува со жанровска некохерентност, шокантна содржина, специфичен стил, тон карактеристичен за римските комедии, алузии кон класични и антички дела, впечатливи ликови кои отелотворуваат секојдневни луѓе во секојдневни ситуации, како и со брза промена на тонот од комедија кон трагедија.

Автор: **Фернандо де Рохас**

Издавач: ТРИ, Скопје
ISBN: 978-608-230-218-8

## МОЈОТ ЖИВОТ 462



Освен што претставува драгоцен документ за животот на најголемите уметници во XVI век и за историјата на таа епоха, оваа автобиографија се смета за ремек-дело поради нејзината спонтаност, живост, поради јазичните инвенции и богатството на опфатени настани и доживувања.

Автор: **Бенвенуто Челини**

Издавач: ТРИ, Скопје
ISBN: 978-608-230-192-1

## Гонгора • Кеведо • Вега **ПОЕЗИЈА** 78



Тројцата големи поети на шпанскиот „Златен век“, претставници на барокот, кои имаат големо влијание и значење за редефинирање на поетскиот израз, поетскиот јазик и стил.

Златниот век на шпанската книжевност ги дава и тројцата најголеми лиричари во нејзината историја: Лопе де Вега, Луис де Гонгора и Франциско Кеведо. Овој избор успева да ја илустрира радикалната спротивставеност меѓу Гонгоровиот хипербатонско-метафоричен култеранизам и Кеведовиот многу подиректен концептизам, поместувајќи ја пред нив ведрата и оптимистична природа на чудовишно плодниот Лопе де Вега и, истовремено, потврдувајќи ја безвременоста и актуелноста на секој од тројцата.

Автор: **Луис де Гонгора • Франциско де Кеведо • Лопе де Вега**

Издавачи: АРС Ламина, Скопје
ТРИ, Скопје
ISBN: 978-608-230-243-0

## Ламартин • Де Вињи • Иго • Мисе **ПОЕЗИЈА** 116



Автор: **Ламартин • Де Вињи • Иго • Мисе**

Издавачи: АРС Ламина, Скопје
ТРИ, Скопје

ISBN: 978-608-229-715-6

Овој избор песни од најзначајните француски лиричари на романтизмот, наречени „големата четворка на романтизмот“, ги опфаќа нивните најкарактеристични и најзначајни поетски дела.

Францускиот романтизам почнува со шепотот на Ламартиновото езеро, повишен до извик во устата на тогаш 18-годишниот, а денес безвременскиот Виктор Иго: „Еве најпосле вистински поет!“; уште незгаснат одгласот, а светот веќе може да ги прочита и првите песни на Алфред де Вињи,ројалистот, најосамениот од големите романтичари; последниот од големата четворка со него го дели само своето име: де Мисе, носејќи низ вековите труверска крв, му враќа ...

## Паунд **ПОЕЗИЈА** 279



Автор: **Езра Паунд**

Издавачи: АРС Ламина, Скопје
ТРИ, Скопје

ISBN: 978-608-229-488-9

Поет на американскиот модернизам, остар критичар и фигура која длабоко го обележува XX век. Во овој избор се застапени некои од неговите најзначајни дела.

Секогаш контроверзен и нејасен, никогаш здодевен и обичен – овој избор од творештвото на Езра Паунд ја потврдува често цитираната оцена на американскиот поет М. Л. Розентал: „како сета прекрасна виталност и сета прекрасна гнилост на нашето раскошно разновидно наследство едновремено да се манифестирала“ во личноста на Езра Паунд.

## **ПОКОЈНИОТ МАТИЈА ПАСКАЛ** 314



Автор: **Луиџи Пирандело**

Издавачи: АРС Ламина, Скопје
ТРИ, Скопје

ISBN: 978-608-229-486-5

Добитник на Нобеловата награда за литература, овој исклучително значаен италијански автор на XX век со овој роман внесува новини во техниките на современиот расказ, во богатството на црниот хумор и филозофската нишка што го проткајува делото.

*Покојниот Матија Паскал* е приказна за еден човек што уште додека е жив, умира барем два пати – и ниту првиот, ниту вториот пат не успева да се преroди. Сосема напротив: она што на крајот останува од него е само сенка, дух на она што можел да биде, споредна улога во претставата за неговиот сопствен живот.

## Кавафис **ПОЕЗИЈА** 323



Автор: **Константин Кавафис**

Издавачи: АРС Ламина, Скопје
ТРИ, Скопје

ISBN: 978-608-229-493-3

Поетот кој е најзначаен за повторното оживување на грчката поезија е вистински мајстор на зборот, и токму поради тоа неговата поезија бара потковани преведувачи и познавачи, за да се долови сето богатство и целата комплексност на изразот.

Опсесивен перфекционист, до крајот на својот седумдесетгодишен живот, Константин Кавафис ќе објави исто онолку песни колку Шекспир сонети. Проткаени со една од најнежните носталгии кога и да е изразени во пишана форма, безмалку секоја од нив е мало ремек-дело; и како и во случајот со Шекспировите дела, и овие не се лишени од мноштво стихови што веќе ги имате слушнато цитирани на најнеобични места.

## **РАШОМОН** 339



Автор: **Рјуносуке Акутагава**

Издавачи: АРС Ламина, Скопје
ТРИ, Скопје

ISBN: 978-608-229-496-4

Оваа збирка раскази е најпознатото дело на јапонскиот автор кој ја преобликува јапонската литература. Се карактеризира со поетика која е под силно влијание на западноевропската и на руската мисла и книжевност. Акутагава мајсторски го спојува тоа со јапонското чувство за парадокси, длабоко вкоренето во филозофијата на зен-будизмот и јапонската раскажувачка традиција.

И покрај тоа што се самоубива на одвај 35-годишна возраст, Рјуносуке Акутагава е денес општо признат како „Татко на јапонскиот расказ“. Неговиот универзализам и (парадоксално) автобиографизам, во комбинација со неговата раздразнета биографија, особено по Рашомон на Акира Куросава ...

## Одн **ПОЕЗИЈА** 369



Автор: **Вистан Хју Одн**

Издавачи: АРС Ламина, Скопје
ТРИ, Скопје

ISBN: 978-608-229-497-1

Избор од различните творечки периоди на овој автор, добитник на Златниот венец на Струшките вечери на поезијата, и еден од најзначајните англиски и светски поети воопшто.

Според Монроу Спирс, еден од уредниците на Енциклопедијата Британика, „по смртта на Јејтс, местото на најголем поет на англискиот јазик го наследува Т. С. Елиот, а по Елиот – В. Х. Одн“ – реченица што едно време можеби би била пречекана со смеа, а денес се чини многу вистинита. Постојано движејќи се на работ на обичното, но никогаш не запаѓајќи во него, првиот добитник за поетски опус на Златен венец на СВП, денес, само четириесетина година по неговата смрт, е веќе класик ...

## Бродски **ПОЕЗИЈА** 401



Автор: **Јосиф Бродски**

Издавачи: АРС Ламина, Скопје
ТРИ, Скопје
ISBN: 978-608-229-499-5

Овој избор од поезијата на нобеловецот Бродски најдобро ги илустрира неговите поетски преокупации, синтезата на класичните теми и филозофската лирска димензија, новите истражувања во римувањето, спојот на сакралното и ироничкото, тактилното содејство на реалистичкиот израз и метафизичките слоеви.

Белешката на Нобеловиот комитет, кој во 1987 година се одлучува да го награди Јосиф Бродски за неговиот поетски опус, вели дека наградата му е доделена „заради сѐпрониклливото перо, вдахнато со чистина на мислите и поетски интензитет“. Сево ова е видливо во изборот направен во оваа книга, кој уште еднаш потврдува една рана оцена за Бродски ...

## **СТАРА ЕГИПЕТСКА КНИЖЕВНОСТ** 3



Автор: **Аноним**

Издавачи: АРС, Скопје ; ТРИ, Скопје
ISBN: 978-608-230-216-4

Вистинска ризница од книжевноста на древниот Египет, која опфаќа сакрални и профани текстови, лирика, приказни и бајки, мудрости и поуки.

Иако една од најстарите, египетската книжевност е релативно ново откритие. Оваа антологија содржи избор на најважните и најзначајни остварувања превосходно на литературата на Средното Царство – и во прозните (како, на пример, загадочната „Приказна за бродоломецот“) и во поетските жанрови (како еден од најстарите монотеистички текстови – „Химна за богот Атон“ и низа љубовни химни што ја навестуваат библиската „Песна над песните“).

## **ТАО ТЕ КИНГ • БЕЗГРИЖНОТО ТАЛКАЊЕ • ЛУН ЈИ** 17



Автор: **Лао Це • Чуанг Це • Конфучиј**

Издавачи: АРС, Скопје ; ТРИ, Скопје
ISBN: 978-608-229-472-8

Трите најпознати дела од тројцата култни мудреци на древна Кина, кои извршиле огромно влијание врз културата, филозофијата и книжевноста. Истовремено филозофска литература, но и книжевност од највисок ранг.

Во оваа книга се наоѓаат три клучни текста на древната кинеска мисла: *Безгрижното талкање* од Чуанг Це и *Тао те кинг* од Лао Це на едната страна, како некакви основи на пометафизичкиот таоизам, и *Лун Ји* на Конфучиј од другата страна, како главен текст на многу поприземниот и поопштествено ориентиран конфучијанизам. Без разлика на оваа интелектуална дискрепанца, текстовите се зближани на едно друго, подлабоко ниво: нивниот светоглед е светоглед на многумина, ...

## Вијон **ПОЕЗИЈА** 61



Автор: **Франсоа Вијон**

Издавачи: АРС, Скопје ; ТРИ, Скопје
ISBN: 978-608-229-474-2

Најголемиот француски и европски поет на средниот век е застапен со неговите најзначајни дела – двете завештанија (Мало завештание и Големо завештание), како и со дваесетина балади и ронда. Вистинско уживање за љубителите на убавиот збор.

Секогаш пишувајќи и живеејќи наспроти текот, Франсоа Вијон е еден од најоригиналните и најсубверзивни француски поети во Средниот век. Актуелизирани од Рембо, Верлен, Деби-си, Брехт и Паунд, Вијоновите песни за краткоста на животот, за храната и виното, за љубовта и телесните уживања се сѐ уште популарни и го будат истиот интерес – и повеќе од половина милениум по нивното настанување.

## Расин **ТРАГЕДИИ** 88



Автор: **Жан Расин**

Издавачи: АРС, Скопје ; ТРИ, Скопје
ISBN: 978-608-229-597-8

Истражувач на трагичното кај човекот, овој драмски гениј на XVII век често е споредуван со античките трагичари и со Шекспир поради неговиот стил, темите, и длабочината на карактерите.

Англичаните го имаат Шекспир, Французите – Расин. Овој избор содржи четири драми од неговиот раскошен опус: Британик, драма за раѓањето на суровиот Нерон; Береника, уште една драма сместена во стариот Рим, на маргината на една Светониева белешка, Митридат, трагедија за митско-историскиот крал на Понт; и Федра – во која се јавува можеби најмоќниот женски лик во Расиновиот опус.

## **БЕДНИ ЛУЃЕ • ЗАПИСИ ОД ПОДЗЕМЈЕТО • КРОТКА** 166



Автор: **Фјодор Михајлович Достоевски**

Издавачи: АРС, Скопје ; ТРИ, Скопје
ISBN: 978-608-229-479-7

Симбол на руската литература на XIX век, претставник на книжевниот реализам чии дела и книжевни ликови стануваат дел од светското книжевно наследство. Со своите книжевни постапки и наративни механизми, тој е еден од најзначајните светски автори воопшто.

Со *Бедни луѓе*,гогољевски епистоларен роман за двајца втори братучеди и светот околу нив, почнува блескавата романсиерска кариера на еден од најголемите светски писатели, Фјодор М. Достоевски; со *Кротка*, повест за едно самоубиство, се приведува кон крајот; некаде на средина меѓу нив се и *Записите од подземјето*, според многумина, првиот егзистенцијалистички роман ...

## Чехов **РАСКАЗИ** 180



Автор: **Антон Павлович Чехов**

Издавачи: АРС, Скопје ; ТРИ, Скопје
ISBN: 978-608-229-480-3

Класик на руската книжевност, мајстор на краткиот расказ, модерен реалист со карактеристична референцијалност, уверлив реконструктор на руската стварност, епоха и духот на времето.

Безмалку консензуален е ставот околу тоа кој е најголемиот автор на кратки раскази: А. П. Чехов. Овој избор го нуди сето богатство на неговиот прониклив ум и внимателно воздржан стил, а дава и увид во нивната еволуција што – едновремено – е и еволуција на самиот жанр и човековата духовно-интелектуална историја.

## Леопарди **ПОЕЗИЈА** 185



Автор: **Џакомо Леопарди**

Издавачи: АРС, Скопје ; ТРИ, Скопје
ISBN: 978-608-229-481-0

Италијански поет кој го обележува раниот XIX век, од многумина нарекуван „првиот модерен италијански класик". Неговата лирика се одликува со патриотски, идилични сцени, со невозвратена љубов, со мотиви од детството, како и со класични теми и референции.

Иако кревок, изолиран, маргинализиран и осуден на болка и истоштеност, до крајот на својот сосема краток живот, Леопарди самиот ќе ја изживее сета еволуција на италијанската книжевност и ќе отвори нови простори за нејзин натамошен развиток. Различен и од своите претходници и од своите современици, Леопардовиот е еден нежен, ироничен и, секако, нетипичен романтизам.

## Дикинсон **ПОЕЗИЈА** 254



Автор: **Емили Дикинсон**

Издавачи: АРС, Скопје ; ТРИ, Скопје
ISBN: 978-608-229-487-2

Разновидно во стилот и формата, со карактеристична структура и синтакса, творештвото на оваа најголема американска поетеса се карактеризира со концизни и остри стихови.

Како и во својот живот – при крајот на животот воопшто и не ја напуштала својата соба – Емили Дикинсон е ексцентрик и во својата поезија: препознатлива по употребата на цртички, големи букви и полурими, по незаслужената маргинализација за време на нејзиниот живот, денес се смета за еден од најголемите американски поети во историјата.

## **ЦРНО ЈАГНЕ И СИВ СОКОЛ** 287



Автор: **Ребека Вест**

Издавачи: АРС, Скопје ; ТРИ, Скопје
ISBN: 978-608-229-489-6

Овој прочуен патопис за патувањето на авторката низ Југославија во 1937 година, видно се разликува од традиционалниот патопис според емоционалниот набој и филозофските размисли, речовитите дијалози, книжевната критика, теологијата, феминизмот, етнокултурата и политиката...

*Црно јагне и сив сокол* е обемен патопис – редовно рангиран меѓу најдобрите кога и да е напишани – на британскиот автор Ребека Вест посветен на историјата и културата на југословенските народи. Во оваа книга се поместени поглавјата за Македонија: за Скопје и Охрид, за Битола и Струга, за Скопска Црна Гора и Кајмакчалан, за Матка и Св. Наум.

## Ахметова • Цветаева **ПОЕЗИЈА** 301



Автор: **Ана Ахметова**
и **Марина Цветаева**

Издавачи: АРС, Скопје ; ТРИ, Скопје
ISBN: 978-608-229-599-2

Двете најзначајни руски поетеси на XX век, чија поезија со чист и длабок поетски блесок остави неизбришлива трага не само во руската туку и во светската поетска ризница.

Некои поети се единствени: Блејк, Милтон. Некои живеат, растат и се читаат во двојка: Вордсворт и Колриџ, Китс и Шели. Марина Цветаева и Ана Ахметова се еден таква двојка: првата потопла, постраствена и подподложна на повреди, втората (но само споредбено!) постудена, поодмерена и поспособна да издржи низ многуте нанесени неправди, Цветаева и Ахметова се веројатно двете најголеми руски поетеси. Овој избор само ја потврдува оваа констатација.

## Мандељштам **ИЗБРАНИ ДЕЛА** 302



Автор: **Осип Мандељштам**

Издавачи: АРС, Скопје ; ТРИ, Скопје
ISBN: 978-608-229-490-2

Еден од најголемите руски поети на XX век, претставник и залагач за акмеизмот, кај кого темата на времето е апсолутна тема, а неговата поезија најпрецизно се опишува како „носталгија по светската култура".

Осип Мандељштам е можеби централна фигура во кругот на големата руска четворка – покрај Ахметова, Цветаева и Пастернак. Најмодерен меѓу нив – што се потврдува и преку неговото влијание врз Пол Селан и Роберт Лауел – рано ќе се соочи со бруталноста на Сталиновите чистки. Неговата смрт на Сибир е потврда на еден парадокс што самиот го забележува: во современата епоха само во Русија ја ценат поезијата; може да те убијат заради неа.

## Мачадо • Хименес • Алберти **ШПАНСКА ПОЕЗИЈА** 316



Автори: **Мачадо, Хименес, Алберти**

Издавачи: АРС, Скопје ; ТРИ, Скопје
ISBN: 978-608-229-491-9

Ова се најзначајните и клучни автори за развојот на шпанската поезија на XX век, Тие ја одбележуваат не само современата шпанска туку и светска поезија воопшто.

Поетите што се претставени во ова издание им припаѓаат на две генерации, најзначајни и клучни во развитокот на шпанската поезија: првите двајца, Антонио Мачадо и Хуан Рамон Хименес, и припаѓаат на пресвртничката Генерација на 1898 година, а третиот, Рафаел Алберти, на модерната и иноваторска група поети на чие чело е Федерико Гарсија Лорка, наречена Генерација на 1927 година. ...

## Лорка **ИЗБРАНИ ДЕЛА** 318



Автор: **Франсиско Гарсија Лорка**

Издавачи: АРС, Скопје ; ТРИ, Скопје
ISBN: 978-608-229-492-6

Големиот „поет на шпанската земја“ во ова издание е застапен со неговите најзначајни поетски достигнувања, но и со неговата драмска трилогија (поетска драма). Најпреведуван шпански автор по Сервантес.

На 300-годишнината од смртта на Луис де Гонгора – врвот на првиот Златен век на шпанската поезија – ќе биде организиран првиот состанок на поетите што ќе го востоличат вториот Златен век: Генерацијата ’27. Неговиот врв: Федерико Гарсија Лорка. Во овој избор Лорка е застапен со најпознатите негови лирски збирки (Цигански романсеро, Тажачка за Игнасио Санчез Мехијас итн.), како и со две драми (Крвави свадби и Домот на Бернарда Алба).

## Чапек **РАСКАЗИ** 327



Автор: **Карел Чапек**

Издавачи: АРС, Скопје ; ТРИ, Скопје
ISBN: 978-608-229-494-0

Чешкиот класик и најистакнат прозаист меѓу двете светски војни, со плодно и разновидно творештво, множество теми, жанрови и поетики, овде е застапен со расказите кои припаѓаат на различни фази од неговото творештво.

„Профетска самоувереност промешана со надреален хумор и остра општествена сатира: уникатна комбинација“ – така пишува Артур Милер за еден од најголемите чешки автори, Карел Чапек. Овде претставен преку избор од неговите раскази, Чапек е на секоја страница духовит, игрив, необичен, провокативен и длабоко и искрено хуман.

## **КАТЕДРАЛА И ДРУГИ РАСКАЗИ** 389



Автор: **Рејмонд Карвер**

Издавачи: АРС, Скопје ; ТРИ, Скопје
ISBN: 978-608-229-498-8

Еден од најзначајните современи американски раскажувачи, претставник на традициите на реалистичката раскажувачка постапка, исцртува фреска – реалистична и сурова – на Америка од XX век.

Секогаш „приклонет кон краткост и интензивност“, Рејмонд Карвер е, според негово лично признание, „зависен од пишување на кратки раскази“. Одговорен за ревитализацијата на овој жанр на американската книжевна сцена во 80-тите, во безмалку секој од расказите во оваа книга Карвер е внимателно сугестивен и минамилистички ориентиран „валкан реалист“ – поради што не е тешко да се рече дека е и визионер или барем дека неговото влијание е ненамалено до денешен ден.

## **ХИСПАНОАМЕРИКАНСКА ПОЕЗИЈА** 410



Автор: **Рубен Дарио, Габриела Мистрал** и други

Издавачи: АРС, Скопје ; ТРИ, Скопје
ISBN: 978-608-229-500-8

Автори на кои, благодарејќи на естетските вредности и значењето на нивното пеење, им припаѓаат врвните места во поезијата пишувана на шпански јазик во Јужна Америка и пошироко.

Хиспаноамериканската литература е феномен на кој не може а да не му се обрне внимание: кога европската книжевност веќе ги покажува првите знаци на истрошеност, Латинска Америка ги дава своите најсвежи и највитални творби. Никарагванецот Рубен Дарио го зачнува modernismo, првото латиноамериканско движење со одек надвор од Латинска Америка; Сезар Ваљехо од Перу е еден од најголемите поети на 20 век; Аргентинецот Х. Л. Борхес – универзум сам по себе; ...

## **СТРОГО КОНТРОЛИРАНИ ВОЗОВИ** 430



Автор: **Бохумил Храбал**

Издавачи: АРС, Скопје ; ТРИ, Скопје
ISBN: 978-608-229-501-5

Храбал е еден од најмаркантните чешки писатели на XX век, карактеристичен според невообичаениот јазик и стил. Тој ни дава толку верна слика на ликовите, на нивните доживувања и на времето во кое живеат, што имаме чувство дека и самите стануваме дел од прикажаната. (АРС)

Милош Хрма е помошник-свртничар на селска станица во окупирана Чехословачка кој, по своето неуспешно прво сексуално искуство, се обидува да се самоубие. *Строго контролирани возови* е краток и прекрасен „Bildungsroman“ на Бохумил Храбал кој (како и многу други прекрасни приказни) ги следи обртите на една горе-долу обична младешка драма ...

## ШПАНСКАТА ПОЕЗИЈА НА РЕНЕСАНСАТА ... 463



Автор: **Гарцилазо, Алдана, Херера**

Издавачи: АРС, Скопје ; ТРИ, Скопје
ISBN: 978-608-229-504-6

Антологија на „Златниот век“ на шпанската лирика, од почетокот на XVI до крајот на XVII век. Застапени се претходниците, поетите на ренесансата и поетите на барокот.

Ренесансата и барокот ќе ја променат, еднаш-засекогаш, книжевната еволуција на Европа. Овој избор вклучува една широка палета на разновидни и толку влијателни поети што творат во шпанскиот шеснаесетти и седумнаесетти век, времени меѓу творечкиот ангажман на Натпопот од Ита, Хуан Руис и генијалниот драматург Калдерон де ла Барка.

## Хармс ПОЕЗИЈА • КРАТКА ПРОЗА 504



Автор: **Данил Хармс**

Издавачи: АРС, Скопје ; ТРИ, Скопје
ISBN: 978-608-229-506-0

Еден од најмаркантните и најкарактеристични претставници на руската книжевна авангарда, кој засекогаш го измени светот на книжевноста со своите книжевни постапки, стилот, јазикот и „очудувањето“.

Данил Хармс е една од најнапредните индивидуи во исклучително напредната руска футуристичка авангарда. Со луле и костум на англиски денди, антирационален, нелинеарен, нелогичен и декадентен – Хармс завршува онаму како и другите слични нему во конзервативниот СССР: во затвор и, како еден од најоригиналните руски автори, во аналите на светската книжевна историја.

## СТАРА ХЕБРЕЈСКА КНИЖЕВНОСТ – том II 5



Автор: **Аноним**

Издавачи: АРС ЛАМИНА, Скопје
ISBN: 978–608–229–733–0

Следејќи го првиот том од оваа едиција – каде што се сместени „Книгата Јов“ и „Псалмите“ – овој том содржи уште 6 од 77 канонски библиски книги: две библиско-историски: „Книгата Рута“ и „Книгата Естира“,три поучни книги со етичка содржина – „Книга Мудри Соломонови изреки“, филозофскиот трактат „Книга Проповедник (Еклизијаст)“ и свадбената, љубовна драма „Песна над песните“, – и, конечно, шестата, можеби најпоетична – „Плачот на Еремија“. Книгите се обидуваат да доловат барем дел од библиското богатство, па се разликуваат и според обемот, и според содржината и според формата во која се напишани.

## НАСЛЕДЕНА ЗАГУБА 559



Автор: **Киран Десаи**

Издавачи: АРС ЛАМИНА, Скопје
ISBN: 978-608-229-722-4

*Наследена загуба* е роман што ги следи превосходно животите на Саи, внука по мајчина страна на еден повлечен пензиониран судија-англофил, кој живее во подножјето на хималајските врвови, и на Бижу, илегален имигрант во Америка кој е едновремено и син на готвачот на судијата. И додека приказната скока меѓу далечните Индија и Америка, Киран Десаи успешно ја доловува блискоста на Саи и Бижу: нивното заедничко историско наследство и заедничкото искуство на немоќ и пониженост.

## МЕНСФИЛД ПАРК 137



Автор: **Џејн Остин**

Издавачи: АРС ЛАМИНА, Скопје
ISBN: 978-608-229-732-3

Фани Прајс е сиромашна девојка одгледана од нејзините богати и (со еден исклучок: Едмунд) непријатни роднини. По доселувањето на Хенри и Мери Крофорд во соседството, а во отсуство на Фаниевиот вујко, сер Томас Бертрам, почнува да се расплетува сложената мрежа од љубовни триаголници и четириаголници. Но – наспроти очекувањето на Остиновите обожаватели – Фаниевата љубов е во заден план и се јавува дури во епилогот. Не само заради ова – мнозина го сметаат *Менсфилд Парк* за најкомплексниот и најдобар роман на Џејн Остин.

## ТАТКО · ГОСПОЃИЦА ЈУЛИЈА 189



Автор: **Аугуст Стриндберг**

Издавачи: АРС ЛАМИНА, Скопје
ISBN: 978-608-229-731-6

*Татко* и *Госпоѓица Јулија* се две натуралистички ремек-дела на шведскиот книжевен џин, Аугуст Стриндберг. И двете драми ги истражуваат комплексните машко-женски односи: во едниот случај, еден татко полудува пред сомнежот дека неговата ќерка можеби не е негова, а во другиот тоа се случува со една грофица по сексуалниот однос со еден слуга. Секогаш делумно автобиографски и никогаш помалку од екстремен, ова е Стриндберг во сиот негов гениј.

## МОСКВА – ПЕТУШКИ 400



Автор: **Венедикт Ерофеев**

Пишувана уште во 1970 година, *Москва-Петушки* е псевдоавтобиографска црнохуморна квази-поема, речиси општо признат пратекст на рускиот постмодернизам. Следејќи го неуспешното враќање на главниот лик – алкохоличарот Веничка Ерофеев – кај својата љубена девојка и тригодишниот син во утопистичкиот Петушки, *Москва-Петушки* проблематизира (и на ниво на содржина и на ниво на форма) многу аспекти на книжевноста кои своето „теориско освестување“ ќе го доживеат многу подоцна.

Издавачи: АРС ЛАМИНА, Скопје
ISBN: 978-608-229-718-7

## 1001 НОЌ 435



Автор: **Нагиб Махфуз**

Египетскиот нобеловец Нагиб Махфуз, во *1001 ноќ*, се враќа на корените: одново преобмислувајќи ги приказните на Шехерезада, релативизирајќи ја границата меѓу бајколикото и стварното, потврдувајќи го, векови подоцна, рамковното начело на *1001 ноќ*: моќта на приказната. „Проза што се потпира врз богатото арапско народно творештво, но која истовремено е збогатена и со достигнувањата во модерната светска, посебно европска литература,“ пишува, во поговорот, Санде Стојчевски.

Издавачи: АРС ЛАМИНА, Скопје
ISBN: 978-608-229-740-8

## ИЛЈАДА БИКОВИ 436



Автор: **Јашар Кемал**

*Илјада бикови* е роман за номадството: не само за луѓето што патуваат и никогаш не остануваат на едно место, туку и за нештата што неповратно си заминале од нашиот свет. Заедно со анадолското номадско племе Карачуловци, во *Илјада бикови*, Јашар Кемал жали по исчезнатите убавини во животот: честа, храброста и гостопримството.

Издавачи: АРС ЛАМИНА, Скопје
ISBN: 978-608-229-738-5

## ДО БРЕГОТ 513



Автор: **Пенелопе Фицџералд**

*До брегот* е мало ремек-дело – наградено со Букер во 1979 година – на Пенелопе Фицџералд што го следи животот на оние што не припаѓаат ниту овде, ниту таму. Лиминалци и по нивното место на живеење (ниту на копно, ниту во вода, туку помеѓу – на бродови), многу од ликовите се аутсајдери и во нивните сопствени животи: дел се решаваат да побегнат и да ги напуштат најблиските, а дел остануваат заглавени токму таму, далеку од личната среќа, во сопствените меѓуживоти.

Издавачи: АРС ЛАМИНА, Скопје
ISBN: 978-608-229-736-1

## ЧАДОР ЗА ДЕНЕС 542



Автор: **Вилхелм Генацино**

Вдахновен исказ на еден неименуван 46-годишен Франкфурќанец кој работи како тестирач на чевли, *Чадор за денес* на Вилхелм Генацино е стострано црнохуморно и меланхолично истражување на еден сериозен егзистенцијален проблем: како да не се изгуби единката во големиот современ град? Трагајќи по одговорот, Генацино го следи својот главен јунак низ улиците на градот и низ неговите зборови едновремено слика еден продуховен портрет на една маргинализирана единка и една фасцинантно реалистична градска панорама.

Издавачи: АРС ЛАМИНА, Скопје
ISBN: 978-608-229-742-2

## ЧОВЕКОТ Е ГОЛЕМ ФАЗАН НА СВЕТОТ 548



Автор: **Херта Милер**

*Човекот е голем фазан на светот* е лирски мозаик од секвенци од животот на едно германско село во Романија, сместено меѓу безнадежноста на Чаушесковата диктатура и можноста да се замине на Запад. Инспирирана од личните искуства, Херта Милер, преку селскиот воденичар Виндиш (апликант за дозвола за мигрирање во Западна Германија), ни дава реалистичен увид во секојдневието на еден заборавен предел (Банат), но и поетски вдахновен опис на животот чиј нуклеус некако станал Пасошот.

Издавачи: АРС ЛАМИНА, Скопје
ISBN: 978-608-229-741-5

## ДОЛНА ЗЕМЈА 556



Во видоизменетиот пост-9/11 Њујорк, откако неговата жена-Англичанка и син се враќаат во Лондон, Ханс ван ден Брук ја открива супкултурата на крикетот, спортот на неговото „холандско детство“. Следи – со помош на харизматичниот Чак Рамкисун – не само повторна посета на сопствениот дамнешен идентитет, туку и откривање на неговиот нов, присвоен, во сосема друга средина.

Автор: **Џозеф О'Нил**

Издавачи: АРС ЛАМИНА, Скопје
ISBN: 978-608-229-720-0

## ПРОЕКТОТ ЛАЗАР 557



*Проектот Лазар* е роман за Владимир Брик кој заедно со својот пријател од Сараево – воениот фотограф Рора – почнува во истрага за Лазар Авербух, еврејско момче со краток живот и долга и мистериозна смрт. Низ романот, приказните на Брик и Авербух се испреплетуваат резултирајќи во едно оригинално и провокативно дело пишувано во стил не многу различен од оној на уште еден американски дојденец, Владимир Набоков.

Автор: **Александар Хемон**

Издавачи: АРС ЛАМИНА, Скопје
ISBN: 978-608-229-721-7

## ОСВОЈУВАЊЕТО НА ИЗМАИЛ 554



*Освојувањето на Измаил* е постмодерен роман без фабула, без поглавја и без карактери; она што само паушално можеме да го наречеме наратив се движи – географско-историски – меѓу една предреволуционерна судница, Сталиновата Русија и модерна Москва и – јазично-стилски – меѓу латинизми, црковнословенизми, чеховизми и бескрајна низа од интертекстуални референци.

Автор: **Михаил Шишкин**

Издавачи: АРС СТУДИО, Скопје
ISBN: 978-608-229-714-9

## СТАРА ХЕБРЕЈСКА КНИЖЕВНОСТ – том I 4



Библијата е несомнено едно од големите остварувања на Стариот свет и, многу веројатно, највлијателната книга на сите времиња. Овој избор вклучува две од трите поетски дела во Кетувим: воведната,често цитираните и неретко напамет познати Псалми и заклучната, Книга Јов која го разгледува најсериозниот теолошки проблем „Зошто праведните страдаат?“

Автор: **Аноним**

Издавачи: АРС СТУДИО, Скопје
ISBN: 978–608–229–652–4

## ПРИКАЗНА ЗА НАЛА И ДАМАЈАНТИ 11



*Приказна за Нала и Дамајанти* е дел од третата книга на Махабхарата, насловен „Во шумата“ и ја сочинуваат поглавјата 50–78. Таа истовремено е народна приказна и романса, заедно со Рамајана е еден од изворите кои ќе придонесат за формирање на еден од естетски најубавите жанрови на санскритската книжевност, вираха, односно љубов во која љубовниците привремено не се заедно и копнеат еден за друг.

Автор: **Аноним**

Издавачи: АРС СТУДИО, Скопје
ISBN: 978-608-230-221-8

## СЛИВОВ ЦВЕТ ВО ВАЗНА ОД ЗЛАТО 18



Чин Пинг Меи е роман што и припаѓа на класичната кинеска литература создавана во доцниот период од династијата Минг (1368 – 1662) и кој своите сто поглавја ги структурира околу „широката мрежа на желби“ на главниот херој Си-Мен кој, во текот на делото, има дури 19 партнери, вклучувајќи меѓу нив 6 сопруги и љубовници. Напредно еротски и провокативен, тенденцијата на *Сливов цвет во вазна од злато* потсетува на исто толку контроверзните и скандалозни Фани Хил и Љубовникот на лејди Четерли.

Автор: **Аноним**

Издавачи: АРС СТУДИО, Скопје
ISBN: 978-608-229-739-2

## БОЖЕСТВЕНАТА КОМЕДИЈА 57



Според Харолд Блум и Т. С. Елиот, во центарот на Западниот канон се наоѓаат двајца автори – Шекспир и Данте. Второв можеби отишол и подалеку зашто на својот светоглед му дал и една незаборавна структура: замислен да може да се чита на четири нивоа, текстот на Комедијата (наречена Божествена подоцна и со право од Бокачо) до денес е прочитан на илјадници различни начини – и сè уште е неисцрпен.

Автор: **Данте Алигиери**

Издавачи: АРС СТУДИО, Скопје
ISBN: 978-608-229-653-1

## ГОРДОСТ И ПРЕДРАСУДА 136



Иако можеби не е нејзиниот најдобар, *Гордост и предрасуда* е сигурно Остиновиот најпопуларен роман: следејќи го животот на Елизабет Бенет и нејзиниот однос спрема моралот, манирите, љубовта и бракот, во овој секогаш продаван и читан роман Џејн Остин создава цела низа незаборавни ликови од кои дел (пред сè, главните два) се појавуваат во слична форма во небороено многу книжевни адаптации и преписи.

Автор: **Џејн Остин**

Издавачи: АРС СТУДИО, Скопје
ISBN: 978-608-229-650-0

## ЗАПИСИТЕ НА ЛОВЕЦОТ – том I 163



Можеби делумно одговорен и за подобрувањето на состојбата на селаните во Русија, *Записите на ловецот* на И. С. Тургенев е реалистичен, објективен приказ на животот на занемарените. Токму ова е суштественото значење и заслугата на оваа книга според уште еден џин на руската литература, Л. Н. Толстој: Тургенев „успеал во епохата на закрепостеност да го осветли животот на селаните и да ги осенча неговите поетски страни" и да најде во рускиот народ „повеќе добро отколку лошо". По раскошните тоалети во балските сали, расказите во *Записите на ловецот* му откриваат на рускиот читател еден нов, многу побрутален, но и многу пореален свет – светот на закрепостените селани.

Автор: **Иван Срегеевич Тургенев**

Издавачи: АРС СТУДИО, Скопје
ISBN: 978–608–229–734–7

## ЗАПИСИТЕ НА ЛОВЕЦОТ – том II 164



Можеби делумно одговорен и за подобрувањето на состојбата на селаните во Русија, *Записите на ловецот* на И. С. Тургенев е реалистичен, објективен приказ на животот на занемарените. Токму ова е суштественото значење и заслугата на оваа книга според уште еден џин на руската литература, Л. Н. Толстој: Тургенев „успеал во епохата на закрепостеност да го осветли животот на селаните и да ги осенча неговите поетски страни" и да најде во рускиот народ „повеќе добро отколку лошо". По раскошните тоалети во балските сали, расказите во *Записите на ловецот* му откриваат на рускиот читател еден нов, многу побрутален, но и многу пореален свет – светот на закрепостените селани.

Автор: **Иван Срегеевич Тургенев**

Издавачи: АРС СТУДИО, Скопје
ISBN: 978–608–229–735–4

## ВО ПОТРАГА ПО ИЗГУБЕНОТО ВРЕМЕ – том I 208



*Во потрага по загубеното време* е монументално прозно дело, едно од највлијателните на сите времиња. Може да се чита на повеќе начини: како балзаковска студија за општествените односи во времето на пропаѓањето на аристократијата и падот на богатата граѓанска класа. Тоа е мешавина на романи и есеи: авторот своето раскажување го проследува со психолошки коментари, културно-историски сеќавања, естетски дигресии и опсервации.

Автор: **Марсел Пруст**

Издавачи: АРС СТУДИО, Скопје
ISBN: 978-608-230-153-2

## ВО ПОТРАГА ПО ИЗГУБЕНОТО ВРЕМЕ – том II 209



*Во потрага по загубеното време* е монументално прозно дело, едно од највлијателните на сите времиња. Може да се чита на повеќе начини: како балзаковска студија за општествените односи во времето на пропаѓањето на аристократијата и падот на богатата граѓанска класа. Тоа е мешавина на романи и есеи: авторот своето раскажување го проследува со психолошки коментари, културно-историски сеќавања, естетски дигресии и опсервации.

Автор: **Марсел Пруст**

Издавачи: АРС СТУДИО, Скопје
ISBN: 978-608-229-586-2

## БУДЕНБРОКОВИ – том I 228



*Буденброкови* е првиот роман на Томас Ман, објавен на негови 26 години, пишуван и кога бил уште помлад. Класик на современата книжевност, *Буденброкови* го следи распаѓањето на една богата буржоаска фамилија, мајсторски водејќи нè низ подемите и падовите на четири нејзини генерации на прагот на модерната епоха, чија забрзана индустријализација ги разорува и старите хиерархии и уште постарите вредности и идеали.

Автор: **Томас Ман**

Издавачи: АРС СТУДИО, Скопје
ISBN: 978-608-229-654-8

## БУДЕНБРОКОВИ – том II 229



*Буденброкови* е првиот роман на Томас Ман, објавен на негови 26 години, пишуван и кога бил уште помлад. Класик на современата книжевност, *Буденброкови* го следи распаѓањето на една богата буржоаска фамилија, мајсторски водејќи нè низ подемите и падовите на четири нејзини генерации на прагот на модерната епоха, чија забрзана индустријализација ги разорува и старите хиерархии и уште постарите вредности и идеали.

Автор: **Томас Ман**

Издавачи: АРС СТУДИО, Скопје
ISBN: 978-608-229-655-5

## ВОЛШЕБНИОТ РИД – том I 231



Ханс Касторп патува од Хамбург до санаториум во Давос – на тринеделна посета на својот братучед Јоахим Цимзен кој страда од туберкулоза. Таму останува седум години – сред една раскошна палета од живи карактери кои ја претставуваат предвоена Европа во мало. Не сосема класичен „Bildungsroman“, *Волшебниот рид* на Томас Ман е монументален ерудитивен книжевно-естетски потфат кој, како што вели еден критичар, „пулсира со звукот на животот среде пустош од смртта“.

Автор: **Томас Ман**

Издавачи: АРС СТУДИО, Скопје
ISBN: 978-608-229-730-9

## ВОЛШЕБНИОТ РИД – том II 232



Ханс Касторп патува од Хамбург до санаториум во Давос – на тринеделна посета на својот братучед Јоахим Цимзен кој страда од туберкулоза. Таму останува седум години – сред една раскошна палета од живи карактери кои ја претставуваат предвоена Европа во мало. Не сосема класичен „Bildungsroman“, *Волшебниот рид* на Томас Ман е монументален ерудитивен книжевно-естетски потфат кој, како што вели еден критичар, „пулсира со звукот на животот среде пустош од смртта“.

Автор: **Томас Ман**

Издавачи: АРС СТУДИО, Скопје
ISBN: 978-608-229-729-3

## QUO VADIS 191



Романот *Quo vadis* од полскиот писател Хенрик Сјенкјевич, напишан на самиот крај на деветнаесеттиот век (1896), во времето на својата појава претставувал една од првите манифестации на феноменот „бестселер“ или, едноставно речено, популарен роман. Прогонот на христијаните, ужасниот пожар предизвикан од налудничавиот император, екстазата од гладијаторските игри, декадентниот живот и кризата на моралот во Рим, се историски факти, кои во овој роман добиваат вешто стилизирана и уметнички сугестивна книжевна форма. Жанровски, романот претставува репрезентативен примерок на историскиот роман, кој се надоврзува на богатата традиција на Сер Валтер Скот, Александар Дима ...

Автор: **Хенрик Сјенкевич**

Издавачи: АРС СТУДИО, Скопје
ISBN: 978-608-229-589-3

## ЧОВЕК БЕЗ СВОЈСТВА прва книга 237



*Човек без својства* е едно од најграндиозните и најзначајни дела на модерната книжевност. Ремек-дело што со децении претставува мистерија и вистинска ризница за сите научници кои ја проучуваат литературата, но и за сите читатели кои се подготвени за вистински интелектуален и апсолутно неповторлив уметнички предизвик. Со овој роман, австриskiот писател Роберт Музил сосема заслужено го добива своето место меѓу великаните на книжевноста од дваесеттиот век, како Т.С. Елиот, Џејмс Џојс, Марсел Пруст и Франц Кафка.

Автор: **Роберт Музил**

Издавачи: АРС СТУДИО, Скопје
ISBN:

## ДРАМИ: КАНДИДА • СВЕТА ЈОВАНА • ПИГМАЛИОН 252



Автор: **Џорџ Бернард Шо**

Издавачи: АРС СТУДИО, Скопје
ISBN: 978-608-229-656-2

Џорџ Бернард Шо е единствениот човек што има добиено и Оскар и Нобелова награда за литература – првата за адаптација на неговото најпознато и најчесто преобликувано остварување *Пигмалион*, а втората непосредно по пишувањето на *Света Јована*, „трагедија без злосторници" за Јованка Орлеанка; последната драма од овој избор, *Кандида*, ги обработува (како неретко во опусот на Шо) викторијанските идеи за љубовта и бракот, поставувајќи уште една жена во центарот на драмското дејство. Секогаш политички ангажиран и на страната на слободата и правдата, Џ. Б. Шо, заедно со својот сонародник Оскар Вајлд, е веројатно најостроумниот комичар и најдосетливиот сатиричар на модерната драма.

## МАЈСТОРОТ И МАРГАРИТА 303



Автор: **Михаил Булгаков**

Издавачи: АРС СТУДИО, Скопје
ISBN: 978-608-230-146-4

Одбиван, премолчуван, забрануван и напаѓан. Тоа е историјата на романот *Мајсторот и Маргарита*. Во средиштето на романот е посетата на Сатаната на атеистична Москва. Голем број критичари ја сметаат книгата за еден од најдобрите романи на 20 век и една од најдобрите сатирични книги за советската бирократија и советскиот социјален живот.

## СЕЛИДБИ 331



Автор: **Милош Црњански**

Издавачи: АРС СТУДИО, Скопје
ISBN: 978-608-229-657-9

*Селидби* (прва книга) на Милош Црњански е роман што се заокружува во текот на една година од пролетта 1744 до почетокот на летото 1745 година. Низ десетте поглавја на романот се јавуваат две наративни нишки: едната го следи воениот офицер Вук Исакович и движењето на Славонско-подунавскиот полк до Рајна и назад, а другата односот на неговиот брат Аранѓел Исакович и неговата жена, Дафина, назад, во неговата куќа во Земун. Дислоцирајќи го библискиот наратив за изгradниот народ во потрага по својата ветена земја, Црњански паралелно го истражува и постепеното губење на неговиот идентитет.

## ВРАЌАЊЕТО НА ФИЛИП ЛАТИНОВИЧ 332



Автор: **Мирослав Крлежа**

Издавачи: АРС СТУДИО, Скопје
ISBN: 978–608–229–658–6

*Враќањето на Филип Латинович* е првиот роман на Мирослав Крлежа и првиот модерен хрватски роман. Комплексен и есеистички, тој ја следи потрагата по идентитет и инспирација на епонимниот главен јунак – сликар кој, по дваесет и три години доброволен егзил, се враќа во својот роден крај. Експресионистички и барокен во стилот, *Враќањето на Филип Латинович* е автентичен приказ на една неуспешна модерна реиницијација со фатални последици.

## ГОСПОДА ГЛЕМБАЕВИ · ВО АГОНИЈА · ЛЕДА 333



Автор: **Мирослав Крлежа**

Издавачи: АРС СТУДИО, Скопје
ISBN: 978-608-229-636-4

И покрај раскошноста на неговиот книжевен талент и неговата плодност, бидејќи превосходно заинтересиран за драмскиот жанр, природно е што полиматот Крлежа најдлабоки траги остава во оваа област. Тродрамскиот Циклус за Глембаеви е, според многумина, неговиот највисок естетско-интелектуален дострел: ибзеновско-стриндберговски во натурализмот, прустовско-мановски во приказот на распаѓањето на едно буржоаско семејство, овие три драми и денес се наоѓаат на самиот врв на европската драма.

## СЕСТРИТЕ МАКИОКА 338



Автор: **Џуничиро Танизаки**

Издавачи: АРС СТУДИО, Скопје
ISBN: 978-608-229-651-7

Во годините непосредно по Втората светска војна, во Осака, четири аристократки се трудат да зачуваат еден вредносен систем и начин на живот кој веќе му припаѓа на минатото. Приказната за сестрите Макиока на Џуничиро Танизаки е еден од најголемите јапонски романи на дваесеттиот век, трогателен и непоштеден портрет на падот на едно семејство – а и цело општество – во амбисот на модерната епоха.

## ЛАМАРИНЕНИОТ БАРАБАН – том I 361



Романот на нобеловецот Грас е повеќеслојна и комплексна проза која може да биде разгледувана како пародија на билдунгс-романите, како гротеска или како регионален роман за родното место на авторот и малограѓанските слоеви во него.

Автор: **Гинтер Грас**

Издавачи: АРС СТУДИО, Скопје
ISBN: 978-608-230-184-6

## ЛАМАРИНЕНИОТ БАРАБАН – том II 362



Романот на нобеловецот Грас е повеќеслојна и комплексна проза која може да биде разгледувана како пародија на билдунгс-романите, како гротеска или како регионален роман за родното место на авторот и малограѓанските слоеви во него.

Автор: **Гинтер Грас**

Издавачи: АРС СТУДИО, Скопје
ISBN: 978-608-230-204-1

## НА ПАТ 379



*На пат* е ремек-делото на Џек Керуак и еден од најсилните романи на 20 век, кој го преживеа судот на времето. Овој автобиографски роман, како што се впрочем и другите книги на Керуак, е фреска на „андерграундот“ на џезерска Америка од педесеттите години, едно вдахновено лирско-епско сведоштво за „голиот“ живот на бит-генерацијата во почетоците на нејзиното осознавање, по патиштата на Америка, нејзините подруми, автобуски станици, споредни железнички колосеци, полноќни велеградски улици, ладни и евтини станчиња начичкани со млади луѓе. во средиштето на тој вител на младешко одушевување од животот, како моторна сила на генерацијата, танцува главниот јунак ...

Автор: **Џек Керуак**

Издавачи: АРС СТУДИО, Скопје
ISBN: 978-608-230-147-1

## АРХИПЕЛАГОТ ГУЛАГ – том I 396



Трилогијата *Архипелагот Гулаг* на Александар Солжењицин е ремек-дело на ангажираната литература на XX век. *Архипелагот Гулаг* не е книга што се чита лесно – не затоа што е комплицирана, здодевна, самобендисана или тензична содржината. Напротив. Сепак, *Архипелагот Гулаг* не се чита лесно, затоа што не е лесно да држите в раце книга во која еден маж започнува да тажи и потоа тажи и тажи на стотици и стотици страници... Читателот што ќе продолжи да чита набрзо ќе разбере од каде извира исконската тага на Солжењицин, авторот на најдраматичниот документ за темната страна на XX век.

Автор: **Александар Солжењицин**

Издавачи: АРС СТУДИО, Скопје
ISBN: 978-608-230- 149-5

## АРХИПЕЛАГОТ ГУЛАГ – том II 397



Трилогијата *Архипелагот Гулаг* на Александар Солжењицин е ремек-дело на ангажираната литература на XX век. *Архипелагот Гулаг* не е книга што се чита лесно – не затоа што е комплицирана, здодевна, самобендисана или тензична содржината. Напротив. Сепак, *Архипелагот Гулаг* не се чита лесно, затоа што не е лесно да држите в раце книга во која еден маж започнува да тажи и потоа тажи и тажи на стотици и стотици страници... Читателот што ќе продолжи да чита набрзо ќе разбере од каде извира исконската тага на Солжењицин, авторот на најдраматичниот документ за темната страна на XX век.

Автор: **Александар Солжењицин**

Издавачи: АРС СТУДИО, Скопје
ISBN: 978-608-230-196-9

## АРХИПЕЛАГОТ ГУЛАГ – том III 398



Трилогијата *Архипелагот Гулаг* на Александар Солжењицин е ремек-дело на ангажираната литература на XX век. *Архипелагот Гулаг* не е книга што се чита лесно – не затоа што е комплицирана, здодевна, самобендисана или тензична содржината. Напротив. Сепак, *Архипелагот Гулаг* не се чита лесно, затоа што не е лесно да држите в раце книга во која еден маж започнува да тажи и потоа тажи и тажи на стотици и стотици страници... Читателот што ќе продолжи да чита набрзо ќе разбере од каде извира исконската тага на Солжењицин, авторот на најдраматичниот документ за темната страна на XX век.

Автор: **Александар Солжењицин**

Издавачи: АРС СТУДИО, Скопје
ISBN: 978-608-230-197-6

## РАЗГОВОР ВО КАТЕДРАЛАТА 421



Романот *Разговор во катедралата*, што се случува во Перу, во 1950 г., за време на диктатурата на Мануел Аполинарио Одриа Аморети, е силна приказна за моќта, корупцијата и комплексната потрага по идентитетот. Низ сложена пајажина од тајни и историски факти, Марио Варгас Љоса ги анализира психичките и моралните механизми што ја движат моќта и луѓето зад неа. *Разговор во катедралата* е многу повеќе од историска анализа. Тој е пионерски роман што се осврнува на идентитетот и улогата на граѓанинот, на тоа како недостигот на лична слобода може да остави трајна лузна кај народот и државата.

Автор: **Марио Варгас Љоса**

Издавачи: АРС СТУДИО, Скопје
ISBN: 978-608-230-148-8

## АРКАДИЈА 460



*Аркадија* е просиметрум на Јакопо Санасаро од крајот на петнаесеттиот век: разбудувајќи ја класичната буколична поезија на простонароден (италијански) јазик и жонглирајќи си со низа поетски стилови и форми, *Аркадија* не само што е одговорна за дел од инспирацијата на Шекспир, Сидни и Милтон, туку е и фиксатор на модерната верзија на древната метафора за рајскиот и идиличен предел од насловот – неповратно изгубен и единствено опеван во елегии.

Автор: **Јакопо Саназаро**

Издавачи: АРС СТУДИО, Скопје
ISBN: 978-608-229-737-8

## ЖИВОТОТ НА ГЛИКЕЛ ОД ХАМЕЛН 466



Почнат како личен дневник по смртта на нејзиниот сопруг, *Животот на Гликел од Хамелн* е еден уникатен историско-мемоарски запис на една 44-годишна вдовица со 14 деца за деценијата до нејзината втора венчавка (1689-1699) и петте години по смртта на нејзиниот втор маж (1714-1719). Ретка можност да се добие увид во секојдневието на крајрајнските Евреи на крајот од седумнаесеттиот век, *Животот на Гликел од Хамелн* ги потврдa дека и најобичниот човечки живот може да биде важен за разбирањето на човековиот живот воопшто.

Автор: **Гликел фон Хамелн**

Издавачи: АРС СТУДИО, Скопје
ISBN: 978-608-229-659-3

## БРОДОГРАДИЛИШТЕ 507



Најдобриот роман на уругвајскиот великан Хуан Карлос Онети, автор кој даде зачеток на основната заедничка линија што ги поврзува најпознатите латиноамерикански автори како Габриел Гарсија Маркес, Хулио Кортасар, Карлос Фунетес, Марио Варгас Љоса и другите имиња – магискиот реализам. *Бродоградилиште* е роман кој нуди внатрешна промена само за оној што е подготвен да го мине истиот пат на поништување и безнадежност со кои е соочен и главниот лик. Тоа е роман за вистинскиот книжевен зналец, кој ја препознава играта во која го вклучува авторот. Преку посебно избраната и вешто изведена наративна постапка, менувајќи ги хронотопите, Онети несетно го заробува читателот во светот ...

Автор: **Хуан Карлос Онети**

Издавачи: АРС СТУДИО, Скопје
ISBN:

113

## КОРЕНИ 521



Кога се појавува во 1976 година, *Корени* од Алекс Хејли – веднаш екранизирана во исклучително популарната истоимена телевизиска серија – поттикнува цела низа дискусии и расправи во американската јавност околу црнечкото население во САД, неговиот идентитет и неговото ропско минато. Историски роман чие дејство почнува уште во 1750 година со раѓањето на протагонистиот и (наводен) предок на авторот, Гамбиецот Кунта Кинте, *Корени* е сигурно едно од најважните дела појавени во последните педесет години на кој и да е јазик.

Автор: **Алекс Хејли**

Издавачи: АРС СТУДИО, Скопје
ISBN: 978-608-229-660-9

## СЕМЕЕН СОБИР 555



Романот *Семеен собир* е потресна приказна за траумите што ги преживува главната хероина Вероника Хегарти, како последица од сексуална злоупотреба што таа и нејзиниот брат ја доживеале во детството во куќата на нивната баба од страна на еден сосед. Тој грозен настан е непосредна причина за несреќниот и уништен живот на нејзиниот брат Лијам, кој по долгогодишно нестабилно однесување конечно извршува самоубиство, давејќи се во морето во близина на англискиот град Брајтон, откако претходно џебовите си ги наполнил со камења. Нишката-водилка низ целиот роман е обидот на Вероника да успее да навре во темните настани од детството и да се добере до вистината – што, всушност, се случило ...

Автор: **Ен Енрајт**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-92-2

## ГИЛГАМЕШ 1



Сумеро-вавилонскиот еп *Гилгамеш* е најстарото литературно дело за кое знае книжевната наука во светот. Епот е создаден и е напишан на јазикот на Сумерите, народ кој тогаш бил населен во долниот дел на Месопотамија, меѓу реките Тигар и Еуфрат, па се смета дека токму Сумерите се зачетници на најстарата зачувана култура и творци на првото писмо во историјата на човештвото, а јунакот кој цел живот бил во потрага по човечката бесмртност, ќе стане бесмртен во светската литература.

Автор: **Аноним**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-00-7

## Баи • Фу **ПОЕЗИЈА** 16



Песните на Ли Баи се напишани на народен јазик и под влијание на народните лирски песни. Највисоки дострели во својата лирика тој достигнал во кусите песни од четири стиха, во кои на крај на едноставен, лапидарен начин, успеал да ги изрази најдлабоките човечки чувства. Додека Ли Баи пее за убавината на природата, за виното, месечината и за пријателството, Ду Фу сочинува незаборавни лирски извештаи за војниците заборавени во пограничните области, за бедата на селаните што се принудени дури и челадот да си ја продаваат за да преживеат, а и за да го спасат потомството од очајните околности во кои се наоѓаат.

Автор: **Ли Баи • Ду Фу**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-52-9

## ПРИКАЗНИ ПОД МЕСЕЧИНА И ДОЖД 26



Деветте раскази од книгата „Угецу моногатари“ имаат и поинаква моќ отколку да предизвикаат обично читателско заведување и тоа не само во јапонскиот затворен круг туку и планетарно, потврдуваат и многубројните преводи на многу светски јазици, но и нивната инспиративна магичност за синеастичка трансформација. *Приказни под месечина и дожд* се преведени и се објавени на сите континенти, а *Сината ќулавка* е најпреведуваниот расказ (само на англиски јазик има повеќе од десет верзии).

Автор: **Уеда Акинари**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-53-3

## Езоп **БАСНИ** 31



Во басните на Езоп е карактеристично тоа што во нив главни јунаци се животните што зборуваат со јазикот на луѓето и таа особина подоцна ќе ја преземаат сите баснописци. Иако во тие басни човекот е претставен преку некое од многуте животни, сепак тој е централно суштество и во секоја басна е опишан некој човечки порок или некоја негова слабост: човечката лакомост, завидливост, подмолност, но и многу човечки доблести: добрината, пријателството, гостопримството, чувството за правичност, здравиот разум итн.

Автор: **Езоп**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-44-1

## РИМСКА ЛИРИКА • ARS POETICA 39, 40



Лириката на Катул е инспирирана од творештвото на грчките поети Алкеј и Сапфо, поради што неговите песни зазвучиле со нов тон, со длабок интимен лирски израз и со длабоки емоции. Освен љубовните песни, Катул внел и митолошки теми, а превел и голем број песни од Сапфо и Калимах, од чие творештво презел повеќе својства, пред сè, Сапфината строфа, елегискиот дистих, хексаметарот, единаестерецот и др. Благодарение на ваквите својства, неговото поетско творештво ќе остане ненадминато и во наредните столетија. Творештвото на Хорациј е богато и разновидно. Неговиот опус се состои од еподи (припеви), сатири, оди, посланија и друго...

Автор: **Катул • Вергилиј • Тибул • Проперциј • Овидиј • Хорациј**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-81-6

## ГЛАДНИОТ ПАТ 552



Азаро е абику, или дух на дете, од гетото на некој непознат град во Африка. Тој е постојано малтретиран од страна на неговите браќа духови од другиот свет кои сакаат да го вратат од смртниот живот и да се врати во светот на духовите. Азаро тврдоглаво одбива да го напушти светот на живите, а тоа се должи на неговата љубов кон своите мајка и татко. Тој е сведок на многу случувања во смртното царството. Неговиот татко е работник додека неговата мајка продава предмети. Мадам Кото, сопственичка на локален бар, го замолува Азаро да го посети нејзиниот бар, бидејќи е убедена дека тоа ќе и донесе среќа и клиенти. Во меѓувреме, неговиот татко се подготвува да стане боксер и го убедува своето семејство ...

Автор: **Бен Окри**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-28-1

## МЕТАМОРФОЗИ или ЗЛАТНОТО МАГАРЕ 44



Автор: **Апулеј**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-35-9

Апулеевите *Метаморфози* идеално соодветствуваат на родот на античкиот авантуристичко-сатиричен роман: „дејството“ се случува на патување; на патувањето на главниот јунак му се случуваат авантура по авантура; едноподруго се изменуваат реализмот и фантастиката. Текстот на *Метаморфози* ќе изврши силно и забележително влијание врз севкупната европска уметност: во музиката послужил како инспирација или матрица за многубројни либрета и симфониски дела на различни композитори, а во ликовната уметност мотиви од романот се претставени на платна или фрески на сликари како Рафаел, Рубенс, Придон

## ДАФНИС И ХЛОЈА 45



Автор: **Лонго**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-16-8

Во уводните реченици на овој љубовен роман од пастирскиот живот, авторот ни открива една од клучните причини за вечната и универзална актуелност на љубовната тема во книжевноста и уметноста „Не постои некој кој му побегнал или кој ќе му побегне на Ерос, сѐ додека пости убавина и очи кои гледаат“. Искушенијата низ кои макотрпно(но успешно) минуваат љубовниците (постепено, но постојано) ја истакнува доблеста на верноста. Приврзаноста кон љубениот/љубената во оваа приказна се проткајува и со бескрајната љубов кон убавините на природата.

## БЕОВУЛФ 48



Автор: **Аноним**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-98-4

Епот *Беовулф* е напишан меѓу 650 и 800 година и структурно е поделен на два дела: првиот говори за младоста на Беовулф, а вториот за неговата старост. Интересно е дека има педесетгодишен јаз меѓу нив, а тоа е времето на кралствувањето на Беовулф со неговиот народ, Геатите, кога Беовулф бил добар и правичен крал кој умешно и мудро го раководел кралството. Централно место во структурата заземаат трите големи борби на Беовулф: првата со чудовиштето Грендел, втората со неговата чудовишна мајка, потомка на библискиот убиец Каин и третата со змејот во која Беовулф го губи животот.

## ПЕСНАТА ЗА РОЛАН 49



Автор: **Аноним**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-97-7

*Песната за Ролан* која го раскажува ненадејниот пораз на заштитниците на Карло Велики кај Пиринејскиот премин додека се враќал на 15 август 778 година од една воена експедиција во Шпанија. Ужасен пораз што некои историски текстови го датираат во епохата на Каролинзите.

## ПЕСНАТА ЗА СИД 54



Автор: **Аноним**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-61-1

*Песната за Сид*, најстарото зачувано дело на кастилјанската (шпанската) литература и на шпанскиот јазик, е епска песна (епопеја) заснована врз вистинска приказна која историски се врзува за кастилјанскиот херој Ел Сид, а просторно и временски се врзува за раздобјето на „Reconquista“, односно за „преосвојувањето“ на Шпанија која тогаш ја владеат Маврите. *Песната за Сид* е позната и како Песна за мојот Сид или, едноставно, само како Мојот Сид (Cantar de mio Cid, Cantar del Cid, Poema de Mio Cid, Poema del Cid, Mio Cid). Ел Сид, или со неговото целосно име – Родриго Дијас де Вивар Ел Сид Кампеадор (Rodrigo Díaz de Vivar El Cid Campeador), или скратено „Родриго (Руј) Дијас од Вивар“, ...

## ТРИСТАН И ИЗОЛДА 55



Автор: **Жозеф Бедие**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-02-1

Читателот се наоѓа во еден необичен свет каде што секојдневието е исполнето со магии, бајковитост, таинственост и страв од непрозирноста на природата, но и на нечитливата човечка природа. Сепак, ваквиот загадочен средновековен амбиент е нагласено смекнат, зашто во замоците, во селата и во колибите, во кралските одаи и во длабоките непрегодни шуми, непрекинато се одвиваат човечки средби, судири и големи трагични љубови. Романот навистина успева да ни создаде слика на средновековното феудално општество.

## Ди Пјер • Ди Беле ПОЕЗИЈА 67



Автор: **Ронсар ди Пјер • Жоанше ди Беле**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-44-4

Ронсар речиси 250 години ќе биде целосно заборавен сè до појавата на романтичарите (Шатобријан, Шение, Сент-Бев) кои ќе го реафирмираат, а потоа поетите на француската авангарда (Елијар, Арагон) неговото дело и име ќе ги постават на заслужно место меѓу плејадата на најголемите француски поети на сите времиња. Зашто Ронсар, како што вели Франсоа Мазад, „го подготвил сето она што е најсјајно во француската поезија“.

Ди Беле дефинитивно влегува во француската поезија како особено омилен поетски жанр. Во нив поетот со префинетото чувство пее за исчезнатата големина на Рим, како што со доста острина удира по слабостите и пороците на високите општествени слоеви ...

## ЛАЗАРИЛЈО ОД ТОРМЕС 75



Автор: **Аноним**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-17-5

Во романот *Лазарилјо од Тормес* се следи животот на младото момче Ларилјо , родено во воденицата на реката Тормес, поради што и го добило прекарот. Романот го опфаќа времето од раѓање на главната личност сè до неговата женидба. Момчето живее на општественото дно, меѓу скитници и измамници. Соочена со сиромаштија, глад и секакви трауми и зла, чистата и невина детска душа бидува принудена да ги прифати грдите околности и така момчето се престорува во лукав измамник.

## СОНЕТИ 79



Автор: **Вилијам Шекспир**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-79-3

*Сонети* на Вилијам Шекспир е извонредна збирка на лирски песни од по четиринаесет стиха, со маркантна прозодија и моќни стилски решенија. Напишани, веројатно, во последните седум години од XVI век, а првпат печатени во 1609 година, сонетите на Шекспир денес важат за неоспорно ремек-дело на светската книжевност. И покрај вечните полемики околу можните личности на кои им биле посветени сонетите, тие се сончевината што извира од Шекспировиот ненадминат книжевен гениј, во кој читателите отсекогаш уживале и му се насладувале.

## РОМЕО И ЈУЛИЈА • ХАМЛЕТ • БУРА 80



Автор: **Вилијам Шекспир**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-96-0

Драмата *Хамлет* е најпознатото, најпопуларно и најпрепознатливо остварување на Шекспир, трагедија која и од политички и од човечки аспект, многу длабоко навлегува во психологијата на поединецот, и неговото место во општеството. Романтичната трагедија *Ромео и Јулија* е од првиот период на творештвото на Шекспир. Напишана е околу 1592 година, првпат е поставена на сцена околу 1595 година, а првпат е печатена во првото кварто издание од 1597 година. Пишувана е во фин јампски десетерец, без многу опчекорување и со чести рими, што е доказ дека е создадена во периодот кога во англиската поезија доминира прецизната и чисто љубовна, сонетна форма. ...

## МАКБЕТ • ОТЕЛО • КРАЛОТ ЛИР 81



Автор: **Вилијам Шекспир**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-69-4

*Макбет* е најкусата од четирите големи трагедии напишани во најзрелиот период од творештвото на неповторливиот бард на светската книжевност. Тоа е драма за трагичноста на нереалните лични амбиции кои остварени по злосторнички пат, ги уништуваат не само нивните туку разоруваат цело едно општество претворајќи го во поле по кое „неоседлани танцуваат“ ужасните последици. Трагедијата *Отело* е величествена химна на човечката несреќа предизвикана од незауздените, алчни пориви на злонаклонетото сплеткарство отелотворено во, веројатно, најголемиот и најбистар подлец во светската книжевност, Јаго. *Кралот Лир*, ако не е најдобрата трагедија на Шекспир, ...

## Дон ИЗБРАНИ ДЕЛА 82



Автор: **Џон Дон**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-08-6

Веројатно начините на кои оваа поезија се остварува, нивната комплицираност, а некаде и нејасност, го натерале Семјуел Џонсон (Samuel Johnson), речиси еден век подоцна, во својата „Lives of the Poets“ (1744) да ги нарече метафизички. Бидејќи сите создаваат во најдрамскиот период од англиската книжевност, а самите не пишуваат драми, драматичноста на времето во кое живеат агресивно се искажува во нивната поезија преку напнатоста, спорот, расправата што меѓусебно ја водат гласот што говори и гласот што слуша. Говорникот е постојано на штрек, постојано во некаква состојба предизвикана од љубовната ситуација во која се наоѓа и во секој момент е подготвен да расправа за неа.

## ЗАГУБЕНИОТ РАЈ 83



Автор: **Џон Милтон**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-70-0

*Загубениот рај* е трагично дело со елементи на јуначки еп, единствено по своите уметнички вредности не само во англиската туку и во светската книжевност. [. . .] *Загубениот рај* е трагедија несовршено приспособена за епска форма. Но, токму епската актуализација ја ,,валка“ трагедијата и го подјадува нејзиното инаку par excellence трагично јадро, па трагичниот исход е потиснат од креативната моќ и триумфот на Месијата и пророштвата за враќањето во рајот. Следствено, како еп, *Загубениот рај* претставува цел еден свет, но свет што може да се гледа и како трагичен и како јуначки. По преводот на Теодосиј Скопски ова е првото издание на современ македонски јазик.

## КАНДИД • ЗАДИГ 93



Автор: **Франсоа Волтер**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-14-4

Најзначајните литературни дела на еден од најголемите духови на европската и на светската цивилизација, несомнено се романите *Кандид* и *Задиг*, објавени, првиот во 1759, а вториот дванаесет години порано, во 1747 година, но своето значење и популарноста не ги загубиле ни по двесте и педесетина години од појавувањето. ... Двата романа (или, како што тој ги нарекува, „филозофски раскази“) често ги објавуваат заедно зашто на некој начин се надополнуваат, а истовремено ја надополнуваат и претставата за бесмртната величина и литературната дарба на нивниот автор.

## ТРИСТРАМ ШЕНДИ – том I 97



Автор: **Лоренс Стерн**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-57-1

Напишан помеѓу 1759 и 1767 година, романот *Тристрам Шенди* бил објавен во пет продолженија а многубројните неизвесности што Стерн ги поставил кон крајот на секое продолжение ги задржуваат љубопитноста и интересот за наредното. *Тристрам Шенди* бил отпрвин примен со воодушевување и покрај тоа што бил критикуван за непристојноста во искрениот третман на сексуалните теми.

## ТРИСТРАМ ШЕНДИ – том II 98



Автор: **Лоренс Стерн**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-82-3

Највпечатливите формални и технички карактеристики на овој роман се неконвенционалната временска рамка и самопрогласениот дигресивно-прогресивен стил. Стерн, преку измислениот лик-автор Тристрам, одбива да ги претстави настаните во нивниот вистински хронолошки редослед. Одново и одново во текот на романот, Тристрам се движи низ времето онака како што милува. Освен тоа, тој толку многу се потпира на дигресиите, што сижетните елементи на романот се повлекуваат во заднината, а романот изобилува со долги есеистички целини. Тристрам успева да го придвижи својот авторски проект токму тогаш кога ни се чини дека неповратно заскитал со раскажувањето.

## СЕНТИМЕНТАЛНО ПАТУВАЊЕ 99



Автор: **Лоренс Стерн**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-45-8

Делото е автобиографски роман, а ги опишува главно чувствата и размислувањето, што значи дека настојува да даде слика на внатрешниот свет, на сопствените доживувања и размисли, главно од сентиментална природа.Патувањето не се одвива според некој однапред подготвен план, туку авторот допушта да го водат неговите чувства спрема претставничките на понежниот пол, кон чии чари постојано му е насочено вниманието секаде каде што ќе пристигне. Преку ова дело Стерн како да укажува на крајот на пикарскиот роман и на свртувањето на авторовото внимание кон чувствата и кон внатрешниот живот на човекот...

## ПАРМСКИОТ КАРТУЗИЈАНСКИ МАНАСТИР 113



Автор: **Стендал**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-37-6

Како првична романескна предлошка, романот е базиран врз една стара хроника или италијанска новела. Во неа се зборува како убавата Вандока Фарнезе, сомнителна со своите љубовни врски и авантури, му помага да успее во животот на својот внук Александар, кое е, всушност, световното име на папата Павле Трети. Притоа, непроценлива е помошта од нејзиниот љубовник, кардиналот Редирега. Од таа стара приказна, Стендал ќе создаде вистинско ремек-дело како минуциозна вивисекција на љубовта, моралот, политиката, религијата, историјата, со еден „дискретен шарм“ на авантурата и возбудливите пресврти.

## НОВАТА ЕЛОИЗА – том I 106



*Новата Елоиза* претставува голем книжевен настан во XVIII век и зазема посебно место во историјата на францускиот роман, кој преку неа го освојува врвното место меѓу книжевните родови и станува најподобен облик за изразување на животот во заедница и за обработката на предметите што го засегаат секого. *Јулија или Новата Елоиза* е историја на падот на една девојка и нејзиното морално издигање како жена и мајка. Но, пред сѐ, и над сѐ, романот е поема за љубовта, делото на страста што е посилна од сите должности.

Автор: **Жан-Жак Русо**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-04-5

## НОВАТА ЕЛОИЗА – том II 107



*Новата Елоиза* претставува голем книжевен настан во XVIII век и зазема посебно место во историјата на францускиот роман, кој преку неа го освојува врвното место меѓу книжевните родови и станува најподобен облик за изразување на животот во заедница и за обработката на предметите што го засегаат секого. *Јулија или Новата Елоиза* е историја на падот на една девојка и нејзиното морално издигање како жена и мајка. Но, пред сѐ, и над сѐ, романот е поема за љубовта, делото на страста што е посилна од сите должности.

Автор: **Жан-Жак Русо**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-19-9

## ЦРВЕНО И ЦРНО – том I 144



Убавиот и амбициозен Џулиен Сорел е решен да се издигне над своето скромно селско потекло и да направи нешто од својот живот со усвојување на кодексот на лицемерието со кое работи неговото општество. Џулиен на крајот ќе стори кривично дело - од страст, принцип, или лудило - што ќе придонесе за неговата пропаст. *Црвено и Црно* е жива, сатирична слика на француската Обнова - општеството по Ватерло, ишаран со корупција, алчност и апатија. Комплексниот и симпатичен лик на Џулиен, студениот експлоататор чија макијавелистичка кампања е преокупирана со свои емоции, го прави еден од најбрилијантните ликови на Стендал и еден од најголемите ликови на европската литература.

Автор: **Стендал**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-53-6

## ЧИЧКО ГОРИО 117



Романот *Чичко Горио* поседува уште една специфика во рамките на опусот на Балзак. Како што во „Човековата комедија" се насликани речиси сите слоеви во француското општество, така и пансионот во кој, главно, иако не исклучиво, се одвива дејството на романот *Чичко Горио*, е едно општество „во мало". Тој пансион е метафора, еден вид парадигма за она што се случува во тогашниот живот, во општеството, на социјален, политички, (не)морален, монденски и на сите други можни планови. За да се објасни пластично релацијата на ликовите во романот со нивното милје, најдобро е да се изделат две тријади од ликови и настани кои се поврзани со нив.

Автор: **Оноре де Балзак**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-58-1

## КЛЕТНИЦИ – том I 120



Приказната е историска белетристика затоа што содржи реални и историски настани. Романот *Клетници*, освен како книжевно дело, на многумина им е познат и преку неговите многубројни сценски и филмски адаптации.

Автор: **Виктор Иго**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-18-2

## КЛЕТНИЦИ – том II 121



Приказната е историска белетристика затоа што содржи реални и историски настани. Романот *Клетници*, освен како книжевно дело, на многумина им е познат и преку неговите многубројни сценски и филмски адаптации.

Автор: **Виктор Иго**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-05-2

## КЛЕТНИЦИ – том III 122



Приказната е историска белетристика затоа што содржи реални и историски настани. Романот *Клет–ници*, освен како книжевно дело, на многумина им е познат и преку неговите многубројни сценски и филмски адаптации.

Автор: **Виктор Иго**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-55-7

## КЛЕТНИЦИ – том IV 123



Приказната е историска белетристика затоа што содржи реални и историски настани. Романот *Клет–ници*, освен како книжевно дело, на многумина им е познат и преку неговите многубројни сценски и филмски адаптации.

Автор: **Виктор Иго**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-83-0

## ЖЕРМИНАЛ 126



Романот *Жерминал* спаѓа во оној комплекс романи од Зола кои предизвикувале недоразбирања и скандали според своите теми и обработката. Зола секогаш избирал нешто карактеристично и шокантно, но вистинито и впечатливо.Во таа смисла, еден толкувач на *Жерминал* ќе напише: „Поврзувајќи ја репортажата со романот, земајќи за главен јунак на своето дело определена гранка од производството, Зола и во *Жерминал* внесол нешто ново. Всушност, покрај една група ликови кои се во првиот план, вистинскиот јунак на *Жерминал* е масата рудари, таа ги исполнува страниците на книгата, таа ја дава нејзината сила и нејзината величина. ...

Автор: **Емил Зола**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-29-1

## ПИСМА ОД МОЈАТА ВОДЕНИЦА 127



Од разновидното и мошне обемно дело на Доде денес е актуелна и мошне читана главно збирката куси раскази и импресионистички лирски записи и скици *Писма од мојата воденица*. Интересен е податокот дека Доде оваа книга ја објавил под псевдонимот Жан-Мари и таа набргу станала популарна и на својот автор му го донела првиот вистински успех. Овие импресионистички описи, мајсторското мешање на реалното и бајковитото, на документот и на фикцијата, придонесуваат Алфонс Доде да стане тогашна надеж на современата француска литература. Неговите раскази стануваат постојана лектира на младите, сè повеќе се застапени во училишните читанки, ...

Автор: **Алфонс Доде**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-27-7

## ПИСМА ДО ТЕО 129



Стотина дела и вредни студии за „отфрлениот сликар", пар екселанс, изобилуваат непосредно или посредно со податоци за писмата што му ги праќал Винсент ван Гог на својот брат Теодор. Околностите придонеле Винсент и Тео да бидат речиси постојано одвоени, но поврзани со длабока љубов врз која понекогаш надвиснувале облаци што не успеале да ја засенат. Двајцата браќа ги преточиле во писма бескрајните дијалози што би постоеле меѓу нив доколку живееле заедно. Освен писмата до Тео, едицијата Бернар Грасе од 1960 година ги содржи сите други писма што Винсент ги пратил до родителите, до сестрата Вилхелмина, до пријателите и до луѓето со кои бил во комуникација ...

Автор: **Винсент ван Гог**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-38-3

## Хелдерлин ИЗБРАНИ ДЕЛА 130



Ако се исклучи манифестираното лудило во кое секојдневно пишува песни, од кои најголемиот дел се изгубени бидејќи никој не се интересирал за нив, активното, луцидно творештво на Фридрих Хелдерлин траело околу десетина години.Неговите први поетски обиди се во годините на неговото теолошко образование и се во духот на слободоумните и антидеспотски идеали на правецот Штурм и Дранг и во нив тој ја изразува вербата дека општествената преобразба е можна врз основа на христијанската богобојазливост и човекољубие. Според програмската определба на правецот, изградена врз Русовата теза за враќање кон природата, Хелдерлин природата првично ја сфаќа како прибежиште ...

Автор: **Фридрих Хелдерлин**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-17-8

## Грим **БАЈКИ** 133



Збирката „Детски и домашни бајки“ е, несомнено најпознатата и најпреведувана германска книга на сите времиња, а бајките содржани во неа, со векови, по устен или по писмен пат, се вградувале во душата и во фантазијата на многу генерации деца во целиот свет. Тие и ден-денес ја немаат загубено својата актуелност и претставуваат омилено четиво и за децата и за возрасните. Ако во минатите времиња многумина својот прв допир со пишан текст го направиле читајќи ја Библијата, за неброени генерации деца во светот овие бајки претставувале прво запознавање со книжевен текст. Во вкупното дело на браќата Грим засебно место и најголема популарност имаат бајките.

Автор: **Браќа Грим**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-86-1

## Вордсворт **ПОЕЗИЈА** 138



Вордсворт е, над сè, поет што ги запаметува работите случени во минатото, или како што самиот вели во „Предговорот“, „чувства на кои се сеќава во спокој“. Некој предмет или настан во сегашноста поттикнува ненадејна обнова на чувствата што ги искусил во младоста; резултат е поема што го изразува широкиот јаз меѓу она што Вордсворт го нарекува „две свести“: свеста за оној што е сега и свеста за оној што некогаш бил. Но едно рано емоционално искуство не е неисцрпен извор за поезија. Како што вели Беисил Вили, Вордсворт како поет „живее од натрупано богатство“; тој ова добро го знаел.

Автор: **Вилијам Вордсворт**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-45-1

## Колриџ **ПОЕЗИЈА** 139



Поезијата на Колриџ, иако не голема по обем, е дело на голем и недвосмислено изворен поет. За неколку години, тој ги напишал своите славни песни за мистеријата и демонизмот, „Стариот морнар“, „Кристабел“ и „Кублај кан.“ Не помалку импресивни се и неговите песни во бел стих на осамениот и размислувачки ум што се наречени Разговорни песни; во најдобрата „Сињак на полноќ,“ Колриџ усовршил карактеристична шема на интегрално односен опис и медитација што Вордсворт ведаш ја применил во својата позната песна „Опатијата Тинтерн“. Стихуваното послание „На Вилијам Вордсворт“ е најпрониклив коментар за ремек-делото на Вордсворт Прелудиум ...

Автор: **Семјуел Тејлор Колриџ**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-46-8

## **ОСЛОБОДЕНИОТ ПРОМЕТЕЈ** 142



Поетиката на Шели е вкоренета во една комплексна, но сепак кохерентна симболичка структура, на што укажува и Вилијам Вордсворт, велејќи дека „тој е еден од најдобрите артисти“, мислејќи притоа на, како што вели, „неговото неприкосновено стилско мајсторство“. *Ослободениот Прометеј* е едно сложено, имагинативно префинето поетско дело што во себе вклучува размисли за природата на човекот и за неговиот напор да се здобие со повисока морална и креативна вредност, да ја поврати загубената верба во себеси, наспроти општествениот хаос, поделбите што носат меѓусебна омраза, неправдите што резултираат со морална и физичка деградација на поединецот и распаѓање на праведното општество.

Автор: **Перси Биш Шели**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-74-8

## **АВАНТУРИТЕ НА ГОРДОН ПИМ** 144



Единствениот роман на По е, исто така, напишан со свест за читателските вкусови на времето, но и со потреба да се изневери популарниот жанр наречен морски авантури. Во *Авантурите на Артур Гордон Пим* (1938), По ја искористува познатата жанровска структура, но со цел да раскаже филозофска приказна за човековиот стремеж кон откривање подлабока реалност отаде познатото и минливото. Да се присетиме на еден навидум тривијален детаљ. Постојат различни сведоштва за тоа кои биле претсмртните зборови на По. Според едно од нив, тој извикувал: „Боже, спаси ја мојата душа“! Според друго сведоштво, пак, последниот збор што го извикал бил: „Рејнолдс“!

Автор: **Едгар Алан По**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-10-9

## Бирс **РАСКАЗИ** 155



Интересен и невообичаен елемент во расказите на Бирс е тоа што во описите на ликовите еднакво ги третира и припадниците на Конфедеративната и припадниците на Федералната војска. Некои ликови живеат во јужните држави на САД и се робовладетели, а некои доаѓаат од Северот и се борат против робовладетелите. Кон никого од нив не се чувствува сочувство или симпатија поголема отколку кон оние од спротивната страна и затоа е сосема невозможно да се утврди ставот на Бирс во поглед на праведноста на некоја кауза. Всушност, тој е еднакво саркастичен и кон едните и кон другите, што е мошне редок феномен во книжевноста, со оглед на тоа дека речиси секое литературно дело ...

Автор: **Амброуз Бирс**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-56-7

## ДЕЈВИД КОПЕРФИЛД – том I 145



Автор: **Чарлс Дикенс**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-50-2

*Дејвид Копирфилд* е еден од најуспешните романи на Чарлс Дикенс. Во голем степен е автобиографски. Во низа елементи се одразуваат младоста и кариерата на авторот, неговите радости, болки и стравови. Книгата претставува уникатна проза според богатството на перцепциите и разнообразието на човечките карактери, според панорамата на животот од викторијанската епоха. Романот прави пресек на англиското општество во времето на индустриската револуција, кога експлоатацијата на децата и жените придобива незапаметени размери. Дикенс е можеби меѓу првите писатели коишто ги доловуваат како лирските, така и мрачните страни на современите метрополи.

## ДЕЈВИД КОПЕРФИЛД – том II 146



Автор: **Чарлс Дикенс**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-205-212-0

*Дејвид Копирфилд* е еден од најуспешните романи на Чарлс Дикенс. Во голем степен е автобиографски. Во низа елементи се одразуваат младоста и кариерата на авторот, неговите радости, болки и стравови. Книгата претставува уникатна проза според богатството на перцепциите и разнообразието на човечките карактери, според панорамата на животот од викторијанската епоха. Романот прави пресек на англиското општество во времето на индустриската револуција, кога експлоатацијата на децата и жените придобива незапаметени размери. Дикенс е можеби меѓу првите писатели коишто ги доловуваат како лирските, така и мрачните страни на современите метрополи.

## РАСКАЗИ • НА ДНОТО 183



Автор: **Максим Горки**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-59-8

Појавата на првите книжевни раскази и новели на Горки критиката ја означува како период на неоромантизам. Ваквото мислење е поткрепено со укажување на природата на тие први дела на Горки, кои едноставно, лесно и крајно природно ја пречекоруваат границата меѓу реалниот документарен извештај и запис и меѓу легендата, бајката и сонот. За ваквиот впечаток, се разбира, придонесува и еден манир до кој авторот строго се придржува. Имено, настанот за кој се раскажува редовно е сместен во природниот амбиент, меѓу елементите, покрај водата, во шумите, во степите, на дождот. Ќе се забележи дека јунаците на неговите први раскази најчесто разговараат лежејќи на земјата, покрај морето, ...

## Петефи **ПОЕЗИЈА** 193



Автор: **Шандор Петефи**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-71-7

Песните што се напишани во стил на дневник најдобро нѐ известуваат и за најверодостојните настани на душата. Тие не ги изразуваат само дневните настани, туку и мислите што го обземале поетот дента кога ги пишуваа. Тоа значи дека неговиот реализам не е програмски, пренасилен и напнат, туку спонтан, искрен, природен, та затоа при секоја нова материја, нова е и поетската форма. Петефи чудесно се менува не само од една фаза во друга туку и во само една песна („Нека бидам поток“ итн.). Тие огромни скокови, тоа недоловливо „селење на душата“, исто така е една од неговите карактеристики.

## БОГОРОДИЧНАТА ЦРКВА ВО ПАРИЗ 119



Автор: **Виктор Иго**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-18-2

*Богородичната црква во Париз* е еден од најдобрите историски романи во светската литература. Во основа, тој е вперен против монархијата, католицизмот, варварското правосудство и против смртната казна. Во овој роман Иго ги презентира своите сфаќања за доброто и за злото, за љубовта и за омразата, за убавото и за грдото. Преку судбината на незаборавните ликови на Есмералда и на Квазимодо, авторот укажува на убавината на човечката душа, потенцирајќи ја естетската теза дека суштината е позначајна од надворешната форма, што претставува голема новина во светската литература.

## ТЕСНА ВРАТА • ПАСТОРАЛНА СИМФОНИЈА 206



Автор: **Андре Жид**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-42-7

*Тесна врата* и *Аморалист* се цврсто поврзани со *Пасторална симфонија*, бидејќи во сиве овие книги Жид се обидува да излезе на крај со нерешливите дилеми на личностите обземени со внатрешни судири на интимните чувства и императивот што во нивните души го поставуваат традиционалните социјални и религиозни сфаќања на средината во која се формирале. Сите тие, и Мишел во *Аморалист* и Алиса во *Тесна врата* и свештеникот во *Пасторална симфонија* се потресени, збунети, несигурни во изборот и во постапките, апсолутно оневозможени од своите внатрешни судири да изградат вистинска, квалитетна и трајна комуникација со другите, со најблиските, и затоа остануваат огорчени, ...

## КРАЛОТ ИБИ 214



Пиесата *Кралот Иби* на Алфред Жари може да се смета за зачеток на драмата на апсурдот. Токму сценскиот јазик и деструираната или пародираната класична драмска форма, остварени во *Кралот Иби*, понатаму ќе имаат свој одглас во современиот театар на апсурдот. Во *Кралот Иби* се прикажуваат настани и ситуации кои се во основата гротескни, изместени и апсурдни, но тие не се психолошки во традиционална смисла. Ни од сето тоа се извлекуваат некои високопарни и длабоко филозофски заклучоци. Таму каде што има и малку „психологија", таа е повеќе иронично-саркастичен коментар на самите ситуации и настани, со што нивната апсурдност уште повеќе се потенцира.

Автор: **Алфред Жари**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-12-3

## ВЕТРОВИ 216



Во *Ветрови*, пак, дури и песните заминуваат по патот, по кој одат луѓето. Би се рекло дека ваквата сеопфатна динамика може да доведе до големо безредие, до испретурање на нештата, до почеток на сеопшт хаос. Сепак, критиката констатира дека поезијата на Сен-Џон Перс е поезија на ред, но на ред што не е статичен и скаменет. Тоа е ред во кој поетовата свест, свеста на човекот е во целосна рамнотежа со предметите, со елементите и со околината, со природните својства, енергии и сили. Станува јасно дека преку ова својство поезијата на Перс ја покажува својата сродност со поетскиот свет на Пол Клодел, од кого ќе го преземе и прознобиблискиот стих, верзет, но и поткренатата, свечена, химнична интонација.

Автор: **Сен-Џон Перс**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-31-4

## ПАТУВАЊЕ ДО КРАЈОТ НА НОЌТА 217



Во основа, како главно и сите дела на Селин, овој роман е автобиографски поставен, што значи дека е исполнет со описи на настаните и доживувањата на авторот за време на неговото учество во Првата светска војна и на неговите патувања во Америка и во Западна Африка. Главниот јунак, Бардами, за кого критиката смета дека е „постар брат на Рокантен од Сартровата Тегобност и на Мерсо од Камиевиот Странец" (Ingrid Šafranek, „Roman između dvaju ratova", во „Francuska književnost", Povijest svetske književnosti, „Mladost", Zagreb, 1982, 673), го посматра, го доживува и го коментира светот низ една длабоко иронична, на моменти дури и цинична перспектива, со видна огорченост, со игноранција и нихилизам, ...

Автор: **Луј-Фердинанд Селин**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-43-4

## АВАНТУРИТЕ НА ТЕЛЕМАХ 220



*Авантурите на Телемах* е пастиш и парафраза и неговите ликови се парафрази на автентичните ликови од кои самите потекнуваат и ги надградуваат. Сите ликови се маѓепсани со љубовта, и таа е алфа и омега во ова дело на Арагон. Филозофијата на љубовта и филозофијата на животот не можат да се разделат и сите ликови на свој начин се губитници. Нивната судбина е иронично-саркастична, како што тоа знае да биде и самиот живот. Калипса, по бродоломот, го пречекува Телемах на брегот на островот Огигија, обидувајќи се во него да го препознае ликот на Одисеј. Одисеј ја напушта Калипса определувајќи се за татковината, а жртвувајќи ја бесмртноста што му е понудена ако остане.

Автор: **Луј Арагон**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-16-1

## Бихнер **ДРАМИ** 222



Бихнеровиот книжевен дострел не само што ги надминува современиците, туку служи како патоказ и во развојниот тек на германското драмско творештво. Бихнер ја прекинува долгата германско-јазична традиција за воздигнување на драмските идеи и на драмските јунаци како носители на одредени идеали и наместо традиционалната идеологија, во драмата внесува мрачен поглед на животот, песимистички реализам, разочарувачки светоглед во кој целосно отсуствува желбата за живот....

Автор: **Георг Бихнер**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-08-3

## ЗАПИСИТЕ НА МАЛТЕ ЛАУРИДС БРИГЕ 226



Во романот *Записите на Малте Лауридс Бриге* апсолутно доминира главниот лик и сето тоа што е запишано произлегува од него и се однесува на него, односно тој е и субјект и објект на нарацијата, додека сите други ликови се прикажани мошне оскудно, делумно, на рамниште на скица за портрет. Главниот лик (кој истовремено е и наратор, а ваквата слеаност е детерминирана од формата на делото), е опседнат со смртта и со стравот. Присуството на овие поими во Записите на Малте е толку густо и учливо, што речиси нема страница каде што не се споменати смртта, стравот или други сродни поими (умирање, плашење и сл.).

Автор: **Рајнер Марија Рилке**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-48-2

## ТОНИО КРЕГЕР 230



Автор: **Томас Ман**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-67-0

Со *Тристан* Томас Ман се надоврзува на европската и на германската културна традиција: на средновековниот еп „Тристан и Изолда“ од Готфрид фон Штразбург, напишан според Кретиен де Троа, на истоимената опера од Рихард Вагнер и на песната „Тристан“ од постромантичарот Август фон Платен-Халерминде. Во *Тонио Крегер* љубовниот живот на главниот јунак е парадигма за неговиот напор да изнајде средина меѓу противставените начела, за способноста да ги обедини во целина своите уметнички склоности одразени преку хомоеротската љубов спрема Ханс Хансен и преку граѓанските потреби чиј симбол е Инге Холм.

## ВЧЕРАШНИОТ СВЕТ 240



Автор: **Штефан Цвајг**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-34-5

Многубројни се компетентните и темелни студии посветени на одделни книги, но и на севкупното повеќеслојно дело на Штефан Цвајг. Во сите тие пристапи и оцени секако значајно место зазема делото *Вчерашниот свет* кое, иако формално автобиографско, во најголема можна мера е слика на едно време, успешен обид да се фрли светлина врз сложената и тешко одгатлива човекова природа, но тоа претставува и залагање за човечност и разбирање, нудење визија за еден подобар и похуман свет, за чие изградување уметникот може мошне многу да придонесе.

## Кафка **РАСКАЗИ** 241



Автор: **Франц Кафка**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-09-3

Вината и казната се чести мотивски и тематски определби и во расказното и во романескното дело на Франц Кафка. Вината кон семејството, особено кон татка си, за неисполнетите очекувања, вината кон општествената средина поради изразитата потреба за дистанцирање и самоизолација, вината кон пријателите и кон жените поради недоволната подготвеност за безрезервно прифаќање, како и поради неможноста за остварување интимно духовно заедништво, вината кон себе поради самонаметнатите стеги во полза на творечкото создавање, се само дел од личниот регистар на ова чувство, кое во сублимирана форма, во изнијансирани видови.

## Георге • Бен • Тракл **ПОЕЗИЈА** 243



Автор: **Георге • Бен • Тракл**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-62-8

Иако во својата поезија Георге ги вовел термините „фирер“ и „хајл“, иако ги проповедал супериорноста на нагонот над разумот, херојскиот идеал, правото на одредена класа да управува со човештвото и правото на Германците на туѓи земји, категории кои националсоцијалистите ги искористиле за своите апокалаптични цели, овие термини, како дел од неговите сфаќања, опстојувале на поинакво цивилизациско рамниште; тие биле во сферата на духовното и идеалното како составен дел од неговата визија за создавање ново, похумано германско општество што ќе биде предводено од неколкумина просветлени водачи.

## БЛЕДОСИН ЖЕНСКИ РАКОПИС 248



Автор: **Франц Верфел**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-60-1

*Бледосин женски ракопис* е ремек-дело на кратката раскажувачка форма излезена од перото на Франц Верфел. Во оваа новела Верфел успева да наслика жестока отсечка на преломниот период од едно толерантно општество (Австрија) кое присилно мора да се приклони кон фашистички систем (Германија). За да го реализира овој специфичен раскажувачки потфат, авторот користи многу малку средства: една навидум безопасна случка предизвикана со добивањето на писмо адресирано со женски ракопис, еден неоткриен љубовен триаголник и редоследно поврзани настани што се случуваат од утрото до вечерта на 7 октомври 1936 година, еден сосема обичен есенски ден во предвоена Виена.

## СТРАКОВИ ТРЕВА 253



Автор: **Волт Витмен**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-23-6

Уште кога првпат се појавува од печат, збирката *Стракови трева* предизвикува вистинска возбуда, целосен отпор и спротивставување, главно поради две основни и очигледни својства: отвореноста и целосната со кои се третираат чувствителните прашања во врска со телото и со телесната љубов и крупните иновации на формален план. Што се однесува на тематските регистри во неговите песни, Витмен се појавува како пророк, визионер, видовита личност која ги прославува природата, светлината и мракот, растенијата, животните и луѓето, поет што пее химни на свеченоста на живеењето и гледа заедништво, единство и еднаквост.

## АМБАСАДОРИ 256



Автор: **Хенри Џејмс**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-09-0

Романот *Амбасадори* е можно дело бидејќи неговите квалитети се наоѓаат во начинот на изведбата, во она „како“. Главен лик во овој роман затоа не се ни Стретер, ни госпоѓица Гостри, ни госпоѓа Де Вионе, тоа не е ни „блудниот син“ Чад, туку атмосферата во која се одвиваат нивните средби и разговори, нивните обиди меѓусебно да се откријат и да се осознаат, нивните претпоставки, двоумења и сомнежи.

## ЕВРОПЕЈЦИ 257



Автор: **Хенри Џејмс**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-26-0

Тешко ќе се најде поголем Европеец меѓу американските писатели од Хенри Џејмс. Таквиот статус му прилега и поради фактот дека поголемиот дел од животот го поминал на стариот континент, а пред смртта добил и британско државјанство. И други американски автори – Езра Паунд, Томас Стернс Елиот, Ернест Хемингвеј, Френсис Скот Фицџералд се меѓу најпознатите – ќе живеат, кој покусо кој подолго, како експатриди, доброволни изгнаници. Тие во Европа доаѓале заради инспирација и поубав или поевтин живот, а понекогаш и поради своите убедувања. За разлика од нив, во својот опус Хенри Џејмс најдиректно ја тематизира фасцинацијата од европската култура ...

## Ирвинг • О'Хенри **РАСКАЗИ** 264



Автор: **Вашингтон Ирвинг • О'Хенри**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-22-2

Најголемиот дел од расказите објавени во овој избор се од Нотесот со скици на Џофри Крејон. Тоа се вистински бисери во кои живописниот реализам и историјата се здружуваат со извонредната фантазија и со восхитувачката дескриптивна поезија во сонливата атмосфера на чудесните и натприродни случувања. Ирвинг нè восхитува со својот нов и автентичен стил. Две карактеристики се заштитни знаци на О'Хенри: неочекуваните пресврти на ситуацијата во завршницата и неочекуваните пресврти во природата на главните ликови. Приказната почнува и се одвива во една насока и, токму кога читателот мисли дека може да го предвиди крајот, тој ја свртува во сосема спротивна насока.

## ДОБРИОТ ВОЈНИК 269



Автор: **Форд Медокс Форд**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-85-4

Романот *Добриот војник*, со својата формална совршеност и виртуозност на раскажувањето, го поставува Форд Медокс Форд во врвовите и на раниот модернизам овоплотен во делата на Хенри Џејмс и Џозеф Конрад, но и на високо модернистички дела на еден Марсел Пруст или Џејмс Џојс. Овој силен и недвосмислен став на високо вреднување на творештвото на Форд Медокс Форд може да се потврди и низ зборовите на врвниот теоретичар и проучувач на делата на Сорен Кјеркегор и на Вирџинија Вулф, англискиот професор Роџер Пул, кој без никакви стеснувања констатира: „големи модерни романсиери се Џејмс Џојс, Марсел Пруст, Вирџинија Вулф и Форд Медокс Форд“. ...

## АСПЕКТИ НА РОМАНОТ 271



Автор: **Едвард Морган Форстер**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-60-4

Вредноста влегува во романот преку аспектот што Форстер го нарекува „луѓе“. Преку нив, авторот „им се обраќа на нашата интелигенција и имагинација, а не само на нашата љубопитност“. Луѓето – тоа се учесниците во приказната, ликовите. Иако тие се, всушност, „купишта зборови“, вредноста се открива преку нив, пред сè, бидејќи „читателот може сосема да ги разбере луѓето во романот, ако тоа го сака писателот, и нивниот внатрешен живот може да биде покажан, како и надворешниот“. Не е така во секојдневниот живот: „никогаш не се разбираме меѓусебно и не постојат ни целосна јасност, ни целосна искреност“.

## ТРИ ГВИНЕИ • СОПСТВЕНА СОБА 278



Автор: **Вирџинија Вулф**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-24-3

Во рецепцијата на *Сопствена соба*, од мигот на нејзиното објавување, па до денес, се забележува постоење на непрекинат интерес на критиката обоен со радикално спротивни толкувања, радикални колку што се и идеите и пораките на Вирџинија Вулф искажани во овој текст. Едно вакво врвно дело од фундаментално значење за развојот на човековата мисла тоа, впрочем, и го заслужува со самиот факт што вели критиката, овозможува „неограничени начини на препрочитување“. Ако во делото *Сопствена соба* Вирџинија Вулф го искажува својот (феминистички) пацифизам, тој во *Три гвинеи* - дело кое е еден вид продолжение - ја добива својата радикална форма, ...

## **УЛИС – том I** 274



Автор: **Џејмс Џојс**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-51-9

Џејмс Џојс (1882–1941), иако е роден во Даблин, поголемиот дел од својот живот го поминува во Европа: живее во Трст, Париз и Цирих, но, сепак, градот Даблин останува централно место во неговото творештво: пред сè, во *Улис* (1922), неговото најпознато дело, но и во *Даблинци* (1914) и во *Портрет на уметникот во младоста* (1916). Во својата прозна техника и неверојатното очудување на јазикот, Џојс е мошне близок до авангардата на англо-американските модернисти. Контроверзен, скандалозен, интертекстуален, на моменти и нечитлив, но, секако, духовит и забавен, *Улис* е, несомнено, ремек-дело на модернизмот од дваесеттиот век.

## **УЛИС – том II** 275



Автор: **Џејмс Џојс**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-32-1

Џејмс Џојс (1882–1941), иако е роден во Даблин, поголемиот дел од својот живот го поминува во Европа: живее во Трст, Париз и Цирих, но, сепак, градот Даблин останува централно место во неговото творештво: пред сè, во *Улис* (1922), неговото најпознато дело, но и во *Даблинци* (1914) и во *Портрет на уметникот во младоста* (1916). Во својата прозна техника и неверојатното очудување на јазикот, Џојс е мошне близок до авангардата на англо-американските модернисти. Контроверзен, скандалозен, интертекстуален, на моменти и нечитлив, но, секако, духовит и забавен, *Улис* е, несомнено, ремек-дело на модернизмот од дваесеттиот век.

## Паунд **ЕСЕИ** 280



Автор: **Езра Паунд**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-33-8

Контроверзните политички ставови на Паунд се нераскинливо поврзани и со неговата поетика и неговата естетика од кои тој не се откажал до крајот на својот живот. Голем број од неговите есеи поместени во овој избор се, всушност, студии за поетиката, економијата, етиката и естетиката во кои се говори за нивната заемна поврзаност, како и за тоа дека поетиката, го сакале ние тоа или не, неминовно завршува во политика исто како што политиката секогаш се стреми да се вмеша во поетиката. Паунд ја дефинира „добрата“ држава како држава „која најмалку влијае врз своите граѓани“, па затоа во неговите есеи се рефлектира огромно незадоволство од политичарите корумпирани од банкарските профитерски интереси и ...

## О'Нил **ДРАМИ** 283



Автор: **Јуџин О'Нил**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-10-6

*О'Нил* е првиот релевантен драмски писател на американскиот театар. Тврдел оти Стриндберг е тој што влијаел врз него, ама неговите театарски предци биле Грците. Во „Копнежот под брестовите“ (1924) и во „Црнината и прилега на Електра“ (1931) ја истражува темата на инцестот, децаубиството и одмаздата на судбината, што ги користел одново и одново, за да ги искаже длабоките лични конфликти што настанувале заради неговите изместени односи со родителите и со брат му Џејмс.

## Елиот **ЕСЕИ** 286



Автор: **Томас Стернс Елиот**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-73-1

Во раните есеи на Елиот се среќаваме со намерен и релативно добро обмислен објективизам кој во основата ја има тезата дека објективноста е суштинска за секој вредносен суд на критиката, објективност што се изедначува со онаа во егзактните науки: имперсонална, т.е. базирана на факти, а не на лични мислења. Значи, првичните критичко-теоретски согледби на Елиот произлегуваат од чистото естетско толкување на објективното, па така, тој смета дека книжевниот текст е во голема мера независен од психолошките состојби на авторот и од личните впечатоци на читателот. Ваквите гледишта ги среќаваме во есејот „Дејноста на критиката“, како и во есејот „Совршениот критичар“ ...

## **ХОБИТ** 288



Автор: **Џ. Р. Р. Толкин**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-52-6

*Хобит* е првата книга на Џ.Р.Р. Толкин замислен како фантастичен роман за деца. Иако е замислен како роман за деца, стекнал популарност и меѓу возрасните. Во романот се прикажани авантурите на Хобитот Билбо Багинс и неговите сопатници. Дејството започнува кога во куќата на Билбо Багинс доаѓаат волшебникот Гандалф и тринаесетте џуџиња. Тие го наговараат Билбо да тргне со нив на едно патување, а целта на џуџињата е да се вратат во домот на предците во Осамената планина и да го вратат украденото богатство од змејот Смог. Низ патувањето, тие и нивниот верен сопатник Билбо ќе се соочат со џиновски пајаци, непријателски самовили, одмаздннички волци и подземното суштество Голум, ...

## ГОЛЕМИОТ ГЕТСБИ 290



Автор: **Франсис Скот Фицџералд**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-15-1

Светската критика го вбројува *Големиот Гетсби* меѓу најзначајните книжевни дела. Најугледните англиски книжевни критичари на списокот од сто најдобри романи од англиското говорно подрачје, составен во 1998 година *Големиот Гетсби* го поставија на второ место, зад „Улис", како најдобар американски роман на XX век. Факт е дека приказната е универзална, на авторовата оригиналност да ги истакне навидум маргиналните специфики на настаните од времето опишано во *Големиот Гетсби* ја создава магичната привлечност на делото која, ете, и по еден век од објавувањето на ракописот, сè уште не ги остава рамнодушни критичарите од целиот свет.

## ВРЕВА И БЕС 292



Автор: **Вилијам Фокнер**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-01-4

*Врева и бес* се смета не само за универзална парабола на егзистенцијалните дилеми на човекот фрлен во времето и соочен со историските промени туку и за парадигма на граничните можности на модерниот роман. Без сомневање, *Врева и бес* е најамбициозната романескна примена на техниката „тек на свеста" и неповторлив композициски пример, кој зрачи богатство од митски, библиски, историски, културолошки и егзистенцијални значења. Не помалку сложена е и стилската плетка во романот, чиј автор се памети и по неговата пословична долга, испрекината и сложена реченица.

## ЗБОГУМ НА ОРУЖЈЕТО 293



Автор: **Ернест Хемингвеј**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-36-9

Романот е поделен на пет книги. Во првата книга, Риналди го претставува Фредерик Хенри да Кетрин Баркли; Фредерик се обидува да ја заведе, и нивниот однос почнува. Додека е на италијанскиот фронт, Фредерик е ранет во коленото од смртоносна граната и испратени во болница во Милано. Втората книга го покажува односот меѓу Фредерик и Катрин и како тие поминуваат време заедно во Милано во текот на летото. Фредерик се вљубува во Катерина и, од времето кога тој е излекуван, Кетрин е три месеци бремена. Во третата книга, Фредерик се враќа на неговата единица, но набргу потоа Австријците се пробиваат на италијанските линии во битката на Капорето, а Италијанците се повлекуваат. ...

## Блок • Хлебников **ПОЕЗИЈА** 296



Автор: **Александар Блок • Велимир Хлебников**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-20-8

Иднината кај Хлебников е утописки временски топос за среќата на човештвото тешко рането од траумата на сегашноста, која не нуди никаков излез. Тој и самиот ја живеел и преживеал сета нејзина суровост со војната, сиромаштијата и гладот во Русија, стоејќи, и покрај сиот свој утопистички сон, на работ на еден очаен дезилузионизам, кога од Царицин, како припадник на 23 резервен полк, пишува: „Јас сум во меко заробеништво на дивјаци од минатите столетија", а потоа додава: „Чувствувам како некакви прекрасни блага и прекрасни дворци на мојата душа се искорнати, срамнети со земјата и разурнати". Хлебников во својата поезија ја опеал сета егзистенцијална суровост што се ширела како океан ...

## Борхес **РАСКАЗИ** 320



Автор: **Хорхе Луис Борхес**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-11-6

Секој што прочитал макар и десетина прози на Борхес, сеедно дали раскази или есеи, неизбежно се соочил со чувството дека никогаш порано не читал нешто слично, дека за првпат се среќава со таквиот загадочен дискурс, со текстура од таков чуден, неконвенционален, дури и збунувачки вид. Секој читател на Борхес – дури и оној што не завршил студии по литература – непогрешливо почувствувал дека четиво од тој вид не се вклопува во стандардните и општопознатите книжевни канони. Накратко, „Случајот Борхес" нè соочува со некој нов вид писмо кое подразбира сосема нов/поинаков начин на читање, а тоа читање најчесто не ни оди лесно.

## Тагоре **ПОЕЗИЈА** 336



Автор: **Рабиндранат Тагоре**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-72-4

Во лириката на Тагоре, љубовната поезија го зазема централното место. Љубовта за која најубаво пее Тагоре има широк спектар на простирање: тоа е љубов кон жената, кон природата, кон земјата, кон татковината и, воопшто, кон животот и животната радост, така што љубовта кај Тагоре поминува низ сите скалила на своето манифестирање за, конечно, во неговите највозвишени стихови да се пројави како универзална, космичка љубов. Во овој избор од неговата љубовна лирика се претставени сите архетипски состојби на љубовта кон саканото суштество: љубовниот занес, тивката среќа, радоста, разделбата, тагувањето, но љубовта се открива и во нејзината метафизичка димензија, кога љубовното битие ...

## ЗБОРОВИ 347



Автор: **Жан-Пол Сартр**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-36-6

*Зборови* е книга која со право се смета за ремек-дело на Сартр. Според Симон де Бовоар, оваа книга наишла на восхитувачки прием кај публиката. Тоа е книга за која Сартр се трудел да биде убаво напишана за разлика од другите негови дела, во кои главно настојувал што поверно да ги изнесе своите идеи. Две својства придонесуваат за извонредниот успех, за плаузибилноста на ова дело и за неговото посебно место во севкупниот разновиден и богат творечки опус на Сартр: неговата уметничка валидност, од една, и несекојдневната искреност и отвореност, од друга страна, која напати се граничи со целосна соголеност на авторот, во изнесувањето и коментирањето на најприватните постапки и чувства од детството ...

## Јонеско **ДРАМИ** 349



Автор: **Ежен Јонеско**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-25-0

Веќе неговата прва драма, „Ќелавата пејачка“, била антипиеса. Оттука и остра критика и на постојниот театар, ама и на одреден тип мртво општество, истиот критички дух, нагласено воинствен, го одбележува севкупното дело на Јонеско. Драмите на Јонеско претставуваат мошне комплицирана смеса од поезија, фантазија, кошмар и – културна и социјална критика.

## ИСПРЕКИНАТА ПОТРАГА 350



Автор: **Ежен Јонеско**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-28-4

Есеите на Јонеско, особено овие носорогистички „ангажирани“, зборуваат токму така. Директно и бескомпромисно. Низ нив, авторот агира од априорно ризичната позиција на автентичниот „advocatus diaboli“ кој, по дефиниција, е човек што ги застапува непопуларните ставови, спротивставени на општото/доминантното мислење. Токму затоа, Јонеско и одбира овие свои есеи да ги именува со вкупното име *Испрекината потрага*. Верувајќи дека тие, доколку се земаат во соодветни дози, хипотетички би можеле да ги неутрализираат стапиците и заканите на времето што го споделуваме и на околностите што нè застрашуваат. Утопија, иронија, цинизам, потсмев...

## АНТИГОНА 351



Автор: **Жан Ануј**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-58-8

*Антигона* беше изворно поставена во Париз во 1942 година кога Франција беше окупирана нација и дел од Хитлеровата Европа. Претставата го отсликува авторитарниот режим и централниот лик на претставата, младата Антигона, е прикажана низ безизлезноста на францускиот народ во времето на тиранијата. Едно од ремек-делата на модерната француска сцена.

## СТРАНЕЦ • МИТОТ ЗА СИЗИФ 352



Автор: **Албер Ками**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-14-7

Романот *Странецот* е најпознатото дело на Албер Ками за кое се напишани и најголем број студии и осврти како од француски така и од најпознати критичари од целиот свет. Но и покрај многубројните рецензии и толкувања на ова дело, тоа, според многумина, и натаму останува енигма. Албер Ками, според своето уверување, е либерален хуманист и со право ќе го наречат духовен ментор не само на француската, туку и на светската поенена генерација интелектуалци. Тој е класичен пример на човечката трудољубивост, виталност и луцидност. Тие особини најдобро ќе ги инкарнира во личноста на Сизиф, во своето главно есеистичко дело *Митот за Сизиф*, што е напишано како извесен коментар, ...

## ОСТАВИНАТА НА АРНЕ 360



Автор: **Зигфрид Ленц**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-37-3

За *Оставината на Арне*, навидум може да важи констатацијата дека се работи за дело со реалистичка прозна концепција, но сепак при подлабока анализа може да се увидат прекршувањето и расејувањето на таа реалност и покрај живото сведочење на нараторот и неговата конкретна вистина. Приказната на овој роман е целосно сосредоточена на неколку години од животот на тинејџерот Арне, од моментот кога започнува да живее во петчленото семејство на сопственикот на бродоградилиштето за отпад Харалд, кој бил близок пријател на таткото на Арне. Семејството живее во Хамбург и, според некои патемни, но не експлицитни назнаки, дејството се одвива во деведесеттите години на дваесеттиот век. ...

## ПАТУВАЊАТА СО ЧАРЛИ 367



Автор: **Џон Штајнбек**

Издавачи: К.С.Џ., Скопје
ISBN: 978-608-4721-13-0

*Патувањата со Чарли: во потрага по Америка*, се објавува во 1962 година, истата година кога Штајнбек ја добива Нобеловата награда за книжевност. Оваа книга-патопис и денес останува едно од најпопуларните дела на Штајнбек, а првичната продажба од над двесте и педесет илјади примероци е далеку поголема од клучното прозно остварување на Штајнбек Плодови на гневот. Книгата *Патувањата со Чарли* е постојано меѓу десетте најпродавани книги во 1962 година во Америка останувајќи на списокот на десет бестселери на „Њујорк тајмс" цели педесет и седум седмици. Оваа книга еднакво добро е примена и од обичните читатели, но и од академската критика во Америка ...

## 1984 • ЖИВОТИНСКА ФАРМА 368



Автор: **Џорџ Орвел**

Издавачи: К.С.Џ., Скопје
ISBN: 978-608-4721-64-2

Романот *1984* е најдоброто дело на Џорџ Орвел. Претставува визија за тоталитарната држава, во која човекот е сосема деградиран како личност, каде што владеат беда и глад, каде што историјата се фалсификува и каде што човечките вредности цинично се сведени на најнизок степен. Ова е протест на писателот против овие тенденции коишто може да ја насочат историјата во тој правец. И не само протест туку и предупредување.

СИТЕ ЖИВОТНИ СЕ ЕДНАКВИ, НО НЕКОИ СЕ ПОЕДНАКВИ ОД ДРУГИТЕ. *Животинска фарма* е најверојатно најголемата сатира на темниот лик на модерната историја.

## Одн **ЕСЕИ** 370



Автор: **Вистан Хју Одн**

Издавачи: К.С.Џ., Скопје
ISBN: 978-608-4721-05-5

Есеите во овој избор само ја потврдуваат моќта на Одн за многу необичен, ексцентричен пристап во расчитувањето на автори како од англиската, така и од неанглиската традиција, како што се Д.Х. Лоренс, за кого ќе рече дека „отфрлајќи ја доктрината дека животот нема никаква вредност освен како суровина за уметност, направил уште една грешка, ја идентификувал уметноста со животот, создавањето со дејството", или, пак, Роберт Фрост, за чиј стил ќе рече дека е нешто што би можело да се нарече „добра досада". За Пер Гинт во истоимената драма на Ибзен, Одн ќе рече дека во ликот на Гинт се преломуваат „мечтателот и лудакот" и дека ниту едниот, ниту другиот во него не се преправаат.

## Милер **ДРАМИ** 375



Автор: **Артур Милер**

Издавачи: К.С.Џ., Скопје
ISBN: 978-608-4721-19-2

СИТЕ МОИ СИНОВИ, СМРТТА НА ТРГОВСКИОТ ПАТНИК, ПОГЛЕД ОД МОСТОТ
Ако во американското драмско творештво по Втората светска војна постои автор кој е целосно посветен на критичко обмислување и анализирање на потрагата по т.н. „американски сон" длабоко вкоренет во американскиот материјализам, потрага што се манифестира како еден вид американски „свет грал", тоа е, секако, драмскиот писател Артур Милер.

## ДОБРИОТ ТЕРОРИСТ 378



Автор: **Дорис Лесинг**

Издавачи: К.С.Џ., Скопје
ISBN: 978-608-4694-84-7

*Добриот терорист*, објавен во 1985 година, е навраќање на старата тема на Лесинг за политичкото ангажирање и за активизмот во многубројни општествени каузи и движења за општото добро, кои неминовно го содржат конфликтот на индивидуалната совест со колективното добро. Идејата да го напише романот се родила по бомбардирањето на луксузната стоковна куќа „Херодс" во Лондон во декември 1983 година, еден од многуте терористички напади во раните осумдесетти, во текот на владеењето на Маргарет Тачер. Интересно е што Дорис Лесинг не смета дека напишала роман со политичка заднина или порака, туку роман кој отсликува еден општествен слој ...

## ГОЛИ И МРТВИ 381



Автор: **Норман Мејлер**

Издавачи: К.С.Џ., Скопје
ISBN: 978-608-4694-78-6

Романот е поделен на четири делови: Бран, Глина , Мувла, Растение и Фантом и Јаве. Во рамките на овие делови има хорски секции кои личат на драмски дијалог, како и делови наречени Временска машина, кои даваат кратки истории и сеќавања од животот на ликовите. Приказната се одвива на Анпопеи, остров во јужниот Пацифик. Американските сили се соочуваат со кампања да ги истераат Јапонците, за Американците да стигнат до Филипините. Самиот роман се фокусира на искуствата од еден вод, набљудувани од страна на потполковник Хеарн и генералот Камингс. Иако Мејлер не пишува за значењето или за детали од кампањата, се подразбира дека овој вод, како и сите водови во Армијата, ...

## Олби **ДРАМИ** 382



*Кој се плаши од Вирџинија Вулф?* Го проучува распаѓањето на бракот на средовечен пар, Марта и Џорџ. Доцна една вечер, по забавата на универзитетот, им доага на гости фриволна млада двојка, Ник и Хани, која предизвикува жестоко да излезе на виделина нивната фрустрирана врска.

*Приказни од зоолошката градина* ги истражува темите на изолација, осаменост, недоразбирање како анатематизација, социјалните разлики и дехуманизацијата во комерцијалниот свет.

Автор: **Едвард Олби**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-63-5

## **ПЕНЕЛОПЕЈА** 391



Во прекрасен современ пресврт на античката приказна, Маргарет Атвуд избра да раскажува за Пенелопа и дванаесетте обесени слугинки, а во приказната прашува: „Што доведе до бесењето на слугинките, и која е вистинската намера на Пенелопа?" Ова прераскажување на Атвуд преминува во мудра и милозлива но истовремено прогонувачка приказна, забавна и вознемирувачка. Со духовитост и енергичност, повикувајќи се на приказната и познатиот поетски талент на Атвуд, таа и дава на Пенелопа нов живот и реалност – како и одговор на древната мистерија.

Автор: **Маргарет Атвуд**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-65-6

## Ефрон • Пастернак **ПРЕПИСКА** 395



Книгава што е пред нас, под едноставен наслов *Преписка*, има два автора (коавтори): прочуениот руски романсиер, поет и преведувач Борис Леонидович Пастернак (Москва, 1890 – Переделкино, Москва, 30 мај 1960) и помалку познатата Аријадна Сергеевна Ефрон (Москва, 18 септември 1912 – Таруса, 1975), ќерка на славната руска поетеса Марина Ивановна Цветаева и на Сергеј Јаковлевич Ефрон, нагалено нарекувана Аља. Се работи за преписка што го опфаќа периодот 1948-1957 година и која претставува една од најцеловитите збирки на писма упатени меѓу Пастернак и Ефрон. Писмата се делумно земени од архивот на Пастернак, делумно од фондот на Марина Цветаева, ...

Автор: **Аријадна Ефрон • Борис Пастернак**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-54-0

## Бродски **ЕСЕИ** 402



Како што укажува во насловниот есеј „Помалку од еден", неговиот егзил започнува уште од раните училишни денови кога се чувствувал прогонуван од идеализираните портрети и споменици на Ленин што го набљудувале не само од ѕидовите и дворот на училиштето туку и од сите други општествени институции и јавни паркови. Генезата на неговиот егзил, всушност, провејува и низ голем број други есеи, особено во „За тиранијата" и „Бегство од Византија" иако во нив следиме, пред сè, задлабочени размисли за политиката, историјата, етиката, цивилизациската меморија и за нивната рефлексија врз модерното живеење. Во таа смисла, би можело да се каже дека неговите есеи се ...

Автор: **Јосиф Бродски**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-35-2

## **ХЕРОИ И ГРОБОВИ** 413



Деветнаесетгодишниот Мартин Кастиљо е момче од Буенос Аирес кое се обидува да го најде својот пат во животот. Тој ја сретнува и се вљубува во Алехандра Видал Олмос, која со својот татко Фернандо ја претставува „старата", колонијална и автохтона Аргентина, која мутира во условите на чудниот и вознемирувачки „нов" свет. Романот дава примамлив портрет на градот Буенос Аирес и на неговите жители.

Автор: **Ернесто Сабато**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-38-0

## Милош • Ружљевич • Шимборска • Херберт **ПОЕЗИЈА** 428



Четворицата поети, чии песни ги содржи овој избор, го сочинуваат највисокиот врв на поновата полска поезија. Нивните книги уживаат голем углед кај книжевната критика и претставуваат трајна лектира за пребирливите и култивирани полски читатели, а бидејќи се веќе преведни на голем број јазици во светот, стануваат неразделен дел и од културната ризница на човештвото.

Автор: **Чеслав Милош • Тадеуш Ружевич • Вислава Шимборска • Збигњев Херберт**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-00-0

## ДНЕВНИК – том I
425



Автор: **Витолд Гомбрович**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-39-7

Целокупното книжевно дело на Гомбрович е настојување да се определи и да се дефинира односот спрема светот и спрема литературата. Ова клучно прашање, варирано на посебен начин во секое негово дело, останува трајна преокупација на овој писател. Во тие рамки се посочуваат и се разгледуваат два главни проблема: незрелоста и формата. За ова најнепосредно се изјаснува самиот автор, кога во предговорот на романот Фердидурке, при објавувањето на шпански јазик, пишува:„Луѓето се принудени да ја прикриваат својата незрелост зашто за јавноста е прифатлива само нашата зрелост. Фердидурке го поставува прашањето: „Не гледате ли дека вашата надворешна зрелост е само една фикција, ...

## ДНЕВНИК – том II
426



Автор: **Витолд Гомбрович**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-56-4

Целокупното книжевно дело на Гомбрович е настојување да се определи и да се дефинира односот спрема светот и спрема литературата. Ова клучно прашање, варирано на посебен начин во секое негово дело, останува трајна преокупација на овој писател. Во тие рамки се посочуваат и се разгледуваат два главни проблема: незрелоста и формата. За ова најнепосредно се изјаснува самиот автор, кога во предговорот на романот Фердидурке, при објавувањето на шпански јазик, пишува:„Луѓето се принудени да ја прикриваат својата незрелост зашто за јавноста е прифатлива само нашата зрелост. Фердидурке го поставува прашањето: „Не гледате ли дека вашата надворешна зрелост е само една фикција, ...

## ДНЕВНИК – том III
427



Автор: **Витолд Гомбрович**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-94-6

Целокупното книжевно дело на Гомбрович е настојување да се определи и да се дефинира односот спрема светот и спрема литературата. Ова клучно прашање, варирано на посебен начин во секое негово дело, останува трајна преокупација на овој писател. Во тие рамки се посочуваат и се разгледуваат два главни проблема: незрелоста и формата. За ова најнепосредно се изјаснува самиот автор, кога во предговорот на романот Фердидурке, при објавувањето на шпански јазик, пишува:„Луѓето се принудени да ја прикриваат својата незрелост зашто за јавноста е прифатлива само нашата зрелост. Фердидурке го поставува прашањето: „Не гледате ли дека вашата надворешна зрелост е само една фикција, ...

## ЧУДНИОТ РИЦАР НА ТАЈНАТА КНИГА
433



Автор: **Антон Дончев**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-93-9

Во *Чудниот рицар на тајната книга* Дончев се навраќа во длабоките историски светови и своите ликови ги создава од драматичните искрења и судири меѓу идеи и народи. Поточно, во ова дело Дончев го враќа читателот во бурниот тринаесетти век, во тоа време на невидени жестокости и религиозни судири и исклучивости. Целата сторија се одвива околу настојувањето на католичката елита да оневозможи секаква размисла и промисла околу основните религиозни поставки и догми и свирепо да се пресмета со секоја искра за независна свест. Има голема симболика во идејата на авторот да создаде дело во кое ќе се дигнат моќници, институции, армии и цели народи со цел да запленат – книга.

## ЗЛАТНИОТ ПАВИЛЈОН
437



Автор: **Јукио Мишима**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-80-9

Романот *Златниот павилјон* зазема посебно место во богатото творештво на Мишима и на него, пред сè, се должи големата популарност на авторот во светот. Кога се појавило од печат, ова дело на неговиот автор му донесува една од најзначајните книжевни награди во земјата, а по извесно време доживува и успешна драматизација. Непосредниот поттик за пишување на овој роман Мишима го наоѓа во еден вистинит настан што се случил во 1950 година. Тогаш весниците објавиле шокантна вест дека еден млад човек, студент по зен-будизам, го запалил познатиот храм во Кјото, гордоста на Јапонија, историски споменик и непроценливо уметничко дело. Храмот бил ремек-дело на будистичката архитектура ...

## СВЕТ ВО РАСПАЃАЊЕ
440



Автор: **Чинуа Ачебе**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-20-5

Ова е прв роман на англиски јазик кој зборува повеќе за внатрешноста на африканскиот јунак отколку Африканецот да го опишува како егзотичен онаков како што би го видел белецот. Во него авторот ја раскажува сказната за Оконкво од Умфорија, добро познат во девет села па дури и понатаму. Неговата слава почива врз цврсти лични постигнувања. И така, со едноставна но строга и прецизна нарација, авторот ни открива еден чудесен свет, изграден врз строгите начела на африканскиот клан, каде што секој човек си има свое лично божество чи, како дел од општата теофонија.

## СЕЌАВАЊЕ СЕ НА ВАВИЛОН 442



Автор: **Дејвид Малуф**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-91-5

Со овој роман, Дејвид Малуф својствено ја активира темата за колонизацијата и доселувањата преку оригиналната творечка претстава за континуитетот на колективната и личната историја, надградена и дообјаснета со феномените на смислата за хибридниот идентитет. Интересно е што кај овој автор не се интензивира тензијата со која отсекогаш се придвижувала империјалната култура, но затоа, пак, творечки се сугерира да се активира процесот на постколонијалното преиспитување како постмодернистички пристап на современото гледање. Токму со ваквите творечки вредности постигнати во романот *Сеќавање на Вавилон*, Дејвид Малуф стекна широка светска писателска слава и многу признанија, ...

## ЧЕКАЈЌИ ГИ ВАРВАРИТЕ 443



Автор: **Џон Максвел Куци**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-62-5

Уметничката проза на Куци се одликува со редица особености што ја прават предизвиклива и возбудлива, препознатлива како дел од највисоките книжевни појави во светот денес. Неговата проза е нагласено интелектуална, алузивна, постмодернистички ориентирана, со многубројни и суптилни рефлексии од книжевно, филозофско, историско и општествено потекло. Овие одлики се најуспешно применети во најзначајниот роман на Куци, *Чекајќи ги варварите*. Уште со насловот ова дело повикува алузија на друг, поранешен книжевен споменик, на познатата песна на Константин Кавафи, и на тој начин влегува во сферата на зрачењето на светското книжевно наследство.

## ИСТОРИЈА НА МОИТЕ НЕСРЕЌИ 450



Автор: **Пјер Абелар**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-47-2

...Конфликтите со неговите учители, храброста да се спротивстави на авторитетите и подготвеноста да се соочи со последиците од овие свои постапки се маркерите и во нарацијата на писмото и во животната драма на „главниот јунак" на ова неповторливо дело на Пјер Абелар. Но, *Историја на моите несреќи* не е само приказна за маките и неволите на еден човек туку таа и фактички претставува и свесно е замислена како драма на филозофското суштествување. Нејзиниот јунак е страдателен праведник, но, пред сè, е филозоф. Да сакал да остане теолог и филозоф во границите на тогашните сфаќања, веројатно би бил величен и славен, а во црковната хиерархија би станал многу влијателен.

## МОРГАНТЕ 457



Автор: **Луиџи Пулчи**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-88-5

Целиот спев на Лиуџи Пулчи е исполнет со силна иронија насочена спрема тогашната опседнатост со светот на витезите, со чудата и со религиозниот занес, особено меѓу припадниците на богатите и владејачки слоеви. Оваа карактеристика на делото на Пулчи извршила влијание и врз Сервантес, така што во неговиот Дон Кихот тој ја исмева истата опсесија со витешките романи во Шпанија во негово време, а влијанието на овој истакнат ренесансен автор е забележливо и кај голем број други подоцнежни значајни писатели, припадници на различни народи и култури. Тоа особено е видливо во творештвото на Рабле, кој имал можност со спевот на Пулчи да се запознае уште во 1519 година, ...



## ВЉУБЕНИОТ ОРЛАНДО 458



Автор: **Матео Марија Бојардо**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-23-9

За најголемо дело на Бојардо се смета *Вљубениот Орландо*, кое за првпат целосно е издадено во 1506 година. Според првичната замисла, делото требало да има сто пеења, но е прекинато во деветтото пеење од третиот дел поради навлегувањето на војската на Карло Осми во Италија. Иако во делото се пее за витешките љубови и борби, тие честопати се прикажани низ една иронична призма бидејќи неговото време носело нови творечки предизвици. Соочен токму со таквите предизвици, Бојардо прави своевидно отстапување од старата конвенционална витешко-љубовна тема, вметнувајќи елементи на сказни и легенди во дејството. Повремената бајковитост и дава на поемата посебна лирско-поетска димензија ...

## МАНОН ЛЕСКО 468



Автор: **Опатот Прево**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-11-3

Компетентните познавачи на литературната уметност го сметаат *Манон Леско* за еден од најубавите романи во севкупната светска литература и тоа од повеќе причини. Пред се, тоа е една крајно возбудлива, топла, драматична, страсна, потресна љубовна приказна, и поради тоа примамлива и предизвикувачка за читање. *Манон Леско* спаѓа меѓу книгите во кои длабоко и уверливо се проникнува во темелните човечки чувства и во кои човековата природа е прикажана со сите свои доблести и мани, со сите противвредности што се присутни ... Прево пишува вистинска химна на љубовта и на страста, кои ги објаснува, ги брани, отворено се застапува за нив во едно време и во една средина што се потонати во дволичност ...

## ОТРАНСКИОТ ЗАМОК 469



Отранскиот замок не нуди сложена ниту разгранета приказна. Напротив, приказната е едноставна и се сосредоточува на фаталната судбина на автократскиот принц Манфред и на неговото семејство, чија судбина е предодредена за трагичен крај поради неговото незаконско доаѓање на престолот. Дејството се одвива во италијанскиот дванаесетти век и во замокот со куси епизоди лоцирани во негова близина.

Автор: **Хорас Волпол**

Издавачи: К.С.Џ., Скопје
ISBN: 978-608-4694-22-9

## ЕМИЛИЈА ГАЛОТИ 471



Јасно е дека со драмата *Емилија Галоти* Лесинг има цел не да ги критикува човечката природа и човечкото морално несовршенство туку системот во кој феудалните господари имаат практично неограничена моќ. Треба да се урне системот на деспотизмот, не да се сменат луѓето, тоа е клучната порака на оваа суптилна возбудлива, социјална, колку и психолошка , граѓанска колку и универзална човечка драма. Идејата е јасно експонирана во тезата дека аристократите имаат премногу општествена моќ, а премногу моќ има секој што, како аристократите, може да ја доведе во прашање или да ја уништи среќата на другите луѓе.

Автор: **Готхолд Ефраим Лесинг**

Издавачи: К.С.Џ., Скопје
ISBN: 978-608-4694-26-7

## ПОЛ И ВИРЏИНИЈА 472



Романот говори за две несреќни напуштени жени, кои, гонети од неправдата на општеството, се нашле во дивата, а сепак благонаклонета природа, за да започнат нов живот. Госпоѓа Де ла Тур и Маргарита, две жени со различни судбини и потекло, мајки на Пол и Вирџинија, се зарекуваат дека секоја од нив ќе има две деца, а секое две мајки. Двете нивни деца, едното (Пол) напуштено од својот груб татко, а другото (Вирџинија) родено како сираче, ќе растат под чистата етерична обвивка на љубовта и на душевната непорочност како две идеални суштества кои, во совршена хармонија, се развиваат според примерите на природата.

Автор: **Бернанден де Сен Пјер**

Издавачи: К.С.Џ., Скопје
ISBN: 978-608-4694-07-6

## АТАЛА • РЕНЕ 475



Романот *Атала* раскажува за една религиозна и романтична страст која за рамка ги има егзотичните пејзажи на Америка, од Луизијана до Канада. Релацијата на љубовта меѓу двајца дивјаци во пустината (Атала и Шактас) не само што ја афирмира теоријата на авторот за убавината на христијанството и на поезијата на религијата туку ја открива и љубовта на Шатобријан кон природата, која евоцира чувства толку ценети од романтичарите. Оваа книга е компонирана од делови што можеме да ги наречеме големи поеми во лирска проза, кои го поврзуваат расказот што ја носи основната оркестрација. Помеѓу прологот и епилогот се дадени насловите на големите делови: Ловци, Земјоделци, Драма, Погреб.

Автор: **Рене Франсоа де Шатобријан**

Издавачи: К.С.Џ., Скопје
ISBN: 978-608-4721-06-2



## ДРАКУЛА 482



Романот *Дракула* е Стокеровиот убедливо најпознат роман и е веројатно еден од најпознатите хорор-романи воопшто. Бил препечатуван многупати, бил повеќе пати успешно адаптиран за филмското платно, а веќе стотина години продолжува да се продава во огромни тиражи. Во *Дракула* изобилуваат алузии и преданија кои му ја надополнуваат и онака богатата романескна повеќеслојност. Не изостанува ниту цитатноста како книжевна техника бидејќи во вампирската приказна Стокер успева да вметне парафрази и цитати од драмите на Шекспир, од поетот Лорд Бајрон, како и алузии за настани од Светото писмо без кои ритуалите, мотивите и симболите во романот би останале несфатени.

Автор: **Брам Стокер**

Издавачи: К.С.Џ., Скопје
ISBN: 978-608-4694-89-2

## КОКОРО 486



Психолошкиот реализам на Сосеки е своевидна слика на времето од ерата Меиџи што се пренесува со панегирична медитација. но во романот е присутна и промената на јапонскиот однос кон честа, љубовта, почитта или кон должноста, каде што кулминираат себеомразата и вината. Истовремено, се предупредува за алчноста и за последиците од неа, што ја наметнува нејзината потреба како егзистенција на јапонскиот човек во новата развојна епоха.

Автор: **Нацуме Сосеки**

Издавачи: К.С.Џ., Скопје
ISBN: 978-608-4694-12-0

## МОЈОТ ЖИВОТ 492



Автор: **Марк Шагал**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-95-3

Волшебникот на сликарството кој остварува ненадминати дела и во доменот на графиката, мозаикот, витражот, таписеријата, сценографијата, илустрацијата и дизајнот, авторот кој постојано, како свое лично бело распетие, го носи своето еврејство и во себеси и во својата уметност, францускиот и светски уметник Марк Шагал (1887-1985), прифатен е и величан и од учените познавачи, но и од публиката, како еден од најзначајните творци во уметноста на XX век. На неговите, пак, цртежи и платна постојано од сеќавањата изнурнуваат Русија и родниот град Витебск како реални, но и необични митско-религиозни места кои како да се создадени за неповторливи книжевни и сликарски аџилаци.

## РАКОВИОТ НАПОРЕДНИК 498



Автор: **Хенри Милер**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-15-4

Романот *Раковиот напоредник* се одвива во триесеттите години на XX век во Франција. Притоа, би требало да се нагласи дека во овој роман дејството е во заден план поради тоа што тежиштето на нарацијата е концентрирано на восприемањето и доживувањето на ликовите, појавите и настаните од страна на главниот лик/нараторот. Заклучно, романот на Хенри Милер е оригинално книжевно остварување проследено со извесни контроверзии, а, несомнено, претставува резултат на субверзивниот однос на авторот кон конвенционалните вредности и креативната слобода.

## ВОЕНИ МЕМОАРИ – том I 496



Автор: **Шарл де Гол**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-21-5

*Воени мемоари* на Шарл де Гол може да се третираат како своевидна прозна трилогија на три посебни книги, со посебни наслови: Повик, Единство и Спас. Покрај насловот *Воени мемоари*, тие се среќаваат преведувани во другите книжевни средини и како Воени сеќавања или како Сеќавањата на војната. Со оглед на тоа што ова мемоарско-белетризирано дело ги одразува доживувањата за воените и за политичките активности на авторот преточени од лична перспектива на толкување и произнесени преку реторичка форма на сеќавања или спомени, често се случува стручните проследувачи потесно да го класифицираат во жанрот „Спомени". Во тие случаи, секогаш се има предвид само воената, политичката или ...

## ВОЕНИ МЕМОАРИ – том II 497



Автор: **Шарл де Гол**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-25-3

*Воени мемоари* на Шарл де Гол може да се третираат како своевидна прозна трилогија на три посебни книги, со посебни наслови: Повик, Единство и Спас. Покрај насловот *Воени мемоари*, тие се среќаваат преведувани во другите книжевни средини и како Воени сеќавања или како Сеќавањата на војната. Со оглед на тоа што ова мемоарско-белетризирано дело ги одразува доживувањата за воените и за политичките активности на авторот преточени од лична перспектива на толкување и произнесени преку реторичка форма на сеќавања или спомени, често се случува стручните проследувачи потесно да го класифицираат во жанрот „Спомени". Во тие случаи, секогаш се има предвид само воената, политичката или ...

## ГОСТУВАЊЕ ВО БОЛЦАНО 500



Автор: **Шандор Мараи**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-41-0

Во романот *Гостување во Болцано*, што е инспириран од ликот на Џакомо Казанова, злогласен авантурист и женкар од XVIII век, средбата меѓу Џакомо и убавата грофица Франциска, се случува во една гостилница во италијанското гратче Болцано, каде што Џакомо се крие откако успеал да избега од еден венецијански затвор со „оловна ќелија", во кој одлежал неколку години поради „љубовни скандали и злосторства". Случајно во тоа време во Болцано живее Франциска со својот маж, стариот гроф од Парма, кој пред пет години, на двобој, тешко го ранил Џакомо, зашто се обидел да му ја заведе младата сопруга. Пет години во мислите на Франциска не престанал да тлее волшебниот спомен ...

## ФРАНЦУСКА СУИТА 502



Автор: **Ирена Немировски**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-07-9

Во романот се прикажува животот во Франција во периодот по јуни 1940 кога германската армија брзо ја пораззи француската одбрана; Првиот роман, Tempête en Juin („Бура во јуни") го отсликува бегството на граѓаните од Париз во часовите пред да пристигнат германските сили. Вториот, Долче („Слатка"), го покажува живот во една мала француска земја во градот, Буси (во предградијата источно од Париз), во првите, чудно мирни, месеци од германската окупација. Овие први два романа можат да постојат независно еден од друг. Врските меѓу нив се доста слаби. Како што Немировски забележува во своите белешки, тоа е историја, а не ликовите, кои ги обединуваат.

## БРЕГОТ НА СИРТИТЕ 508



Автор: **Жилиен Грак**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје

ISBN: 978-608-4694-06-9

Основната тема на *Брегот на сиртите* е, всушност, една тема многу присутна во европскиот симболизам (францускиот, но уште повеќе рускиот) доаѓањето на варварите. Во еден космос кој веќе премногу долго време е изложен на процесот на деградација на вредностите, варварите се упаѓање на хаосот-ветување дека, по разурнувањето што го носат тие, ќе се отворат простори за еден нов почеток. Во делото младиот Алдо/нараторот во еден миг ја презема командата над воениот брод со кој оди на извидување:носен од ненадеен импулс тој го прави фаталниот гест и со тоа вековната рамнотежа е нарушена, што ја најавува трагичната судбина на Орсена.

## АМЕРИКАНСКА ПАСТОРАЛА 509



Автор: **Филип Рот**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје

ISBN: 978-608-4721-18-5

*Американска пасторала* е роман кој условно може да се дефинира како семеен роман и кој во најголем дел го следи периодот од животот од првиот брак на американизираниот Евреин, Симор „Швед" Левов, маж на Дон Дваер и татко на Мередит Левов. Акцентирањето на „условно" во случајов е неопходно поради интересниот факт (кој многу ретко или речиси и да се предвидува во критичките осврти кон ова дело) дека, всушност, нараторот сам го конструира конкретниот исечок од животот на семејството Левови, во очајнички обид да ја задоволи сопствената љубопитност за интимните моменти на Шведот. Всушност, станува збор за фикција во фикција, кога нараторот, кој на почетокот се јавува како глас ...

## ПЕКОЛЕН ПОРТОКАЛ 515



Автор: **Антони Бурџис**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје

ISBN: 978-608-4694-99-1

Романот го опишува фрустрирачкото општество во почетокот на 60-тите години од XX век кога групи млади ултранасилни хулигани под дејство на наркотици вршеле терор врз невини и немоќни граѓани. Четворица млади луѓе од една таква група (банда) предводена од раскажувачот на дејството во романот – „друзја" (droogs) Алекс, дење оделе на училиште, но ноќе му се препуштале на насилството доживувајќи го како своевидна младешка авантура (хорор-шоу). Пред да се впуштат во хулиганското дивеење, се собирале во млечниот бар „Корова" каде што пиеле млечен коктел со дрога, па така влезени во расположение на хорор-шоу, по улиците задевале или претепувале стари и недолжни луѓе, ...

## ЈАС, ВРХОВНИОТ 516



Автор: **Аугусто Роа Бастос**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје

ISBN: 978-608-4721-41-3

Романот *Јас, Врховниот* претставува уметнички приказ на размислувањата, ставовите и постапките на врховниот и доживотен диктатор, на неговите сфаќања и восприемањето на луѓето, настаните и релациите меѓу актуелната стварност и вечните категории. Идеите за интервенирање во историскиот след и реализација на сопствените принципи во поширoки општествени рамки се основните двигатели за главниот лик. Во еден од своите бележници, тој се определува себеси како креатор на историјата што има моќ да ја менува според своите замисли: „Јас не ја пишувам историјата. Јас ја создавам. Можам да ја преправам по сопствена волја, приспособувајќи ја, зајакнувајќи ја и збогатувајќи ја нејзината смисла ...

## МОРЕТО, МОРЕТО 517



Автор: **Ајрис Мурдок**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје

ISBN: 978-608-4694-46-5

*Морето, морето* (1978 г.) е деветнаесеттиот роман на Ајрис Мурдок со кој дури во четвртиот обид успеа да ја добие наградата „Букер". Тоа што дотогаш трипати по ред нејзини дела беа во тесен избор за ова престижно признание е само потврда на податокот дека Мурдок е една од „најупорните" авторки во британската литература за која владее поделено мислење. За едни таа се вбројува меѓу најголемите на својата генерација. За други е само „упорна" писателка со зачестена продукција на безмалку секоја година „нанижани" романи. Сепак, наградениот роман со морето како симбол на животот, најмногу благодарејќи на врвното мајсторство и на самосвојната раскажувачка постапка, ...

## МАРСОВСКИ ХРОНИКИ 520



Автор: **Реј Бредбери**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје

ISBN: 978-608-4694-48-9

Според познавачите на книжевниот опус на Реј Бредбери, романот „Фаренхајт 451" (објавен во 1953 година) е неговото најзначајно дело, но сепак, повеќе од половина век токму *Марсовски хроники* континуирано предизвикува несмален интерес кај читателската публика и тоа во светски рамки. Уште по појавата на *Марсовски хроники* во 1950 година за Реј Бредбери било кажано дека пишува исто како што импресионистот Клод Моне умеел да слика. Исто така, највпечатлив е неговиот придонес за внесување на дотогаш непримент поетски материјал во градењето на архитектурата на прозниот исказ. Клифтон Фадиман подвлекува дека „овој многу талентиран млад писател е моралист ...

## НИШТО 522



Автор: **Кармен Лафорет**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-43-7

Станува збор за специфичните доживувања и за искуството на студентката Андреа, која се враќа во својата родна Барселона, во семејството на нејзината мајка, каде што треба да престојува за време на студирањето. Таа наидува на збунувачка, примитивна и сурова средина, на семејство во кое царуваат дволичност, завист, прељубништво, криминални активности, суети и секаков вид нечистотија. Бидејќи станува збор за годините непосредно по Граѓанската војна, се покажува дека свирепостите, злото, уривачките пориви и целосната безнадежност се вселуваат во семејствата и во луѓето. Нивните односи се карактеризираат со сомнежи, ривалства, судири и насилни сцени. ...

## ГОРСКИ ЦАР 526



Автор: **Мишел Турние**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-50-5

Романот *Горски цар* има сложена структура и од аспект на нараторот и неговата перспектива, но и од аспект на повеќеслојноста на значењата и полифонијата на вистини. Првиот дел од романот, Злокобните записи на Абел Тифож, претставува нарација во прво лице еднина водена од парискиот автомеханичар Абел Тифож, дифузно распрскана во минатото и сегашноста на ликот и неговите „пророчки" навестувања на идните секвенции од неговиот живот. Веќе во вториот, третиот и четвртиот дел, дејството во романот се обликува низ перспективата на несезнајниот наратор во трето лице еднина, за потоа, во петтиот и шестиот да се појават наизменично и двата наратора. ...

## ВО БЕЛАТА КУЌА – том I 523



Автор: **Хенри Кисинџер**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-30-7

Познатиот американски дипломат и политичар Хенри Кисинџер ја имал историската улога да ја предводи американската надворешна политика во времето на претседателите Никсон и Форд.Третирајќи ја Студената војна, време кога две спротивставени идеологии биле различно загледани во иднината на човечката цивилизација, делото *Во Белата куќа* претставува исповед на еден врвен интелектуалец за судбинските одлуки на најмоќната администрација на планетава и сведоштво за клучните одлуки, падови и подеми на човечката волја за одржување на високите вредности на слободата, и извештај со крајно суптилни нијанси за преговарачката вештина на одржувањето на светскиот мир. ...

## ВО БЕЛАТА КУЌА – том II 524



Автор: **Хенри Кисинџер**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-39-0(

Познатиот американски дипломат и политичар Хенри Кисинџер ја имал историската улога да ја предводи американската надворешна политика во времето на претседателите Никсон и Форд.Третирајќи ја Студената војна, време кога две спротивставени идеологии биле различно загледани во иднината на човечката цивилизација, делото *Во Белата куќа* претставува исповед на еден врвен интелектуалец за судбинските одлуки на најмоќната администрација на планетава и сведоштво за клучните одлуки, падови и подеми на човечката волја за одржување на високите вредности на слободата, и извештај со крајно суптилни нијанси за преговарачката вештина на одржувањето на светскиот мир. ...

## ДАЛИ АНДРОИДИТЕ СОНУВААТ ЕЛЕКТРИЧНИ ОВЦИ 531



Автор: **Филип К. Дик**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-40-3

Несреќно избраниот наслов *Дали андроидите сонуваат електрични овци?* многу лесно може да поттикне лажна претстава дека се работи за пародија на научната фантастика или за нетипична форма на овој жанр, иако романот, судејќи по неговите особености, целосно се подведува под одредницата научнофантастично книжевно дело. Дејството на романот се случува во Сан Франциско, во релативно далечна иднина од аспектот на времето во кое е напишан (1968 година), а сосема близу до нашата современост. Одвивајќи се во еден есхатолошки хронотоп, по големата светска војна, чии причини нараторот во ниеден миг не ги расветлува, настаните се редат со една голема динамика, ...

## ОГНОМЕТ ОД СУЕТИ 534



Автор: **Том Волф**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-57-4

Новинарот Питер Фелоу, слаб на алкохол, слава и пари, пишува за таблоидот „Сити лајт". Во обид да ја врати својата популарност, тој ја лансира приказната за нехуманиот и криминален гест на тајкунот од Волстрит, Шерман Мекој. Интересот за профит, неприкосновениот закон на медиумската издавачка политика ги исфрла од игра моралните обзири, правдата и хуманоста. Без проверка на фактите, со серија написи во стилот на „жолт печат", Фелоу создава атмосфера на линч. Се создава, всушност, еден мегаскандал, една жестока урбана афера, сета под признак на расните и политичките конфликти. Аферата, имено, се случува за време на изборите за градоначалник на Њујорк, па поттикнува масовни протести, ...

## ПАТОТ 536



Автор: **Кормак Макарти**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-65-9

Романот, како структура, се движи праволиниски во препознатлива и очекувана насока. Главните ликови и сите протагонисти бегаат, како последните луѓе на земјата, од централниот дел на Соединетите Американски Држави кон југоисточниот дел на државата и океанот за да најдат спас. На тој пат, на таа замислена Виа Долороса, се случува сè, а целото дејство, сите дијалози и романескната структура може да се разберат како успешна авторска креација и сурово документирање на сите социопатолошки девијации кои произлегуваат од новото постапокалиптично толкување на „вредностите“ и човековата „борба за опстанок“. Во *Патот* има и мали контрапунктови, спасителни пасажи, ретроспективни настани, ...

## ЧОВЕКОТ ШТО ПАЃА 538



Автор: **Дон де Лило**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-55-0

Иницијалната точка во романот *Човекот што паѓа* е настан актуелен во најновата американска историја: терористичкиот напад врз Светскиот трговски центар во Њујорк на 9 септември 2001 година, во САД популарно познат како 9/11. Имајќи го предвид фактот дека во книжевниот опус на Де Лило темите поврзани со тероризмот и со тајните заговори се нашироко присутни, неговиот книжевен третман на овој важен историски настан во американската историја, не ја изненади читателската публика. Напротив, кај критичарите и кај читателите преовладуваше уверувањето дека Де Лило е еден од ретките американски писатели кој на најдобар начин може да се справи со големиот настан ...

## СЛУЧАЈОТ КУКОЦКИ 543



Автор: **Људмила Улицкаја**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-24-6

Иако романот *Случајот Кукоцки* има разгранета приказна, сепак, тоа е роман на ликови, одлично разработени и мотивирано продлабочени. Главната оска е Павел Алексеевич (токму затоа преводот на насловот на романот во некои јазици е Случајот на докторот Кукоцки), чија изразена индивидуалност и генијалност не се вклопуваат во шемите на колективниот комунистички делириум, а неговиот емпатичен дух е во постојана внатрешна конфронтација со поставените општествени догми. Необичниот доктор, за чиј лик не би било погрешно да се каже дека има андрогина концепција, целиот живот го посветува на борбата за слобода на избор на абортусот и здравствената заштита на родилките. ...

## УЛИЦА НА ТЕМНИ ПРОДАВНИЦИ 544



Автор: **Патрик Модијано**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-27-4

Во романот авторот е прогонуван од минатото, од контроверзите на втората светска војна и од нацистичката окупација.Овојпат како човек со амнезија во улога на наратор(раскажувач) и главен лик го истражува својот изгубен идентитет во минатото - по доживеаната несреќа некаде кон крајот на 1940 година. Но карактеристично е тоа што потрагата да се врати назад исчезнатото сеќавање веќе во 1965 година творечки се одвива во комплицирани лавиринти, по чии коридори се пренесуваат најразлични настани, лица и прераскажани епизоди од животи и судбини, кои одамна останале неразјаснето минато.

## НИКОГАШ НЕ ОСТАВАЈ МЕ 549



Автор: **Казуо Ишигуро**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-13-7

Ишигуро на светот му приопшти една мошне трогателна, но и морничава приказна со дистописки призвук за судбината на протагонистите Кети, Рут и Томи од англиското интернатско училиште „Хејлшам“ кон крајот на XX век. Романот *Никогаш не оставај ме* има карактеристики на научна фантастика и футуристички тон; меѓутоа, неговото дејство се случува во 1980-тите и 1990-тите, во еден многу сличен, а сепак различен свет од нашиот. Ишигуро има усовршено раскажувачки глас способен да ја предаде приказната на најтрогателен начин; ограниченоста на искуството на Кети непогрешливо се одразува во нејзиниот глас и го зголемува патосот на нејзиното битисување. Резултатот е еден моќен и тажен расказ.

## СИЛВИЈА • АУРЕЛИЈА 196



Автор: **Жерар де Нервал**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4694-21-2

Меѓу прозните дела на Нервал, две се исклучителни: *Силвија* и *Аурелија*. Станува збор за новели во чие дејство овој писател внесува многу автобиографски елементи, но втопувајќи ги притоа цврстите граници на проверливите факти во маглата на состојбите меѓу јавето и сонот, на фантазмите и халуцинациите. Во двете прози доминира споменот на една жена која нараторот некогаш ја сакал-Аурелија.

## Пушкин **ПОЕЗИЈА • ЕВГЕНИЈ ОНЕГИН** 156



Кога станува збор за Пушкин на прво место се става неговата поезија, која има своја брза еволутивна патека од нејзиниот младешки ентузијастички занес до нејзината зрелост и полнотија уште во младите години на поетот.

*Евгениј Онегин*, пишуван во текот на осум години, е посебна круна на Пушкиновото творештво и ремек-дело на руската литература. Во него ќе дојде до израз Пушкиновата калеидоскопска имагинација, способноста да се соберат, подредат и одразат во едно огледало множеството слики на една огромна, архитектонски цврсто компонирана мозаичка целина ...

Автор: **Александар Сергеевич Пушкин**

Издавачи: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-326-0

## СКАРЛЕТНОТО СЛОВО 251



Романот на Натанаел Хоторн се смета за ремек-дело на американската литература и класична морална студија. Дејството се случува во пуританската Нова Англија. Главниот лик е Хестер Прин, млада жена која има родено вонбрачно дете. Таа е принудена на својот фустан да ја носи скарлетната буква А како казна за прељубата што ја извршила.

Автор: **Натанаел Хоторн**

Издавачи: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-100-6

## ПОРТРЕТ НА УМЕТНИКОТ ВО МЛАДОСТА 273



Првиот роман во опусот на Џејмс Џојс *Портрет на уметникот во младоста* е печатен во продолженија во списанието „Егоист" во текот на 1914 и 1915. Во овој период Џојс се запознава со поетот Езра Паунд, познат како голем подвижник и иноватор во англиската и европската литература. Со негова помош го печати романот прво во Њујорк во 1916, а потоа во Лондон во 1917 година.Веројатно најважен наратолошки аспект на романот е иновативната употреба на техниката позната како „тек на свеста".Темата на урбаниот живот во градот, отвореното зборување за сексуалноста, миметичката употреба на јазикот кој го следи расположението на главниот лик, поврзаноста со митот, ...

Автор: **Џемс Џојс**

Издавачи: К.С.Џ., Скопје
ISBN: 978-608-4694-51-9

## ПОЕЗИЈАТА НА СТАРА ЈАПОНИЈА 21



Книгата претставува антологиски преглед на поезијата создавана во Јапонија во текот на десетици векови. Таа ги опфаќа најзначајните поетски имиња кои создавале во сите поетски жанрови карактеристични за јапонската поезија.

Автор: **Аноним**

Издавачи: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-377-2

## ИЗБРАНИ ДЕЛА 36



Јасна е интенцијата на збирот содржини - *Платонови дијалози* (Ион, Фајдрос, Симпосион, X Книга од Политеја, Кратил): изданието е насочено кон Платоновата теорија на поетиката. Во таа насока, своевиден вовед во Платоновата поетологија е дијалогот Ион, дијалог во кој е вградена тезата – „творештвото (poiesis) не е ни знаење, ни умеење, ниту вештина и уметност, туку ентусиазам, божјо присуство, божја дарба, божји глас...".

Автор: **Платон**

Издавачи: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-381-9

## КНИГА НА ПЕСНИТЕ 134



Хајнрих Хајне (1797–1856), според многумина, е најголемиот германски поет по Гете, негов најзначаен наследник и продолжувач на Гетеовата линија на хуманистички активизам. Тој живее и твори на преминот не само на два века и два света (феудализам и капитализам), туку и на две епохи: романтизам и реализам. Тој денес се смета за „супермодерен поет", кој во себе ја имал културата на Германија, но во својата глава ги „ферментирал сите идеи за модерна Европа" бидејќи верувал дека суштината на идните епохи лежи во ширење на свеста за слободата, која ќе доведе до нови можности за изразување на човековиот дух во доменот на уметноста...

Автор: **Хајнрих Хајне**

Издавачи: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-368-0

## РАСКАЗИ И ПОВЕСТИ 159



Автор: **Николај Василевич Гогољ**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-409-0

Николај Василевич Гогољ (1809–1852) е еден од најталентираните и најавтентични писатели во целокупната светска литература. Гогољ е писател на преминот од романтизам во реализам; тој ја отвора златната доба на руската проза, што е во знакот на триумфот на реализмот. Неговото дело претставува хроника, документ на едно време и на една конкретна историска епоха, но иако тоа дело е проникнато со типично руска атмосфера, Гогољ успеал да создаде нешто општочовечко, универзално и вонвременско. Неговата најголема заслуга можеби лежи во проширувањето на границите на човековото знаење и фантазијата.

## ДРАМИ 188



Автор: **Хенрик Ибзен**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-421-2

Книгата содржи четири од најзначајните драми на еден од најголемите норвешки драмски писатели: *Столбови на општеството* (1877), *Нора* (1879), *Народен непријател* (1882) и *Хеда Габлер* (1890). Водењето на дијалозите, вметнувањето на помали сцени во поголеми, просторната драматуршка концентрација (ентериерна, во една или две простории), но особено егзистенцијалистички разработените прашања за суштинската смисла на животот и за етичкиот избор со кој е соочен поединецот, го прават Ибзен специфичен и голем автор.

## ЕСЕИ (ИЗБОР) 199



Автор: **Шарл Бодлер**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-407-6

Шарл Бодлер (1821 - 1867) е еден од авторите на кои и „универзумот ни завидува" – да ги употребиме Бодлеровите зборови изречени пред околу век и половина, по повод Шатобријан, Балзак и Иго, тројцата великани и „учители", како што ги нарекува тој, не само на француската туку и на светската книжевност, воопшто. „Чудесен метеор" кој како поларна зора „со самовилска светлина ја посинува замрзнатата пустина" и останува да зрачи сѐ до денес. Пренесувајќи го уметничкото наследство од една во друга област и менувајќи го во духот на модерниот сензибилитет, Бодлер се појавува како една од големите раскрсници во француската и во европската уметност. Во тој контекст треба да се набљудува и значењето на ...

## ДНЕВНИК 207



Автор: **Андре Жид**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-411-3

Андре Жид е најзначаен претставник на помладата генерација од последните децении на XIX век кој бил преокупиран со пишувањето на дневниците. Во неговите дела: Тетратките на Андре Валтер, Пасторална симфонија, Ковачи на лажни пари, Ако зрното не умре и др. се чувствува експериментирањето со различни форми: роман, есеј и автобиографија, но и со литературните искуства на пишувањето на дневниците. Дневниците од Жид се структура составена од куси, фрагментарни форми на искажување на еден целосно присутен глас на жив субјект кој ги претставува сопствените психолошки состојби и морално-филозовски дилеми во однос на многу аспекти на егзистенцијата и уметноста.

## ПОЕЗИЈА 219



Автор: **Луј Арагон**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-389-5

Роден кон крајот на XIX век (1897) во едно париско предградие, Луј Арагон ќе се оствари целосно како личност и творец на XX век, иако некои стилски и тематски карактеристики на неговата поезија, без разлика што се реализира во рамките на модерните текови на новото време, колку и да е тоа парадоксално, се врзани за претходното столетие и класичниот период на француската книжевност. Версификаторската вештина на Арагон, која понекогаш остава впечаток на магија, се огледува и во неговата леснотија да римува сѐ до што ќе се допре. Неговите рими се природни, спонтани, свежи и звучни, честопати тројни, или четворни, дрочни како гроздови на штедар лирски лозјарник.

## ЕФИ БРИСТ 221



Автор: **Теодор Фонтен**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-372-7

Ефи Брист (1895) е трогателна и меланхолична приказна за Ефи, полетна млада девојка која во името на љубовта и емотивната слобода, доаѓа во судир со моралните ограничувања на општеството во кое е принудена да живее. Станува збор за остар, ироничен роман за деструктивноста на конзервативните гледишта и строгите општествени норми кои ги задушуваат сексуалноста и животните задоволства. Од многумина оценет како врв на германскиот роман од XIX век, овој текст со својата специфична вредност се вбројува меѓу најзначајните дела чија тема е женската потрага по вистинска љубов – Госпоѓа Бовари и Ана Каренина. Роман кој на брилијантен начин ја докажува тезата ...

## РАСКАЗИ 236



Автор: **Роберт Музил**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-396-3

Расказите, како покуси епски наративни форми, според Музил, се разликуваат од романот, кој, пак, е соодветен да ја апсорбира целокупната интелектуална содржина на своето време. Наспроти тоа, новелата го прикажува човекот во некоја негова гранична животна состојба, во ситуација на „пресврт во начинот на гледање“, „во потресеност на личноста“, „покорување на судбината“. Роберт Музил е единствен писател на германски јазик и во однос на стилот на нарацијата. Во расказите *Три жени* и во збирката *Оставина за време на животот* стилскиот јазичен израз, пред сè, го сочинуваат метафорите и споредбите кои се стилските средства што Музил ги претпочита, како и префинетите ирониски контрапункти и поетските слики...

## ПОЕЗИЈА 266



Автор: **Вилијам Батлер Јејтс**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-385-7

Делото на Вилијам Батлер Јејтс е фасцинантно и огромно како според неговиот обем, така и според неговата уметничка вредност. Во него се вплетени повеќе од педесет години неуморна и континуирана работа на поезијата, есеистиката и книжевната мисла воопшто. Тој е поет кој со својот долг развоен пат ја одбележа и развојната линија на модернизмот како правец во поезијата на XX век. Вилијам Батлер Јејтс останува запаметен како еден од столбовите врз кои се потпира целокупната модернистичка традиција, поет чие огромно богатство складирано, како што вели, во неговата „нечиста продавница за отпад на срцето“, ќе изврши огромно влијание врз голем број поети од нашата современост.

## САГА ЗА ФОРСАЈТОВИ – том II 268



Автор: **Џон Голсворди**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-370-3

Сага за Форсајтови е најзначајното дело на Џон Голсворди (1867–1933), англиски прозаист и драматург, добитник на Нобеловата награда за книжевност во 1932 година. Оваа монументална трилогија, чие дејство е сместено во периодот меѓу 1886 и 1920 година, го прикажува животот на три генерации од семејството Форсајт, припадници на високата средна класа, нивната опсесија со пари и углед, како и нивните ограничени, снобовски и проблематични морални кодекси. Со **Сага за Форсајтови**, Голсворди се потврдува како остроумен набљудувач на општеството, одличен познавач на човечката психологија и врвен стилист. Неговата мајсторска проза, можно прецизна и духовита, ...

## АЛЕКСИС ЗОРБА 324



Автор: **Никос Казанѕакис**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-352-9

Според мнозина познавачи и толкувачи на литературното творештво на Никос Казанѕакис, Алексис Зорбас е неговото најзначајно дело, во кое тој најуверливо и највозбудливо ги изнесува своите погледи за општеството и за некои филозофски проблеми во животот на човекот денеска и во минатото. Тоа е едно многуопфатно дело, една „психограма на епохата“, како што вели Хр. Ѕавела, и безброј мажи од Балканскиот Полуостров во бујната и инспиративна личност на Зорбас ќе откријат и некои црти од себеси.

## ДНЕВНИКОТ НА ЛУДИОТ И ДРУГИ РАСКАЗИ 337



Автор: **Лу Син**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-364-2

Во историјата на кинеската литература од првата половина на XX век името на Лу Син (1881–1936) зазема стожерно место: нарекуван е „основоположник на реализмот во Кина“, „татко на модерната кинеска книжевност“, „зачетник на кинеската модернизам“, „поборник за користење на народниот јазик во кинеската литература“, „најострото полемичко перо на модерната кинеска книжевност“... Белетристичката проза на Лу Син нуди едни од најпластичните увиди во кинеската реалност од првата половина на XX век. Неговата проза редовно се вбројува и меѓу клучните остварувања на кинеската проза на модерното време, но и меѓу најголемите дострели на кинеската литература на сите времиња.

## МЕМОАРИТЕ НА ХАДРИЈАН 346



Автор: **Маргарит Јурсенар**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-387-1

Маргерит Јурсенар создала едно исклучително кохерентно дело во кое совршената проткаеност на теми, идеи, слики и опсесии сведочи за едно единствено време, за една единствена личност. Тогаш кога таа успеала со својот император да стигне „до последната голтка вода, до последната слабост, до последната слика“, на Хадријан не му преостанало ништо друго освен да умре, и тоа „со отворени очи“. А на Маргерит Јурсенар да ја заврши својата книга. И да го понесе во себе засекогаш животот на еден човек што ја научил како да живее. И како да се бори. До крајот на животот.

## ЧЕКАЈЌИ ГО ГОДО 348



Автор: **Семјуел Бекет**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-394-9

Праизведбата на драмата **Чекајќи го Годо** во Париз во 1953 година го означува раѓањето на нов правец во драмскиот жанр познат како театар на апсурдот. Крајот на играта е очигледна алузија на шаховската игра и ситуацијата во која веќе се знае победникот иако на таблата има уште неколку фигури. *Неименливото* (1953) е последниот дел од неговата позната прозна трилогија, прозен текст на кој му претходат *Молој* (1951) и *Малоун умира* ( 1951). Оваа трилогија, смета критиката, би можела да се дефинира „мошне едноставно и површно кажано, како приказ на губењето на себството. Таа започнува (во Молој) со влијанието на болката (и губењето на рацете и нозете) врз самодовербата; (во Малоун умира) таа продолжува со истражувањето...

## ИСТОЧНО ОД РАЈОТ 366



Автор: **Џон Штајнбек**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-366-6

**Источно од рајот** претставува ремек-дело со библиски размери, клучна книга на нобеловецот Џон Штајнбек, еден од најзначајните американски автори на XX век. Со исконска моќ и едноставност на мит, овој обемен и често суров роман ги следи преплетените судбини на две семејства – Траск и Салинас – чии припадници безнадежно го повторуваат падот на Адам и Ева, како и смртоносното ривалство на Каин и Авел. Во **Источно од рајот**, Штајнбек ги создава своите најхипнотизирачки ликови и ги истражува своите најинтригантни теми: мистеријата на идентитетот, необјасливоста на љубовта, убиствените последици на отсуството од љубов.

## ПРИСТАПНИ ОБРЕДИ 371



Автор: **Вилијам Голдинг**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-383-3

**Пристапни обреди** е репрезентативен роман на Голдинг, кој ја изразува комплексноста, разновидноста и сеопфатноста на неговата фикција. Со својата повеќезначност, сложена структура и спојување на митот и реалноста, Пристапни обреди на начин типичен за Голдинг ја истражува поврзаноста на поединецот со заедницата. Сместувајќи ги своите ликови на осамен брод среде океанот, авторот ги испитува исконските пориви на поединецот, смело навлегувајќи во неговите најнепристапни и најстрашни понори. Еден од најпосветените аналитичари на злото во светската книжевност со овој роман создава моќен алегоричен текст за постојаната борба на човекот како со оние што го опкружуваат, така и со себеси.

## ГОЛ РУЧЕК 374



Автор: **Вилијам Бароуз**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-419-9

Од првото објавување во Париз во 1959 година, **Гол ручек** стана еден од најзначајните романи на XX век, книга што ја редефинира не само литературата туку и целата американска култура. Се смета за еден од најшокантните романи напишани на англиски јазик. Дрогата, хомосексуалноста, сексот, талкањето, алиенацијата и смртта се постојани теми во делата на Бароуз, но тие маестрално се обработени токму во **Гол ручек**. Романот нуди моќно патување во најмрачните длабочини на човековата психа, вознемирувачка приказна за слегувањето во пеколниот свет на еден зависник од дрога додека патува од Њујорк во Тангер, а потоа во Интерзоната, кошмарна урбана пуста земја во која силите на доброто и на злото ...

## ПАРОВИ – том I 385



Автор: **Џон Апдајк**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-413-7

Џон Апдајк (1932–2009) е еден од класиците на американската литература на XX век. Ширум светот е препознатлив како особено возбудлив раскажувач кој ја отелотворил драмата на секојдневниот живот во американското општество.

**Парови**, несомнено, се вбројува меѓу романите на Апдајк што го определуваат како автор кој го доловува духот на Нова Англија, особеноста на културниот идентитет на просторот на овој североисточно истурен рог од територијата на САД кон Атлантскиот Океан, првиот што беше населен од дамнешните европски доселеници.

Романот ги прикажува релациите меѓу десет млади парови, кои од сексот создаваат еден вид култ. Кога се појавил, бил напаѓан поради отвореноста ...

## ПАРОВИ – том II 386



Автор: **Џон Апдајк**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-415-1

Џон Апдајк (1932–2009) е еден од класиците на американската литература на XX век. Ширум светот е препознатлив како особено возбудлив раскажувач кој ја отелотворил драмата на секојдневниот живот во американското општество.

**Парови**, несомнено, се вбројува меѓу романите на Апдајк што го определуваат како автор кој го доловува духот на Нова Англија, особеноста на културниот идентитет на просторот на овој североисточно истурен рог од територијата на САД кон Атлантскиот Океан, првиот што беше населен од дамнешните европски доселеници.

Романот ги прикажува релациите меѓу десет млади парови, кои од сексот создаваат еден вид култ. Кога се појавил, бил напаѓан поради отвореноста ...

## ВОЦЕЛЕНИЕ 392



Автор: **Јан Мекјуан**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-391-8

Со преводот на романот **Воцелени*е*** на англискиот писател Јан Мекјуан (1948), македонскиот читател се запознава со можеби најзначајното и најкомплексно книжевно остварување на овој автор. Интересот на Мекјуан за психолошко проследување на „граничните" па дури и табуизирани искуства на насилството, како и темната моќ на сексуалноста и смртта, често ќе биде повод за контроверзни толкувања на неговите дела. Во **Воцеление** овие мотиви се повеќекратно профилирани и низ темите на романот на одраснувањето, историскиот роман, метатекстуалното промислување на книжевната приказна и нејзината исповедна и исцелителска суштина. **Воцеление** е грандиозен роман за љубовта и војната, за детството и класните ...

## ИСТОРИЈА 405



Автор: **Елза Моранте**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-404-5

Елза Моранте е една од најинтересните авторки во италијанската литература, која во својата татковина била особено популарна. Романот на Моранте е една специфична согледба на трагедијата на најстрашната војна на XX век, но иако е конкретизирана и поткрепена со факти, таа согледба се претвора во безвременска критика, а уште повеќе во резигнација, насочена кон неискоренливоста на злото и неправдата, кои само се модифицираат, но остануваат трајно обележје на човечката цивилизација.

## КЛИНКАМЕН 415



Автор: **Хулио Кортасар**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-362-8

**Клинкамен** е текст со кој Кортасар останува засекогаш забележан во историјата на светската литература. Книгата се одделува од големата романескна традиција со својот специфичен исказ кој е резултат на авторовата работа врз и во јазикот, а жанровски се определува како антироман кој се карактеризира со разновидни нијанси од значења кои за секој читател претставуваат предизвик на кој не може да му се спротивстави ниту, пак, може да го совлада со изведување на конечна интерпретација на текстот. Читањето на книгата претставува своевидна авантура која подразбира вклучување во текст со огромен број излези и исто толкав број заточеништва за оние што настојуваат да извлечат конкретна вистина во врска со него.

## ЈАВАЧОТ НА БЕЛИОТ КОЊ 479



Автор: **Теодор Шторм**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-379-6

Теодор Шторм (1817–1888) својата книжевна репутација првенствено ја има изградено преку прозите во кои доаѓа до израз односот на субјектот со природата и со општествената заедница, како и лирски обоеното профилирање на ликовите. **Јавачот на белиот коњ** е едно од најголемите ремек-дела на германската книжевност. Преку приказната за Хауке Хајен, генијалниот градител кој сака по секоја цена да се избори за својата идеја да изгради насип кој ќе ја заштити неговата област од поплавите на Северното Море, се чита натчовечката борба на поединецот со околината и со силите на природата. Тоа е приказна за посветеноста и разочарувањето, за тесноградоста и суеверието, за духовната гордост и осаменоста, како и за убавината ...

## СЕЛАНИ 487



Автор: **Владислав Рејмонт**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-4721-68-0

Книгата зборува за животот на полските селани во местото Липка во текот на една година. Таа се состои од четири дела: Есен, Зима, Пролет и Лето, што мора да се читаат заедно, по ред, зашто прават една целина. Матеуш Борина, најуспешниот фармер во Липка, полека старее. Неговите возрасни деца сакаат тој да се пензионира и да им ја предаде земјата на управување. Борина, од друга страна, сè уште се смета за силен и решава да се прежени со млада невеста и покрај големото негодување на неговите деца. Ситуацијата дополнително се комплицира поради фактот што Јагна, неговата нова жена, е најубавата девојка во селото и има промискуитетно минато, вклучително и врска со Антек, синот на Борина.

## ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА – том I 788



Автор: **Винстон Черчил**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-423-6

Иако насловот на делото сугерира дека станува збор исклучиво за прикажување на настаните од Втората светска војна, авторот не го редуцира своето внимание само на годините на непосредното траење на војната туку своето излагање фактографски и суштински го збогатува со повремени и мошне инструктивни осветлувања на состојбите, настаните и збиднувањата во периодот од времето на Првата светска војна и нивните индиректни и директни импликации врз околностите што довеле до Втората светска војна. Освен тоа, како што веќе спомeнавме, Черчил го објавува ова дело во периодот од 1948 до 1953 година, но пишувањето го почнува многу порано. Имено, штом првпат стапил на должност ...

## ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА – том II 489



Автор: **Винстон Черчил**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-425-0

Иако насловот на делото сугерира дека станува збор исклучиво за прикажување на настаните од Втората светска војна, авторот не го редуцира своето внимание само на годините на непосредното траење на војната туку своето излагање фактографски и суштински го збогатува со повремени и мошне инструктивни осветлувања на состојбите, настаните и збиднувањата во периодот од времето на Првата светска војна и нивните индиректни и директни импликации врз околностите што довеле до Втората светска војна. Освен тоа, како што веќе споменавме, Черчил го објавува ова дело во периодот од 1948 до 1953 година, но пишувањето го почнува многу порано. Имено, штом првпат стапил на должност ...

## ОСАМЕНОСТА НА ПРОСТИТЕ БРОЕВИ 560



Автор: **Паоло Џордано**

Издавач: МАГОР, Скопје
ISBN: 978-608-223-400-7

**Осаменоста на простите броеви** е еден од најнаградуваните италијански романи од последнава деценија, книга што уште во првата година од објавувањето е продадена во повеќе од еден милион примероци. На нејзиниот автор, Паоло Џордано, ова му е прв роман, кој веднаш го лансираше во орбитата на најпопуларните прозаисти од почетокот на XXI век. **Осаменоста на простите броеви** е роман за едно созревање. Тој говори за пријателството и за различноста, односно за правото да се биде свој и поинаков од другите. Исклучивоста е, бездруго, дел од карактерот на главните јунаци во овој роман. Авторот ја следи животната патека на едно момче и на едно девојче, тргнувајќи од специфичен, клучен момент во нивното детство.

## ЈАПОНСКИ НО-ДРАМИ 23



Автор: **Аноним**

Издавачи: АРС ЛАМИНА, Скопје
ISBN: 978-608-229-887-0

*„Но“* е најстариот облик на театарската уметност кој, како заокружен вид, опстојува повеќе од пет века и се изведува, во својата изворна форма, континуирано, во низа специјализирани театри во Јапонија сè до денес. Поради многуслојноста на спектаклот (танц, музика, глума итн.), овој избор од 24 драми се обидува да го претстави оној врв на оваа уметност што е доминантно книжевен, т.е. наменет за читање.

## ПРИКАЗНАТА ЗА ГЕНЏИ 24



Автор: **Мурасаки Шикибу**

Издавачи: АРС ЛАМИНА, Скопје
ISBN: 978-608-229-745-3

**Приказната за Генџи** е класично дело на јапонската книжевност. Пишувано во XI век од страна на благородничката Мурасаки Шикибу, цел милениум подоцна тоа сè уште фасцинира со својата преседантност: првиот прозен класик напишан од жена, првиот психолошки роман, па дури и првиот вистински роман воопшто во книжевната историја. Следејќи ги, во најголем дел, животот и љубовните авантури на принцот Генџи, обемниот роман на Шикибу минуциозно ги отсликува заткулисните претстави на јапонското благородништво, расплетувајќи ги сложените мрежи на семејната моќ, но и нурнувајќи се во длабочината на човековата потреба за љубов, убавина и приказни.

## ЕСЕИ 68



Автор: **Мишел де Монтењ**

Издавачи: АРС ЛАМИНА, Скопје
ISBN: 978-608-229-475-9

Една од оние книги што служат како вечен потсетник за големината на човекот, **Есеи** на Мишел де Монтењ содржи голем број од најпознатите есеи кога и да е напишани, зборови што одекнуваат низ времето и умовите на такви врвни интелекти како Декарт и Паскал, Русо и Ниче, Шекспир и Асимов - само кратка листа што е сепак доволен доказ за нивната разновидност, сеопфатност и безвременост.

## ФАНТАСТИЧНИ РАСКАЗИ 132



Автор: **Е. Т. А. Хофман**

Издавачи: АРС ЛАМИНА, Скопје
ISBN: 978-608-229-478-0

Многу пред своето време, идејата на Е. Т. А. Хофман да го направи во книжевноста она што Жак Кало го направи во ликовната уметност ќе биде плоден почеток на една историја што ќе ни ги даде Едгар По и Гогољ, но и Дикенс, Бодлер и Кафка. Комбинирајќи го фантастичното со реалното, Хофман е еден од првите кои ќе ги помеша границите на овие два света на таков начин што никој нема да може да познае каде завршува едното, а каде почнува другото.

## КОБЗАР 192



Тарас Шевченко за Украина е она што е Данте за Италија или Његош за Црна Гора - не само национален поет, туку и митска фигура врз чии рамена може да се изгради нација. А токму ова е книгата-постамент: **Кобзар** (горе-долу украинскиот збор за поет, бард) најпрво ќе стане титула покрај името на Шевченко, а потоа и симбол.

Автор: **Тарас Шевченко**

Издавачи: АРС ЛАМИНА, Скопје
ISBN: 978-608-229-726-2

## РАСКАЗИ 233



Своевремено, за Роберт Музил, делото на Кафка е необичен случај на валзеријанизам - потврда повеќе на тврдењето дека Валзер е заборавената врска меѓу Клајст и Кафка. Игриво смирени, Валзеровите раскази разоткриваат егзистенцијални теми на начин што го прави швајцарскиот автор еден од најраните, најголеми и, за жал, најзапоставени модернисти.

Автор: **Роберт Валзер**

Издавачи: АРС ЛАМИНА, Скопје
ISBN: 978-608-229-485-8

## ОСТРОВОТ СО СКРИЕНОТО БОГАТСТВО 258



Безмалку секоја од модерните идеи за пиратите потекнува или е популаризирана во **Островот со скриеното богатство**: едрениците, пустите острови, еднораките морнари со папагали на нивните рамена, картите со скриено богатство обележани со X. Внимателен стилист, Роберт Луис Стивенсон успева во оваа книга да создаде не само еден од најсаканите класици за деца, но и едно од најнезаборавните дела во историјата на книжевноста.

Автор: **Роберт Луис Стивенсон**

Издавачи: АРС ЛАМИНА, Скопје
ISBN: 978-608-229-895-5

## ОДЕСКИ РАСКАЗИ • ЦРВЕНАТА КОЊИЦА 298



**Одеските раскази** и **Црвената коњица** се двете најпознати дела во, за жал, некомплетираниот и прерано прекинат опус на „најголемиот прозаист меѓу руските Евреи" Исак Бабељ. Како ретко кој способен (според Борхес) да создава раскази што поседуваат поетска меморабилност, длабоко посветен (според Виктор Шкловски) „да зборува со истиот тон за ѕвездите над нас и за гонореја", наследник на Чехов и почитуван исто колку него, во своите раскази Бабељ беспрекорно го истражува насилството на промените, но и нивната апсурдност во очите на неговиот народ: „Кој ќе му каже на Гедали каде е револуцијата, а каде контрареволуцијавта?", вели именуваниот лик во истоимениот расказ.

Автор: **Исак Бабељ**

Издавачи: АРС ЛАМИНА, Скопје
ISBN: 978-608-229-716-3

## ПЛАНЕТАРИУМ 344



Да се претстави накратко **Планетариум** на Натали Сарот, значи горе-долу да се извлече и сета фабула што растечената свест и перспективите на неколкуте тангентно перцептибилни ликови во делото повремено ја одразуваат: неоствараниот писател Ален и неговата сопруга живеат во беден стан кој, по еден краток наплив на дарежливост на неговата тетка Берта, може да се случи да биде заменет со нејзиниот грандиозен апартман. Понудата е повлечена, протагонистите се вџашени и, стежнати под оковите на Саротовиот радикален модернизам, нурнуваат во светот на сопствените неостварени сништа и пропаднати надежи.

Автор: **Натали Сарот**

Издавачи: АРС ЛАМИНА, Скопје
ISBN: 978-608-229-717-0

## ЧУМА • ПОБУНЕТИОТ ЧОВЕК 353



Албер Ками е можеби најобожаваниот француски автор: неслучајно, неговиот *Странец* ќе се најде на првото место на листата на 100 најдобри книги на векот според „Ле монд" (Le Monde). Во овој избор, Ками е претставен со уште еден свој познат роман -алегорија за Втората светска војна – **Чума,** како и долгиот есеј **Побунетиот човек**, еден од неговите најкомплетни погледи на неговата филозофија на тивко спротивставување на Бунтот.

Автор: **Албер Ками**

Издавачи: АРС ЛАМИНА, Скопје
ISBN: 978-608-229-917-4

## ЛОВЕЦ ВО Р’ЖТА 377



Малку е да се рече дека Селинџеровиот **Ловец во ’ржта** има статус на иконично дело, а неговиот главен лик, Холден Колфилд, претставува длабока инспирација на многу тинејџери ширум светот. Сметан за „необично брилијантно дело“ уште по својата прва појава, иако веќе не толку контроверзен, романот на Селинџер сè уште се смета за врвен и длабок приказ на една фаза од растењето во која ниту осаменоста и отпорот, ниту бунтот и сарказмот, ниту немирот и рамнодушноста не ни се ниту туѓи ниту површно искусени.

Автор: **Џером Дејвид Селинџер**

Издавачи: АРС ЛАМИНА, Скопје
ISBN: 978-608-229-914-3

## КЛАНИЦА 5 380



**Кланица 5** е антивоен сатиричен научно-фантастичен роман на Курт Вонегат кој ги следи искуствата на наивниот и изгубен американски војник Били Пилгрим за време на Втората светска војна (и, доволно автобиографски, бомбардирањето на Дрезден), но - преку низа аналепси и пролепси од недоверливиот наратор - и неговите патувања низ времето како заробеник во наводна вонземска зоолошка градина. Одисејата на Били е и „митско патување низ нашите фрактурирани животи во потрага по смислата онаму каде што е и нашиот најдлабок страв“.

Автор: **Курт Вонегат**

Издавачи: АРС ЛАМИНА, Скопје
ISBN: 978-608-229-896-2

## СЛЕПИЛО 417



Еден град е погоден од епидемија на „бело слепило“: романот на португалскиот нобеловец Жозе Сарамаго го проследува начинот на кој една група неименувани ликови се справува со новонастанатите околности. Меѓу нив е докторот што ослепува по обидот да го излекува првиот заболен, неговата сопруга која се преправа дека е слепа и е чудесно имуна на болеста, девојката со темни очила, садистот од третиот оддел, момчето без мајка. Едно од ремек-делата на последниот век, **Слепило** на Сарамаго е моќна алегориска визија за човековата изгубеност во една епоха што го расчеречува неговиот дух меѓу вродените слабости и натчовечката упорност и сила да се издржи.

Автор: **Жозе Сарамаго**

Издавачи: АРС ЛАМИНА, Скопје
ISBN: 978-608-229-727-9

## НЕЗАВИСЕН НАРОД – том I 422



**Независен народ** е, веројатно, најпознатиот роман на единствениот Нобелов лауреат од Исланд, Халдор Лакснес. Истражувајќи го бедниот живот на сиромашните исландски селани во тешки природни и општествени услови во почетокот на XX век, **Независен народ** е Лаксесовата социореалистичка критика на материјализмот и капитализмот - и има малку дела што ја поседуваат неговата острина и жестокост.

Автор: **Халдор Лакснес**

Издавачи: АРС ЛАМИНА, Скопје
ISBN: 978-608-229-920-4 (т.1)

## НЕЗАВИСЕН НАРОД – том II 423



**Независен народ** е, веројатно, најпознатиот роман на единствениот Нобелов лауреат од Исланд, Халдор Лакснес. Истражувајќи го бедниот живот на сиромашните исландски селани во тешки природни и општествени услови во почетокот на XX век, **Независен народ** е Лаксесовата социореалистичка критика на материјализмот и капитализмот - и има малку дела што ја поседуваат неговата острина и жестокост.

Автор: **Халдор Лакснес**

Издавачи: АРС ЛАМИНА, Скопје
ISBN: 978-608-229-921-1 (т. 2)

## ДРАМИ 454



Драмите на Гуан Ханчјинг се сметаат за врв на класичниот кинески театар. Овој избор содржи четири: една историска (*Велможата Гуан оди на едноножа гозба*), две горе-долу комични (*Џао Панер со заводништво спасува ѓувенџија* и *Сечкање риби до зори на Празникот на средесена месечина во крајречниот павилјон*) и една трагедија (*Неправдата кон Доуе што го трогна небото и ја стресе земјата*) - која не е само негова најпозната драма, туку и драмата парадигматична за целиот жанр.

Автор: **Гуан Ханчјинг**

Издавачи: АРС ЛАМИНА, Скопје
ISBN: 978-608-229-898-6

## БРАТОТ ЛУИС ДЕ СУСА 477



Алмеида Гарет е португалски поет, драматург, романсиер и политичар, воведувач на романтизмот во најзападната европска држава. Типично романтичарски, драмата **Братот Луис де Суса** - која се засновува на вистинити историски настани - превосходно се фокусира на трагичната врска меѓу вдовицата Дона Магдалена де Вилена и Мануел де Суса, концентрирајќи се (наспроти насловот) многу повеќе на стравовите и копнежите на женскиот лик од двојката.

Автор: **Алмеида Гарет**

Издавачи: АРС ЛАМИНА, Скопје
ISBN: 978-608-229-916-7

## БОШКО БУШАВКО 478



**Бошко Бушавко** е македонскиот превод на изворниот назив *Struwwelpeter* – збирка од десет детски песнички и малку повеќе илустрации подготвена од германскиот психијатар Хајнрих Хофман во 1845 година како реакција на недостигот од вредни детски дела на пазарот од периодот. Секоја од нив е хиперболизиран приказ на последиците што може да ги предизвика детската непослушност, на тој начин сместувајќи го својот естетско-етички ефект во океанот на едно специфично детско задоволство: уживањето во фалични иницијациски сижеа, инстинктот да го восприема преувеличеното насилство како опомена.

Автор: **Хајнрих Хофман**

Издавачи: АРС ЛАМИНА, Скопје
ISBN: 978-608-229-743-9

## ЖИВОТОТ ПРЕД НАС 510



Ромен Гари е единствениот автор што ја има добиено Гонкуровата награда во два различни наврати, вториот пат токму со **Животот пред нас** под псевдонимот Емил Ажар. Екранизиран непосредно по објавувањето (и добитник на Оскар за најдобар странски филм), романот го следи животот на сирачето Мухамед (Момо) под грижата на госпоѓа Роза, Еврејка со живописно минато.

Автор: **Ромен Гари (Емил Ажар)**

Издавачи: АРС ЛАМИНА, Скопје
ISBN: 978-608-229-899-3

## МАЛИНА 528



„Живеев во Иван, а ќе умрам во Малина," вели на едно место неименуваниот женски наратор во романот на Ингеборг Бахман, писател и интелектуалец што живее во Виена во втората половина на дваесеттиот век. Насловниот лик е историчар, андрогина фигура која заедно со Унгарецот Иван, љубовниот интерес на нараторот од првиот дел, го комплетира триаголникот на битни односи во **Малина**. Едновремено необичен и тажен, трогателен и прекрасен, **Малина** е последниот роман на прерано и несреќно починатата Бахман, прв дел од нејзиниот незавршен циклус *Видови смрт*.

Автор: **Ингеборг Бахман**

Издавачи: АРС ЛАМИНА, Скопје
ISBN: 978-608-229-719-4

## ТОМ ЏОНС – том I 94



За С. Т. Колриџ, Филдинговиот **Том Џонс** содржи една од трите совршено испланирани фабули во историјата (покрај *Ојдип тиранин* и *Алхемичарот*). За еден пикарескен „Bildungsroman" со многу навидум нерелевантни епизоди, ова не е само уште една од илјадниците заслужени пофалби туку крунски доказ за неговата беспрекорност.

Автор: **Хенри Филдинг**

Издавачи: АРС СТУДИО, Скопје
ISBN: 978-608-229-792-7

## ТОМ ЏОНС – том II 95



За С. Т. Колриџ, Филдинговиот **Том Џонс** содржи една од трите совршено испланирани фабули во историјата (покрај *Ојдип тиранин* и *Алхемичарот*). За еден пикарескен „Bildungsroman" со многу навидум нерелевантни епизоди, ова не е само уште една од илјадниците заслужени пофалби туку крунски доказ за неговата беспрекорност.

Автор: **Хенри Филдинг**

Издавачи: АРС СТУДИО, Скопје
ISBN: 978-608-229-915-0

## ВОЈНА И МИР – том I 174



Автор: **Лав Н. Толстој**

Издавачи: АРС СТУДИО, Скопје
ISBN: 978-608-229-746-0

Излишно е и сигурно непотребно да се пишува двоaccess дворечeничен вовед за **Војна и мир**; неправедно и нелогично е да се премолчат барем неколку од епитетите и пофалбите кои го придружуваат ова капитално книжевно остварување на Лав Николаевич Толстој уште од неговата прва објава до денес: „рускиот еп", „величествено ремек-дело", „најголемиот роман на сите времиња напишан на кој и да е јазик". Ова е првиот том од ова четиритомно издание на Толстоевиот *magnum opus* – чиј нов, втор македонски превод е, несомнено, еден од високите дострели на оваа едиција, но и на агилноста на македонскиот јазик.

## ДОБРИОТ ВОЈНИК ШВЕЈК – том I 325



Автор: **Јарослав Хашек**

Издавачи: АРС СТУДИО, Скопје
ISBN: 978-608-229-744-6

Безмалку персонификација на типичниот Чех, **Добриот војник Швејк** е краткиот наслов и главниот лик во незавршениот капитален црнохуморен и сатиричен роман на Јарослав Хашек, кој благодарение на сопствената некомпетентност (иако е нејасно дали е фактичка или хамлетовска), успева постојано да го осуетува авторитетот на целата австро-унгарска воена машинерија, попатно дофрлајќи и по некоја шега на сметка на корумпираните католички свештеници. Еден од првите антивоени романи, **Доживувањата на добриот војник Швејк** е еден од врвовите на долгата низа субверзивни комични романи со длабоки корени во европската книжевна традиција.

## ДОБРИОТ ВОЈНИК ШВЕЈК – том II 326



Автор: **Јарослав Хашек**

Издавачи: АРС СТУДИО, Скопје
ISBN: 978-608-229-794-1

Безмалку персонификација на типичниот Чех, **Добриот војник Швејк** е краткиот наслов и главниот лик во незавршениот капитален црнохуморен и сатиричен роман на Јарослав Хашек, кој благодарение на сопствената некомпетентност (иако е нејасно дали е фактичка или хамлетовска), успева постојано да го осуетува авторитетот на целата австро-унгарска воена машинерија, попатно дофрлајќи и по некоја шега на сметка на корумпираните католички свештеници. Еден од првите антивоени романи, **Доживувањата на добриот војник Швејк** е еден од врвовите на долгата низа субверзивни комични романи со длабоки корени во европската книжевна традиција.

## ГРУПЕН ПОРТРЕТ СО ДАМАТА 357



Автор: **Хајнрих Бел**

Издавачи: АРС СТУДИО, Скопје
ISBN: 978-608-229-893-1

**Групен портрет со дамата** е едно од најиновативните дела во германската современа литература: како што открива уште самиот наслов, тоа се базира врз еден недоверлив раскажувач и цела низа од сто дваесет и пет фокализатори кои го осветлуваат централниот лик, сензуалната, иако не многу интелектуална Лени Фајфер. Во манирот на телевизиски документарец, а според методите на истражувачкото новинарство, Хајнрих Бел успева да создаде фабула преку бесконечна серија на интервјуа со луѓе кои можат да кажат нешто за ликот на Лени Фајфер.

## ДРАМИ 387



Автор: **Роналд Харвуд**

Издавачи: АРС СТУДИО, Скопје
ISBN: 978-608-229-747-7

Пред сè, познат како добитник на Оскарот за најдобро адаптирано сценарио за „Пијанистот" на Роман Полански од 2003 година и преку неодамнешната номинација во истата категорија за *Скафандерот и пеперутката*, Роналд Харвуд е овде претставен преку три свои добропознати дела - *На чија страна*, *Мајсторот* и *Гардеробер* - од кои последната, преку негова сопствена адаптација (режија на Питер Јетс), исто така, има номинација за Оскар.

## ЕПИЛОГ 393



Автор: **Венјамин Каверин**

Издавачи: АРС СТУДИО, Скопје
ISBN: 978-608-229-919-8

Венјамин Александрович Зилбер – Каверин (1902–1989) ќе остане забележан како еден од најплодните, но и најпреведуваните автори од советската епоха. **Епилог** е единствената негова постхумно објавена книга, своевидна енциклопедија на советската епоха, „длабоко лична книга за опачината на (советската) литература, за деформациите на талентот, за компромисот со власта, за стремежот да се покаже отпор кон тој компромис".

## ВЕК НА ПРОСВЕТЕНОСТА 411



Алехо Карпентиер е кубански автор, еден од највлијателните латиноамерикански книжевници на XX век, претходник - преку својата теорија „lo real maravilloso“ - на магичниот реализам што беше доминантен долго време. **Век на просветеноста** е историски роман кој се занимава со последиците од Француската револуција врз Карибите, преку средбата на три креолски сираци со францускиот политичар и авантурист Виктор Иго.

Автор: **Алехо Карпентиер**

Издавачи: АРС СТУДИО, Скопје
ISBN: 978-608-229-918-1

## ГОЛЕМАТА ПУСТЕЛИЈА: ТРАГИ 412



Иако не е многу познат надвор од неговиот роден Бразил, Жоао Роса е автор на книгата што не мал број критичари ја сметаат за јужноамерикански „Улис“ според дискурзивните вештини на раскажувањето, а во содржинска смисла, според објективното претендирање на поединецот да стекнува знаење и да се преиспитува себеси под закрила на договорот со ѓаволот, со Гетовиот „Фауст“. Актуализирајќи ја митската иницијација низ беспрекорен стил, **Големата пустелија: траги** е, несомнено, едно од големите ремек-дела на XX век.

Автор: **Жоао Роса**

Издавачи: АРС СТУДИО, Скопје
ISBN: 978-608-229-795-8

## ПИСМА ОД МОЛКОТ 495



Курт Туколски е еден од најпознатите новинари на Вајмарската република, општествен критичар во стилот на Хајнрих Хајне. Едновремено сатирист и лиричар, левичар и пацифист, тој е и еден од првите пророци на заканата од нацизмот. Неговите писма и новинарски записи и ден-денес се симбол на потрагата по слобода на говорот во општества што систематски ја репресираат.

Автор: **Курт Туколски**

Издавачи: АРС СТУДИО, Скопје
ISBN: 978-608-229-793-4

## ВОЛТЕРИЈАНЦИ И ВОЛТЕРИЈАНКИ 535



Добитник на рускиот *Букер* во 2004 година, **Волтеријанци и Волтеријанки** на Василиј Аксјонов ја следи сагата за преписката меѓу славниот филозоф и просветител Волтер и моќната руска царица Екатерина Втора Велика. Движејќи се по маргините на една анегдотична историја, Аксјонов ја заматлува границата меѓу фактичкото и фикционалното, меѓу другото, детектирајќи ги и причините за неуспехот на еманципацијата на Русија токму во неактивноста на овие прогресивни фигури: едно ниво на романот што дозволува и посовремена реактуализација на неговата типично историска фабула.

Автор: **Василиј Аксјонов**

Издавачи: АРС СТУДИО, Скопје
ISBN: 978-608-229-724-8

## ПИСМА ДО ЌЕРКА МИ 87



Мадам де Севиње дава необично жива слика на Франција во периодот на Луј XIV преку елоквентните писма напишани до семејството и пријателите. Во нив таа се навраќа и на важни историски настани и на лични прашања, некогаш е хумористична некогаш меланхолична, некогаш површна, а некогаш длабока.

Автор: **Мадам де Севиње**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-86-4

## ЖЕНИДБАТА НА ФИГАРО 103



**Женидбата на Фигаро** го следи дејството на Севилскиот бербер. Фигаро е свршен со собарката Сузана. Двајцата работат за грофот. Три години откако Фигаро помогнал да се склопи бракот меѓу грофот и Розина, на грофот веќе му здодеал бракот и понува да ја забележува Сузана. Тој сака одново да ја воведе практиката на „primae noctis“, според која во постела ќе ја има невестата пред нејзината венчавка со Фигаро.

Автор: **Пјер Бомарше**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-72-7

## **СТРАДАЊАТА НА МЛАДИОТ ВЕРТЕР • ПОЕЗИЈА** 108



Во **Страдањата на младиот Вертер**, благородниот и чувствителен Вертер буквално умира од љубов што не може да се оствари, љубов по омажена жена, и своите страдања му ги кажува на пријателот, во форма на писма, во кои ги опишува своите трагични емотивни искуства. Книгата, исто така, содржи и избор поезија од авторот.

Автор: **Гете**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-82-6

## **ЦРВЕНО И ЦРНО** – том II 115



Убавиот и амбициозен Џулиен Сорел е решен да се издигне над своето скромно селско потекло и да направи нешто од својот живот со усвојување на кодексот на лицемерието со кој работи неговото општество. Џулиен на крајот ќе стори кривично дело - од страст, принцип, или лудило, што ќе придонесе за неговата пропаст. **Црвено и црно** е жива, сатирична слика на француската Обнова - општеството по Ватерло, ишарано со корупција, алчност и апатија. Комплексниот и симпатичен лик на Џулиен, студениот експлоататор чија макијавелистичка кампања е преокупирана со емоции, го прави еден од најбрилијантните ликови на Стендал и еден од најголемите ликови на европската литература.

Автор: **Стендал**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-76-5

## **МОБИ ДИК** – том I 153



Исмаил е морепловец и секогаш е подготвен да се впушти во авантура. Во потрага во нови случки, се придружува кон екипажот на бродот Пиквод кој тргнал во лов на китови, предводен од чудниот капетан Ахаб – искусен морнар со дрвена нога. Како што напредува нивното патување, така Ахаб сè повеќе е опседнат од желбата да го најде Моби Дик, моќниот кит што му ја изел ногата. Екипажот е одушевен од неговите приказни за тој опасен ѕвер, но и од ветеното богатство и слава што ги чека ако го фатат китот. Кога навистина ќе го здогледаат едно попладне, капетанот Ахаб ќе го поведе екипажот во битка во која може да има само еден победник.

Автор: **Херман Мелвил**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-70-3

## **МОБИ ДИК** – том II 154



Исмаил е морепловец и секогаш е подготвен да се впушти во авантура. Во потрага во нови случки, се придружува кон екипажот на бродот Пиквод кој тргнал во лов на китови, предводен од чудниот капетан Ахаб – искусен морнар со дрвена нога. Како што напредува нивното патување, така Ахаб сè повеќе е опседнат од желбата да го најде Моби Дик, моќниот кит што му ја изел ногата. Екипажот е одушевен од неговите приказни за тој опасен ѕвер, но и од ветеното богатство и слава што ги чека ако го фатат китот. Кога навистина ќе го здогледаат едно попладне, капетанот Ахаб ќе го поведе екипажот во битка во која може да има само еден победник.

Автор: **Херман Мелвил**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-73-4

## **РАСКАЗИ** 223



Авторот важи за еден од најважните претставници на литературниот натурализам. Книгата содржи 9 раскази кои колку и да се меѓусебно разновидни, покажуваат една заедничка црта, а тоа е прикажување на екстремните позиции на неговите главни ликови, кои се водени од своите длабоки пориви.

Автор: **Герхарт Хауптман**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-77-2

## **ПОЕЗИЈА** 225



Избор поезија од авторот.

Автор: **Рилке**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-80-2

## ЧОВЕКОВАТА СУДБИНА И ДРУГИ РАСКАЗИ 295



Автор: **Михаил Шолохов**

Книгата содржи 18 раскази и иако насловниот расказ **Човековата судбина** спаѓа меѓу најуспешните книжевни остварувања на Шолохов и, според критиката, заслужува посебно место дури и во најстрогите антологии на светскиот расказ, и другите раскази на овој великан на руската и светската литература содржат елементи на величина и уметничка трајност и остануваат вистинско сведоштво за едно драматично и бурно време и за исклучителните креативни можности на еден од најголемите мајстори на книжевната уметност.

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-69-7

## ЕСЕИ 308



Автор: **Набоков**

Книгата ги содржи гледиштата на Набоков за големите руски писатели Чехов, Достоевски, Гогољ, Горки, Толстој, Тургенев. Авторот ги води читателите низ спецификите на нивните приказни и ликови, истовремено зборувајќи и за животот во Русија во соодветните периоди.

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-83-3

## ЕСЕИ 321



Автор: **Хорхе Луис Борхес**

Тривијално е да се констатира дека Борхес е врвен есеист макар што оваа констатација е апсолутно и беспоговорно точна. Впрочем, неговата авторска библиографија веќе на прв поглед ја докажува постојаната страст по есеизирањето, од која Борхес не се ослободил до крајот на животот.

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-54-3

## ПОЕЗИЈА 358



Автор: **Паул Целан**

Избор поезија од авторот.

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-84-0

## СМРТТА НА АРТУР 456



Автор: **Томас Малори**

Книгата ја раскажува приказната за Кралот Артур и неговите витези на тркалезната маса. Артур, син на кралот Утер Пендрагон, но израснат од друго семејство, го зазема своето правично место како крал кога од каменот ќе го извлече мечот Екскалибур. Иако владее мудро со помош на советите од волшебникот Мерлин, Артур има непријатели меѓу другите кралеви и честопати е во војна. Ова е една од најстарите и највлијателни приказни во светската литература. Нејзините теми - љубовта, војната, религијата, предавството и семејната лојалост - се безвремени, исто како и нејзините главни ликови: Артур, Мерлин, Гиневра и Ланселот.

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-85-7

## ЈУСТИНА ИЛИ НЕЗГОДИТЕ НА ДОБЛЕСТА 473



Автор: **Маркиз де Сад**

Главни ликови во романот се две сестри со сосема спротивни природи: Јустина, која е чесна и скромна, олицетворение на чистота и доблест, и нејзината сестра Јулија, „без какви и да е принципи, горделива, распуштена". Крепосната Јустина ќе биде непрекинато жртва на зли и сладострасни моќници, додека нејзината сестра, ослободена од какви и да е морални стеги, сè дофаќа до удобен и богат живот. Она што е карактеристично за сите дела на Де Сад, го обележува и романот за Јустина: насилства, блуд, инцести, настраности од секаков вид, измами, свирепости и натуралистички описи, и сето тоа проследено со долги, монотони морално-филозофски дискусии за природата на човекот, за смислата на злото, за доблеста и невиноста, ...

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-67-3

## СЕЌАВАЊА, СОНИШТА, МИСЛИ 490



Оваа книга е конкретна студија на симнување на социјалната маска на доктор Карл Густав Јунг од него самиот, таа е исповедно сведоштво за напорот на откорнување и откоренување на актерот што ја игра таа улога, од својата улога; оваа книга е еден вид духовен и интелектуален стрип во кој авторот, слика по слика, симнува дел по дел од себе како „социјално суштество“ и открива макар силуета или понекоја нејасна црта на својот вистински лик, ликот на ѕверот или на бог.

Автор: **Карл Густав Јунг**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-71-0

## СЕЌАВАЊА 491



Во овие мемоари Конрад Аденауер се сеќава на периодот по Втората светска војна и првите години на Федеративна Република Германија и целите што треба да се постигнат: реинтеграција на Германија во (западното) општество, поврзување со САД, анти-комунизам, вкоренет во западнохристијанската традиција. Аденауер го претставува својот портрет на правичен и умен политичар, со јасни цели, што во суштина се демократски насочени.

Автор: **Конрад Аденауер**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-66-6

## ДИВАН НА ПРИНЦОТ ОД ЕМГИОН 505



Циклус песни во кои преку формата на византиски песни и митови се претставуваат нови и лични симболи за искусувањето на божественото и страдањето и љубовта како основни човекови состојби

Автор: **Гунар Екелоф**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-81-9

## НЕВИДЛИВИОТ ЧОВЕК 512



Приказна за една млад црнец од Југот кој не го разбира расизмот целосно. Исполнет со надеж за својата иднина, оди на колеџ, од каде што го бркаат зашто на еден од белите финансиери му ја покажува неубавата страна на црнечкото постоење. Се преселува во Харлем и станува говорник на Комунистичката партија. На таа позиција, и му се закануваат и го фалат, навлезен во еден свет што не го разбира до крај. Преку својата работи за организацијата, среќава многу луѓе и ситуации што полека го тераат да се соочи со вистината за расизмот и за својот недостиг од идентитет.

Автор: **Ралф Елисон**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-78-9

## ТРИ ДЕНА КАЈ МАЈКА МИ 540



Главниот лик во романот е еден педесетгодишник кој се чувствува изгубено и решава да ги откаже сите свои средби и состаноци за да може да размисли кој е и што прави. Сака да си ги смени животот, жената, работата, дури и времето во кое живее. Меѓутоа, не може да се ослободи од минатото. Неговите интроспекции, реминисценции, емоции опишуваат човек што е исцрпен, автор што ја изгубил целата инспирација и талент за пишување, човек што не може да си ја доврши книгата, всушност, не може ни да ја почне.

Автор: **Франсоа Вејерганс**

Издавачи: К.С.Ц., Скопје
ISBN: 978-608-4721-75-8

## НАСЛОВИ ВО ЗАВРШНА ФАЗА НА РЕАЛИЗАЦИЈА ОД ЕДИЦИЈАТА *SВЕЗДИ НА СВЕТСКАТА КНИЖЕВНОСТ*

Автор: Фирдуси
Дело: ШАХНАМЕ (РУСТЕМ И СУХРАБ)

Автор: Омер Хајам, Сади, Руми, Хафиз
Дело: КЛАСИЧНА ПЕРСИСКА ПОЕЗИЈА

Автор: Непознат
Дело: БХАГАВАДГИТА

Автор: Валмики
Дело: РАМАЈАНА
(според прозната преработка на Вилијам Бак)

Автор: Калидаса
Дело: САКУНТАЛА

Автор: Непознат
Дело: СТАРА КИНЕСКА ПОЕЗИЈА (од ШИ КИНГ, избор)

Автор: Хесиод (околу 8 век ст. ера)
Дело: ДЕЛА И ДНИ

Автор: Хомер (околу 850 год. од ст. ера)
Дело: ИЛИЈАДА

Автор: Хомер (околу 850 год. од ст. ера)
Дело: ОДИСЕЈА

Автор: Сафо... (помеѓу 630 і 612 – околу 570 год. од ст. ера)
Дело: СТАРА ГРЧКА ЛИРИКА

Автор: Есхил (околу 524 – околу 456 год. од ст. ера)
Дело: ТРАГЕДИИ (ОКОВАНИОТ ПРОМЕТЕЈ; ОРЕСТИЈА)

Автор: Софокле (околу 496 – 406 год. од ст. ера)
Дело: ТРАГЕДИИ (АНТИГОНА; КРАЛОТ ЕДИП, ЕДИП НА КОЛОН, ЕЛЕКТРА, ФИЛОКТЕТ)

Автор: Еврипид (околу 480 – 406 год. од ст. ера).
Дело: ТРАГЕДИИ (МЕДЕЈА, ИФИГЕНИЈА НА ТАВРИДА, ИФИГЕНИЈА НА АУЛИДА, ХИПОЛИТ, ЕЛЕКТРА)

Автор: Аристотел
Дело: ЗА ПОЕТСКАТА УМЕТНОСТ

Автор: Плаут
Дело: СКРЖАВЕЦ, ЗАРОБЕНИЦИ, МЕНЕХМИ, ТРГОВЕЦ

Автор: Роберт Грејвс
Дело: ГРЧКИ МИТОВИ

Автор: Цермановиќ - Срејовиќ
Дело: РЕЧНИК НА ГРЧКАТА И РИМСКА МИТОЛОГИЈА

Автор: Непознат
Дело: СЛОВО ЗА ПОХОДОТ ИГОРЕВ (12 век)

Автор: Непознат
Дело: КАЛЕВАЛА

Автор: Непознат (11-12 век)
Дело: ПЕСНАТА ЗА НИБЕЛУНЗИТЕ

Автор: Непознат
Дело: ЕДДА

Автор:
Дело: СРЕДНОВЕКОВНА ЉУБОВНА ПОЕЗИЈА (ТРУБАДУРИ И МИНЕЗАНГ, избор)

Автор: Џефри Чосер
Дело: КЕНТЕРБЕРИСКИ ПРИКАЗНИ

Автор: Лодовико Ариосто
Дело: БЕСНИОТ ОРЛАНДО

Автор: Франсоа Рабле
Дело: ГАРГАНТУА И ПАНТАГРУЕЛ том 1

Автор: Франсоа Рабле
Дело: ГАРГАНТУА И ПАНТАГРУЕЛ том 2

Автор: Луис де Камоенс
Дело: ЛУЗИТАНЦИ

Автор: Торквато Тасо
Дело: ОСЛОБОДЕНИОТ ЕРУСАЛИМ

Автор: Мигел де Сервантес
Дело: ДОН КИХОТ том 1

Автор: Мигел де Сервантес
Дело: ДОН КИХОТ том 2

Автор: Мигел де Сервантес
Дело: ДОН КИХОТ том 3

Автор: Мигел де Сервантес
Дело: ДОН КИХОТ том 4

Автор: Пјер Корнеј
Дело: СИД

Автор: Хенри Филдинг (1707-1754)
Дело: ТОМ ЏОНС том 3

Автор: Дени Дидро
Дело: ФАТАЛИСТОТ ЖАК

Автор: Јохан Волфганг Гете
Дело: ФАУСТ ТОМ 1

Автор: Јохан Волфганг Гете
Дело: ФАУСТ ТОМ 2

Автор: Јохан Волфганг Гете
Дело: ИФИГЕНИЈА НА ТАВРИД

Автор: Фридрих Шилер
Дело: *ПОЕЗИЈА*; РАЗБОЈНИЦИ, ДОН КАРЛОС, ВИЛХЕЛМ ТЕЛ

Автор: Оноре де Балзак
Дело: ШАГРИНСКА КОЖА

Автор: Гистав Флобер
Дело: МАДАМ БОВАРИ

Автор: Новалис
Дело: ХИМНИ НА НОЌТА; ХЕНРИК ФОН ОФЕРДИНГЕН

Автор: Валтер Скот
Дело: АЈВАНХО

Автор: Бајрон – Шели – Китс
Дело: ПОЕЗИЈА (избор)

Автор: Џорџ Гордон Бајрон
Дело: ЧАЈЛД ХАРОЛД; ДОН ЖУАН

Автор: Едгар Алан По
Дело: ПОЕЗИЈА (избор); РАСКАЗИ (избор)

Автор: Чарлс Дикенс
Дело: ГОЛЕМИТЕ ОЧЕКУВАЊА

Автор: Николај Василевич Гогољ
Дело: МРТВИ ДУШИ

Автор: Иван Сергеевич Тургенев (1818 – 1883)
Дело: ТАТКОВЦИ И ДЕЦА

Автор: Фјодор Михајлович Достоевски
Дело: ЗЛОСТОРСТВО И КАЗНА том 1

Автор: Фјодор Михајлович Достоевски
Дело: ЗЛОСТОРСТВО И КАЗНА том 2

Автор: Фјодор Михајлович Достоевски
Дело: БРАЌАТА КАРАМАЗОВИ том 1

Автор: Фјодор Михајлович Достоевски
Дело: БРАЌАТА КАРАМАЗОВИ том 2

Автор: Фјодор Михајлович Достоевски
Дело: БРАЌАТА КАРАМАЗОВИ том 3

Автор: Фјодор Михајлович Достоевски
Дело: БРАЌАТА КАРАМАЗОВИ том 4

Автор: Лав Николајевич Толстој (1828 – 1910)
Дело: ВОЈНА И МИР том 2

Автор: Лав Николајевич Толстој (1828 – 1910)
Дело: ВОЈНА И МИР том 3

Автор: Лав Николајевич Толстој (1828 – 1910)
Дело: ВОЈНА И МИР том 4

Автор: Лав Николајевич Толстој (1828 – 1910)
Дело: АНА КАРЕНИНА том 1

Автор: Лав Николајевич Толстој (1828 – 1910)
Дело: АНА КАРЕНИНА том 2

Автор: Антон Павлович Чехов
Дело: ДРАМИ: Галеб, Три сестри, Вујко Вања, Вишнова градина

Автор: Адам Мицкјевич
Дело: ПОЕЗИЈА

Автор: Петар Петровиќ Његош
Дело: ГОРСКИ ВЕНЕЦ

Автор: Стефан Маларме
Дело: ПОПЛАДНЕТО НА ЕДЕН ФАУН и други песни

Автор: Едмон Ростан
Дело: СИРАНО ДЕ БЕРЖЕРАК

Автор: Марсел Пруст
Дело: ВО ПОТРАГА ПО ИЗГУБЕНОТО ВРЕМЕ 7 (3)

Автор: Марсел Пруст
Дело: ЕСЕИ (избор)

Автор: Рилке – Цветаева
Дело: ПРЕПИСКА (избор)

Автор: Алфред Деблин
Дело: БЕРЛИН - АЛЕКСАНДАР ПЛАЦ

Автор: Роберт Музил
Дело: ЧОВЕК БЕЗ СВОЈСТВА том 2

Автор: Роберт Музил
Дело: ЧОВЕК БЕЗ СВОЈСТВА том 3

Автор: Франц Кафка
Дело: ПРОЦЕС

Автор: Херман Брох
Дело: СМРТТА НА ВЕРГИЛИЈ

Автор: Херман Брох
Дело: МЕСЕЧАРИ том 1

Автор: Херман Брох
Дело: МЕСЕЧАРИ том 2

Автор: Бруно Шулц
Дело: ЕСЕИ (РЕПУБЛИКА НА СОНИШТАТА)

Автор: Роберт Луис Стивенсон
Дело: ДОКТОР ЏЕКИЛ И МИСТЕР ХАЈД; ЗАЛИВОТ ФАЛЕСА; ОСТРОВ СО ГЛАСОВИ

Автор: Радјард Киплинг
Дело: АКО И ДРУГИ ПЕСНИ; КНИГА ЗА ЏУНГЛАТА

Автор: Роберт Фрост
Дело: ПОЕЗИЈА (избор)

Автор: Џемс Џојс
Дело: ДАБЛИНЦИ

Автор: Вирџинија Вулф
Дело: КОН СВЕТИЛНИКОТ

Автор: Вирџинија Вулф
Дело: ГОСПОЃА ДЕЛОВЕЈ

Автор: Вилијам Фокнер
Дело: СВЕТЛИНА ВО АВГУСТ

Автор: Ернест Хемингвеј
Дело: СНЕГОВИТЕ НА КИЛИМАНЏАРО, КРАТКИОТ СРЕЌЕН ЖИВОТ НА ФРАНСИС МЕКОБЕР, (Раскази, избор)

Автор: Борис Пастернак
Дело: ПОЕЗИЈА (избор)

Автор: Владимир Мајаковски, Сергеј Есенин
Дело: ПОЕЗИЈА (избор)

Автор: Андреј Платонов
Дело: ОТКОП

Автор: Курцио Малапарте
Дело: КАПУТ

Автор: Мигуел Анхел Астуриас
Дело: ЛЕГЕНДИ ОД ГВАТЕМАЛА

Автор: Кнут Хамсун
Дело: МИСТЕРИИ

Автор: Иво Андриќ
Дело: РАСКАЗИ (избор)

Автор: Иво Андриќ
Дело: МОСТОТ НА ДРИНА

Автор: Бела Хамваш
Дело: ЕСЕИ (избор)

Автор: Халил Џибран
Дело: ПРОРОК

Автор: Кензабуро Ое
Дело: РАЗБУДЕТЕ СЕ, О, ВИЕ МЛАДИЧИ НА НОВОТО ДОБА

Автор: Елијас Канети
Дело: СПАСЕНИОТ ЈАЗИК

Автор: Арнолд Шмид
Дело: КАМЕНО СРЦЕ

Автор: Томас Бернхард
Дело: ГУБИТНИК

Автор: Петер Хандке
Дело: ПЛАНИНАТА СЕНТ-ВИКТОАР

Автор: Тенеси Вилијамс
Дело: ДРАМИ (СТАКЛЕНА МЕНАЖЕРИЈА, ТРАМВАЈ НАРЕЧЕН ЖЕЛБА, ОДНЕНАДЕЖ, МИНАТОТО ЛЕТО, МАЧКА НА УСВИТЕНИОТ ЛИМЕН ПОКРИВ)

Автор: Дилен Томас
Дело: ПОЕЗИЈА

Автор: Чингиз Ајтматов
Дело: И ПОДОЛГО ОД ВЕКОТ ТРАЕ ДЕНОТ

Автор: Дино Буцати
Дело: ТАТАРСКА ПУСТИНА

Автор: Умберто Еко
Дело: ИМЕТО НА РОЗАТА

Автор: Умберто Еко
Дело: ШЕСТ ПРОШЕТКИ НИЗ НАРАТИВНАТА ШУМА

Автор: Хорхе Амадо
Дело: МОРЕ НА СМРТТА

Автор: Хуан Рулфо
Дело: ПЕДРО ПАРАМО

Автор: Габриел Гарсија Маркес
Дело: ЉУБОВ ВО ВРЕМЕ НА КОЛЕРА

Автор: Габриел Гарсија Маркес
Дело: НА ПОЛКОВНИКОТ НЕМА КОЈ ДА МУ ПИШУВА

Автор: Исак Башевис Сингер
Дело: МАГИОНИЧАРОТ ОД ЛУБЛИН

Автор: Чеслав Милош
Дело: ЗАРОБЕНИОТ УМ

Автор: Милан Кундера
Дело: ШЕГА

Автор: Милан Кундера
Дело: УМЕТНОСТА НА РОМАНОТ; ИЗНЕВЕРЕНИ ТЕСТАМЕНТИ

Автор: Исмаил Кадаре
Дело: ПАЛАТА НА СОНИШТАТА (1936)

Автор: Леополд Седар Сенгор
Дело: ПОЕЗИЈА (избор)

Автор: Патрик Вајт
Дело: ВОС

Автор: Група Автори-составувачи
Дело: ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА: ПОЕЗИЈА (избор) том 1

Автор: Група Автори-составувачи
Дело: ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА: ПОЕЗИЈА (избор) том 2

Автор: Група Автори-составувачи
Дело: ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА: РАСКАЗ (избор) том 1

Автор: Група Автори-составувачи
Дело: ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА: РАСКАЗ (избор) том 2

Автор: Свети Августин
Дело: ИСПОВЕДИ

Автор: Кретјен де Троја
Дело: ИВАН, ВИТЕЗОТ НА ЛАВОТ

Автор: Волфрам фон Ешенбах
Дело: ПАРСИФАЛ

Автор: Гијом де Лорис, Жан де Меун
Дело: РОМАНОТ ЗА РОЗАТА

Автор: Хуан Руиц, Аркипресте де Ита
Дело: КНИГА ЗА ДОБРА ЉУБОВ

Автор: Гарци Родригез де Монталво
Дело: АМАДИС ОД ГАЛИЈА

Автор: Луј де Сен-Симон
Дело: МЕМОАРИ (ИЗБОР)

Автор: Цао Сјуеќин
Дело: СОН ЗА ЦРВЕНАТА ОДАЈА (ПРИКАЗНАТА ЗА КАМЕНОТ)

Автор: Вилхелм Буш
Дело: МАКС И МОРИЦ

Автор: Хозе Мариа Мачадо де Асис
Дело: ДОН КАЗМУРО

Автор: Жорис Карл Уисманс
Дело: ТАМУ ГОРЕ

Автор: Леополдо Гарција
Дело: ЖЕНАТА НА РЕГЕНТОТ

Автор: Вилијам Батлер Јејтс
Дело: АВТОБИОГРАФИЈА

Автор: Рикардо Гуралдес
Дело: ДОН СЕГУНДО СОМБРА

Автор: Клод Меккеј, Рене Депестре, Кему Бретвеит, Дерек Валкот, Едвиџ Деникет,
Дело: АНТОЛОГИЈА НА МОДЕРНАТА КАРИПСКА ПОЕЗИЈА

Автор: Тристан Цара, Маринети, Бретон, Арто
Дело: АНТОЛОГИЈА НА МАНИФЕСТИТЕ НА АВАНГАРДИСТИТЕ

Автор: Сеферис, Елитис, Рицос
Дело: ПОЕЗИЈА (избор)

Автор: Марија Замбрано
Дело: АГОНИЈАТА НА ЕВРОПА

Автор: Чезаре Павезе
Дело: УБАВО ЛЕТО

Автор: Кларис Лиспектор
Дело: СЕМЕЈНИ ВРСКИ

Автор: Мигуел Делибес
Дело: ПЕТ ЧАСА СО МАРИО

Автор: Хенри Кисинџер
Дело: ВО БЕЛАТА КУЌА том III

Автор: Луис Мартин Сантос
Дело: ВРЕМЕ НА ТИШИНА

Автор: Гинзберг, Бароуз, Буковски
Дело: АНТОЛОГИЈА НА АМЕРИКАНСКИТЕ ПОЕТИ ОД БИТ ГЕНЕРАЦИЈАТА

Автор: Хуан Марсе
Дело: АКО ТИ КАЖАТ ДЕКА ПАДНАВ

Автор: Клаудио Магрис
Дело: МИКРОКОСМОСИ

Автор: Едоардо Мендоза
Дело: ВИСТИНАТА ВО ВРСКА СО СЛУЧАЈОТ САВОЛТА

Автор: Харуки Мураками
Дело: КАФКА НА БРЕГОТ

Автор: Џефри Еугенидес
Дело: СРЕДЕН ПОЛ

Автор: Џампа Лахири
Дело: ТОЛКУВАЧ НА БОЛЕСТИ

МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА

ЕДИЦИЈА

# МАКЕДОНСКИ ИСКУШЕНИЈА

Фото-документарни и историски видици

## ЕДЕН ВЕК ПРОГОНСТВО



Книга со илустрирани прилози и факти во кои е прикажана голготата на македонскиот народ почнувајќи од политиката што ја водело Кралството Грција кон Македонија од 1884 година (мегали идеја) до денешни дни.

Автор: **група автори**

Издавач:
Министерство за култура
на Република Македонија

ISBN: 978-608-4544-14-2

## ЖРТВИ НА КОМУНИСТИЧКИОТ РЕЖИМ



Книга со илустрирани прилози, документи и информации за македонски дејци поврзани со настаните на Скопското Кале, македонскиот автономизам и сепаратизам, судени за идејата на ВМРО за обединета и независна Македонија • ВМРО-СДРМ и ВМРО-ПРАВДА • Организации на ВМРО „Бунт“, „Илинден 1903“ • ВМРО на Тренчев – Терзиев • Македонска политичка организација – Драган Богдановски.

Автор: **група автори**

Издавач:
Министерство за култура
на Република Македонија

ISBN: 978-608-4544-17-3

## ПАВЕЛ ШАТЕВ



Монографска книга со илустрирани прилози посветена на македонски деец – непосреден учесник и активен сведок на сите етапи на македонското револуционерно минато и во сите нејзини идејно-политички превирања, делби и трансформации. Единствениот преживеан „гемиџија“, кој не само што се гордеел со тоа име туку го негувал до последниот здив од неговиот живот којшто во најголем дел го поминал во зандани.

Автор: **Никола Жежов**

Издавач:
Министерство за култура
на Република Македонија

ISBN: 978-608-4544-22-7

## ТОДОР АЛЕКСАНДРОВ



Македонски деец со најдолг мандат во раководството на ЦК ВМРО, личност со животен пат исполнет со бурни настани во едно тешко и судбинско време за Македонија, време на војни, поделби, братоубиства и време кога нејзината судбина ја решавале други. Тодор Александров во целиот свој живот се залагал да го зачува независниот карактер на македонското револуционерно движење и на ВМРО во борбата за создавање независна и автономна држава во нејзините етнички и географски граници.

Автор: **Никола Жежов**

Издавач:
Министерство за култура
на Република Македонија

ISBN: 978-608-4544-21-0

## ХРИСТО ТАТАРЧЕВ



Еден од најистакнатите дејци на Македонската револуционерна организација со која раководел речиси три децении. Идеен творец и основач на ВМРО за борба против странскиот поробувач, за извојување политички права и слобода за Македонија – нејзин прв претседател. Како задграничен претставник на Организацијата, д-р Татарчев го поддржал Илинденското востание, активно се вклучил во неговите подготовки, давал интервјуа, информации и написи во весниците и списанијата и ја афирмирал револуционерната борба и неопходноста за кревање на Илинденското востание.

Автор: **Зоран Тодоровски**

Издавач:
Министерство за култура
на Република Македонија

ISBN: 978-608-4544-20-3

## БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ



Во оваа публикација се застапени најтрагичните историски настани што ги доживеал и преживеал македонскиот народ. Наместо ослободителни, борбите биле завојувачки. Македонците биле доброволно или присилно регрутирани во сите четири армии што војувале на нејзина територија или надвор од неа. Заведени дека ја ослободуваат Македонија од османлиското ропство, Македонците, всушност не само што ја губат територијата туку потпаѓаат под ропство на своите соседи и браќа, кои освен што ги изгонуваат од нивните огништа, ги изложуваат на брутален геноцид, асимилација а со тоа, и нивно искоренување од сопствената земја.

Автор: **Мирјана Нинчовска**

Издавач:
Министерство за култура
на Република Македонија

ISBN: 978-608-4544-31-9

## МАКЕДОНСКАТА БОРБА ЗА СЛОБОДА – том I



Автор: **група автори**

Издавач:
Министерство за култура
на Република Македонија

ISBN: 978-608-4544-24-1

Документарна книга во четири тома со илустрирани прилози од национално-револуционерните борби на македонскиот народ: • Разловечкото востание • Кресненското востание • Борбите за слобода под националното име • Илинденската борба за нација, јазик, црква и држава • Илинденското востание • Македонската револуционерна борба по Илинденското востание и манифестации на македонската национална свест по 1903 година.

## МАКЕДОНСКАТА БОРБА ЗА СЛОБОДА – том II



Автор: **група автори**

Издавач:
Министерство за култура
на Република Македонија

ISBN: 978-608-4544-25-8

Документарна книга во четири тома со илустрирани прилози од национално-револуционерните борби на македонскиот народ: • Македонската революционерна и политичка борба (1908–1912) година • Македонската борба за нација и за држава • Македонската колонија во Петроград • Македонската борба за слобода, за обединување и за самостојна држава Македонија (1914–1919) • Македонската емигрантска федеративна организација и илинденската организација меѓу двете светски војни • Сојузот на македонските добротворни братства во Бугарија и Сојузот на МПО во периодот меѓу двете светски војни.

## МАКЕДОНСКАТА БОРБА ЗА СЛОБОДА – том III



Автор: **група автори**

Издавач:
Министерство за култура
на Република Македонија

ISBN: 978-608-4544-26-5

## ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ И БИЗНИС СТРАТЕГИЈА



**Телекомуникации и бизнис стратегија** - Оваа книга е од суштинско значење во однос на клучните медиумски играчи на стратегиите за управување потребни за водење конвергираните медиумски платформи. Оваа книга мора да ја прочита секој што цели кон тоа накратко да се запознае со индустријата на комуникациите од бизнис и од економска перспектива. Поделена е на два дела: Структура на телекомуникациската индустрија и Менаџмент и стратегии на планирање.

Автор: **Ричард А.Гершон**
Издавач: Taylor&Francis Group, 2009 (прво издание)
Издавач МК: Ад Вербум, 2011
ISBN 978-608-4627-02-9 (13)

## ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКО ПРАВО И РЕГУЛАТИВА




**Телекомуникациско право и регулатива** - Книгата е напишана од страна на многу водечки експерти и практиканти во ова поле и нуди длабинско истражување на правните и регулаторни структури во однос на телекомуникациите. Содржи пет делови: Основите, ОК и ТЕ режими на ЕУ, Клучни прашања и трансакции, Комуникациска содржина, Меѓународни регулативни режими.

Автор: **Јан Валден и Џон Ангел**
Издавач: Oxford University Press, 2005 (второ издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2009
ISBN 978-608-4535-04-1

## ОСНОВИ НА ИНЖЕНЕРСТВОТО - ВОВЕД ВО ...




**Основи на инженерството - вовед во инженерството** - Оваа книга обработува повеќе теми, насловени како: инженерството - возбудлива професија; основи на инженерството – концепти што треба да ги познава секој инженер; инженерски алатки за пресметувања – користење достапен софтвер за решавање инженерски проблеми; инженерска графичка комуникација – пренесување информации до други инженери, механичари, техничари и менаџери и слични теми.

Автор: **Саид Моавени**
Издавач: Cengage Learning
Издавач МК: Датапонс
ISBN 978-608-222-066-6

## ЕЛЕКТРИЧНИ МАШИНИ




**Електрични машини** - Новото, шестто издание на „Електрични машини" е значително преработено, но притоа главниот приоритет е задржан на основните принципи и физичкото разбирање, што е карактеристична црта на овој класичен учебник. Текстот треба да послужи како вовед во електричните машини и електромеханиката и е проширен со цел вклучување на енергетската електроника кон управувањето на машините. Учебникот е соодветен за користење за курсеви од напредни додипломски и воведни магистерски студии.

Автор: **А. Е. Фицџералд, Чарлс Кингсли Помладиот, Стефан Д. Уманс**
Издавач: McGraw – Hill Companies
Издавач МК: Датапонс
ISBN 978-608-222-069-7

## ВОВЕД ВО МЕХАНИКА НА ЦВРСТИ ТЕЛА




**Вовед во механика на цврсти тела** - Книгата содржи деветнаесет поглавја, вклучувајќи: основни поими; напрегање; истегнување; вовед во механичките својства на цврстите тела; еднодимензионални проблеми; генерализиран Хуков закон и вовед во енергетските методи; напрегање во рамнина; истегнување во рамнина; критериум за нефункционалност; секција на сили во греди; напрегање во греди; дефлексија (отклонување) на греди; специфични функции; торзионо напрегање; својства на тридимензионално напрегање во точка; тридимензионални релации за истегнување во точка; вовед во еластична стабилност; енергетски методи и вовед во методите на конечни елементи.

Автор: **Ирвин Х. Шејмс, Џејмс М. Питареси**
Издавач: Prentice-Hall (трето издание)
Издавач МК: Датапонс
ISBN 978-608-222-055-0

## СИСТЕМИ НА АВТОМАТСКО УПРАВУВАЊЕ



**Системи на автоматско управување** - Книгата има практичен приод кон системите на автоматско управување и покажува како да се анализираат и проектираат системи на управување со повратна врска кои ја поддржуваат модерната технологија денес. Содржината е поделена во 13 поглавја.

Автор: **Норман С. Нисе**
Издавач: John Wiley & Soons (петто издание)
Издавач МК: Датапонс
ISBN 978-608-222-061-1

## ДИЗАЈН НА МИКРОСИСТЕМИ




**Дизајн на микросистеми** - Книгата нè воведува во еден прифатлив текст што е основа на многу дисциплини потребни на денешниот инженер што работи во полето на микроелектромеханичките системи (MEMS). Предметот е со широк опсег: микропроизводство, механика, топлинско течење, електроника, шум и динамика на системи, со и без повратна врска. Целата содржина е сместена во неколку обемни делови: стратегии на моделирање; детали специфични за доменот; прашања поврзани со кола и системи и студии на случај.

Автор: **Стивен Д. Сентуриа**
Издавач: Springer
Издавач МК: Датапонс
ISBN 978-608-222-059-8

# Информатички науки, компјутерско инженерство и комуникациски системи

## 3Д КОМПЈУТЕРСКА ГРАФИКА




**3Д Компјутерска графика** - Тематиката на книгата се занимава со процесите вклучени во претворањето на математички или геометриски опис на објект (модел во компјутерската графика) во визуелизација (дводимензионална проекција) што го стимулира појавувањето на вистинскиот објект. Оваа книга овозможува комплетно владеење на 3Д-графиката и има улога на комплетен ресурс за сите заинтересирани за 3Д-моделирање обезбедувајќи детално покривање и за реалистичните и за нереалистичните слики.

Автор: **Алан Ват**
Издавач: Addison-Wesley, 1999
Издавач МК: Абакус Комерц/Давид Компјутери, 2010
ISBN 978-608-4597-06-3

## ML ЗА ИСКУСНИ ПРОГРАМЕРИ




**ML за искусни програмери** - Книгата почнува со основни типови, листи и дрва, ги покрива главните аспекти на ML, теориските принципи, ефикасните алгоритми, практично програмирање, функции од повисок ред и бесконечни податочни структури, а се вклучени и многу практични примери и вежби кои ќе го поттикнат читателот да вежба.

Автор: **Лоренц Ц. Полсон**
Издавач: Cambridge University Press, 1996 (второ издание)
Издавач МК: Ад вербум, 2010
ISBN 978-608-0521- 56543

## OpenGL® СУПЕР БИБЛИЈА




**OpenGL® Супер Библија: упатства и референци** - Оваа книга ги објаснува суштинските техники на „класичното" OpenGL графичко програмирање: од цртање во просторот до геометриски трансформации, од осветлување до мапирање на текстура, а се претставени и најновите можности на OpenGL 2.1, неговото шематско програмирање, вертекс-нијансери и фрагмент-нијансери, напредните бафери, како и најновите имплементации на повеќекратни платформи.

Автор: **Р.С. Рајт Помладиот и други**
Издавач: Addison-Wesley, 2007
Издавач МК: Абакус Комерц/Давид Компјутери, 2010
ISBN 978-608-4597-08-7

## UNIX МРЕЖНО ПРОГРАМИРАЊЕ




**UNIX мрежно програмирање** - Оваа книга содржи многубројни студии на реални мрежни апликации, упатство за мрежа, комплетни описи за протоколите TCP/IP, XNS.SNA, NetBIOS, OSI и UUCP, како и околу 15 000 линии од C-изворен код, земен од неговите изворни датотеки за да помогне во натамошно разбирање на мрежниот софтвер.

Автор:В. Ричард Стивенс
Издавач: Pearson Education, 1990 (прво издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-4535-53-9

## UNIX СРЕДИНА ЗА ПРОГРАМИРАЊЕ




**UNIX средина за програмирање** - Книгата има 10 поглавја: UNIX за почетници; Систем на датотеки; Користење на Shell; Филтри; Shell програмирање; Програмирање со Standard I/O; UNIX системски повици; Развој на програма; Подготовка на документ; Епилог. Оваа книга е наменета да ја пренесе UNIX-филозофијата за програмирање преку многубројни примери, реални програми и корисни алгоритми и да му помогне на читателот да научи да програмира во C.

Автор: **Брајан В. Керниган, Роб Пике**
Издавач: Prentice-Hall, 1983
Издавач МК: Давид компјутери, 2010
ISBN 978-608-4597-00-1

## АНАЛИЗА И УПРАВУВАЊЕ НА РОБОТИТЕ



**Анализа и управување на роботите** - Оваа книга опфаќа фундаментална кинематика и динамичка анализа за манипулантни раце и клучни техники за контрола на траекторија и усогласена контрола на движење, односно дава основа за главните аспекти и концепти за ракување со робот. Темите во оваа книга се поделени во 7 поглавја.

Автор: **Харухико Асада и Жан-Жакс Е. Слотин**
Издавач: John Wiley & Sons, 1986
Издавач МК: Датапонс, 2010
ISBN 978-608-222-019-2

## БЕЗБЕДНОСТ И ЗАШТИТА НА МРЕЖНИОТ СООБРАЌАЈ



**Безбедност и заштита на мрежниот сообраќај** - Во оваа книга се зборува за заканите со кои се соочуваат онлајн корисниците и начините како да се минимизираат тие. Содржината е поделена во седум поглавја: Вовед; Безбедност на корисниците; Дигитални сертификати; Криптографија; Безбедност на веб-серверите; Трговијата и општеството; Додатоци.

Автор: **С. Гарфинкел и Џ. Спафорд**
Издавач: O'Reilly Media, 2002
Издавач МК: Абакус Комерц/Давид Компјутери, 2010
ISBN 978-608-4597-02-5

## БЕЗЖИЧНА КОМУНИКАЦИЈА И МРЕЖИ



**Безжична комуникација и мрежи** - Во книгата не се објаснува само технологијата, туку и стандардите што се применуваат. Книгата нуди разбирлив водич кој ќе помогне во сфаќањето на специјаните безжични стандарди, оние распространети од ITU- интернационална телекомуникациска унија и IEEE 802, како и стандарди развиени од други организации.

Автор: **Вилијам Сталингс**
Издавач: Prentice Hall, 2004 (второ издание)
Издавач МК: Абакус комерц, 2010
ISBN 978-608-4606-07-9

## ВЕРОЈАТНОСНА РОБОТИКА



**Веројатносна роботика** - Книгата дава детален вовед во новото поле на веројатносната роботика, фокусирана е на алгоритмите базирани на строги математички основи: Бејесово правило и Бејесов филтер, а дава информации и за теоријата на информации и теоријата на одлуки. За секој клучен алгоритам опишан во главите се обезбедени: пример, математичко изведување, емпириски резултати и дискусија.

Автор: **Себастијан Трун и други**
Издавач: Massachusetts Institute of Technology, 2005 (прво издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-4535-63-8

## ВЕШТАЧКА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА



**Вештачка интелигенција: современ приод** - Оваа книга содржи сеопфатна анализа на Вештачката интелигенција и дава јасно толкување на основните принципи и апликации. Содржината е поделена на осум делови: Вештачка интелигенција, Решавање на проблеми, Знаење и Размислување, Планирање, Неодредено знаење и Размислување, Учење, Комуникација, согледување, Дејствување и Заклучоци.

Автор: **С. Џ. Расел и П. Норвиг**
Издавач: Prentice Hall, 2002
Издавач МК: Абакус комерц/Давид Компјутери, 2010
ISBN 978-608-4606-06-2

## ВОВЕД ВО NURBS




**Вовед во NURBS: историска перспектива** - Оваа книга е идеален извор за теоретско и практично разбирање на важните криви и површини, објаснети се дизајнерските својства и дејствата на секој одделен тип крива, односно површина, потпирајќи се на илустрации и целосно разработени примери кои помагаат во разбирање на концептот на NURBS, како и нивна успешна примена.

Автор: **Давид Ф. Роџерс**
Издавач: Morgan Kaufmann, 2000 (прво издание)
Издавач МК: Датапонс, 2010
ISBN 978-608-222-010-9

## ВОВЕД ВО АЛГОРИТМИ




**Вовед во алгоритми** - Оваа книга содржи голем број алгоритми, методи за нивно создавање, анализирање и техники за решавање. Во неа може да се прочита за: статистика за сортирање и подредување, податочни структури, техники за напреден дизајн и анализа, напредни податочни структури, графовски алгоритми и други теми од оваа област.

Автор: **Томас Х. Кормен и други**
Издавач: The MIT Press, 2001 (второ издание)
Издавач МК: Микена – Битола, 2010
ISBN 978-9989-55-293-9

## ВОВЕД ВО АЛГОРИТМИТЕ НА БИОИНФОРМАТИКАТА



**Вовед во алгоритмите на биоинформатиката** - Книгата ги воведува биолошките и алгоритамските идеи заедно, поврзувајќи ги проблемите од компјутерската наука со биологијата, и вклучува двојна табела на содржини, организирани според алгоритамска идеја и биолошка тема, давајќи дискусии за биолошки важни теми, со клучна детална формулација на секој проблем и со едно или повеќе решенија за секој од нив.

Автор: **Н. Ц.Џонс и П. А.Певзнер**
Издавач: Massachusetts Institute of Technology, 2004
Издавач МК: Арс Ламина, 2009
ISBN 978-608-4535-49-2

## ВОВЕД ВО БИОИНФОРМАТИКА



**Вовед во биоинформатика** - Книгата ги опфаќа основите на сите аспекти поврзани со биоинформатиката на ниво разбирливо за студентите, дава информации за веб-локации, алгоритми, теорија вклучувајќи вежби, проблеми и веблеми кои имаат цел да ја зголемат ангажираноста на студентот околу предметот. Исто така, содржи информации за биолошката организираност во времето и просторот, за научните изданија и архиви.

Автор: **Артур М. Леск**
Издавач: Oxford University Press Inc, 2008 (трето издание)
Издавач МК: Ад вербум, 2010
ISBN 978-608-4627-01-2

## ВОВЕД ВО РОБОТИКА



**Вовед во роботика: механика и контрола** - Оваа книга ја претставува науката и технологијата на механичката манипулација.

Автор: **Џон Џ.Крег**
Издавач: Pearson Education, 2005 (трето издание)
Издавач МК:  Ад вербум, 2010
ISBN 978-608-65029- 6-6

## ВОВЕД ВО ТЕОРИЈАТА НА КОМПЈУТЕРСКОТО...



**Вовед во теоријата на компјутерското пресметување** - Содржината на книгата ги опфаќа математичките својства на компјутерскиот хардвер и нивните апликации преку разработката на темите за автомати и јазици, теоријата на пресметливост и теоријата на комплексност.

Автор: **Мајкл Сипсер**
Издавач: Cengage Learning, 2005
Издавач МК: Абакус комерц/Давид Компјутери, 2010
ISBN 978-608-4597- 05-6

## ВОДИЧ ЗА АПСОЛУТНИ ПОЧЕТНИЦИ НИЗ БАЗИ...



**Водич за апсолутни почетници низ бази на податоци** - Оваа книга е напишана за оној што за прв пат треба да направи проект со бази на податоци или кој едноставно сака да научи нешто за базите на податоци. Таа содржи информации за еволуцијата на базите на податоци, за анализата, дизајнот, создавањето и евентуалната имплементација на базата на податоци.

Автор: **Џон В. Питерсен**
Издавач: Que Publishing 2002 (прво издание)
Издавач МК: Датапонс, 2010
ISBN 978-608-222-012-3

## ГЕОГРАФСКИ ИНФОРМАЦИСКИ СИСТЕМИ: ВОВЕД



**Географски информациски системи: вовед** - Книгата ги дава клучните основи на Географскиот информациски систем (ГИС) и просторните анализи, а концептите, методите и примерите не се однесуваат на конкретен софтверски пакет. Вежбите во секоја глава вклучуваат невмрежена (офлајн) работа на компјутер.

Автор: **Џ. Делејни, К. ван Нил**
Издавач: Oxford University Press, 2000 (второ издание)
Издавач МК: ТРИ, 2009
ISBN 978-9989-187-93-3

## ДА СЕ РАЗМИСЛУВА ВО ЈАВА




**Да се размислува во Јава** – Целта на оваа книга е да ги прикаже подобрувањата на јазикот Јава чија цел е подобрување на искуството на програмерот, подготовка на оние што не се доволно запознаени со синтаксата на C и дава практични примери за пишување кодови во Јава.

Автор: **Брус Екел**
Издавач: MindView, 2006
Издавач МК: Просветно дело, 2010
ISBN 978-9989-0-0808-5

## ДИГИТАЛЕН ДИЗАЈН



**Дигитален дизајн** - Книгата е поделена на дванаесет дела во кои станува збор за дигитални системи и бинарни броеви, за Булова алгебра и логички порти, за регистри и бројачи и за други теми од оваа област.

Автор: **М. Морис Мано, М. Д. Цилети**
Издавач: Pearson Education Inc, 2007 (четврто издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-4535- 54-6

## ДИГИТАЛНИ КОМУНИКАЦИИ




**Дигитални комуникации** - Оваа книга е напишана за да послужи како референца на читателите кои изучуваат електротехника и компјутерско инженерство и на оние читатели чија работа во практика подразбира дизајн и анализа на дигитални комуникациски системи.

Автор: **Џ. Г.Проаксин и М. Салехи**
Издавач: McGraw-Hill, 2008 (петто издание)
Издавач МК: ТРИ, 2010
ISBN 978-608-4577-29-4

## ДИЗАЈН НА ИНТЕРАКЦИЈА




**Дизајн на интеракција: после интеракцијата човек-компјутер** - Оваа книга содржи дискусии за широк опсег на интерфејси со кои се располага денес, за тоа како когнитивните, социјалните и чувствителните проблеми се применуваат во дизајнот на интеракција, како и за тоа како да се соберат, анализираат и презентираат податоците во дизајн на интеракција. Исто така, објаснува и како да се изврши цел асортиман на техники, односно ја дава основата на интеракцискиот дизајн.

Автор: **И. Роџерс, Х. Шарп и Џ. Прис**
Издавач: John Whiley & Sons Ltd, 2007 (второ издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-4535- 56-0

## ДИЗАЈНИРАЊЕ ИНТЕРФЕЈС




**Дизајнирање интерфејс** - Оваа книга е посветена на изгледот и однесувањето на апликациите, веб-апликациите и интерактивните уреди, а е наменета за оние што имаат извесно познавање на концептите од дизајнот на интерфејси и терминологија, како што се дијалог-рамките, селекцијата, комбинираните рамки, навигациските ленти и белините.

Автор: **Џенифер Тибвел**
Издавач: O'Reilly Media, 2005
Издавач МК: Просветно дело, 2010
ISBN 978-9989-0-0811-5

## ДИЗАЈНИРАЊЕ НА ВГРАДЕНИ СИСТЕМИ



**Дизајнирање на вградени системи** - Главната цел на оваа книга е да даде краток преглед на дизајнирањето на вградени системи. Во неа може да се најдат содржини за Хардвер за вграден систем, за вградени оперативни системи и за имплементирање на вградените системи.

Автор: **Питер Марведел**
Издавач: Springer Science+Business Media, 2003 (прво издание)
Издавач МК: Ад вербум, 2009
ISBN 978-60865029-3-5

## ДИСТРИБУИРАНИ ОПЕРАТИВНИ СИСТЕМИ




**Дистрибуирани оперативни системи** - Оваа книга ги покрива дистрибуираните оперативни системи во детали вклучувајќи комуникација, синхронизација, процеси, податочни системи и управување со меморијата, во контекст на дистрибуирни системи, и детално ги опишува дистрибуираните системи: Amoeba, Mach, Chorus и DCE.

Автор: **Ендрју С. Таненбаум**
Издавач: Prentice-Hall, 1997
Издавач МК: Просветно дело, 2009
ISBN 978-9989-0--681-4

## ДИСТРИБУИРАНИ СИСТЕМИ



**Дистрибуирани системи: принципи и парадигми** - Во оваа книга авторите ги презентираат работните детали на дистрибуираните системи, нивните класи и основни технологии, архитектурите кај дистрибуираните системи, партнерските системи, синхронизација на дистрибуирани часовници и материјали за GPS – базирани системи, парадигмите и принципите кај дистрибуираните системи.

Автор: **Ендру С.Таненбаум, Мартин Вен Стин**
Издавач: Pearson Education, 2007
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-4535-64-5

## ЕЛЕКТРОНСКА ТРГОВИЈА



**Електронска трговија - бизнис, технологија, општество** - Оваа книга е напишана за идните менаџери, односно за новиот вид услуги во електронската трговија. Тајните на професијата ќе ги осознаат низ четирите теми на книгата кои се однесуваат на: технолошка инфраструктура за електронска трговија, бизнис-концепти и социјални прашања и електронска трговија на дело.

Автор: **Кенет К.Лаудон, Карол Герсио Травер**
Издавач: Pearson Education, 2009
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-4535-65-2

## ИНТЕРНЕТ И ВЕБ ПРОГРАМИРАЊЕ



**Интернет и веб-програмирање** - Оваа книга е комплетен, стручен вовед во интернет и веб-програмирањето во веб 2.0, Ajax и богати интернет-апликации со реален код.

Автор: **П. Ј.Дејтел и Х. М.Дејтел**
Издавач: Pearson Education, 2008
(четврто издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-4535-66-9

## КАКО ДА СЕ ПРОГРАМИРА ВО JAVA




**Како да се програмира во Java** - Оваа книга обработува теми како интернет и веб; Вовед во Java-апликации; Вовед во класи и објекти; Контролни наредби; Датотеки, податочни текови и серијализација на објекти; Рекурзија; Пребарување, сортирање и големо O; Генерички колекции; Генерички класи и методи; Кориснички приспособени генерични податочни структури; Аплети и Java Web Start и други теми од оваа област.

Автор: **Пол Дејтел и Харви Дејтел**
Издавач: Pearson Education, 2010
(осмо издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-4535-61-4

## КАКО СЕ ПРОГРАМИРА C ++




**Како се програмира C++** - Оваа книга обезбедува солидно знаење за C++ и општо знаење за софтверското инженерство. Содржи: Вовед во компјутери, интернет и World Wide Web; Вовед во C++ програмирање; Вовед во класи и објекти; Контролни наредби: прв дел; Контролни наредби: втор дел; Функции и вовед во рекурзија; Низи и вектори; Покажувачи; Класи: Подлабок поглед, прв дел; Класи: Подлабок поглед, втор дел; Обременување на оператори; Објективно – ориентирано програмирање: наследување и друго.

Автор: **Пол Дејтел и Харви Дејтел**
Издавач: Pearson Education, 2010
(седмо издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-4535-67-6

## КОМПЈУТЕРСКА ОРГАНИЗАЦИЈА И ДИЗАЈН




**Компјутерска организација и дизајн: хардверски/софтверски интерфејс** - Целта на оваа книга е да се покаже врската меѓу хардверот и софтверот низ 7 глави: Компјутерски апстракции и технологии; Инструкции: Јазикот на компјутерот; Аритметика за компјутери; Процесор; Големи и брзи: Искористување на меморискатa хиерархија; Складирање и други В/И теми; и Повеќејадрени, повеќепроцесорски системи и класери.

Автор: **Д. А. Патерсон и Џ. Л. Хенеси**
Издавач: Elsevier, 2009
Издавач МК: Просветно дело, 2009
ISBN 978-0-12-374493-7

## КОМПЈУТЕРСКА АРХИТЕКТУРА



**Компјутерска архитектура – квантитативен пристап** - Ова издание го запознава читателот со таксономиите на компјутерскиот дизајн и со основите на компјутерската архитектура, дава преглед на технолошките трендови кои ја водат индустријата поставувајќи квантитативен пристап за користење на овие информации во уметноста на компјутерскиот дизајн и дава основа во можностите и границите на традиционалниот дизајн на процесорите.

Автор: **Џ. Л.Хенеси и Д. А.Патерсон**
Издавач: Morgan Kaufmann Publishers, 2007 (четврто издание)
Издавач МК: Просветно дело, 2010
ISBN 978-9989-0-0859-7

## КОМПЈУТЕРСКА ГРАФИКА



**Компјутерска графика, теорија во практика** - Оваа книга се фокусира на техниките за стимулирање на ефектите на природниот свет, односно на концептите за производство на реалистични слики во тродимензионална графика.

Автор: **Џефри Мекконел**
Издавач: Jones and Bartlett Publishers, 2006
Издавач МК: Просветно дело, 2010
ISBN 978-9989-0-0875-7

## КОМПЈУТЕРСКА СИГУРНОСТ



**Компјутерска сигурност** - Темата опфатена во оваа книга се однесува на настаните во историјата на компјутерската сигурност и обезбедува основа за оценување и за споредување на техничките квалитети на сигурносните производи.

Автор: **Дитер Голман**
Издавач: John Wiley & Sons Limited, 1999 (прво издание)
Издавач МК: Ад Вербум, 2010
ISBN 978-608-65029-7-3

## КОМПЈУТЕРСКИ МРЕЖИ



**Компјутерски мрежи** - Ова издание е идеален вовед во денешните и утрешните мрежи - ги содржи најновите и најважните технологии за вмрежување. Книгата тематски опфаќа: Физички слој; Податочен слој; MAC – Потслој за контрола на пристап до медиум; Мрежен слој; Транспортен слој; Апликациски слој и Мрежна сигурност.

Автор: **Ендру С. Таненбаум**
Издавач: Pearson Education, 2003
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-4535- 59-1

## КОМПЈУТЕРСКИ СИСТЕМИ



**Компјутерски системи: перспектива на програмерот** - Оваа книга го објаснува функционирањето на компјутерските системи и се однесува на Intel – компатибилни (IA32) машини кои извршуваат C - програми на оперативни машини поврзани со Unix како што е Linux.

Автор: **Р. И. Брајан, Д.Р. О' Халарон**
Издавач: Pearson Education, 2003 (прво издание)
Издавач МК: Ад вербум, 2010
ISBN 978-608-4627-00-5

## КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ



**Комуникациски мрежи: основни концепти и клучни архитектури** - Целта на оваа книга е да даде вовед во фундаменталните процеси на мрежната архитектура и нивна примена во постојните мрежи и во мрежите што ќе се појават, улогата на интернет-протоколите во идната мрежна архитектура, како и целосно покривање на фундаменталните мрежни концепти.

Автор: **А. Леон-Гарсија, И. Виџаја**
Издавач: McGraw-Hill Companies, 2004
Издавач МК: Арс Ламина, 2009
ISBN 978-608-4535-46-1

## КОНЦЕПТИ ВО ПРОГРАМСКИТЕ ЈАЗИЦИ




**Концепти во програмските јазици** - Оваа книга ги објаснува и ги испитува централните концепти кои се користат во модерните програмски јазици (јазици, типови, управување со меморија и контрола), ја разгледува историјата на објектите, Симула и Смолток, како и јазиците C++ и Јава со цел подобро разбирање на проблемите и решенијата кои се јавуваат во дизајнот на програмските јазици, како и нивните предности и недостатоци.

Автор: **Џон Ц Мичел**
Издавач: Cambridge University Press, 2010
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-4535- 52-2

## КРИПТОГРАФИЈА И БЕЗБЕДНОСТ НА МРЕЖА



**Криптографија и безбедност на мрежа – принципи и практики** - Целта на оваа книга е воведување во принципите на шифрирањето и мрежната заштита, како и техниките и ефективната употреба, практика на мрежната заштита, запознавање со апликациите за автентикација„state-of-the-art", за електронската пошта, IP и веб-заштитата, вклучувајќи и опширни прилози и онлајн ресурси.

Автор: **Вилијам Сталингс**
Издавач: Prentice Hall, 2005 (четврто издание)
Издавач МК: Абакус комерц, 2010
ISBN 978-608-4606-03-1

## МЕНАЏМЕНТ НА ИНФОРМАЦИСКИ СИСТЕМИ




**Менаџмент на информациски системи: управување со дигитална компанија** - Книгата е наменета за оние што сакаат продлабочено да го разгледаат начинот на кој деловните компании ги користат информациските технологии и системи за подигање на корпоративните цели. Оваа книга ги содржи основните концепти на МИС користејќи интегрирана рамка за опишување и анализирање на информациските системи.

Автор: **Кенет К. Лаудон и Џенет П. Лаудон**
Издавач: Pearson Education, 2010
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-4535-55-3

## МЕХАТРОНИКА




**Мехатроника** - Оваа книга претставува најдетален текст за мехатроника кој некогаш бил достапен, овозможувајќи им на учениците и професионалците целосно да се вклучат во сите аспекти на дизајн на мехатронски системи, од идеја до финален производ.

Автор: **Годфреј Оунболоу**
Издавач: Elsevier Inc, 2005 (прво издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2009
ISBN 978-9989-2874-6-6

## МОБИЛИЗИРАЊЕ НА ИНФОРМАТИЧКОТО...




**Мобилизирање на информатичкото општество - стратегии за развој и можности** - Книгата е суштинска процена на напредокот кон единствената европска визија за „информатичко општество". Оваа визија се карактеризира со очекуван придонес на информатичкото општество кон економскиот развој, зголемување на вработеноста и социјална и економска кохезија во рамките на Европската Унија која, евентуално, ќе ги прошири своите граници и кон Истокот.

Автор: **Р. Мансел и Р.Е. Стеинмуелер**
Издавач: Oxford University Press, 2000 (прво издание)
Издавач МК: ТРИ, 2009
ISBN 978-9989-187-83-4

## МОДЕЛИРАЊЕ И УПРАВУВАЊЕ НА РОБОТИТЕ




**Моделирање и управување на роботите** - Првите шест глави од книгата се на релативно елементарно ниво, додека останатите се на повисоко ниво. Главите концепциски може да се поделат во три групи. По воведната глава, главите од 2 до 5 се занимаваат со геометријата на движењето на роботот. Главите од 6 до 10 се занимаваат со динамиката и со управувањето. И на крајот, главите 11 и 12 ја разработуваат компјутерската визија и како може таа да се воведе директно во роботскиот систем на управување.

Автор: **Марк В. Спонг и други**
Издавач: John Wiley&Sons Inc, 2006 (прво издание)
Издавач МК: Датапонс, 2012
ISBN 978-608-222-032-1

## МОДЕРНИ ОПЕРАТИВНИ СИСТЕМИ



**Модерни оперативни системи** - Во оваа книга акцентот е ставен на оперативниот систем како создавач на апстракции, разработени се принципите и практиките на модерните оперативни системи и вградените и мултимедијални системи во реално време.

Автор: **Ендрју С. Тененбаум**
Издавач: Prentice Hall, 2007 (трето издание)
Издавач МК: Микена – Битола, 2010
ISBN 978-9989-55-264-9

## НАУЧЕТЕ PERL




**Научете Perl** - Оваа книга е основно упатство за програмирање во јазикот Perl и има цел да ги претстави потребите на програмерите кои денеска учат Perl. Во книгата може да се прочита за скаларни податоци, листи и низи, потпрограми, хешови, основи за влез и излез, за регуларните изрази, за работа со датотеки и директориуми, знаковни низи и сортирање, за некои напредни техники на Perl и за други теми поврзани со оваа област.

Автор: **Р. Л.Шварц и Т. Финикс**
Издавач: O` Reilly Media, 2001 (трето издание)
Издавач МК: Ад вербум, 2009
ISBN 978-608-65029-4-2

## ОБЈЕКТИВНО ОРИЕНТИРАНА АНАЛИЗА И ДИЗАЈН



**Објективно ориентирана анализа и дизајн** - Оваа книга опфаќа содржини кои се однесуваат на прашањата поврзани со карактеристиките на софтверските решенија, апликации и дизајни, со објаснувања на определени информатички алатки, принципи, шаблони и пристапи што се користат во оваа сфера.

Автор: **Брет Д. Меклолин, Гери Полис и Дејвид Вест**
Издавач: O' Reilly Media, 2007
Издавач МК: Просветно дело, 2008
ISBN 978-9989-0-0661-6

## ОБЛИЦИ ЗА ДИЗАЈН




**Облици за дизајн: елементи од повторно употреблив објект-но-ориентиран софтвер** - Во оваа книга авторите даваат вовед во принципите на облиците за дизајн создавајќи каталог кој ја покажува улогата што можат да ја играат облиците во развојот на комплексни системи и кој содржи доста прагматични референции од едно множество на добро осмислени облици кои можат да се применат при изработка на неговите специфични апликации.

Автор: **Ерих Гама, Ричард Хелм, Ралф џонсон Џон Влисидес**
Издавач: Pearson Education, 1994
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-246-5

## ОСНОВИ ЗА ПРОГРАМСКИТЕ ЈАЗИЦИ



**Основи за програмските јазици** - Книгата ги акцентира анализата и дискусијата за релевантните концепти кај програмските јазици, секвенцијалните јазици, како и техниките и концептите што се применуваат кај програмските јазици.

Автор: **Џон Ц. Мичел**
Издавач: Cambridge University Press, 1996
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-4535-57-7

## ОСНОВИ НА БЕЗЖИЧНА КОМУНИКАЦИЈА



**Основи на безжична комуникација** - Оваа книга ги покрива, во вистинска смисла на зборот, основите на проектите на безжичниот систем и го вклучува прецизниот опис на најсовремените предности како МИМО и опортунистичката комуникација.

Автор: **Д. Тсе и П. Висванат**
Издавач: Cambridge University Press, 2005
Издавач МК: Арс Ламина, 2009
ISBN 978-608-4535-02-7

## ОСНОВИ НА СИСТЕМИ СО БАЗИ НА ПОДАТОЦИ



**Основи на системи со бази на податоци** - Оваа книга ги воведува основните концепти потребни за проектирање, употреба и имплементација на системите и апликациите кои користат бази на податоци. Составена е од осум делови: Вовед и концептуално моделирање; Релационен модел; Теорија и методологија за дизајнирање на бази на податоци; Складирање на податоци, индексирање, процесирање на прашалници и физички дизајн; Објектни и објектно – релациони бази на податоци; Понатамошни теми: безбедност, напредно моделирање и дистрибуција; Нови технологии.

Автор: **Рамез Елмасри и Шамкант Б. Навати**
Издавач: Pearson Education, 2007
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-4535-68-3

## ОСНОВНИ КОНЦЕПТИ ЗА БИОИНФОРМАТИКАТА



**Основни концепти за Биоинформатиката** - Целта на оваа книга е студентите да научат кои програми се достапни за анализа на податоци, како да се разберат основните алгоритми кои лежат во основата на овие програми, како изгледа истражувањето на биоинформатичарите, како и други основни концепти.

Автор: **Д. Е. Крејн, М. Л. Рајмер**
Издавач: Benjamin Cummings, 2002 (прво издание)
Издавач МК: Абакус комерц, 2010
ISBN 978-608-4597-01-8

## ПОДАТОЧНИ И КОМПЈУТЕРСКИ КОМУНИКАЦИИ



**Податочни и компјутерски комуникации** - Книгата се состои од 6 делови: Преглед; Податочни комуникации; Регионални мрежи (WAN); Локални мрежи (LAN); Интернет и протоколи за транспорт; Интернет–апликации. Оваа книга нуди јасен преглед на областите на податочни комуникации, вмрежување и протоколи.

Автор: **Вилијам Сталингс**
Издавач: Pearson Education, 2007
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-4535- 58-4

## ПРАКТИЧНА КРИПТОГРАФИЈА




**Практична криптографија** - Целта на авторите на оваа книга е да ги опишат ограничувањата на реалниот свет и реалностите на криптографијата и содржи совети за развивање, правење и користење безбедни криптографски системи. Книгата обработува неколку содржини кои се однесуваат на безбедност на пораки, договарање на клучеви, управување со клучеви и друго.

Автор: **Нилс Фергусон и Брус Шнајдер**
Издавач: Wiley publishing, Inc, 2003
Издавач МК: Арс Ламина, 2009
ISBN 978-608-4535-50-8

## ПРИНЦИПИТЕ НА ПАРАЛЕЛНОТО ПРОГРАМИРАЊЕ



**Принципите на паралелното програмирање** - Оваа книга се фокусира на основните принципи на паралелното пресметување, ги објаснува различните феномени и појаснува зошто овие феномени претставуваат можности или бариери за успешното паралелно програмирање. Содржи 4 глави: Основи, Паралелни апстракции, Паралелни програмски јазици и Поглед во иднината.

Автор: **К. Лин и Л. Снајдер**
Издавач: Pearson education Inc, 2009 (прво издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2013
ISBN 978-608-229-575-6

## ПРИРАЧНИК ЗА РОБОТИКА И АВТОМАТИЗАЦИЈА




**Прирачник за роботика и автоматизација** - Книгата ги разработува главните аспекти на проектирањето и конструирањето, изработката и оспособувањето на роботските системи и нивните разновидни примени.

Автор: **Томас Р.Курфес**
Издавач: CRC Press, 2004 (прво издание)
Издавач МК: Датапонс, 2013
ISBN 978-608-222-054-3

## ПРОГРАМСКИ ЈАЗИК C




**Програмски јазик C** - Оваа книга е предвидена да му помогне на читателот да научи да програмира во C и содржи основни поставки кои му овозможуваат на новиот корисник да научи да почне да работи во најкраток можен рок, посебни поглавја за секоја важна тема и упатство за употреба.

Автор: **Б. В. Кернинган и Д. М. Ричи**
Издавач: Pearson Education, 1988 (второ издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2009
ISBN 978-608-4535-48-5

## РАЗВОЈ НА ИНФОРМАЦИСКИ СИСТЕМИ



**Развој на информациски системи: методологии, техники и алатки** - Во книгата станува збор за развојот на информациските системи, животниот циклус на развојот на системите, техниките, методологиите, алатките поврзани со развојот на информациските системи. Во неа има теми за развојот на информациските системи, за алатки и групи од алатки, за методологии и прашања поврзани со методологиите и за споредба на методологиите и други теми од оваа област.

Автор: **Д. Ејвисон и Г. Фицџералд**
Издавач: McGraw-Hill Education (UK), 2006 (четврто издание)
Издавач МК: Ад вербум, 2010
ISBN 978-608-65029-9-7

## РОБОТСКИ СИСТЕМИ ЗА ГЛЕДАЊЕ



**Роботски системи за гледање** - Роботските системи за гледање претставуваат континуиран развој од формирањето слики, преку анализа на сликите, па сè до анализа на сцените. Даден е доследен пристап кон брзодвижечкото поле на компјутерското гледање употребувајќи конзистентно обележување засновано врз детално разбирање на процесот за формирање слики.

Автор: **Бертолд Клаус Пох Хорн**
Издавач: The Massachsetts Institute of Technology, 1986
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-276-2

## СЕРГЕЈ БРИН И ЛЕРИ ПЕЈЏ: ОСНОВАЧИТЕ НА...




**Сергеј Брин и Лери Пејџ: основачите на Гугл** - Книгата претставува биографија на основачите на Гугл – пребарувач кој се инфилтрираше во секојдневните животи на милиони луѓе. Во неа има содржини за Лери Пејџ - големи соништа, Сергеј Брин - благодарниот Американец. Исто така, читателот може да прочита и други интересни теми, како на пример веб во вашиот џеб, сите информации на светот, неконвенционална компанија и оптимистична иднина и слично.

Автор: **Стефани С.Макферсон**
Издавач: Lerner Publishing Group, 2011
Издавач МК: Арс Ламина, 2013
ISBN 978-608-229-549-7

## СИСТЕМИ ЗА БАЗИ НА ПОДАТОЦИ



**Системи за бази на податоци – комплетна книга** - Содржината на книгата го опфаќа јадрото на материјалот што се учи за низата предмети за бази на податоци на Стенфорд. Книгата, исто така, е наменета за сите студенти кои сакаат да употребуваат системи за бази на податоци и да се вклучат во нивната имплементација. Во неа има содржини и за податочно рударење и за веб-рударење.

Автор:**Хектор Гарсија – Молина, Џефри Д. Улман, Џенифер Видом**
Издавач: Pearson Education, 2009
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-4535-62-1

## СИСТЕМИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО БАЗИ НА ПОДАТОЦИ



**Системи за управување со бази на податоци** - Во оваа книга се обработени системите за бази на податоци, Ентитет-асоцијативниот модел (ERM – Entity Relationship Model), како и релациониот модел, кои објаснуваат како се користат и креираат базите на податоци. Опфатени се и основите на дизајн на бази на податоци и извршување на прашања врз истите, како и детален преглед на SQL-прашањата. Опфатени се, исто така, и складирањето и индексирањето на податоците.

Автор: **Р. Рамакришнан и Ј. Герке**
Издавач: McGraw-Hill, 2002
Издавач МК: Абакус комерц/Давид Компјутери, 2010
ISBN 978-608-4606-09-3

## СИСТЕМИ НА БАЗИ НА ПОДАТОЦИ



**Системи на бази на податоци: практичен приод кон дизајн, имплементација и управување** - Целите на оваа книга се да се обезбеди учебник кој дава појасен вовед во теоријата за базите на податоци, да обезбеди методологија за дизајн на бази на податоци која ќе може да се употребува и од технички–ориентирани и од технички–неориентирани читатели.

Автор: **Томас М. Конoли и Каролин Е. Бег**
Издавач: Pearson Education, 2007
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-4535-69-0

## СОВРЕМЕНИ ДИГИТАЛНИ И АНАЛОГНИ...




**Современи дигитални и аналогни комуникациски системи** - Оваа книга е идеална за првиот курс по комуникациски системи за електроинженери, кој им нуди одличен педагошки стил, бидејќи од неа можат да научат за анализа и пренос на сигнали, за амплитудна и аголна модулација, како и за многу други корисни содржини.

Автор: **Багавандес П.Латхи**
Издавач: Oxford University Press, 1998
Издавач МК: Арс Ламина, 2009
ISBN 978-608-4535-06-5

## СОФТВЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО




**Софтверско инженерство** - Содржините во книгата се засноваат врз основните процеси на софтверското инженерство и е добра основа за спецификација на софтверски барања, дизајн на софтвер, управување во софтверско инженерство, развој на зависни системи и развој на софтвер.

Автор: **Иан Самервил**
Издавач: Pearson Education, 2007 (осмо издание)
Издавач МК: Просветно дело, 2008
ISBN 978-9989-0-0670-8

## СРЖТА НА ВЕБ-ПРОГРАМИРАЊЕТО




**Сржта на ВЕБ-програмирањето (дел 1 и дел 2)** - Оваа книга нуди практичен преглед за развој на веб со HTML, CSS и ЈаваСкрипт-технологија, стручна покриеност на J2SE™ 1.3 технологијата, од Swing и Јава 2D API до креирање нишки, RMI и JDBC-технологија, брзи техники за развој на серверска страница со сервлети, JSP-технологија и XML, како и реални примери на код вклучувајќи примероци на апликации. Во книгата има теми кои обработуваат содржини за Јава-програмирање, програмирање на серверска страница и друго.

Автор: **Марти Хол и Лери Браун**
Издавач: Pearson Education, 2001
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-4535- 60-7

## СТРУКТУИРАНА КОМПЈУТЕРСКА ОРГАНИЗАЦИЈА



**Структуирана компјутерска организација** - Ова издание ги опфаќа: дигиталното логичко ниво, микроархитектурното ниво, сетот инструкции за ниво на архитектура, оперативниот систем на машинско ниво и нивото на асемблерски јазик, пишува за новите, изменети и современи за користење примери, како: Pentium 4, UltraSPARC III и Intel 8051 и содржи практичен водич за користење на асемблерскиот јазик за програмирање.

Автор: **Ендрју С. Таненбаум**
Издавач: Prentice Hall, 2005 (петто издание)
Издавач МК: Абакус комерц , 2010
ISBN 978-9989-9511-9-0

## ТАЈНИТЕ НА ИНОВАЦИИТЕ НА СТИВ ЏОБС




**Тајните на иновациите на Стив Џобс: незамисливо поинакви принципи за продорен успех** - Книгата се состои од 7 принципи: Прави го тоа што сакаш; Остави трага во универзумот; Стимулирај го твојот мозок; Продавај соништа, не производи; Кажи „не" за 1000 работи; Создај незамисливо големи искуства; Загосподари со пораките. Таа се осврнува на значењето на комуникацијата и има задача да ги упати читателите во потрагата по алатки за успех.

Автор: **Кармин Гало**
Издавач: McGraw-Hill. 2011 (прво издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-352-3

## УМЕТНОСТА НА КОМПЈУТЕРСКО ПРОГРАМИРАЊЕ




**Уметноста на компјутерско програмирање (том 1): Фундаментални алгоритми** - Содржината на оваа книга се однесува на основните програмски концепти и техники и на информациските структури (репрезентација на информациите внатре во компјутерот), структурните односи меѓу податочните елементи и ефективно справување со нив. Исто така, претставени се и елементарни апликации на стимулација, нумерички методи, симболичко сметање, софтверски и системски дизајн и важни алгоритми и техники.

Автор: **Доналд Е. Кнут**
Издавач: Addison-Wesley Professional, 1998 (трето издание)
Издавач МК: Просветно дело, 2009
ISBN 978-9989-0-0668-5

## УМЕШНОСТА НА КОМПЈУТЕРСКОТО ПРОГРАМИРАЊЕ




**Умешноста на компјутерското програмирање (Том 4): Вовед во комбинаторните алгоритми и Булови функции** - Во оваа книга е направена анализа на алгоритмите и се прикажани основните идеи на комбинаториката, а потоа се претставени основите за ефикасно справување со 0-те и 1-те во машина, вклучувајќи ги тука основите на Булова алгебра и евалуација на Булова функција.

Автор: **Доналд Е. Кнут**
Издавач: Pearson Education, 20098 (четврто издание)
Издавач МК: Микена – Битола, 2009
ISBN 978-9989-55-189-5

## ХЕМОМЕТРИЈА




**Хемометрија: статистика и компјутерски софтвери во аналитичката хемија** - Оваа книга изобилува со примери кои ќе овозможат продлабочување во најновите сознанија од областа на модерната хемометрија.

Автор: **Матијас Ото**
Издавач: Wiley-VCH, 2007 (второ издание)
Издавач МК: Академски печат, 2011
ISBN 978-608-231-016-9

## ВОВЕД ВО ТЕОРИЈА НА АВТОМАТИ, ...




**Вовед во теорија на автомати, јазици и пресметувања** - Оваа класична книга за формалните јазици, за теоријата на автоматите и комплексноста на пресметувањето е ажурирана за да ги претстави теориските концепти на концизен и едноставен начин, со зголемено покривање на практичните примени. Ова издание им нуди на студентите помалку формален стил, а во исто време обезбедува најдостапно покривање на теоријата на автоматите, солиден третман на конструкциски докази, голем број слики и дијаграми за полесно пренесување на идеите, како и рамки во кои се потенцира поврзаната материја.

Автор: **Џон Е. Хопкрофт, Раџив Мотвани и Џефри Д. Улман**
Издавач: Pearson Education
Издавач МК: Арс Ламина
ISBN 978-608-229-625-8

## ОБРАБОТКА НА ГОВОР И НА ЈАЗИК




**Обработка на говор и на јазик** - Ова е првата книга што целосно ја покрива јазичната технологија, на сите нивоа и со сите современи технологии. Таа ги сплотува длабоките лингвистички анализи со робусните статистички методи. Ако погледнеме како е организирана книгата по нивоа, таа почнува со зборот и неговите компоненти, ги покрива својствата на секвенците од зборови и начините како тие се изговорени и разбрани, потоа продолжува едно ниво погоре кон начинот како зборовите правилно се комбинираат, како зборовите формираат значење и како служат како основа за одговарање на прашања, дијалог и преведување помеѓу јазиците.

Автор: **Даниел Џурафски, Џејмс Х. Мартин**
Издавач: Pearson Education
Издавач МК: Датапонс
ISBN 978-0131-873-21-6

## ОСНОВИ НА ТЕЛЕКОМУНИКАЦИИ




Автор: **Лилијан Голениевски, Кити Вилсон Церет**
Издавач: Pearson Education
Издавач МК: Датапонс
ISBN 978-032-142-761-8

**Основи на телекомуникации -** Ова издание дава сеопфатен преглед на брзорастечкиот свет на телекомуникации. Обезбедувајќи целосна и длабинска анализа, оваа книга не само што ги покрива основните телекомуникациски градбени блокови туку истовремено ги покрива и најновите информации за телекомуникациските технологии. Ова издание вклучува нови делови посветени на IP телефонија, VPN- и, NGN архитектури, широкопојасни пристапни алтернативи, широкопојасни безжични апликации и ги објаснува технолошките и политички сили кои се на сцена во светот на телекомуникациите.

## ВОВЕД ВО ЕЛЕКТРОДИНАМИКАТА



Автор: **Дејвид Џ. Грифитс**
Издавач: Pearson Education
Издавач МК: Арс Ламина
ISBN 978-608-229-786-6

**Вовед во електродинамиката -** Оваа книга претставува учебник за електрицитетот и за магнетизмот, дизајнирана за додипломски курс од трета или четврта година. За разлика од квантната механика или топлинска физика, постои општ консензус во однос на изучувањето на електродинамиката; темите што треба да бидат вклучени, па дури и редоследот на нивното претставување не се особено проблематични, а учебниците можат да се разликуваат главно во тонот и стилот.

## ПОДАТОЧНИ СТРУКТУРИ И АЛГОРИТМИ ВО JAVA




Автор: **Роберт Лафор**
Издавач: Sams Publishing (второ издание)
Издавач МК: Арс Ламина
ISBN 978-608-229-767-5

**Податочни структури и алгоритми во Java -** Книгата обезбедува еден лесно разбирлив прирачник за понекогаш комплексната тема на уредување и манипулација со податоците за да се добијат максимални перформанси кај компјутерските апликации. Истовремено, книгата нуди иновативен и исклучителен визуелен практикум за да ги прикаже клучните теми. Содржините се сместени во повеќе детално обработени делови.

## МОДЕРНА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА КОМПАЈЛЕРИ ...




Автор: **Ендрју В. Апел**
Издавач: Cambridge University Press (второ издание)
Издавач МК: Арс Ламина
ISBN 978-608-229-757-6

**Модерна имплементација на компајлери во Java -** Во оваа книга се опишани сите фази на еден компајлер: лексичката анализа, разложувањето, апстрактната синтакса; семантичките дејства, посредните претстави, инструкциската селекција преку споредување на дрвата, анализата на податочниот тек, доделувањето регистри со помош на боење графови, како и системите при извршување. Во книгата е вклучено добро покривање на тековните техники за генерирање програмски код и доделување регистри, како и преведувањето на функционални и објектноориентирани јазици што ги нема во повеќето книги.

# Математика

## ВОВЕД ВО ВЕРОЈАТНОСТ




**Вовед во веројатност** - Оваа книга ги покрива основите на теоријата на веројатност. Материјалот е поделен во неколку поглавја, и тоа: Простор од елементарни настани и веројатност, Дискретни случајни променливи, Општи случајни променливи, Дополнителни случајни променливи, Гранични теореми, Процеси на Бернули и Поасон, Маркови ланци, Баесово статистичко заклучување и Класично статистичко заклучување.

Автор: **Берцекас и Цициклис**
Издавач: Athena Scientific, 2008
(второ издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-309-7

## ВОВЕД ВО ЕКОНОМЕТРИЈА СО ПРИМЕНИ



**Вовед во економетрија со примени** - Ова издание дава јасна спецификација на теоретските претпоставки со докази за својства прикажани во прилозите; прави детални чекори за проценка на модели или за дијагностичко тестирање заради подобрување на спецификациите на моделите или процедурите за процена; разгледување на практични примени кои покажуваат како економетриската методологија се применува врз реални податоци и интуитивно толкување на резултатите.

Автор: **Раму Раманатан**
Издавач: Course Technology Inc, 2002 (петто)
Издавач МК: ТРИ, 2010
ISBN 978-608-4577-62-1

## ВОВЕД ВО МАТЕМАТИЧКА АНАЛИЗА ЗА...




**Вовед во математичка анализа за економска теорија и економетрија** - Оваа книга обезбедува едноставен вовед во математичката анализа со примени во економската теорија и економетрија. Целта е да се премости јазот меѓу учењето на основната математика за економија и значајно напреднатата математика задолжителна за економските истражувања денес.

Автор: **Дин Корба и други**
Издавач: Princeton Univetsity Press, 2009
Издавач МК: Арс Ламина, 2013
ISBN 978-608-229-543-5

## ВОВЕД ВО НЕЛИНЕАРНИ ПАРЦИЈАЛНИ...



**Вовед во нелинеарни парцијални диференцијални равенки** - Оваа популарна книга содржи зголемен обем на централни теми од областа на применетата математика во елементарен, лесно читлив формат, достапен за студенти и истражувачи во полето на чистата и применетата математика. Материјалот се однесува на неколку области, и тоа: вовед во диференцијални равенки, равенки од прв ред и карактеристика, слаби решенија на хиперболични равенки, хиперболични системи, процеси на дифузија, модели на реакција – дифузија и стационарни.

Автор: **Џ. Дејвид Логан**
Издавач: John Wiley&Sons, 2008
(второ издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2013
ISBN 978-608-229-571-8

## ВОВЕД ВО ТОПОЛОГИЈА




**Вовед во топологија** - Целта на овој ракопис е да се презентира едноставен, темелен преглед на елементарни теми за студентите чија подготовка вклучува резултати од калкулус, во кој особено внимание е посветено на дефиниции и докази на теореми. Материјалот е поделен на пет глави: Теорија на множества; Метрички простори; Тополошки простори; Сврзаност и Компактност.

Автор: **Берт Менделсон**
Издавач: Dover Publications Inc, 1990
(трето издание)
Издавач МК: Академски печат, 2011
ISBN 978-608-231-000-8

## ДИНАМИЧКО ПРОГРАМИРАЊЕ И ОПТИМАЛНО...




**Динамичко програмирање и оптимално управување (Том 1)** - Ова е значително проширена и подобрена верзија на бестселерот од Берцекас за динамичкото програмирање, централниот алгоритамски метод за оптимално управување, секвенцијалното донесување одлуки во услови на несигурност и комбинаторната оптимизација. Материјалот се фокусира на главните обединувачки теми и концептуалните основи.

Автор: **Димитри П. Берцекас**
Издавач: Athena Scientific, 2005
(трето издание)
Издавач МК: Датапонс, 2012
ISBN 978-608-222-046-8

## ДИНАМИЧКО ПРОГРАМИРАЊЕ И ОПТИМАЛНО...




**Динамичко програмирање и оптимално управување (Том 2)** - Овој том има шест глави и еден додаток, и тоа: Бесконечен простор – намалени проблеми; Стохастички проблеми на најкратки патеки; Ненамалени проблеми; Проблеми со просечна цена на чинење по чекор; Проблеми континуални во времето; Апроксимативно динамичко програмирање и додаток Мерно-теоретски проблеми кај динамичкото програмирање.

Автор: **Димитри П. Берцекас**
Издавач: Athena Scientific, 2007
(трето издание)
Издавач МК: Датапонс, 2012
ISBN 978-608-222-047-5

## КОМПЛЕКСНА АНАЛИЗА: ВОВЕД ВО ТЕОРИЈАТА...



**Комплексна анализа: вовед во теоријата на аналитички функции на една комплексна променлива** - Материјалот на книгата е поделен во неколку поглавја кои се однесуваат на следниве содржини: комплексни броеви, комплексни функции, аналитички функции како пресликувања, комлексна интеграција, развивања во редови и производи, конформно пресликување, Дирихлеов проблем, елиптични функции и обопштени аналитички функции.

Автор: **Ларс В. Алфорс**
Издавач: McGraw-Hill Inc, 1979
(трето издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-402-5

## ЛИНЕАРНА АЛГЕБРА



**Линеарна алгебра** - Книгата содржи десет глави, и тоа: Векторски простори, Конечно димензионални векторски простори, Линеарни пресликувања, Полиноми, Сопствени вредности и сопствени вектори, Унитарни векторски простори, Оператори во унитарни простори, Оператори во комплексни векторски простори, Оператори во реални векторски простори и Трага и детерминанти.

Автор: **Шелдон Екслер**
Издавач: Springer-Verlag New York Inc, 1997 (второ издание)
Издавач МК: Просветно дело, 2009
ISBN 978-9989-0-0691-3

## МАТЕМАТИКА НА МОДЕРЕН ИНЖЕНЕРИНГ




**Математика на модерен инженеринг** - Материјалот во ова четврто издание внимателно е разгледуван како соодветен за прво ниво на основни студии по математика за универзитетска насока во сите инженеринг-дисциплини. Иако е примарно дизајнирана за употреба на студенти во областа на инженерингот, книгата е, исто така, високо употреблива и од студенти на физичките науки и на применетите математики.

Автор: **Глен Џејмс**
Издавач: Person Education Limited, 2008 (четврто издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2009
ISBN 978-608-4535-13-3

## МАТЕМАТИЧКА СТАТИСТИКА И АНАЛИЗА НА...



**Математичка статистика и анализа на податоци** - Книгата примарно е наменета за студентите кои изучуваат статистика, математика, природни науки и инженерство. Обработени се повеќе поглавја: Веројатност; Случајни променливи; Заеднички распределби; Очекувани вредности; Гранични теореми; Изведени распределби од нормалната распределба; Земање на примероци; Оценување на параметри и вклопување на распределби на веројатност; Тестирање на хипотези и оценување на квалитет на вклопување; Сумирање на податоци; Споредување на два примерока; Анализа на варијанса; Анализа на категоризирани податоци; Линеарни најмали квадрати и Најчесто среќавани распределби.

Автор: **Џон А. Рајс**
Издавач: Cengage Learning, 2006
(трето издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2014
ISBN 978-608-229-611-1

## МАТЕМАТИЧКИ МЕТОДИ ВО ФИЗИЧКИТЕ НАУКИ




**Математички методи во физичките науки** - Оваа книга е специјално наменета за студент кој посетувал почетен курс по математичка анализа од една година и кој сака да развие, за кусо време, основни компетенции во секоја од областите на математиката потребни од почетните до напредните курсеви по физика, хемија и инженерство.

Автор: **Мару Л. Боас**
Издавач: DePaul University, 2005
(трето издание)
Издавач МК: Академски печат, 2011
ISBN 978-608-4563-89-1

## НЕЛИНЕАРНИ СИСТЕМИ



**Нелинеарни системи** - Овој учебник е наменет за курсот по нелинеарни системи или автоматско управување за студентите на постдипломски студии. Тој може да се користи и за самостојно учење или како референтен текст за инженери и за применети математичари. Текстот е напишан така што нивото на сложеност на математичкиот апарат расте со секоја следна глава.

Автор: **Хасан К. Калил**
Издавач: Prentice Hall, 2002 (трето издание)
Издавач МК: Датапонс, 2012
ISBN 978-608-222-029-1

## ОПЕРАЦИОНИ ИСТРАЖУВАЊА




**Операциони истражувања** - Во ова издание е направен главен преглед со што претставувањето на материјалот во книгата се фокусира на примените и пресметките во операционите истражувања. Книгата има повеќе поглавја насловени како: Што се операциони истражувања?; Моделирање со помош на линеарно програмирање; Симплекс метод и анализа на сензитивност; Дуалност и пост-оптимална анализа; Транспортен проблем и негови варијанти; Мрежи модели; Напредно линеарно програмирање и други.

Автор: **Хамди А. Таха**
Издавач: Pearson Education, Inc, 2007 (осмо издание)
Издавач МК: Магор, 2010
ISBN 978-608-223-001-6

## ОСНОВИ НА ЕКОНОМЕТРИЈА



**Основи на економетрија** - Примарната цел на ова издание е да нè воведе во економетриската теорија и техниките што се користат. Книгата е наменета за додипломски студии по економија, додипломски студии по бизнис и администрација, магистерски студии по бизнис и администрација и други студии од областа на социјалните и бихејвиоралните науки каде што се користат економетриските техники, особено техниките за анализа на линеарната регресија.

Автор: **Дамодар Н. Гуџарати**
Издавач: The McGraw-Hill Companies Inc, 2006 (трето издание)
Издавач МК: Нампрес, 2012
ISBN 978-9989-682-74-2

## ОСНОВИ НА РОБУСНОТО УПРАВУВАЊЕ




**Основи на робусното управување** - Оваа книга е наменета како учебник за дипломски курс во мултиваријабилно управување и како референца за инженерите што практикуваат управување, како и за оние што се заинтересирани за примената на најновите достигнувања во техниката на робусното управување во нивните апликации. Предуслов за читање на оваа книга е одредено познавање на класичната теорија за управување и на теоријата за просторот на состојби (stat-space theory).

Автор: **Кемин Зои и Џон Ц.Дојл**
Издавач: Prentice Hall,1998 (прво издание)
Издавач МК: Датапонс, 2010
ISBN 978-608-222-018-5

## ОСНОВНИ МЕТОДИ ВО ЕКОНОМСКАТА МАТЕМАТИКА



**Основни методи во економската математика** - Во оваа книга се опфатени следниве поголеми типови економија: статика, компаративна статика, оптимизација на проблеми (како посебен вид статика), динамика и оптимизација на динамиката. За да се разработат, воведени се следниве математички методи: алгебра на матрици; пресметување на диференцијали и интеграли, диференцијални равенки и теорија на оптимална контрола.

Автор: **Алфа Цианг и Кевин Венрајт**
Издавач: The McGraw-Hill Companies Inc, 2005 (прво издание)
Издавач МК: Табернакул, 2010
ISBN  978-608-210-084-5

## ПАРЦИЈАЛНИ ДИФЕРЕНЦИЈАЛНИ РАВЕНКИ



**Парцијални диференцијални равенки: вовед** - Оваа книга дава вовед во основните својства на парцијалните диференцијални равенки и техниките кои се покажаа корисни во нивната анализа. Целта на авторот е да се обезбеди широка перспектива во врска со овој предмет, да го илустрира богатството на различните феномени и да даде практично познавање за најважните техники на анализа на решенијата на равенките.

Автор: **Волтер А. Штраус**
Издавач: John Wiley&Sons Inc, 2007 (второ издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-6086229-243-4

## РЕАЛНА АНАЛИЗА И ВЕРОЈАТНОСТ



**Реална анализа и веројатност** - Оваа книга нуди јасно излагање на модерната теорија на веројатност и на врската меѓу особините на метрички простори и веројатносни мери.

Автор: **Р.М. Дадли**
Издавач: Cambridge University Press, 2002 (второ издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-239-7

## ТОПОЛОГИЈА




**Топологија** - Целта на овој ракопис е да презентира едноставен, темелен преглед на елементарни теми за студентите чија подготовка вклучува резултати од калкулус, во кој особено внимание е посветено на дефиниции и докази на теореми. Материјалот е поделен на неколку главни поглавја, како што се: Теорија на множества, Метрички простори, Тополошки простори, Сврзаност и Компактност.

Автор: **Џејмс Р. Манкрес**
Издавач: Pearson Education, Inc, 2011 (второ издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-202-1

## ОСНОВИ НА КОМПЛЕКСНАТА АНАЛИЗА СО ...



**Основи на комплексната анализа со примени во инженерството и науката** - Книгата има осум поглавја: комплексни броеви; аналитички функции; елементарни функции; комлексно интегрирање; претставување на аналитички функции со редови; теорија на остатоци; конформно пресликување и трансформации во применета математика.

Автор: **Е. Б. Саф, А. Д. Снајдер**
Издавач: Pearson (трето издание)
Издавач МК: Арс Ламина
ISBN 978-608-229-764-4

## КОНКРЕТНА МАТЕМАТИКА – ОСНОВА НА ...




**Конкретна математика – основа на информатиката** - Книгата претставува вовед во математика кој служи како подлога за напредно компјутерско програмирање и за анализа на алгоритми. Основна цел на прочуените автори е да обезбедат цврста и значајна основа од математички вештини, односно од вештините кои се потребни за решавање сложени проблеми, за пресметување цинковски суми и за откривање скриени шеми на податоци.

Автор: **Роналд Л. Греам, Доналд Е. Кнут, Орен Паташник**
Издавач: Addison-Wesley Professional
Издавач МК: Арс Ламина
ISBN 978-608-229-768-2

# Физика

## ВНАТРЕШНИ ГРАНИЦИ ВО МАТЕРИЈАТА И СИЛИ...




**Внатрешни граници во материјата и сили во физичкиот свет** - Меѓу 1895 и 1983 година, периодот опфатен во оваа книга, најмалите истражени растојанија се намалиле за сто милиони пати. Во книгата се обработени повеќе теми, и тоа за: квантната теорија на полето; принципите на непроменливоста; статусот на физиката на елементарни честички; раната историја на електронот; првите години на радиоактивноста; квантната механика и теоријата на позитронот.

Автор: **Абрахам Паис**
Издавач: Oxford University Press,1986
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-274-8

## ВОВЕД ВО МЕХАНИКА НА ФЛУИДИ



**Вовед во механика на флуиди** - Содржината на книгата е поделена на повеќе глави, и тоа: Статика на флуиди, одржување на маса, невискозно течење; Одржување на количество движење, ламинарно вискозно течење, турбулентно вискозно течење, одржување на енергија, течење во флуидни системи, димензионална анализа и моделирање; Течење без вртложење и компресибилно течење.

Автор: **Џејмс А. Феј**
Издавач: MIT Press Cambidge, 1994 (прво издание)
Издавач МК: Датапонс, 2012
ISBN 978-608-222-030-7

## ВОВЕД ВО ФИЗИКАТА НА ТВРДОТО ТЕЛО




**Вовед во физиката на тврдото тело** - Оваа книга се фокусира на определени тврди тела во физиката, нивните својства, специфики, карактеристики, меѓусебни влијанија и манифестации.

Автор: **Чарлс Кител**
Издавач: John Wiley&Sons Inc, 2004 (осмо издание)
Издавач МК: Академски печат, 2011
ISBN 978-608-231-004-6

## КОМПЈУТЕРСКА ФИЗИКА




**Компјутерска физика: верзија во FORTRAN** - При изборот на материјалот на оваа книга, поставена е цел преку примери на директно користење на компјутери за моделирање на физички системи да се стекнат пресметковни вештини кај студентите во погорните студиски години или кај почетниците–постдипломци.

Автор: **Стивен Е.Кунин и Даун К.Мередит**
Издавач: Westview Press, 1990
Издавач МК: Просветно дело, 2009
ISBN 978-9989-0-0693-7

## МЕХАНИКА НА ФЛУИДИ



**Механика на флуиди** - Книгата има повеќе глави насловени како: Распределба на притисокот во флуид; Интегрални равенки за контролен волумен; Диференцијални равенки за динамика на флуиди; Димензионална анализа и сличности; Вискозен проток во канали; Потопени тела во проток; Потенцијал на проток и компјутерска динамика на флуиди; Компресибилен проток; Проток во отворен канал и Турбомашини.

Автор: **Френк М. Вајт**
Издавач: McGraw-Hill, 2008 (шестто издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2009
ISBN 978-608-4535-08-9

## МОДЕРНА ФИЗИКА ЗА НАУЧНИЦИ И ИНЖЕНЕРИ




**Модерна физика за научници и инженери** - Книгата тематски опфаќа: Раѓањето на модерната физика; Специјална теорија на релативноста; Експериментална основа на квантната теорија; Структура на атомот; Бранови својства на материјата и Квантна механика; Водородниот атом; Атомска физика; Статистичка физика; Молекули и цврсти тела; Теорија на полуспроводници и полуспроводнички елементи; Атомското јадро; Нуклеарни заемнодејства и нивна примена; Елементарни честици; Општа теорија на релативноста и Космологија.

Автор: **С. Т.Торнтон, Е. Рекс**
Издавач: University of Virginia, 2005 (трето издание)
Издавач МК: Табернакул, 2010
ISBN 978-608-210-112-5 (13)

## ПОУЧУВАЊЕ ОПШТА ФИЗИКА



**Поучување општа физика** - Книгата содржи 13 глави: Основи, Кинематика на праволиниско движење, Основи на динамика, Движење во рамнина, Импулс и енергија, Статички електрицитет, Електрична струја, Електромагнетизам, Бранови и сетила, Почетоци на модерната физика, Содржини од разни области, Стекнување поширока научна писменост и Критичко размислување.

Автор: **Арнолд Б. Аронс**
Издавач: John Wiley & Sons, Inc, 1997
Издавач МК: Просветно дело, 2010
ISBN 978-9989-0-0809-2

## ФИЗИКА ВО ФАБРИКА




**Физика во фабрика** - Ова дело, кое претставува систематски опис на основното однесување на производствените системи, има три дела: Поуките од историјата, Физика во фабрика и Принципи во практика.

Автор: **В. Џ. Хоп и М. Л. Спирман**
Издавач: McGraw-Hill/Irwin, 2000
(второ издание)
Издавач МК: Датапонс , 2012
ISBN978-608-222-040-6

## ФИЗИКА ЗА ЗАШТИТА ОД РАДИЈАЦИЈА




**Физика за заштита од радијација** - Содржината на книгата е поделена на петнаесет глави: Атоми и енергија; Големи откритија во радијацијата; Радиоактивна трансформација; Заемодејства; Нуклеарна фисија и нејзини продукти; Природна радијација и радиоактивност; Заемодејства на зрачењето со материјата; Заштита од зрачење; Доза на внатрешно зрачење; Дисперзија во животната средина; Нуклеарни експлозии; Детекција и испитување на зрачењето; Статистика во радијационата физика; Неутрони и X–зраци.

Автор: **Џејмс Е. Мартин**
Издавач: WILEY-VCH Verlag GmbH&Co, 2006
Издавач МК: Просветно дело, 2009
ISBN 978-9989-0-0726-2

## ФИЗИКА НА ПОЛИМЕРИ




**Физика на полимери** - Оваа книга го воведува читателот во фасцинантното поле на физиката на полимерите и се состои од четири дела: Конформации на единечна верига; Термодинамика на смеси и раствори; Мрежи и гелирање и Динамика.

Автор: **М. Рубинштајн и Р. Колби**
Издавач: Oxford University Press, 2003 (прво издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-369-1

## ФИЗИКА НА ПОЛУПРОВОДНИЧКИ ЕЛЕМЕНТИ



**Физика на полупроводнички елементи** - Оваа класична книга ги поставува стандардите на напредното изучување и референците во полето на полупроводничките елементи. На читателот му нуди директен пристап до деталните објаснувања на физичките карактеристики на сите главни биполарни, со ефект на поле, микробранови и сензорски елементи. Книгата ги содржи темите: Физика на полупроводници; Градбени блокови на елементите; Транзистори; Негативна отпорност и електрични уреди; Фотонски уреди и сензори.

Автор: **С. М. СЗЕ и Квок К. НГ**
Издавач: John Wiley&Sons Inc, 2007
(трето издание)
Издавач МК: Просветно дело, 2010
ISBN 978-9989-0-0810-8

# Хемија

## АНАЛИТИЧКА ХЕМИЈА: ВОВЕД



**Аналитичка хемија: вовед** - Главна цел на овој текст е темелно да ги претстави хемиските принципи од особена важност за аналитичката хемија. Содржината на книгата е поделена на шест дела: Алатки во аналитичката хемија, Принципи и употреба на хемиската рамнотежа, Електрохемиски методи, Спектрохемиска анализа, Сепарациони методи и Избрани методи на анализа.

Автор: **Даглас А.Ског и други**
Издавач: Cengage Learning, 1999 (седмо издание)
Издавач МК: Просветно дело , 2009
ISBN 978-9989-0-0713-2

## АТКИНСОВА ФИЗИЧКА ХЕМИЈА




**Аткинсова физичка хемија** - Книгата е еден од најпознатите светски учебници по физичка хемија чии први шест изданија се потпишани од Питер Аткинс. Материјалот во книгата е разделен на триесетина дела. Од нив 25 се различни поглавја од физичката хемија групирани во три главни дела: Рамнотежа; Структура и Промена, а другите се однесуваат на различни додатоци.

Автор: **П. Аткинс и Ж. де Паула**
Издавач: W. H. Freeman, 2006 (осмо издание)
Издавач МК: Просветно дело, 2010
ISBN 978-9989-0-0879-5

## АТОМСКО МОДЕЛИРАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ НА...




**Атомско моделирање на процесот на попуштање на материјалите** - Фокусирајќи се на различните крти, пластични и геометриски ограничени материјали, овој детализиран преглед вклучува пресметковни методи на атомско скаларно ниво и дава опис како можат да бидат искористени овие техники за моделирање на динамиката на прснатините, дислокациите и останатите деформациони механизми.

Автор: **Маркус Џ. Бухлер**
Издавач: Springer, 2008 (прво издание)
Издавач МК: Датапонс, 2010
ISBN 978-608-222-014-7

## БИОХЕМИСКО ИНЖЕНЕРСТВО




**Биохемиско инженерство** - Книгата има три дела, од кои првиот дел се фокусира на: основни концепти и принципи: елементи на процесите на физичкиот пренос, хемиска и биохемиска кинетика и кинетика на клетка. Вториот дел ги обработува следниве содржини: единични операции и апарат за биосистеми: топлински пренос; пренос на маса; биореактори; мембрански процеси; сепарација на клеточна течност и разорување на клетката; стерилизација.

Автор: **Ш. Катох и Ф. Јошида**
Издавач: Wiley-VCH Verlag GmbH&Co, 2009
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-266-3

## ВОВЕД ВО ОПШТА ОРГАНСКА ХЕМИЈА И БИОХЕМИЈА




**Вовед во општа органска хемија и биохемија** - Ова издание е, всушност, студентски прирачник кој содржи одговори на прашања и решенија на вежби и задачи од обласата на општата и органската хемија и биохемијата.

Автор: **М. Хајн, С. Патисон и С. Арена**
Издавач: John Wiley&Sons, 2011 (десетто издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2013
ISBN 978-608-229-412-4

## ЛЕНИНЦЕР: ПРИНЦИПИ НА БИОХЕМИЈАТА



**Ленинџер: Принципи на биохемијата** - На самиот почеток од книгата се објаснети основите на биохемијата како основни поими за клетката, хемијата, физиката и генетиката, а потоа и подетално се разработуваат различни содржини од оваа област.

Автор: **Д. Л. Нелсон, М. М. Кокс**
Издавач: W. H. Freeman, 2008 (петто издание)
Издавач МК: Микена – Битола 2011
ISBN 978-9989-55-295-3

## МОДЕРНА АНАЛИТИЧКА ХЕМИЈА




**Модерна аналитичка хемија** - Овој учебник е наменет за оние што сакаат да се стекнат со солидна основа од областа на хемиската анализа. Во оваа книга авторот се обидува да изнајде посободветна рамнотежа меѓу теоријата и практиката, меѓу класичните и модерните методи на анализа, меѓу анализирањето на примероците и собирање и подготовка на примероците за анализа, како и меѓу аналитичките методи и анализата на податоците.

Автор: **Дејвид Харви**
Издавач: McGraw-Hill Science/Engineering/Math, 1999 (прво издание)
Издавач МК: Просветно дело, 2009
ISBN 978-9989-0-0749-1

## НЕОРГАНСКА ХЕМИЈА



**Неорганска хемија** - Целта на авторите е да обезбедат сеопфатен и модерен вовед во разновидната и фасцинирачка дисциплина на неорганската хемија. Материјалот е поделен во три дела: основи, елементите и нивните соединенија и граници.

Автор: **П. В. Аткинс и други**
Издавач: W. H. Freeman and Company, 2006 (четврто издание)
Издавач МК: Микена – Битола,2010
ISBN 978-9989-55-292-4

## ОПШТА ХЕМИЈА



**Општа хемија** - Во овој текст цел на авторите е да им ги пренесат на студентите суштинските принципи; да им помогнат да изградат стратегии за решавање проблеми. Материјалот помага во визуелизација на хемиските феномени и во она што студентите можат да го видат со свои очи и во она што мора да го замислат, како и интересни примени на хемијата што ќе им помогнат во нивната професија.

Автор: **Џон В. Хил и други**
Издавач: Prentice Hall College Div, 1999
Издавач МК: Табернакул, 2011
ISBN 978-608-210-172-9

## ОПШТА, ОРГАНСКА И БИОХЕМИЈА



**Општа, органска и биохемија** - Книгата е создадена да им помогне на студентите кои студираат на факултети поврзани со медицината и здравјето да ги разберат клучните концепти и да ги забележат важните врски меѓу хемијата, здравјето и лекувањето на болестите. Авторите создаваат рамнотежа меѓу теоретската и практичната хемија истакнувајќи го притоа материјалот којшто е најмногу поврзан со медицината и со здравјето.

Автор: **Кетрин Денистон**
Издавач: The McGraw-Hill Companies Inc, 2007 (шестто издание)
Издавач МК: Табернакул, 2010
ISBN 978-608-210-146-0 (13)

## ОРГАНСКА ХЕМИЈА




**Органска хемија** - Ова е една од најзначајните книги со која се одржува чекорот со новите сознанија и методи од областа на органската хемија. Содржи поглавја со информации кои се однесуваат на многу различни хемиски појави, елементи, структури, процеси и анализи од областа на органската хемија.

Автор: **Џон Мекмури**
Издавач: Brooks&Cole, 2004 (шесто издание)
Издавач МК: Просветно дело , 2009
ISBN 978-9989-0-0643-2

## ОРГАНСКАТА ХЕМИЈА, ВО ДИЗАЈНИРАЊЕТО И...




**Органската хемија, во дизајнирањето и дејството на лековите** - Книгата ги нагласува општите принципи на дизајнирањето и дејството на лековите од перспектива на органската хемија, повеќе отколку од перспектива на специфичните класи на лекови. Опфаќа: Вовед; Откривање лекови, дизајнирање и развој; Рецептори; Ензими; Инхибиција и инактивација на ензими; ДНК – интерактивни лекови; Метаболизам на лекови и Пролекови и системи за транспорт на лекови.

Автор: **Ричард Б.Силверман**
Издавач: Elsevier Academic Press, 2004 (второ издание)
Издавач МК: Магор, 2011
ISBN 978-608-223-071-9

## ПРОЦЕСНА ДИНАМИКА И КОНТРОЛА




**Процесна динамика и контрола** - Делокругот и значењето на процесната контролна технологија продолжува да се шири во 21 век. Поради тоа, хемиските инженери треба да владеат со оваа материја за да бидат способни да дизајнираат и да управуваат со модерни постројки. Концептите на динамиката се важни за разбирањето на повеќе комплексни системи од интерес за хемиските инженери, како што се биоинженерството и напредните материјали.

Автор: **Дејл Е. Себорг и други**
Издавач: John Wiley&Sons, 2011
(трето издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2013
ISBN 978-608-229-542-8

## СТУДЕНТСКИ ПРИРАЧНИК СО РЕШЕНИЈА...




**Студентски прирачник со решенија кон Аткинсоновата физичка хемија** - Решенијата на проблемите во ова издание се потпираат на математички софтвер и софтвер за молекуларно моделирање кој сега им е генерално достапен на студентите по физичка хемија, што е од особена важност за поголемиот дел од новите проблеми кои бараат употреба на таков софтвер за нивно решавање.

Автор: **П. В. Аткинс и други**
Издавач: W. H. Freeman, 2002
(седмо издание)
Издавач МК: Табернакул, 2009
ISBN 978-608-210-067-1

## ТЕЧНОСТИ, ЕЛЕКТРОЛИТИ...




**Течности, електролити и ацидо-базна рамнотежа** - Користењето на оваа книга помага во поедноставување на прегледот. За да се искористи максимално времето за учење, дадени се едноставни, но важни упатства низ девет поглавја, вклучувајќи: Рамнотежа и дисрегулација на течностите; Рамнотежа и нерамнотежа на натриум; Рамнотежа и нерамнотежа на калиум; Рамнотежа и нерамнотежа на калциум; Рамнотежа и нерамнотежа на магнезиум; Рамнотежа и нерамнотежа на хлорид и други теми.

Автор: **Мерил Ен Хоган**
Издавач: Prentice Hall Health, 2007
(второ издание)
Издавач МК: Табернакул, 2010
ISBN 978-608-210-100-2 (13)

## ФИЗИЧКА НЕОРГАНСКА ХЕМИЈА




**Физичка неорганска хемија: координационо хемиски пристап** - Како резултат на зголемената важност на металите во биологијата и во медицината и на новиот и експлозивен пробив на неорганските материјали, неорганската хемија во последните години драматично се менува. Опфаќајќи теми како: теориите на врзување, спектроскопијата, магнетоскопијата, термодинамиката, реакционата кинетика, хемијата на тврдите тела и хемијата на кластери, оваа дисциплина го поставува темелот на целата модерна неорганска хемија.

Автор: **С.Ф.А. Кетл**
Издавач: Oxford University Press, 2000 (прво издание)
Издавач МК: Академски печат, 2013
ISBN 978-608-231-109-8

## ХАРПЕРОВА ИЛУСТРИРАНА БИОХЕМИЈА




**Харперова илустрирана биохемија** - Текстот е поделен на шест главни дела кои ја нагласуваат медицинската релевантност на биохемијата. Вклучува: структури и функции на протеините и ензимите, биоенергетика и метаболизам на јаглехидрати и липиди, метаболизам на протеините и на аминокиселините, структура, функција и репликација на информациските макромолекули, биохемија на екстраклеточната и интраклеточната комуникација и посебни теми.

Автор: **Роберт К. Мареј и други**
Издавач: The McGraw-Hill Companies Inc, 2009 (28-мо издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-357-8

## ХЕМИЈА




**Хемија** - Целта на авторот е да напише книга за општа хемија која ќе даде солидна основа за хемиските концепти и принципи и да им всади на студентите уважување за виталното значење на хемијата во нашиот секојдневен живот. Тој се труди да постигне рамнотежа меѓу теоријата и примената и да ги илустрира основните принципи со примери од секојдневието.

Автор: **Рејмонд Ченг**
Издавач: McGraw-Hill, 2009 (десетто издание)
Издавач МК: Академски печат, 2013
ISBN 978-608-231-105-0

## ХЕМИЈА НА ЕЛЕМЕНТИТЕ




**Хемија на елементите** - Кога се појави за првпат во 1984 година, оваа книга зго заседе првото место меѓу четивата и референците на оваа тема. Студентите, како и професорите, ја прифаќаат со ентузијазам и е преведена на неколку европски и азиски јазици. Во книгата е даден урамнотежен, кохерентен и разбирлив преглед на хемијата на елементите како за додипломци, така и за постдипломци.

Автор: **Н.Н. Гринвуд, А.Ерншо**
Издавач: Elsevier Ltd, 1997 (второ издание)
Издавач МК: Просветно дело , 2009
ISBN 978-9989-0-0727-9

## ИНЖЕНЕРСТВО НА ХЕМИСКИ РЕАКЦИИ



**Инженерство на хемиски реакции** - Ова издание е поделено на пет дела, во кои детално е обработена секоја тема: хомогени реакции во идеални реактори; шеми на течење, контактирање и неидеално течење; реакции со цврсти катализатори; некаталитички системи и биохемиски реакциони системи.

Автор: **Октав Левеншпил**
Издавач: John Wiley & Sons
Издавач МК: Арс Ламина
ISBN 978-608-229-615-9

## НАПРЕДНА ХЕМИЈА НА МЛЕЧНИ ПРОИЗВОДИ, ...




**Напредна хемија на млечни производи, прв дел: Протеини** - Ова издание, што е дело на научници за млечни производи и други експерти од целиот свет, нуди детални научни информации за сите аспекти на млечните протеини. Ова влијателно дело го сумира сегашното познавање на млечните производи и предлага области за идна работа. Ќе им биде од корист на научниците за млечни производи, хемичарите и на другите лица што работат во истражување на млечните производи или во млечната индустрија.

Автор: **П.Ф. Фокс, П.Л.Х. Мексвини**
Издавач: Springer (трето издание)
Издавач МК: Арс Ламина
ISBN 978-608-229-791-0

## НАПРЕДНА ХЕМИЈА НА МЛЕЧНИ ПРОИЗВОДИ, ...




**Напредна хемија на млечни производи, втор дел: Липиди** - Ова издание е единствено во литературата кога станува збор за областите од типот на млечни липиди, широко поле што опфаќа различен опсег на теми, сместени во повеќе поглавја како: состав и структура на липидите ви кравјо млеко; млечни масти: извор на масни киселини и влијание на нутритивните фактори врз масните киселини; конјугирана линолна киселина: биосинтеза и нутритивно значење и слични теми.

Автор: **П.Ф. Фокс, П.Л.Х. Мексвини**
Издавач: Springer (трето издание)
Издавач МК: Арс Ламина
ISBN 978-608-229-627-2

## ХЕМИЈА И НЕЈЗИНАТА ПРИМЕНА ВО ...




**Хемија и нејзината примена во земјоделството и физиологијата** - Книгата е составена од два дела: Дел 1: За хемиските процеси во исхраната на растенијата и Дел 2: Хемиските процеси на ферментација, распаѓање и гниење. Авторот на книгата се обидува, на начин доследен со тековната состојба на науката, да ги даде основните правила на хемијата, посебно законите на органската хемија и нивната примена во земјоделството и физиологијата; причините за ферментација, распаѓањето и гниењето; винските и киселинските ферментации и нитрификацијата.

Автор: **Јустус Либих**
Издавач: John Wiley & Sons
Издавач МК: Арс Ламина
ISBN 978-608-229-780-4

# Биологија

## АНАЛИЗА НА ГРАДБА НА ′РБЕТНИЦИ



**Анализа на градба на `рбетници** - Книга која е дизајнирана со особена широчина и посебен осврт во кој станува збор за еволуциската и функционалната морфологија на `рбетниците. Книгата содржи богати описи на морфологијата на многу различни видови`рбетници кои постојат и живеат во природниот систем на земјата.

Автор: **М. Хилдебранд, Џ. Гослоу**
Издавач: John Wiley&Sons , 2001
(петто издание)
Издавач МК: Микена – Битола, 2009
ISBN 978-9989-55-217-5

## БИОТЕХНОЛОГИЈА: ВОВЕД



**Биотехнологија: вовед** - Оваа книга дава увид во основите на биотехнологијата обработувајќи теми како: Биотехнологија: стара и нова, Од ДНК до протеин, Основни принципи на технологијата на рекомбинираната ДНК, Основни принципи на имунологијата, Биотехнологија на микроорганизмите, Биотехнологија на растенијата, Животинска биотехнологија, Морска биотехнологија, Геномиката и пошироко, Медицинска биотехнологија и други поврзани теми.

Автор: **Сузан Р. Барнур**
Издавач: Thomson Brook/Cole, 2005
Издавач МК: Просветно дело , 2009
ISBN 978-9989-0-0651-7

## БОТАНИКА НА ЖЕЛБАТА



**Ботаника на желбата: поглед на светот низ призмата на растението** - Авторот генијално ја прикажува повратната врска меѓу луѓето и растенијата. Тој мајсторски ги поврзува четирите основни човечки желби: благо, убавина, труење и контрола, преку растенијата што ги задоволуваат нив: јаболкото, лалето, марихуаната и компирот. Раскажувајќи ги приказните за четирите слични видови, Полан отсликува како еволуирале растенијата до тој степен да ги задоволат најосновните човечки желби.

Автор: **Мајкл Полан**
Издавач: Random House, 2002
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-229-154-3

## ЕКОФИЗИОЛОГИЈА НА РАСТЕНИЈАТА



**Екофизиологија на растенијата** - Екофизиологијата на растенијата е наука за животните процеси и за текот на животниот циклус на растенијата во зависност од условите на средината. Преку поврзување на голем број научни дисциплини, оваа книга дава слика за адаптивните способности на растенијата преку големиот број соодветни примери кои се образложени.

Автор: **Волтер Ларчер**
Издавач: Verlag Eugen Ulmer GmbH&Co, 2001 (шестто издание)
Издавач МК: Просветно дело , 2009
ISBN 978-9989-0-0683-8

## МИКРОБИОЛОШКА БИОТЕХНОЛОГИЈА



**Микробиолошка биотехнологија: основи на применетата микробиологија** - Книгата претставува возбудливо интердисциплинарно патување низ значајно изменетите погледи на новините од областа на микробиолошката биотехнологија. Ова е идеален текст за потребите на применетата микробиологија и биотехнологија, а, исто така, служи и како преглед на последните пронајдоци од оваа област.

Автор: **А. Н.Глазер, Х. Никаидо**
Издавач: Cambridge University Press, 2007 (второ издание)
Издавач МК: Просветно дело , 2010
ISBN 978-9989-0-0815-3

## СТРЕСОТ И БЛАГОСОСТОЈБАТА НА ЖИВОТНИТЕ



**Стресот и благосостојбата на животните** - Во оваа книга за прв пат се објаснуваат основните биолошки принципи за тоа на кој начин животните, всушност, се справуваат со стресот, при што се појаснуваат научно применливите концепти во делот на стресот и на благосостојбата.

Автор: **Д. М. Брум и К. Џ. Џонсон**
Издавач: Chapman and Hall, 1993
(прво издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-4535-76-8

## ТРАНСГЕНЕЗА НА ЦИЦАЧИ И НА ПТИЦИ




**Трансгенеза на цицачи и на птици: нови пристапи, принципи и практика** - Оваа книга претставува збирка методи за производство на широк спектар трансгенетски животни и е совршено конципирана за оние што сакаат да усвојат нови технологии при трансгенезата. Прирачникот се фокусира главно на глувци, но, исто така, содржи примери за успешна трансгенеза на стаорци, крави, свињи и птици.

Автор: **Ширли Пиз и Карлос Луис**
Издавач: Springer-Verlag, 2005 (прво издание)
Издавач МК: Табернакул, 2009
ISBN 978-608-210-017-3 (13)

## ФИЗИОЛОГИЈА НА ЖИВОТНИТЕ ВО ОКОЛИНАТА




**Физиологија на животните во околината** - Книгата изобилува со содржини кои овозможуваат детален преглед на компаративната физиологија на животните во контекст на околината. Таа нуди целосни анализи на основните принципи на физиолошките адаптации и кај `рбетниците и кај безрбетниците кои живеат во морските и слатководните светови, во крајбрежните зони и речните устија, во копнените живеалишта и паразитската околина и истражува како чувствуваат, како реагираат и како се приспособуваат животните во одделни средини.

Автор: **П. Вилмер, Г. Стоун, Ј. Џонстон**
Издавач: Blackwell Science, 2005 (второ издание)
Издавач МК: Просветно дело, 2011
ISBN 978-9989-0-0836-8

# Медицина

## АДМИНИСТРАЦИЈА НА ЈАВНОТО ЗДРАВСТВО



**Администрација на јавното здравство** - Принципи за менаџмент заснован на населението - Оваа книга ги опфаќа сите главни аспекти во јавното здравство и се занимава со подобрување на практиката во јавното здравство.

Автор: **Лојд Ф. Новик и други**
Издавач: Jones and Bartlett Publishers, 2007 (второ издание)
Издавач МК: Академски печат, 2011
ISBN 978-608-231-010-7

## АКУШЕРСТВО: НОРМАЛНИ И ПРОБЛЕМАТИЧНИ...




**Акушерство: нормални и проблематични бремености** - Оваа книга претставува опсежен приказ на основната наука и физиологија на нормалната и на комплицираната бременост, а дава и најнови информации засновани на докази за акушерството кај нормалната и високоризичната бременост.

Автор: **Стивен Г. Габ и други**
Издавач: Churchill Livingstone, 2007 (петто издание)
Издавач МК: Табернакул, 2011
ISBN 978-608-210-181-1

## АМЕРИКАНСКИ ПРИРАЧНИК ЗА КЛИНИЧКА...



**Американски прирачник за клиничка медицина** - Овој прирачник ги покрива сите области од интерната медицина и хирургијата и дава брз пристап до правилници за клинички менаџмент кои се базирани врз докази.

Автор: **Џорџ А. Флин**
Издавач: Oxford University Press, 2007 (прво издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-206-9

## АМЕРИКАНСКИ ПРИРАЧНИК ПО КЛИНИЧКА...



**Американски прирачник по клиничка хематологија** - Како и сите други медицински специјалности, така и хематологијата доживува голем напредок со појавата на нови дијагностички испитувања и терапии. Резултат на тој напредок е ова трето издание со проширени и збогатени поглавја кои се однесуваат на: Клиничкиот пристап; Нарушување на еритроцитите; Абнормалности на белите крвни клетки; Леукемија; Лимфоми; Миелодисплазија; Миелопролиферативни неоплазми и други теми.

Автор: **Дру Прован и други**
Издавач: Oxford University Press, 2009
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-367-7

## АНАТОМИЈА НА ЧОВЕКОТ НА ПРЕСЕЦИ




**Анатомија на човекот на пресеци: атлас на пресеци на човекот, КТ и МР снимки** - Прв пат издадена во 1991, оваа книга поставува нови стандарди за квалитетот на пресеците од кадавери и придружните радиолошки слики и е основен ресурс за радиолозите, радиогеографите, анатомите, студентите по медицина и за постдипломците по радиологија, хирургија и медицина. Тематски, содржината е поделена на повеќе делови: Мозок; Глава; Врат; Граден кош; Стомак; Карлица; Долен екстремитет и Горен екстремитет.

Автор: **Харолд Елис и други**
Издавач: CRC Press, 2007 (трето издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-013-3

## АТЛАС ВО БОЈА И ТЕКСТОВИ ЗА КЛИНИЧКА...




**Атлас во боја и текстови за клиничка медицина** - Ова трето издание на книгата ја продолжува традицијата на претходните изданија со тоа што вклучува неспоредлив број фотографии во боја за презентација на клучни знаци и симптоми онака како што се среќаваат во практиката. Меѓу кориците се наоѓаат над 1.500 илустрации што вклучуваат фотографии, ендоскопски снимки, ултразвучни скенирања, ЕКГ- а и сумарни табели.

Автор: **Ч. Д. Форбс и В. Ф. Џексон**
Издавач: Lippincott Wiliams&Wilkins, 2003 (трето издание)
Издавач МК: Магор, 2010
ISBN 978-608-223-015-9

## АТЛАС ЗА ПЕДИЈАТРИСКА ФИЗИКАЛНА ДИЈАГНОЗА



**Атлас за педијатриска физикална дијагноза** - Во овој атлас се вметнати нови информации и дијагностички техники. Во секое поглавје е ставен акцент на техниките за физикален преглед. Овој атлас не претставува енциклопедија, туку преглед на клиничките нарушувања кои придонесуваат за визуелно дијагностицирање.

Автор: **Б. Џ. Зители и Х. В. Дејвис**
Издавач: Mosby, 2007 (петто издание)
Издавач МК: Табернакул, 2011
ISBN 978-608-210-164-4

## АТЛАС ЗА УРГЕНТНА РАДИОЛОГИЈА




**Атлас за ургентна радиологија** - Со ова четиво се прави обид да им се даде практичен атлас по радиологија на лекарите кои мораат да донесуваат ефикасни клинички одлуки. Со овој текст, специјалистите по ургентна медицина и давателите на амбулаторна нега ќе можат да направат поцелосен и попрецизен детален дијагностички преглед на своите пациенти.

Автор: **Гери А. Џонсон и други**
Издавач: Saunders, 2001 (прво издание)
Издавач МК: Табернакул, 2010
ISBN 978-608-210-077-7

## АТЛАС НА МЕТАБОЛИЧНИ ЗАБОЛУВАЊА




**Атлас на метаболични заболувања** - Оваа книга може да биде корисна за сите лекари што се во секојдневен контакт со пациентите во стационарите, во одделите за интензивна нега, како и во сите клиники и лекарски канцеларии. Исто така, книгата е наменета и за биохемичари, генетичари и клинички хемичари вклучени во лабораториската дијагноза на овие болести.

Автор: **Вилијам Л. Нихан и други**
Издавач: CRC Press, 2005
Издавач МК: Арс Ламина, 2013
ISBN 978-608-229-603-6

## БЕЈТСОВ ПРИРАЧНИК...



**Бејтсов прирачник за клинички прегледи и земање историја** - Првиот дел од оваа книга се однесува на основите на одредувањето на здравствената состојба, вториот дел опфаќа преглед по регии и третиот дел е посветен на специјалните групи, и тоа: прегледување деца: од доенче до адолесцент; бремена жена и постари возрасни.

Автор: **Л. С. Бекли, П. Г. Шилаги**
Издавач: Lippincott Williams&Wilkins, 2009 (десетто издание)
Издавач МК: Академски печат, 2012
ISBN 978-608-231-091-6

## БЕЛОДРОБНА ПАТОФИЗИОЛОГИЈА




**Белодробна патофизиологија** - Ова издание се фокусира на основите што мора да се знаат во врска со функционирањето на заболените бели дробови. Текстот нуди јасен и детален преглед на состојбите кај заболените бели дробови со акцент на структурата и на функцијата. Вметнат е и дел со прашања и со одговори со цел да им помогне на читателите да ги применат и да ги подобрат своите знаења.

Автор: **Џон Б. Вест**
Издавач: Lippincot Wiliam & Wilkins, 2008 (седмо издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-229-127-7

## БИОХЕМИЈА И ПАТОБИОХЕМИЈА




**Биохемија и патобиохемија** - Петер Карлсон за првпат го пишува овој учебник во 1960 година обидувајќи се доволно концизно да ја претстави биохемијата во своите „статички" и „динамички" аспекти. Негова е заслугата што во 14-те изданија книгата го задржува својот прецизен приказ, хемиската јасност и поврзаноста со биологијата без притоа да ги запоставите новите цитолошко-биолошки и медицински развојни тенденции.

Автор: **Детлеф Денке и други**
Издавач: Georg Thieme Verlag, 2005 (15-то издание)
Издавач МК: Микена – Битола, 2010
ISBN 978-9989-55-278-9

## БИОХЕМИСКА ОСНОВА НА СПОРТСКА АКТИВНОСТ




**Биохемиска основа на спортска активност** - Биохемиската основа на спортската активност обезбедува јасно разбирање на релевантноста на биохемијата во спортот. Учебникот опишува како биохемиските процеси што ги поткрепуваат резервите на енергија се поврзуваат со изведувањето различни спортски активности, но и обратно, како можат тие да бидат под влијание на посебна исхрана и приспособување како одговор на тренингот.

Автор: **Рон Моган и Мајкл Глисон**
Издавач: Oxford University Press, 2010 (второ издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2013
ISBN 978-608-229-551-0

## БРЗА ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ЕКГ



**Брза интерпретација на ЕКГ** - Книгата е поделена на следниве десет поглавја: Основни принципи; Снимање на ЕКГ-записот; Автономен нервен систем; Фреквенција; Ритам, дел I: Аритмии со фокално потекло; Ритам, дел II: Блокови; Оска; Хипертрофија; Инфаркти; Разно. Оваа книга претставува најактуелен текст од оваа област, а големиот број илустрации во живи бои и едноставниот интерактивен формат овозможуваат брзо разбирање.

Автор: **Дејл Дубин**
Издавач: Cover Publishing Company, 2000 (шестто издание)
Издавач МК: Табернакул, 2010
ISBN 978-608-210-127-9

## БУБРЕЖНА ПАТОФИЗИОЛОГИЈА




**Бубрежна патофизиологија** - Оваа книга нуди концизен пристап заснован на вистински случаи за учење на механизмите на бубрежните болести.

Автор: **Х. Г. Ренке и Б. М. Денкер**
Издавач: Lippincott Williams & Wilkins, 2010 (трето издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-229-149-9

## ВОВЕД ВО СТРУКТУРА НА ПРОТЕИНИ



**Вовед во структура на протеини** - Во оваа книга се објаснети голем број протеини, а притоа се задржани основните концепти.

Автор: **Карл Бранден и Џон Туз**
Издавач: Taylor&Francis Group LLC, 1999 (второ издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-268-7

## ВОДИЧ ЗА ВАКЦИНИ




**Водич за вакцини - ризици и предности за деца и возрасни** - Книгата е поделена на два дела: Избор и Вакцини. Таа вклучува проблеми поврзани со вакцинацијата, како на децата така и на возрасните. Книгата претставува информативна дискусија за главните прашања во врска со донесувањето информирани одлуки околу вакцинацијата.

Автор: **Рандал Њустендтер**
Издавач: North Atlantic Books, 2002 (второ издание)
Издавач МК: Магор, 2010
ISBN 978-608-223-005-1

## ГЕНЕТИКА НА СИНДРОМИТЕ НА ДЕБЕЛИНАТА



**Генетика на синдромите на дебелината** - Книгата е поделена на три дела: Вовед, Несиндромска дебелина и Синдромска дебелина. Првиот дел од книгата ги покрива пристапите за процена и испитување на дебелите лица, вториот дел ги опишува недисморфните, моногени форми на дебелината, а третиот дел ги документира клучните, мултисистемски синдроми на дебелината со различна генетска етиологија.

Автор: **Филип Л. Билс и други**
Издавач: Oxford University Press, 2008 (прво издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-4535-86-7

## ГЕНЕТСКИ ПРЕДИСПОЗИЦИИ...



**Генетски предиспозиции за заразни заболувања** - Книгата содржи три дела: Методи и алатки, Гените на имунолошкиот одговор и инфекциите и Генетски одредници на инфективните заболувања и одговор на вакцините. Оваа книга има цел да биде спој на општите и на посебните аспекти на критичкиот осврт, систематското прикажување на напредокот, клиничката примена и напредокот во областа на генетиката и епидемиологијата.

Автор: **Ричард А. Кезлоу и други**
Издавач: Oxford University Press Inc, 2008
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-221-2

## ГИНЕКОЛОГИЈА НА БЕРЕК И НОВАК




**Гинекологија на Берек и Новак** - Книгата ги опфаќа следниве содржини: основи на практиката, основни принципи, превентивна и примарна нега, општа гинекологија, оперативна гинекологија, урогинекологија и карлична реконструктивна хирургија, репродуктивна ендокринологија и гинеколошка онкологија. Оваа книга претставува разработка на сегашната практика во гинекологијата, но со видувања на идните развојни случувања во гинеколошката наука и нејзините сродни супспецијалности.

Автор: **Џонатан С. Берек**
Издавач: Lippincott Williams&Wilkins, 2011 (14-то издание)
Издавач МК: Табернакул, 2011
ISBN 978-608-210-190-3

## ДИЈАГНОСТИЧКИ ПРИРАЧНИК...




**Дијагностички прирачник за оториноларингологија** - Книгата е поделена на пет дела: Уво, Нос, Усна шуплина, Ларинкс и Врат. Овој прирачник е осмислен за да му помогне на читателот да ја идентификува нормалната анатомија, да го олесни препознавањето на патологијата и да помогне при дијагнозата на заболувањата на увото, носот и грлото.

Автор: **Мајкл Хок и други**
Издавач: Informa Healthcare, 2002 (второ издание)
Издавач МК: Табернакул, 2010
ISBN 978-608-210-095-1

## ЕКОНОМИЈА ВО ЗДРАВСТВОТО




**Економија во здравството** - Акцентот на оваа книга е ставен на финансирањето и на спроведувањето лични медицински услуги.

Автор: **Пол Џ. Фелдштајн**
Издавач: Thomson Delmar Learning, 2005 (шестто издание)
Издавач МК: Академски печат, 2009
ISBN 978-608-4563-42-6

## ЕПИДЕМИОЛОГИЈА НА ЈАВНОТО ЗДРАВСТВО



**Епидемиологија на јавното здравство** - Оваа книга се занимава со проучување на дистрибуцијата и детерминантите на здравјето и заболувањата, морбидитетот, повредите, неспособноста и морталитетот кај населението.

Автор: **Р. Х. Фрис и Т. А. Селерс**
Издавач: Jones and Bartlett Publishers, 2008 (четврто издание)
Издавач МК: Академски печат, 2011
ISBN 978-608-231-006-0

## ЕПИДЕМИОЛОГИЈА, БИОСТАТИСТИКА И...



**Епидемиологија, биостатистика и превентивна медицина** - Оваа книга е извор на најновите сознанија од епидемиологијата, биостатистиката, превентивната медицина и јавното здравство. Содржи информации за најновите здравствени политики и политиките на финансирање во здравството, заразните болести, хроничните болести, како и за технологијата за превенција на болести.

Автор: **Џејмс Џ. Џекел и други**
Издавач: Saunders, 2007 (трето издание)
Издавач МК: Табернакул, 2010
ISBN 978-608-210-086-7 (10)

## ЕХОКАРДИОГРАФИЈА



**Ехокардиографија** - Специјалистичкиот прирачник по кардиологија нуди радикално нов начин за стекнување знаења за практични иследувања и тераписки совети. Тој е незаменлив водич за тешките и предизвикувачки области од кардиологијата. Прирачникот содржи неколку поглавја: Ултразвук; Трансторакален ехокардиографски преглед; Трансторакален: анатомија и преглед; Трансезофагеален: преглед; Трансезофагеален: анатомија и патологија; Стрес ехокардиографија и Извештај и нормални вредности.

Автор: **П. Лисон и Е. Р. Ј. Мичел**
Издавач: Oxford University Press,
Издавач МК: Арс Ламина, 2013
ISBN 978-608-229-604-3

## ЗДРАВСТВЕНА ЕКОНОМИКА




**Здравствена економика** - Учебникот изобилува со практични содржини за системите за здравствена заштита. Ова е учебник кој овозможува да се разберат трошоците и придобивките поврзани со изборот меѓу различни видови здравствена заштита.

Автор: **Рексфорд Е. Сантере и Стивен П. Неум**
Издавач: Cengage Learning, 2006
Издавач МК: Датапонс, 2009
ISBN 978-9989-789-69-4

## ЗДРАВСТВЕНИ ИНФОРМАЦИИ



**Здравствени информации: Управување со стратешки ресурс** - Содржината на материјалот е поделена во пет дела, и тоа: основи на управување со здравствени информации, податоци и информатички системи за здравствена заштита, информатика во здравствената заштита, менаџирање и употреба на податоци и менаџмент. Јасно напишано и разбирливо, ова дело го воведува читателот во моменталната практика и идните насоки во управување со здравствени информации.

Автор: **Мерват Абделхак и други**
Издавач: Elsevier Inc, 2007 (трето издание)
Издавач МК: Магор, 2010
ISBN 978-608-223-017-7

## ИНТЕНЗИВНА НЕГА



**Интензивна нега** - Книгата е значаен извор на информации во сложената област на интензивната нега која многу бргу се менува и ги задоволува строгите барања на клиничарите-специјалисти.

Автор: **Р. С. Ирвин и Џ. М. Рип**
Издавач: Lippincott Williams&Wilkins / Wolters Kliwer Healt, 2010
Издавач МК: Табернакул, 2012
ISBN 978-608-210-180-4

## ИНТЕРПРЕТАЦИЈА НА ДИЈАГНОСТИЧКИТЕ ТЕСТОВИ



**Интерпретација на дијагностичките тестови** - Ова осмо издание се трансформирало од џебно упатство, во референтен текст со прегледност, темелност и практична корисност. Книгата има три дела, од кои: првиот се однесува на нормалните вредности, вториот на специфични лабораториски испитувања, а третиот на заболувања на органски системи.

Автор: **Жак Валаш**
Издавач: Lippincott Williams&Wilkins, 2006 (осмо издание)
Издавач МК: Академски печат, 2013
ISBN 978-608-231-076-3

## ИНФЕКТИВНИ БОЛЕСТИ




**Инфективни болести (Том 1 и 2)** - Книгата се однесува на проблематиката со инфективните болести и инфекции, нивните симптоми и манифестации, проблемите кои се појавуваат во медицинската практика, како и начините на антиинфективната терапија која се применува во нивното медицинско третирање и лекување.

Автор: **Џ. Коен и В. Џ. Паудерли**
Издавач: Mosby, 2003
Издавач МК: Табернакул, 2012
ISBN том 1: 978-608-210-225-2
ISBN том 2: 978-608-210-225-9

## ЈАВНО ЗДРАВСТВО И ПРЕВЕНТИВНА МЕДИЦИНА




**Јавно здравство и превентивна медицина** - Книгата е поделена во седум дела: Принципи и методи на јавното здравство, Заразни заболувања, Животната средина и здравјето, Фактори на однесувањето што влијаат врз здравјето, Незаразни и хронични онеспособувачки состојби, Планирање, организација и процена на здравствената заштита и Повреди и насилство.

Автор: **Роберт Валас**
Издавач: McGraw-Hill Medical, 2007 (15-то издание)
Издавач МК: Табернакул, 2010
ISBN 978-608-210-141-5

## КАНЦЕР




**Канцер: Онколошки принципи и практика (том 1 и том 2)** - Овие два тома претставуваат целосен пакет на медицина на канцер на едно место кој им е многу потребен на лекарите.

Автор: **В. Т. де Вита, помладиот и др.**
Издавач: Lippincott Williams&Wilkins, 2008 (осмо издание)
Издавач МК: Табернакул, 2011
ISBN 978-608-210-200-9

## КВАЛИТАТИВНО ДИЈАГНОСТИЦИРАЊЕ...




**Квалитативно дијагностицирање на човечкото движење: подобрување на изведбата во спортот и вежбањето** - Книгата се фокусира на процесите на набљудувањето на движење, процената и дијагностицирањето, со акцент на тоа како да се препознаат и како да се коригираат грешките кај човечкото движење.

Автор: **Двејн В.Надсон**
Издавач: Human Kinetics, 2013 (трето издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2013
ISBN 978-608-229-568-8

## КЛИНИЧКА АНЕСТЕЗИОЛОГИЈА




**Клиничка анестезиологија** - Оваа книга овозможува концизна и издржана презентација на основните принципи, есенцијални за модерната анестезиолошка практика. Содржината е поделена во пет дела: анестезиолошка опрема и монитори, клиничка фармакологија, регионална анестезија и третман на болка, физиологија, патофизиологија и анестезиолошки третман и специјални проблеми.

Автор: **Г. Едвард Морган и други**
Издавач: McGraw-Hill Companies Inc, 2006 (четврто издание)
Издавач МК: Магор, 2011
ISBN 978-608-223-060-3



## КЛИНИЧКА ГИНЕКОЛОШКА ОНКОЛОГИЈА




**Клиничка гинеколошка онкологија** – Целта на оваа книга е да ги објасни клиничките манифестации на гинеколошките карциноми, како и справувањето со нив.

Автор: **Дисаиа и Крисман**
Издавач: Mosby Inc, 2007 (седмо издание)
Издавач МК: Табернакул, 2011
ISBN 978-608-210-188-0

## КЛИНИЧКА ДЕРМАТОЛОГИЈА




**Клиничка дерматологија** - Ова издание има богата содржина која ќе го запознае читателот со начините за полесна идентификација и справување со кожните болести. Обработува содржини како: Принципи на дијагноза и анатомија, Локална терапија и локални кортикостероиди, Егзем и дерматит на дланката, Контактен дерматит и тест со епикутани фластери, Атопичен дерматит, Уртикарија и ангиоедем, Акни, розацеа и сродни нарушувања, како и други поврзани теми.

Автор: **Томас П. Хабиф**
Издавач: Mosby, 2003 (четврто издание)
Издавач МК: Табернакул, 2011
ISBN 978-608-210-161-3

## КЛИНИЧКА НЕВРОЛОГИЈА




**Клиничка неврологија** - Книгата е поделена на единаесет поглавја: Нарушување на когнитивните функции, Главоболка и болка на лице, Нарушување на рамнотежата, Растројства на видот, Моторен дефицит, Нарушувања на соматскиот сензитивитет, Нарушување на движењето, Епилептични напади и синкопа, Мозочен удар, Кома и Невролошки испитувања. Оваа книга служи за да помогне да се разбере врската меѓу основата на невролошката наука и моменталниот пристап кон дијагнозата и лекување.

Автор: **Роџер П. Симон и други**
Издавач: McGraw-Hill Companies Inc, 2009 (седмо издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-030-0

## КЛИНИЧКА РАДИОЛОШКА ОНКОЛОГИЈА




**Клиничка радиолошка онкологија** - Книгата има три главни дела во кои детално се обработени повеќе области: научни основи на радијациската онкологија, техники и модалитети и заболени места; торакални неоплазми, гастроинтестинални тумори; урогенитални тумори, гинеколошки тумори, канцер на дојка, саркоми и бенигни заболувања, тумори во детската возраст и лимфоми и хематолошки малигноми.

Автор: **Л. Л. Гундерсон и Џ. Е. Тепер**
Издавач: Churchill Livingstone, 2006 (второ издание)
Издавач МК: Табернакул, 2013
ISBN 978-608-210-290-0

## КЛИНИЧКА ХЕМАТОЛОГИЈА НА ВИНТРОУБ: том1




**Клиничка хематологија на Винтроуб Том 1** - Единствен автор на првите шест изданија е д-р Максвел М. Винтроуб чија цел била да биде „опсежен, комплетен и авторитетен". Ова издание има два тома кои содржат надополнети делови. Првиот том има четири дела: Лабораториска хематологија; Нормален хематолошки систем; Терапевтски модалитети и Нарушувања на еритроцитите.

Автор: **Џон П. Грир и други**
Издавач: Lippincott Williams&Wilkins, 2009 (12-то издание)
Издавач МК: Табернакул, 2013
ISBN 978-608-210-270-2

## КЛИНИЧКА ХЕМАТОЛОГИЈА НА ВИНТРОУБ: том2




**Клиничка хематологија на Винтроуб Том 2** - Вториот том се однесува на: Дијагностичкиот пристап кон малигни и немалигни заболувања на фагоцитниот и имуниот систем и на Хематолошките малигнитети.

Автор: **Џон П. Грир и други**
Издавач: Lippincott Williams&Wilkins, 2009 (12-то издание)
Издавач МК: Табернакул, 2013
ISBN 978-608-210-273-3

## КЛИНИЧКА ХЕМИЈА




**Клиничка хемија** - Ова издание овозможува образовен процес со препознавање на целите на учење, фокусирајќи се на клучните концепти и идеи, како и примена на теоријата преку студии на одредени случаи. Ги покрива основите на лабораториските испитувања, како и испитувањата од многу специјални области од клиничката хемија.

Автор: **Мајкл Л. Бишоп и други**
Издавач: Lippincot Wiliam & Wilkins (петто издание)
Издавач МК: Просветно дело, 2009
ISBN 978-9989-0-0728-6

## КЛИНИЧКИ ОРИЕНТИРАНА АНАТОМИЈА




**Клинички ориентирана анатомија** - Оваа книга е високо акредитирана поради своите релевантни клинички корелации. Во ова издание се става клинички акцент на онаа анатомија што е потребна за физичка дијагноза во примарното здравство, интерпретирање на визуелната дијагностика и за разбирање на анатомските основи кои се користат во ургентната медицина и општата хирургија.

Автор: **Кит Л. Мур и други**
Издавач: Lippincott Williams&Wilkins, 2010 (шестто издание)
Издавач МК: Табернакул, 2011
ISBN 978-608-210-183-5

## КЛИНИЧКИ ПОСТАПКИ ПРИ ОЧЕН ПРЕГЛЕД




**Клинички постапки при очен преглед** - Книгата е поделена на осум дела: Историја на болеста, Прелиминарни тестови, Рефракција, Функционални тестови, Проценка на здравјето на очите, Контактни леќи, Испитување на системското здравје и Испитување на кранијалниот нерв. Овој концизен прирачник нуди детални, постапни процедури за изведба на секоја иследничка техника.

Автор: **Н. Б. Карлсон и Д. Курц**
Издавач: The McGraw-Hill Companies, 2003 (трето издание)
Издавач МК: Табернакул, 2010
ISBN 978-608- 210-072-7

## КОМУНИКАЦИСКИ ВЕШТИНИ ВО КЛИНИЧКАТА...




**Комуникациски вештини во клиничката практика (комуникација помеѓу пациент и доктор)** - Првиот дел од книгата се однесува на јадрените вештини на ефикасна комуникација, вториот дел на клиничка примена и третиот оди отаде комуникацијата и се занимава со претпазлива клиничка практика во чиј фокус е пациентот.

Автор: **К. Р. Сетураман**
Издавач: Jaypee Brothers, 2004 (прво издание)
Издавач МК: Табернакул, 2010
ISBN 978-608-210-083-8

## КРАТОК ПРИКАЗ НА МИКРОБИОЛОГИЈАТА




**Краток приказ на микробиологијата** - Книгата зазема молекуларен пристап кон микробиологијата и ги има следниве особини: дел за бактерии, за микробиолошка патогенеза и делови за еукариотика и вирологија.

Автор: **Симон Бејкер и други**
Издавач: Taylor&Francis Group, 2006 (трето издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-057-7

## КУБИ - ИМУНОЛОГИЈА




**Куби - Имунологија** - Напишана на едноставен и разбирлив начин, оваа книга ги опфаќа сите подрачја на имунологијата. Материјалот е поделен на четири дела: Вовед, Предизвикување на Б-клеточни и Т-клеточни одговори, Механизми на имуни ефектори и Имуниот систем во услови на здравје и болести.

Автор: **Томас Џ. Киндт и други**
Издавач: W. H. Freeman, 2006 (шестто издание)
Издавач МК: Табернакул, 2011
ISBN 978-608-210-159-0

## МЕДИЦИНА




**Медицина** - Ова дело ги покрива следниве единаесет области: кардиологија, болести на белите дробови, болести на бубрезите, болести на ендокриниот систем, гастроинтестинални болести, ревматологија, хематологија, онкологија, инфективни болести, неврологија и психосоцијални состојби. Книгата содржи детална обработка на менаџмент за внатрешни и за надворешни пациенти вклучувајќи водич за прием во болница.

Автор: **Марк Џ. Фишман и други**
Издавач: Lippincott Wiliams&Wilkins, 2004 (петто издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-219-9

## МЕДИЦИНСКА БИОХЕМИЈА




**Медицинска биохемија: сеопфатен текст со клуч за себеоценување** - Книгата содржи 20 поглавја во кои се разработени теми од општата и од применетата биохемија.

Автор: **А. К. Брауни, Џ. К. Керноан**
Издавач: Elsevier Limited, 2005 (второ издание)
Издавач МК: Табернакул, 2010
ISBN 978-608-210-105-7

## МЕДИЦИНСКА МИКРОБИОЛОГИЈА




**Медицинска микробиологија - водич за микробни инфекции: патогенеза, имунитет, лабораториска дијагноза и контрола** - Содржината на оваа книга започнува со еден задлабочен преглед на биологијата на микробите, следува разгледување на принципите на имунолошкиот одговор на организмот кон различни типови микроорганизми, се продолжува со поединечна обработка на бактериите, вирусите, фунгите и паразитите.

Автор: **Дејвид Гринвуд и други**
Издавач: Churchill Livingstone Elsevier, 2007 (17-то издание)
Издавач МК: Академски печат, 2010
ISBN 978-608-4563-78-5

## МЕДИЦИНСКА ФИЗИОЛОГИЈА




**Медицинска физиологија** - При подготвувањето на ова издание, авторите ги задржале трите водечки принципи: да создадат учебник по физиологија што ја нуди експертизата на неколку автори, а доследност од еден автор, потоа да градат сеопфатна приказна што започнува на нивото на ДНА и протеини, а се протега до нивото на клетки, органи, па сè до интеракцијата меѓу системите од органи. И на крајот, да прикажат важни физиолошки принципи преку примери од патофизиологија, со што прецизно ја разгледуваат физиологијата.

Автор: **В. Ф.Борон, Е.Л.Булпап**
Издавач: Saunders, 2008 (второ издание)
Издавач МК: ГЕНЕКС Кочани, 2010
ISBN 978-1-4160-3115-4

## МЕДИЦИНСКО ПРАВО, ЕТИКА И БИОЕТИКА...




**Медицинско право, етика и биоетика за здравствени професионалци** - Книгата е составена од четири единици: разбирање на основите, право, одговорност и задолженија, прашања во врска со работното место и биоетички проблеми. Целта на оваа книга е да им обезбеди на здравствените професионалци адекватни ресурси за изучување на медицинските закони, етиката и биоетиката.

Автор: **Марсија Луис, Карол Тампаро**
Издавач: Davis Company, 2006 (шестто издание)
Издавач МК: Академски печат, 2010
ISBN 978-608-4563-51-8

## МЕЃУНАРОДНА ЗДРАВСТВЕНА ПРАКСА



**Меѓународна здравствена пракса: ориентација заснована на случаи** - Оваа книга нуди инспиративен пример за она што може да биде постигнато кога научниците со теренско искуство се ослободуваат од ригидните дисциплинарни ограничувања, со цел да го истражат оние области за кои секој набљудувач би се согласил дека се клучни проблеми во меѓународното здравство.

Автор: **Даниел Перлман и Анаја Рој**
Издавач: Oxford University Press, 2008 (прво издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-4535-77-5

## МЕРИЛА НА ИСХОДОТ ВО ОРТОПЕДИЈАТА...



**Мерила на исходот во ортопедијата и ортопедската трауматологија** - Книгата е поделена на дваесет и три дела, меѓу кои: Избор на мерка за одредување на исходот, Системски пристап кон развивање компаративни индикатори на здравствен исход, Економска евалуација, Рандомизирани контролирани студии, Регистар студии, Мерки на болка, Индекси за тежина на повреда и други теми.

Автор: **Пол Б. Пинсент и други**
Издавач: Arnold Publishers, 2004 (второ издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-6086229-076-8

## МЕРИТОВА НЕВРОЛОГИЈА




**Меритова неврологија** - Оваа книга ги разработува суштинските факти околу вообичаени и ретки заболувања или состојби од невролошки аспект.

Автор: **Луис П. Роуленд**
Издавач: Lippincott Williams&Wilkins, 2005 (11-то издание)
Издавач МК: Табернакул, 2011
ISBN 978-608-210-163-7

## МЕТОДИ КОИ СЕ УПОТРЕБУВААТ ВО...



**Методи кои се употребуваат во контролирани студии на случај: дизајн и употреба** - Книгата прикажува богатство на примени на методи кои се користат во контролираните студии на случај и студии базирани на случај во: истражувања на епидемии, генетска епидемиологија, процена на интервенциите, процена на скрининг-програмите и други примени. За употреба и разбирање на текстот, доволно е да се има основни познавања од епидемиологијата и биостатистиката.

Автор: **Хароутун К. Арменијан**
Издавач: Oxford University Press, 2009
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-4535-88-1

## МЕХАНИКА НА КЛЕТКАТА



**Механика на клетка** - Во книгата најпрво се разгледуваат својствата на одделни флексибилни полимери, мрежи и мембрани, а потоа се обработуваат едноставни композитни состави, како што се бактериите и синтетичките клетки. Исто така, оваа книга ја истражува архитектурата на клеточната обвивка и внатрешната скелетна структура, како и својствата на нејзините меки компоненти.

Автор: **Давид Боул**
Издавач: Cambridge University Press, 2001 (прво издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-259-5

## МОЗБИЕВ ВОДИЧ ЗА ФИЗИЧКИ ПРЕГЛЕД




**Мозбиев водич за физички преглед** - Овој прирачник е наменет да помогне при постигнување на целите поврзани со учењето - како се испрашуваат пациенти за да се добие здравствена историја и да се изведе физички преглед.

Автор: **Хенри М. Сејдел, Џејн В. Бол**
Издавач: Elsevier Inc, 2006 (шестто издание)
Издавач МК: Магор, 2010
ISBN 978-608-223-003-5

## НАУКА ЗА ДНК




**Наука за ДНК** - Материјалот на оваа книга е поделен во следниве неколку поглавја: Како научивме дека ДНК е генетски материјал, Како ја научивме функцијата на ДНК, Како научивме за тоа како се регулираат гените, Основни алатки и техники на науката за ДНК, Методи за пронаоѓање и експресија на важни гени, Модерни методи за анализа на цели геноми, Наука за ДНК кај ракот, Примена на науката за ДНК во хуманата генетика и еволуција.

Автор: **Дејвид А. Миклос и други**
Издавач: Cold Spring Harbor Laboratori Press, 2003 (второ издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-071-3

## НЕВРОАНАТОМИЈА




**Невроанатомија: атлас на структури пресеци и системи** - Овој значаен атлас ја надградува својата репутација како примарен извор за учење комбинирајќи го најдоброто од двата света - анатомскиот и клиничкиот.

Автор: **Дуејн Е. Хејнс**
Издавач: Lippincott Wiliams&Wilkins, 2008 (седмо издание)
Издавач МК: Табернакул, 2010
ISBN 978-608-210-093-7

## НЕЛСОНОВ УЧЕБНИК ПО ПЕДИЈАТРИЈА




**Нелсонов учебник по педијатрија** - Ова издание е комбинација од значајна синтеза на клиничка педијатрија со брзиот напредок во геномиката, дијагнозата, техниките на визуелизација и терапевтиката. Учебникот продолжува да го претставува најсовременото во поглед на негата за нормалното и болното новороденче, дете или адолесцент. Во него е претставена медицина базирана на докази, како и вешти клинички искуства од водечки меѓународни автори.

Автор: **Роберт М. Клигман и други**
Издавач: Saunders, 2007 (18-то издание)
Издавач МК: Табернакул, 2013
ISBN 978-608-210-286-3

## ОКСФОРДСКИ УЧЕБНИК ПО КЛИНИЧКА...



**Оксфордски учебник по клиничка нефрологија (Том 1, Том 2 и Том 3)** - Првиот том ги опфаќа евалуацијата и следењето на пациенти со различни заболувања и нарушувања во делот на нефролошкиот систем на човекот.

Вториот том се однесува на претставување на системските различни видови болести на бубрегот и нивните симптоми, карактеристики и манифестации.

Третиот том ја обработува проблематиката на пациентите со различни заболувања на бубрезите и на уринарниот тракт, нивниот медицински третман и лекување преку користењето на соодветна фармаколошка терапија и употреба на лекови.

Автор: **Алекс М. Дејвисон и други**
Издавач: Oxford University Press, 2008
Издавач МК: Табернакул, 2012
ISBN 978-608-210-236-8; 978-608-210-237-5; 978-608-210-238-2

## ОКСФОРДСКИ УЧЕБНИК ПО МЕДИЦИНА



**Оксфордски учебник по медицина (том 1)** - Овој том содржи десет поглавја: Како е да се биде пациент; Модерната медицина, основите, достигнувањата и ограничувањата; Глобални модели на болестите и медицинската практика; Молекуларни механизми на болестите; Имунолошки механизми; Принципи на клиничката онкологија; Инфекција; Хемиски и физички повреди и фактори на средината и болестите; Принципи на клиничката фармакологија и медикаментозната терапија и Исхрана.

Автор: **Дејвид А. Ворел и други**
Издавач: Oxford Universitu Press, 2003 (четврто издание)
Издавач МК: Табернакул, 2012
ISBN 978-608-210-210-8

## ОПТИКА




**Оптика** - Напишана на лесен и разбирлив начин, оваа книга на читателот му нуди сеопфатен, балансиран увид во теоријата  и практиката од областа на оптиката.

Автор: **Јуџин Хехт**
Издавач: Add.Wesley Longman, Inc, 2001 (четврто издание)
Издавач МК: Табернакул, 2010
ISBN 978-608-210-108-8

## ОРТОПЕДСКИ ПРИКАЗ



**Ортопедски приказ - практичен приод** - Оваа книга претставува извонредна алатка за тоа како да се интерпретираат имиџинг-приказите, со акцент на конвенционалната радиографија, но, исто так,а суштински е важно кои имиџинг-иследувања се пососоодветни за определени состојби и кои секвенции од одредени имиџинг-иследувања, најверојатно, ќе резултираат со дефинитивна дијагноза и помали трошоци.

Автор: **Адам Гринспен**
Издавач: Lippincott Williams&Wilkins, 2004 (четврто издание)
Издавач МК: Табернакул, 2011
ISBN 978-608-210-168-2

## ОСНОВЕН АТЛАС НА ИНФЕКТИВНИ БОЛЕСТИ




**Основен атлас на инфективни болести** - Дијагнозата и раководењето на пациенти со инфективни болести во голем дел се заснова врз визуелната дијагностика. Овој атлас е современа, целосна збирка на вакви слики поделени во 13 поглавја.

Автор: **д-р Џералд Л.Мандел**
Издавач: W.B.Saunders Company, 2005 (трето издание)
Издавач МК: Табернакул, 2010
ISBN 978-608-210-120-0

## ОСНОВИ НА КЛИНИЧКАТА ИМУНОЛОГИЈА




**Основи на клиничката имунологија** - Ова дело обезбедува основни информации за разбирање на болестите со имунолошка основа. Книгата ги покрива патофизиологијата и знаците и симптомите на болестите, како и посебното истражување потребно за раководење со пациенти. Ова е одлично дело за студенти на медицина, млади доктори и медицински професионалци кои сакаат да ги дознаат новините во клиничката имунологија.

Автор: Хелен Чапел и други
Издавач: Wiley-Blackwell, 2006 (петто издание)
Издавач МК: Табернакул, 2010
ISBN 978-608-210-097-5

## ОСНОВИ НА ОТОРИНОЛАРИНГОЛОГИЈАТА



**Основи на оториноларингологија: прирачник чекор по чекор** - Ова книга има четири дела: нос, параназални синуси и лице, усна празнина и фаринкс, уво и врат. Книгата ги следи најновите достигнувања од областа на оториноларингологијата и на хирургијата на глава и врат.

Автор: **Р. Пробст, Г. Граверс и Х. Иро**
Издавач: Georg Thieme Verlag, 2005 (прво издание)
Издавач МК: Академски печат, 2010
ISBN 978-608-4563-91-4

## ОСНОВИ НА ОФТАЛМОЛОГИЈАТА




**Основи на офталмологијата** - Книгата е поделена на девет глави: Очен преглед, Акутна загуба на видот, Хронична загуба на видот, Црвено око, Повреди на окото и орбитата, Амблиопија и страбизам, Невро-офталмологија, Очни манифестации на системски заболувања, Лекарствата и Очите. Книгата е составена за да му помогне на корисникот да се здобие со соодветна очна историја и да ги научи техниките за вршење преглед за сеопфатна процена на очите.

Автор: **Синтија А. Бредфорд**
Издавач: American Academy Of Ophtalmology, 2004 (осмо издание)
Издавач МК: Табернакул, 2010
ISBN 978-608-210-092-0

## ОСНОВИ НА ПАТОЛОГИЈАТА СПОРЕД РОБИНС




**Основи на патологијата според Робинс** - Во оваа книга се проучуваат механизмите на хуманите заболувања со силен акцент врз клиничко-патолошкиот сооднос. Содржината е поделена на следниве поглавја: повреда на клетка, клеточна смрт и приспособување, акутно и хронично воспаление, поправка на ткивата: регенерирање, оздравување и фиброза, хемодинамски нарушувања, тромбоза и шок, заболувања на имунолошкиот систем, неоплазија, генетски и педијатриски болести и други теми.

Автор: **Винај Кумар и други**
Издавач: Saunders, 2007 (осмо издание)
Издавач МК: Табернакул, 2010
ISBN 978-608-210-129-3

## ОСНОВИ НА ХИСТОЛОГИЈАТА




**Основи на хистологија - текст и атлас** - Оваа книга претставува концизен и одлично илустриран атлас кој ни ги претставува фактите и интерпретациите на микроскопската анатомија.

Автор: **Л. К. Жунквеира и Х. Карнеиро**
Издавач: McGraw-Hill Companies Inc, 2005 (11-то издание)
Издавач МК: Просветно дело, 2009
ISBN 978-9989-0-0665-4

## ПАТОФИЗИОЛОГИЈА НА БОЛЕСТИ




**Патофизиологија на болести: вовед во клиничка медицина** - Целта на оваа книга е низ преглед на физиолошката основа на симптомите и на знаците на различни секојдневни заболувања, студентите да бидат воведени во клиничката медицина

Автор: **С. Џ.Мек Фи, В. Г. Генонг**
Издавач: The McGraw- Hill Companies, 2005 (петто издание)
Издавач МК: Табернакул, 2010
ISBN 978-608-210-126-2

## ПАТОФИЗИОЛОГИЈА НА СРЦЕВИТЕ ЗАБОЛУВАЊА



**Патофизиологија на срцевите заболувања** - Овој учебник претставува детален вовед во болестите на кардиоваскуларниот систем обработени во 17 поглавја, вклучувајќи: основна структура и функција на срце: срцевиот циклус: механизми на срцеви тонови и шумови; снимање на срцето и срцева катетеризација; електрокардиограм, атеросклероза, исхемична болест на срцето, акутен коронарен синдром, валвуларни болести на срце, срцева слабост, кардимиопатии и други теми.

Автор: **Леонард Лили**
Издавач: Lippincott Williams & Wilkins, 2011 (петто издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-345-5

## ПЕДИЈАТРИЈА И ЗДРАВЈЕ НА ДЕТЕТО



**Педијатрија и здравје на детето** - Ова е единствена книга што посветува внимание на секој симптом и дава насоки како чекор по чекор да се земе анамнеза и да се изврши физикален преглед. Книгата нуди разбирливи и практични упатства за педијатриски нарушувања претставени и систематски групирани за полесно пребарување.

Автор: **М. Рудолф, Т. Ли, М. Левен**
Издавач: Blackwell Publishing Limited, 2011 (трето издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-294-6

## ПЕТМИНУТНА ИТНА МЕДИЦИНСКА КОНСУЛТАЦИЈА



**Петминутна итна медицинска консултација** - Книгата е поделена на повеќе делови, како: знаци и симптоми, кардиолошки итни состојби, дерматолошки и итни состојби на мекото ткиво, ендокрини итни состојби, итни состојби поврзани со животната средина, гастроинтестинални итни состојби, генитоуринарни итни состојби, гинеколошки итни состојби, итни состојби поврзани со главата и со вратот и други теми.

Автор: **Џефри Шајдер и други**
Издавач: Lippincott Williams &Wilkins, 2007 (трето издание)
Издавач МК: Табернакул, 2011
ISBN 978-608-210-187-3

## ПРВИЧНИ ИМУНОНЕДОСТАТОЧНИ БОЛЕСТИ



**Првични имунонедостаточни болести: молекулски и генетски приод** - Во оваа книга се дадени јасни информации за научната основа и нејзиното разбирање за развојот на имунолошкиот систем, следено со основен дел кој се осврнува на секој синдром и со заклучок што ги покрива клиничките испитувања и третманот на овие болести.

Автор: **Ханс Д.Окс и други**
Издавач: Oxford University Press, 2007 (трето издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2013
ISBN 978-608-229-513-8

## ПРИНЦИПИ И ПРАКТИКА НА РАДИОЛОШКАТА...




**Принципи и практика на радиолошката онкологија** - Во ова издание е даден осврт на базичната наука за онкологија со ажурирање на поглавјата за молекуларна биологија на канцерот, радиолошка биологија и патофизиологија на масивните тумори.

Автор: **Едвард К. Халперин и други**
Издавач: Lippincott Williams&Wilkins, 2007 (петто издание)
Издавач МК: Табернакул, 2011
ISBN 978-608-210-195-8



## ПРИНЦИПИ НА ИНТЕРНАТА МЕДИЦИНА...




**Принципи на интерната медицина на Харисон** - Како резултат на брзиот развој на интерната медицина од појавувањето на првото издание во 1958 година, овој учебник еволуирал за да го одржи чекорот со тој напредок, но во исто време и да ги цени познавањето и принципите кои претставуваат основа на оптималната нега на пациентот.

Автор: **Браунвалд и други**
Издавач: McGraw-Hill Companies Inc, 2008 (17-то издание)
Издавач МК: Табернакул, 2012
ISBN 978-608-210-246-7

## ПРИНЦИПИ НА НЕВРОЛОГИЈАТА...



**Принципи на неврологијата според Адамс и Виктор** - Цел на авторите на оваа книга е за секое поглавје да се одбере основен материјал што ќе обезбеди широк интелектуален поглед во врска со разбирањето на патофизиолошките процеси и ќе ја поттикне вродената способност на клиничарот за синтетизирање. Од тие причини направен е обид читателот да се води кон што подобро разбирање на сите аспекти на невролошката болест, вклучувајќи клинички и научни податоци

Автор: **А. Х. Ропер и Р. Х. Браун**
Издавач: The McGraw-Hill Inc, 2005 (осмо издание)
Издавач МК: Магор, 2013
ISBN 978-608-223-254-6

## ПРИРАЧНИК ЗА ЗЛОУПОТРЕБА НА ДРОГА И АЛКОХОЛ



**Прирачник за злоупотреба на дрога и алкохол: биомедицински аспекти** - Овој детален текст е темелно обновен со комплетно нова глава која се однесува на клуб-дрогите. Делот што се однесува на медицинските ефекти е целосно обновен со фокусирање на инфекциите кои се појавуваат кај интравенозните злоупотребувачи на дроги и делот за злоупотребувачи на дрога и законите за регулирање на интернационално ниво.

Автор: **Гал Вингер и други**
Издавач: Oxford University Press, 2004 (четврто издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-4535-80-5

## ПРИРАЧНИК ЗА НЕФРОЛОГИЈА И ХИПЕРТЕНЗИЈА



**Прирачник за нефрологија и хипертензија - Книгата изобилува со прецизни, утврдени информации за клинички испитувања, акутни бубрежни недостатоци, хронично заболување на бубрезите и заменски бубрежни терапии.**

Автор: **Пол Ј. Шил, Мајкл Ј. Чои**
Издавач: Oxford University Press, 2008 (прво издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-099-7

## ПРИРАЧНИК ЗА СПОРТСКА И ЗА ПРИМЕНЕТА ...



**Прирачник за спортска и за применета медицина** - Во овој прирачник се собрани честите проблеми и дијагнозите кај спортската и кај применетата медицина со фокус на последните стратегии, плановите за третман и протоколите врз база на докази.

Автор: **Домнал Мекојли**
Издавач: Oxford University Press, 2006 (прво издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-079-9

## РЕВМАТОЛОГИЈА




**Ревматологија** - Ревматологијата е специјалност што постојано се менува, во којашто количината на достапни информации дневно расте и се шири низ многубројни книги, весници и веб-страници. Книгата е важен извор кој ги спојува овие информации во еден практичен формат лесен за користење. Во него се комбинирани современи, релевантни информации што се базираат врз докази со најнови упатства заедно со искуството на постарите советници.

Автор: **Ричард Ватс и други**
Издавач: Oxford University Press, 2009 (прво издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2013
ISBN 978-608-229-439-1

## РЕГЕНЕРАЦИЈА НА ТКИВА И ОРГАНИ КАЈ ВОЗРАСНИ



**Регенерација на ткива и органи кај возрасни** - Книгата е прва обработка на „in vino" синтеза на ткива и органи, а обработката е униформна и намерно насочена кон различни средини на студенти на физички и природни науки.

Автор: **Јоанис В.Јанас**
Издавач: Springer Science+Business Media, 2001
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-229-136-9

## РЕТИНАЛНО ОДЛЕПУВАЊЕ...




**Ретинално одлепување: принципи и практика** - Книгата е детален преглед на сите критички аспекти на справување со ретиналното одлепување, од иницијалното прегледување до тоа како да се селектира и изведе најсоодветната хирургија.

Автор: **Д. А.Бринтон и Ц.П.Вилкинсон**
Издавач: Oxford University Press, 2009 (трето издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-229-140-6

## РОБИНС И КОТРАН - ПАТОЛОШКИ АТЛАС




**Робинс и Котран: патолошки атлас** - Книгата е поделена на дваесет поглавја: крвни садови, срце, нарушување на црвените крвни клетки, хематопатологија, бели дробови, глава и врат, гастроинтестинален тракт, црн дроб и билијарен тракт, панкреас, бубрег, долен уринарен тракт, машки генитален тракт, женски генитален тракт, гради, ендокрин систем, кожа, тумори на коските, зглобовите и меките ткива, периферни нерви и скелетни мускули, централен нервен систем и око.

Автор: **Д-р Едвард К.Клат**
Издавач: Saunders Elsevier, 2006
(прво издание)
Издавач МК: Академски печат, 2010
ISBN 978-608-4563-65-5

## СЕКСУАЛНО ПРЕНОСЛИВИ БОЛЕСТИ




**Сексуално преносливи болести** - Напредокот во епидемиологијата, патогенезата, дијагностицирањето, третманот и превенцијата на сексуално преносливите инфекции се разгледуваат од различни перспективи во овој учебник. Темпото на промените во полето на СПИ/ХИВ е исклучително, а можеби и уникатно. Тој брз развој е причина за потребните обемни промени и целокупната „тежина" на доказите изнесени во ова издание.

Автор: **Кинг Х.Холмс**
Издавач: The McGraw-Hill Inc., 2008
(четврто издание)
Издавач МК: Табернакул, 2013
ISBN 978-608-210-306-8

## СЕОПФАТЕН УЧЕБНИК ПО ПСИХИЈАТРИЈА...




**Сеопфатен учебник по психијатрија на Каплан и Садок (Том 1 и Том 2)** - Учебникот е опишан како „универзитет без граници" и со него се образоваат генерации психијатри, други лекари и професионалци во областа на менталното здравје од сите полиња, меѓу кои и психологија, социјална работа и здравствена нега.

Автор: **Б.Џ. Садок и В. А. Садок**
Издавач: LWW, 2005 (осмо издание)
Издавач МК: Табернакул, 2012
ISBN (том 1) 978-608-210-215-3
ISBN (том 2) 978-608-210-216-0

## СЕСИЛ МЕДИЦИНА




**Сесил медицина** - Ова е 23-то издание и е симбол на едно време на неверојатни напредоци во медицината и технолошки иновации за ширење на информациите. Содржините на оваа книга се верни на она што значи сеопфатен учебник по медицина кој внимателно објаснува зошто и како.

Автор: **Ли Гоулдман и Денис Осиело**
Издавач: Saunders, 2007 (23-то издание)
Издавач МК: Табернакул, 2012
ISBN 978-608-210-231-3

## СЕСТРИНСКА НЕГА ВО КАРДИОЛОГИЈА




**Сестринска нега во кардиологија: Сеопфатен водич** - Оваа книга содржи детален текст кој ги покрива сите области на кардиолошката нега што треба да ги знаат сестрите. Вклучува клинички болести и синдроми и нивната сестринска нега, промоција на здравје и рехабилитација, сегашни третмани и управување со кардиолошката нега.

Автор: **Р. Хачет и Д. Р.Томпсон**
Издавач: Elsevier Limited, 2007
(второ издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-231-1

## СЕСТРИНСКИ ДИЈАГНОЗИ...



**Сестрински дијагнози во психијатриското сестринство: планови за нега и психотропски медикации** - Оваа книга ќе му помогне на читателот да се запознае со актуелните сестрински дијагнози, кои се одобрени од NANDA, и предлага како да се применат тие дијагнози. Книгата е дизајнирана за употреба при брза консултација, при подготвувањето на планот за нега, со надеж дека дополнителни информации ќе бидат потребни за секоја дијагноза со текот на индивидуализирањето на грижата на психијатрискиот клиент.

Автор: **Мери Ц. Таунсенд**
Издавач: Wiley-Blackwell Publishing, 2009
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-215-1

## УЛТРАСОНОГРАФИЈА...




**Ултрасонографија во акушерството и гинекологијата** - Книгата има два дела. Првиот се нарекува Акушерски ултразвук, а вториот Гинеколошки ултразвук. Постојат поглавја за компјутерска томографија, снимање со магнетна резонанца и поглавје за ултразвук на дојки. Учебникот е збогатен со многубројни табели и слики и еден обемен додаток кој служи како референца.

Автор: **Питер В. Кален**
Издавач: Saunders, 2007 (петто издание)
Издавач МК: Табернакул, 2012
ISBN 978-608-210-213-9

## УРГЕНТНА МЕДИЦИНА




**Ургентна медицина** - Книгата изобилува со корисни информации и има оригинална цел - да ја подобри изведбата на на усната испитна презентација по УМ. За да се постигне тоа, текстот е напишан во три формати: преглед на темите, брзи трик-прашања/одговори и вистински практични случаи.

Автор: **В. Г. Госман и С. Х. Планц**
Издавач: McGraw-Hill Companies Inc, 2008 (петто издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-384-4

## УЧЕБНИК ЗА РАДИОГРАФСКО ПОЗИЦИОНИРАЊЕ...



**Учебник за радиографско позиционирање и соодветна анатомија** - Оваа книга ги опфаќа сите аспекти на радиографското позиционирање, како и презентирањето на информации од наједноставни до најсложени процеси и техники кои се користат.

Автор: **Бонтрејџер и Лампињано**
Издавач: Mosby Inc, 2009 (седмо издание)
Издавач МК: Табернакул, 2011
ISBN 978-608-210-169-9

## УЧЕБНИК ПО ЕНДОКРИНОЛОГИЈА...




**Учебник по ендокринологија на Вилијамс** - Оваа книга претставува стручен преглед на постапувањето со клиничките ендокринопатии засновани на примената на информации добиени од хемиски и физиолошки, генетски и епидемиолошки испитувања. Содржани се многу новитети кои се однесуваат на човечки органи, состојби, нарушувања и проблеми од областа на ендокринологијата.

Автор: **Хенри М.Кроненберг и други**
Издавач: Saunders, 2007 (11-то издание)
Издавач МК: Табернакул, 2012
ISBN 978-608-210-223-1 (10)

## УЧЕБНИК ПО МЕДИЦИНСКА ФИЗИОЛОГИЈА




**Учебник по медицинска физиологија** - Првите осум изданија биле целосно напишани од д-р Гајтон со несекојдневна способност да ги објаснува сложените физиолошки принципи на јазик лесно разбирлив за студентите. Во ова издание повеќето поглавја се ревидирани и дополнети за да бидат опфатени новите принципи на физиологијата.

Автор: **Артур К. Гајтон и Џон Е. Хол**
Издавач: Elsevier Saunders, 2005 (11-то издание)
Издавач МК: Академски печат, 2012
ISBN 978-608-231-075-6

## УЧЕБНИК ПО ПРИМАРНА МЕДИЦИНСКА НЕГА




**Учебник по примарна медицинска нега** - Во средиштето на ова издание се клиничката манифестација и справување со болестите и проблемите во примарната здравствена заштита на начин на којшто тие се решаваат.

Автор: **Џон Ноубл**
Издавач: Mosby Inc, 2000 (трето издание)
Издавач МК: Табернакул, 2011
ISBN 978-608-210-171-2

## УЧЕБНИК ПО СЕМЕЈНА МЕДИЦИНА




**Учебник по семејна медицина** - Оваа книга претставува извор на информации за семејните лекари и за лекарите кои работат во примарната здравствена заштита како основа на семејната медицина и да им помогне да останат во чекор со современите достигнувања во медицината.

Автор: **Роберт Е. Ракел**
Издавач: Saunder, 2007 (седмо издание)
Издавач МК: Табернакул, 2010
ISBN 978-608-210-150-7

## УЧЕБНИК ПО ФИЗИЧКА ДИЈАГНОЗА НА БОЛЕСТИ




**Учебник по физичка дијагноза на болести: медицинска историја и испитување** - Примарна цел на оваа книга е да обезбеди концептуална рамка за клиничка процена на пациентот на хуманистички начин, со фокус кон пациентите, на нивните потреби, проблеми, грижи и интереси. Книгата опфаќа: Уметност на интервјуирање на пациентите, Научни основи на физикалниот преглед, Евалуација на специфични пациенти и Организирање на податоците.

Автор: **Марк Х. Шварц**
Издавач: Sauders, 2010 (шестто издание)
Издавач МК: Табернакул, 2010
ISBN 978-608-210-088-3

## УЧЕБНИК ПО ХИРУРГИЈА НА САБИСТОН




**Учебник по хирургија на Сабистон** - Целта на ова најново издание е да остане најтемелниот, најкориснιот, најчитливиот и најразбирлив учебник во кој се содржани и претставени хируршките начела и техники. Направено е така да биде подеднакво корисно и за студентите и за стажантите и за експертите во оваа област.

Автор: **Кортни М. Таунсенд и други**
Издавач: Saunders, 2007 (18-то издание)
Издавач МК: Табернакул, 2013
ISBN 978-608-210-277-1

## ФИЗИКАЛНА МЕДИЦИНА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА




**Физикална медицина и рехабилитација** - Книгата има четири дела: Евалуација, Техники на третман и специјална опрема, Општи клинички проблеми и Одредени прашања кај конкретни дијагнози, што ги опфаќаат специфичните дијагнози со кои се среќаваат физијатрите во физикалната медицина и во рехабилитацијата.

Автор: **Рендал Л. Брадом**
Издавач: Saunders, 2006 (трето издание)
Издавач МК: Табернакул, 2011
ISBN 978-608-210-197-2

## ФИЗИКАЛНА МЕДИЦИНА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА...




**Физикална медицина и рехабилитација: Принципи и практика (том 1 и том 2)** - Главна цел на авторите е да дадат опширен и мултидисциплинарен преглед на физикалната медицина и на рехабилитацијата во кој се опфатени основните принципи и практичните техники во постапувањето со пациентите. Првиот том е посветен на физикалната медицина, додека вториот том се однесува на рехабилитацијата.

Автор: **Џоел А. Делиса**
Издавач: LWW, 2004 (четврто издание)
Издавач МК: Табернакул, 2012
ISBN (том 1) 978-608-210-208-5
ISBN (том 2) 978-608-210-209-2

## ФИЗИОЛОГИЈА




**Физиологија** - Оваа книга претставува еден концизен преглед на клучни физиолошки принципи и е наменета да му помогне на студентот да се потсети на материјалот што го изучувал во текот на студирањето. Содржи: Физиологија на клетка, Неврофизиологија, Кардиоваскуларна физиологија, Респираторна физиологија, Физиологија на бубрези и ацидобазна рамнотежа, Физологија на гастроинтестинален систем и Физиологија на ендокрин систем.

Автор: **Линда С. Костанцо**
Издавач: Lippincott Williams&Wilkins, 2011 (петто издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-214-4

## ФИЗИОЛОШКИ АТЛАС ВО БОЈА




**Физиолошки атлас во боја** - Оваа книга содржи скорешни научни достигнувања, особено во однос на успешната примена на молекуларната биологија, исто така, земено е во предвид најновото истражување на функцијата на мозокот. Вклучува: Основи на клеточна физиологија, Нерви и мускули, физичка работа, Автономен нервен систем (АНС), Крв, Дишење, Ацодобазна хомеостаза, Бубрези, сол и водна рамнотежа, Кардиоваскуларен систем и други теми.

Автор: **Ш. Зилбернагл и А. Деспопулос**
Издавач: Thieme Medical Publishers, 2009 (петто издание)
Издавач МК: Табернакул, 2010
ISBN 978-508-210-099-9

## ФИЦПАТРИКОВ АТЛАС ВО БОЈА...




**Форензичка патологија** - Книгата содржи 23 поглавја. Таа опфаќа повеќе од 75 години практично и теоретско искуство за основата на форензичката медицина. Книгата започнува со преглед на медицинско– правните истражувачки системи, а потоа продолжува за суштината и механиката на патологијата.

Автор: **К. Волф и Р. А. Џексон**
Издавач: The McGraw-Hill Companies Inc, 2009 (шестто издание)
Издавач МК: Магор, 2011
ISBN 978-608-223-035-1

## ФОРЕНЗИЧКА ПАТОЛОГИЈА




**Форензичка патологија** - Книгата содржи 23 поглавја. Таа опфаќа повеќе од 75 години практично и теоретско искуство за основата на форензичката медицина. Книгата започнува со преглед на медицинско – правните истражувачки системи, а потоа продолжува за суштината и механиката на патологијата.

Автор: **В. Џ. Димајо и Д. Димајо**
Издавач: CRC Press, 2001 (второ издание)
Издавач МК: Табернакул, 2010
ISBN 978-608-210-090-6

## ФУНКЦИОНАЛНА АНАТОМИЈА НА 'РБЕТНИЦИТЕ



**Функционална анатомија на 'рбетниците** - Целта на книгата е да им овозможи на читателите да ги разберат формата и функцијата на `рбетниците, како и облиците на животот на `рбетниците кои се појавиле во периодот на еволуцијата од 500 милиони години. Книгата е поделена на пет дела: Основа за изучување на анатомија на `рбетници, Заштита, поддршка и движење, Интеграција, Метаболизам и размножување и Заклучок.

Автор: **Лием, Бемис, Вокер, Гранде**
Издавач: Cengage Learning Inc, 2001 (трето издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-088-1

## ХИСТОЛОГИЈА, ТЕКСТ И АТЛАС




**Хистологија, текст и атлас (клеточна и молекуларна биологија)** - Оваа книга е комбинација од текст и атлас, содржи стандардни описи на хистолошките принципи, целосно дополнети со информативни илустрации и фотографии.

Автор: **Мајкл Х.Рос, Војчич Павлина**
Издавач: Lippincott Wiliams&Wilkins, 2006 (петто издание)
Издавач МК: Табернакул, 2010
ISBN 978-608-210-132-3

## ЧОВЕКОТ ВО РАЗВОЈ: КЛИНИЧКИ...




**Човекот во развој: клинички ориентирана ембриологија** - Ова дело ги проучува сите аспекти на човековиот развој овозможувајќи увид во развојот на феталните органи и системи за секоја недела и за секој стадиум одделно, објаснувајќи ги причините зошто и кога доаѓа до нарушувања и каква е улогата на плацентата и на феталните мембрани, а содржи и повеќе од 1400 илустрации и фотографии кои го олеснуваат разбирањето на материјалот.

Автор: **Кит Л.Мур и Т.В.Н. Персо**
Издавач: Saunders, 2008 (осмо издание)
Издавач МК: Табернакул, 2010
ISBN 978-608-210-139-2

## ЏОНС ХОПКИНС: АТЛАС НА ЧОВЕЧКАТА...




**Џонс Хопкинс: атлас на човечката функционална анатомија** - Ова дело претставува стручен извор на информации за човечкото тело, наменет за обичните читатели и за студенти од сите нивоа. Содржината на материјалот е поделена на дваесет и шест делови: анатомија на скелет, мускули, зглобови и фасцијални структури, абдоминален зид, ингвинална регија, хернии(кила), хематопоетски систем и диференцијација на крвните клетки, анатомија на нервен систем, анатомија на маж, аорта и нејзините гранки и други теми.

Автор: **Џорџ Д. Зуидема**
Издавач: The John Hopkins University Press, 1997 (четврто издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-4535-95-9

## ПРИРАЧНИК ЗА ПЕДИЈАТРИЈА




**Прирачник за педијатрија** - Прирачникот претставува компактен водич низ сите аспекти на акутна и хронична педијатрија. Со практични совети. Книгата е непроценливо богатство за сите оние што се вклучени во нега на помлади пациенти.

Автор: **Роберт Џ. Такер, Роберт Ј. Меклур, Карло Л. Ацерини**
Издавач: Oxford University Press
Издавач МК: Арс Ламина
ISBN 978-608-229-762-0

## ПРИРАЧНИК ЗА НУТРИЦИЈА И ДИЕТЕТИКА



**Прирачник за нутриција и диететика** - Овој водич за нутриција и диететика е практичен, концизен, базиран на докази и го покрива целиот животен циклус, од пред зачнување до старост. Тој ја акцентира науката за нутриција, терапевтската диететика и нутрицијата/диететиката во заедницата. Поглавјата вклучуваат нутритивна проценка, нутриција при системски заболувања, нутриција кај посебни групи и посебни диети.

Автор: **Џоан Вебстер-Генди, Анџела Маден, Мишел Холдсворт**
Издавач: Oxford University Press
Издавач МК: Еуро Партнер Груп
ISBN 978-608-4667-08-7

## ПРИНЦИПИ НА НЕВРОЛОГИЈАТА




**Принципи на неврологијата** - Целта на неврологијата е да го разбере умот - како забележуваме, како се движиме, мислиме и паметиме. Во книгата се истакнува како однесувањето може да се испита на ниво на индивидуалните нервни клетки барајќи одговор на пет основни прашања: како се развива мозокот; како нервните клетки во мозокот комуницираат едни со други; како различни обрасци на интерконекции носат до различни перцепции и моторни однсувања; како комуникацијата на невроните е модифицирана со искуство; како таа комуникација се менува при болест.

Автор: **Ерик Р. Кендел, Џејмс Х. Шварц, Томас М. Џесел**
Издавач: The McGraw-Hill Companies
Издавач МК: Арс Ламина
ISBN 978-608-229-782-8

## ПАТОЛОГИЈА НА МЕЛАНОЦИТНИ ЗАБОЛУВАЊА




**Патологија на меланоцитни заболувања** - Малигниот меланом, заедно со неговите варијанти и мимики, претставува огромен дијагностички предизвик за хистопатолозите. Книгата е сеопфатно дело за патологија на малигните и немалигните меланоцитни лезии. Ова практично дело со авторитетни референци нуди длабока клиничко-патолошка анализа на меланоцитните заболувања, како и ефективни практични насоки за дијагноза на проблематичните лезии. Клучните дијагностички карактеристики, како и потенцијалните замки се потенцираат во табели што се лесно читливи за читателите, со што се олеснува наоѓањето референци во натрупаната дијагностичка патолошка практика.

Автор: **Волтер Ј. Мои, Томас Краус**
Издавач: CRC Press (второ издание)
Издавач МК: Арс ламина
ISBN 978-608-229-772-9

# Стоматологија
# и
# Фармација

## АМЕРИКАНСКИ ПРИРАЧНИК ЗА КЛИНИЧКА...



**Американски прирачник за клиничка стоматологија** - Книгата е поделена на седумнаесет дела: Историја и испитување, Превентивна и јавна стоматологија, Детска стоматологија, Ортодонција, Пародонтологија, Реставративна стоматологија, Мобилна протетика, Орална и максилофацијална хирургија, Орална медицина, Медицина релевантна за стоматологија, Терапевтика, Аналгезија, анестезија и седација и други теми.

Автор: **Џон Д. Да Силва и други**
Издавач: Oxford University Press, 2007 (прво издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-271-7

## ОСНОВИ ЗА РЕСТАВРАЦИЈА НА ЗАБИТЕ




**Основи за реставрација на забите** - Оваа книга претставува многу сериозен обид да се претстават современите концепти и последните научни презентации во реставративната и во превентивната стоматологија.

Автор: **Џејмс Б. Самит и други**
Издавач: Quintessence Publishing Comp. Inc, 2006 (трето издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-083-6

## ПИКАРДОВ ПРИРАЧНИК ЗА ПРЕПАРАЦИЈА...



**Пикардов прирачник за препарација и реставрација на забите** - Книгата јасно и концизно ги опишува индикациите и методите за многу терапевтски и конзервативни процедури во денталната практика. Процедурите и техниките се илустрирани целосно во боја и дадени се сите секвенци чекор по чекор. Содржината е поделена на три дела- Заболувања, нарушувања, дијагноза, одлуки и дизајн; Техники и методи на терапија; Следење и одржување.

Автор: **Кид, Смит и Вотсон**
Издавач: Oxford University Press, 2003 (осмо издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-4535-96-6

## РЕСТАВРАТИВНА СТОМАТОЛОГИЈА




**Реставративна стоматологија** - Оваа книга нуди подлабока анализа на материјата, која овозможува проширување на знаењето од областа на реставративната стоматологија. Во неа има содржини за здрава уста, преглед на пациентот и план за третман, инфламаторни парадонтални заболувања, менаџмент на инфламаторни парадонтални заболувања, кариес и останати причини за ресаврирање на забите и превентивна стоматологија, принципи за надоместување на забите и други теми.

Автор: **А. Демиен Валмсли и други**
Издавач: Harcourt Publishers Limited, 2007 (второ издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-159-8

## БИОФАРМАЦЕВТИЦИ ...




**Биофармацевтици – биохемија и биотехнологија** - Оваа книга се обидува да обезбеди избалансиран преглед на биофармацевтската индустрија, не само во смисла на категоризирање на производите кои се достапни на пазарот, туку и да објасни како овие лекови се произведени.

Автор: **Гери Волш**
Издавач: John Wiley & Sons
Издавач МК: Арс Ламина
ISBN 978-609-229-623-4

## ФАРМАКОТЕРАПИЈА НА КЛИНИЧКИ СЛУЧАИ




**Фармакотерапија на клинички случаи** - Целта на оваа книга е да им се помогне на студентите од здравствените науки и на клиничките лекари во развивање и унапредување на вештините потребни за идентификување и решавање на проблемите поврзани со терапијата со лекови преку користење на конкретни клинички проблеми.

Автор: **Тери Л.Швингхамер и Џулија М.Келер**
Издавач: McGraw-Hill Medical, 2008
Издавач МК: Магор, 2011
ISBN 978-608-4667-00-1

## БАЗИЧНИ ПРИНЦИПИ НА ФАРМАКОЛОГИЈАТА




**Базични принципи на фармакологијата: патофизиолошки основи на терапијата со лекови** - Книгата нуди разбирање на механизмот на дејствување на лекот во рамките на фармакологијата, биохемијата и патофизиологијата на човекот.

Автор: **Дејвид И. Голан и други**
Издавач: Lippincott Williams&Wilkins, 2008 (трето издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2013
ISBN 978-608-229-424-7

## ПРИРАЧНИК ЗА ПРАКТИЧНА ТЕРАПИЈА СО ЛЕКОВИ



**Прирачник за практична терапија со лекови** - Целосната структура на оваа книга е поделена на терапевтски категории. Кога лекот има неколку примени, тие се наведени заедно во еден напис, што му овозможува на читателот да го дознае целиот опсег на дејства на лековите без оглед дали се терапевтски или несакани.

Автор: **Д. Ричардс и Џ. Аронсон**
Издавач: Oxford University Press, 2005 (прво издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 987-608-229-364-6

## РАНГ И ДЕЈЛ ФАРМАКОЛОГИЈА




**Ранг и Дејл фармакологија** - Целта на книгата не е само да се објасни како дејствуваат лековите туку и да се стави акцент на механизмите на нивното дејство. Тоа може да се разбере само во контекст на сето останато што се случува во телото. Па така, на почетокот на секое поглавје накратко се дискутира за физиолошките и за биохемиските процеси релевантни за лекот што се опишува во дадено поглавје. Хемиските структури на лековите се вклучени само онаму каде што таквата информација помага да се разбере нивното дејство.

Автор: **Х.П.Ранг, М. М.Дејл и други**
Издавач: Elsevier, 2007 (шестто издание)
Издавач МК: Академски печат, 2013
ISBN 978-608-231-080-0

## ФАРМАКОЛОШКА ОСНОВА НА ТЕРАПЕВТИЦИТЕ




**Фармаколошка основа на терапевтиците** - Оваа книга е поделена на 15 делови кои го покриваат материјалот во целост, како од аспект на фармакологијата така и од медицински аспект. Вклучува: Лекови кои дејствуваат на синаптичките и на невроефекторните врзивни места, Лекови коишто дејствуваат на централниот нервен систем, Автокоиди: Терапија со лекови за воспаленија, Лекови кои влијаат на бубрежната и на кардиоваскуларната функција и други теми.

Автор: **Лоренс Л. Брантон и други**
Издавач: MacGraw-Hill Professional, 2005 (11-то издание)
Издавач МК: Табернакул, 2011
ISBN 978-608-210-160-6

# Ветеринарна медицина

## АТЛАС ВО БОЈА ЗА КЛИНИЧКА АНАТОМИЈА...




**Атлас во боја за клиничка анатомија на куче и мачка** - Книгата е поделена на седум дела: Вовед, Глава и врат, `Рбетен столб, Предна нога, Граден кош, Абдомен и регион на карлица и Задна нога. Овој суштински преглед минува низ голем збир на анатомски детали за да понуди јасен водич низ анатомијата на кучето и на мачката што е релевантна за секојдневните барања на ветеринарната практика.

Автор: **Џ. С. Бојс и К. Патерсон**
Издавач: Elsevier Limited, 2001 (второ издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-096-6

## ВЕТЕРИНАРНА МЕДИЦИНА




**Ветеринарна медицина: учебник за заболувањата на говедата, коњите, овците, свињите и козите** - Книгата е поделена на два општи дела: Општа медицина- Клинички преглед и поставување дијагноза, Општи системски состојби, Болести кај новороденото животно и други теми; и Специјална медицина - Заболувања поврзани со бактерии (1-5), Заболувања поврзани со вируси и Chlamydia (1-2), заболувања поврзани со приони и други теми.

Автор: **Ото М. Радоститс и други**
Издавач: Saunders, 2006 (десетто издание)
Издавач МК: Табернакул, 2010
ISBN 978-608-210-123-1

## ВЕТЕРИНАРНА МИКРОБИОЛОГИЈА




**Ветеринарна микробиологија** - Книгата е поделена на четири дела: Вовед, Бактерии и габи, Вируси и Клинички апликации. Фокусот на книгата е насочен кон патолошките механизми и процеси на заразните болести, методи на дијагноза и принципи на отпорност, превенција и терапија.

Автор: **Двајт Џ. Хирш и други**
Издавач: Blackwell Publishing, 2004 (второ издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-233-5

## ВОДИЧ ЗА ДИСЕКЦИЈА НА КУЧЕТО




**Водич за дисекција на кучето** - Книгата е поделена на шест глави: Анатомска терминологија, Скелетен и мускулен систем, Врат, граден кош и предна нога, Абдомен, карлица и задна нога, Глава и Нервен систем. Книгата е организирана како напредна серија на анатомски слики проследени со прегледен текст.

Автор: **Ховард Е. Еванс**
Издавач: Elsevier Inc, 2010 (седмо издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-323-3

## КЛИНИЧКА АНАТОМИЈА И ФИЗИОЛОГИЈА...




**Клиничка анатомија и физиологија за ветеринарни техничари** - Книгата содржи обемни трудови кои се лесно помагало за учениците кои слушаат ветеринарна анатомија и физиологија: вовед во анатомија и физиологија; хемиска основа на животот; клетка; ткива: живи заедници; кожа и кожни структури; коскен систем; мускулен систем; кардиоваскуларен систем; крв, лимфа и имунитет; систем за дишење; дигестивен систем и други теми.

Автор: **Т. Колвил и Џ. М. Басерт**
Издавач: Mosby Inc, 2008(второ издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-334-9

## ПОДОБРУВАЊЕ НА БЛАГОСОСТОЈБАТА...



**Подобрување на благосостојбата на животните: практичен пристап** - Цел на оваа книга е да им помогне на луѓето кои работат со животни да ги применуваат практичните методи за подобрување на благосостојбата премостувајќи го јазот меѓу научните истражувања и практичната примена. Книгата е водич кон практичното оценување и ревизија на проблемите поврзани со благосостојбата нагласувајќи го значењето на мерењето на условите што ја загрозуваат благосостојбата.

Автор: **Темпл Грандин**
Издавач: CAB International, 2009 (прво издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-229-142-0

# Географија

## ВОВЕД ВО КОСМОЛОГИЈА



**Вовед во космологија** - Книгата е солидна основа на суштински физички концепти од полето на космологијата и главниот модерен развој од таа област. Напишана е во ведар и лесно достапен стил и содржи богатство на свежи и креативни аналогии од физиката на „секојдневието" за читателот навистина да се поврзе со концептите на модерната космологија.

Автор: **Барбара Рајден**
Издавач: Pearson Education Inc, 2003
(прво издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2013
ISBN 978-608-229-584-8

## ВОВЕД ВО ЛИМНОЛОГИЈА



**Вовед во лимнологија** - Ова дело започнува со вовед и историја на лимнологијата, а потоа и вовед во физиката и хемијата на водата, средина која е туѓа за човечкиот вид. Ги опфаќа големите групи на организми кои живеат во истечните води, од микроскопските бактерии до мегафауната. Исто така, опишува примери на слатководните заедници, биолошки интеракции, како и промените на заедниците. Делото ја истражува улогата на лимнологот во интеракциите човек-вода и други теми.

Автор: **Стенли И. Додсон**
Издавач: The McGraw-Hill Companies Inc, 2005
Издавач МК: Просветно дело, 2009
ISBN 978-9989-0-0712-5

## ВОВЕД ВО ФИЗИЧКА ГЕОГРАФИЈА И ОКОЛИНА



**Вовед во физичка географија и околина** - Ова дело ја објаснува улогата на физичката географија и разработува теми како: континенти и океани; клима и време; почви, биогеографија и екологија; како и геоморфологија и хидрологија. Книгата се фокусира на процесите и е богато илустрирана со цел тие да станат појасни.

Автор: **Џозеф Холден**
Издавач: Pearson Education Inc, 2008
(второ издание)
Издавач МК: Просветно дело, 2009
ISBN 978-9989-0-0724-8

## ВОВЕД ВО ХИДРОЛОГИЈА



**Вовед во хидрологија** - Целата на оваа книга е да воведе некои концепти и релации кои се потребни за да се опишат распределбата и пренесувањето на водата во природата. Според тоа, оваа книга претставува обид да се овозможи потемелно разбирање и да се поврзат главните парадигми кои го сочинуваат хидролошкиот циклус, а тоа е бесконечната циркулација на водата низ континентите.

Автор: **Вилфрид Брутсерт**
Издавач: Cambridge University Press, 2005
Издавач МК: Табернакул, 2010
ISBN 978-608-210-118-7

## ЕНЦИКЛОПЕДИЈА НА СВЕТСКА КЛИМАТОЛОГИЈА




**Енциклопедија на светска климатологија** - Оваа енциклопедија е дел од циклусот енциклопедии на науките за Земјата, кој нуди опширно и научно признаено покритие на сите битни делови од науките за Земјата. Содржината на оваа енциклопедија ги опфаќа потребните основи за разбирање на многуте аспекти на климата, а во исто време овозможува и информации за последните дострели на тоа поле.

Автор: **Џон Е. Оливер**
Издавач: Springer, 2008
Издавач МК: Просветно дело, 2010
ISBN 978-9989-0-0701-9

## КЛИМАТОЛОГИЈА: НАУКА ЗА АТМОСФЕРАТА




**Климатологија: наука за атмосферата** - Ова е соодветна книга за студентите кои првпат слушаат предавања од науката за атмосферата. Со текот на годините, климатологија еволуирала со цел да се вметнат промените што се случуваат како во глобалната клима така и во полето на климатологијата. Книгата содржи четири главни сегменти кои покриваат некои од најважните области на климатологијата.

Автор: **Џон Ј. Хидор и други**
Издавач: Pearson Education Inc, 2010
(трето издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2013
ISBN 978-608-229-560-2

## КОМПУТАЦИОНА СТАТИСТИКА ВО...



**Компутациона статистика во климатологијата** - Во оваа книга се обработени дигиталните филтри. Во неа, исто така, станува збор и за одредување просек и едноставни модели, произволни процеси и полиња, за варијабилност на процесите на авторегресивно придвижување на просекот (АРПП), АР-процеси со повеќе променливи, за ГМЦ-валидација, втори моменти на врнежите и за други теми од оваа област.

Автор: **Илја Полјак**
Издавач: Oxford University Press, 1996 (прво издание)
Издавач МК: Академски печат, 2010
ISBN 978-608-4563-95-2

## НАУКА ЗА АТМОСФЕРАТА: ВОВЕД




**Наука за атмосферата: Вовед** - Темите како што се климата и атмосферската хемија, кои не изгледале доволно важни за да гарантираат нивни сопствени поглавја триесет години пред ова издание, сега се главни гранки на дисциплината. Оваа книга разработува теми како: Земјин систем; Атмосферска термодинамика; Радијациски пренос; Хемија на атмосферата; Микрофизика на облаците; Атмосферска динамика; Временски системи и други теми.

Автор: **Џон М. Валас, Питер В. Хобс**
Издавач: Academic Press, 2006 (второ издание)
Издавач МК: Табернакул, 2010
ISBN 978-608-210-082-1

## НУМЕРИЧКО МОДЕЛИРАЊЕ ВО ГЕОМЕХАНИКАТА




**Нумеричко моделирање во геомеханиката** - Оваа книга е збир на повеќе научни трудови од автори од оваа област кои се однесуваат на прашањата поврзани со геомеханиката.Трудовите се проследени со многубројни примери и богата библиографија и опфаќаат различни аспекти, проблеми, техники, модели, состојби и ефекти од областа на нумеричкото моделирање на геомеханиката, геоматеријалите и геоструктурите, како: бетон, почва, карпи итн.

Автор: **М. Пастор и К. Тамагнини**
Издавач: Kogan Page Limited, 2004
Издавач МК: Датапонс, 2009
ISBN 978-9989-789-82-3

## ОСНОВИ НА АСТРОНОМИЈАТА




**Основи на астрономијата** - Како резултат на еволуирањето на астрономијата и на тоа што космологијата многу брзо се променува од шпекулативна во егзактна емпириска наука, се јавува ова петто издание, кое содржи дополнети, комплетно преструктурирани поглавја и едно сосема ново поглавје посветено на астробиологијата.

Автор: **Хану Картунен и други**
Издавач: Springer&Verlag, 2007
Издавач МК: Просветно дело, 2009
ISBN 978-9989-0-0672-2



## ПРИМЕНЕТА ХУМАНА ГЕОГРАФИЈА




**Применета хумана географија** - Книгата ги објаснува најзначајните идеи и методи суштински за практицирањето на географијата. Илустриран со примери, овој текст нуди целосен преглед на истражувачките методологии во хуманата географија кои ќе ги запознаат студентите со суштинските прашања и ќе ги информираат за истражувачкиот план и примената.

Автор: **Пол Клок и други**
Издавач: Sage Publications, 2004
Издавач МК: Просветно дело, 2009
ISBN 978-9989-0-0664-7

## РАЗВОЈНА ГЕОГРАФИЈА



**Развојна географија** - Книгата е информативен и возбудлив воведен текст со богатство од контрастни детални проучувања на случаи и илустрации. Има неколку глави: Приоди кон развојот; Популација и развој; Култура и развој; Рурално-земјоделски развој; Урбано-индустриски развој; Држави во контекст: Кина и Бразил; Регионални групирања, трговија и помош и Глобализација.

Автор: **Руперт Ходер**
Издавач: Routledge
Издавач МК: Просветно дело, 2009
ISBN 978-9989-0-0660-9

# Енергетика и природни ресурси

## АЛТЕРНАТИВНИ ЕНЕРГЕТСКИ СИСТЕМИ И ПРИМЕНИ



**Алтернативни енергетски системи и примени** - Темите во книгата ги опфаќаат двата алтернативни извора на енергија и алтернативните начини на употреба на постојните извори на енергија. Има петнаесет поглавја, вклучувајќи ги: Основи на турбомашините; Хидроенергија; Енергија на ветер; Турбини со согорување; Основи на сончевата енергија; Примена на активни сончеви термички системи; Пасивна сончева енергија; Фотоволтаични системи; Горивни ќелии и други теми.

Автор: **Б. К. Хоџ**
Издавач: John Wiley&Sons, 2009
Издавач МК: Арс Ламина, 2013
ISBN 978-608-229-545-9

## АРХЕОМИНЕРАЛОГИЈА



**Археоминералогија** - Во рамките на оваа книга се дава систематски преглед на минералите и карпестите материјали коишто се користеле од праисторијата до седумнаесеттиот век од нашата ера. Во првото издание (2002) авторот се фокусира на регионите каде што вршел геоархеолошки и археоминералошки истражувања од 1967 година, а во второто се проширува географската покриеност, особено во Источна Европа. Застапени се и повеќе истражувања од Кина, каде што авторот работи од 1990 година, како и од Западна Европа.

Автор: **Џорџ Р. Рап**
Издавач: Springer&Verlag, 2009 (второ издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-280-9

## ДОСТИГНУВАЊЕ ВО МИНЕРАЛОГИЈАТА ПРИ...



**Достигнување во минералогијата при висок притисок** - Оваа книга е составена од три дела: Фази на транзиција на природните и планетарните материјали при висок притисок; Улогата на испарувачките состојки во Земјата и Нови техники во Минералната физика. Најновите истражувања во полето на минералогијата при висок притисок се извонредни, а оваа книга нуди широк поглед на техничките достигнувања во физиката на минералите при висок притисок.

Автор: **Еји Отани**
Издавач: Geological Society of America, 2007
Издавач МК: Арс Ламина, 2013
ISBN 978-608-229-605-0

## ЕНЕРГЕТСКИ СИСТЕМИ И ОДРЖЛИВОСТ



**Енергетски системи и одржливост: можност за одржлива иднина** - Оваа книга се обидува јасно да постави некои од проблемите за одржливост на енергијата и да ги објасни проблематиката, терминологијата и основните физички закони.

Автор: **Боб Еверет и други**
Издавач: The Open University, 2012 (второ издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2013
ISBN 978-608-229-466-7

## ЗАПОЗНАВАЊЕ СО ЕНЕРГЕТСКИТЕ КАПАЦИТЕТИ...




**Запознавање со енергетските капацитети и нивната либерализација** - Кигата почнува со широка анализа на индустријата, од структура на регулиран капацитет до големите концепти на либерализацијата во историјата на електричната енергија, техничките аспекти и деловната моќ. Потоа, авторите ги истражуваат технологиите и функциите според кои работи индустријата; многуте начини на кои се користи енергијата и различните начини на производство на електрична енергија.

Автор: **Л. Филипсон и Х. Ли Вилис**
Издавач: CRC Press, 2006 (второ издание)
Издавач МК: Arbëria Design, 2010
ISBN 978-9989-866-98-2

## МЕНАЏИРАЊЕ СО МИНЕРАЛНИТЕ РЕСУРСИ




**Менаџирање со минералните ресурси и природната околина** - Оваа книга е приказ за денешниот статус на знаење во однос на аспектите од ископ на руда поврзани со природната околина.

Автор: **У. Асватанарајана**
Издавач: Taylor&Francis Group, 2003
Издавач МК: Датапонс, 2009
ISBN 978-9989-789-75-5

## МИНЕРАЛНИ РЕСУРСИ И РАЗВОЈ



**Минерални ресурси и развој** - За земјите во развој, земјоделството, рударството и производството се витални елементи за создавање богатство и подобрување на нивниот квалитет на животот. Во книгата има податоци за минералните ресурси на Египет, Индија, Индонезија, Малезија, Пакистан, Шри Ланка, Сирија и на Замбија кои се и членки на Центарот за наука и технологија на земјите во развој.

Автор: **Рунвал, Шакриар и Ранџбар**
Издавач: Daya Publishing House, 2005 (прво издание)
Издавач МК: ГЕНЕКС Кочани, 2010

## МОДЕЛ И ПРОЦЕС НА ОБРАБОТКА НА МИНЕРАЛИ




**Модел и процес на обработка на минерали** - Оваа книга разработува теми како: Земање примероци од минерали; Проценка на големината на честичката и дистрибуција; Намалување на големината и потрошувачката на енергија; Кршач во вид на вилица; Ротирачки и конусен кршач; Кршачи со тркала; Цевчест млин со топчиња; Цилиндричен млин со прачки; Автогени и полуавтогени млинови; Тестирање низ мрежа и други теми.

Автор: **А. Гупта и Д. С. Јуан**
Издавач: Elsevier, 2006
Издавач МК: Датапонс, 2009
ISBN 978-9989-789-92-2

## НАУКА ЗА ЕНЕРГЕТИКАТА




**Наука за енергетиката: принципи, технологии и влијанија** - Главната намера на оваа книга е е да ги објасни физичките принципи што лежат во основата на секоја технологија и да расправа за нејзините влијанија врз природната околина, економијата и општеството.

Автор: **Џон Ендруз и Ник Цели**
Издавач: Oxford University Press, 2007
Издавач МК: Датапонс, 2009
ISBN 978-9989-789-81-6

## ОД ЕНЕРГЕТИКА ДО ЕКОСИСТЕМИ




**Од енергетика до екосистеми: Динамика и структура на еколошките системи** - Оваа книга започнува со поедноставување и синтетизирање на сложените односи во природата, потоа ги истражува мапирањата меѓу мрежите на храна и нивната функција и завршува со улогата на теоријата во интегрирањето на различни научно-истражувачки области. Преку широкиот опсег на анализирани системи и потешкотијата во нивниот приод, оваа книга е корисен извор на информации за студентите и за истражувачите по екологија.

Автор: **Нил Руни и други**
Издавач: Springer Netherlands, 2007 (прво издание)
Издавач МК: Датапонс, 2010
ISBN 978-608-222-024-6

## ОДРЖЛИВА ЕНЕРГИЈА: ИЗБОР МЕЃУ ОПЦИИТЕ



**Одржлива енергија: избор меѓу опциите** - Оваа книга јасно ги прикажува неизвесностите својствени при оценувањето и изборот меѓу различни енергетски опции и обезбедува рамка за креирање соодветни политички решенија.

Автор: **Џеферсон В. Тестер и други**
Издавач: MIT Press Cambridge, 2005 (второ издание)
Издавач МК: Датапонс, 2012
ISBN 978-608-222-034-5

## ПОБАРУВАЧКА, ПОНУДА И ЦЕНИ НА ГАСОТ...



**Побарувачка, понуда и цени на гасот во Европа** - Целта на оваа книга е да се покаже како европските пазари искусуваат значајни промени кои се јавуваат како резултат на зголемената употреба на гас за производство на електрична енергија и политиките за намалување на CO2.

Автор: **Анук Хонор**

## ПОЛИТИЧКА ЕКОНОМИЈА НА РЕФОРМИТЕ ВО...




**Политичка економија на реформите во електроенергетскиот сектор** - Во оваа книга се оценуваат искуствата на пет земји - Бразил, Кина, Индија, Мексико и Јужноафриканската Република. Овие пет држави се значајни сами по себе бидејќи имаат најголеми електроенергетски системи во своите региони и нивната потрошувачка на електрична енергија е најбрзорастечка во светот.

Автор: **Д.Џ. Виктор и Т. Ч. Хелер**
Издавач: Cambridge University Press, 2007
Издавач МК: Датапонс, 2009
ISBN 978-9989-789-68-7

## ПРИМЕНЕТА МИНЕРАЛОГИЈА




**Применета минералогија: во истражувањата, економијата, технологијата, екологијата и во културата** - Овој том содржи резимеа од меѓународниот конгрес за применета минералогија одржан во Гетиген, Германија, во 2000 година. Проширените резимеа се групирани во пет теми: Напредни материјали; Рударство и металургија; Животна средина; Материјали и Културно наследство.

Автор: **Д. Рамлар и други**
Издавач: Taylor&Francis
Издавач МК: Датапонс, 2009
ISBN 978-9989-789-85-4

## ПРОЦЕНА НА РИЗИКОТ ВО ЕНЕРГЕТСКИТЕ СИСТЕМИ




**Процена на ризикот во енергетските системи: модели, методи и примени** - Во оваа книга се зборува за проблемите во практичното инженерство и процесот на дерегулација во енергетскиот пазар и анализа на системскиот ризик.

Автор: **Венјуан Ли**
Издавач: The Institute of Electrical and Electronics Engineers, 2005
Издавач МК: Датапонс, 2009
ISBN 978-9989-789-66-3

## РЕСУРСИ НА ЗЕМЈАТА



**Ресурси на земјата: потекло, употреба и влијание врз животната средина** - Во оваа книгата станува збор за извори на ресурси, хемиски, градежни и индустриски ресурси, ресурси од вештачки ѓубрива, како и за еколошките последици од нивното искористување. Авторите на ова дело пишуваат и за: енергија, метали, вода и почва.

Автор: **Џејмс Р. Крег и други**
Издавач: Person Education Inc, 2001 (трето издание)
Издавач МК: ТРИ, 2010
ISBN 978-608-4577-37-9

## ТЕРМОДИНАМИКА ВО МИНЕРОЛОГИЈА




**Термодинамика во минералогија: вовед** - Целта на оваа книга е да ги објасни основните принципи на термодинамиката на воведно ниво, истовремено трудејќи се да не загуби многу од математичката строгост која е еден од најважните централни аспекти на овој предмет.

Автор: **Ладислав Цемич**
Издавач: Springer – Verlag, 2005 (прво издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2013
ISBN 978-608-229-538-1

## ЕНЕРГИЈАТА И ЖИВОТНАТА СРЕДИНА




**Енергијата и животната средина** - Овој опсежен текст обезбедува научна и технолошка основа за сфаќање како нашето постојано растечко користење на енергијата и се заканува на природната животна средина на локално, регионално и глобално ниво и како оваа закана може да се ублажи со поефикасна употреба на конвенционалните енергетски извори и нивна замена со обновливи извори на енергија.

Автор: **Џејмс А. Феј, Ден С. Голом**
Издавач: Oxford University Press
Издавач МК: Ад вербум
ISBN 978-608-4627-10-4

## ОБНОВЛИВИ ИЗВОРИ НА ЕНЕРГИЈА ...




Автор: **Годфри Бојл**
Издавач: Oxford University Press
Издавач МК: Арс Ламина
ISBN 978-608-229-771-2

**Обновливи извори на енергија – моќност за одржлива енергија** - Еден од најголемите проблеми со кој се соочува цивилизацијата денес е обезбедувањето резерви на одржлива енергија за свет што се шири и во кој се зголемува производството. Оваа книга ги разгледува и практичните и економските потенцијали за соочување со овој предизвик на изворите на обновлива енергија. Објаснети се важните физички и технолошки принципи за добивање енергија од директни соларни (соларно-термални и фотонапонски), индиректни соларни (биомаса,хидро,ветер и бран) и несоларни (тидални и геотермални) извори на енергија, во контекст на нивното влијание ...

## ЕНЕРГИЈАТА ВО ПРИРОДАТА И ВО ОПШТЕСТВОТО



Автор: **Вацлав Смил**
Издавач: The MIT Press
Издавач МК: Датапонс
ISBN 978-608-222-070-3

**Енергијата во природата и во општеството** - Книгата претставува системска и сеопфатна анализа на сите битни извори, резервоари, текови и трансформации на енергијата што учествувале во обликувањето на еволуцијата на биосферата и на цивилизацијата.

# Земјоделство, шумарство и екологија

## АГРОЕКОСИСТЕМСКА ОДРЖЛИВОСТ




**Агроекосистемска одржливост: развивање практични стратегии** - Книгата е поделена на три дела: Зголемување на одржливоста, Проценка на одржливоста и Комбинирање на општествените и еколошките показатели на одржливост. Книгата разработува теми коишто се протегаат од управувачките практики кои се специфични за една посебна област па сè до глобалните напори за развој на показатели на одржливост.

Автор: **Стивен Р. Глисман**
Издавач: CRC Press, 2000 (прво издание)
Издавач МК: Табернакул,
ISBN 978-608-210-016-6

## АНАЛИЗА И ПРОИЗВОДСТВО НА ВИНО




**Анализа и производство на вино** - Оваа книга опфаќа целосни техники, од брзо тестирање до водена хемиска и инструментална анализа, како и толкување на добиените резултати.

Автор: **Брус В. Зуклин**
Издавач: Aspen Publishers Inc, 1995 (прво издание)
Издавач МК: Ад вербум, 2009
ISBN 978-608-65029-0-4

## БЕСКОНЕЧНА ГРАНИЦА



**Бесконечна граница: историја на животната средина во раниот модерен свет** - Целта на оваа книга е да се идентификуваат, опишат и да се одразат процесите во кои човекот интервенирал во природна средина за време на раниот модерен свет. Од крајот на XV век до почетокот на деветнаесеттиот, темпото и обемот на промените се зголемиле во општествата во секој дел од светот.

Автор: **Џон Ф. Ричардс**
Издавач: University of California Press, 2005 (второ издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-252-6

## БИЛКИ




**Билки: предизвици во хемијата и во биологијата** - Во оваа книга прво се опишува визијата на Националниот институт за здравје за да се елиминираат забуните на пазарот преку валидирани аналитички методи и референтни билни материјали. Поделена е на пет дела: Предговор, Преглед и перспективи, Хемијата и анализирањето на природните производи, Биолошки активности и Индекс.

Автор: **Мингфу Ванг и други**
Издавач: American Chemical Society, 2004 (прво издание)
Издавач МК: Академски печат, 2009
ISBN 978-608-4563-34-1

## БИЛТМОРСКИ ЛЕКЦИИ ЗА СИЛВИКУЛТУРАТА




**Билтморски лекции за силвикултурата** - Оваа книга има цел да објасни што е силвикултура и кои растенија спаѓаат во неа. Силвикултура значи подигање и одгледување шумски производи и други споредни шумски производи. Од оваа книга, читателот може да научи повеќе детали за високостеблестите, нискостеблестите и за средните шуми, како и за размножување на шумските производи што не се дрвја и трупци.

Автор: **Карл Алвин Шенк**
Издавач: BiblioBazaar, 2008
Издавач МК: ТРИ, 2009
ISBN 978-9989-187-96-4

## БИОЛОГИЈА НА ВИНОВАТА ЛОЗА



**Биологија на виновата лоза** - Оваа книга обезбедува концизен и сеопфатен преглед на биологијата и одгледувањето на виновата лоза што е достапна за сите засегнати во секторот лозарство, вклучувајќи теми како: Виновата лоза и нејзините сродници, Структура на виновата лоза: вегетативна и репродуктивна анатомија, Развојна физиологија: вегетативна винова лоза, Развојна физиологија, Одгледана винова лоза, Генетско подобрување и други теми.

Автор: **Мајкл Г. Мулинс и други**
Издавач: Cambridge University Press, 2007
Издавач МК: Арс Ламина, 2009
ISBN 978-608-229-137-6

## БИОЛОГИЈА НА ЈАБОЛКА И КРУШИ




**Биологија на јаболка и круши** - Оваа книга е сеопфатна за сите аспекти на помологијата на ниво на органи, дрвја и овоштарници. Опфаќа: Коренските системи кај јаболката и крушите: зачеток, развој, структура и функција; Калемска спојка, калемење на процеп и калемење на пупка; Механизми на ефектите од подлогата и од меѓустебленцето врз енергичноста на фиданката; Систем на изданокот; Квалитетот за јадење и неговото задржување и други теми.

Автор: **Џон Џ. Џексон**
Издавач: Cambridge University Press, 2005 (прво издание)
Издавач МК: Табернакул, 2009
ISBN 978-608-210-037-1

## БИОЛОГИЈА НА МИКРООРГАНИЗМИТЕ...




**Биологија на микроорганизмите во грозјето, ширата и виното** - Оваа книга систематски доследно се фокусира на биологијата на микроорганизмите поврзани со виното. Меѓународниот одбор на вински истражувачи ги опишува релевантните систематски, еколошки, физиолошки и хигиенски аспекти на винската микробиологија.

Автор: **Х. Куниг, Г. Унден, Ј. Фрулих**
Издавач: Springer Science+Business Media, 2009 (прво издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2013
ISBN 978-608-229-548-0

## БОЛЕСТИ КАЈ ДИВИТЕ ЖИВОТНИ




**Болести кај дивите животни** - Книгата нуди исцрпен преглед на достапните техники на истражување и управување со болестите кај дивите животни. Таа се заснова на работата на писателот како биолог и ветеринар и на неговото четириесетгодишно искуство со болестите на дивиот свет.

Автор: **Гери А. Вобсер**
Издавач: Springer, 2007 (второ издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-229-102-4

## ВКУСОТ НА ХРАНАТА




**Вкусот на храната: хемија, сетилна евалуација и биолошка активност** - Фокусот на оваа книга е насочен кон нов и подобрен пристап во идентификација и квантификација на соединенија поврзани со вкусот на храната и пијалаците. Оваа книга, исто така, го опишува процесот на создавање на вкусовите и нивна хемија, а се фокусира и на сетилните фактори кои влијаат на изборот на потрошувачот на храна со максимална нутритивна вредност.

Автор: **Хиротоши Тамура**
Издавач: Oxford University Press, 2003
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-229-124-6

## ВОВЕД ВО АГРОНОМИЈА




**Вовед во агрономија: Храна, земјоделски култури и животна средина** - Оваа книга нуди воведен поглед кон агрономијата и науката за земјоделските култури, која е напишана за широката публика, како и за традиционалните студенти на земјоделство, како и за студентите што немаат земјоделска заднина.

Автор: **К. С. Шифер, К. М. Монкада**
Издавач: Delmar Cengage Learning, 2008 (прво издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-086-7

## ВОВЕД ВО ПРЕХРАНБЕНО ИНЖЕНЕРСТВО



**Вовед во прехранбено инженерство** - Оваа книга јасно ги претставува концептите и оперативните единици употребувани во преработка на храна користејќи единствена и преработувачка мешавина од принципи и примена.

Автор: **Р. П. Сингх и Д. Р. Хелдман**
Издавач: Elsevier Inc, 2009 (четврто издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-230-4

## ВОВЕД ВО ТЕХНИКИТЕ И НАУКАТА ЗА ЖИВОТНАТА...



**Вовед во техниките и науката за животната средина** - Колку повнимателно ги набљудуваме екосистемите, стануваме поинформирани за законите што доаѓаат од нашите дејствувања за целиот жив свет на Земјата. Книгата ги обработува тие закани во 10 поглавја: Трансфер на маса и енергија; Хемија на животната средина; Математички раст; Процена на ризиците; Загадување на водата; Контрола на квалитетот на водата; Загадување на воздухот; Глобални атмосферски промени; Управување со цврст отпад и обновување на ресурси.

Автор: **Г. М. Мастерс и В. П. Ела**
Издавач: Person Education Inc, 2007 (трето издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-292-2

## ВОДИЧ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ВО ИСХРАНАТА



**Водич за безбедност во исхраната** - Првиот дел од книгата ги обработува биолошките опасности, а во вториот дел се наведени хемиските опасности. Третиот дел на книгата е насловен како Алергени, четвртиот Легислатива за безбедност на храна и петтиот дел Извор на дополнителни информации. Во поглавјата на оваа книга се истражени голем број биолошки и хемиски токсини, напишана е специфично за практична употреба од страна на професионалци од прехранбената индустрија.

Автор: **Ричард Лавли и други**
Издавач: Royal Society of Chemistry, 2008 (прво издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-229-114-7

## ГЕНИТЕ КАКО ХРАНА




**Гените како храна: како генетски модифицираната храна станува дел од нашата исхрана** - Ова е извонредна книга за оние што се заинтересирани повеќе да научат за генетски модифицираната храна. Обработува теми како: култури резистентни на инсекти и бациловируси модифицирани од инсекти, дизајнирана храна и растенија добиени со генетски инженеринг, еколошки ризици, ризик по здравјето на луѓето, етички и морални аспекти и други теми.

Автор: **Стивен Нотингам**
Издавач: Zed Books Ltd, 2003 (второ издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-4535-81-2

## ГЕОЛОГИЈА ЗА ИНЖЕНЕРИ И СТРУЧЊАЦИ...




**Геологија за инженери и стручњаци за животна средина** - Во книгата се обработени содржини за Земјата и за нејзиниот систем. Исто така, станува збор за минерали и вулкански процеси. Во неа може да се најдат информации за составот на седиментните карпи и процеси, метаморфозните карпи и процеси, за структурата на земјината кора и земјотресите, за подземните води, како и многу други теми.

Автор: **Алан Е. Кехју**
Издавач: Prentice Hall, 2006 (трето издание)
Издавач МК: Датапонс, 2009
ISBN 978-9989-789-96-0

## ГЛОБАЛИЗИРАЊЕ НА ХРАНАТА



**Глобализирање на храната: аграрните прашања и глобалната реорганизација** - Оваа книга претставува иновативен придонес во областа на политичката економија на земјоделството, храната и потрошувачката преку разоткриено испитување на глобализацијата и реорганизацијата на локалните земјоделски сектори и прехранбени системи.

Автор: **Д. Гудмен и М. Џ. Вотс**
Издавач: Taylor&Francis Group, 1997 (прво издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-066-9

## ДИПЛОМАТИЈА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА




**Дипломатија на животната средина** - Во оваа книга се зборува за: слабостите на постоен систем за изработување договор за животна средина; претставништво и гласање; потреба за подобра рамнотежа меѓу науката и политиката; предностите и поволностите од спојувањето на проблемите; мониторингот и правилата за примена на сила во однос на суверенитетот; реформа на системот, иницијативата од Салзбург и други предлози за промени.

Автор: **Лоренс Е. Сускинд**
Издавач: Oxford University Press, 1994 (прво издание)
Издавач МК: Табернакул, 2008
ISBN 978-608-210-001-1

## ЕКОЛОГИЈАТА ПРЕД СÈ




**Екологијата, пред сѐ: еколошки начела и прашања поврзани со животната средина** - Човекот почнува да сфаќа дека е неопходно да ја разбере екологијата ако сака да дочека убава иднина. Секое поглавје во оваа книга е разработено од перспектива на човекот. Материјалот е поделен во девет поглавја, и тоа: Потекло; Видови; Популации; Интеракции; Заедници; Системи; Рамнотежи; Размери и Контроли.

Автор: **А. Беби и А. Бренан**
Издавач: Oxford University Press, 2008 (трето издание)
Издавач МК: ТРИ, 2010
ISBN 978-608-4577-45-4

## ЕКОНОМИКА НА ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И АГРОБИЗНИС



**Економика на земјоделството и агробизнис** - Оваа книга ги разгледува структурата и организацијата на земјоделскиот сектор, потоа расправа за основните микро и макроекономски принципи кои важат за земјоделството. Материјалот од овој текст е наменет за почетен курс по економика на земјоделството или курс по агробизнис.

Автор: **Гејл Л. Крејмер и други**
Издавач: John Wiley & Sons, Inc, 2001 (осмо издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-310-3

## ЕПИДЕМИОЛОГИЈА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА



**Епидемиологија на животната средина: принципи и методи** - Целта на оваа книга е да ги презентира основните концепти и методи на истражување употребувани во епидемиологијата на животната средина и примената на епидемиологијата на животната средина за влијание врз човековото здравје. Содржината е поделена на три дела, и тоа: Концепти и методи во епидемиологијата на животната средина; Епидемиологијата на животната средина според лице, место и време и Примена на епидемиологијата на животната средина.

Автор: **Реј М. Мерил**
Издавач: Jones&Bartrlett, 2007 (прво издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-229-116-1

## ЖИВЕЕЊЕ СО ПРИРОДАТА




**Живеење со природата: еколошката политика како културен дискурс** - Есеите во овој зборник се напишани со убедување дека треба да се повлечеме и да ги преиспитаме претпоставките и премисите врз кои се потпира современиот дискурс за животна средина. Иако одржливиот развој станува постојана грижа во градењето политики, институционалните пристапи што ги поттикнува тој честопати се проблематични и не оставаат простор за други начини на пристапување кон еколошката политика.

Автор: **Ф. Фишер и М. А. Хајер**
Издавач: Oxford University Press, 1999
Издавач МК: Табернакул, 2009
ISBN 978-608-210-010-4 (13)

## ЖИВОТИНСКИ НУСПРОИЗВОД




**Животински нуспроизвод: обработка и користење** - Функцијата на оваа книга е тоа што ги спојува, на едно место, информациите за целата област на преработка и користење на животинските нуспроизводи. Во неа се обработени теми за историјата на преработката на животински нуспроизводи, месни споредни производи што можат да се јадат, рендерирање (топење масти), за кожа и нуспроизводи од кожа, ткива од коски што можат да се јадат, медицинска и фармацевтска употреба на нуспроизводи и други теми од областа.

Автор: **Х. В. Океман, К. Л. Хенсен**
Издавач: CRC Press LLC, 2000
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978- 608-229-257-1

## ЗАЕМНИ ДЕЈСТВА НА МИНЕРАЛИТЕ...



**Заемни дејства на минералите, микроорганизмите и органската материја во почвата** - Минералите, органската материја и микроорганизмите се значајни компоненти на почвените системи. Тринаесетте поглавја од оваа книга се формирани, главно, според научните трудови на пленарните и поканетите говорници на Четвртиот меѓународен симпозиум за заемните дејства на почвените минерали со органската материја и микроорганизмите (ISMO2004).

Автор: **К. Хвенг и други**
Издавач: Springer-Verlag, 2008 (прво издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2013
ISBN 978-608-229-576-3

## ЗДРАВЈЕ НА ЖИВИНАТА И МЕНАЏМЕНТ



**Здравје на живината и менаџмент: кокошки, мисирки, патки, гуски и препелици** - Оваа книга дава осврт на хигиената, вакцините и контрола на болестите кај живината, начинот на нивно одгледување, како и безбедноста на живинарските производи наменети за исхрана на луѓето.

Автор: **Дејвид Сеинсбери**
Издавач: Wiley-Blackwell, 2000 (четврто издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-4535-82-9

## ЗЕМЈОДЕЛСКА ЕКОНОМИЈА




**Земјоделска економија** - Ова дело детално се осврнува на земјоделската економија и ги истакнува врските меѓу финансиските институции, макроекономијата, светските пазари, владините програми, фармите, земјоделските бизниси, маркетингот на прехранбените производи, фармерските услуги и животната средина.

Автор: **Х. Е. Драмонд и Џ. В. Гудвин**
Издавач: Pearson Education, 2004 (второ издание)
Издавач МК: ТРИ, 2010
ISBN 978- 608-4577-72-0

## ЗЕМЈОДЕЛСКИ СИСТЕМИ




**Земјоделски системи: агроекологија и иновации** - Книгата е поделена на три дела: Реоткривање на земјоделските системи, Ресурси за земјоделски развој, Контекст за одржлив земјоделски развој. Одржливиот развој на земјоделството е важна компонента на светската економија. Претставува интердисциплинарна област која вклучува разбирливи еколошки принципи, биологија за растенијата, наука за почвата, меѓународен развој, антропологија, економии и социјални прашања.

Автор: **Сиглинд Снап и Бери Паунд**
Издавач: Elsevier Inc, 2008 (прво издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-322-6

## ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И ЖИВОТНАТА СРЕДИНА




**Земјоделството и животната средина: перспективите на постојаниот развој во руралните области** - Предизвиците за руралниот сектор се појавуваат во големи размери и иако постојат сериозни пречки, со добро раководење и со вистинска посветеност на еколошкиот и општествениот постојан развој на руралните области на сите нивоа, многу може да се постигне. Книгата е поделена на: Аспекти на политиките, Институционални и општествени аспекти, Технички теми и гледишта и Заклучоци.

Автор: **Ернст Луц**
Издавач: The World Bank, 1998 (прво издание)
Издавач МК: Arbëria Design, 2009
ISBN 978-9989-866-48-7

## ИСХРАНА НА КУЛТУРИТЕ ВО СТАКЛЕНИК




**Исхрана на културите во стакленик** - Во оваа книга се обработени теми за хортикултура во стакленик, вештачки ѓубрива и подобрување на почвата, тестирање на почвата и супстратот за проценување на достапноста на хранливите материи и статусот на соленост, примање и снабдување со вода, соленост и квалитет на водата, хранливи раствори за непочвени култури, управување со хранливите материи во системите на супстратот, управување со хранливите материи на култури одгледани во почва, хранливите материи во идното производство во стаклениците и друго.

Автор: **Цес Соневелд и Вим Вохт**
Издавач: Springer Science+Business Media B.V, 2009
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-336-3

## КОНЦЕПТИ ВО ТЕХНОЛОГИЈА НА ВИНО




**Концепти во технологија на вино** - Во книгата е претставен значителниот развој во областа на технологијата и практиката на производството на вино во последните десет години. Во оваа книга целосно се обработени работите од „пред берба" до „полнење на виното во шишиња" и претставува доследен прирачник за производство на вино со посебен акцент на практиката и примената на науката.

Автор: **д-р Јер Маргалит**
Издавач: Wine Appreciation Guild, 2004 (второ издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-229-101-7

## КОРИСТЕЊЕ НА ОТПАДНИТЕ ВОДИ...



**Користење на отпадните води во земјоделството** - Во оваа книга станува збор за истражувањата на дејството од користењето на отпадните води во земјоделството, здравствените упатства за користење на отпадните води во земјоделството, за тоа дали наводнувањето со отпадните води е опасност или решение. Исто така, станува збор за влијанието на пречистителните станици врз бенефициите од наводнувањето со отпадни води и слично.

Автор: **Ц. А. Скот, Н. И. Фарукуи и Л. Рашид-Сали**
Издавач: CABI, 2004 (прво издание)
Издавач МК: Академски печат, 2010
ISBN 978-608-4563-48-8

## КРИЗА СО ОТПАДОТ




**Криза со отпадот: депонии, печки за палење отпад и како да ја одржуваме иднината** - Книгата ги испитува магнитудата и сложеноста на проблемот, при што вниманието е насочено кон локалниот отпад и негово анализирање во поглед на опасен, биохемиски и радиоактивен отпад.

Автор: **Ханс Тамемаги**
Издавач: Oxford University Press, 1999 (прво издание)
Издавач МК: Arbëria Design, 2009
ISBN 978-9989-866-45-6

## ЛЕКОВИТИ БИЛКИ




**Лековити билки: прирачник за кулинарски билки, зачини, мешавини од зачини и за нивните етерични масла** - Во оваа книга се прикажани 84 исцрпни монографии на готварски билки, со подробности за нивното одгледување и производство, за нивните состојки, сетилни својства, фармаколошки дејства, нивната евентуална токсичност, како и нивната готварска и лековита употреба.

Автор: **Еберхард Тојшер**
Издавач: Wissenschaftliche Verlagsgesellschaft, 2002 (прво издание)
Издавач МК: ТРИ, 2010
ISBN 978-608-4577-47-8

## ЛОРИЕВАТА НАУКА ЗА МЕСОТО



**Лориевата наука за месото** - Појавувањето на науката за биоинформатика и нанотехнологијата обезбедува нов пристап кон разбирањето и потенцијалот за контрола на квалитетот и хранливата вредност на месото за јадење. Во оваа книга станува збор за фактори кои влијаат врз растот и развојот на животните кои се користат за месо, за структура и раст на мускулатурата, хемискиот и биохемискиот состав на мускул, расипување на месото од инфективни организми, складирање и конзервирање на месото, квалитетот на месото при јадење и за други теми поврзани со оваа проблематика.

Автор: **Р. А. Лори и Д. А. Лидвард**
Издавач: Woodhead Publishing, 2006 (седмо издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2013
ISBN 978-608-229-438-4

## МАРКЕТИНГ НА МЛЕКО...



**Маркетинг на млеко од аспект на потрошувачот** - Во оваа книга станува збор за маркетингот на млекото во Северна Ирска. Советот е должен да ги стави во преден план погледите на регионалните потрошувачи. Всушност, ова значи дека мора да се разгледа и прокоментира секој проблем што ги засега потрошувачите во Северна Ирска. Во ова дело, Советот ги зема предвид сегашните трендови за маркетинг на млекото во Северна Ирска. Советот сака подетално да ги открие оние аспекти на сегашните трендови што имаат влијание врз потрошувачите.

Автор: **Генерален совет на потрошувачи на Северна Ирска**
Издавач: The Consumer Council, 1991
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-4535-73-7

## МАСЛИНОВО МАСЛО




**Маслиново масло: хемија и технологија** - Книгата е поделена на три дела: Преглед и економија; Хемија, карактеристики, влијание врз здравјето; Обработка и примена. Целта на оваа книга е да понуди компактен и лесно читлив текст за повеќето значајни аспекти на хемијата, технологијата, квалитетот, анализата и биолошкото значење на маслиновото масло. Темите што се избрани се теми што бележат брз развој во последните години и се очекува да му понудат на читателот основа за решавање конкретни проблеми што можат да се јават во иднина.

Автор: **Димитриос Боску**
Издавач: AOCS Press, 2006 (второ издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-093-5

## МЕЃУНАРОДНА ТРГОВИЈА И ЗЕМЈОДЕЛСТВО




**Меѓународна трговија и земјоделство -** Целта на овој текст е да ги претстави теоријата и начелата кои се важни за разбирање на предизвиците во меѓународната економија, особено оние прашања што се поврзани со трговијата на земјоделски производи во рамките на сè повеќе глобализираниот свет.

Автор: **Вон В. Ку и П. Лин Кенеди**
Издавач: Blackwell Publishing Limited, 2005 (прво издание)
Издавач МК: ТРИ, 2009
ISBN 978-608-4577-02-7

## МЕНАЏМЕНТ НА ФАРМА



**Менаџмент на фарма** – Целта на оваа книга е да го запознае читателот со клучните поими за ефикасно менаџирање на фармата како бизнис, исто така содржи основни информации потребни за мерење на перформансите на менаџментот, финансискиот прогрес и финансиската состојба во бизнисот со фарма.

Автор: **Доналд Д. Кеј и други**
Издавач: The McGraw-Hill Companies Inc, 2008 (шестто издание)
Издавач МК: ТРИ, 2009
ISBN 978-608-4577-18-3

## МИКРОБНА КОНТАМИНАЦИЈА НА ХРАНАТА



**Микробна контаминација на храната -** Оваа книга го опишува начинот на откривање, како и ризикот и заканата од болестите произлезени од храната на денешниот глобален пазар. Поделена е на пет дела: Примери и природата на микробната контаминација на храната, Откривање на мониторингот на микробната контаминација на храната, Контрола на микробната контаминација на храната, Микробна контаминација на храната и меѓународната трговија и Биотероризам и микробна контаминација на храната.

Автор: **Чарлс Л. Вилсон**
Издавач: Taylor&Francis Group, 2008 (второ издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-207-6

## МИКРОНАВОДНУВАЊЕ ЗА ПРОИЗВОДСТВО...



**Микронаводнување за производство на растителни култури: проектирање, користење и менаџмент -** Во книгата станува збор за микроиригациона теорија и принципи на проектирање, за принципи на работа и одржување, видови системи и принципи на менаџирање. Книгата нуди историска и теоретска заднина за микронаводнувањето, како и дискусија за глобалните перспективи, ги изнесува клучните предности, недостатоци и примери за секој систем одделно.

Автор: **Фреди Р. Лем и други**
Издавач: Elsevier BV, 1986 (прво издание)
Издавач МК: Нампрес, 2009
ISBN 978-9989-682-44-5

## НАВОДНУВАЊЕ НА ЗЕМЈОДЕЛСКИТЕ КУЛТУРИ




**Наводнување на земјоделските култури -** Во оваа книга се опфатени разновидни и комплексни теми кои ќе се надоврзат и ќе ги надополнат основните познавања на читателите. Темите за кои се дискутира содржат најнови информации за технологијата за надгледување, за ефикасноста, како и за специфични информации кои се однесуваат на индивидуалните култури.

Автор: **Р. Џ. Ласчано и Р. Е. Сојка**
Издавач: ASA, CSSA & SSSA, 2007 (второ издание)
Издавач МК: Академски печат, 2010
ISBN 978-608-4563-76-1

## НАУКА ЗА ВИНОТО




**Наука за виното: основи и примена -** Оваа книга претставува детален приказ на трите централни принципи на науките за виното: одгледување грозје, производство на вино и оценување вино. Книгата ги претставува најновите достигнувања за актуелните методи за производство на вино во рамка што ја објаснува нивната употреба, како и предностите и недостатоците на алтернативните процедури.

Автор: **д-р Роналд С. Џексон**
Издавач: Elsevier Inc, 2009 (четврто издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-602-9

## НАУКА ЗА МЕСОТО И НЕГОВА ПРИМЕНА




**Наука за месото и негова примена** - Оваа книга е збор на најсовремената наука, технологија и апликација на производите од месо, нуспроизводите и преработката - детално ги разгледува безбедноста на работниците, управувањето со отпадот, колењето, процената на труповите и безбедното постапување со животните и месото од меѓународна гледна точка.

Автор: **J. X. Хју, Веи Кит Нип и други**
Издавач: Taylor&Francis Group LLC, 2001 (прво издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-241-0

## НАУКА ЗА ПОЧВАТА



**Наука за почвата (педологија) и менаџмент** - Оваа книга е лесно разбирлива и без технички изрази. Во ова издание повеќе се потенцира човечкото однесување и влијанието на почвите, отколку постапувањето со почвата како со независен елемент.

Автор: **Едвард Џ. Пластер**
Издавач: Delmar, a Cengage Learning Company, 2009 (петто издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-046-1

## НАУКА И ТЕХНОЛОГИЈА НА МЛЕКО



**Наука и технологија на млеко** - Книгата е поделена на пет дела: Млеко, Процеси, Производи, Сирење, Додаток и индекс. Оваа книга ги нуди последните информации за ефикасната трансформација на млекото во висококвалитетни производи. Се фокусира на принципите на физичките, хемиските, ензимските и микробните трансформации.

Автор: **Питер Валстар и други**
Издавач: Taylor&Francis Group LLC, 2006 (второ издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-256-4

## ОБРАБОТУВАЊЕ НА ЗЕМЈАТА



**Обработување на земјата: трансформација во одгледување на културите памук, тутун и ориз по 1880 година** - Во оваа книга се обработени работните операции и трансформацијата во однос на културите памук, тутун и одгледување на ориз во прериите, со секојдневната и сезонската рутина на фармерските операции и годишниот циклус на одгледување, нивно наводнување, култивирање, собирање, жетва и пласман.

Автор: **Пит Даниел**
Издавач: Board of Trustees of the University of Illinois Press, 1985
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-229-115-4

## ОРГАНИЗАЦИЈА НА ТРУДОТ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО




**Организација на трудот во земјоделството** - Книгата презентира испробани теории и практики за подобро разбирање на извршувањето на обврските на работникот и на производството по работник, како и подобрувањето на раководството со човечките ресурси во рамките на една фарма. Оваа книга се фокусира на принципите за организација, на принципите наменети за работодавците, правилната селекција и обука на работници и нивно стимулирање, расправа за надзорот на работата, решавање на предизвиците и проблемите и принципите за успешно преговарање.

Автор: **Грегорио Биликоф**
Издавач: The Regents of the University of California, 2009
Издавач МК: ТРИ, 2009
ISBN 978-9989-187-94-0

## ОРГАНСКА МАШИНА




**Органска машина** - Во оваа книга авторот ја истражува врската меѓу природната историја на реката Колумбија и човечката историја на тихоокеанскиот северозападен регион и за белците и за Индијанците. Тој се концентрира на она што ги спојува луѓето и реката: не само физичкиот простор на регионот туку, пред сè, и енергијата и работата. Поделена е на четири дела: Спознавајќи ја природата преку работата, Функционирање на реката, Моќта на реката и Лососи.

Автор: **Ричард Вајт**
Издавач: Hill and Wang, 1996 (15-то издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-051-5

## ОРГАНСКО ПРОИЗВОДСТВО И УПОТРЕБА НА...



**Органско производство и употреба на заменски култури** - Книгата се фокусира на органското производство и заменските култури, дава преглед на основните начела во органското земјоделство и ја нагласува неговата повеќезначајност, со посебен акцент врз зачувувањето на ретките култури и нивната употреба.

Автор: **Ф. Бавец и М. Бавец**
Издавач: Taylor&Francis Group LLC, 2007 (прво издание)
Издавач МК: ТРИ, 2009
ISBN 978-9989-187-90-2

## ОРИЕНТАЛНИ ВИДОВИ ХРАНА И РАСТЕНИЈА...



**Ориентални видови храна и растенија, хемиски состав и ефекти врз здравјето** - Книгата дава исцрпен вовед во растителните продукти од ориентални растенија, потоа ги објаснува биолошките и антиоксидантските активности на одделни ориентални видови храна и растенија, во последниот дел од книгата се опишува фитохемиската анализа на неколку вида ориентални растенија и чаеви.

Автор: **Чи-Танг Хо и други**
Издавач: American Chemical Society, 2003 (прво издание)
Издавач МК: Табернакул, 2009
ISBN 978-608-210-051-7

## ОСНОВНА МИКРОБИОЛОГИЈА НА ХРАНА



**Основна микробиологија на храна** - Оваа книга ги претставува најновите информации во оваа брзорастечка и многу динамична област. Во неа е опишан голем дијапазон на болести, со цел да вклучи многу нови и појавени патогени, како и описи на механизмот на патогенезата.

Автор: **БибекРеј и Ерен Бунија**
Издавач: Taylor&Francis Group, 2008 (четврто издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-004-1

## ОСНОВНИТЕ ПРОЦЕСИ ВО ЕКОЛОГИЈАТА



**Основните процеси во екологијата: пристап од аспект на системите на Земјата** - Авторот на оваа книга смета дека би било од голема корист кога одново би се разгледале најосновните идеи од една нова, поинаква перспектива и би поставиле неколку прашања во врска со традиционалните фокуси на екологијата: како, на пример, зошто речиси сите печатени медиуми од ова поле се преполни со фотографии од јата и јата птици кога знаеме дека микроорганизмите се поважни за разјаснување на нештата што не ги разбираме.

Автор: **Дејвид М. Вилкинсон**
Издавач: Oxford University Press, 2006 (прво издание)
Издавач МК: ТРИ, 2009
ISBN 978-9989-187-92-6

## ПОВЕЌЕРЕСУРСНА ШУМАРСКА...



**Повеќересурсна шумарска инвентаризација со методи на пробни површини, далечинско детектирање и ГИС** - Оваа книга нуди најсовремени техники за процена и мониторинг на шумските ресурси и обезбедува врски за практична примена на програмите наменети за процена на шумските и природните ресурси.

Автор: **Мајкл Кол и други**
Издавач: Springer Science+ Business Media, 2006 (прво издание)
Издавач МК: ТРИ, 2009
ISBN 978-608-4577-19-5

## ПОЕДНОСТАВЕН ДИЗАЈН ЗА НАВОДНУВАЊЕ



**Поедноставен дизајн за наводнување** - Оваа книга е составена од два дела: Наводнување со вештачки дожд и Наводнување капка по капка. Изданието е наменето за дизајнери и инсталатери на дизајни за наводнување, како и за студенти. Ова дело јасно го објаснува процесот на проектирање еден систем за наводнување и сродната хидраулика без да има потреба од дополнително објаснување од наставникот. Сите делови во книгата се надоврзуваат претставувајќи ги сите основи на дизајнот за наводнување.

Автор: Пит Мелби
Издавач: Wiley,1995 (второ издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2013
ISBN 978-608-229-609-8

## ПОЗНАВАЊЕ НА ПОЧВИТЕ...



**Познавање на почвите наменети за подигање лозови насади** - Ова е книга за основните карактеристики на почвата: како таа се разликува од место до место и зошто тие разлики диктираат како треба лозарите да ја управуваат почвата во нивните лозја за да ги постигнат специфичните цели за принос и квалитет на грозјето, стилот на вината и нивните посебни карактеристики.

Автор: **Роберт Е. Вајт**
Издавач: Oxford University Press, 2009
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-4535-78-2

## ПОЧВА И АНАЛИЗИ НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА



**Почва и анализи на животната средина: физички методи** - Оваа книга дава критички осврт на многубројни методи за физичката анализа на почвата, ја разгледува прецизноста на примената, го мери времето, леснотијата со која се користат и цената на опремата.

Автор: **Кит А. Смит и Крис Е. Мулинс**
Издавач: Taylor&Francis Group LLC, 2000 (второ издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-289-2

## ПОЧВА И ВОДА



**Почва и вода: конзерваторски инженеринг** - Оваа книга го нагласува инженерскиот дизајн на практиките за заштита на водата и на почвата и нивното влијание врз животната средина, главно квалитетот на воздухот и на водата.

Автор: **Делмар Д. Фангмаер и други**
Издавач: Thomson Corporation, 2006 (петто издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2013
ISBN 978-608-229-515-2

## ПОЧИТУВАЊЕ НА ВИНОТО




**Почитување на виното** - Крајната цел на оваа книга е да се подготви читателот за да ги идентификува вината преку нивните етикети и да ги цени типовите вино што можат да обезбедат задоволство. Содржи теми преку кои може да се научат повеќе детали како за историјата на виното, така и за Американски вина, Француски вина, Италијански, Германски, Австриски и Швајцарски вина и други теми.

Автор: **Ричард П. Вајн**
Издавач: John Wiley&Sons Inc, 1997 (второ издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-236-6

## ПРАВДА И ЖИВОТНА СРЕДИНА




**Правда и животна средина: концепти на одржливост на животната средина и теории за дистрибутивна правда** - Книгата има три дела во кои се обработуваат следниве проблематики: еколошка политика и дистрибутивна правда; концепти на еколошката одржливост; димензиите на општествената правда; критичен природен капитал и општествената правда; иреверзибилност и социјалната правда и природните вредности и општествената правда.

Автор: **Ендру Добсон**
Издавач: Oxford University Press, 2003 (второ издание)
Издавач МК: Arbëria Design, 2009
ISBN 978-9989-866-46-3

## ПРАВЕЊЕ ПОПИС НА ШУМСКИОТ ИНВЕНТАР



**Правење попис на шумскиот инвентар: методологија и примена** - Оваа книга се однесува на избирањето примероци и проблематиката околу одбирањето мерки. Исто така, во неа се вклучени и материјали за примена на шумарството, како и употребата на материјалите обезбедени со индиректно собраните информации и други теми. Поделена е на четири дела: Теорија, Примени, Случаи и Иднина.

Автор: **А. Кангас и М. Малтамо**
Издавач: Springer, 2009 (прво издание)
Издавач МК: Табернакул, 2009
ISBN 978-608-210-036-4

## ПРЕВЕНЦИЈА ОД ЗАГАДУВАЊЕ



**Превенција од загадување: пристап на управување со отпад за 21 век** - Книгата е поделена на три дела: Основи на процеси и постројки, Принципи на превенција од загадување и Примена на превенцијата од загадување. Оваа книга обезбедува основни принципи што се потребни за разбирање не само на превенцијата од загадување туку и на контролата на отпадот.

Автор: **Р. Рајан Дупон и други**
Издавач: CRC Press LLC, 1999 (прво издание)
Издавач МК: Академски печат, 2010
ISBN 978-608-4553-96-9

## ПРЕДНОСТИ ВО ТЕРМАЛНАТА И...



**Предности во термалната и нетермалната заштита на храната** - Во текстот се понудени точни, дефинитивни и фактични материјали напишани од експерти за различни топлински и нетоплински технологии за заштита на храната. Многу од опишаните техники се, всушност, техники што практично се користат во фабриките за процесирање на храна низ целиот свет. Посебен акцент е ставен на комерцијалните аспекти од техниките за неконвенционална заштита на храната.

Автор: **Г. Тевари и В. К. Џунеца**
Издавач: Blackwell Publishing, 2007
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-229-135-2

## ПРЕРАБОТКА НА МЕСО



**Преработка на месо - подобрување на квалитетот** - Оваа книга ги разгледува најновите истражувања на она што го дефинира и го утврдува квалитетот на месото и како може да се одржува или да се подобри во текот на обработката. Исто така, книгата вклучува содржини, како што се: преработено месо и ферментирани производи од месо.

Автор: **Џ. Кери, Џ. Кери, Д. Ледвурд**
Издавач: Woodhead Publishing Limited, 2002
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-216-8

## ПРИМЕНА НА ГИС ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО




**Примена на ГИС во земјоделството** - Оваа книга се фокусира на релевантните примени на ГИС во земјоделството, проблемот со квалитетот на регионалната вода и нуди податоци и програми што овозможуваат повторно креирање на специфични примени.

Автор: **Френсис Џ. Пирс и Дејвид Клеј**
Издавач: CRC Press, 2007 (прво издание)
Издавач МК: Академски печат, 2009
ISBN 978-608-4563-12-9

## ПРИМЕНЕТ МЕНАЏМЕНТ НА ФАРМА




**Применет менаџмент на фарма** - Ова е важен учебник за студентите по бизнис-менаџмент на фарма, земјоделство и глобална индустрија за земјоделските производи. Опфаќа содржини за евиденција и сметководство, анализа на стапката на бруто-добивката, за планирање, профитабилност, извори на финансирање и други интересни теми од оваа проблематика.

Автор: **Џ. Тарнер и М. Тејлор**
Издавач: Blackwell Publishing Limited, 1998 (второ издание)
Издавач МК: ТРИ, 2010
ISBN 978-608-4577-63-8

## ПРИМЕНЕТА БИОЛОГИЈА НА МУСКУЛИ И МЕСО



**Применета биологија на мускули и месо** - Оваа книга ги прикажува извонредните напредувања во полето на биологијата на мускули во последниве години, посебно осврнувајќи се на разбирање на механизмите кои ги контролираат растот и развојот на скелетната мускулатура.

Автор: **Мин Ду, Р. Ј. МекКормик**
Издавач: Taylor&Francis Group LLC, 2009 (прво издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-062-1

## ПРИНЦИПИ И ПРАКТИКИ ВО ВИНАРСТВОТО



**Принципи и практики во винарството** - Оваа книга се концентрира на процесот на производство на вино, нагласувајќи ги хемијата, биохемијата, микробиологијата и главната наука - енологијата. Опфаќа: Лозарство за винарите, Квасец и биохемија на етанолната ферментација, Црвени и бели трпезни вина, Јаболково-млечна ферментација, Бистрење и кларификација на вината, Физичка и хемиска стабилност на виното, Зреење и стареење на вината и други теми од областа.

Автор: **Роџер Болтон и други**
Издавач: Springer Science+Business Media Inc, 1999 (второ издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-375-2

## ПРИНЦИПИ НА АГРОИНДУСТРИСКИОТ МЕНАЏМЕНТ




**Принципи на агроиндустрискиот менаџмент** - Оваа книга им овозможува на читателите да стекнат основни познавања за дадената материја. Карактеристично е тоа што секој концепт е поврзан со заедничката тема -главната цел на секој менаџер е да ги максимизира долготрајните профити на фирмата преку профитабилното задоволување на потребите на потрошувачите.

Автор: **Џејмс Џ. Бајрлајн и други**
Издавач: Waveland Press Inc, 2007 (четврто издание)
Издавач МК: Академски печат, 2009
ISBN 978-608-4563-28-0

## ПРИРАЧНИК ЗА КОНТРОЛА НА ХИГИЕНАТА...




**Прирачник за контрола на хигиената во прехранбената индустрија** - Оваа книга дава преглед на тековните најдобри практики во хигиенскиот дизајн и активности, обезбедува сеопфатно резиме за клучните трендови и прашања во рамките на истражувањата на прехранбената хигиена. Оваа книга претставува стандардна референца за прехранбената индустрија во насока на осигурување на највисоките стандарди за хигиена во прехранбеното производство.

Автор: **Леливелд и Мостерт**
Издавач: Woodhead Publishing Limited, 2005 (прво издание)
Издавач МК: Ад вербум, 2009
ISBN 978-608-65029-1-1

## ПРИРАЧНИК ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО ДОБИТОКОТ



**Прирачник за постапување со добитокот** - Ова издание вклучува поглавја за менаџмент на товни говеда, млечни говеда, свињи, коњи, овци, кози и живина, заедно со поглавја за фиксација на добитокот и здравјето на стадото. Презентацијата на техниките во секоја глава го следи истиот формат. При секоја прилика, вербалните насоки се поткрепени со илустрации, кои ги има над 800.

Автор: **Ричард А. Баталја**
Издавач: Pearson Education Inc, 2007 (четврто издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-395-0

## ПРИРАЧНИК ЗА ПРЕЦИЗНО ЗЕМЈОДЕЛСТВО




**Прирачник за прецизно земјоделство: принципи и апликации** - Во оваа книга авторот пишува за прецизно земјоделство, улогата на технологијата во појавата и моментниот статус на прецизното земјоделство, сензори за почвата за прецизно земјоделство, за локално управување на прехранувачите, управување со специфично поле од гледна точка на посевниот систем, за моментен статус во Африка, Азија, Австралија, Европа, Аргентина, Бразил и друго.

Автор: **д-р Анша Шринивасан**
Издавач: Taylor&Francis Croup LLC, 2006 (прво издание)
Издавач МК: Нампрес, 2009
ISBN 978-9989-682-48-3

## ПРИРАЧНИК ЗА ПРОЦЕНА И МЕНАЏМЕНТ НА...



**Прирачник за процена и менаџмент на ризиците на животната средина** - Целта на овој прирачник е на едноставен начин да ги претстави основните принципи на процена на ризикот. Во прирачникот се сместени три дела насловени како: Процена на ризикот; Процена на ризиците во законодавството и Балансирање на ризиците со други аспекти.

Автор: **Питер Калоу**
Издавач: Blackwell Publishing Limited, 2001 (второ издание)
Издавач МК: Датапонс, 2009
ISBN 978-9989-789-51-9

## ПРОИЗВОДСТВО НА ВИНО



**Производство на вино: од лозје до пазар** - Прикажана на едноставен начин за употреба и логичка поставеност на содржината, оваа книга го води читателот низ замките и опасностите, соодветните алтернативни решенија и главните ресурси на опрема и материјали во рамките на винската индустрија.

Автор: **Ричард П. Вајн**
Издавач: Aspen Publishers, 2007 (второ издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-253-3

## ПРОИЗВОДСТВО НА ФУРАЖНИ КУЛТУРИ (ТОМ 1)




**Производство на фуражни култури: вовед во земјоделско производство на пасишта (том 1)** - Оваа книга е модерен прирачник кој се однесува на биолошките и природните основи за разбирање на производството на добиточната храна и на пасиштата, кој мора да биде усогласен со социјалните и со одржливи димензии. Акцентот е ставен на екологија на пасиштата, начините на пасење и на квалитетот на добиточната храна.

Автор: **Роберт Ф. Барнс и други**
Издавач: Blackwell Publishing Company, 2003 (шесто издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-220-5

## ПРОИЗВОДСТВО НА ФУРАЖНИ КУЛТУРИ (ТОМ 2)




**Производство на фуражни култури: вовед во земјоделско производство на пасишта (том 2)** - Оваа книга ги вклучува главните дисциплини во теоретската и во практичната студија за фуражните растенија и за нивното користење, како: Екологија на фуражните растенија, Фуражни видови, Фуражни системи, Производство и употребување на фуражни растенија и менаџмент, Подобрување на фуражните култури, Квалитет на фуражните растенија и друго.

Автор: **Роберт Ф. Барнс и други**
Издавач: Blackwell Publishing, 2007 (шестто издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2013
ISBN 978-608-229-537-4

## ПРОМЕНИ ВО ЗЕМЈАТА




**Промени во земјата: Индијанци, колонисти и екологијата на Нова Англија** - Во оваа книга авторот воспоставува одлична интердисциплинарна анализа на тоа како влијаеле земјата и луѓето едни врз други и како таа комплексна мрежа на односи ги изградила животните средини во Нова Англија. Книгата е поделена на три дела: Гледајќи station назад, Еколошка трансформација на колонијална Нова Англија и Реколти на промените.

Автор: **Вилијам Кронон**
Издавач: Hill and Wang, 2003 (второ издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-098-0

## ПРОТЕИНИ ВО ИСХРАНАТА




**Протеини во исхраната** - Оваа книга нуди опис на голем број протеини во храната. Обработени се теми за: хранливата вредност на протеините и нивната процена, алергиските аспекти на протеините во исхраната, влијанието на преработката на храната врз хранливата вредност на протеините; за: млечни протеини, протеини во исхраната од листови, протеини за мускули и структура на мускулите, протеини за мускули во технологијата за месо и друго.

Автор: **П. Ф. Фокс и Џ. Џ. Кондон**
Издавач: Springer Science+Business Media, 1982
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-026-3

## РАЗВОЈОТ НА РАСТЕНИЈАТА И КЛИМАТСКИТЕ...




**Развојот на растенијата и климатските промени** - Ова дело ги проучува главните аспекти за тоа како антропогените климатски промени влијаат врз растенијата, покривајќи широк спектар на молекуларни и клеточни скали, преку органи и растенија, па сè до биоми.

Автор: **Морисон и Моркрофт**
Издавач: Wiley-Blackwell, 2006 (прво издание)
Издавач МК: Академски печат, 2009
ISBN 978-608-4563-11-2

## РУДНИЧКИ ОТПАД




**Руднички отпад: особености, пречистување, еколошки последици** - Оваа книга нуди детален и ажуриран преглед на отпадот што се насобира во рудниците. Книгата ја нагласува улогата на карактеризацијата, предвидувањето, надгледувањето, исфрлањето на отпадот и неговото ракување, како и еколошките последици од проблематичниот рудничкиот отпад.

Автор: **Бернд Г. Лотермозер**
Издавач: Springer Science+Business Media, 2007 (второ издание)
Издавач МК: ТРИ, 2010
ISBN 978-608-4577-33-1

## СОЗДАВАЊЕ НА ШУМАРСТВО ЗА 21-ВИ ВЕК




**Создавање на шумарство за 21-ви век: Наука за менаџирање со екосистеми** - Книгата претставува авторитативен и мултидисциплинарен преглед на моменталната состојба на шумарството и неговата врска со менаџирањето на екосистемите. Врз основа на експертизата на врвните професионалци во оваа област, книгата обезбедува современа синтеза на принципите на екосистемскиот менаџмент и нивната примена во шумските стратегии.

Автор: **К. А. Ком, Џ. Ф.Френклин**
Издавач: Island Press, 1996 (прво издание)
Издавач МК: Табернакул, 2009
ISBN 978-608-210-062-3

## СЕКОЈА ФАРМА-ФАБРИКА




**Секоја фарма-фабрика: индустрискиот идеал во американското земјоделство** - Ова е значајна книга бидејќи ги открива претпоставките карактеристични за еден систем на земјоделство кој никогаш не им служел на интересите на земјоделците или нивната земја, туку секогаш бил претставуван на јавноста како неопходен и неизбежен.

Автор: **Дебора Фицџерланд**
Издавач: Yale University Press, 2003
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-229-103-1

## СМЕСТУВАЊЕ И БЛАГОСОСТОЈБА НА ФАРМСКИ...



**Сместување и благосостојба на фармски животни** - Во овој труд се разгледува едноставен модел на процесот на проектирање и се дискутира за проектирањето како активност за решавање проблеми, со посебно упатување на „нејасни" или на „лоши" проблеми. Преносот на информациите меѓу биологијата и изгледот на објектите се нагласува како подрачје од големо значење за проектирањето.

Автор: **С.Х. Бакстер и други**
Издавач: Science+Business Media, 1983 (прво издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-032-4

## СМЕСТУВАЊЕ НА ДОБИТОКОТ




**Сместување на добитокот** - Оваа книга ги претставува важните принципи и процеси според кои сместувањето влијае на ваквите резултати и покажува како може нивното разбирање да биде пренесено во спецификации за дизајнирање на куќите. Акцентот се става на зградите како средство за животната средина, фокусирајќи се притоа на биолошкиот одговор и потребите за благосостојба на животните во контекст на комерцијалните и економските сфаќања.

Автор: **К. М. Вејтс и Д. Р. Чарлс**
Издавач: CAB International, 1999
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-229-007-2

## СОВРЕМЕНА ХЕМИЈА НА МЛЕКАРСТВО (ТОМ 3)




**Современа хемија на млекарство (Том 3): лактоза, вода, соли и споредни состојки** - Оваа книга ја преработува обемната литература за лактозата и нејзината важност во млечните производи.

Автор: **П. Л. Х. Мексвини и П. Ф. Фокс**
Издавач: Springer Science+Business Media, 2009 (трето издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-318-9

## ТРПЕЗНИ МАСЛИНКИ




**Трпезни маслинки: производство и преработка** - Во ова дело е даден детален преглед на физичко-хемиските и микробиолошките аспекти за преработката на секој вид маслинки, а проблемите поврзани со меѓународната потрошувачка, трговијата и прописите се детално покриени.

Автор: **А. Гаридо Фернандез и др.**
Издавач: Springer, 1997 (прво издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-015-7

## УМЕТНОСТА И НАУКАТА ЗА ВИНОТО




**Уметноста и науката за виното** - Оваа книга претставува комплетна приказна за тоа како се произведува виното од лозјето преку визбата до шишето. Исто така, ги открива основите на производството на виното и ги проучува најновите промени што ја зафатија винската индустрија. Поделена е на три дела: Во лозјето, Во винарницата и Во шишето.

Автор: **Џејмс Халидеј и Хју Џонсон**
Издавач: Firefly Books, 2007
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-045-4

## УПРАВУВАЊЕ СО ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО...




**Управување со животната средина во организации** - Книгата содржи примарен материјал за оние што би сакале да направат кариера на полето на животната средина. Има повеќе делови кои се однесуваат на: животната средина и одржливиот развој; политиката и законодавството; управување со еколошката изведба; средства за вреднување; вреднување на еколошкото изведување и други еколошки теми.

Автор: **Џон Брејди**
Издавач: IEMA, 2008 (трето издание)
Издавач МК: Печатница „Коста Абраш"- Охрид, 2009
ISBN 978-9989-842-54-9

## УПРАВУВАЊЕ СО ЦВРСТ ОТПАД И РЕЦИКЛИРАЊЕ




**Управување со цврст отпад и рециклирање: учесници, партнерства и законски регулативи во Хајдерабат, Индија и Најроби, Кенија** - Во книгата се води расправа за одржливоста на животната средина и социо-економските подобрувања во животите на жителите на урбаните средини.

Автор: **И. Бауд, Ј. Пост и К. Фареди**
Издавач: Kluwer Academic Publishers, 2004
Издавач МК: Коста Абраш, 2009
ISBN 978-9989-843-51-8

## ФУРАЖНИ КУЛТУРИ, ПОИНАКВИ ТРЕВИ



**Фуражни култури, поинакви треви: како да се одгледуваат, жнеат и употребуваат** - Оваа книга е пишувана со надеж дека ќе излезе во пресрет на потребите на фармерите, сточарите и студентите по агрономија. Во неа студентите можат да прочитаат за фуражните култури, пченка, сирак, нешеќерен сирак, детелина, други легуминозни култури, репица и зелка, обични жита, просо, коренести култури, разнотревие, сукцесивност кај фуражните култури, напасување на овците одгледани на Универзитетот за експериментално земјоделство во Минесота.

Автор: **Томас Шол**
Издавач: BiblioLife LLC, 2009
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-229-134-5

## ХЕМИЈА И БИОЛОГИЈА НА ПРОИЗВОДСТВО НА...




**Хемија и биологија на производство на вино** - Оваа книга не само што расправа за науката на производството на вино туку и има цел да му обезбеди на читателот поголемо почитување на влијанието врз енологијата врз човековото општество.

Автор: **Иан Хорнси**
Издавач: (The Royal Society of Chemistry, 2007 (прво издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-068-3

## ХЕМИЈА И БИОХЕМИЈА НА ВИНОТО




**Хемија и биохемија на виното** - Целта на оваа книга е да се опишат сите аспекти на винарството што се истражуваат во моментот. Првиот дел на книгата дава резиме на најважните аспекти од технологијата и микробиологијата на винарството, вториот во најголем дел се однесува на различни групи на соединенија, третиот дел ги опишува непосакуваните проблеми во виното, вклучувајќи ги оние што влијаат на квалитетот и на безбедноста како храна.


Автор: **М. В. Морено - Арибас и др.**
Издавач: Springer Science+Business Media, 2009
Издавач МК: Арс Ламина, 2013
ISBN 978-608-229-558-9


## ХЕМИЈА НА ЈАГЛЕХИДРАТИТЕ...




**Хемија на јаглехидратите за научниците на храната** - Главна цел на оваа книга е да се опишат и да се дискутираат општите принципи и основи за употреба на јаглехидратите како закиселувачи, врзивни средства, полнители и слично.


Автор: **Џејмс Н. Бимилер**
Издавач: AACC International Inc, 2007 (второ издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-199-4


## ХРАНА: ХЕМИЈА НА СОСТАВНИТЕ КОМПОНЕНТИ




**Храна: Хемија на составните компоненти на храната** - Оваа книга ги истражува составните делови на храната кои се присутни во големи количини и оние што се појавуваат во помали количини. Детално се разгледани и отровите, алергените, остатоците од пестициди и другите непосакувани составни елементи.


Автор: **Том Калтејт**
Издавач: The Royal Society of Chemistry, 2009 (петто издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-039-3


## ШТЕТНИЦИ, БОЛЕСТИ И ПРЕДАТОРИ НА...



**Штетници, болести и предатори на медоносните пчели** - Во оваа книга станува збор за вируси, бактерии, ротозои, габи, нематоди, инсекти: Lepidoptera- пеперуги(молци), инсекти: двокрилци, штетници и предатори на медоносните пчели, Инсекти: (ципокрилци)(мравки, оси и пчели), пајаци и псевдошкорпии, трахеални крлежи, крлежи: Вароа (varroa) и други паразити на леглото, водоземци и рептили, птици, цицачи.


Автор: **Роџер А. Морс и Ким Флотум**
Издавач: A. I. Root Company, 1998 (трето издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-078-2


## ШУМАРСТВО ЗАСНОВАНО НА ПОСТОЈАНА ...



**Шумарство засновано на постојана покровност: процена, анализи, сценарија** - Акцентот во оваа книга е ставен на квантитативните методи и модели на конкретна оцена на ресурсите во шумарството што е засновано на постојана покровност, предвидување и контролни техники за одржливо сечење. Поделена е на четири дела: Анализи на генетската структура, Анализа на шумската структура, Сценарија и контрола и Регионални искуства.


Автор: **Клаус Фон Гадоу и други**
Издавач: Kluwer Academic Publishers B.V, 2002 (прво издание)
Издавач МК: ТРИ, 2009
ISBN 978-608-4577-17-1


## ШУМАРСТВО: ПРИРАЧНИК




**Шумарство: прирачник** - Оваа книга содржи податоци и методи од сите фази на шумарството и на сродните дисциплини, како: Геологија и почви, Шумска метеорологија и климатологија, Постапки со шумски штетници и болести, Справување со пожари, Мерење на градежното дрво, Инвентаризација на градежното дрво, Силвикултура, Генетско подобрување на шумските дрвја преку селекција и оплодување, Дрвосечење, Шумска хидрологија и друго.


**Автор: Карл Ф. Вангер**
Издавач: John Wiley&Sons Inc, 1984 (второ издание)
Издавач МК: Академски печат, 2010
ISBN 978-608-4563-93-8

## ШУМСКИ ДРВЈА




**Шумски дрвја: водич за источниот дел на Соединетите Американски Држави** - Целта на оваа книга е на студентите и љубителите на дрвја да им обезбеди водич за препознавање на видовите дрвја користејќи минимален технички јазик и одлична фотографија.

Автор: **Л. Џ. Семјуелсон, М. Е. Хоган**
Издавач: Pearson Education Inc, 2006 (прво издание)
Издавач МК: ТРИ, 2009
ISBN 978-608-4577-23-2

## ЗАГАДУВАЊЕТО ВО СИСТЕМИТЕ НА ...




**Загадувањето во системите на сточарското производство** - Во оваа книга разгледани се четири главни теми: влијанието на загадувањето во сточарските системи на производство; ефектите на животната средина врз загадувањето што доаѓа од сточарските системи; употребата на добиточните отпадоци и контролата на загадувањето од сточарските претпријатија. Книгата дава голем преглед на областа, корисен за луѓето што се засегнати од сточарското производство, како и за оние од поврзаните дисциплини, како што е земјоделското инженерство и контролата на загадувањето.

Автор: **Ј. Ап Дуи, Р.Ф.Е. Аксфорд, И. Фајез М. Мараи, Х. Омед**
Издавач: CAB International
Издавач МК: Арс Ламина
ISBN 978-608-229-907-5

# Транспорт

## АВИОТРАНСПОРТ И НЕГОВА РЕГУЛАТИВА



**Авиотранспорт и негова регулатива: студија за индустријата** - Целта на оваа книга е да ги анализира структурата на пазарот и пазарното однесување и работење во американските домашни патнички авиокомпании и да го посочи степенот на доследност и очигледните причинско-последични врски меѓу овие елементи. Содржината е поделена во четири поглавја: Пазарна структура, Јавно регулирање, Управување на пазарот и Перформанси на пазарот.

Автор: **Ричард Е. Кејвс**
Издавач: Harvard University Press, 1962 (прво издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2009
ISBN 978-608-4535-05-8

## ДИНАМИКА НА МОТОРНИТЕ ВОЗИЛА



**Динамика на моторните возила** - Оваа книга претставува најавторитетна книга од областа на теоријата на возилата. Книгата нуди увид во теоријата на возилата воопшто заедно со приказ на влијанијата коишто настануваат при работата и движењето на моторните возила. Истовремено е прикажано заемното дејство меѓу возилото и возачот.

Автор: **М. Мичке и Х. Валентовиц**
Издавач: Springer Science+Business Media, 2004 (четврто издание)
Издавач МК: Табернакул, 2009
ISBN 978-608-210-043-2

## МЕНАЏИРАЊЕ НА ЕНЕРГИЈАТА ЗА ТРАНСПОРТ



**Менаџирање на енергијата за транспорт: енергија за одржлива иднина** - Оваа книга се фокусира на ефектите од транспортот со фокусирање на клучните фактори кои нудат начини на раздвојување на транспортот од интензивното користење на енергија и ни покажува како е можно да се анализираат и моделираат различни сценарија.

Автор: **Џејмс Ворен**
Издавач: Oxford University Press, 2007 (трето издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2008
ISBN 978-9989-2874-5-9

## НЕОДРЖЛИВ ТРАНСПОРТ



**Неодржлив транспорт: Градски транспорт во новиот век** - Книгата претставува глобално и локално гледиште за природата на одржливиот развој и за клучната улога што ја има транспортот во создавањето и исчезнувањето на градовите. Има неколку поглавја: Глобална слика; Одржливост и интензитет на транспортот; Јавна политика и одржлив транспорт; Инситуционални и организациони аспекти; Транспортот и урбаната форма; Фискални и регулаторни мерки и друго.

Автор: **Дејвид Банистер**
Издавач: Routledge, 2005 (прво издание)
Издавач МК: Академски печат, 2009
ISBN 978-608-4563-31-0

## ОСНОВИ НА ПАТНО ИНЖЕНЕРСТВО И...



**Основи на патно инженерство и сообраќајна анализа** - Оваа книга се фокусира исклучиво на патниот транспорт и го покрива материјалот неопходен за решавање на проблемите поврзани со патиштата што најчесто се појавуваат во инженерската практика.

Автор: **Фред Л. Манеринг и други**
Издавач: John Wiley&Sons Inc, 2009 (четврто издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-304-2

## ОСНОВИ НА ПРЕВОЗНИ И СООБРАЌАЈНИ ОПЕРАЦИИ



**Основи на превозни и сообраќајни операции** - Оваа книга претставува обид да се презентираат на самосодржан начин основните концепти во полето на сообраќајните и транспортните активности кои би требало да се разберат од страна на секој превозен професионалец. Има седум поглавја: Временско-просторен дијаграм; Кумулативни графикони; Оптимизација; Теорија на сообраќајни текови; Контрола; Набљудување и мерење и Планирани транспортни системи.

Автор: **Карлос Ф. Даганцо**
Издавач: JAI Press, 2008
Издавач МК: Арс Ламина, 2009
ISBN 978-608-4535-01-0

## ПОСТОЈАНИОТ РАСТ НА ПАТНИОТ ТРАНСПОРТ



**Постојаниот раст на патниот транспорт** - Оваа кратка книга е значајно истражување на патниот транспорт во текот на последните три века. Авторите ги сумираат новите докази и аргументи и објаснуваат зошто треба подлабоко да се разгледа оваа тема. Книгата е поделена на пет дела: Транспорт на стоки до 1830-те, Транспорт на патници до 1830-те, Патниот транспорт во ерата на железниците, Моторниот транспорт помеѓу војните и Ерата на автопатите.

Автор: **Тео Баркер и Дориан Герхолд**
Издавач: Cambridge University Press, 1995 (прво издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2008
ISBN 978-9989-2874-1-1

## ПРОБЛЕМОТ ВО УРБАНИОТ ПРЕВОЗ



**Проблемот во урбаниот превоз** - Оваа книга ги обработува фактите на градскиот превоз, најисцрпен и мошне основан третман на економиката и на технологијата на градскиот превоз кој веројатно ќе биде направен за подолг период. Во неа, исто така, може да се најдат содржини за контекстот на урбаните промени, компаративни трошоци и друго.

Автор: **Ј. Р. Мејер, Ј. Ф. Кејн, М. Вол**
Издавач: RAND Corporation, 1965 (шестто издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2009
ISBN 978-9989-2874-8-0

## ТЕОРИЈА НА КОПНЕНИ ВОЗИЛА



**Теорија на копнени возила** - Во оваа книга се објаснети сите видови копнени возила, како и начинот на нивното функционирање, нивната механика и нивните карактеристики.

Автор: **Ј. У. Вонг**
Издавач: John Wiley&Sons Inc, (трето издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2009
ISBN 978-608-4553-14-0

## ТРАНСПОРТ




**Транспорт: од економски и менаџментски аспект - Содржи три дела. Првиот дел е институционално окружување, вториот, камен-темелници на економијата на транспортот и третиот, камен-темелници на управувањето со организацијата. Книгата е резултат на долгогодишна настава во магистерски програми по економија на транспорт, методите на планирање транспорт, организациска поставеност, управување со човечки ресурси и стратешко размислување.**

Автор: **Д. А. Хеншер и Е. М. Бруер**
Издавач: Oxford University Press, 2000 (прво издание)
Издавач МК: Табернакул, 2009
ISBN 978-608-210-031-9

## УПОТРЕБА НА ЗЕМЈИШТЕ И ТРАНСПОРТ



**Употреба на земјиште и транспорт: европски истражувања кон интегрираните политики** - Книгата ни дава увид во современата состојба на интегрираните политики во Европа преку анализа на случаи од голем број европски градови и анализа која произлегува од емпириски истражувања и софистицирани инструменти за моделирање и техники на оценување. Има пет дела: Контекст; Перспективи на политиките; Процена на стратегиите; Стратешки инструменти и Резултати.

Автор: **Маршал Банистер**
Издавач: Elsevier, 2007
Издавач МК: Арс Ламина, 2008
ISBN 978-9989-2874-2-8

# Економија, банкарство и финансии

## АНАЛИЗА НА ГЛОБАЛНАТА ПОЛИТИЧКА ЕКОНОМИЈА



**Анализа на глобалната политичка економија** - Книгата покажува колку е битна поврзаноста на економските придонеси за целосно разбирање на меѓународната политичка економија. Таа претставува антидот на пристапите кои ја игнорираат економската рационалност и на повеќето размислувања кои ги редуцирале значењата во меѓународните односи на импулсите на реалистите. Авторите Валтер и Сен се фокусираат на тоа што навистина значи нешто и вршат спроведување на попаметно и повеќе корисно претставување на оваа област.

Автор: **Ендру Валтер и Готам Сен**
Издавач: Princeton University Press, 2008
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-229-120-8

## БИЗНИС И ОПШТЕСТВО




**Бизнис и општество: акционери, етика и јавна политика** - Суштинскиот аргумент на оваа книга е дека корпорациите служат на широката јавна цел - создавање вредност за општеството. Во оваа книга станува збор за корпорација во општеството, бизнисот и општествената средина, бизнисот и етичката средина, бизнисот и владата, корпорацијата и природната средина и друго.

Автор: **Ен Т. Лоренс и Џејмс Вебер**
Издавач: MC Graw – Hill Irwin, 2008
Издавач МК: Датапонс, 2009
ISBN 978-9989-789-87-8

## ВОВЕД ВО БАНКАРСТВОТО




**Вовед во банкарството** - Книгата опфаќа теоретски, но и практични прашања поврзани со глобалната банкарска индустрија, нагласени низ примери од цела Европа и од пошироката меѓународна арена.

Автор: **Барбара Касу и други**
Издавач: Pearson Education Limited, 2006
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-258-8

## ВОВЕД ВО ЕКОНОМСКАТА ТЕОРИЈА...



**Вовед во економската теорија на пазарно однесување: микроекономија од перспектива на Валрас** - Ова е важна, детална и целосна книга за економската теорија на пазарно однесување. Таа е особена во однос на посветеното внимание на филозофските сфаќања и на историската заднина на Валрасовата теорија.

Автор: **Доналд В. Кацнер**
Издавач: Edward Elgar Publishing Limited, 2006 (прво издание)
Издавач МК: Arbëria Design, 2010
ISBN 978-9989-866-77-7

## ВОВЕД ВО ФИНАНСИСКО СМЕТКОВОДСТВО



**Вовед во финансиско сметководство** - Оваа книга го објаснува процесот на темелна анализа на финансиските извештаи, усовршен третман на обврските, каматата, обврзниците и лизингот. книгата располага со сосема нов пристап кон извештајот за паричните текови.

Автор: **Чарлс Т. Хорнгрен и други**
Издавач: Pearson Education Inc, 2006 (девето издание)
Издавач МК: Магор, 2010
ISBN 978-608-223-002-3

## ГРАНИЧЕН ТРОШОК НА ЈАВНИТЕ ФОНДОВИ



**Граничен трошок на јавните фондови** - Во книгата се опишуваат маргиналните трошоци на јавните фондови. Во неа има содржини за концептуални основи на МЦФ, за МЦФ за даноци и стоки, МЦФ за акцизи во Тајланд и во Обединетото Кралство, МЦФ од оданочувањето на доходот на трудот, примени на МЦФ од оданочувањето на доходот од работа, МЦФ од оданочувањето на приносот од капитал и други содржини од оваа област.

Автор: **Бев Далби**
Издавач: Massachusetts Institute of Technology, 2008
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-050-8

## ДИНАМИКА НА ПАЗАРОТ



**Динамика на пазарот: нова финансиска економија** - Ова издание ја објаснува историјата којашто доведува до најголемата економска катастрофа на 21-от век. Дадени се емпириски докази за нестабилноста на финансискиот пазар во услови на негова либерализација, заедно со историјата на експлозијата на американскиот долар низ целиот свет. Книгата темелно и критички ги претставува економската и финансиската теорија.

Автор: **Џозеф Л. Мекколи**
Издавач: Cambridge University Press, 2009 (второ издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-4535-98-0

## ЕКОНОМЕТРИЈА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПАЗАРИ



**Економетрија на финансиските пазари** - Ова дело снабдува голема и ажурирана вброеност во економетриските методи во полето на вреднување на имотите. Авторите се водичи во ова поле на истражување и нивните комбинирани цели на интереси резултираат во добро напишана и детална дискусија за алатките и резултатите.

Автор: **Џон И. Кемпбел и други**
Издавач: Princeton University Press, 1996 (прво издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-242-7

## ЕКОНОМИЈА ЗА МЕНАЏЕРИ




**Економија за менаџери** - Целта на оваа книга е да ги презентира основните цели на микро и макроекономијата и потоа да ги интегрира од аспект на носење менаџерски одлуки во рамка што може да се користи како учебник на постдипломски студии. Содржи три дела. Првиот дел ја опфаќа макроекономската анализа, вториот дел микроекономската анализа и третиот е интегрирање рамки.

Автор: **Пол Г. Фарнам**
Издавач: Pearson Education,
Издавач МК: Датапонс, 2009
ISBN 978-9989-789-89-2

## ЕКОНОМИЈА НА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА




**Економија на европска интеграција** - Содржината е составена од пет дела. Прв дел – историја, факти и институции, втор дел – макроекономија на економската интеграција, трет дел – макроекономија на монетарна интеграција, четврти дел - микрополитики на ЕУ и петтиот дел - монетарната и фискалната политика на ЕУ. Во книгата се објаснети микроекономијата и макроекономијата на европските интеграции.

Автор: **Чарлс Виплоц**
Издавач: McGraw – Hill, 2009 (трето издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-029-4



## ЕКОНОМИЈА НА ЈАВНИОТ СЕКТОР




**Економија на јавниот сектор** - Организацијата на оваа книга се заснова на принципот на флексибилност. Редоследот кој го следи авторот е најпрво да ги воведе основните прашања, институционалните детали и прегледот на микроекономската теорија која ја подвлекува улогата на јавниот сектор. Понатаму е развиена теоријата за јавни трошоци вклучувајќи јавни добра, јавен избор како и бирократија. Се осврнува и на теоријата за оданочување и на прашања кои се однесуваат на фискалната политика.

Автор: **Џозеф И. Стиглиц**
Издавач: Academic Internet Publishers Incorporated, 2006
Издавач МК: ТАБЕРНАКУЛ, 2009
ISBN 978-608-210-056-2

## ЕКОНОМИЈА НА МИКРОФИНАНСИРАЊЕ



**Економија на микрофинансирање** - Книгата содржи 11 поглавја. Идејата на авторот е да покаже дека макрофинансирањето е една од оние мали идеи што ќе покажат дека имаат огромни импликации.

Автор: **Б. Армендариз Џ. Мордак**
Издавач: Massachusetts Institute of Tehnology, 2010 (второ издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-035-5

## ЕКОНОМИЈА НА НЕСОВРШЕНИОТ СВЕТ



**Економија на несовршениот свет: есеи во чест на Џозеф Е. Штиглиц** - Авторите во оваа книга го одразуваат влијанието што го имал Штиглиц врз професијата економист. Тука се вклучени четворица добитници на Нобелова награда. Областите кои се опфатени, исто така, го одразуваат влијанието на „штиглицизмот" врз голем дел од денешната економија. Влијанието на неговата работа најмногу се гледа во областа на несовршените информации, но и на многу други области, како што се макроекономијата, јавната економија и развојната економија.

Автор: **Ричард Арнот и други**
Издавач: Massachusetts Institute Press, 2003
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-299-272-4

## ЕКОНОМИЈА НА ПАРИ, БАНКАРСТВО...



**Економија на пари, банкарство и финансиски пазари** - Книгата се состои од шест дела: вовед, финансиски пазари, финансиски институции, централно банкарство и спроведување монетарна политика, меѓународни финансии и монетарна политика, монетарна теорија. Книгата има цел да ги едуцира студентите за парите, банкарските институции и разбирањето на економијата.

Автор: **Фредерик С. Мишкин**
Издавач: Pearson Education, 2008 (осмо издание)
Издавач МК: Магор, 2010
ISBN 978-608-223-013-2

## ЕКОНОМИЈА НА РИЗИК И ВРЕМЕ




**Економија на ризик и време** - Оваа книга дава преглед на најновите случувања во теоријата за очекуваната корист и за проблемите поврзани со ефикасни или оптимални и јавни или приватни стратегии за справување со ризик. Содржи осум дела: општа теорија, стандардниот портфолио проблем, некои технички алатки, повеќекратни ризици, Ероу-Дебре портфолио проблем, потрошувачка и штедење, еквилибриумски цени и ризик на време и ризик и информација.

Автор: **Кристијан Голиер**
Издавач: Massachusetts Institute of Technology, 2004
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-024-9

## ЕКОНОМСКИ ЕФЕКТ НА БУЏЕТОТ НА ВЛАДАТА



**Економски ефект на буџетот на владата** - Оваа книга ги анализира сите компоненти на владиниот буџет со посебен фокус на прашањата како што се трансфери на долг меѓу генерациите и намалувања на корпоративни даночни приходи. Поглавјата ги обработуваат микроекономските и макроекономските аспекти на ефектите на буџетите и покажуваат како влијаат буџетските политики врз инфлацијата, ефикасноста, билансот на плаќања, девизните курсеви и процесот на одлучување.

Автор: **Елханан Хелпман и други**
Издавач: Massachusetts Institute of Techonology, 1988
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-293-9

## ЖИВОТИНСКИ ИНСТИНКТИ




**Животински инстинкти** - Оваа книга, која се базира на новото поле наречено економии на однесување, опишува како навистина функционира економијата. Книгата содржи два дела. Прв дел – животински инстинкти и втор дел – осум прашања и нивните одговори.

Автор: **Џ. А. Акерлоф и Р. Џ. Шилер**
Издавач: Princeton University Press, 2009
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-606-4535-84-3

## ЗНАЕЊЕ, ИНФОРМАЦИЈА И ОЧЕКУВАЊА...



**Знаење, информација и очекувања во модерната макроекономија - во чест на Едмунд С. Фелпс** - Со решавање на најзначајните дебати во теоријата на макроекономијата, оваа книга се фокусира на стапките по кои се појавуваат новите технологии и информации за пазарите, несовршените информации и хетерогеноста на верувања како одредувачи на претставувањето на економијата. Книга го истакнува влијанието на Едмунд Фелпс и неговите идеи во областа на макроекономијата.

Автор: **Филип Агион и други**
Издавач: Princeton University Press, 2003
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-084-3

## ИЗБОР, БЛАГОСОСТОЈБА И МЕРЕЊЕ




**Избор, благосостојба и мерење** - Делото содржи многу од важните придонеси на Амарти Сен во економските анализи и методи вклучувајќи и научни написи за индивидуални и социјални избори, параметри и рационалност и агрегации и економски мерења. Важен за почетниот есеј на неговите разделни грижи и, исто така, анализирани дискусии генерирани од оригиналните научни написи, фокусирајќи се на основните проблеми.

Автор: **Амарти Сен**
Издавач: Harvard University Press, 1997
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978- 608-229-074-4

## ИНВЕСТИЦИИ



**Инвестиции** - Книгата изобилува со информации за најважните прашања што ги интересираат сите инвеститори. Содржи седум дела: вовед, теорија за портфолио и практика, обезбедување на фиксен приход, анализа на безбедноста, опции, фјучерси и применето раководство на портфолио.

Автор: **З. Боди, А. Кејн и А. Маркус**
Издавач: The McGrew – Hill, 2005 (осмо издание)
Издавач МК: ТАБЕРНАКУЛ, 2010
ISBN 978-608-210-085-2

## ЈАВНИ ФИНАНСИИ




**Јавни финансии** - Во ова издание авторите направиле многу видливи промени кои рефлектираа со прогрес во полето на Јавните финансии. Секоја глава во книгата нуди нешто ново. Во исто време, авторите остануваат фокусирани на централната мисија во оваа книга, да објаснат колку што е можно појасно како може да се употребат алатките од економијата за да се анализираат владиното трошење и даночните политики.

Автор: **Харви С. Розен и Тед Геер**
Издавач: The McGraw-Hill Companies, 2008 (осмо издание)
Издавач МК: Глобал комуникации, 2008
ISBN 978-608-4522-01-0

## КАКО ДА СЕ ИЗМАМИ ВЛАДАТА



**Како да се измами Владата: економски систем на евазија** - Јавните финансии не се сметаат секогаш за најфасцинантна гранка на економијата. Даночната евазија ретко се смета за најзабележливата подгранка во оваа област. Постојат примери каде што затајувањето на данокот покренува некои важни прашања за економски анализи. Авторот се надева дека оваа книга ќе даде таков пример.

Автор: **Френк А. Коуел**
Издавач: Massachusetts Institute of Technology, 1990
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-4535-93-5

## КАМАТНИ СТАПКИ И ТЕКОВИ НА...



**Каматни стапки и текови на финансискиот пазар** - Оваа книга ги обработува каматните стапки, нивното однесување со промените на условите на пазарот и начинот на кој може да се управува ризикот.

Автор: **Џејмс Џ. Ван Хорн**
Издавач: Prentice – Hall, 2000 (шестто издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2008
ISBN 978-9989-2874-4-2

## КОМЕРЦИЈАЛНО БАНКАРСТВО




**Комерцијално банкарство: управување со ризик** - Со посебен акцент врз управувањето со ризик и максимизирање на профитот, овој текст овозможува обемен и практичен вовед во банкарскиот менаџмент и сегашните банкарски практики кои се користат за контрола на различните видови ризик. Преку ова дело може да се испитаат факторите кои влијаат врз вредноста на банката и техниките за управување на тие вредности, вклучително и користење на финансиски деривати.

Автор: **Б. Е. Гуп и Џ. В. Колари**
Издавач: John Wiley&Sons, 2004 (трето издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-223-6

## КОРПОРАТИВНИ ФИНАНСИИ




**Корпоративни финансии** - Оваа книга нуди најнови примери од практиката и модерната теорија во корпоративните финансии, исто така вклучува и нови содржини за анализа на ризикот, бихејвиорални финансии и капитално буџетирање на опциите.

Автор: **Стивен А. Рос и други**
Издавач: The McGraw-Hill Companies Inc, 2008 (осмо издание)
Издавач МК: Магор, 2010
ISBN 978-608-223-018-4

## КОРПОРАЦИСКИ ПРЕЗЕМАЊА И ПРОДУКТИВНОСТ



**Корпорациски преземања и продуктивност** - Ова дело ги испитува ефектите на интеграциите и аквизициите генерално, а особено откупите на левериџ, со бројка од многу важни, заемно поврзани променливи: на продуктивноста и пазарните акции на производствените постројки, на фиксни и R&D инвестиции, на вработувањата и платите, како и на корпоративната диверзификација.

Автор: **Френк Р. Лихтенберг**
Издавач: Massachusetts Institute of Technology, 1992
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978- 608-4535-79-9

## КРЕДИТЕН РИЗИК




**Кредитен ризик: одредување цени, мерење и управување** - Со оваа книга се нуди интегриран третман на концептуалните, практичните и на емпириските основи за моделирање на кредитниот ризик. Меѓу главните цели на авторите се и мерење на ризикот на портфолијата и одредување на цените на обврзници за кои постои можност да се прогласи дифолт, кредитни деривати и други хартии од вредност изложени на кредитен ризик.

Автор: **Д. Дафи и К. Џ. Синглтон**
Издавач: Princeton University Press, 2003
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-222-9

## МАКРОЕКОНОМИЈА




**Макроекономија** - Содржи четири дела: вовед, економија на долг рок, деловни циклуси и макроекономска политика и макроекономска политика нејзино опкружување и институции. Во книгата се нагласува широката примена за поставување на суштината на економските цели.

Автор: **Ендру Б. Абел и други**
Издавач: Addison Wesley, 2005 (петто издание)
Издавач МК: ТАБЕРНАКУЛ, 2009
ISBN 978-608-210-039-5

## МАКРОЕКОНОМИЈА: ЕВРОПСКИ ТЕКСТ



**Макроекономија: Европски текст** - Низ 20 поглавја, ова издание прикажува ажурирани табели и бројки, како и нови видувања со нови возбудливи примени на макроекономијата во европската политичка дебата.

Автор: **Мајкл Бурда и Чарлс Виплош**
Издавач: Oxford University Press, 2005 (четврто издание)
Издавач МК: Академски печат, 2009
ISBN 978-608-4563-24-2

## МАТЕМАТИКА ЗА БАНКАРСТВО И ФИНАНСИИ




**Математика за банкарство и финансии** - Ова е воведна книга во предметот математика за банкарство и финансии. Предизвикот на овој текст е да се обиде да му овозможи на читателот да ја разбере природата на алатките што ги применува секојдневно.

Автор: **Денис Кокс и Мајкл Кокс**
Издавач: John Wiley & Sons Ltd, 2006
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-028-7

## МЕЃУНАРОДЕН БИЗНИС



**Меѓународен бизнис – натпреварување на глобалниот пазар** - Книгата одржува тесно поврзан тек меѓу поглавјата и ги идентификува начините на кои вистинските менаџери успеваат или пропаѓаат во светот на глобалната економија. Страста на Чарлс Хил кон меѓународниот бизнис е очигледна на секоја страница и преку неа тој сите важни теории ги прави интересни, информативни и достапни за сите читатели.

Автор: **Чарлс В.Л. Хил**
Издавач: The McGraw-Hill Companies, 2007 (шесто издание)
Издавач МК: Магор, 2010
ISBN 978-608-223-012-2

## МЕЃУНАРОДЕН БИЗНИС



**Меѓународен бизнис: работни средини и операции** - Овој учебник е еден од најдобро продаваните меѓународни бизнис-учебници како во САД, така и во остатокот од светот. Оваа книга ги поставува глобалните стандарди за изучување на работната средина и операциите во меѓународниот бизнис. Опфаќа теми како: Компаративни рамки за работна средина; Теории и институции: Трговија и инвестиции; Светска финансиска средина; Глобална стратегија и друго.

Автор: **Џон Д. Даниелс и други**
Издавач: Prentice Hall, 2009 (дванаесетто издание)
Издавач МК: ГЕНЕКС Кочани, 2011
ISBN 978-0-13-602965-6

## МЕЃУНАРОДНА ЕКОНОМИЈА



**Меѓународна економија: теорија и пракса** - Книгата има цел да покаже на кој начин развојот на теоријата на меѓународната економија традиционално била оформувана од страна на потребата, за да се објаснат промените во светската економија и да се актуелизираат проблемите во политиката.

Автор: **П. Р. Кругман и М. Обстфелд**
Издавач: Addison Wesley, 2006 (седмо издание)
Издавач МК: ТАБЕРНАКУЛ, 2009
ISBN 978-608-210-061-1

## МИКРОЕКОНОМИЈА: СРЕДНО НИВО




**Микроекономија: средно ниво (современ пристап)** - Во оваа книга станува збор за пазарот, буџетско ограничување, корист, побарувачка, купување и продавање, избор во различни времиња, пазари на актива, вишок кај потрошувачот, пазарна побарувачка, максимизирање профит, минимизирање трошок, криви на трошок, монопол, монополско однесување, размена, производство, благосостојба, јавни стоки и други теми.

Автор: **Хал Р. Вериан**
Издавач: W. W. Norton & Company, 2005 (седмо издание)
Издавач МК: ТАБЕРНАКУЛ, 2010
ISBN 978-608-210-078-4

## МОДЕРНА ЕКОНОМИЈА НА ТРУДОТ




**Модерна економија на трудот: теорија и јавна политика** - Ова дело нуди јасен и сеопфатен вовед во односувањето на пазарот на трудот. Покрај презентирање на јадрото на теоријата на лесен начин, авторите ги применуваат теоретските концепти преку анализа на голем број различни политики на пазарот на труд и ги сумираат последните емпириски откритија.

Автор: **Р. Г. Ехренберг и Р. С. Смит**
Издавач: Pearson Education, 2009 (десетто издание)
Издавач МК: Магор, 2010
ISBN 978-9989-183-98-0

## МОДЕРНИ ЈАВНИ ФИНАНСИИ




**Модерни јавни финансии** - Книгата содржи четири дела. Прв дел – распределба, стабилизација, динамики, втор дел - јавни добра, федерализам, трет дел - даночна политика и четврти дел - оптимално оданочување и проширувања. Во оваа книга се анализираат прашањата за оптимално оданочување и јавни финансии.

Автор: **Џ. М. Квиглеј и Е. Смоленски**
Издавач: Harvard College, 2000
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-016-4

## НАПРЕДНА МАКРОЕКОНОМИЈА




**Напредна макроекономија** - Оваа книга е вовед во изучувањето на макроекономијата на напредно ниво. Книгата ги разгледува водечките теории што се однесуваат на главните прашања на макроекономијата. Значителен дел од книгата е посветен на економскиот раст, а одделни делови се посветени на природната стапка на невработеноста, инфлацијата и буџетските дефицити.

Автор: **Дејвид Ромер**
Издавач: McGraw-Hill Companies, 2006 (трето издание)
Издавач МК: Магор, 2009
ISBN 978-9989-183-95-9

## ОСНОВИ НА РИЗИК И ОСИГУРУВАЊЕ



**Основи на ризик и осигурување** - Ова издание ги прикажува новите форми на полиси и закони во врска со пензиите и медицинска нега. Опфаќа теми од областа на: договор на животно осигурување, посебни форми на животно осигурување, придобивки од пензии, справување со ризик од пензионирање, здравствено осигурување, придонеси за вработените, општи одредби, форми на полиси, форми на осигурување на имот и слично.

Автор: **Е. Џ. Воган и Т. М. Воган**
Издавач: John Wiley & Sons, Inc, 2008 (десетто издание)
Издавач МК: Академски печат, 2009
ISBN 978-608-4563-25-9

## ОСНОВНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПРИНЦИПИ




**Основни сметководствени принципи** - Оваа книга содржи материјали кои се јасни и релевантни, со привлечна и интересна содржина и со мотивирачки стил, кој на читателот ќе му помогне при согледување на важноста на сметководството.

Автор: **Џон Џ. Вајлд и други**
Издавач: McGraw-Hill, 2008 (19-то издание)
Издавач МК: Академски печат, 2010
ISBN 978-608-231-019-0

## ПАРИ, КРЕДИТ И КАПИТАЛ



**Пари, кредит и капитал** - Во оваа книга се обработени теми за национално и индивидуално богатство, избор на портфолио со предвидлива актива, со примена на побарувачка за пари, избор на портфолио со имперфектно предвидливи активи, валута, капитал и заеми, финансиски пазари и цени на актива, банкарска фирма, монетарен и банкарски систем во САД и други теми од оваа област.

Автор: **Џ. Тобин и С.С. Голуб**
Издавач: The McGraw–Hill Companies, 1997
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-226-7

## ПРИНЦИПИ НА ЕКОНОМИЈАТА




**Принципи на економијата** - Со оваа книга авторот сакал да потсети зошто треба да се посветиме на изучување на економијата? Има три причини. Првата е дека ќе ни помогне да го разбереме светот во кој живееме денес. Втората причина е дека ќе не направи помудар учесник во економијата и третата причина - да се изучува економијата е тоа што ќе ни овозможи подобро да ги разбереме потенцијалите и ограничувањата на економската политика.

Автор: **Н. Грегори Менкју**
Издавач: Thomson Sout - Western, 2007 (четврто издание)
Издавач МК: Нампрес, 2009
ISBN 978-9989-682-34-6

## РАЗВОЈ НА МАКРОЕКОНОМИЈА




**Развој на макроекономија** - Ова издание на книгата на Агенор и Монтиел ги проширува анализата и новите трендови на управување со приливи на капитал, јавни и приватни долгови, фискална дисциплина, режими на монетарна политика и финансиска криза. Досега ова е најдобрата книга за макроекономијата во земјите во развој. Ги опфаќа вистинските предмети и мешавината од теорија и политика е извонредна.

Автор: **П.Р. Агенор и П. Џ. Монтиел**
Издавач: Princeton University Press, 2008 (трето издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-372-1

## РЕГИОНАЛНО ПЛАНИРАЊЕ



**Регионално планирање** - Оваа книга е еден сеопфатен текст за изучувањето на типовите региони и за нивната употреба во планирачки и оперативни цели. Темелно интегрирајќи ги концептите на менаџментот на планирање со стварните практики, авторот создаде еден бесценет прирачник за регионалното планирање наменет за студентите, практикантите на урбаните студии, јавната администрација и властите.

Автор: **Мелвик К. Бранч**
Издавач: Melville C. Branch, 1988
(прво издание)
Издавач МК: Академски печат, 2011
ISBN 978-608-231-003-9

## РЕГУЛИРАЊЕ НА ЕКОНОМИЈАТА НА ЈАВНИ...




**Регулирање на економијата на јавни услуги - Во оваа книга се истражуваат некои важни прашања од теоријата и политиката на економијата на регулирање на јавни услуги. Книгата содржи четири дела: Економски основи за благосостојба, Истражување на теоријата за формирање максимално оптоварени цени, Принципи и практики и Регулирани дејности.**

Автор: **М. А. Кру и П. Р. Клејндорфер**
Издавач: Palgrave Macimillan, 1987
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-077-5

## РЕФОРМИРАЊЕ НА ПЕНЗИИТЕ




**Реформирање на пензиите: принцип и избор на политики** - Авторите со оваа книга потенцираат дека пензиските системи имаат повеќе цели – подобрување на потрошувачката, намалување на сиромаштијата, осигурување и редистрибуција, дека живееме во втор најдобар свет и тоа дека поради тоа што државите значително се разликуваат во својот степен на развој, фискален капацитет и административен капацитет, не постои еден најдобар дизајн на пензиски систем.

Автор: **Николас Бар и Питер Дајмонд**
Издавач: Oxford University Press, 2008
Издавач МК: Арс Ламина, 2013
ISBN 978-608-229-418-6

## СВЕТСКАТА ТРГОВИЈА И ПЛАЌАЊА: ВОВЕД




**Светската трговија и плаќања: вовед** - Делото нуди јасна презентација на многу моќни алатки за разбирање на тоа што ги предизвикува промените во светската економија и какви се последиците од тоа за домаќинствата, работниците и фирмите.

Автор: **Ричард Е. Кејвс и други**
Издавач: Pearson Education, Inc, 2007
(десетто издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-075-1

## СОВРЕМЕНО БАНКАРСТВО




**Современо банкарство** - Книгата се фокусира на теоријата и на практиките на банкарството и на неговите перспективи во новиот милениум. Напишана е за часовите по банкарство и финансии на постдипломски и дипломски студии за бизнис- администрација – MBA или за напредно додипломско ниво. Банкарските службеници кои сакаат да ги продлабочат и да ги прошират своите разбирања за банкарските проблеми, може, исто така, да бидат привлечени од оваа книга.

Автор: **Шила Хефернан**
Издавач: John Wiley & Sons, Ltd
Издавач МК: Академски печат, 2009
ISBN 978-608-4563-29-7

## СРЕДНА ЈАВНА ЕКОНОМИЈА



**Средна јавна економија** - Оваа книга ги опфаќа традиционалните предмети на ефикасност и правичност, но, исто така, истакнува понови достигнувања во областа на информациите, игрите и политичката економија. Книгата има осум делови: Јавна економија и економска ефикасност, Влада, Отстапување на ефикасноста, Политичка економија, Правичност и дистрибуција, Оданочување, Повеќекратни надлежности и Прашања на време.

Автор: **Ж. Хиндрикс и Г. Д. Мајлс**
Издавач: Massachusetts Institute of Technology, 2006
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-082-9

## СТАНДАРДИ ЗА ЗАШТИТА НА ИНВЕСТИЦИИТЕ



**Стандарди за заштита на инвестициите** - Во оваа книга станува збор за стандардите што се бараат од земјите-домаќини при инвестирање од страна на странски инвеститори. Книгата ги анализира суштинските стандарди што се содржани вообичаено во билатералните и во мултилатералните инвестициски договори, вклучувајќи ги и стандардите за праведен и непристрастен третман, целосна заштита и безбедност, експропријација и за стандардите против дискриминацијата.

Автор: **Аугуст Рајниш**
Издавач: Oxford University Press, 2008
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-229-118-5

## СТАТИСТИКА ЗА БИЗНИС И ЕКОНОМИЈА




**Статистика за бизнис и економија** - Оваа книга е напишана за да обезбеди силно воведно разбирање на постапките на применетата статистика, така што поединците би можеле да спроведат солидна статистичка анализа во многу деловни и економски ситуации.

Автор: **Пол Њуболд и други**
Издавач: Pearson Education, 2007 (шестто издание)
Издавач МК: Магор, 2010
ISBN 978-9989-183-99-6

## СТРАТЕГИЈА НА МОНЕТАРНА ПОЛИТИКА



**Стратегија на монетарна политика** - Оваа книга со водечки авторитет во монетарната политика нуди единствено гледиште врз оваа тема и од академска и од практична гледна точка. Авторот не само што е академски експерт во полето туку е и креатор на политики на високо ниво. Тој е во добра позиција за да дискутира за промените во спроведувањето на монетарната политика во изминатите години, особено за свртувањето кон инфлациското таргетирање.

Автор: **Фредерик С. Мишкин**
Издавач: Massachusetts Institute of Technology, 2009
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-069-0

## СТРАТЕГИСКО УПРАВУВАЊЕ НА ПАЗАРОТ




**Стратегиско управување на пазарот** - Оваа книга покажува како да се разберат пазарната динамика и предностите на фирмите за да се создадат победнички, бизнис-стратегии кои можат да се извршуваат и за справување со несигурноста. Книгата е поделена на два дела: Стратегиска анализа и Создавање, приспособување и имплементирање на стратегијата.

Автор: **Дејвид А. Ејкер**
Издавач: John Wiley&Sons Inc, 2011 (деветo издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-042-3

## ТЕРИТОРИИ НА ПРОФИТ




**Територии на профит – комуникации, капиталистички развој и иновативните претпријатија на Г. Ф. Свифт и Дел компјутер** - Ова е книга која раскажува за две фирми кои ја објаснуваат суштината на успешното создавање профит. Во неа се зборува за комуникациската и информатичката револуција.

Автор: **Гари Филдс**
Издавач: Stanford University Press, 2003 (прво издание)
Издавач МК: Академски печат, 2009
ISBN 978-608-4563-36-5

## ТЕОРИЈА НА НЕВРАБОТЕНОСТ ВО УСЛОВИ...



**Теорија на невработеност во услови на еквилибриум** - Во оваа книга авторот дава прецизен вовед во моделот на барање на пазарот на трудот. Не спомнувајќи ги парите и изведувајќи нови каматни стапки од реални аспекти, ревидираниот модел се легитимира како целосен поборник на теоријата на невработеност во услови на природна стапка.

Автор: **Кристофер А. Писаридес**
Издавач: Massachusetts Institute of Technology, 2000 (второ издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-4535-97-3

## ТЕОРИЈА НА ОДАНОЧУВАЊЕ И ЈАВНА ЕКОНОМИЈА



**Теорија на оданочување и јавна економија** - Целта на оваа книга е да понуди еден и единствен концепт за нормативните проучувања на оданочувањето и предметите поврзани со јавната економија. Составена е од пет дела. Прв дел: рамка, втор дел: оптимално оданочување, трет дел: државни расходи, четврти дел: дополнителни аспекти на оданочување и петти дел: дистрибутивна правда и социјална заштита.

Автор: **Луис Каплоу**
Издавач: Princeton University Press, 2008
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-054-6

## ТЕОРИЈА НА МОНЕТАРНИТЕ ИНСТИТУЦИИ




**Теорија на монетарните институции** - Преку оваа книга, читателот ќе се запознае со појавата и со еволуцијата на парите и на банкарските режими, како и со алтернативите што стојат наспроти овие режими и нивните функционални карактеристики. Авторот прави комбинација на историското со модерното, апстрактното со мерливото и на теоретското со практичното.

Автор: **Лоренс Х. Вајт**
Издавач: Wiley-Blackwell, 1999 (прво издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-023-2

## ФИНАНСИСКИ ПАЗАРИ И ИНСТИТУЦИИ



**Финансиски пазари и институции** - Книгата ги опишува настаните во глобалната финансиска криза од 2007 до 2009 година со кои се смени структурата на финансиските системи и работата на централните банки. Содржи седум делови: вовед, основи на финансиски пазари, основи на финансиски институции, централно банкарство и спроведување на монетарна политика, финансиски пазари, индустрија на финансиските институции и менаџмент на финансиските институции.

Автор: **Ф.С. Мишкин и С. Г. Икинс**
Издавач: Prentice Hall, 2011 (седмо издание)
Издавач МК: Академски печат, 2012
ISBN 978-608-231-065-7

## ФИСКАЛНИ ПОЛИТИКИ И ПОРАСТОТ ВО...




**Фискални политики и порастот во светската економија** - Целта на ова издание е да се справи со главните теми во макроекономијата и економијата на јавноста користејќи традиционални и современи модели. Оваа книга е составена од: Пролог; Традиционални пристапи; Интертемпорален пристап; Интертемпорален пристап кон фискалните политики во светската економија; Економски раст и меѓународно приближување и Епилог.

Автор: **Џ. А. Френкел, А. Разин**
Издавач: Massachusetts Institute of Technology, 1996 (трето издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-212-0

# Менаџмент, маркетинг и претприемништво

## АНАЛИЗА НА ПЛАНИРАЊЕ МАРКЕТИНГ



**Анализа на планирање маркетинг** - Оваа книга му покажува на читателот како да носи одлуки засновани врз здраво истражување. Овој уникатен текст се концентрира на анализата која е потребна за донесување корисни одлуки поврзани со маркетингот и структурирана околу главниот документ во маркетингот - планот на маркетинг.

Автор: **Д. Р. Леман и Р. С. Вајнер**
Издавач: McGraw-Hill Companies Inc., 2008 (седмо издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-181-9

## БИЛ ГЕЈТС – ПРЕТПРИЕМАЧ И ФИЛАНТРОП



**Бил Гејтс: претприемач и филантроп** - Книгата е биографија за Бил Гејтс – една од највлијателните личности во светот денес. Содржи седум глави: малиот мислител, наоѓање главен интерес, Windows – прозорец на идеални можности, наоѓање рамнотежа, живот во центарот на вниманието, семеен човек и вложување во иднина.

Автор: **Џин М. Лесински**
Издавач: USA Today, 2008
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-4654-01-8

## БРЗИОТ ПАТ ДО КОРПОРАТИВНИОТ РАСТЕЖ




**Брзиот пат до корпоративниот растеж: насочување на знаењето и на технологијата кон новиот пазарен пристап** - Оваа книга претставува рамка, методологија и охрабрување за обновување на бизнисот, проследена со многубројни примери, решенија и принципи. Во неа читателот може да најде содржини за план за акција, сегментирање на пазарите за растеж, разбирање на потребите на корисниците, создавање концепциски дизајни, работа со прототипови и потврдување на дизајнерските избори.

Автор: **Марк Х. Мејер**
Издавач: Oxford University Press, 2007
Издавач МК: Датапонс, 2009
ISBN 978-9989-789-76-2

## ГЛОБАЛЕН МАРКЕТИНГ




**Глобален маркетинг** - Целта на авторите е преку оваа книга да се запознаеме со глобалниот маркетинг како целина, како и да се фокусираме на важноста на земјите во развој во современиот глобален маркетинг. Авторите заземале еколошки и стратегиски пристап со подвлекување на главните димензии на глобалната бизнис–средина.

Автор: **В. Ј. Киган и М. С. Грин**
Издавач: Pearson Education, 2011 (шестто издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-376-9

## ГЛОБАЛИЗАЦИЈА И БИЗНИС



**Глобализација и бизнис** - Оваа книга има содржини за оперативните цели и средства, управување со меѓународниот синџир на вредности, контролирање на меѓународните операции, грижи на поединецот и на компанијата и друго.

Автор: **Џон Д. Даниелс и дтуги**
Издавач: Pearson Education, 2001
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-238-0

## ДЕЛОВНА КОМУНИКАЦИЈА



**Деловна комуникација** - Овој сеопфатен текст со деловни вештини има инструкции лесни за следење, кои ги насочуваат студентите низ поглавјата. Им помага на студентите да го препознаат, да го оценат и да се подготват за глобалното деловно опкружување што се развива брзо и во кое комуникациските вештини се од суштинско значење. Овој текст им нуди можност на студентите да ги подобрат своите вештини во областа на зборувањето, слушањето, читањето и составувањето текст.

Автор: **Томас Л. Минс**
Издавач: South-Western Cengage Learning, 2010 (второ издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-307-3

## ЕКОНОМИЈА НА МЕНАЏМЕНТОТ И БИЗНИС...




**Економија на менаџментот и бизнис-стратегијата** - Основна цел на оваа книга е обезбедување алатки од полето на микроекономијата, теоријата на игрите и индустриската организација потребни за донесување разумни менаџерски одлуки.

Автор: **Мајкл Р. Беј**
Издавач: The McGraw-Hill Companies, 2005
Издавач МК: Датапонс, 2009
ISBN 978-9989-789-94-6

## ЕРАТА НА МАРКЕТИНГОТ




**Ерата на маркетингот: од професионална практика до глобално обезбедување** - Книгата има два дела. Во првиот се пишува за маркетингот и капиталистичкиот систем на снабдување, а во вториот за неутрализација на принципите на маркетингот. Во книгата се опишува маркетингот како дел од секојдневниот живот на човекот.

Автор: **Калман Аплбаум**
Издавач: Routledge, 2004 (прво издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-176-5

## ЕФЕКТИВНО ПРЕТПРИЕМАШТВО




**Ефективно претприемаштво** - Книгата има три дела: Сакам да бидам претприемач, но..., Основи на претприемаштво – остварување во практика и Сега кога станав претприемач. Во ова дело се учи како да се биде претприемач преку приказни, ментални вежби и задачи.

Автор: **Стјуарт Рид и други**
Издавач: Routledge, 2010 (прво издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-365-3

## ЗА КОНКУРЕНЦИЈАТА




**За конкуренцијата: современо и проширено издание** - Книгата има пет дела: Конкуренција и стратегија: Основни постапки, Конкурентност на локациите, Конкурентски решенија за општествени проблеми, Стратегија, Филантропија и корпоративна социјална одговорност и Стратегија и раководење. Авторот во оваа книга носи цела редица поими и алатки што ги развил тој заради разбирање на конкуренцијата и за создавање на вредноста.

Автор: **Мајкл Е. Портер**
Издавач: Harvard Business Publishing Corporation, 2008
Издавач МК: Датапонс, 2009
ISBN 978-9989-789-63-2

## ЗАПОЧНЕТЕ СОПСТВЕН БИЗНИС




**Започнете сопствен бизнис** - Овој неспоредлив водич – најпродаваната книга за започнување бизнис на сите времиња - нуди критични почетни основи и сегашен сеопфатен поглед на она што е потребно за опстанок во првите три години давајќи го токму она што е потребно за да се опстане и успее. Преку оваа книга се добива совет и увид од експерти и практични претприемачи што нудат општи пристапи и решенија за широка низа предизвици.

Автор: **Марла Маркман**
Издавач: Entrepreneur Press, 2010 (петто издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2013
ISBN 978-608-229-435-3

## ИНОВАЦИЈА И ПРЕТПРИЕМАШТВО




**Иновација и претприемаштво**- Книгата има пет дела: претприемачки цели и контекст, препознавање на можноста, пронаоѓање средства, развивање на претпријатието и создавање вредност. Овој учебник се занимава со начинот на разгледување и применување на главните теории во иновацијата на претприемништвото.

Автор: **Џон Бесан и Џо Тид**
Издавач: John Wiley and Sons Ltd, 2011 (второ издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-386-8

## ИНОВАЦИЈАТА И ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО




**Иновацијата и претприемништвото** - Ова дело ги претставува иновацијата и претприемништвото како практика и дисциплина. Не зборува за психологијата и карактеристиките на претприемачите, туку за нивните дела и однесување. Користи случаи, но првично за да отслика поента, правило или предупредување, а не како успешни приказни.

Автор: **Петер Ф. Дракер**
Издавач: Harper and Row Publishers
Издавач МК: Просветно дело, 2009
ISBN 978-9989-0-0969-3

## МАРКЕТИНГ ДВИЖЕЊА




**Маркетинг движења: нов пристап за профити, раст и обнова** - Книгата содржи два дела: Преструктурирање на маркетингот на дигиталната економија и Создавање конкурентски платформи. Маркетиншките движења претставуваат нова рамка за спроведување маркетиншка стратегија и операции.

Автор: **Филип Котлер и други**
Издавач: Harvard Business School, 2001
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-229-161-1

## МАРКЕТИНГ ВО ЈАВНИОТ СЕКТОР




**Маркетинг во јавниот сектор** - Книгата има три дела, и тоа: Подобрување на остварувањата на јавниот сектор со искористување на можностите за задоволување на потребите на граѓаните, Примена на маркетинг-инструменти во јавниот сектор и Управување со маркетиншки процес. Оваа книга е полна со сознанија за луѓето кои сакаат ефикасно да комуницираат во однос на владините програми.

Автор: **Ненси Ли, Филип Котлер**
Издавач: Pearson Education Inc, 2007 (прво издание)
Издавач МК: , 2009
ISBN 978-9989-789-65-6

## МАРКЕТИНГ ВО ХОТЕЛСКАТА ИНДУСТРИЈА И...




**Маркетинг во хотелската индустрија и туризмот** - Целта на оваа книга е да помогне да се совладаат основните концепти и практики на модерниот маркетинг за хотелската индустрија, на забавен и практичен начин.

Автор: **Филип Котлер и други**
Издавач: Pearson Education Inc, 2009 (петто издание)
Издавач МК: Датапонс, 2009
ISBN 978-608-222-004-8

## МАРКЕТИНГ ЗА НЕМАРКЕТИНГ МЕНАЏЕРИ




**Маркетинг за немаркетинг менаџери - водич за 21-от век за интегрирано управување со ресурси** - Оваа книга е мешавина од е-бизнис модели и модели на е-трговија со техники на почитување на времето, кои обезбедуваат одржлива перспектива за тоа како да се вклопат компаниите во ерата на интернетот.

Автор: **Нортон Пели**
Издавач: CRC Press LLC, 2001 (прво издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-229-126-0

## МАРКЕТИНГ ИСТРАЖУВАЊЕ



**Маркетинг истражување** - Оваа книга, иако ги задржала силните страни од претходните изданија, се фокусира на неодамнешните трендови во маркетиншката интелигенција и објаснува како се меѓусебно поврзани различните функции во рамките на маркетиншкото истражување на начин кој гарантира ефикасно одржување на односот купувач-фирма.

Автор: **Д. А. Акер, В. Кумар и Џ.С. Деј**
Издавач: John Wiley&Sons Inc, 2007 (деветто издание)
Издавач МК: Табернакул, 2009
ISBN 978-608-210-066-1

## МАРКЕТИНГ МЕНАЏМЕНТ




**Маркетинг-менаџмент** - Оваа книга е водечки маркетинг-текст бидејќи неговата содржина и организација доследно ги одразуваат промените во теоријата и практиката на маркетингот. Во неа станува збор за разбирање на маркетинг-менаџментот, согледување на маркетингот, поврзување со потрошувачите, градење на силни марки, формирање на понудите на пазарот, испорачување на вредност, вредност на комуникациите и креирање успешен долгорочен раст.

Автор: **Ф. Котлер и К. Л. Келер**
Издавач: Prentice Hall, 2008 (13-то издание)
Издавач МК: Датапонс, 2009
ISBN 978-602-222-002-4

## МАРКЕТИНГ-МЕНАЏМЕНТ: знаења и вештини




**Маркетинг-менаџмент: знаења и вештини** - Целта на оваа книга е да го подобри знаењето на читателот за маркетинг-менаџментот со цел да се унапредат вештините во користење на стекнатото знаење, читателот да се оспособи за развивање и имплементирање на успешните маркетинг-стратегии.

Автор: **Џ. П. Питер и Џ. Х. Донели**
Издавач: The McGraw-Hill Companies Inc, 2011 (десетто издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-315-8

## МАРКЕТИНГ МЕНАЏМЕНТ



**Маркетинг менаџмент: пристап за донесување на стратегиски одлуки** - Ова издание е сконцентрирано на донесување стратегиски одлуки, што ја прави оваа книга различна од останатата литература што става поголем акцент на опишување на маркетинг-феноменот наместо на стратегиските и тактичките одлуки што мора да ги донесуваат менаџерите и претприемачите секој ден.

Автор: **Џон В. Мулинс и други**
Издавач: The McGraw-Hill Companies Inc, 2010 (седмо издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-290-8

## МАРКЕТИНГ НА УСЛУГИ




**Маркетинг на услуги: луѓе, технологија и стратегија** - Содржината на ова дело го отсликува развојот на економијата на услугите, но и истражувачките откритија на маркетингот. Книгата содржи четири дела: разбирање на услужните производи, потрошувачи и пазари, примена на четирите П на маркетингот во областа на услуги, управување на интерфејсот кон клиентите и имплементација на профитабилни услужни стратегии.

Автор: **К. Лавлок, Ј. Вирц**
Издавач: Prentice Hal, 2011 (шестто издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-429-2



## МЕЃУНАРОДЕН МАРКЕТИНГ




**Меѓународен маркетинг: планирање на стратегиите, настап на пазарите и реализација** - Напишана со јасен стил, книгата анализира тактички, оперативни и стратегиски аспекти релевантни за секој субјект на пазарот. Опремена со најнови студии на случаи, како и со регионални анализи на одделните светски пазари, оваа книга нуди нови сознанија витални за успешното планирање и реализација.

Автор: **Роџер Бенет и Џим Блит**
Издавач: Kogan Page Business Books, 2002 (трето издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-4535-85-0

## МЕЃУНАРОДНО МАРКЕТИНГ ИСТРАЖУВАЊЕ




**Меѓународно маркетинг-истражување** - Делото изобилува со примери и ги води студентите низ сите фази од развојот и спроведувањето на меѓународното маркетинг-истражување: од анализирање на природата и опсегот на истражувањето до прибирање и анализирање податоци, изготвување прашалници и земање примероци. Меѓународното маркетинг-истражување на В. Кумар дава стабилна теориска основа, поткрепена со соодветни и актуелни примери.

Автор: **В. Кумар**
Издавач: Prentice–Hall, 1999 (прво издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-283-0

## МЕНАЏИРАЊЕ НА РИЗИЦИТЕ И ФИНАНСИСКИТЕ ...



**Менаџирање на ризиците и финансиските институции** - Во оваа книга се дадени одговорите за најновите случувања во финансиските институции како, на пример, менаџирањето со ризиците кои стануваат сè поизразени од ден на ден. Книгата е наменета за обука на менаџери, но може да им послужи и на студентите за проширување и за утврдување на своите претходно стекнати знаења.

Автор: **Џон К. Хул**
Издавач: Prentice Hall, 2009 (второ издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-080-5

## МЕНАЏМЕНТ



**Менаџмент** - Оваа книга ги претставува денешните најнови менаџерски идеи и најдобрите практики со нови примери, докажани апликации, најсовремени случаи и нов систем „ThomsonNow"за онлајн учење на менаџмент, дизајниран да го одведе читателот директно на врвот на знаењето и да развие потенцијал за добра кариера. Содржи шест делови: Вовед во менаџмент, Окружување на менаџмент, Планирање, Организирање, Лидерство и Контролирање.

Автор: **Ричард Л. Дафт**
Издавач: Thomson South-Western Corporation, 2008 (осмо издание)
Издавач МК: ГЕНЕКС Кочани, 2011
ISBN 978-0-324-53770-3

## МЕНАЏМЕНТ НА ОПЕРАЦИИ



**Менаџмент на операции: процеси и синџири на вредности** - Во книгата се зборува за процесите и синџирите на вредности, а значително внимание е посветено и на услужителите. Централната илустрација на маргините на воведот во секое поглавје ја дава генералната идеја, а со слична функција се и кратките дискусии за тоа како поглавјето е поврзано со процесите и синџирите на вредности, како и различните функционални области на една фирма.

Автор: **Ли Ј. Крајевски и други**
Издавач: Pearson Education, 2007
Издавач МК: Арс Ламина, 2009
ISBN 978-608-4535-12-6

## МОДЕРНА ИНДУСТРИСКА ОРГАНИЗАЦИЈА



**Модерна индустриска организација** - Оваа книга, која зборува за раководење со пазарот, ги содржи најновите информации за да биде одраз на најновите трендови и теми и нејзиниот фокус цврсто се задржува на целта студентите да добијат јасна, единствена структура за анализа на теориите и емпириски доказ за организацијата на фирмите и индустриите.

Автор: **Д. В. Карлтон, Џ. М. Перлоф**
Издавач: Addison Wesley, 2004 (четврто издание)
Издавач МК: Табернакул, 2010
ISBN 978-608-210-071-5

## НАПРЕД - Како Старбакс се бореше...




**Напред: како Старбакс се бореше за неговиот живот без да ја изгуби својата душа** - Оваа невообичаено искрена, релевантна книга демонстрира што значи да се биде лидер во овие посебни времиња. Напред е редок запис од прва рака за тоа како еден од најзначајните светски брендови ги надминува предизвиците со кои сите се соочуваме. Има пет дела: Љубов; Доверба; Болка; Надеж и Храброст.

Автор: **Хауард Шулц**
Издавач: Rodale Books, 2011
Издавач МК: Арс Ламина, 2013
ISBN 978-608-229-347-9

## ОДНЕСУВАЊЕ НА ПОТРОШУВАЧИТЕ



**Однесување на потрошувачите** - Оваа книга нуди вовед во однесувањето на потрошувачите, а понатаму разработува: Донесување одлуки од страна на потрошувачите; Индивидуални детерминанти на однесувањето на потрошувачите; Влијанија на опкружувањето врз однесувањето на потрошувачите и Групни и персонални влијанија.

Автор: **Роџер Д. Блеквел и други**
Издавач: South Western Gollege Publishing, 2005 (прво издание)
Издавач МК: Табернакул, 2010
ISBN 978-608-210-070-8

## ОДНЕСУВАЊЕТО НА ПОТРОШУВАЧИТЕ И...




**Однесувањето на потрошувачите и маркетиншките стратегии** - Книгата содржи: преглед на однесувањето на потрошувачите, маркетиншка стратегија, однесувањето и маркетиншката стратегија, опкружувањето и маркетиншка стратегија и потрошувачка анализа и маркетиншка стратегија. Книгата нуди стратегиски приказ на однесувањето на потрошувачите во насока на водење нивни успешни активности.

Автор: **Џ.Пол Питер и Џери Олсон**
Издавач: McGraw – Hill Companies, 2008 (осмо издание)
Издавач МК: ТРИ, 2009
ISBN 978-608-4577-24-9

## ОПЕРАТИВЕН МЕНАЏМЕНТ ЗА КОНКУРЕНТСКА...



**Оперативен менаџмент за конкурентска предност** - Оваа книга се однесува на методите за ефективно производство и дистрибуција на производите и услугите продавани од компанијата. За подобро да се разбере ова поле, книгата е организирана во четири поголеми делови. Стратегијата е важна тема која се повторува во книгата. Секоја компанија мора да има детален бизнис-план кој е поддржан од маркетиншката стратегија, оперативната стратегија и финансиската стратегија.

Автор: **Ричард Б. Чејс и други**
Издавач: McGraw-Hill Irvin, 2006 (11-то издание)
Издавач МК: ГЕНЕКС Кочани, 2011
ISBN 978-0-07-312166-6

## ОСНОВА ЗА МАРКЕТИНГ МЕНАЏМЕНТ




**Основа за маркетинг-менаџмент** - Насочениот пристап на оваа книга ќе допре до оние читатели што сакаат авторитативен елаборат за сегашните маркетинг-менаџмент практики и теорија, со текст кој е доволно краток за да овозможи вклучување надворешни случаи, симулации и проекти.Оова издание е посветено за да им помогне на компаниите, групите и индивидуите да ги приспособат своите маркетиншки стратегии и менаџментот на пазарот во дваесет и првиот век.

Автор: **Ф. Котлер, К. Л. Келер**
Издавач: Pearson Education Inc, 2012 (петто издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN978-608-229-282-3

## ОСНОВИ НА ДЕЛОВНО КОМУНИЦИРАЊЕ




**Основи на деловно комуницирање** - Ова издание ќе ви помогне да ги развиете комуникациските вештини што ви се потребни за да се натпреварувате на денешниот конкурентен пазар на трудот. Со многуте пофалби за концизност и ефикасен стил, текстот на Гафи е ненадминат во способноста да ви помогне во подобрувањето на знаењето за комуникациската технологија, комуникацијата во работната средина и деловниот професионализам.

Автор: **Мери Елен Гафи**
Издавач: Thomson South-Western, 2007 (седмо издание)
Издавач МК: ГЕНЕКС Кочани, 2011

## ОСНОВИ НА МАРКЕТИНГОТ НА ЗДРАВСТВЕНА...



**Основи на маркетингот на здравствена заштита** - Целта на книгата е да обезбеди сеопфатно разбирање на принципите и концептите кои се применуваат во организациите за здравствена заштита. Оваа книга ги истражува суштинските елементи на маркетингот, со надеж дека читателот ќе ја препознае примената на маркетиншките алатки и стратегии во денешното променливо и динамично опкружување на здравствената заштита.

Автор: **Ерик Н. Берковиц**
Издавач: Bartlett Publishers, 2006 (второ издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-037-9

## ОСНОВИ НА МЕНАЏМЕНТ



**Основи на менаџмент** - Книгата се базира на многубројни повратни информации од професори и студенти и е посебно дизајнирана за да ги исполни потребите за предавање на денешните инструктори, како и целите за информирање, учење и процена кај денешните студенти. Оваа книга се насочува кон оние компоненти од главата што студентите и обучувачите ги сметаат како најзначајни.

Автор: **Рики В. Грифин**
Издавач: Cengage Learning, 2006 (прво издание)
Издавач МК: ГЕНЕКС Кочани, 2010

## ОСНОВИ НА ФИНАНСИСКИОТ МЕНАЏМЕНТ




**Основи на финансискиот менаџмент** - Книгата е поделена на шест дела: Вовед, Финансиски анализи и планирање, Работен капитал и менаџмент, Работен капитал и финансиско одлучување, Долгорочно Финансирање и Проширување на перспективите на корпоративните финансии. Оваа книга се фокусира на финансиите со јасен и целосен третман на основните концепти и функции.

Автор: **С. Б. Блок и Џ. А. Харт**
Издавач: McGraw-Hill/Irwin, 2008
Издавач МК: Глобал комуникации, 2008
ISBN 978-608-4522-02-7

## ПРЕТПРИЕМАЧКИ АЛАТКИ




**Претприемачки алатки: алатки и техники за почнување и раст на нов бизнис** - Содржи единаесет поглавја: Самодијагноза, Пронаоѓање и процена на можност, Организација на претпријатијата, Создавање бизнис-модел, Создавање бизнис-план, Финансирање бизнис, Ангели и инвеститори на капитал, Понуда на отворен пазар, Пораст на претпријатијата, Одржување на претприемачкиот дух и Време за собирање плодови. Книгата изобилува со настани и примери од историјата на бизнисот на инвеститори од целиот свет.

Автор: **Р. Луек и А. Озборн**
Издавач: Harvard Business Review Press, 2004
Издавач МК: Европа 92, 2013
ISBN 978-9989-838-49-1

## ПРЕТПРИЕМАЧКИ МАЛ БИЗНИС



**Претприемачки мал бизнис** - Составена е од пет дела: Претприемачи и идеи, Патеки и планови на малиот бизнис, Маркетинг во малиот бизнис, Готовински средства, Сметководство и финансии и Управување и организирање кај малите бизниси. Книгата изобилува со модули и вештини кои се фокусираат врз основните вештини што ќе треба да ги развиете кога ќе го почнувате вашиот мал бизнис.

Автор: **Џером Кац, Ричард Грин**
Издавач: The McGraw – Hill Companies, 2011 (четврто издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-383-7

## ПРЕТПРИЕМАШТВО



**Претприемаштво** - Целта на оваа книга е да се воведе концепт за претприемаштво и да се објасни неговиот процес. Се состои од следните делови: претприемачка перспектива, од идеја до можност, од можност до бизнис, од бизнис-план до финансирање, од финансирање на потфатот до лансирање и последниот дел се случаи.

Автор: **Мајкл Питерс и други**
Издавач: The McGraw Hill, 2009 ( осмо издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-393-6

## ПРЕТПРИЕМАШТВО: ВАША ИДНИНА



**Претприемаштво: ваша иднина** - Во содржината на оваа книга има прашања од областа на маркетингот, бизнисот, инвестициите и слично. Ова е работна тетратка за студенти.

Автор: **Стив Мариоти и Тони Тоул**
Издавач: NFTE, 2010
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-337-0

## ПРЕТПРИЕМАШТВО: УСПЕШНО ПОЧНУВАЊЕ...



**Претприемаштво: успешно почнување со нови потфати** - Книгата има четири дела: Одлука да се стане претприемач, Осмислување успешни деловни идеи, Премин од идеја кон претприемачко претпријатие и Управување и развивање на претприемачко претпријатие. Во книгата се запознаваме со најажурниот и најприменливиот третман на претприемачкиот процес кој постои на пазарот.

Автор: **Б.Р. Барингер и Р. Д. Ајреленд**
Издавач: Prentice Hall, 2011 (четврто издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-351-6

## ПРЕТПРИЕМАШТВО И УПРАВУВАЊЕ СО...



**Претприемаштво и управување со мали бизниси -** Содржината е составена од шест дела: Претприемачки патеки, Кои се вашите Потрошувачи, Интегриран маркетинг, Парите на виделина, Ефективно работење на мал бизнис и Лидерство, етика и излези. Претприемаштво и управување со мали бизниси е организиран да го следи животниот циклус на еден претприемачки потфат од концепт преку имплементација до жнеење и репликација.

Автор: **С. Мариоти и К. Глакин**
Издавач: Pearson Education, 20121 (прво издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-403-2

## ПРЕТПРИЕМНИШТВО - ПРОЦЕС СО ПЕРСПЕКТИВА




**Претприемништво: процес со перспектива -** Книгата овозможува уникатен преглед на развојот на претприемничкиот процес низ неколку различни фази. Содржината е сместена во пет дела: 1. Претприемништво: кој, што, зошто?; 2. Прибирање ресурси; 3. Започнување со нов бизнис; 4. Водење бизнис: градење траен успех и 5. Собирање на придобивките.

Автор: **Роберт А. Барон и Скот А. Шејн**
Издавач: Cengage Learning, 2004 (прво издание)
Издавач МК: ГЕНЕКС Кочани, 2011
ISBN 978-0-324-27356-4

## ПРЕТПРИЕМАШТВО ЗА НАУЧНИЦИ И ИНЖЕНЕРИ




**Претприемаштво за научници и инженери -** Содржината на книгата има четири дела: Технолошко претприемаштво за научници и инженери, Развој и заштита на интелектуалната сопственост, Стратегија на технолошко претприемаштво и Финансиска стратегија на новите компании. Книгата содржи конкретни теми од особено значење за технолошкото претприемаштво.

Автор: **Кетлин Ален**
Издавач: Pearson Education, 2010 (прво издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-349-3

## ПРЕТПРИЕМНИШТВО И МАЛИ ФИРМИ




**Претприемништво и мали фирми -** Текстот во ова дело е создаден да се опфатат теоријата, концептот, доказите, политиката и практиката во претприемништвото и малите компании. Тој е создаден да ги поврзе овие области заедно. На пример, дискусијата за претприемачките концепти ја следат практични примери за мали конкретни случаи или дискусија за теоретски прашања во развојот на мали фирми; по дискусијата за растот на малите компании следува дискусија на доказите.

Автор: **Дејвид Дикинс и Марк Филс**
Издавач: McGraw-Hill International, 2005 (четврто издание)
Издавач МК: ТРИ, 2010
ISBN 978-608-4577-49-2

## ПРЕЦИЗЕН МАРКЕТИНГ




**Прецизен маркетинг -** Книгата е поделена на шест дела: Настанувањето на прецизниот маркетинг, Циклусот на прецизен маркетинг, Користење на податоците, Прецизниот маркетинг во времето на Гаја, 15 минути приватност, Иднината на прецизниот маркетинг.

Автор: **Џеф Забин и Греш Бребах**
Издавач: Fair Isac, 2004 (прво издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-229-132-1

## ПРИВЛЕКУВАЊЕ НА ИНВЕСТИТОРИ




**Привлекување на инвеститори: маркетинг-пристап за наоѓање средства за вашиот бизнис -** Оваа книга им покажува на читателите како да ги применат основните техники во современиот маркетинг за да го стекнат потребниот капитал. Содржи четири дела: Вовед, Да се разберат инвеститорите и даватели на заеми, Алатки за привлекување и задржување инвеститори и заемодаватели и Епилог.

Автор: **Филип Котлер и други**
Издавач: Wiley, 2004 (прво издание)
Издавач МК: ТРИ, 2009
ISBN 978-608-4577-25-6

## ПРИНЦИПИ НА МАРКЕТИНГ



**Принципи на маркетинг** - Книгата е поделена на четири дела: Дефинирање на маркетингот и маркетинг-процесот, Разбирање на пазарот и потрошувачите, Осмислување на купувачки водена маркетинг-стратегија и интегриран маркетинг-микс, Проширен маркетинг. Оваа книга се надградува на уникатна, интегративна и интуитивна маркетинг-рамка: едноставно кажано, маркетингот е вештина и наука за создавање вредност на потрошувачите со цел возвратно да добие вредност од нив.

Автор: **Ф. Котлер и Г. Армнстронг**
Издавач: Pearson Education Inc, 2007 (12-то издание)
Издавач МК: Академски печат, 2010
ISBN 978-608-4563-59-4

## РЕКЛАМИРАЊЕ И ПРОМОЦИЈА



**Рекламирање и промоција: Интегрирана перспектива за маркетинг-комуникација** - Оваа книга ги опфаќа следниве поглавја: Вовед во интегрираните маркетиншки комуникации, Анализа на интегрирана маркетиншка програма, Анализа на комуникацискиот процес, Цели и буџетирање на програмите на интегрираните маркетиншки комуникации, Развивање на програмата на интегрираните маркетиншки комуникации, Следење, Оценка и контрола и посебни теми и перспективи.

Автор: **Џорџ Е. Белч и Мајкл А. Белч**
Издавач: McGraw-Hill, 2007 (седмо издание)
Издавач МК: ГЕНЕКС Кочани, 2011
ISBN 00732255963

## РУРАЛЕН ТУРИЗАМ И ОДРЖЛИВ БИЗНИС



**Рурален туризам и одржлив бизнис** - Оваа книга претставува висококвалитетен текст кој ги интегрира најновите размислувања за развојните стратегиски улоги на руралниот туризам и неговата улога во развојот на одржлив бизнис. Книгата обезбедува пристапен материјал, извлечен од низа културни контексти и контексти на животната средина и посветува внимание на природата и заемните односи меѓу локалните и глобалните прашања во руралниот туризам и развој.

Автор: **Дарек Хол и други**
Издавач: Channel View Publication, 2005
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-267-0

## СЕТИЛНО БРЕНДИРАЊЕ




**Сетилно брендирање** - Книгата е поделена на осум дела: Човековата дејност се професионализира, Одредени компании веќе го знаат ова, Од дводимензионално кон петдимензионално брендирање, Поттикнување, ширење и поврзување: создавање на сетилен бренд, Мерење на сетилата, Брендот како религија: научни лекции, Брендирање: холистички поглед. Во оваа книга е прикажана иновативна програма во шест чекори за тоа како ќе се одвива градењето брендови во дваесет и првиот век.

Автор: **Мартин Линдстром**
Издавач: Free Press, 2005 (прво издание)
Издавач МК: ТРИ, 2009
ISBN 978-608-4577-31-7

## СОВРЕМЕН МЕНАЏМЕНТ




**Современ менаџмент** - Овој текст е најсовремено и актуелно објаснување за променливото окружување на менаџментот и менаџмент-практиките, го опишува влијанието на зголемената разновидност на работната сила во компаниите, глобалниот аутсоринг, етиката на менаџерите на профитните и непрофитните организации и многубројни етички прашања со кои тие се соочуваат, користењето на новата информативна технологија за унапредување на квалитетот на услугите и подобрување на ефикасноста и одговорноста кон клиентите.

Автор: **Г.Р. Џонс и Џ.М. Џорџ**
Издавач: McGraw-Hill Companies, 2008 (петто издание)
Издавач МК: Глобал комуникации, 2008
ISBN: 978-608-4522-00-3

## СОЦИЈАЛНО ПРЕТПРИЕМАШТВО




**Социјално претприемаштво: теорија и практика** - Книгата има четири дела: социјално претприемаштво, динамика на социјалната промена, социјален капитал изграден од социјалните претприемачи и нов вид лидерство. Книгата е наменета за опишување и анализирање на големите социјални промени.

Автор: **Р. Прашкер и А. Новак**
Издавач: Cambridge University Press, 2011
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-371-4

## СТРАТЕГИЈА ЗА КОНКУРЕНТНОСТ




**Стратегија за конкурентност: техники за анализа на сектори и конкуренти** - Со оваа книга авторот се обидува да придонесе во развојот на стабилна јавна политика кон конкуренцијата. Ова дело го проучува начинот на кој една фирма може поефективно да се натпреварува за да ја зацврсти својата позиција на пазарот. Содржи три дела: Дел 1. Основни техники на анализа; Дел 2. Општиот амбиент во секторот и Дел 3. Стратегиски одлуки.

Автор: **Мајкл Е. Портер**
Издавач: The Free Press
Издавач МК: Датапонс, 2009
ISBN 978-9989-789-62-5

## СТРАТЕГИСКИ БРЕНД-МЕНАЏМЕНТ



**Стратегиски бренд-менаџмент; градење, мерење и управување со капиталот на брендот** - Од оваа книга може да се научи како да се основаат силни, конкурентни позиции, како да се креира звучност на брендот со потрошувачите, како да се интегрираат програми за бренд-маркетинг.

Автор: **Кевин Лејн Келер**
Издавач: Pearson Education Inc, 2008
(трето издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2013
ISBN 978-608-229-557-2

## СТРАТЕГИСКИ МАРКЕТИНГ ЗА НЕПРОФИТНИ...



**Стратегиски маркетинг за непрофитни организации** - Оваа значајна книга дава нови и важни сознанија за менаџерите на непрофитни организации. Авторите јасно укажуваат дека маркетингот е важна стратегиска активност и покажуваат како може да се користи маркетингот за подобрување на организациските перформанси. Со давање примери од голем опсег на полиња, книгата им покажува на менаџерите како може маркетингот да им помогне во организацијата.

Автор: **А. Р. Андреасен и Ф. Котлер**
Издавач: Pearson Education, 2007
(седмо издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-228-1

## СТРАТЕГИСКИ МАРКЕТИНГ МЕНАЏМЕНТ



**Стратегиски маркетинг-менаџмент** - Оваа концизна книга ги претставува главните алатки и процеси на одлучување вклучени во планирањето и контролирањето на маркетингот. Книгата е поделена на шест дела: Рамка на маркетинг-менаџментот, Анализа на ситуацијата и идентификување на целен пазар, Управување со вредноста на потрошувачот, Компанијата и соработникот, Управување со маркетинг-миксот, Управување со растот и Референци.

Автор: **Александер Чернев**
Издавач: Brighstar Media Inc, 2009
(деветто издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-4535-99-7

## СТРАТЕГИСКИ МЕНАЏМЕНТ




**Стратегиски менаџмент: конкурентност и глобализација (концепти и примери)** – Целта на оваа книга е да воспостави нов стандард во презентирањето на тековните и на современите концепти во стратегискиот маркетинг и е богато и сеопфатно испитување на концептите и алатките на стратегискиот менаџмент.

Автор: **Мајкл М. А. Хит и други**
Издавач: South-Western, 2005
(шесто издание)
Издавач МК: Нампрес, 2012
ISBN 978-9989-682-81-0

## СТРАТЕГИСКИ МЕНАЏМЕНТ ВО ТУРИЗМОТ




**Стратегиски менаџмент во туризмот** - Книгата е поделена на три дела: Средина на туризмот, економски развој, предвидувања и трендови, Интегриран менаџмент во туризмот и Стратешка визија и менаџмент во туризмот. Оваа книга ги анализира влијанијата на круцијалните прашања во средината и најголемите фактори што влијаат врз меѓународниот менаџмент на туризмот. Книгата обезбедува аналитичко вреднување на најважните глобални трендови во туризмот.

Автор: **Луиз Мутињо**
Издавач: CAB International, 2011
(второ издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-340-0

## ТЕХНОЛОШКО ПРЕТПРИЕМАШТВО




Автор: **Томас Дининг и други**
Издавач: Elsevier Inc, 2010 (прво издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-385-1

**Технолошко претприемаштво: создавање, освојување и заштита на вредноста - Книгата е составена од пет дела: Основи на бизнисот и економијата, Законска структура и капитал, Интелектуална сопственост и договори, Стратегија и операција на технолошка инвестиција и Справување со ризик и развој на кариера. Учебникот е наменет за концептите на продажба, маркетинг и стратегии вклучени во освојувањето и заштитата на вредноста и на сето она што ја создава вредноста.**

## УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ




Автор: **Р. Л. Матис и Џ. Х. Џексон**
Издавач: Thomson South-Western, 2008
Издавач МК: Магор, 2010
ISBN 978-608-223-019-1

**Управување со човечки ресурси** - Целта на ова издание е да ја изрази константната промена во управувањето на човечките ресурси во организациите денес и да ги истакне двете сили кои влијаат врз управувањето со човечките ресурси: Менување на составот на работна сила - стареење и пензионирање на работници, разновидност во работната средина и Глобализацијата - аутосортинг, меѓународна конкуренција.

## УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ



Автор: **Џ. В. Боландер, С. А. Снел**
Издавач: South-Western Cengage Learning, 2010 (15-то издание)
Издавач МК: ГЕНЕКС Кочани, 2011
ISBN 978-0-324-59331-7

**Управување со човечки ресурси** - Целта на ова издание е разбирањето како можат организациите да се здобијат со одржлива конкурентска предност преку луѓе. Книгата нуди објаснување на клучните предизвици на HRM, дискусија за партнерството со линиските менаџери и способностите барани од (HR) ХР-управувањето, опис на улогата на (HR) ХР-менаџерите, како и разбирање на програмите за човечки ресурси и нивното влијание врз вработените, организацијата, заедницата и поширокото општество.

## УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ




Автор: **Емет Џ.Воган**
Издавач: Wiley (прво издание)
Издавач МК: Арс Ламина
ISBN 978- 608-229-621-0

**Управување со ризици** - Темата на оваа книга е една од гранките на применетата економија, наречена управување со ризици (risk management), која за своја цел ги има намалувањето и елиминирањето на одредени видови ризици со кои се соочуваат бизнисите и останатите организации.

## ПОТРОШУВАЧКА ПСИХОЛОГИЈА НА ...



Автор: **А. Џ. Вудсајд, Џ. И. Крауч, Џ. А. Мазанек, М. Оперман, М. Ј. Сакаи**
Издавач: CAB International
Издавач МК: Арс Ламина
ISBN 978-608-229-620-3

**Потрошувачка психологија на туризмот, гостопримливоста и на забавните содржини** - Ова издание се фокусира на опширната тема на психологијата на потрошувачот и нејзината примена во полињата на туризмот, гостопримливоста и забавните содржини. Изданието дава општ преглед на актуелните размислувања и претставува неколку нови теории и методи за анализа.

## ПОТРОШУВАЧКА ПСИХОЛОГИЈА НА ... Книга 2



Автор: **Џ. А. Мазанек, Џ. И. Крауч, А. Џ. Вудсајд, Џ. Р. Брент Ричи**
Издавач: CAB International
Издавач МК: Арс Ламина
ISBN 978-608-229-624-1

**Потрошувачка психологија на туризмот, гостопримливоста и на забавните содржини, Книга 2** - Оваа книга е составена од неколку поднаслови: потрошувачи и дестинации; процеси на одлучување; сегменти на потрошувачот; методологија за сегментирање и потрошувачка, оценување и не/задоволство. Оваа втора книга дава приказ за прогресот во теориите и истражувањата за потрошувачката психологија. Книгата се фокусира на донесувањето одлуки на потрошувачите за оценување алтернативи за избор во дејностите на туризмот, забавните содржини и гостопримливоста.

## ПОТРОШУВАЧКА ПСИХОЛОГИЈА НА ... Книга 3



**Потрошувачка психологија на туризмот, гостопримливоста и на забавните содржини - Книга 3** - Познавањето на потрошувачката психологија и однесувањето на потрошувачите во врска со туризмот е мошне важно во одредувањето на успехот на туризмот и местата на гостување. Оваа книга е уредена збирка на написи од Третиот Сипмозиум за психологија, гостопримливост и забавни содржини, одржан во Мелбурн, Австралија во јануари 2013 година. Темите што се покриени во овие написи вклучуваат однесување, емоции и преработка на информации; мотивација и учење; систем за потрошувачка; одлуки и избори; искуство и задоволство; ...

Автор: **Џ. И. Крауч, Р. Р. Пердју, М. Усјал, Х. Џ. П. Тимерманс**
Издавач: CAB International
Издавач МК: Арс Ламина
ISBN 978-608-229-779-8

## СРЕДНО НИВО НА ФИНАНСИСКИ МЕНАЏМЕНТ




**Средно ниво на финансиски менаџмент** - Оваа книга се состои од неколку поднаслови: основни концепти на корпоративни финансии; корпоративно оценување; оценување проект; стратегиски финансиски одлуки; тактички одлуки за финансирање; управување со обртен капитал и специјални теми. Ова издание е создадено да објасни што значи „финансиски менаџмент" и да покаже како може да се примени за да помогне да се зголеми вредноста на претпријатието.

Автор: **Јуџин Ф. Бригам, Филип Р. Дејвис**
Издавач: South-Western College Pub (10 издание)
Издавач МК: Арс Ламина
ISBN 978- 608- 229-614-2

## МАРКЕТИНГ




**Маркетинг** - Оваа книга содржински опфаќа теми насловени како: светот на маркетингот; анализирање на пазарните можности; одлуки за производот; одлуки за дистрибуција; промоција и комуникациски стратегии; одлуки за формирање цена и технолошки управуван маркетинг. Книгата обезбедува одличен начин за учење на основите маркетингот, но овозможува студентите да стекнат вистинско разбирање на областа.

Автор: **Чарлс В. Лемб, Џозеф Ф. Хеар, Карл Мекданиел**
Издавач: Cengage Learning (11 издание)
Издавач МК: Арс Ламина
ISBN 978-608-229-618-0

## МАРКЕТИНГ ВО ПАТУВАЊАТА И ТУРИЗМОТ




**Маркетинг во патувањата и туризмот** - Оваа книга има цел да ги упатува и да им дава поддршка на читателите низ комплексностите на маркетингот во туризмот во 21 век. Книгата дава јасни објаснувања на принципите на маркетингот и концептите приспособени од конвенционалните маркетинг – услуги, а продолжува со илустрација на опсегот на апликации што моментално се користат во современата економија на посетители.

Автор: **Виктор Т. Ч. Мидлтон, Алан Фајал, Мајкл Морган**
Издавач: Routledge (четврто издание)
Издавач МК: Арс Ламина
ISBN 978-608-229-750-7

## КЕТЕРИНГ МЕНАЏМЕНТ




**Кетеринг менаџмент** - Ова издание им дава на професионалците и потенцијалните угостители детален совет и важни деловни вештини потребни за успешен кетеринг во и надвор од објектот. Книгата ги опфаќа сите основи вклучувајќи стилови на кетеринг – операции, дизајнирање и формирање цени на мени, послужување храна и пијалаци, управување со персонал и опрема и многу повеќе. Со суштински менаџмент техники што ќе ги одржат постојните практичари на современо ниво и експертски совет за да помогне во градењето кариери на угостителите, „Кетеринг – менаџмент" е идеален водич во дејноста за сите цели.

Автор: **Ненси Ломан Скенлон**
Издавач: John Wiley & Sons (четврто издание)
Издавач МК: Арс Ламина
ISBN 978-608-229-622-7

## РЕСТОРАНСКИ МЕНАЏМЕНТ




**Ресторански менаџмент** - Работата на ресторанското менаџирање често се води како секундарен аспект од поседување и менаџирање на работата поврзана со послужување храна. Менаџерските вештини се принципите и практиките што се применуваат за бизнис-функциите на управувачките објекти во широк опсег на средини и прикази „за профит". Примарната функција на бизнисот е да се создаде профит на инвеститорите и сопствениците. Во средина со служење храна, храната и услугата се производи што се продаваат за да се реализира профит.

Автор: **Ненси Скенлон**
Издавач: John Wiley & Sons
Издавач МК: Арс Ламина
ISBN 978-608-229-787-3

# Право

## 30 ПРОБЛЕМИ ОД ОБЛАСТА НА ПРАВОТО...



**30 проблеми од областа на правото за кривичната постапка** - Ова издание зборува за низата проблеми во кривичното и во процесното право. Содржината има десет дела: Рамнотежа меѓу истражувањето на вистината во кривичната постапка, Значење на процесните начела, Обвинетиот, Јавното обвинителство и неговата улога во кривичната постапка, Принудни средства во кривичната постапка, Предуслови за постапката, Право на докажување, Пресуда, Правосилноста и процесното кривично дело и Правни лекови.

Автор: **Дитер Резнер**
Издавач: Verlag Vahlen GmbH, 2007
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-234-2

## АДМИНИСТРАТИВНО ПРАВО



**Административно право** - Делото има цел да ги презентира наместо да ги образложува деталите за управните правила, фундаменталните идеи и логиката на спроведените реформи, што овозможува да се разјасни еволуцијата на оваа материја.

Автор: **Жан Валин**
Издавач: Dalloz Publisher, 2010
(23-то издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-285-4

## АДМИНИСТРАТИВНОТО ПРАВО НА ЗЕМЈИТЕ...




**Административното право на земјите од Европа** - Оваа книга има примарна цел да придонесе за конструирањето на Европа, а со тоа европските правници да може да се разберат за потоа да се преземат мерки за приближување на правните системи кон вредностите. Составена е од следниве делови: Основи на административното право, Правото на административните одлуки и Второстепени гранки на административното право.

Автор: **Мајкл Фромонт**
Издавач: Presses Universitaires de France, 2006
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-229-125-3

## БИТИЕТО НА ПРАВДАТА




**Битието на правдата** - Книгата е составена од два дела. Првиот дел е насловен: Зошто битието, а вториот дел: Десетте божји заповеди. Книгата содржи десет приказни за библиската неправда што доведоа до Десетте заповеди на модерниот закон.

Автор: **Алан М. Дершовиц**
Издавач: Grand Central Publishing, 2000
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-229-100-0

## БЛЕКСТОНОВИ ПИШАНИ ЗАКОНИ...




**Блекстонови пишани закони за право на трговски друштва** - Ова дело го содржи текстот на главните пишани закони и законски инструменти кои се однесуваат на правото на трговски друштва. Текстот на сите законски акти во ова издание ги содржи сите измени и дополнувања и сите укинувања што се на сила на 15 мај 2008 година. На крајот од книгата има список на изворите на измените и дополнувањата, така што може да се следи и законодавната историја на секоја поединечна одредба доколку е тоа неопходно.

Автор: **Дерек Френч**
Издавач: Oxford Higher Education, 2008
Издавач МК: Табернакул, 2010
ISBN 978-608-210-117-0

## ВОВЕД ВО МЕЃУНАРОДНО КРИВИЧНО ПРАВО...




**Вовед во меѓународно кривично право и кривична процедура** - Содржината на книгата е составена од вовед, кривични гонења во националните судови, меѓународни кривични гонења, основни закони за меѓународни злосторства, принципи и процедури на меѓународни судски постапки и однос меѓу национални и меѓународни системи. Оваа книга е наменета како пристапно објаснување на студентите за меѓународното кривично право.

Автор: **Роберт Крајер и други**
Издавач: Cambridge University Press, 2007
Издавач МК: Табернакул, 2010
ISBN 978-608-210-111-8

## ВОВЕД ВО РИМСКО ПРАВО



**Вовед во римско право** - Книгата е составена од пет дела: Историја и извори на правото, Лично право, Право на сопственост, Облигационо право и Наследно право. Оваа книга накратко ја опишува историјата на римското приватно право, почнувајќи од Дванаесетте таблици, па сè до модерното време и ги образложува елементите на системот.

Автор: **Бери Николас**
Издавач: Oxford University Press
Издавач МК: Просветно дело, 2009
ISBN 978-9989-0-0738-5

## ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СУПРЕМАТИЈАТА НА...



**Воспоставување на суприматијата на европското право: Создавање на меѓународно владеење на правото на Европа** - Оваа книга ги снабдува правниците со свежи и предизвикувачки аспекти на важната и добро познатата приказна, а политиколозите со високостимулирачки осврт на предметот, како и со сет од правни институти што пречесто се употребуваат во специјализираниот правнички јазик и дискурс.

Автор: **Карен Ј. Олтер**
Издавач: Oxford University Press, 2002
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-240-3

## ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА И ИДНИНАТА НА...



**Глобализацијата и иднината на трудовото право** - Содржи шест глави: Гледишта на глобализацијата; Меѓународни трудови стандарди; Европска Унија; Северна, Средна и Јужна Америка; Меѓународна организација на трудот и Работнички права. Во оваа книга се разгледуваат импликациите што ги има глобализацијата врз правната регулација на работното место во денешно време.

Автор: **Џон Д. Крејг и Мајкл Линк**
Издавач: Cambridge University Press, 2006 (прво издание)
Издавач МК: Академски печат, 2009
ISBN 978-608-4563-05-1

## ГОЛЕМИТЕ ОДЛУКИ НА ЕВРОПСКИОТ СУД...



**Големите одлуки на Европскиот суд за човекови права** - Содржината има три поглавја: Главни насоки, Гарантирани права и Гаранција на правдата. Книгата го разработува правото на Европската конвенција за човекови права и одлуките што значат примена токму на ова право.

Автор: **Фредерик Сидр и други**
Издавач: Presses Universitaires de France, 2009 (петто издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2013
ISBN 978-608-229-563-3

## ГОЛЕМИТЕ ПРАШАЊА НА ФИЛОЗОФИЈАТА НА...



**Големите прашања на филозофијата на правото** - Книгата е составена од шест дела: Правното искуство, Изворите на правото, Правните норми, Целта на правото, Правна практика и Значење на правото. Оваа збирка на тестови му дава на читателот доволно материјал за лично филозофско размислување за правото.

Автор: **Симон Гојар-Фабр и Рене Сев**
Издавач: Press Universitaries de France, 1986
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-229-121-5

## ГРАЃАНСКО ПРОЦЕСНО ПРАВО НА АВСТРИЈА И...



**Граѓанско процесно право на Австрија и на Европската Унија - Книгата е** издадена во 2011 година, од Manz'sche. Содржината има три дела: Искористување на јурисдикцијата и надлежноста, Австриско граѓанско процесно право и Европско граѓанско процесно право. Книгата претставува мал учебник за граѓанско процесно право и е наменет за студентите.

Автор: **Роберт Фуцик и други**
Издавач: Manz'sche, 2011
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-392-9

## ГРАНИЦИТЕ НА МЕЃУНАРОДНО ПРАВО



**Границите на меѓународното право** - Книгата содржи три дела: Општо меѓународно право, Спогодби и реторика, Морал и меѓународно право. Оваа книга има цел да одговори на овие и на многу други слични ситуации поврзани со меѓународното право. Авторот се обидува да ја вклучи идејата за државен интерес во едноставни примери за рационален избор.

Автор: **Џ. Л. Голдсмит и Е. А. Поснер**
Издавач: Oxford University Press, 2006
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-4535-91-1

## ДАНОЧНО ПРАВО




**Даночно право** - Даночното право наспроти другите правни гранки дава отпор на рационализацијата. Фискалната администрација знаеше најдобро да ги искористи аналитичките ограничувања што ги содржи секој оданочувачки режим создавајќи инвазивна судска практика од која фискалниот експерт не сака или не знае да се ослободи. Ако определени автори не се двоумат да го потврдат постоењето на „науката за даночно право", веднаш може да констатираме по нивната немоќ да состават методолошка изложба на нејзините принципи.

Автор: **Ж. Ж. Бјенвену и Т. Ламбер**
Издавач: Presses Universitaires de France, 2010 (четврто издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-056-0

## ЕВРОПА И ПРАВОТО




**Европа и правото** - Ова дело го следи развојот на правната западна мисла од антиката до нашите дни, преку историјата на правните институции во коишто оваа мисла се манифестирала низ вековите.

Автор: **Стиг Стромхом**
Издавач: Presses Universitaires de France, 2002
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-229-112-3

## ЕВРОПСКА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА



**Европска конвенција за човекови права: достигнувања, проблеми и изгледи** - Книгата има седум поглавја: Првата половина на векот, Сообразност со Конвенцијата, Процесите на поднесување жалба и спроведување на пресудите во сила, Метод на пресудување, Јуриспруденција, Подобрување на сообразноста и Заклучок. Авторот во оваа книга критички ја оценува Европската конвенција за човекови права во време кога таа се соочува со големи предизвици.

Автор: **Стивен Григ**
Издавач: Cambridge University Press, 2007
Издавач МК: Просветно дело, 2009
ISBN 978-9989-0-0673-9

## ЕВРОПСКИ УСТАВ




**Европски устав: предмети и документи во правото на ЕУ и на земјите-членки** - Оваа книга нуди избор на документи што можат да овозможат подобро разбирање на некои од најважните промени во правниот и во политичкиот систем на ЕУ што требаше да ги воведе Договорот со кој се донесува Устав на Европа. Исто така, помага да се оцени потребата за реформи предвидени со Уставниот договор, како и квалитетот на формулациите за кои се договорија потписничките земји–членки.

Автор: **Џулиано Амато и Жак Зилер**
Издавач: Edward Elgar Pub, 2007
Издавач МК: Просветно дело, 2009
ISBN 978-9989-0-0739-2

## ЕВРОПСКО КОМПАРАТИВНО ПРАВО ЗА ТРГОВСКИ...




**Европско компаративно право за трговски друштва** - Ова дело е придонес за новите дисциплини на европското компаративно право за трговски друштва. Новата дисциплина и натаму е вкоренета во законите за трговски друштва на различни земји-членки. Директивите на Европската Унија обезбедуваат и сè повеќе детали.

Автор: **М. Анденас и Ф. Вулдриџ**
Издавач: Cambridge University Press, 2010 (второ издание)
Издавач МК: Ад вербум, 2011
ISBN 978-608-4627-05-0

## ЕВРОПСКО КРИВИЧНО ПРАВО




**Европско кривично право - Ова е второ издание и во него на читателите им се презентира актуелниот спектар на Европското кривично право и активностите на Европскиот суд на правда и неговото влијание врз динамиката во развојот на Еропското кривично право.**

Автор: **Бернд Хекер**
Издавач: Springer, 2012 (второ издание)
Издавач МК: Датапонс, 2010
ISBN 978-606-222-006-2

## ЕВРОПСКО ПРАВО НА ИНТЕЛЕКТУАЛНА...



**Европско право на интелектуална сопственост** - Содржи теми како: интелектуална сопственост и договорот на ЕЗ, интелектуална сопственост и договорите за лиценцирање и европските права за конкуренцијата во Договорот за ЕЗ, трговски марки, ЕЗ и реформата за законот што влијае на заштита на дизајнот, европската економска заедница и реформата на патентите, европската заедница и реформата на законите кои се однесуваат на авторските права и заклучок.

Автор: **Теренс Прајм**
Издавач: Ashgate Publishing Limited, 2000
Издавач МК: Просветно дело, 2009
ISBN 978-9989-0-0709-5

## ЕВРОПСКО СТВАРНО ПРАВО



**Европско стварно право** - Во оваа книга авторот го зема предвид развитокот на специфичниот корпус на Европското стварно право во рамките на внатрешниот пазар во кој влегуваат 30-те земји-членки на ЕУ.

Автор: **Питер Спаркс**
Издавач: Hart Publishing, 2007
Издавач МК: Просветно дело, 2009
ISBN 978-9989-0-0756-9

## ЕВРОПСКОТО И МЕЃУНАРОДНОТО ПРАВО...



**Европското и меѓународното право за правата на човекот** - Книгата има три глави, и тоа: Основи на европското право и на меѓународното право за човекови права, Правниот режим за човекови права и Гаранции на човековите права. Оваа книга овозможува да се нагласи оригиналноста на европскиот механизам за заштита на човековите права.

Автор: **Фредерик Судре**
Издавач: Presses Universitaires de France, 2008
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-354-7



## ЗАКОН ЗА КРИВИЧНА ПОСТАПКА




**Закон за кривична постапка** - Оваа книга е конципирана за студентите на правни науки кои го учат Законот за кривична постапка или треба да го повторат како подготовка за првиот правен државен испит.

Автор: **д-р Вернер Бојлке**
Издавач: C.F. Muller eine Marke der Verlagsgruppe Huthig Jehle Rehm, 2008
Издавач МК: Датапонс, 2009
ISBN 970-9989-789-58-8

## ЗАЛОЖНО ПРАВО



**Заложно право** - Оваа книга е составена од два дела: Дел 1. Лично заложно право и Дел 2. Стварно заложно право. Заложното право никогаш не предизвикало толку голем интерес како денес: истражувањата, конференциите, книгите и тезите што се утврдени сведочат за неговата сила и тоа на упорен и растечки начин. Тоа може да биде претставено како главна гранка на граѓанското право што одржува блиски врски со облигационото, имотното, правото за заштита на потрошувачите и деловното право.

Автор: **Ивс Пико**
Издавач: Presses Universitaires de France, 2009
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-053-9

## ЗБИРКА НА КРАТКИ ТЕКСТОВИ ОД ПРАВОТО



**Збирка на кратки текстови од правото: филозофија на право** - Содржи девет поглавја. Поим за право, посебно проблем на вредност, правото и реалноста, правда, правна сигурност, слобода, заедница, правно филозофски аспекти на проблематични подрачја и јуристичко размислување. Авторот сака да укаже на фактот дека правото се одредува преку интересите и односите на моќта.

Автор: **Рејнхолд Ципелиус**
Издавач: Verlag C.H. oHG, 2006
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-019-5

## ИЗВРШУВАЊЕ НА СУДСКИ ОДЛУКИ ВО ЕВРОПА



**Извршување на судски одлуки во Европа** - Во оваа книга авторот се занимава со извршување на судските пресуди меѓу земјите-членки на Европската Унија. Книгата е составена од три дела: Рамка на ЕУ, Извршна инфраструктура и Прекугранично извршување на пресудите.

Автор: **Венди Кенет**
Издавач: Oxford University Press, 2001
Издавач МК: Просветно дело, 2009
ISBN 978-9989-0-0700-2

## ИСТОРИЈА НА ФРАНЦУСКОТО ПРИВАТНО ПРАВО...



**Историја на француското приватно право од 1804** - Ова дело служи како подготвителен обид да повика на размислување за автономијата на правото во однос на општеството. Содржината е поделена на три дела: толкување на граѓанскиот законик, адаптација на граѓанскиот законик и опстанокот на граѓанскиот законик.

Автор: **Жан-Луи Халперен**
Издавач: Quadrie, 2001
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-229-133-8

## ИСТОРИСКИ ВОВЕД ВО ЗАПАДНОТО УСТАВНО...



**Историски вовед во западното уставно право** - Содржи девет глави: вовед, племенско кралство, првата Европа-Каролиншката Империја, поделена Европа-Пост-Каролиншката Империја, засновање на современата држава, класичниот апсолутизам на античкиот режим, апсолутна држава како неиздржлив модел, буржоаска национална држава и либерален модел - трансформиран или отфрлен. Во оваа книга се анализираат модели на уставната власт низ една историска перспектива.

Автор: **Р.Ш. Ван Кенегем**
Издавач: Cambridge University Press, 1995
Издавач МК: Табернакул, 2010
ISBN 978-608-210-079-1

## ЈАВНО ПРАВО



**Јавно право: јавна власт и административно дејство** - Ова дело е посветено на сите што имаат потреба да го откријат, продлабочат и да го усовршат изучувањето на јавното право. Содржи седум дела: извори на француското јавно право, политичка моќ, судска власт, административна власт, надлежности на територијалните заедници, дејство на административните акти, судска контрола над администрацијата и административни дејства.

Автор: **М. Верпо и Л. Жанико**
Издавач: Presses Univeritaries de France, 2009
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-249-6

## ЈАВНОТО ПРАВО ЗА ВЛАДИНИТЕ ДОГОВОРИ




**Јавното право за владините договори** - Постои еден парадокс во однос на владиното договарање: тоа е суштински битна сфера за владините активности, но е релативно запоставена од државните правници. Оваа книга се стреми да ја надополни ваквата запоставеност преку потенцирање на областите во кои јавното право е значајно за владиното договарање, како и на начините преку кои прописите на јавното право во однос на владиното договарање можат да бидат целосно развиени.

Автор: **А.Ц.Л. Дејвис**
Издавач: Oxford University Press, 2008
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-346-2

## КАЗНЕНО ПРАВО




**Казнено право** - Со ова дело читателите може да го проверат своето знаење од областа на кривичното право. Содржи кратки прашања со одговори и на тој начин ја отсликува ситуацијата преку усни и писмени испити, во кои кривичното право најчесто се третира како дополнително прашање. Прашањата се од различни задолжителни предмети и суштински теми и ја третираат целата правна област.

Автор: **Клаус Роксин и Ханс Ахенбах**
Издавач: C.H. Beck, 2006 (16-то издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-044-7

## КАЗНЕНО ПРАВО – ПОСЕБЕН ДЕЛ 1




**Казнено право – посебен дел 1: кривични дела против личните и заедничките вредности** - Овој учебник детално ги обработува кривичните дела против личните и заеднички вредности. Случаите се избрани и создадени според одлуките на Врховниот суд. Книгата содржи два дела. Прв дел – Кривични дела против вредностите на личноста и втор дел – Казнени дела против заедничките вредности.

Автор: **J. Веселс и М. Хетингер**
Издавач: C.F. Muller Verlag, 2007 (31-во издание)
Издавач МК: Табернакул, 2009
ISBN 978-608-210-060-9

## КАЗНЕНО-ПРОЦЕСНО ПРАВО




**Казнено-процесно право (основен курс)** - Со помош на оваа книга се стекнуваат знаења од областа на казнено–процесното право. Во делото практично се разработува текот на кривичната постапка и на тој начин се пренесува процесната тактика. Со низа примери, слики и случаи, се олеснува постапката на учење, разбирањето врз основа на концептот за основен курс. Авторот зазема став во однос на воспоставувањето на планираниот Закон за кривична правда. Освен тоа, во делото се разработуваат различни одлуки на Врховниот суд.

Автор: **Клаус Фолк**
Издавач: C.H.BeckoHG, 2008 (шестто издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2013
ISBN 978-608-229-425-4

## КОМПАРАТИВЕН УСТАВЕН ИНЖЕНЕРИНГ




**Компаративен уставен инженеринг: истражување на струките, иницијативите и исходите** - Содржината е поделена на три дела: Изборни системи, Президенцијализам и парламентаризам и Прашања и можни одговори. Ова издание е компаративна студија за процесот на градење држава од големиот политички научник и е целосно ажурирано проучување на проблемите при функционирањето на демократската влада.

Автор: **Џовани Сартори**
Издавач: Palgrave Macmillan, 1997 (второ издание)
Издавач МК: Табернакул, 2008
ISBN 978-9989-171-91-8



## КРАТОК УЧЕБНИК ОД ОБЛАСТА НА ПРАВОТО




**Краток учебник од областа на правото: општа теорија за државата** - Содржината има два дела. Прв дел – Општите проблеми на државата и втор дел – Видови држави. Во оваа книга се јавува една водечка мисла во однос на тоа политичките заедници да се согледаат како комплексна фактичка ситуација која не може да се опфати со еден или помалку ставови чии процеси не може да се надоврзат на едноставна основа за објаснение.

Автор: **Рајнхолд Ципелиус**
Издавач: C.H. Beck oHG, 2010
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-201-4

## КРИВИЧЕН ЗАКОНИК НА ГЕРМАНИЈА




**Кривичен законик на Германија** - Ова е книга чие издавање е одобрено од Сојузното Министерство за правда на Германија. Содржи: општи одредби, првостепени постапки, апелациски правни лекови, повторно отворање постапка заклучена со конечна пресуда, учество на оштетеното лице во постапките, посебни видови постапки, извршување казна и трошоци за постапки, обезбедување информации и испитување досиеја, друга употреба на информациите за целите на пречекорување на постапките, одредби за досиеја со податоци, национален регистар за постапки спроведени од страна на јавното обвинителство.

Издавач: German Federal Ministry of Justice, 2009
Издавач МК: Ад вербум, 2011
ISBN 978-608-4627-04-3

## КРИВИЧНО ПРАВО – ОПШТ ДЕЛ




**Кривично право – општ дел, кривични дела против личните и заедничките вредности** - Книгата содржи пет дела: Кривично право и кривичен закон, Деликти на сторување со умисла, Деликти на сторување од небрежност, Кривични дела на пропуштање и Теорија за текот на кривични дела. Овој учебник ги обработува основите на кривично-правниот систем според општиот дел на Кривичниот законик.

Автор: **Ј. Веселс и В. Бојлке**
Издавач: C.F. Muller Verlag, 2007
(37-мо издание)
Издавач МК: Табернакул, 2010
ISBN 978-608-210-069-2

## КРИВИЧНО ПРАВО - ПОСЕБЕН ДЕЛ




**Кривично право посебен дел: кривични дела против имотот** - Овој учебник опширно и подробно ги обработува кривичните дела против имотот, кои се предмет на првиот правен државен испит. Тој е конципиран како придружна литература за предавањата за почетници и за напредни студенти и притоа, во вид на најважни теми, јасно и впечатливо ги претставува најважните елементи на кривичните дела со помош на случаи со кратки решенија, што се наоѓаат на почетокот на секое поглавје.

Автор: **Ј. Веселс и Т. Хиленкамп**
Издавач: C.F. Muller Verlag, 2011
(второ издание)
Издавач МК: Просветно дело, 2013
ISBN 978-9989-0-0929-7

## МЕЃУНАРОДНА ПРАВНА ПОМОШ...



**Меѓународна правна помош во кривичната материја** - Основи на меѓународната соработка во кривичната материја, екстрадиција, размена на помош за извршување, останата размена на правна помош, прекугранично одземање приходи, интернационализација на забраната за двојно кривично гонење и особености на одбраната во кривичната материја. Целата на оваа книга е да се направи обид за систематски пристап до начелата на меѓународната соработка во казнената материја.

Автор: **Томас Ханкер и други**
Издавач: Verlag C. H. Beck oHG, 2003
(прво издание)
Издавач МК: Табернакул, 2009
ISBN 978-608-210-042-5

## МЕЃУНАРОДНО КАЗНЕНО ПРАВО



**Меѓународно казнено право** - Книгата има два дела. Прв дел – Меѓународно казнено право: кривични престапи и казни и втор дел - Процедурално меѓународно казнено право: постапките поведени по престапот. Меѓународното казнено право е гранка на казненото право со кое се регулираат сите криминални проблеми што се јавуваат на меѓународно ниво.

Автор: **А. Хуе и Рене К. Жулен**
Издавач: Presses Universitaires de France, 2005 (прво издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2013
ISBN 978-608-229-601-2

## МЕЃУНАРОДНО КРИВИЧНО ПРАВО




**Меѓународно кривично право** - Книгата е посветена на објаснувањето на правилата што ја регулираат јурисдикцијата на меѓународните трибунали воспоставени согласно со инвестициските спогодби, прифатливоста на инвестициските тужби што се доставуваат пред нив, како и на правилата што се применуваат врз различните правни прашања што произлегуваат од ваквиот вид тужби.

Автор: **Антонио Касезе**
Издавач: Oxford University Press, 2003 (второ издание)
Издавач МК: Просветно дело, 2009
ISBN 978-9989-0-0719-4

## МЕЃУНАРОДНО КРИВИЧНО ПРАВО



**Меѓународно кривично право** - Книгата содржи четири дела. Прв дел – Правни основи, втор дел – Конкретни меѓународни злосторства, трет дел – Начин на учество и основа за исклучување од кривична одговорност и четврти дел – Процедурални и други аспекти. Оваа книга настојува систематски да ја анализира моменталната состојба на меѓународното кривично право.

Автор: **Кријангсак Китичаисари**
Издавач: Oxford University Press, 2005
Издавач МК: Табернакул, 2010
ISBN 978-608-210-074-6

## МЕЃУНАРОДНО ПРАВО




**Меѓународно право** - Книгата ги опфаќа темите: природата и развојот на меѓународното право, меѓународното право денес, извори, внатрешно право, субјекти на меѓународното право, меѓународна заштита на човековите права, регионална заштита на човековите права, кривична одговорност, признавање, територија, право на морето, јурисдикција, имунитети од судска надлежност, државна одговорност, меѓународно право на животна средина и други теми.

Автор: **Малколмн Н. Шо**
Издавач: Cambridge University Press, 2008
Издавач МК: Просветно дело, 2009
ISBN 978-9989-0-0686-9

## МЕЃУНАРОДНО ПРАВО ЗА ИНВЕСТИЦИСКИ...




**Меѓународно право за инвестициски побарувања** - Оваа книга дава сеопфатен приказ на најзначајните принципи врз кои се базира поднесувањето тужби пред арбитражните судови надлежни за арбитража на инвестициски договори. Книгата ги опфаќа правните основи од арбитражните постапки, како и анализи на јурисдикцијата на трибуналот, прифатливоста на тужбите и постојните закони што се однесуваат на различни аспекти од инвестициските спорови.

Автор: **Закари Даглас**
Издавач: Cambridge University Press, 2009 (прво издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-067-6

## МЕЃУНАРОДНО ПРАВО И УПОТРЕБА НА СИЛА



**Меѓународно право и употреба на сила** - Книгата содржи осум дела: правото и силата, забрана за употреба на сила, покана и интеграција, колективна самоодбрана, ОН и употреба на сила, авторизација на Советот за безбедност за употреба на сила од државите-членки.

Автор: **Кристина Греј**
Издавач: Oxford University Press, 2008
Издавач МК: Просветно дело, 2009
ISBN 978-9989-0-0648-4

## МЕЃУНАРОДНО ПРИВАТНО ПРАВО




**Меѓународно приватно право** - Ова издание на веќе добро утврдено и високо ценето дело е целосно подновено за да ги опфати главните промени и развои во наведената сфера од правото, вклучувајќи ги Регулативата Рим 2 и неодамна финализираната Регулатива Рим 1. Книгата е бесценета за секој практикант, но е и еден од водечките учебници за студентите од ова поле, нудејќи сеопфатен и пристапен увид во принципите и во правилата на меѓународното приватно право.

Автор: **Џејмс Фосет и други**
Издавач: Oxford University Press, 2008 (14-то издание)
Издавач МК: Академски печат, 2010
ISBN 978-608-4563-97-6

## МЕЃУНАРОДНО ПРИВАТНО ПРАВО (ТОМ 1)




**Меѓународно приватно право (прв том–општ дел)** - Во зависност од концепцијата на материјата што генерално се користи од страна на француската доктрина, меѓународното приватно право е гранка на правото што има цел да управува на специфичен начин со граѓанско-правните односи со странски елемент, да ги утврди условите за добивање француско државјанство и да го дефинира правниот статус на странци. Во конфликт со оваа традиција, оваа книга потхранува поскромни амбиции.

Автор: **Д. Буро и Х. Муир Ват**
Издавач: Presses Universitaires de France, 2007
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-031-7

## МЕЃУНАРОДНО ПРИВАТНО ПРАВО (ТОМ 2)




**Меѓународно приватно право (втор том–посебен дел)** - Оваа книга е составена од три поглавја: Статусни односи, Семејно правни односи и Економски односи.

Автор: **Д. Буро и Х. Муир Ват**
Издавач: Presses Universitaires de France, 2007
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-036-2

## МЕЃУНАРОДНО СЕМЕЈНО ПРАВО



**Меѓународно семејно право – конвенции, статути и регулаторни материјали** - Делото содржи пет глави: Одбрани инструменти на Обединетите нации и Лигата на народите, Одбрани конвенции од Хашката конференција за меѓународно приватно право, Одбрани регионални конвенции, Одбрани федерални закони и прописи на САД и Избрани униформни акти. Оваа книга е создадена за да им помогне на американските студенти по право и адвокати кои се занимаваат со меѓународно семејно право.

Автор: **Д.М. Блер и М. Х. Вајнер**
Издавач: Carolina Academic Press, 2003 (прво издание)
Издавач МК: Магор, 2009
ISBN 978-9989-183-94-2

## МЕЃУСЕБНО ВЛИЈАНИЕ МЕЃУ ПРАВОТО НА ЕУ...



**Меѓусебно влијание меѓу правото на ЕУ и националното право** - Авторот во книгата прави распределба на надлежностите меѓу ЕУ и државите-членки. Книгата вклучува теми како: Европскиот суд на правда, скриена интеграција, меѓусебното влијание на правилата на ЕЗ за учество на јавноста во донесувањето правила за заштита на животната средина, тензии во процесите на донесување одлуки за животната средина, меѓусебно влијание на ЕУ и државите членки во јавните финансии на Унијата итн.

Автор: **Д. Обрадовиќ и Н. Лавранос**
Издавач: Europe Law Publishing, 2007
Издавач МК: Просветно дело, 2009
ISBN 978-9989-0-0757-6

## НАЧЕЛА НА КОРПОРАТИВНОТО ФИНАНСИСКО...



**Начела на корпоративното финансиско право** - Книгата е насочена кон тоа да ги опфати деловите со правилата на компаниите, што се директно во врска со финансирањето на компаративниот сектор, како и да вклучи поголема регулација на хартиите од вредност во врска со пристапот на корпоративните емитенти на јавните пазари. Правото на овие области значително е развиено од 1999 година па наваму, па затоа авторот сметал дека е потребно да се објаснат промените, да се истражат нивните главни цели и да се процени нивната севкупна значајност.

Автор: **Елиз Феран**
Издавач: Oxford University Press, 2008 (прво издание)
Издавач МК: Просветно дело, 2009
ISBN 978-9989-0-0747-7

## ОБЛИГАЦИОНО ПРАВО



**Облигационо право: договори и еднострано раскинување** - Книгата е составена од два дела: Дел 1. Меѓусебна спогодба: Договор и Дел 2. Волја на само едно лице: Едностраното обврзување. Целта на оваа книга е да се проучуваат законските обврски: особено нивниот извор и режим.

Автор: **Муриел Фабр - Мањан**
Издавач: Presses Universitaires de France, 2007
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-092-8

## ОБЛИГАЦИОНО ПРАВО



**Облигационо право: граѓанска одговорност и квази-договори** - Книгата е составена од два дела: Дел 1. Неправедно предизвиканата штета кон друг: Деликатна одговорност и Дел 2. Неправедно стекната предност во поглед на друго лице–Квази–Договори.

Автор: **Муриел Фабр - Мањан**
Издавач: Presses Universitaires de France, 2010
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-055-3

## ОБЛИГАЦИОНО ПРАВО



**Облигационо право: римски основи на граѓанската традиција** – Содржината има осум дела и тоа: концептот на облигацијата и нејзините импликации, вербални облигации, реални облигации, консензуални облигации, спогодби надвор од договорната шема на класичното римско право, облигации што не произлегуваат ниту од договор ниту од деликт и закон за деликти. Ова е книга за римското право. Римското право не ја формулира само историската основа на само еден посебен, национален правен систем, тоа ги дава најсуштинските темели за граѓанската традиција.

Автор: **Рајнхард Цимерман**
Издавач: Juta Company Limited, 1990
Издавач МК: Просветно дело, 2009
ISBN 978-9989-0-0723-1

## ОСНОВИ НА ЛИЦЕНЦИРАЊЕ ИНТЕЛЕКТУАЛНА...




**Основи на лиценцирање интелектуална сопственост** - Оваа корисна и концизна книга е полна со значајни совети, техники и илустративни примери од вистинскиот свет. Таа помага да останеме во тек со најновите размислувања, стратегии, развои и технологии во полето на лиценцирање на интелектуалната сопственост.

Автор: **А. И. Полторак и П. Џ. Лернер**
Издавач: John Wiley & Sons, 2004
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-362-2

## ОСНОВИ НА ПРАВОТО – казнено процесно право



**Основи на правото – казнено процесно право** - Содржината е поделена на три дела. Вовед, тек на кривичната постапка и дополнување, резиме, догматика. Оваа книга има цел да го пренесе, односно да го освежи знаењето за казненото процесно право на еден разумен, рационален начин и да послужи како насока во текот на правните студии.

Автор: **Фридрих-Кристијан Шредер**
Издавач: C.H. Beck oHG, 2006
(четврто издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-229-155-0

## ОСНОВИ НА ПРАВОТО: теорија на правото




**Основи на правото: теорија на правото** - Книгата е учебник за студентите и заинтересираните за правото. Таа ги опфаќа дисциплините од филозофијата на правото, општа правна наука и студиска методологија.

Автор: **Б. Ритерс и К. Фишер**
Издавач: C.H. Beck oHG, 2010
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-308-0

## ОСНОВИ НА ПРИВАТНОТО ПРАВО



**Основи на приватното право** - Книгата содржи пет дела: Иницијатива, Сопственост, Деликти, Договори и Стекнување без основа. Оваа книга се обидува да ги идентификува принципите што ги истакнуваат основите на приватното право: сопственост, деликт, договор и стекнување без основа. Книгата не се занимава со брачното право и со наследувањето, иако тие се често вбројувани како дел од приватното право.

Автор: **Џејмс Гордлеј**
Издавач: Oxford University Press,
2006 (прво издание)
Издавач МК: Просветно дело, 2009
ISBN 978-9989-0-0708-8

## ПИСМА ДО МЛАДИОТ АДВОКАТ




**Писма до младиот адвокат** - Авторот во книгата нуди збир од практични професионални совети, филозофски размислувања, увидувања околу победата и поразот, како и некои претпоставки околу тоа дали е возможно да се биде ефикасен професионалец и добра личност истовремено. Содржината е составена од три дела: живот и кариера, победа и пораз и третиот дел - да се биде добра личност.

Автор: **Алан Дершовиц**
Издавач: Basic Books, 2005
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-229-147-5

## ПОДНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДМЕТ ПРЕД ЕВРОПСКИОТ...



**Поднесување на предмет пред Европскиот суд за човекови права** - Книгата е составена од 32 прилози. Напишана е од искусен адвокат за човекови права, обезбедува практичен и достапен совет и водство во врска со поднесување на предмети пред Европскиот суд за човекови права.

Автор: **Филип Лич**
Издавач: Oxford University Press,
2005 (второ издание)
Издавач МК: Табернакул, 2010
ISBN 978-608-210-124-8

## ПОЛИТИКАТА НА МЕЃУНАРОДНОТО ПРАВО




**Политиката на меѓународното право** - Политиката и правото се длабоко испреплетени во современите меѓународни односи. Сепак, постојните перспективи се трудат да ја разберат сложената интеракција меѓу овие аспекти на меѓународниот живот. Во оваа книга, која го пробива патот во таа насока, група водечки експерти за меѓународни односи и правни теоретичари развиваат нова конструктивистичка перспектива за политиката на меѓународното право. Тие ја толкуваат политиката како поле на човечка акција која стои на крстопатот на прашањето за идентитет, цел, етика и стратегија и го дефинираат правото како историски зависен институционален израз на таквата политика.

Автор: **Кристијан Реус - Смит**
Издавач: Cambridge University Press, 2004 (четврто издание)
Издавач МК: Нампрес, 2009
ISBN 978-9989-682-31-5

## ПРАВО НА АДМИНИСТРАТИВНИ ДОГОВОРИ




**Право на административни договори** - Оваа книга е составена од три дела: Прв дел: Поимот административен договор; Втор дел: Системот на административни договори и Трет дел: Спорови во врска со административните договори. Договорите што се предмет на оваа книга се опишуваат како административни.

Автор: **Кристофер Гуетје**
Издавач: Prasses Universitaires de France, 2008
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-017-1

## ПРАВО НА ЕВРОПСКАТА КОНВЕНЦИЈА ЗА...



**Право на Европската конвенција за човекови права** - Книгата содржи 24 члена и го олеснува и продлабоченото разбирање на оваа фасцинантна област во правото. Таа целосно го истражува степенот на влијанието на Конвенцијата врз правниот развој на договорените држави и открива како беше остварен и одржан еден значаен меѓународен механизам.

Автор: **Д. Ј. Харис и други**
Издавач: Oxford University Press, 2009 (второ издание)
Издавач МК: Просветно дело, 2009
ISBN 978-9989-0-0692-0

## ПРАВО НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА И ЗАЕДНИЧКИ...



**Право на Европската Унија и заеднички политики** - Содржината е поделена на два дела. Прв дел е правниот систем на Европскиот внатрешен пазар, а вториот дел се политиките на Европската заедница. Книгата ги опфаќа правилата на движење на капиталот, правила на конкуренцијата, секторски политики, економска и монетарна политика, трговски врски и трговска политика.

Автор: **Жерар Друезн**
Издавач: Universite de Paris, 2006
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-213-7

## ПРАВО НА ЕУ – текстови, случаи и материјали



**Право на ЕУ: текстови, случаи и материјали** - Книгата е напишана врз основа на правото што важеше на 1 април 2007 година. Овој учебник содржи богата анализа на многу случаи од практиката на функционирањето на ЕУ и е референтна литература за оние што се занимаваат со оваа проблематика. Составена е од 28 дела.

Автор: **Пол Крег и Грејн де Бурка**
Издавач: Oxford University Press, 2008 (четврто издание)
Издавач МК: Магор, 2010
ISBN 978-608-223-021-4

## ПРАВО НА ЖИВОТНА СРЕДИНА




**Право на животна средина** - Содржината на книгата има три дела. Епистемологија на право кое се консолидира, управување и заштита на животната средина и ограничување и санкции на штети нанесени на животната средина. Авторката во книгата ги објаснува правата, ограничувањето и казните на животната средина и борбата против загадувачите.

Автор: **Агата Вен Ланг**
Издавач: Presse Universitaries de France, 2007
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-209-0

## ПРАВО НА ИНСТИТУЦИИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА



**Право на институциите на Европската Унија** - Книгата детално ги опишува институциите на Европската Унија и нивната улога и работење. Во неа може да се прочита за педесет и пет години на интеграција во заедницата, за унија од 25 држави-членки и предлог-уставен договор, како и за факторите на европската интеграција и уставната повелба и нејзината гаранција.

Автор: **Жак Пертек**
Издавач: Presses Universitaires de France, 2004
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-094-2

## ПРАВОТО НА ВРАБОТУВАЊЕ НА ЕЗ



**Правото на вработување на ЕЗ** - Книгата започнува со истражување на развојот на правото за вработување во ЕЗ, фокусирајќи се на преминот од право за вработување кон политики за вработување. Понатаму во текстот се разгледува донесувањето на правила во областа на правото за вработување и потоа следува осврт на значајното поле на правото за вработување

Автор: **Кетрин Барнард**
Издавач: Oxford University Press, 2006 (трето издание)
Издавач МК: Академски печат, 2010
ISBN 978-608-4563-79-2

## ПРИВАТНО РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ ВО...




**Приватно решавање на спорови во меѓународниот бизнис** - Овој проект е наменет за обука во рамките на самите компании, за универзитетски курсеви и за летни академии или како алатка за практиканти кои сакаат да се подготват самите за нивно појавување во еден процес на приватно решавање на спорови. Проектот се базира врз еден концепт за интерактивно учење, кое комбинира Студија за проучување на поединечен случај, Прирачник со интерактивен ДВД-РОМ и портал на интернет.

Автор: **Клаус Петер Бергер**
Издавач: Kluvwer Law International, 2006
Издавач МК: Просветно дело, 2009
ISBN 978-9989-0-0648-7

## ПРИНЦИПИ НА ЈАВНОТО МЕЃУНАРОДНО ПРАВО



**Принципи на јавното меѓународно право** - Оваа книга им нуди на читателите внимателно избалансирана перспектива на меѓународните прашања од гледна точка на некој кој има суштинско искуство како советник и адвокат во меѓународните трибунали, а исто така и како арбитер. Одличната покриеност со правна наука и историски материјали им дозволува на читателите да го следат и да стекнат подлабоко разбирање за развојот на меѓународното право.

Автор: **Иан Браунли**
Издавач: Oxford University Press, 2008 (седмо издание)
Издавач МК: Просветно дело, 2009
ISBN 978-9989-0-0711-8

## ПРИНЦИПИ НА МЕЃУНАРОДНОТО...



**Принципи на меѓународното инвестициско право** - Во оваа книга е даден преглед на принципите што се наоѓаат во основата на меѓународното право за странски инвестиции. Главниот фокус е поставен врз правото што се раководи според билатералните и мултилатералните договори за инвестирање. Во книгата се анализираат намената, контекстот и еволуцијата на клаузулите и на одредбите карактеристични за современите договори за инвестирање.

Автор: **Р. Долцер и К. Шројер**
Издавач: Oxford University Press, 2008
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-085-0

## ПРИНЦИПИ НА МЕЃУНАРОДНОТО ПРАВО



**Принципи на меѓународното право** - Оваа книга се обидува да ги даде главните принципи од областа на меѓународното право и да обезбеди основни корисни информации за студентите и сите заинтересирани за оваа дисциплина. Во неа студентите можат да прочитаат за системските елементи на меѓународното право, меѓуодносите на меѓународното право и националното право, и специјализирани области на меѓународното право.

Автор: **Шон Д. Марфи**
Издавач: Thomson/west, 2006 (прво издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-003-4

## РАКОПИСИ ОД ОБЛАСТА НА МЕЃУНАРОДНОТО...



**Ракописи од областа на меѓународното право** - Книгата обработува теми за општата теорија на меѓународното приватно право, за теорија за видовите теории, како и за право на меѓународните приватни инвестиции. Делото ги групира истражувањата посветени на меѓународниот систем и економската глобализација.

Автор: **Проспер Вејн**
Издавач: Presses Universitaires de France, 2000
Издавач МК: Арс Ламина, 2013
ISBN 978-608-229-552-7

## РЕШАВАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИТЕ СПОРОВИ



**Решавање на меѓународните спорови** - Целта на ова издание е да ги проучи техниките и институциите за мирно решавање на споровите што им стојат на располагање на државите. Во неа се разработени теми за преговарање, посредување, истрага, помирување, арбитража. Исто така, има теми и за меѓународниот суд на правдата, за Конвенција на правото на море, меѓународни трговски спорови, Обединети нации, регионални организации, трендови и друго.

Автор: **Ј. Г. Мерилс**
Издавач: Cambridge University Press, 2005
Издавач МК: Просветно дело, 2009
ISBN 978-9989-0-0736-1

## РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИТЕ ВО МЕЃУНАРОДНОТО...



**Решавање на споровите во меѓународното право** - Книгата е составена е од два дела: институции и процедура. Оваа книга има цел да ги воведе читателите во некои од главните процеси во решавањето на меѓународните спорови.

Автор: **Џон Колиер и Воган Лоу**
Издавач: Oxford University Press, 1999
Издавач МК: Просветно дело, 2009
ISBN 978-9989-0-0669-2

## СВЕТСКА ТРГОВСКА ОРГАНИЗАЦИЈА



**Светска трговска организација – право, практика и политика** - Оваа книга ќе биде предмет на интерес на научниците, на студентите и на практичарите кои настојуваат да ја разберат оваа стожерна, но и контроверзна организација и воопшто, светската трговија. Во неа се разработени повеќе теми - Светската трговска организација, изворите на правото и нивните толкувачки елементи, правото на СТО и домашното право, преференцијалните трговски спогодби во СТО, трговија со услуги, интелектуална сопственост, владини набавки, земји во развој и друго.

Автор: **Мицуо Мацушита и други**
Издавач: Oxford University Press, 2006
Издавач МК: Просветно дело, 2009
ISBN 978-9989-0-0740-8

## СЕРИОЗЕН ПРИСТАП КОН ПРАВАТА




**Сериозен пристап кон правата**- Поднасловите во оваа книга се одделно пишувани, во еден период на големи политички контроверзии во поглед на тоа што е правото, кој мора да го почитува и кога. За време на истиот период, политичкото стојалиште наречено„либерализам", некогаш став на речиси сите политичари, се чини дека загуби голем дел од својата привлечност.

Автор: **Роналд Дворкин**
Издавач: Hardvard University Press, 1978 (прво издание)
Издавач МК: Магор, 2012
ISBN 978-608-223-114-3

## СЛУЧАИ И МАТЕРИЈАЛИ ОД МЕЃУНАРОДНОТО...




**Случаи и материјали од меѓународното право** - Целта на оваа книга е да се обезбедат клучните случаи и материјали од современото меѓународно право. Во неа станува збор за природата на меѓународниот правен систем, за изворите на меѓународното, договорно право, субјективитет и признавање, човекови права. Исто така, во книгата се обработени теми за: суверенитет над територија, правен суверенитет,имунитети од национална надлежност, поморско право, меѓународно право за животна средина, мирно решавање меѓународни спорови и друго.

Автор: **М. Диксон и Р. Мекоркуел**
Издавач: Oxford University Press
Издавач МК: Датапонс, 2010
ISBN 978-608-222-007-9

## СОЦИЈАЛНО ПРАВО И ЗАКОН ЗА РАБОТНИ...



**Социјално право и закон за работни односи на ЕУ: политика и практика во проширена Европа** - Во оваа книга детално се разработени темите за вработување. Во неа станува збор за темите за социјална политика, политика за вработување, како и за колективните и индивидуалните права за вработување, за еднаквост на третманот мажи и жени и друго.

Автор: **Филипа Вотсон**
Издавач: Oxford University Press, 2008
Издавач МК: Просветно дело, 2009
ISBN 978-9989-0-0751-4

## СТРАНСКО ПРАВО ВО ГРАЃАНСКИ ПАРНИЦИ



**Странско право во граѓански парници** - Книгата е составена од два дела: Првот дел е странско право на ниво на судење, а вториот странско право на ниво на преглед. Книгата има цел да им помогне на адвокатите преку случаите инспирирани од општото право.

Автор: **Софи Гиромс**
Издавач: Oxford University Press, 2004
Издавач МК: Табернакул, 2010
ISBN 978-608-210-110-1

## СУДСКАТА РЕВИЗИЈА И ПРАВАТА НА ПРИВАТНИТЕ...



**Судската ревизија и правата на приватните страни во правото на ЕУ** - Оваа книга детално ги разгледува правата на приватните лица да ги применуваат принципите на правото на ЕУ пред националните и европските судови.

Автор: **Анџела Вард**
Издавач: Oxfort University Press, 2007 (второ издание)
Издавач МК: Просветно дело, 2009
ISBN 978-9989-0-0698-2

## ТРУДОВО ПРАВО




**Трудово право** - Книгата содржи осум глави: генеалогија на трудово право, национални модели на трудово право, институционална работа, професионална слобода, подреденост, колективни работни односи, размена на плати и осигурување. Целта на оваа книга е да го даде основниот клуч за неговото разбирање за да може читателот понатаму самиот да си отвори многубројни врати.

Автор: **Ален Супион**
Издавач: Press Universitaires de France, 2004
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-4535-83-6

## УСТАВНО ПРАВО




**Уставно право** - Овој прирачник на Уставното право веќе се претвори во референтно и воведувачко книжевно дело за студенти, почетници и професионалци, за професори, за политичари, како и за јавноста желна да ги разбере прашањата од областа на уставното право.

Автор: **Доминик Турпен**
Издавач: Press Universitaires de France, 2007 (второ издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-400-1

## УСТАВНО ПРАВО: ЛИБЕРАЛНА ТЕОРИЈА НА...




**Уставно право: либерална теорија на владеењето на правото** - Во оваа книга се објаснети основните поврзаности меѓу една низа прашања суштински за односот меѓу граѓанинот и државата, вклучувајќи ги слободата на говорот и разумноста, граѓанската непослушност, фер процедурата, административната правичност, правото на молчење и еднаква заштита или еднаквост пред законот.

Автор: **Тревор Алан**
Издавач: Oxford University Press, 2001
Издавач МК: Просветно дело, 2009
ISBN 978-9989-0-0710-1

## УЧЕБНИК ПО ЕКОНОМИЈА И ПРАВО




**Учебник по економија и право: основи на трговското право** - Книгата нуди можност на читателот да му се приближи правната област на брз и ефикасен начин на класификација, графикони, сумирани реченици, мемориско повторување на знаењето и други правни сфери. Содржината има четири глави: Вовед и кратка содржина, Трговецот и неговите помошници, Трговски претпријатија и Трговски правни трансакции.

Автор: **Еуген Клунцингер**
Издавач: Vahlen GmbH, 2005
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-263-2

## УЧЕБНИК ПО ЕКОНОМСКА АНАЛИЗА НА...



**Учебник по економска анализа на граѓанското право** - Во оваа книга се опфатени основите на економската анализа на правото и нејзината примена во граѓанското право на Германија. Претставува опсежно дело во оваа насока на истражување во којашто нормите и проблемите со регулирање се анализираат со помош на економската теорија и на тој начин се проценуваат.

Автор: **Ханс-Бернд Шефер и Клаус От**
Издавач: Edward Elgar Pub, 2005
(четврто издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-325-7

## УЧЕБНИК ПО РИМСКО ПРАВО




**Учебник по римско право** - Содржината е составена од четири дела: Вовед: Рим историска скица, Право на лицата, Право на сопственост и наследување и Облигационо право. Целта на книгата е да се даде основен вовед со упатувања на книги и написи на одредени теми што можат да се искористат за да се прошири постојаната дискусија за римското право.

Автор: **Е. Борковски, П. ду Плесис**
Издавач: Oxford University Press,
2005 (трето издание)
Издавач МК: Просветно дело, 2009
ISBN 978-9989-0-0737-8

## ФУЗИРАЊЕ МЕЃУ МЕЃУНАРОДНОТО ЈАВНО И...



**Фузирање меѓу меѓународното јавно и приватно право: правда, плурализам и супсидијарност во меѓународното конститутивно подредување на приватното право** - Во оваа книга станува збор за релацијата-мината, сегашна и идна–меѓу меѓународното јавно и приватно право.

Автор: **Алекс Милс**
Издавач: Cambridge University Press,
2009 (прво издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-171-0

## ЧЛЕН 6 ОД ЕВРОПСКАТА КОНВЕНЦИЈА ЗА...



**Член 6 од Европската конвенција за човекови права: Право на правично судење** - Овој прирачник се обидува да ни даде краток преглед на целите и потребите на членот 6 како што е протолкувано во ова обемно законодавно тело во судската постапка. На прво место се занимава со прашањата за примена на членот, потоа со прашањето за пристап до судот, понатаму со барањата што произлегуваат од самиот суд, како и со јавноста, правичноста и времетраењето на постапките.

Автор: **Ендрју Гротриан**
Издавач: Council of Europe, 2000
Издавач МК: Просветно дело, 2008
ISBN 978-9989-0-0644-9

## МЕЃУНАРОДНО ЈАВНО ПРАВО



**Меѓународно јавно право** - Книгата обработува повеќе теми, вклучувајќи: историја на меѓународното јавно право; субјектите на меѓународното право; извори на меѓународното право; техники на примена на меѓународното право и меѓународно материјално право.

Автор: **Денис Алан**
Издавач: Presses Universitaires de France
Издавач МК: Арс Ламина
ISBN 978-608-229-756-9

# Политички науки и дипломатија

## АНАЛИЗА НА ЈАВНИТЕ ПОЛИТИКИ



**Анализа на јавните политики** - Книгата дава примери од реални случаи и конкретни политики, почнувајќи од енергија и природна околина до транспорт, сигурноста на автопат и надворешна политика.

Автор: **Вилјам.Н. Дан**
Издавач: Pearson Prentice Hall, 2007
(четврто издание)
Издавач МК: Академски печат, 2009
ISBN 978-9989-172-81-6

## АНАЛИЗА НА ОПШТЕСТВЕНИТЕ МРЕЖИ



**Анализа на општествените мрежи: методи и примена** - Фокусот на оваа книга е врз методите и моделите за анализирање на податоците во општествените мрежи. Целта е во оваа книга да се даде една севкупност од методи и примени за искусните аналитичари на општествените мрежи, но и за наивните љубопитни луѓе од различни истражувачки традиции.

Автор: **С. Васерман и К. Фауст**
Издавач: Cambridge University Press, 1994 (прво издание)
Издавач МК: Академски печат, 2010
ISBN 978-608-4563-44-0

## АНГАЖИРАЊЕ НА НЕПРОФИТНИ ОРГАНИЗАЦИИ



**Ангажирање на непрофитни организации** - Книгата содржи три дела. Првиот дел зборува за пресвртот кон непрофитни организации, вториот дел е режим за склучување договори и третиот дел се импликации на социјалната држава. Авторите во оваа книга покажуваат како услужниот сектор и непрофитните организации кои го овозможуваат се трансформирани под суптилниот притисок на режимот на склучување договори.

Автор: **С. Р. Смит и М. Липски**
Издавач: Harvard College, 1995
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-229-109-3

## БОГАТСТВО НА МРЕЖИТЕ




**Богатство на мрежите: како општественото производство го трансформира пазарот и слободата** - Книгата има три дела: првиот е вмрежена информациска економија, вториот политичката економија на сопственоста и заедничкото и третиот дел е политика на слобода во момент на трансформација. Книгата покажува редица промени на технологиите, на економската организација и на општествените практики на продукција.

Автор: **Јоши Бенклер**
Издавач: Yale University Press, 2007
Издавач МК: Арс Ламина, 2009
ISBN 978-608-4535-11-9

## ВОВЕД ВО ЈАВНАТА АДМИНИСТРАЦИЈА




**Вовед во јавната администрација** - Во книгата е вклучена богата разновидност на теми почнувајќи од нападите на Светскиот трговски центар,финансирањето на спортските стадиони, познатата буна на Баунти и технолошкиот развој на филмовите во Холивуд.

Автор: **Џеј М. Шафриц и други**
Издавач: Pearson Longman, 2009
(шесто издание)
Издавач МК: Академски печат, 2009
ISBN 978-608-4563-17-4

## ВОВЕД ВО ПОЛИТИКА



**Вовед во политика** - Се состои од четири дела. Првиот дел го сочинуваат античките, христијанските и модерните приврзаници, во вториот се елементи на дискусија, во третиот идеологија и тоталитаризам и во четвртиот дел е проблематиката на либералната демократија. Основната цел на ова дело е да се одговорат прашањата што е политика, кој став е потребен за да се познаваат работите во политиката.

Автор: **Филип Бенетон**
Издавач: Presses Univerzitaries de France, 1997
Издавач МК: Арс Ламина, 2009
ISBN 978-608-4535-89-8

## ГЛОБАЛИЗАЦИЈА - КРИТИЧКИ ВОВЕД




**Глобализација: критички вовед** - Оваа книга е составена од три дела во кои станува збор за рамки на анализата, за промена на континуитетот и за нормативни и стратешки прашања.

Автор: **Јан Арт Шолте**
Издавач: Palgrave Macmillan, 2005 (второ издание)
Издавач МК: Академски печат, 2008
ISBN 978-9989-172-72-4

## ГЛОБАЛИЗАЦИЈА НА СВЕТСКАТА ПОЛИТИКА




**Глобализација на светската политика** - Делото покажува како се манифестираат политичките идеи, концепти и прашања во вистинскиот живот. Во неа може да се прочита за историскиот концепт на оваа проблематика, за теориите на светската политика, за меѓународни прашања и за други теми.

Автор: **Џ. Бејлис, С. Смит и П. Овенс**
Издавач: Oxford University Press, 2007 (четврто издание)
Издавач МК: Табернакул, 2009
ISBN 978-608-210-075-3

## ГЛОБАЛНА РЕВОЛУЦИЈА НА ЈАВНИОТ МЕНАЏМЕНТ




**Глобална револуција на јавниот менаџмент** - Книгата ја покажува изненадувачката револуција во јавниот менаџмент којашто не покажува знаци на слабеење. Во неа се обработени теми за основата на реформите , за стратегии и тактики, за реформи како управување, како и управување за 21 век.

Автор: **Доналд Ф. Кетл**
Издавач: The Brookings Institution, 2005 (второ издание)
Издавач МК: Магор, 2008
ISBN 978-9989-183-39-3

## ГРАДЕЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИСКА МЕМОРИЈА




**Градење на организациска меморија** - Во оваа книга се разгледува организациската меморија на најширок можен начин, опишано е она што треба организациските лидери да го прават денес за да го осигураат зачувувањето на интелектуалниот капитал за наредните генерации, овозможувачите и компонентите на организациската меморија, како и организациската меморија во практика.

Автор: **Џон П. Жерард**
Издавач: IGI Global, 2007 (прво издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-060-7

## ГРАДЕЊЕТО МИР КАКО ПОЛИТИКА




**Градењето мир како политика: одржување мир во кревки општества** - Иако идејата за постконфликтно градење мир беше доста ветувачка по завршувањето на Студената војна, за неколку години можностите за градење мир се намалија поради пречките за неговото спроведување. Оваа книга ги разгледува успесите и неуспесите на огромните интервенции за градење мир во Ел Салвадор, Камбоџа, Хаити, Сомалија и Босна и Херцеговина.

Автор: **Е. М. Кусенс и Ч. Куман**
Издавач: Lynne Rienner Publishers, 2000
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-059-1

## ДА СЕ ДОЈДЕ ДО ДА




**Да се дојде до ДА: преговарање без попуштање** - Оваа книга е составена од пет дела: Дел 1. Проблемот; Дел 2. Методот; Дел 3. Да, но.....; Дел 4. Како заклучок и Дел 5. Десет прашања кои луѓето ги поставуваат за да дојдат до ДА. Ова дело нуди концизна, чекор по чекор, докажана стратегија за постигнување заемно прифатливо решение во секој вид конфликти – без оглед дали станува збор за родители и деца, шефови и вработени, клиенти и корпорации, кирации или дипломати.

Автор: **Р. Фишер и В. Јури и Б. Пејтон**
Издавач: Houghton Mifflin Company, 1991 (второ издание)
Издавач МК: Нампрес, 2009
ISBN 978-9989-682-50-6

## ДА СЕ ОДБЕГНЕ НЕ




**Да се одбегне НЕ: преговарање во тешки ситуации** - Има 3 дела: Подготвување; Употреба на пробивна стратегија; и Претворете ги непријателите во партнери. Книгава ја опишува важноста и моќта на преговорите, принципите, техниките и методите за соочување со тешки луѓе и ситуации.

Автор: **Вилијам Јури**
Издавач: William Uru, 1993 (второ издание)
Издавач МК: Нампрес, 2009
ISBN 978-9989-682-46-9

## ДИПЛОМАТИЈА - Стратегии за светот што се менува




**Дипломатија: Стратегии за светот што се менува -** Во оваа книга се обработени теми за студената војна, американското постигнување, руската енигма, азиските вредности, религиите и тероризмот, човечките права и нивните повреди, за балканските војни. Исто така, разработени се содржини и за Британија и Европа и за капитализмот и неговите критичари. Авторката на ова дело е поранешна премиерка на Велика Британија.

Автор: **Маргарет Тачер**
Издавач: Harper Collins Publishers, 2002
Издавач МК: Просветно дело, 2011
ISBN 978-9989-0-0954-9

## ДИПЛОМАТИЈА НА НАЈВИСОКО НИВО




**Дипломатија на највисоко ниво: Развој на меѓународните самити** - Во обемната литература што е напишана за политиката на дваесеттиот век во врска со односите меѓу домашните и меѓународните елементи, изненадувачки малку внимание е посветено на институцијата на самитите. Целта на оваа книга е да се пополни таа празнина во литературата и да се разгледа променливата улога на самитите во рамките на меѓународната дипломатија. Оваа анализа го трасира развојот на она што денес е меѓународната институција. Таа дава работна дефиниција на самитите, го истражува нивниот развој и објаснува различни видови самити.

Автор: **Дејвид Х. Дан**
Издавач: Palgrave Macmillan Press, 1996 (прво издание)
Издавач МК: Нампрес, 2009
ISBN 978- 9989-682-29-2

## ДИПЛОМАТИЈА: ТЕОРИЈА И ПРАКСА




**Дипломатија: Теорија и пракса** - Ова е целосно подобрено и преработено издание на стандардната книга за дипломатска теорија и практика. Вклучува сеопфатна обработка на главните прашања, од телекомуникации до одржување на самити. Со нови делови за важноста на продолжителните спогодби и приспособливоста на резидентните амбасади, ова трето издание на Дипломатија ги нуди најновите информации за практиката во меѓународните односи во реалниот свет.

Автор: **Г. Р. Бериџ**
Издавач: Palgrave Macmillan, 2005
Издавач МК: Печатница 11 Октомври, 2009
ISBN 978-9989-9830-1-6

## ДИПЛОМАТИЈАТА И МЕЃУНАРОДНОТО ПРАВО...



**Дипломатијата и меѓународното право во глобализираните односи** - Оваа книга обработува теми за тоа како дипломатијата ја трансформира и ја проширува својата улога како метод на односи меѓу државите во еден општ инструмент на комуникација меѓу глобализираните општества.

Автор: **Вилфрид Болевски**
Издавач: Springer - Verlag Berlin Heidelberg, 2007
Издавач МК: Просветно дело, 2009
ISBN 978-9989-0-0659-3

## ДИПЛОМАТСКИ ЦЕРЕМОНИЈАЛ И ПРОТОКОЛ



**Дипломатски церемонијал и протокол** - Книгата служи како прирачник на многубројни дипломати и службеници што се занимаваат со дипломатски и надворешни работи. Сите детели се разработени во четири дела: дипломатија и дипломатите, дипломатски протокол и правила, дипломатска активност и меѓународни организации и службеници.

Автор: **Џон.Р. Вуд и Џин Серес**
Издавач: Columbia University Press, 1970 (прво издание)
Издавач МК: ТРИ, 2009
ISBN 978-9989-187-97-1

## ЕВРОПСКА ПОЛИТИКА: Компаративен вовед



**Европска политика: компаративен вовед** - Оваа книга е производ на мислењето на авторот за тоа дали е дојдено времето да се обработат Европската Унија и Централна и Источна Европа повеќе како интегрален дел, наместо да се ставаат во посебни поглавја одделени од оние за западноевропските земји.

Автор: **Тим Бејл**
Издавач: Palgrave Macmilan, 2008
(второ издание)
Издавач МК: Академски печат, 2009
ISBN 978-9989-172-95-3

## ЕКОНОМСКА ГЕОГРАФИЈА И ЈАВНА ПОЛИТИКА



**Економска географија и јавна политика** - Ова дело илустрира многубројни нови политички сознанија кои можат да ги понудат моделите на економска географија во областа на теоретската политичка анализа. Фокусирајќи се на трговската политика, даночната политика и регионалната политика, авторите покажуваат како можат да се применат овие модели за да ги претставаат реалните ситуации. Книгата не само што обезбедува нова анализа туку и ги синтетизира сознанијата од постојната литература.

Автор: **Ричард Балдвин и други**
Издавач: Princeton University Press, 2003
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-9989-0-0651-7

## ЕТНИЧКИ КОНФЛИКТ: РЕЛИГИЈА, ИДЕНТИТЕТ...




**Етнички конфликт: религија, идентитет и политика** - Во оваа книга има теми за насилни конфликти и начини за геополитичко дејствување во југоисточна Европа, за промени и можности предизвикани од прогонство и репатријација, за нови идентитети меѓу жените–бегалци од Гватемала, религија и национален идентитет во Сталиновиот Советски Совет, етнички конфликти во Грузија, демократско управување и корените на конфликтот во Африка и друго.

Автор: **С. А. Јанакос**
Издавач: Ohio University Press, 2002
Издавач МК: Просветно дело, 2009
ISBN 978-9989-0-0683-8

## ИНОВАЦИИ ВО ДИПЛОМАТСКАТА ПРАКТИКА



**Иновации во дипломатската практика** - Оваа книга разгледува некои од начините на кои дипломатската практика од 1945 година се адаптира на фундаменталните промени во меѓународните односи. Содржи четири дела: дипломатија во свет на промени, повеќекратни канали, медиумите и ИТ и неортодоксна дипломатија.

Автор: **Јан Мелисен**
Издавач: Palgrave, 1999
Издавач МК: Просветно дело, 2009
ISBN 978-9989-0-06531-1

## ИСТОРИЈА НА ПОЛИТИЧКИТЕ ИДЕИ (том 1)



**Историја на политичките идеи (том 1)** - Книгата опфаќа долг период, тргнува од самите почетоци, односно грчкиот град држава, па сè до залезот на просветителскиот век обележан со падот на апсолутизмот. Содржина е обработена во осум поглавја: Грција и хеленистичкиот свет, Ран среден век, Папската власт меѓу старите и новите сили, Крајот на средниот век, Обнова на идеите во политичките конфликти, Победи на апсолутизмот и Падот на апсолутизмот.

Автор: **Жан Тушар**
Издавач: Presses Universitaires de France, 2006
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-224-3

## ИСТОРИЈА НА ПОЛИТИЧКИТЕ ИДЕИ (том 2)



**Историја на политичките идеи (том 2)** - Во овој том е содржан периодот од епохата на просветителството до кризата на либерализмот, па сè до револуционерната и противреволуционерната мисла, политичкиот романтизам, социјализмот, марксизмот, фашизмот... сите големи идеологии што го обележуваат крајот на XIX и почетокот на XX век.

Автор: **Жан Тушар**
Издавач: Presses Universitaires de France, 2005
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-089-8

## ИСТРАЖУВАЧКИ МЕТОДИ НА ПОЛИТИЧКА...



**Истражувачки методи на политичкае наука** - Целта на оваа книга е да се илустрираат важните аспекти на процесот на истражување и да се демонстрира дека политичките научници создаваат важно знаење за значајни политички појави.

Автор: **Џенет Б. Џонсон и други**
Издавач: CQ Press, 2007 (шестто издание)
Издавач МК: Академски печат, 2009
ISBN 978-9989-172-75-5

## ЈАВНА ДИПЛОМАТИЈА




**Јавна дипломатија** - Книгата се темели на еден привремен извештај од истиот автор насловен: Да се излезе во јавноста. Во неа се опишани димензиите и видовите на јавна дипломатија. Содржи осум дела: вовед, зошто јавна дипломатија, конкурентна и кооперативна јавна дипломатија, како да се остане смирен во криза, зад пропагандата, дипломатска вештина, процена на спектарот институции, заклучок: стратегија на јавната дипломатија.

Автор: **Марк Леонард и други**
Издавач: The Foreing Police, 2002
Издавач МК: Просветно дело, 2009
ISBN 978-9989-0-0676-0

## КЛУЧНИТЕ КОНЦЕПТИ ВО ПОЛИТИЧКАТА...



**Клучните концепти во политичката комуникација** - Книгата има цел да им помогне на новодојдените на полето од политичката комуникација да ги разберат клучните концепти во оваа област на предизвици. Ова дело има двојна улога: Најпрво, може да се чита како книга која ќе овозможи вовед во политичката комуникација и во нејзините форми. И втората улога, која може да се појави откако ќе се прочита целата книга, може да послужи како потсетник за значењето на термините и за практична примена. Секој термин е прикажан преку кратка дефиниција која е доволна за да се разберат основното значење и употребата на тој концепт.

Автор: **Дарен Лилкер**
Издавач: SAGE Publications Ltd, 2006 (прво издание)
Издавач МК: Академски печат, 2008
ISBN 978-9989-172-66-3

## КОМПАРАТИВНА АНАЛИЗА НА ВЛАСТА И...



**Компаративна анализа на власта и политиката** - Книгата има четири дела. Во првиот дел се наведени основите т.е. формите на владеење. Вториот дел е насловен како Политика и општество, третиот дел – Поврзување на општеството и владеењето и четвртиот дел - Власт и стратегија. Ова издание има цел да даде сеопфатен, современ и јасно напишан текст за наставата по компаративна политика и за другите воведни наставни предмети од областа на политиката и политичките науки.

Автор: **Род Хаг и Мартин Хароп**
Издавач: Palgrave Macmilan, 2007 (седмо издание)
Издавач МК: Академски печат, 2009
ISBN 978-608-5463-08-2

## ЛИДЕРСТВО




**Лидерство** - Книгата има три дела. Авторот е поранешен градоначалник на Њујорк и во неа тој ги пренесува своите искуства работејќи како градоначалник, а истовремено ги пренесува своите лидерски способности.

Автор: **Рудолф В. Џулијани**
Издавач: Hyperion, 2002 (прво издание)
Издавач МК: Академски печат, 2009
ISBN 978-608-4563-07-5

## ЛОГИКАТА НА КОЛЕКТИВНА АКЦИЈА




**Логиката на колективна акција: јавни добра и теориите за групи** - Оваа одлична мала книга е вредна за внимание од сите општествени научници. Може да води до здрава и предизвикувачка дискусија и, најверојатно, до повторно вреднување на групите на влијание во американското општество.

Автор: **Манкур Олсон**
Издавач: Harvard University Press, 1971
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-4535-72-0

## ЛОКАЛНА САМОУПРАВА




**Локална самоуправа: примери за процесите на донесување одлуки** - Книгата содржи девет дела: вовед, улогата на професионалната администрација, општинска политика, меѓувладини односи, планирање и економски развој, анализа и евалуација, персонал и работни односи, финансии и буџет и етика. Целта на ова издание е да им овозможи на читателите да ги доловат видовите предизвици при одлучувањето со кои се соочува администрацијата што работи во власта на ниво на локална заедница.

Автор: **Џејмс М. Бановец**
Издавач: ICMA, 1998 (второ издание)
Издавач МК: Академски печат, 2008
ISBN 978-608-4563-20-4

## МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ И СВЕТСКА ПОЛИТИКА




**Меѓународни односи и светска политика: безбедност, економија, идентитет** - Во оваа книга авторите се осврнуваат на појавата на глобално граѓанско општество, меѓународните односи од историска перспектива, интереси, цели и потенцијали на државите, воспоставување на добри односи меѓу државите, војна, праведни војни и вооружена интервенција, меѓународни организации, сојузи и коалиции, на контрола на глобалното вооружување и други теми.

Автор: **П. Р.Виотти и М. В. Кауппи**
Издавач: Pearson, 2008 (четврто издание)
Издавач МК: Академски печат, 2009
ISBN 978-9989-172-98-4

## МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ И ЕВРОПСКАТА УНИЈА



**Меѓународните односи и Европската Унија** - Книгата содржи четири дела. Прв дел – рамките, втор дел – институциите и процесите, трет дел – активностите и нивното влијание и четврти дел – евалуација и заклучок . Книгата е заснована на истражување наменето за напредните студенти и научници. Ова е второ издание од едицијата „Нова серија за ЕУ".

Автор: **Кристофер Хил и Мајкл Смит**
Издавач: Oxford University Press, 2011 (второ издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2013
ISBN 978-608-229-583-1

## МЕНАЏИРАЊЕ НА ЛОКАЛНАТА ВЛАСТ




**Менаџирање на локалната власт** - Составена е од три дела: кус преглед на јавната администрација и локална власт, кус преглед на јавната администрација на локално ниво и кус преглед на начинот на применување на администрацијата на локално ниво. Книгата е напишана за да им биде од корист на студентите по јавна администрација, менаџмент и локална власт.

Автор: **Ричард Бингам**
Издавач: Sage Publications, 1991 (прво издание)
Издавач МК: Магор, 2009
ISBN 978-9989-183-57-7

## МОДЕЛИ НА ДЕМОКРАТИЈА




**Модели на демократија** - Ова издание на Модели на демократијата, служи за да можат да се процеnat политичките промени кои во моментов го креираат нашиот свет и кои се наоѓаат во светлината на новиот теоретски и историски труд кој го менува начинот на кој треба да ги интерпретираме аспектите на претходните политички традиции.

Автор: **Дејвид Хелд**
Издавач: Stanford University Press, 2006 (трето издание)
Издавач МК: Академски печат, 2008
ISBN 978-9989-172-73-1

## МОТИВАЦИЈА, ПОСРЕДНИШТВО И ЈАВНА...



**Мотивација, посредништво и јавна политика** - Оваа иновативна книга употребува детален емпириски преглед на политиките во здравствените услуги, образованието, социјалното осигурување и оданочувањето за да илустрира како можат да бидат дизајнирани политиките за да дадат соодветен баланс меѓу мотивацијата и посредништвото. Изнесува предлози за политичка реформа, а неколку од нив произлегуваат од самиот автор или во кои бил учесник.

Автор: **Џулијан ле Гранд**
Издавач: Oxford University Press, 2003
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-229-110-9

## МУЛТИКУЛТУРНА ЗАГАТКА




**Мултикултурна загатка: реобмислување на национализмот, етничкиот и религиозниот идентитет** - Книгата истражува на кој начин би можеле да воспоставиме состојба на правда и еднаквост меѓу три групи: оние што веруваат во обединета национална култура; оние што ја поврзуваат својата култура со својот етнички идентитет и оние што ја гледаат нивната религија како своја култура. За да се реши оваа „мултикултурна загатка", како што тврди авторот, мора да го реобмислиме нашиот национален идентитет, етницитет и улогата на религијата во модерниот свет.

Автор: **Герд Бауман**
Издавач: Routledge, 1999 (прво издание)
Издавач МК: ТРИ, 2009
ISBN 978-9989-187-64-3

## МУЛТИЛАТЕРАЛНАТА ДИПЛОМАТИЈА И...




**Мултилатералната дипломатија и Обединетите нации денес** - Книгата содржи шест поглавја: дипломатија на ОН, дипломатија на меѓународниот мир и безбедност, меѓународна економска дипломатија, невладина дипломатија, мултилатерализмот и ОН и перспектива на мултилатералната дипломатија. Книгата е конципирана да ги прошири расположливите извори за студентите и за факултетите за програмата за моделот на Обединетите нации.

Автор: **Џ. П. Малдун Јуниор и други**
Издавач: westview Press, 2005
Издавач МК: Просветно дело, 2009
ISBN 978-9989-0-0682-1

## НАЦИЈА ВО ПОДЕМ




**Нацијата во подем: приказна за економското чудо на Израел** - Во оваа книга авторите Ден Сенор и Сол Сингер ја раскажуваат приказната за луѓето што се спротивставија на она што постоеше и го предизвикаа обичното, народ што ја создаде„тајната на Израел" и ја постави својата земја како центар за критично истражување и развој за светските водечки технолошки компании.

Автор: **Ден Сенор и Сол Сингер**
Издавач: Grand Central Publishing, 2011
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-091-1

## НОВА ЕКОНОМСКА ДИПЛОМАТИЈА



**Нова економска дипломатија: донесување одлуки и преговарање во меѓународните економски односи** - Нова економска дипломатија објаснува како државите ги водат нивните надворешни економски односи во 21 век, како донесуваат одлуки на домашно ниво, а како преговараат на меѓународно ниво. Таа ја документира трансформацијата на економската дипломатија во 1990–те и 2000–те години како одговор на Студената војна.

Автор: **Н. Бејн и С. Вулкок**
Издавач: Ashgate Publishing, 2007 (второ издание)
Издавач МК: Нампрес, 2009
ISBN 978-9989-682-30-8

## НОВАТА ДИНАМИКА НА МУЛТИЛАТЕРАЛИЗМОТ



**Новата динамика на мултилатерализмот: дипломатијата, меѓународните организации и глобалното управување** - Оваа книга се фокусира на различните елементи на современиот мултилатерализам што се поврзани со глобалните прашања, глобалното управување и глобалните институции.

Автор: **Џејмс П. Мулдон и други**
Издавач: Westview Press, 2011 (прво издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-338-7

## НОВАТА ЈАВНА ДИПЛОМАТИЈА




**Новата јавна дипломатија: мека сила во меѓународните односи** - Книгата е составена од три дела. Првиот дел е нов амбиент, вториот променливи перспективи и третиот подобрување на практиката. Идејата за оваа книга произлегува од чувството дека дебатата за јавна дипломатија по септември 2001 година, главно се случуваше во печатот и дека созреа времето студентите по дипломатија поинаку да го погледнат овој феномен.

Автор: **Дона Ли и Пол Шарп**
Издавач: Palgrave Macmillan, 2007
Издавач МК: Просветно дело, 2009
ISBN 978-9989-0-0667-8

## ОДИМЕ НА ЛОКАЛНО




Автор: **М. Гриндл и Е. Масон**
Издавач: Princeton University Press, 2007 (прво издание)
Издавач МК: Магор, 2009
ISBN 978-9989-183-55-3

**Одиме на локално: децентрализација, демократизација и ветување за доброто управување** - Книгата претставува силен оригинален и енергичен придонес во литературата за управувањето во земјите во развој. Содржи: Одиме на локално – управување на лице место, децентрализација на Мексико, конкурентски избори и добро управување, на работа во градско собрание, модернизирање на градско собрание, граѓанско општество, начини на внесување новини во општините, ветување за добро управување.

## ОПШТЕСТВЕНО ИСТРАЖУВАЧКИ МЕТОДИ




Автор: **Лоренс Њуман**
Издавач: Pearson Education Inc, 2006 (шестто издание)
Издавач МК: Просветно дело, 2009
ISBN 978-9989-0-0699-9

**Општествено истражувачки методи: квалитативни и квантитативни пристапи** - Со оваа книга авторот се трудел да направи детален, стручен вовед во општественото и научно истражување со што оваа дело ќе биде достапно за студентите коишто се нови во оваа област. Книгата е составена од 5 дела: Основи, Планирање и подготовка, Квантитативно прибирање податоци и анализа, Квалитативно прибирање податоци и анализа и Комуницирање со други.

## ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ВРЕМЕТО ОДНАТРЕ




Автор: **Џули Моргенстејн**
Издавач: Holt Paperbacks, 2004 (второ издание)
Издавач МК: Нампрес, 2009
ISBN 978-9989-682-28-5

**Организирање на времето однатре** - Оваа книга ги воведува читателите во нов начин на гледање на времето и покажува колку трите чекори – анализа, стратегија и напад се подеднакво ефективни во управување на времето и организирање на просторот. Книгата има пет дела. Првиот дел е насловен – Поставување основа, вториот – Програма без старт, третиот – Анализа, четвртиот – Стратегија и петтиот- Напад.

## ПАТ КОН РОПСТВО




Автор: **Ф. А. Хајек**
Издавач: TJ Internacional Ltd, 2001
Издавач МК: Просветно дело, 2011
ISBN 978-9989-0-0957-0

**Пат кон ропство** - Намената на оваа книга е да скицира детална програма на посакуван иден поредок на едно општество. Деталите за оваа проблематика се разработени во 15 поглавја: напуштениот пат, утопија, индивидуализмот и колективизмот, неизбежноста на планирањето, планирање и демократија, владеење на правото, економска контрола, кој, на кого, сигурност и слобода,зошто најлошите се искачуваат на врвот, крајот на вистината, социјалистичките корени на нацизмот, тоталитаристите во нашата близина, материјални услови и перспективите на меѓународниот поредок.

## ПОЛИТИКА




Автор: **Ендрју Хејвуд**
Издавач: Palgrave Macmilan, 2007 (трето издание)
Издавач МК: Академски печат, 2009
ISBN 978-9989-4563-02-0

**Политика** - Оваа книга е составена од пет дела: Дел 1. Теории на политиката; Дел 2. Нациите и глобализацијата; Дел 3. Политичка интеракција; Дел 4. Владина машинерија и Дел 5. Политиките и ефикасноста. Ова дело нуди еден опширен и современ вовед во политиката. Таа е составена на таков начин што ќе им биде од голема полза на студентите кои посетуваат курсеви во која било област од оваа дисциплина, како и на сите читатели коишто се заинтересирани за овој предмет.

## ПОЛИТИКА НА БИРОКРАТИЈАТА




Автор: **Б. Гај Питерс**
Издавач: Routledge, Taylor & Francis Group, 2009 (шестто издание)
Издавач МК: Академски печат, 2009
ISBN 978-608-4563-38-9

**Политика на бирократијата: компаративен вовед во јавната администрација** - Во оваа книга станува збор за владеењето на јавната администрација, за политичката култура, за вработувањето на персоналот во јавните институции. Во неа се разработени темите за политика на бирократија, политички институции, политика на буџетски процес, реформа на администрацијата и политиките на јавниот менаџмент и други. Книгата е базирана на начините на владеење на Владата на САД.

## ПОЛИТИКА НА ИЗБОРНИ СИСТЕМИ




**Политика на изборни системи** - Содржи шест дела: изборни системи и истражување, системи на едночленски изборни окрузи, мешани системи, системи со затворена листа, системи на приоритетна листа и заклучок. Книгата нуди детални прегледи на изборните системи од голем број демократии во светот.

Автор: **Мајкл Галагер и Пол Мичел**
Издавач: Oxford University Press, 2008 (прво издание)
Издавач МК: Академски печат, 2009
ISBN 978-608-4563-26-6

## ПОЛИТИКАТА НА ЕВРОПСКИОТ ГРАЃАНСКИ...



**Политиката на европскиот граѓански кодекс** - Оваа книга претставува прилог на конференцијата на тема: Политиката на Европскиот граѓански кодекс, одржана во Амстердам на 7 јануари 2005 година.

Автор: **Мартијн Хеселинк**
Издавач: Kluwer Law International, 2006
Издавач МК: Просветно дело, 2009

## ПОЛИТИЧКА ТЕОРИЈА И МЕЃУНАРОДНИ ОДНОСИ




**Политичка теорија и меѓународни односи** - Содржи три дела. Во првиот дел се обработуваат меѓународните односи како природна состојба, во вториот автономноста на државите и во третиот дел меѓународна дистрибутивна правда. Оваа книга е обид за подготвување на позадоволителна меѓународна нормативна политичка теорија преку критика и ревизија на општоприфатените гледишта.

Автор: **Чарлс Р. Беитс**
Издавач: Princeton University Press, 1999
Издавач МК: Просветно дело, 2009
ISBN 978-9989-0-0679-1

## ПОЛИТИЧКА ТЕОРИЈА НА ИГРА




**Политичка теорија на игра** - Авторите имаат неколку цели при пишувањето на оваа книга. Прво, да напишат учебник за политичката теорија на игри наместо книга за апстрактна или економска теорија на игри. Второ, свесни се за разликите во предзнаењата и интересите на младите политиколози. За студентите на кои им е потребно поголемо обновување на знаењата, вклучен е детален математички прилог со кој се покриваат некои посебни алатки во опсег од теоријата на множества и анализа до основите на оптимизација и теоријата на веројатност.

Автор: **Н. Меккарти и А. Меировиц**
Издавач: Cambridge University Press, 2007
Издавач МК: Просветно дело, 2009
ISBN 978-608-4563-81-5

## ПОЛИТИЧКА ФИЛОЗОФИЈА




**Политичка филозофија** - Ова е книга за оние што бараат причини за вреднување на наследството од минатото, во контекст на нашето современо време. Во книгата станува збор за зачувување на нациите, зачувување на природата, за религијата и просветителството, тоталитарно искушение, новоговор и евроговор, природата на злото и за други теми.

Автор: **Роџер Скратон**
Издавач: Continuum International Publishing Group, 2006 (петто издание)
Издавач МК: Просветно дело, 2011
ISBN 978-9889-0-0948-8

## ПОЛИТИЧКИ ПАРАДОКС




**Политички парадокс: уметност на донесување политички одлуки** - Книгата „Политички парадокс" има цел да обучи и да научи за вид анализа на стратегијата, која ги негува плодноста и разновидноста на човековиот ум, која ги вреднува политиката и општеството и која прави политичките тврдења да бидат повидливи, поткрепувајќи го она што обично се предава како научна вистина.

Автор: **Дебора Стоун**
Издавач: W.W. Norton & Company, Inc, 2001 (трето издание)
Издавач МК: Академски печат, 2009
ISBN 978-608-4563-01-3

## ПОЛИТИЧКИ ПАРТИИ



**Политички партии – стари концепти и нови предизвици** - Книгата содржи три дела. Првиот е реконцептуализација на партиите и на партискиот натпревар, вториот дел е преиспитување на партиската организација и партиските модели и третиот, повторно навраќање кон партиските врски и ставовите во однос на партиите. Книгата ги појаснува концептите за политичките партии, организации, партиски елити и слично.

Автор: **Р. Гантер, Х. Рамон и Х. Линц**
Издавач: Oxford University Press, 2002 (прво издание)
Издавач МК: Академски печат, 2009
ISBN 978-9989-172-74-8

## ПОМЕЃУ ВОЈНАТА И ПОЛИТИКАТА




**Помеѓу војната и политиката: меѓународните односи и мислата на Хана Арент** - Ова е прва студија за војната во вид на книга заснована на размислувањата на еден од најважните и најоригинални политички мислители на 20 век. Содржи осум поглавја: вовед, насилство и моќ, политика и војна, кој е откриен во војната, ефектот бумеранг, колку е опасно да се биде невин, бес против лицемерието, по Штраус, Лис и војната во Ирак и состојба на човекот.

Автор: **Патриција Овенс**
Издавач: Oxford University Press, 2009 (прво издание)
Издавач МК: Академски печат, 2009
ISBN 978-608-4563-33-4

## ПОСТИГНУВАЊЕ СПОСОБНА ВЛАДА



**Постигнување способна влада: градење капацитет во јавните сектори на земјите во развој** - Во оваа книга станува збор за оценување на потребите за градење капацитет, стратегии за градење капацитет и улогата на техничката помош во градење на капацитетот. Авторот на делото настојува да помогне да се согледа како можат владите да бидат поттикнати за подобро да работат и како можат да бидат развиени способностите на државата.

Автор: **Мерили С. Гриндл**
Издавач: Hardvard University Press, 1997
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-192-5

## ПРАКТИКА НА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА




**Практика на односи со јавноста** - Книгата е поделена на четири дела: Еволуција, Подготовка, Процес, Јавноста и Изведба. Ова издание содржи: нова детална содржина за социјалните медиуми,секое поглавје започнува со апликација од социјалните медиуми поврзана со содржината на поглавјето, содржи акцент врз етиката со која се соочуваат професионалните работници во областа на односите со јавноста, нови и класични случаи на влијателни личности во односите со јавноста и социјалните медиуми.

Автор: **Фрејзер П. Сејтел**
Издавач: Prentice Hall, 2010 (единаесетто издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-063-8

## ПРИРАЧНИК ЗА ИНОВАТОРИ




**Прирачник за иноватори: методи за трансформирање на власта** - Книгата има пет делови: Суштинска стратегија: овозможување јасност за намерата, Стратегија за последиците: предвидување последици од работењето, Стратегија за клиентите: клиентот над воланот, Стратегија за културата: развивање претприемачка култура. Книгата има цел да ги научи луѓето како да бидат иновативни и успешни во иновирањето. Базирана е на истражувања извршени во САД, Канада, Велика Британија, Австралија и Нов Зеланд.

Автор: **Д. Озборн и П. Пластрик**
Издавач: Jossey-Bass, 2000 (прво издание)
Издавач МК: Академски печат, 2009
ISBN 978-608-4563-40-2

## ПРИРОДЕН ЗАКОН, ЛИБЕРАЛИЗАМ И МОРАЛНОСТ



**Природен закон, либерализам и моралност** - Книгата ги спојува водечките бранители на природниот закон и либерализмот за серија искрени и живи дијалози кои ги допираат критичните прашања на современата морална и политичка теорија. Оваа книга е извонреден пример за плодниот ангажман на традициите на мислата за фундаменталните прашања на етиката и правдата.

Автор: **Роберт П.Џорџ**
Издавач: Oxford University Press, 1996
Издавач МК: Арс Ламина, 2013
ISBN 978-608-229-423-0

## ПРОБЛЕМИТЕ НА ДЕМОКРАТСКАТА ТРАНЗИЦИЈА...



**Проблемите на демократската транзиција и консолидација: Јужна Европа, Јужна Америка и посткомунистичка Европа** - Првото поглавје од оваа книга започнува со дефинирање и дискусија на две меѓусебно зависни варијабли-целосно демократизирана транзиција и консолидирани демократии. Во второто поглавје се дискутира за првата макроваријабла, онаа што мора да се смести меѓу елементите што не се сериозно анализирани во литературата на демократската транзиција и консолидација. Во последните две поглавја се дискутира за преостанатите варијабли, односно за карактерот на претходниот политички режим.

Автор: **Хуан Линц и Алфред Степан**
Издавач: The Johns Hopkins University Press, 1996 (прво издание)
Издавач МК: Академски печат, 2009
ISBN 978-9989-172-87-8

## ПРОМЕНЛИВОСТА НА НАДВОРЕШНАТА ПОЛИТИКА




**Променливоста на надворешната политика** - Ова е првата книга во текот на 20 години што обезбедува оригинална синтеза на теоријата и практиката во надворешната политика. Јасно и пристапно напишана од еден водечки експерт кој е меѓународно познат, ова дело е навистина глобално во доменот и вклучува огромен број примери и случаи. И покрај силите на глобализацијата, Кристофер Хил докажува дека надворешната политика останува клучна точка за политичка активност.

Автор: **Кристофер Хил**
Издавач: Palgrave Macmillan,
Издавач МК: Печатница 11 Октомври – Прилеп, 2009
ISBN 978-9989-9830-4-7

## ПРОТОКОЛ




**Протокол** - Комплетен прирачник за дипломатска, официјална и општествена употреба - Книгата е опсежен водич за протоколот при реализацијата на дипломатски и други општествена настани.

Автор: **Мери Џејн Мекефри и други**
Издавач: Durban House Press, 2002 (25-то издание)
Издавач МК: Просветно дело, 2009
ISBN 978-9989-0-0674-6

## РЕВОЛТ КОН МОДЕРНИЗМОТ И ПОТРАГА ПО...




**Револт кон модернизмот и потрага по постлиберален поредок** - Оваа книга е дело за двајца филозофи кои се бореа да го разберат своето време. Содржи девет поглавја во кои се обработени теми како етика, природата на модернизмот. Исто така, читателот може да прочита и за кризата на модернизмот, Мистикот и Штраус и друго.

Автор: **Тед. В. Мекалистер и други**
Издавач: University press of Kansas, 1995
Издавач МК: Просветно дело, 2011
ISBN 978-9989-0-0955-6

## РЕВОЛУЦИЈАТА ВО СТРАТЕШКИТЕ РАБОТИ



**Револуција во стратешките работи** - Книгата објаснува како големите западни држави ги реорганизираа своите вооружени сили како одговор на ненадејното исчезнување на старата закана и соочувањето со модерната потреба од дополнителна мировна дивиденда.

Автор: **Лорерно Фридман**
Издавач: The international Institute for Strategic studies, 1998
Издавач МК: Магор, 2009
ISBN 978-9989-183-54-6

## РЕГУЛИРАЊЕ НА МЕДИУМИТЕ




**Регулирање на медиумите – компаративна студија** - Оваа книга илустрира голем број правни реакции на овие променливи медиуми. Зголемувањето на користењето интернет го предизвика мислењето дека овој медиум на крај ќе ја замени телевизијата и ќе успее, додека телевизијата нема да успее да создаде активно граѓанство кое ќе се ангажира да се бори со управувањето на дневна основа.

Автор: **Стефан Верштулс**
Издавач: Oxford University Press, 1998
Издавач МК: Арс Ламина, 2009
ISBN 978-9989-2874-7-3

## РУРАЛЕН РАЗВОЈ




**Рурален развој: ставајќи го последното прво** - Книгата има осум поглавја: незабележаната рурална сиромаштија, две култури на аутсајдерите, како учат аутсајдерите, чие знаење, интегрирана рурална сиромаштија, согледување што да се преземе, новиот професионализам и практично дејствување. Во книгата се пишува за руралната сиромаштија и гледишта, ставовите, начинот на размислување и однесување на професионалците.

Автор: **Роберт Чемберс**
Издавач: Pearson Education Limited, 1983 (прво издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-281-6

## РУРАЛЕН РАЗВОЈ НА САД



**Рурален развој на САД: спојување на теоријата, практиката и можностите** - Книгата е составена од два дела: потекло и основа и рурален развој на САД. Оваа книга има цел да го потикне создавањето на нов модел за развој и спроведување на руралната економска политика на САД за време на 90-те години, а и подоцна.

Автор: **В. А. Галстон и К. Џ. Бехлер**
Издавач: Island Press, 1995 (прво издание)
Издавач МК: Магор, 2009
ISBN 978-9989-183-56-0

## СОВРЕМЕНАТА ПОЛИТИЧКА И ОПШТЕСТВЕНА...




**Современата политичка и општествена историја** - Книгата е поделена на два дела. Првиот дел е насловен како Франција на белите и на сините, а Вториот дел се вика Франција на сините и на црвените. Во оваа книга станува збор за просветителството, Првата монархија на новиот режим, за Првата Република и Првиот цезаризам , за романтизмот во Франција. Обработени се теми и за консолидација на либералната демократија , за кризата на либералната демократија и друго.

Автор: **Ги Антонети**
Издавач: Presses Universitaires de France, 2003 (деветто издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-041-6

## СОВРЕМЕНА ПОЛИТИЧКА ФИЛОЗОФИЈА




**Современа политичка филозофија** - Оваа книга е наменета да обезбеди вовед, како и критична оценка на главните училишта на мисла кои се доминантни во современите дебати во политичката филозофија. Опфатената материја речиси целосно е составена од понови дела од нормативната политичка филозофија и поконкретно понови теории за праведно, слободно или добро општество.

Автор: **Вил Кимлика**
Издавач: Ohford University Press, 2001 (второ издание)
Издавач МК: Академски печат, 2009
ISBN 978-608-4563-23-5

## СОЗДАВАЊЕ НА ЈАВНАТА ВРЕДНОСТ




**Создавање на јавната вредност: стратегиско раководење во власта** - Содржи три дела. Првиот - осмислување на јавна вредност, вториот - градење поддршка и легитимност и третиот дел - испорачување на јавната вредност. Целта на оваа книга е да постави структура за практичното размислување што ќе ги води раководителите на јавните иницијативи.

Автор: **Марк Х. Мур**
Издавач: Harvard University Press, 1995 (второ издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-321-9

## СПОРЕДУВАЊЕ НА ПОЛИТИЧКАТА КОМУНИКАЦИЈА




**Споредување на политичката комуникација: теории, случаи и предизвици** - Ова дело има намера да го процени современото компаративно истражување во политичката комуникација и да упати на можни начини на коишто политичката комуникација би можела и би требало да се развива.

Автор: **Френк Есер и Барбара Феч**
Издавач: Cambridge University Press, 2004 (прво издание)
Издавач МК: Академски печат, 2009
ISBN 978-9989-172-89-2

## ТЕОРИЈА НА МЕЃУНАРОДНАТА ПОЛИТИКА




**Теорија на меѓународната политика** - Авторот ја напишал оваа книга имајќи предвид три цели: да ги испита теориите за меѓународната политика, да конструира теорија на меѓународната политика и да покаже некои примени на конструираната теорија. Содржината е поделена во 9 поглавја: закони и теории, редуцирачки теории, системски пристапи и теории, редуцирачки и системски теории, политички структури, анархичен поредок, структурни причини и економски последици, структурни причини и воени последици и менаџирање на меѓународните работи.

Автор: **Кенет Н. Валц**
Издавач: McGraw-Hill, 1979 (прво издание)
Издавач МК: Магор, 2008
ISBN 978-9989-183-53-9

## УМЕТНОСТА И НАУКАТА НА ПРЕГОВАРАЊЕТО




**Уметноста и науката на преговарањето: како да се решат конфликтите и да се извлече најдоброто во преговорите** - Во оваа книга се обработени повеќе теми за преговарањето како: две страни, едно прашање; две страни, многу проблеми; многу страни, многу прашања и друго.

Автор: **Хауард Раифа**
Издавач: Harvard University Press, 1985 (прво издание)
Издавач МК: Академски печат, 2010
ISBN 978-608-4563-50-1

## УПРАВУВАЊЕ ПРЕКУ МРЕЖА




**Управување преку мрежа: новиот облик на јавниот сектор** - Содржината на оваа книга има два дела: подемот на управување преку мрежа и управување преку мрежа. Главната поука од ова дело е дека мораме да се соочиме со реалноста на системот што го создадовме и да научиме како добро да го управуваме.

Автор: **С. Голдсмит и В. Егерс**
Издавач: The Brookings Institution, 2004 (второ издание)
Издавач МК: Магор, 2008
ISBN 978-9989-183-37-9

## УПРАВУВАЊЕ СО ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА




**Управување со глобализацијата: моќ, власт и глобално управување** - Оваа книга обезбедува достапен вовед во тековната дебата за променливите форми и за политичкото значење на глобалното управување. Таа ги соединува оригиналните придонеси на голем број добро познати теоретичари и аналитичари на глобалната политика, поврзани во истражувањето на важноста на концептот за глобално управување со цел да се разбере како тековно е регулирана глобалната активност.

Автор: **Дејвид Хелд и Ентони Мекгру**
Издавач: Polity Press, 2002 (прво издание)
Издавач МК: Академски печат, 2010
ISBN 978-608-4563-67-9

## УПРАВУВАЊЕ СО ЈАВНИОТ СЕКТОР




**Управување со јавниот сектор** - Ова е книга за управување со јавниот сектор во Обединетото Кралство. Во неа се укажува дека со последователни промени на влади се вршат преструктурирања, реформи, приватизирања, така што раководителите и работниците се подложни на постојани промени.

Автор: **Норман Флин**
Издавач: SAGE Publications, 2007 (петто издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-229-131-4

# Одбрана, безбедност, криминологија и разузнавање

## ВОВЕД ВО БЕЗБЕДНОСТА




**Вовед во безбедноста** - Книгата е составена од три дела: Дел 1. Вовед; Дел 2. Основите на заштитата и Дел 3. Специфичните закани и решенија. Вовед во безбедноста се почитува поради избалансираниот и професионалниот приод кон оваа растечки важна област. Ова издание го проширува предметот на својот интерес со опасностите и ризиците што имаат централна важност во окружувањето карактеристично за 21 век, вклучително и шпионажата, пиратеријата и предизвиците во однос на информатичката безбедност.

Автор: **Роберт Ј. Фишер и други**
Издавач: Elsevier, 2008 (осмо издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2013
ISBN 978-608-229-468-1

## ВОВЕД ВО МОДЕРНИ НАВИГАЦИСКИ СИСТЕМИ




**Вовед во модерни навигациски системи** - Целта на оваа книга е прецизно да ги прикаже математичките блокови кои се потребни за да се имплементира главното тело на сврзаниот Инертен навигациски систем на начин кој овозможува ментален приказ на уделот на секој блок и нивната заемна поврзаност.

Автор: **Есмат Бекир**
Издавач: World Scientific Publishing Co. Pte. Ltd., 2007 (прво издание)
Издавач МК: Табернакул, 2009
ISBN 978-608-210-018-0

## ВОЈНА И САМООДБРАНА




**Војна и самоодбрана** - Содржината на оваа книга има два дела. Во првиот дел се говори за самоодбрана, а во вториот за национална одбрана. Авторот во книгата ја испитува основата на личното право на самоодбрана и ги утврдува условите во кои тоа право може да ја оправда употребата на сила и дека не постои доволно соодветна паралела.

Автор: **Дејвид Родин**
Издавач: Oxford University, 2003 (прво издание)
Издавач МК: Магор, 2009
ISBN 978-9989-183-41-6

## ГЛОБАЛЕН ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ



**Глобален организиран криминал: трендови и случувања** - Оваа книга има богата содржина. Во неа се говори за најновите трендови во незаконската трговија со кокаин, екстази во Израел и во странство, војната против дрогата и интересите на владите, забранетите дроги на Андите, организираниот криминал во Југославија, транснационалната Руска мафија, Руската и Полската мафија, Наташи и Турци, трговијата со луѓе, општествената организација на трговијата со луѓе и други поврзани теми.

Автор: **Дина Зигел и други**
Издавач: Kluwer Academic, 2003 (прво издание)
Издавач МК: Магор, 2009
ISBN 978-9989-183-78-2

## ГЛОБАЛНАТА СЕКС ИНДУСТРИЈА И ПРЕПРОДАЖБА...



**Глобалната секс-индустрија и препродажба на луѓе** - Книгата содржи четири дела: миграцијата и трговија со луѓе, национална безбедност, закони, одредби и меѓународна вклученост и национални и локални иницијативи и модели за помош. Оваа книга е производ од конференцијата „Шверц и трговија со луѓе: влијанието на глобализацијата врз жените", одржана во Колорадо на 14 и 15 март 2003 година.

Автор: **Карен Бикс и Дилајла Амир**
Издавач: Lexington Books, 2009
Издавач МК: Датапонс, 2009
ISBN 978-9989-789-53-3

## ГЛОБАЛНО ВЛАДЕЕЊЕ И НОВИ ВОЈНИ



**Глобално владеење и нови војни: спојување на развојот и безбедноста** - Оваа книга ја разгледува природата на денешните внатрешни и регионални конфликти, заедно со системот на глобално владеење кој се појави како одговор на нив. Широката посветеност меѓу владите-донатори и хуманитарни агенции за разрешување конфликти и социјална реконструкција покажува дека сега војната е дел од развојниот дискурс.

Автор: **Марк Дафилд**
Издавач: Zed Books, 2001 (прво издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-269-4

## ГРАНИЦИТЕ НА АЛИЈАНСАТА




**Границите на алијансата - САД, НАТО и ЕУ во Северна и Централна Европа** - Во оваа книга станува збор за промените во безбедноста на Северна и Централна Европа, позицијата на НАТО и американската глобална војна пред и по 11 септември.

Автор: **Ендрју А. Михта**
Издавач: Rowman Littlefield, 2009
Издавач МК: Арс Ламина, 2009
ISBN 978-608-4535-17-1

## ДА СЕ БИДЕ ПОЛИЦАЕЦ




**Да се биде полицаец** - Книгата претставува водич за полициската работа која е наменета за млади луѓе кои размислуваат за полициска кариера.

Автор: **Бери М. Бејкер**
Издавач: Berry M. Baker, 2006 (прво издание)
Издавач МК: Нампрес, 2009
ISBN 978-9989-682-33-9

## ДА СЕ ВИДИ НЕВИДЛИВОТО




**Да се види невидливото: разузнавањето за националната безбедност во несигурно време** - Оваа книга ги дефинира променетите потреби на разузнавањето за национална безбедност, сложеното меѓународно опкружување во коешто функционира и начините на коишто ќе мора да се приспособи за да им се спротивстави на повеќекратните асиметрични закани во појавување.

Автор: **Томас Квигин**
Издавач: World Science Publishing, 2007 (прво издание)
Издавач МК: Магор, 2009
ISBN 978-9989-183-77-5

## ЕКСПЛОЗИВНИ ЕФЕКТИ И АПЛИКАЦИИ




**Експлозивни ефекти и апликации** - Ова е опсежен текст за основите на однесувањето на експлозивите и за апликациите на експлозивите во цивилното инженерство, индустриските процеси, апликации во аеро-просторот и воени цели. Книгата вклучува глави за сите аспекти на експлозивите, секоја напишана од експерт за својата област.

Автор: **Џ. А Зукас, В. П.Волтерс**
Издавач: Springer Science+Business Media, 1998 (прво издание)
Издавач МК: Нампрес, 2009
ISBN 978-9989-682-43-8

## ЕТИКАТА НА ВОЈНАТА




**Етиката на војната: исти проблеми во различни традиции** - Книгата има два дела. Во првиот се обработуваат теории, а во вториот современи проблеми. Во книгата се вклучени авторитативни коментари што се однесуваат на принципиелните основи на војната и таа може да даде соодветен придонес за националната дебата за етиката на војната.

Автор: **Р. Сораџби и Д. Родин**
Издавач: Ashgate, 2008 (прво издание)
Издавач МК: Академски печат, 2009
ISBN 978-608-4563-37-2

## ЗА ВОЈНАТА




**За војната** - Содржината е составена од четири дела: за природата на војната, за теоријата на војната, општо за стратегијата и борба. „За војната" е главно западно дело посветено на филозофијата на војната. Писателот бил пруски офицер, кој пишувал во времето на најголемите воени кампањи на Наполеон.

Автор: **Карл Фон Клаусевидз**
Издавач: Princeton University Press, 1989 (прво издание)
Издавач МК: Магор, 2009
ISBN 978-9989-183-48-5

## ИДЕНТИТЕТ, МИГРАЦИЈА И НОВАТА...




**Идентитет, миграција и новата безбедносна агенда во Европа** - Во оваа книга е застапено становиштето дека заканите за етнонационалниот идентитет ги заменуваат воените закани како главен фокус на европската небезбедност. Во Западна Европа, социеталната небезбедност го замени државниот суверенитет како клуч за успехот или неуспехот на европската интеграција туркајќи ги грижите за идентитетот и за миграцијата на врвот од политичката агенда и предизвикувајќи длабока поделба меѓу луѓето и нивните водства.

Автор: **Оле Вевер и други**
Издавач: Pinter Publishers Ltd, 1993 (прво издание)
Издавач МК: Академски печат, 2010
ISBN 978-608-4563-82-2

## ИСТОРИЈА НА ТЕРОРИЗМОТ




**Историја на тероризмот: од антиката до Ал Каеда** - Со помош на неколкумина најдобри меѓународни специјалисти, во оваа книга Жерар Шалијан и Арно Блин ја разгледуваат историјата на тероризмот, од антиката до најсовремените форми. Тие разбиваат една погрешна идеја: тероризмот во себе не содржи никаков морален аспект, но првенствено е средство што на многу различни начини го користат од најмали групи до држави. Исто така, во оваа книга авторите додале и дискусии, манифести и други теориски текстови на главните актери на тероризмот од Бакунин до Бин Ладен.

Автор: **Жерар Шалијан и Арно Блин**
Издавач: University of California Press, 2007 (прво издание)
Издавач МК: Табернакул, 2008
ISBN 978-608-210-015-9

## ИСТРАЖУВАЊЕ НА КРИМИНАЛИСТИЧКАТА...




**Истражување на криминалистичката анализа: четива за неопходните вештини** - Книгата содржи три дела. Во првиот се зборува за темелите на криминалистичката анализа, во вториот, процеси на криминалистичката анализа и во третиот дел се алатките на криминалистичката анализа. Криминалистичката анализа е суштинска компонента на секоја ефективна проактивна полициска стратегија.

Автор: **Кристофер Брус**
Издавач: International Associacion of Crime Analysts, 2004 (прво издание)
Издавач МК: Магор, 2009
ISBN 978-9989-183-58-4

## КРИМИНАЛИСТИКА: ВОВЕД ВО ФОРЕНЗИКА




**Криминалистика: вовед во форензика** - Книгата содржи маргини со фотографии и слики во боја. Таа е создадена од приказни и настани, кои подоцна се опишани во филмови. Содржината на ова дело е поделена во дваесет поглавја: вовед, место на настанот, материјални докази, физички карактеристики, органска анализа, неорганска анализа, микроскоп, влакна, текстилни влакна и боја, дроги, форензичка токсикологија, серологија, ДНК, отпечатоци од прсти, испитување документи на глас, форензичка наука, компјутерска форензика, иднина и додатоци.

Автор: **Ричард Сеиферстин**
Издавач: Prentice Hall, 2006 (деветто издание)
Издавач МК: Табернакул, 2010
ISBN 978-608-210-103-3

## КРИМИНАЛИСТИЧКО ИСТРАЖУВАЊЕ СО...




**Криминалистичко истражување со мапирање на криминалот** - Книгата содржи пет дела: основи на криминалистичкото истражување, процес на криминалистичкото истражување, податоци и технологија, тактичко криминалистичко истражување, стратешко криминалистичко истражување и административно криминалистичко истражување. Целта во оваа книга е да се даде вовед во криминалистичко истражување со одбележување на кривичното дело преку дискусија за концептите, теориите, практиките и техниките на анализа.

Автор: **Рејчел Боба**
Издавач: Sage Publications, 2009 (второ издание)
Издавач МК: Нампрес, 2010
ISBN 978-9989-682-52-0

## ЛУЃЕ, ДРЖАВИ И СТРАВ




**Луѓе, држави и страв: Проблемот со националната безбедност во меѓународните односи** - Целта на оваа книга е човекот да го разбере концептот на безбедноста за да има високо разбирање за проблемот на националната безбедност. Во неа има девет поглавја во кои се разработени темите за индивидуална и национална безбедност, национална безбедност и природата на државата, национална безбедност и природата на заканите, државата и меѓународниот политички систем, државата и меѓународниот економски систем, дилема за одбрана, дилема околу моќта и безбедноста, проблемот на политиката и холистички гледишта за безбедноста.

Автор: **Бери Бузан**
Издавач: Wheartsheaf books ltd, 1983 (прво издание)
Издавач МК: Академски печат, 2010
ISBN 978-608-4563-80-8

## МАЛОЛЕТНИЧКА ДЕЛИКВЕНЦИЈА



**Малолетничка деликвенција** - Содржината има три глави: малолетничка деликвенција како посебен феномен и проблем, малолетничка деликвенција и малолетничка виктимологија и манифестација и форми на малолетничката деликвенција. Книгата се осврнува на моменталната состојба, вклучува и сегмент за засегнатите лица во кривичните постапки кон малолетници.

Автор: **Михаел Валтер**
Издавач: Boorberg, 2005
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-048-5

## МОЌТА НА РАЗУЗНАВАЊЕТО ВО МИР И ВО ВОЈНА




**Моќта на разузнавањето во мир и во војна** - Овој труд се обидува да ја оцени и да ја прошири постојаната литература и да ја обедини со сопственото искуство и размислување на авторот. Целта на трудот не е да го напаѓа или да го брани разузнавањето, туку само да придонесе за негово подобро разбирање. Наменет е за сите оние што се заинтересирани за оваа тема, внатре и надвор од официјалните кругови, критичари, како и поддржувачи.

Автор: **Мајкл Херман**
Издавач: Cambridge University Press, 1996 (прво издание)
Издавач МК: Академски печат, 2009
ISBN 978-608-4563-30-3

## МУЗИЧКАТА ПИРАТЕРИЈА И ТЕОРИЈАТА НА...




**Музичката пиратерија и теоријата на криминалот** - Книгата има седум глави: вовед, дигитално аудио, теорија на општиот притисок, инструменти, одмерување и варијабили во фазата на истражување, анализа, објаснување и значење на криминалот и импликациите на истражувањето. Книгата се базира на прашањето: зошто луѓето вршат криминал?

Автор: **Самир Индуџа**
Издавач: LFB Publishing, 2006
Издавач МК: Датапонс, 2009
ISBN 978-9989-789-54-0

## НА КРАЈОТ НА ВОЈНАТА



**На крајот на војната: градење мир по граѓански конфликти** - Книгата претставува огромен придонес кон разбирањето на теоријата, практиката и последиците на градењето на мирот и треба еднакво да ја читаат и научниците и практичарите. Роланд Парис експертски покажува како градењето на мирот еволуира од скромните обиди за одржување на мирот во многу поамбициозната агенда на создавањето на социополитички услови за стабилен мир.

Автор: **Роланд Парис**
Издавач: Cambridge University Press, 2004
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-245-8

## НАПАД НА ТЕРОРИЗМОТ




**Напад на тероризмот: елементи на грандиозна стратегија** - Книгата содржи два дела: природата на тероризмот и политички инструменти против меѓународниот тероризам. Во оваа книга авторот дава поточна слика за предизвиците кои се пред нас, за расположливите оружја, но и за можните граници на патот кој води до успех во кампањата против меѓународниот тероризам.

Автор: **О. К. Кронин и Џ. М. Лудс**
Издавач: Georgetown University Press, 2004 (прво издание)
Издавач МК: Нампрес, 2009
ISBN 978-9989-682-22-3

## НАУКА ЗА ФОРЕНЗИКАТА



**Наука за форензиката** - Содржи 14 дела: вовед во науката на форензиката, место на злосторот, трага и контактен доказ, отпечатоци од прсти, испитување на телесни течности, ДНК, форензичка токсикологија, сомнителни документи, огнено оружје, пожар, експлозии и експлозиви, форензичко испитување, статистика и анализа и форензичка наука во суд. Во книгата се објаснуваат основните особини на форензиката при нејзината примена во сите фази на процесот, од собирање физички докази до научни наоди на суд.

Автор: **Е. Р. В.Џексон и Џ. М. Џексон**
Издавач: Pearson Education Limited, 2008 (второ издание)
Издавач МК: Нампрес, 2009
ISBN 978-9989-682-47-6

## НЕ - ДРЖАВНИ ЗАКАНИ И ИДНИ ВОЈНИ




Автор: **Роберт Џ. Бункер**
Издавач: Routlege, 2003 (прво издание)
Издавач МК: Нампрес, 2009
ISBN 978-9989-682-26-1

**Не - државни закани и идни војни** - Содржината на книгата има четири дела: теорија, не-државни закани и учење, бројни опфор стратегии и архиви. Целта на оваа книга е да се состави првокласен тим на одбранбени и национално безбедносни познавачи и воени раководители од реалниот свет, како и спроведувачи на законот со цел да се фокусираат на посочената тема.

## НОВАТА ЕРА НА ТЕРОРИЗМОТ И МЕЃУНАРОДНИОТ...




Автор: **Аријан Гелке**
Издавач: I. B. Tauris, 2009 (трето издание)
Издавач МК: Магор, 2009
ISBN 978-9989-183-73-7

**Новата ера на тероризмот и меѓународниот политички систем** - Мислењето дека живееме во ера на тероризмот што почна кон крајот на шеесеттите години од дваесеттиот век се рашири дури во седумдесеттите години. Во оваа книга се разработува основата од којашто потекнува ова гледиште. Исто така, тврди и оти мислењето за една ера на тероризмот почнува да бледнее поради промените во значењето и примената на поимот „тероризам", а и поради промените на политиките на владите при справувањето со тајните насилни дејства што ги извршуваат мали групи.

## ОКСФОРДСКИ ПРИРАЧНИК ЗА КРИМИНОЛОГИЈА




Автор: **Мајкл Мегваер и други**
Издавач: Oxford University Press, 2007 (четврто издание)
Издавач МК: Нампрес, 2010
ISBN 978-9989-682-53-7

**Оксфордски прирачник за криминологија** - Ова е најопширна и најмеродавна книга во оваа област. Ги обработува најновите текови во истрагата и политиката на кривичното право. Содржи пет дела: криминологија, историја и теорија; општествено создавање на криминалот; димензии на криминалот; форми на криминалот реакции кон криминалот.

## ОПСТАНОКОТ НА МАЛИТЕ ДРЖАВИ



Автор: **Давид Витал**
Издавач: Oxford University Press, 1971
Издавач МК: Табернакул, 2009
ISBN 978-608-210-034-0

**Опстанокот на малите држави** - Книгата има пет поглавја: Малите сили во конфликт, Чехословачка – класична парадигма, Израел – современа парадигма, Финска-парадигма на иднината и Опции и политики. Оваа книга нуди повеќе легитимни начини на согледување на политичките појави, на нив може да се гледа статистички со поглед вперен во структурата, атрибутите, таксономијата, а може да се гледа и динамички со очи вперени во екологијата.

## ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ




Автор: **М. Д. Лајман и Г. В. Потер**
Издавач: Pearson Education, 2007 (четврто издание)
Издавач МК: Магор, 2009
ISBN 978-608-229-154-3

**Организиран криминал** - Оваа книга ја збогатува современата дискусија за актуелни теми што се однесуваат на криминалот, учесниците, нивното дејствување и мерките што ги презема правосудниот систем.

## ПЕРЕЊЕ ПАРИ




Автор: **Џон Медингер**
Издавач: CRC Press, 2006 (второ издание)
Издавач МК: Датапонс, 2009
ISBN 978-9989-789-55-7

**Перење пари: водич за кривични иследници** - Ова дело се базира врз обемното искуство на авторот во криминалистичките служби. Таа дава јасно разбирање на практиките за перење пари и ги објаснува истражните и законодавните процеси, кои се есенцијални при детектирањето и надмудрувањето на нелегалните и опасните активности.

## ПОИМ ЗА ГЛОБАЛНА БЕЗБЕДНОСТ




**Поим за глобална безбедност** - Со цел да ги вклучи најновите тенденции во светската политика, ова издание ги анализира различните начини каков е животот на луѓето под закана или како е обезбеден во современата глобална политика. Традиционалниот фокус на текстовите за Студиите за безбедност – војна, заплашување и тероризам – се анализирани заедно со невоените безбедносни прашања како: немаштија, криминал, болести, катастрофи, деградација на околината и злоупотреба на човековите права, со цел да обезбеди сеопфатно истражување за тоа како и зошто се убиваат луѓето во современиот свет.

Автор: **Питер Хју**
Издавач: Routledge, 2008 (второ издание)
Издавач МК: Табернакул, 2009
ISBN 978-608-210-032-6

## ПОЛИТИКИ НА АЛИЈАНСИТЕ




**Политики на алијансите** - Фокусот на книгата е ставен на дипломатијата меѓу противниците за време на кризи. Тогаш авторот станал свесен за обемот во кој меѓународните конфликти зависат од односите во алијансата, особено во мултиполарните системи.

Автор: **Глен Х. Снајдер**
Издавач: Cornell University Press, 1997 (прво издание)
Издавач МК: Академски печат, 2009
ISBN 978-608-4563-04-4

## ПОТЕКЛОТО НА СОЈУЗИТЕ




**Потеклото на сојузите** - Во оваа книга се бараат одговори на прашањата: Што е тоа што ги тера државите да ја поддржуваат надворешната политика или територијалниот интегритет на друга држава? Како државниците одлучуваат меѓу потенцијалните закани кога бараат поддршка однадвор? Како големите сили се одлучуваат кои земји ќе ги заштитуваат и како послабите земји одлучуваат чија заштита да ја прифатат? Накратко, како државите ги одбираат своите пријатели?

Автор: **Стивен М. Волт**
Издавач: Cornell University Press, 1990 (прво издание)
Издавач МК: Табернакул, 2009
ISBN 978-608-210-038-8

## ПРИМЕНЕТА КРИМИНАЛИСТИЧКА АНАЛИЗА



**Применета криминалистичка анализа** - Ова дело ги покрива сите аспекти на криминалистичката анализа и за јавниот и за приватниот бизнис-сектор. Авторите темелно му приоѓаат на проблемот на криминалот истовремено помагајќи му на управникот или на сопственикот на мал бизнис да остане конкурентен и во рамките на буџетските ограничувања.

Автор: **К. Х. Велани и Џ. Нахун**
Издавач: Butterworth-Heinemann, 2001
Издавач МК: Табернакул, 2008
ISBN 978-608-210-003-6

## ПРИРАЧНИК ЗА ТРАНСНАЦИОНАЛЕН...




**Прирачник за транснационален криминал и правда** – Книгата е составена од четири дела. Прв дел – вовед, втор дел – транснационален криминал во 21 век, трет дел – меѓудржавни и меѓународни напори за борба против транснационалниот криминал и четврти дел – регионални и посебни прашања. Во оваа книга се зборува за тоа како одредени криминални дела се случуваат насекаде во светот и исто така се согледува дека е секако можна и потребна борбата против криминалот.

Автор: **Филип Рајкел**
Издавач: Sage Publications, 2009
Издавач МК: Датапонс, 2009
ISBN 978-9989-0-0836-8

## ПРОУЧУВАЊЕ ПОДАТОЦИ И ПРЕДВИДУВАЧКА...



**Проучување податоци и предвидувачка анализа: собирање разузнавачки податоци и криминалистичка анализа** - Составена е од воведен дел, методи, применувања и примери за случаи. Книгава служи како скапоцена алатка за упатување на студентите за професионалци од службите за спроведување закони.

Автор: **Колин Мек-Кју**
Издавач: Butterworth-Heinemann, 2007 (прво издание)
Издавач МК: Табернакул, 2009
ISBN 978-608-210-012-8

## РАЗБИРАЊЕ НА МЕЃУНАРОДНИТЕ КОНФЛИКТИ



**Разбирање на меѓународните конфликти – вовед во теоријата и историјата** - Книгата има девет глави во кои се зборува за тоа дали во светската политика постои непроменлива логика на конфликтот, за причините за големите конфликти во 20 век,за рамнотежата на силата и Првата светска војна, падот на колективната безбедност и Втората светска војна, потоа за Студената војна и настанатите конфликти по неа. Во ова дело се разработени теми и за глобализацијата и меѓусебната зависност, информатичката револуција и транснационални актери и за нов светски поредок.

Автор: **Џозеф С. Нај**
Издавач: Longman, 2004 (петто издание)
Издавач МК: Академски печат, 2008
ISBN 978-9989-172-67-0

## РАЗУЗНАВАЧКА ЗАЕДНИЦА НА САД




**Разузнавачка заедница на САД** - **Книгата е составена од дваесет поглавја. Во книгата авторот нуди детален преглед на разузнавачката заедница на САД, опис на нејзините организации и на управувачката структура што е одговорна за управување и контролирање на тие организации и активности.**

Автор: **Џефри Т. Ричелсон**
Издавач: The US Intelligence Community, 2008 (петто издание)
Издавач МК: Магор, 2009
ISBN 978-9989-183-85-0

## РЕВОЛУЦИЈАТА ВО СТРАТЕШКИТЕ РАБОТИ



**Револуцијата во стратешките работи** - Книгата објаснува како големите западни држави ги реорганизираа своите вооружени сили како одговор на ненадејното исчезнување на старата закана и соочувањето со модерната потреба од дополнителна мировна дивиденда.

Автор: **Лорернс Фридман**
Издавач: The International Institute, 1998 (прво издание)
Издавач МК: Магор, 2009
ISBN 978-9989-183-54-6

## СОВРЕМЕНО РАКЕТНО НАВЕДУВАЊЕ




**Современо ракетно наведување** - Оваа книга го анализира, во логична низа со јасно толкување на законите за наведување, комплетното поле од ракетна динамика до оформување и тестирање на ракетното наведување и контролните системи.

Автор: **Рафаел Јанушевски**
Издавач: Taylor&Francis Group, 2008 (прво издание)
Издавач МК: Нампрес, 2009
ISBN 978-9989-682-27-8

## СТРАТЕГИЈА ВО СОВРЕМЕНИОТ СВЕТ




**Стратегија во современиот свет** - Составена е од три дела: Долготрајни проблеми на стратегијата, проблеми со денешнината и иднина на стратегијата. Ова издание содржи зрел пристап кон улогата на воената моќ во современиот свет. Оваа книга вклучува анализи на случувањата на конфликтите од Ирак и Авганистан.

Автор: **Џон Бејлис и други**
Издавач: Oxford University Press, 2007 (трето издание)
Издавач МК: Нампрес, 2009
ISBN 978-9989-682-25-4

## СТРАТЕШКОТО РАЗМИСЛУВАЊЕ ВО...




**Стратешкото размислување во разузнавањето на криминалот** - Во книгата се обединети некои од најистакнатите практичари и теоретичари во областа на стратешкото разузнавање на криминалот.

Автор: **Џери Х. Ретклиф**
Издавач: The Federation Press, 2004
Издавач МК: Табернакул, 2009
ISBN 978-608-210-008-1

## СТУДИИ ПО БЕЗБЕДНОСТ




**Студии по безбедност** - Оваа книга на студентите им дава детален преглед на водечките теоретски пристапи, клучните теми и најважните прашања во рамките на проучувањето на безбедноста.

Автор: **Пол Д. Вилијамс**
Издавач: Routlegde, 2008 (прво издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-229-382-0

## ТЕОРИИ ЗА ВОЈНАТА И МИРОТ



**Теории за војната и мирот** - Оваа книга е составена од неколку дела: Реалистички теории за војната и мирот; Демократија и војна; Национализам, етничка група и војна; Меѓународни институции, војна и мир и Војна и мир во променливиот меѓународен систем. Ова дело претставува разновидна и карактеристична колекција на некои од најчитаните написи за војната и мирот од 90-тите години на 20 век. Теории за војната и мирот нуди најсовремени размислувања за потеклото на насилните конфликти. Оваа книга го премостува јазот меѓу теоријата и практиката и дава точен, но пристапен водич за причините за војна и условите за мир.

Автор: **Мајкл И. Браун и други**
Издавач: The MIT Press, 1998
Издавач МК: Арс Ламина, 2014
ISBN 978-608-229-610-4

## ТРАНСФОРМАЦИЈА НА ВОЈНАТА




**Трансформација на војната: најрадикалното повторно толкување на вооружениот конфликт** - Оваа книга има цел да разгледа некои од најтемелните проблеми пројавени во војната во сите епохи: кој ја води војната, која е нејзината суштина, како е водена и кои се нејзините цели. Има седум поглавја: современа војна, од кого е водена војната, што е суштината на војната, како се води војна, за што се води војна, зошто се води војна и војна во иднина.

Автор: **Мартин Ван Кревелд**
Издавач: Free Press, 1991 (прво издание)
Издавач МК: Табернакул, 2009
ISBN 978-608-210-035-7

## УПРАВУВАЊЕ И ОТПОР ВО СВЕТСКАТА ПОЛИТИКА



**Управување и отпор во светската политика** - Оваа книга им пристапува на проблемите во транснационалната несигурност од почетна точка-потенцијалната дихотомија меѓу „политиките на управување" и „политиките на отпорот". На овој начин ги спојува научниците од различните традиции и од различните дисциплини да се фокусираат на начинот на кој меѓународните односи можат да понудат ефективни анализи засновани врз силна теоретска основа.

Автор: **Давид Армстронг и други**
Издавач: British International Studies Association, 2003 (прво издание)
Издавач МК: Магор, 2009
ISBN 978-9989-183-47-8

## УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИК ЗА БЕЗБЕДНОСТА И ...



**Управување со ризик за безбедноста и сигурноста** - На лесно читлив и прифатлив начин, оваа книга ги претставува клучните фактори вклучени во успешното управување со ризик, така што дури и оние што не се експерти во малите компании и во компаниите со средна големина, како и инженерите и управителите, би можеле да ги применуваат принципите за безбедност и сигурност од бучава.

Автор: **Вилијам Вонг**
Издавач: Woodhead Publishing Limited, 2010 (прво издание)
Издавач МК: Европа 92 , 2012
ISBN 978-9989-838-38-5

## ФОРЕНЗИКА, ВОВЕД ВО НАУЧНИ И ИСТРАЖНИ...




**Форензика, вовед во научни и истражни техники** - Содржината е составена од седум дела: форензичка патологија и поврзани специјалности, проценка на местото на настанот, судска наука, форензичко инженерство, сајбер технологија, форензичка примена на социолошките науки и правни и етички прашања. Ова дело претставува обемен преглед на форензичката наука и дава широк преглед на основни теми со технички и научни детали.

Автор: **С. Х. Џејмс, Џ. Џ. Норби**
Издавач: CRC Press, 2005 (второ издание)
Издавач МК: Табернакул, 2009
ISBN 978-608-210-050-0

## ХЕМИЈА НА ЕКСПЛОЗИВИ



**Хемија на експлозиви** - Оваа книга дава преглед на историјата на експлозивите водејќи го читателот кон идните настани. Текстот за класификација на експлозивните материјали содржи голем број податоци за физичките параметри на примарните и на секундарните експлозиви. Книгата ги вклучува и поновите експлозивни состави, како што се: експлозивите со високи температури, нитрокубаните, енергетските полимери, пластификаторите и инертната муниција.

Автор: **Жаклин Акаван**
Издавач: The Royal Society of Chemistry, 2004 (второ издание)
Издавач МК: Ад Вербум, 2009
ISBN 978-608-65029-2-8

## ШВЕРЦ И ТРГОВИЈА СО ЛУЃЕ



**Шверц и трговија со луѓе: сите патишта водат кон Америка** - Содржината има девет поглавја: шверц на луѓе и нерегулирана миграција на популацијата, шверц на луѓе преку легални канали, игра со фалсификувани документи, шверц преку нелегални канали, сестрата Пинк, бизнисот и организација на шверцот со луѓе, трговија со жени и деца, стопирање: шверц на луѓе и тероризам и борба против шверцот со луѓе. Оваа книга го презентира начинот на кој се спроведува шверцот и ги истражува политичките предизвици во борбата со овој проблем.

Автор: **Шелдон С. Џанг**
Издавач: Praeger, 2007 (прво издание)
Издавач МК: Академски печат, 2009
ISBN 978-608-4563-32-7

## МАЛОЛЕТНИЧКА ДЕЛИКВЕНЦИЈА ...



**Малолетничка деликвенција – Социолошки пристап** - Оваа книга е составена од пет дела и е организирана во формат што го води читателот низ развој на редоследот на меѓусебно поврзаните димензии од проучувањето на малолетничката деликвенција: сообразност, причини, социјален контекст и социјална контрола. Секој дел почнува со кус вовед каде што се содржани основните социолошки концепти и идеи поврзани со основната тема на тој дел.

Автор: **Вилијам Е. Томпсон, Џек Е. Бинам**
Издавач: Pearson (осмо издание)
Издавач МК: Арс Ламина
ISBN 978-608-229-626-5

# Социјална политика

## АВТОПОЕЗА И КОГНИЦИЈА




Автор: **У. Р. Матурана и Ф. Х. Варела**
Издавач: Springer Netherlands, 1980 (прво издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-217-5

**Автопоеза и когниција: реализација на животот** - Содржи два дела. Првиот дел е насловен како - биологија на когницијата, а вториот – автопоеза: организација на живиот свет. Книгата се занимава со прашањата во врска со изградбата на систематската теоретска биологија која се обидува да ги дефинира живите системи не како предмет на набљудување и опис, ниту како системи на интеракција, туку како самосодржани системи кои единствено упатуваат кон самите себеси, односно се автореферентни.

## БОРБА ПРОТИВ НЕВРАБОТЕНОСТА



Автор: **Р. Лејард и Л. Калмфорс**
Издавач: Centre for European Policy Studies, 1987 (прво издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-047-8

**Борба против невработеноста** - Темата на оваа книга е за опстојувањето на високата невработеност во Европа. Во неа, всушност, станува збор за намалување на невработеноста во Европа, за флексибилноста на пазарот на трудот и работните места, хистереза, и за поделба на работата.

## ГРАНИЦИТЕ НА СОЦИЈАЛНАТА ПОЛИТИКА




Автор: **Нејтан Глејзер**
Издавач: Harward College Press, 1988
Издавач МК: Просветно дело, 2009
ISBN 978-9989-0-0943-3

**Границите на социјалната политика** - Многу социјални политики од 60-тите и 70-тите години од минатиот век, кои биле наменети да ја совладаат сиромаштијата и да обезбедат достоен минимален животен стандард за сите Американци, наишле на проблеми во 80-тите години – со политичарите, со социјалните научници и со американскиот народ. Нејтан Глејзер е водечки аналитичар и критичар на тие мерки. Обемното знаење и вештината на авторот се извор на совети, идеи и инспирација за граѓаните и за креаторите на политика.

## ДЕТЕТО, СЕМЕЈСТВОТО И ДРЖАВАТА




Автор: **С. Македо и И. Мерион**
Издавач: New York University Press, 2003 (прво издание)
Издавач МК: Табернакул, 2008
ISBN 978-608-2100-005-0

**Детето, семејството и државата** - Во оваа книга станува збор за посвојување, за образованието на децата и за родителскиот авторитет. Во неа се говори и за семејства од истиот пол и за државјанство како право по раѓање.

## ЕКОНОМИЈА НА РОДОВИТЕ




Автор: **Џојс П. Џејкобсен**
Издавач: Wiley-Blackwell, 2007 (трето издание)
Издавач МК: Академски печат, 2010
ISBN 978-608-4563-77-8

**Економија на родовите** - Книгата содржи пет дела. Во првиот се обработува прашањето кои се проблемите во економијата на родовите, во вториот зошто мажите и жените работат, третиот дел е загатка на заработувачката: зошто жените заработуваат помалку од мажите, четврти дел се меѓуопштетствени споредби: дали родовите разлики се насекаде исти и петтиот дел е историска поделба: како родовите разлики варираат со текот на времето.

## ЗАВИСНОСТ: ОД БИОЛОГИЈА ДО ПОЛИТИКА...




Автор: **д-р Аврам Голдстајн**
Издавач: Oxford University Press, 2001
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-4535-92-8

**Зависност: од биологија до политика за дрогата** - Книгата се занимава со прашањето дали има нови наоди од истражувањето или нови политички случувања кои на некој фундаментален начин го менуваат нашето разбирање за зависноста или за политиката за дрога. Содржи три дела - првиот се однесува на дрогата и мозокот, вториот на дрогата и зависниците, а третиот на дрогата и општеството.

## ПИЕЊЕТО КАКО ПРОБЛЕМ



**Пиењето како проблем** - Оваа книга е напишана за широк спектар на луѓе со професионален интерес за проблемите врзани за алкохолот. Има цел да ги опише и да ги сумира важните промени што се случуваат во тек на изминатите 25 години во научното разбирање на проблемот со пиењето. Аргументот на книгата е дека на пиењето како проблем не е најдобро да се гледа како на болест, туку како на научено нарушување на однесувањето.

Автор: **Ник Хедер и Ијан Робертсон**
Издавач: Oxford University Press, 1997
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-4535-71-3

## ПРАВО НА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ



**Право на социјално осигурување** – Книгата е составена од два дела. Прв дел е францускиот систем на социјалното осигурување, а втор дел системите на социјалното осигурување. Книгата дава објаснувања за францускиот систем на социјалното осигурување, неговата архитектура, заштита во рамките на општиот систем, административна организација и финансиска организација на општиот систем.

Автор: **Жан Пјер Лаборд**
Издавач: Presses Univeritaires de France, 2005
Издавач МК: Арс Ламина, 2011
ISBN 978-608-229-027-0

## ПРИРАЧНИК ЗА КОМПАРАТИВНИ СОЦИЈАЛНИ...



**Прирачник за компаративни социјални политики** - Книгата има пет дела. Првиот дел е наменет за државата и социјалните политики во светот на глобализацијата, вториот за концепти и дефиниции, третиот за споредбата и категоризацијата на социјалните политики, обезбедувањето грижа и прераспределбата, четвртиот е процесот на истражување и петтиот дел се теми и прашања. Целта на оваа книга е да се проучи контекстот на компаративните социјални политики во менување.

Автор: **Патриша Кенет**
Издавач: Edward Elgar, 2006
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-350-9

## ПРОПАЃАЊЕТО НА СОЦИЈАЛНАТА ДРЖАВА



**Пропаѓањето на социјалната држава: демографија и глобализација** - Овој учебник овозможува интегрирана политичко–економска рамка за анализа на социјалната држава. Еднообразната рамка упатува на низа важни и меѓусебно поврзани теми - како влијаат стареењето, миграцијата и глобализацијата врз големината и изворите на финансирање на модерната социјална држава. Книгата покажува како се здружуваат демографијата и глобализацијата за да ја намалат големината на социјалната држава и да ги сменат даночните столбови.

Автор: **Асаф Разин и други**
Издавач: Massachusetts Institute of Technology, 2005
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-4535-87-4

384

## РАЗБИРАЊЕ НА СИРОМАШТИЈАТА



**Разбирање на сиромаштијата** - Во оваа книга се обработени теми за тоа што е сиромаштија, кој е сиромашен и кои се причините за сиромаштија. Потоа станува збор за дефинирање и мерење на сиромаштијата, за полот и сиромаштијата, расизмот и сиромаштијата, возраста и сиромаштијата, инвалидитетот и сиромаштијата. Во книгата се зборува и за политиката на социјална заштита и за други теми поврзани со оваа проблематика.

Автор: **Пит Алкок**
Издавач: Palgrave Macmillan Press, 2006 (трето издание)
Издавач МК: Магор, 2008
ISBN 978-9989-183-44-9

## РОДОВАТА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ЗЕМЈИТЕ ВО РАЗВОЈ



**Родовата интеграција во земјите во развој: критички осврт** - Авторите при изготвувањето на оваа книга биле советувани да се постават крајно критички кон начинот на кој се спроведува вклучувањето на родовата рамноправност во главните текови, политики и практики и кон вметнувањето на овој процес во организации кои се вклучени во развојниот процес, потоа да ја оценат разликата што ја создаде вклучувањето на родовата рамноправност во главните текови, политики и практики, како и да предложат начини за справување со предизвиците.

Автор: **Ф. Портер и К. Свитмен**
Издавач: Oxfam GB, 2005 (прво издание)
Издавач МК: Академски печат, 2009
ISBN 978-608-4563-06-8

## СИРОМАШТИЈА




**Сиромаштија** - Оваа книга се однесува на концептот на сиромаштијата. Онаму каде што е соодветно, направени се генерални коментари за дебатите околу причините и реакциите во однос на политиките.

Автор: **Листер Рут**
Издавач: Polity Press, 2004 (прво издание)
Издавач МК: Академски печат, 2009
ISBN 978-9989-172-80-9

## СИРОМАШТИЈАТА И СОЦИЈАЛНОТО...



**Сиромаштијата и социјалното исклучување во Британија: Милениумска анкета** - Книгата е составена од три дела: Прв дел: Принципи; Втор дел: Процеси и Трет дел: Луѓе. Анкетата за сиромаштија и социјално исклучување е единствен и сеопфатен извор на информации за опсегот и за природата на депривацијата во современа Британија. На крајот на милениумот, во сиромаштија живееле повеќе Британци отколку кога било порано во историјата на земјата.

Автор: **Кристина Пантацис и други**
Издавач: Policy Press, 2006 (прво издание)
Издавач МК: Академски печат, 2009
ISBN 978-608-4563-18-1

## СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА ВО ГЛОБАЛЕН КОНТЕКСТ




**Социјална заштита во глобален контекст** - Книгата е составена од три дела. Првиот дел е меѓународна социјална заштита, вториот е анализа на меѓународната социјална заштита и третиот е применета меѓународна социјална заштита. Оваа книга е напишана со цел конкретно да се пресретнат потребите на студентите од областа на меѓународната социјална заштита.

Автор: **Џејмс Миџли**
Издавач: Sage Productions, 1997
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-359-2

## СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА




**Социјална политика** - Во ова дело експертите –соработници ги испитуваат развојот, донесувањето и импликациите, како и социјалниот и економскиот контекст според кој се создава благосостојбата. Опфаќајќи ги сите главни проблеми, вклучувајќи го и притисокот врз системите за благосостојба по глобалната финансиска криза, ова издание е идеално четиво за сите студенти без разлика дали првпат се среќавате со оваа тема или само го проширувате вашето знаење.

Автор: **Џон Балдок и други**
Издавач: Oxford University Press, 2011 (четврто издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2013
ISBN 978-608-229-612-8

## СОЦИЈАЛНО ИСКЛУЧУВАЊЕ




**Социјално исклучување** - Книгата започнува со дискусија што значи социјално исклучување, потоа се разгледуваат примери и анализи за разбирањето на социјалното исклучување и завршува со објаснување на структурата.

Автор: **Џон Хилс и други**
Издавач: Oxford University Press, 2002 (прво издание)
Издавач МК: Академски печат, 2009
ISBN 978-9989-172-94-6

## ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА И СОЦИЈАЛНАТА РАБОТА



**Човековите права и социјалната работа: кон практиката базирана врз права** - Идеалите за човековите права се на врвот во практиката на современата социјална работа и на интернационалниот политички дискурс. Сепак, во последните години, со зголемената опасност од тероризам, почнавме да станувамe сведоци на ерозија на многу традиционални граѓански слободи. Со оглед на оваа поставеност, оваа книга ги надминува границите на конвенционалната правна рамка.

Автор: **Џим Ајф**
Издавач: Cambridge University Press, 2008 (прво издание)
Издавач МК: Академски печат, 2009
ISBN 978-9989-172-91-5

# Образование и спорт

## ВИЗУЕЛНИ МЕТОДИ ВО ОПШТЕСТВЕНИТЕ...



**Визуелни методи во општествените истражувања** - Целта на оваа книга е да понуди краток преглед на некои од начините на кои истражувачите од областа на општествените науки може да ги вклучат визуелните претстави во нивните истражувања. Содржината е поделена на седум поглавја: Читање слики; Соочување со визуелното; Материјален поглед; Истражувачки стратегии; Правење слики; Презентирање на истражувачките резултати и Перспективи на визуелното истражување.

Автор: **Маркус Банкс**
Издавач: SAGE Publications of London, 2001 (прво издание)
Издавач МК: Табернакул, 2009
ISBN 978-608-210-045-6

## ВОВЕДУВАЊЕ НА ЕТИКАТА ВО НАСТАВНАТА...



**Воведување на етиката во наставната програма на универзитетите: Теорија и пракса** - Книгата содржи три дела. Првиот е морална рамка, вториот предавање етика и третиот воведување на етиката во наставна програма. Оваа книга е наменета да обезбеди теоретска рамка за воведување на етиката во наставната програма.

Автор: **К. Дејвид Лисман**
Издавач: Preager, 1996
Издавач МК: Арс Ламина, 2013
ISBN 978-608-229-417-9

## ДИСКУСИЈАТА КАКО МЕТОД ВО НАСТАВАТА




**Дискусијата како метод во наставата: алатки и техники за демократија во училницата** - Книгата има цел да покаже начини на планирање, спроведување и оценување на дискусиите на часовите. Во неа се разработени повеќе теми - како дискусијата помага и ја оживува атмосферата во училницата, подготовка за дискусија, одржување на дискусијата преку прашања, дискусија во судир со полови разлики, одржување рамнотежа меѓу мислењата на студентите, одржување рамнотежа меѓу мислењата на професорите и слично.

Автор: **С. Д.Брукфилд и С. Прескил**
Издавач: John Wiley & Sons, Inc, 2005 (второ издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2013
ISBN 978-608-229-562-6

## МЕТОДИ НА ПСИХОЛОШКО ИСТРАЖУВАЊЕ




**Методи на психолошко истражување** - Во книгата е даден краток и основен вовед за методи на истражување во психологијата на релаксиран стил, средно ниво на детали и со богат микс на педагогија со цел да се охрабрат студентите од разни потекла и академска подготвеност и да им се помогне да се поврзат со материјалот.

Автор: **А. Н. Еванс и Б. Ј. Руни**
Издавач: Sage Publications, 2007 (прво издание)
Издавач МК: Европа 92 - Кочани, 2013
ISBN 978-9989-838-45-3

## НОВИ НАСОКИ: ЧИТАЊЕ, ПИШУВАЊЕ И...




**Нови насоки: читање, пишување и критичко мислење** - Содржината е составена од пет поглавја: меѓукултурна комуникација, образование, средства за масовно комуницирање и технологија, родови улоги и работа. Во книгата се наоѓаат најразновидни активности за читање, пишување и критичко мислење за наставниците.

Автор: **Питер С. Гарднер**
Издавач: Cambridge University Press, 2005 (второ издание)
Издавач МК: Европа 92, 2011
ISBN 9989-838-22-4

## ОДБРАНИ ДЕЛА ОД Л. С. ВИГОТСКИ (ТОМ 2)



**Одбрани дела од Л. С. Виготски, Том 2 Основи на дефектологијата (психологија на абнормалноста и тешкотии во учењето)** - Дефектологијата во традицијата на Советскиот Сојуз се занимава со абнормалната психологија, учење и она што се нарекува специјална едукација во Северна Америка. Овој том има три дела кои ги опфаќаат општите проблеми на дефектологијата; посебните проблеми на дефектологијата и прашањата кои се во првите редови во дефектологијата.

Автор: **Р. В. Рибер и А. Ц. Картон**
Издавач: Splinger US, 1993
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-411-7

## ПИШУВАЊЕ СО СМИСЛА




**Пишување со смисла: прирачник за истражување и пишување за студенти (инженерски и технички науки)** - Ова издание на книгата ги покажува постојаните трендови во технологијата кои ја поедноставуваат подготовката на документацијата, а дава и информации за плагијатот и негово избегнување, нов материјал за најдобро користење на софтверот, за подготовка на усна презентација, за користење и форматирање графика и видови документирање.

Автор: **М. Нортхеј и Џ. Џевински**
Издавач: Oxford Univesity Press, 2007 (второ издание)
Издавач МК: Arbëria Design, 2010
ISBN 978-9989866-96-8

## ПРИНЦИПИ НА ОБРАЗОВАНИЕТО ЗА БИЗНИС...




**Принципи на образованието за бизнис-маркетинг: водич за универзитетскиот наставно-научен кадар и креаторите на политики -** Оваа книга ја пополнува празнината која постоеше во науката за маркетинг за бизниси, имајќи предвид дека во моментот не постојат ресурси кои би им биле од помош на академскиот и на професионалниот кадар за маркетинг.

Автор: **Џ. Дејвид Лихтентал**
Издавач: Haworth Press, 2004 (прво издание)
Издавач МК: Арс Ламина, 2010
ISBN 978-608-4535-75-1

## ПРИРАЧНИК ЗА НАСТАВА ПО ПРИРОДНИ НАУКИ




**Прирачник за настава по природни науки: методи, вежби и упатства** - Книгата содржи пет дела. Прв дел – стекнување научна писменост, втор дел – научен начин на размислување, трет дел – научно толкување, четврти дел – научни вештини за решавање на проблемот и петти дел – научни вештини за истражување. Книгата нуди извори на информации, лекции, вежби и идеи за подобрување на наставата по физика, хемија, биологија и географија.

Автор: **Норман Хер**
Издавач: Jossey - Bass Teacher, 2008 (прво издание)
Издавач МК: Академски печат, 2011
ISBN 978-608-231-002-2

## ПРИРАЧНИК ЗА РАЗВОЈ И УЧЕЊЕ КАЈ ВОЗРАСНИ



**Прирачник за развој и учење кај возрасни** - Намената на оваа книга е за возрасните и нивниот развој и учење. Во неа е отворена дилемата -Дали развојот и учењето се надополнуваат едно со друго во зрелоста? Исто така, станува збор и за внатрешен систем во развојот и учењето кај возрасните, за највисоките достигнувања во развојот и учењето на возрасните, потоа за суштински контексти за учењето и за други теми.

Автор: **Карол Хоар**
Издавач: Oxford University Press, 2011 (второ издание)
Издавач МК: Европа 92, 2012
ISBN 978-9989-838-52-1

## СОЗДАВАЊЕ ДОБРИ ГРАЃАНИ



**Создавање добри граѓани: образованието и граѓанското општество** - Водечки мислители од различни области во оваа книга ја истражуваат врската меѓу здравата демократија и образованието. Соработниците разработуваат теми од религијата во јавниот живот до политички конфликт во плуралистичкото општество до проблеми на расната нееднаквост.

Автор: **Д. Равич и Џ. П. Витерити**
Издавач: University Press, 2003
Издавач МК: Арс Ламина, 2012
ISBN 978-608-229-295-3

## РАСТ, СОЗРЕВАЊЕ И ФИЗИЧКА АКТИВНОСТ




**Раст, созревање и физичка активност** - Студијата за растот, созревањето, физичката активност и изведбата се од централно значење за науката на спортот, физичкото образование, човечката биологија и биолошката антропологија. Голем дел од нормалната биолошка варијабилност во зрелата доба, како и ризикот од некои болести води потекло од опсегот што се протега од пренаталниот период и приближно првите две децении во животот. Сите овие аспекти се опфатени во пет обемни делови: пренатален раст и функционален развој; постнатален раст; функционален развој; биолошко созревање и влијателни фактори.

Автор: **Роберт М. Малина, Одед Бар-Ор**
Издавач: Human Kinetics
Издавач МК: Арс Ламина
ISBN 978-608-229-788-0

# Култура и уметност

## ЕТНОГРАФИЈА – ПРИНЦИПИ ВО ПРАКТИКА




**Етнографија: принципи во практика** - Книгата содржи десет поглавја во кои се разработени темите за тоа што е етнографија, истражувачки план, пристап, поврзаноста со областите, усно објаснување и улогата на интервјуто, документи и други артефакти, снимање и организирање податоци, процес на анализа, пишување етнографија и етика. Ова издание нуди систематски вовед во етнографските принципи и практика.

Автор: **М. Хамерсли и П. Аткинсон**
Издавач: Martyn Hammersley and Paul Atkinson, 2007 (трето издание)
Издавач МК: Нампрес, 2009
ISBN 978-9989-682-32-2

## БАХТИН И ВИЗУЕЛНАТА УМЕТНОСТ




**Бахтин и визуелната уметност** - Ова дело е прва книга со која се оценува релевантноста на идеите на Михаил Бахтин што се однесуваат на сликарството и на скулпторството. За првпат објавени во 60– тите години, написите на Бахтин го воведоа концептот на карневал и дијалог или дијалогизам, кои имаат значајно влијание врз различни области, како што се литературата и теоријата на литературата, филозофијата, теологијата, биологијата и психологијата.

Автор: **Дебора Џ. Хејнс**
Издавач: Cambridge University Press, 2008 (прво издание)
Издавач МК: Европа 92, 2012
ISBN 978-9989-838-28-6

## ВОВЕД ВО ФИЛМСКИ СТУДИИ




**Вовед во филмски студии** - Ова издание ги води студентите низ клучните прашања и концепти за филмските студии, го открива историскиот развој на филмот и не запознава со некои од клучните национални кинематографии. Тука е презентиран и спектар на теории и теоретичари, од формализам до феминизам, од Ајзенштајн до Делуз.

Автор: **Џил Нелмс**
Издавач: Routledge, 2007 (четврто издание)
Издавач МК: Нампрес, 2009
ISBN 978-9989-682-38-4

## ГРАДОТ И ДУШАТА



**Градот и душата: складност** - Ова е книга за градските планери, изведувачи и раководители на одделенијата на градските услуги. Исто така, е книга за психолози од секакви убедувања бидејќи градот е метафора за колективната психа. Градот е душата, во физичка форма, анимиран и кој зборува.

Автор: **Џејмс Хилман**
Издавач: Spring Publication, 2006 (прво издание)
Издавач МК: Нампрес, 2009
ISBN 978-9989-682-39-1

## ЖИВ ФОЛКЛОР




**Жив фолклор: вовед во проучувањето на луѓето и нивните традиции** - Содржи девет глави: фолклор, групи, традиција, ритуал, изведба, пристап кон интерпретацијата на фолклорот, теренска работа и етнографија, примери за фолклорни проекти и предлози за активности и проекти. Со оваа книга авторите сакаат да го доловат чувството на живост и непосредност на фолклорот и во секојдневието и за време на прослави и церемонии.

Автор: **М.Симс и М.Стивенс**
Издавач: Utah State University Press, 2005 (прво издание)
Издавач МК: Академски печат, 2010
ISBN 978-608-4563-70-9

## ИСТОРИИ НА МЕДИУМСКА УМЕТНОСТ



**Истории на медиумска уметност** - Дигиталната уметност стана водечка форма на современата уметност, но допрва треба да се здобие со одобрувањето на предоминантните културни институции; ретко е вклучена во колекционерски дејности и во изучување на историјата на уметноста или слични академски дисциплини. Во ова дело, водечки фигури се трудат да го изменат ова. Тие застапуваат поширок поглед на медиумската уметност, кој го поставуваат наспроти заднината на историјата на уметноста.

Автор: **Оливер Грау**
Издавач: The MIT Press, 2007 (прво издание)
Издавач МК: ГЕНЕКС Кочани, 2009
ISBN 9989-832-78-1

## ИСТОРИЈА НА МОДЕРНАТА УМЕТНОСТ




**Историја на модерната уметност: сликарство, скулптура, архитектура, фотографија** - Оваа книга е наменета за обичните читатели и за студентите по модерна уметност. Покрај тоа што претставува една широка аналитичка студија на модерната уметност и архитектура, книгата е смислена како речник во кој се вклучени многу фактички информации.

Автор: **Х. Х. Арнасон**
Издавач: Pearson Education, 2004
(петто издание)
Издавач МК: Нампрес, 2009
ISBN 978-9980-682-49-0

## ИСТОРИЈА НА СВЕТСКИОТ ТЕАТАР




**Историја на светскиот театар: од англиската реставрација до денес** - Оваа книга нуди разнобојно панорамско набљудување на развојот на светскиот театар од англиската реставрација до театрите на Третиот свет, од денешнината ја крева завесата на еден весел спектакл кој ќе го фасцинира и обичниот посетител на театарот и сериозниот студент. Со повеќе од 400 внимателно одбрани илустрации, овој том ја опфаќа интернационалната театарска сцена од разонодите на дворот на Стјуарт до денешните експериментални изведби.

Автор: **Фелиша Хардисон Лондре**
Издавач: New York Continuum, 1999
Издавач МК: Табернакул, 2009
ISBN 978-608-210-057-9

## ЈАВНИТЕ ЛИЧНОСТИ И ПРИВАТНИТЕ ИДЕНТИТЕТИ...



